УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
„КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ

ул. „Григор Прличев“, бр. 5, 1000 Скопје, Р Македонија
Централа: +389 2 3114 733 телефон/факс.: +389 2 3 222 225
Електронска адреса: kontakt@imj.ukim.edu.mk

Веб-страница: www.imj.ukim.edu.mk

МИНАТОТО НА ЈАЗИЧНИОТ СВЕТ – ДЕНЕС И УТРЕ

Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција
„Минатото на јазичниот свет – денес и утре“
одржана на 15 и на 16 ноември 2017 година
во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје

Скопје, 2018

Меѓународен организациски одбор на Конференцијата и меѓународен уредувачки одбор на Зборникот, 2017 година

н. сов./ред. проф. д-р Лидија ТАНТУРОВСКА (претседател на Одборот)
н. сов./ред. проф. д-р Елена ЈОВАНОВА-ГРУЈОВСКА
н. сов./ред. проф. д-р Катица ТРАЈКОВА (секретар)
н. сов./ред. проф. д-р Мери ЦУБАЛЕВСКА
н. сов./ред. проф. д-р Веселинка ЛАБРОСКА
в. н. сор./вонр. проф. д-р Мери ЈОСИФОВСКА
н. сор./доц. д-р Снежана ПЕТРОВА-ЏАМБАЗОВА

акад. Јан СОКОЛОВСКИ (Вроцлав)
проф. д-р Даринка ГОРТАН-ПРЕМК (Белград)
проф. д-р Иво ПРАЊКОВИЌ (Загреб)
проф. д-р Бранко ТОШОВИЌ (Грац)
проф. д-р Вера СМОЛЕ (Љубљана)
канд. д-р Наталија БОРОНИКОВА (Перм)
доц. д-р Станислав СТАНКОВИЌ (Косовска Митровица/Приштина/Белград)
д-р Борјана ПРОШЕВ-ОЛИВЕР (Загреб)

Почесни членови на Меѓународниот организациски одбор, 2017 година

н. сов. д-р Трајко СТАМАТОСКИ
н. сов. д-р Марија КОРОБАР-БЕЛЧЕВА
н. сов. д-р Мито АРГИРОВСКИ
н. сов. д-р Љубица СТАНКОВСКА
н. сов. д-р Димка МИТЕВА
н. сов. д-р Стоја ПОП-АТАНАСОВА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД МЕЃУНАРОДНАТА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МИНАТОТО НА ЈАЗИЧНИОТ СВЕТ – ДЕНЕС И УТРЕ“ ОДРЖАНА НА 15 И НА 16 НОЕМВРИ 2017 ГОДИНА ВО РАМКИТЕ НА „ОТВОРЕНИТЕ ДЕНОВИ“ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ

Зборникот е финансиран од Министерството за образование и наука при Владата на Република Македонија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

811.163.3(062)
811.163.3-115(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција “Минатото на јазичниот свет - денес и утре” (2017 ; Скопје)

Минатото на јазичниот свет - денес и утре : зборник на трудови од Меѓународната научна конференција “Минатото на јазичниот свет - денес и утре” одржана на 15 и на 16 ноември 2017 година, во Институтот за македонски јазик “Крсте Мисирков” - Скопје / [уредувачки одбор Лидија Тантуровска (главен уредник) ... и др.]. - Скопје : Институт за македонски јазик “Крсте Мисирков”, 2018. - 497, [9] стр. : илустр. ; 24 см

Трудови и на др. јазици. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-220-052-1

а) Македонски јазик - Собири б) Македонски јазик - Компаративни истражувања - Собири
COBISS.MK-ID 108656650

© Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 2018.

Сите права за ова издание се заштитени со закон. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатените и во електронските средства за јавно информирање или за друг вид јавна употреба или јавна изведба, без согласност на авторот или на издавачот.

МИНАТОТО НА ЈАЗИЧНИОТ СВЕТ – ДЕНЕС И УТРЕ

Меѓународната научна конференција
„Минатото на јазичниот свет – денес и утре“
(15 – 16 ноември 2017)

СОДРЖИНА

Предговор.....13

Лидија Аризанковска
УЛОГАТА НА ПРЕВЕДУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО АФИРМАЦИЈА
НА МАКЕДОНИСТИКАТА НА РЕЛАЦИЈА МАКЕДОНИЈА – СЛОВЕНИЈА
(АКТУЕЛНА СОСТОЈБА И ПЕРСПЕКТИВИ).....15

Елизабета Бандиловска
СЕМАНТИЧКО-ДЕРИВАЦИСКАТА СТРУКТУРА НА ОПИСНИТЕ
ПРИДАВКИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК.....25

Жарко С. Бошњаковић, Гордана Р. Штасни
ПЕРСОНАЛНЕ АТРИБУТИВНЕ ИМЕНИЦЕ МОТИВИСАНЕ
СОМАТИЗМИМА У МАКЕДОНСКОМ ЈЕЗИКУ.....31

Родна Величковска, Катерина Петровска-Кузманова
ФУНКЦИЈАТА НА ТЕКСТОТ ВО ЖЕНСКИТЕ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ
ВРЗ ПРИМЕРИ ОД ЛАЗАРСКИТЕ ПЕСНИ ВО МАКЕДОНИЈА.....47

Татјана Гочкова-Стојановска
ПРОМЕНА ВО НАСОКИТЕ НА ПСИХОЛИНВГИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА:
ПОГЛЕД КОН ЈАЗИЧНАТА ИДНИНА.....65

Лилјана Гушевска
МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ПРАКТИКАТА ВО ПРВАТА ДЕЦЕНИЈА
ПО КОДИФИКАЦИЈАТА (ВРЗ ОСНОВА НА АРХИВСКИТЕ МАТЕРИЈАЛИ
ОД ИЛИНДЕНСКИ СВЕДОШТВА).....69

Јасминка Делова-Силјанова
МАКЕДОНСКО-ЧЕШКИ ПРЕПЛЕТУВАЊА.....83

Олгица Додевска-Михајловска
СПОРЕДБЕНИТЕ ФРАЗЕОЛОГИЗМИ
ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК.....89

Васил Дрвошанов
ИЗРАЗУВАЊЕТО НА СЕМЕМАТА ’ГОЕН‘ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ.....93

Виолета Јанушева
КОН ДЕФИНИРАЊЕТО НА ПАРОНИМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК.....101

Елена Јованова-Грујовска, Елизабета Кузмановска
АНАЛИЗА НА ДИСКУРСОТ НА НОВИНАРИТЕ ВО ЕЛЕКТРОНСКИТЕ МЕДИУМИ (СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПРАВОПИСОТ И ПРАВОГОВОРОТ)...121

Мери Јосифовска
НОВИ ИМЕНУВАЊА ВО МАКЕДОНСКАТА ТОПОНИМИЈА.....129

Маќеј Кавка
КОНЦЕПТОТ НА НАРАТИВЕН ИДЕНТИТЕТ И НЕГОВАТА ПРИМЕНЛИВОСТ ВО АНАЛИЗАТА НА ЈАЗИКОТ НА БЕГАЛЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ПО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА.....135

Весна Костовска
ЗА СЛОЖЕНКИТЕ ВО МАКЕДОНСКОТО ЧЕТВОРОЕВАНГЕЛИЕ И НИВНИОТ СОВРЕМЕН ПРЕВОД ВО БИБЛИЈАТА.....139

Веселинка Лаброска
ОСОБЕНОСТИ НА НЕКОИ ЛЕКСИЧКИ МАРКЕРИ ЗА ЕВИДЕНЦИЈАЛНОСТ ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК.....147

Ѓорѓи Лазаревски
ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА СВ. МЕТОДИЈ ВО ЕЛВАНГЕН.....157

Лилјана Макаријоска
ЦРКОВНОСЛОВЕНСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО ДРАМСКИТЕ ТЕКСТОВИ НА БЛАГОЈА РИСТЕСКИ-ПЛАТНАР.....167

Јордана Марковић
ЛЕКСИКА ОДЕЋЕ И ОБУЋЕ У СРПСКОМ И МАКЕДОНСКОМ ЈЕЗИКУ У ИСТОРИЈСКОЈ ПЕРСПЕКТИВИ.....177

Димка Митева
МАКЕДОНСКИОТ ПРОСВЕТИТЕЛ НА XX ВЕК – ТОДОР ДИМИТРОВСКИ (1922 – 2000).....189

Витомир Митевски
ОД МАКЕДОНСКАТА ФИЛОСОФСКА ТЕРМИНОЛОГИЈА – ДОБЛЕСТ ИЛИ ДОБРОДЕТЕЛ?.....193

Виолета Николовска
СЕМАНТИЧКИТЕ КОМПОНЕНТИ НА ЛЕКСЕМАТА УБАВ.....197

Димитар Пандев
МАКЕДОНСКИОТ (ПРЕРОДБЕНСКИ) ЈАЗИК.....205

Блага Панева
ВЛИЈАНИЕТО ОД МИНАТОТО, ПРЕДИЗВИК ЗА ЈАЗИКОТ
СЕГА И ВО ИДНИНА.....209

Снежана Петрова-Џамбазова
ЗА УПОТРЕБАТА НА ОДДЕЛНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ
(СО ПРИМЕРИ ОД ТЕКСТОВИ ОД НОВИНАРСКИОТ ПОТСТИЛ).....215

Борјана Прошев-Оливер
КУЛТУРНАТА ПАРАДИГМА НА ПРЕВЕДУВАЊЕТО:
СТРАТЕГИИ И ПОСТАПКИ.....219

Јан Соколовски
ОД ПРОБЛЕМАТИКАТА НА ЗБОРООБРАЗУВАЊЕТО
НА ПРИДАВКИТЕ МОТИВИРАНИ ОД ПРЕДЛОШКИ ИЗРАЗИ
ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО ПОЛСКИОТ ЈАЗИК
(ВРЗ ФОНОТ НА ДРУГИ СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ).....227

Зоран Спасовски
НАСЛОЈКИ ВО МАКЕДОНСКАТА ТОПОНИМИЈА.....233

Станислав Станковиќ
ОПШТ ОСВРТ ВРЗ ВИТАЛНОСТА НА МАКЕДОНСКИТЕ
ПРЕСЕЛЕНИЧКИ ГОВОРИ ВО ЈУЖЕН БАНАТ.....243

Љубица Станковска
ЕТИМОЛОГИЈАТА НА НЕКОЛКУ ИМИЊА НА РАСЕЛЕНИ СЕЛА
НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА.....267

Фани Стефановска-Ристеска
ХОМОНИМИЈА И ПОЛИСЕМИЈА.....285

Еленка Стоевска-Денчова, Светлана Давкова-Ѓоргиева
ЗА НАЗИВИТЕ СЛАВА И ИМЕНДЕН ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК.....293

Вера Стојчевска-Антиќ
ОД БИБЛИЈА ДО НАРОДЕН ТЕКСТ.....303

Лидија Тантуровска
ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК.....309

Свето Тоевски
ПРОМЕНИТЕ ВО ЛИНГВАКУЛТУРИТЕ И НИВНИТЕ КОМПОНЕНТИ – ЈАЗИЦИТЕ И КУЛТУРИТЕ ВО СВЕТОТ ВО ГЛОБАЛНАТА ЕРА СО ОСВРТ НА МАКЕДОНСКАТА ЛИНГВАКУЛТУРА.....317

Катица Топлиска-Евроска
ЗА ПРОДУКТИВНОСТА НА НЕКОИ МОТИВИРАЧКИ ОСНОВИ ВО ОБЛАСТА ’ХРАНА‘.....335

Катица Трајкова
ЗА ИЛУМИНАЦИСКИТЕ СТИЛОВИ ВО МАКЕДОНСКИТЕ СРЕДНОВЕКОВНИ РАКОПИСИ.....339

Владимир Цветкоски
УСВОЈУВАЊЕ ГЛАГОЛСКИ ПАРАДИГМИ ОД СТРАНСКИ УЧЕНИЦИ.....349

Доца Цветкоска
„НА-ПРЕДМЕТОТ“ КАКО СПЕЦИФИЧЕН БЕЛЕГ НА ОХРИДСКИОТ ГОВОР.....363

Мери Цубалевска
ГРЦИЗМИТЕ ВО ВАТАШКИОТ МИНЕЈ.....369

Емине Шабани
СЕМАНТИЧКАТА ТИПОЛОГИЈА НА ФРАЗЕОЛОШКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО РОМАНОТ МАЈСТОРОТ И МАРГАРИТА НА МИХАИЛ БУЛГАКОВ.....379

***

Hadžem Hajdarević
BOSANSKI PISAC I NJEGOV MATERNJI JEZIK.....399

Jasmin Hodžić, Haris Ćatović,
ORTOEPSKA VRIJEDNOST IMENICA S REFLEKSOM DUGOG JATA U SAVREMENOM BOSANSKOM JEZIKU.....405

Alen Kalajdžija
UDIO KORPUSA ALHAMIJADO LITERATURE U PREDSTANDARDNOM PERIODU BOSANSKOG JEZIKA.....417

Aida Kršo
KRITERIJI KLASIFIKACIJE BALKANSKIH JEZIKA.....429

Iwona Łuczków
MIEDZY TRADYCJĄ A INNOWACJĄ, CZYLI WOKÓŁ PROBLEMÓW EKWIWALENCJI TERMINÓW GRAMATYCZNYCH (NA PRZYKŁADZIE WYBRANYCH JĘZYKÓW SŁOWIAŃSKICH).....435

Vera Smole
SMERNICE JEZIKOVNE POLITIKE REPUBLIKE SLOVENIJE – OB ZAKLJUČKU ENOLETNEGA CILJNEGA RAZISKOVALNEGA PROJEKTA.....443

Ljudmil Spasov
PREPJEV(I) PRERADOVIĆEVA PUTNIKA IZ PERA NAJZNAČANIJIH KULTURNIH DJELATNIKA MAKEDONIJE S POČETKA 20. STOLJEĆA –KRSTE MISIRKOVA I DIMITRIJE ČUPOVSKOG.....449

Maria Stryszewska
MACEDOŃSKIE PRZYMIOTNIKI ODRZECZOWNIKOWE Z SUFIKSEM -OB-/EB I ICH EKWIWALENTY W JĘZYKU POLSKIM.....465

Elżbieta Tyszkowska-Kasprzak
ABSURD LINGWISTYCZNY W TWÓRCZOŚCI DANIIŁA CHARMSA I ALEKSANDRA WWIEDIENSKIEGO.....471

Dijana Vlatković
OBRADA KULTURNOOBILJEŽENIH NATUKNICA U HRVATSKO-MAKEDONSKOME RJEČNIKU.....483

СПИСОК НА АВТОРИТЕ.....489

ПРЕДГОВОР

На 15 и на 16 ноември 2017 година се одржа Меѓународната научна конференција „Минатото на јазичниот свет – денес и утре“, која е втора конференција од ваков вид што се организира во рамките на „Отворените денови“ на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје.

Во темата на минатогодишната конференција се пронајдоа 67 референти од земјава и од странство.

Покрај колегите (19) од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, на Конференцијата се пријавија професори од десетина научни, високообразовни и други институции и тоа: од МАНУ, од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ, од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола, од Универзитетот на југоисточна Европа од Тетово, од Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ од Скопје, од научните институти – од Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ и од Институтот за национална историја, а имаше пријава и од Бирото за развој на образованието при Мниситерството за образование и наука на Република Македонија.

Колегите, еминентни професори од странство, беа од 7 земји (наредени по азбучен ред): од Босна и Херцеговина (6 професорки и професори), од Косово (1 професор), од Полска (5 професорки и професори), од Русија (1 професор), од Словенија (1 професорка), од Србија (5 професорки и професори), од Хрватска (2 професорки), односно од десетина градови (наредени по азбучен ред): Белград, Вроцлав, Грац, Загреб, Косовска Митровица, Љубљана, Нови Сад, Перм, Приштина, Сараево.

Во Програмата беа регистрирани 58 наслови на реферати, според чии апстракти може да се види разновидноста на интересот на учесниците. Меѓународниот организациски одбор се обиде да ги групира во три сесии, условно насловени: Сесија 1, Сесија 2 и Сесија 3, кои работеа два дена во просториите на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје. Од приложените реферати може да се забележи дека се обработени теми од граматиката на македонскиот јазик, од кои во некои е правена споредба со граматиките на други јазици; потоа, теми од лексикологијата и од фразеологијата на македонскиот јазик, од кои некои се контрастивни теми со словенски и со несловенски јазици; теми од историјата и од дијалектологијата на македонскиот јазик одделно и во споредба со други словенски и несловенски јазици; теми од социолингвистиката, психолингвистиката, теми со јазични прашања од преводот итн.

Особено ни беше чест што пред почетокот на работниот дел од Програмата беше промовиран „Хрватско-македонскиот речник“ од авторките Дијана Влатковиќ и проф. д-р Борјана Прошев-Оливер, од страна на професорките д-р Веселинка Лаброска и д-р Лидија Тантуровска (рецензентки на македонската колона од Речникот),

пред широкиот аудиториум, а во пристуство и на хрватската амбасадорка во Република Македонија – Н. Е. Даниела Баришиќ.

Сакаме да ја искажеме нашата голема благодарност до членовите на Меѓународниот организациски одбор и тоа до академикот Ј. Соколовски (Вроцлав) и до професорките и до професорите: д-р Д. Гортан-Премк (Белград), д-р И. Прањковиќ (Загреб), д-р Бр. Тошовиќ (Грац), д-р В. Смоле (Љубљана), д-р Н. Бороникова (Перм), д-р Ст. Станковиќ (К. Митровица/Приштина/Белград), д-р Б. Прошев-Оливер (Загреб), кои активно зедоа учество во подготовките на Меѓународната научна конференција „Минатото на јазичниот свет – денес и утре“ и во подготовките за излегувањето на истоименио Зборник.

Учеството на седумдесетина научни работници/еминентни професори зборува за еден солиден научен проект што успеаја да го организираат членовите од националниот тим на Меѓународниот организациски одбор, 2017 година (во состав од професорките: д-р Лидија Тантуровска, д-р Елена Јованова-Грујовска, д-р Катица Трајкова, д-р Мери Цубалевска, д-р Веселинка Лаброска, д-р Мери Јосифовска и д-р Снежана Петрова-Џамбазова, со морална поддршка од пензионираните професори и професорки: д-р Трајко Стаматоски, д-р Марија Коробар-Белчева, д-р Мито Аргировски, д-р Љубица Станковска, д-р Димка Митева и д-р Стоја Поп-Атанасова).

Покрај презентирањето на нови научни сознанија од македонистиката, од славистиката и од лингвистиката воопшто, имаше и богата научна дискусија, каде што можеа да се слушнат сопствени мислења, се разбира со единствена цел – за унапредување на науката за јазикот воопшто.

За печатење во Зборникот беа приложени 50 реферати од минатогодишната Меѓународна научна конференција „Минатото на јазичниот свет – денес и утре“ за што Меѓународниот организациски одбор им изразува срдечна благодарност на авторите.

Уредувачкиот одбор реши, од практични причини, да ги подреди прилозите во Зборникот според првата буква од презимето на авторите, по азбучен и по абецеден ред.

Забелешка: Сите прилози што се објавуваат во овој Зборник се рецензирани, но сепак, некои констатации, мислења и белешки во нив, Уредувачкиот одбор ги смета за сопствен став на авторите.

Скопје, септември 2018 година

Уредувачки одбор

UDC 821.163.3:811.163.6’255.4
UDC 821.163.6:811.163.3’255.4

Лидија АРИЗАНКОВСКА
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

УЛОГАТА НА ПРЕВЕДУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНИСТИКАТА НА РЕЛАЦИЈА МАКЕДОНИЈА – СЛОВЕНИЈА (АКТУЕЛНА СОСТОЈБА И ПЕРСПЕКТИВИ)

Апстракт: Целта е да се претстави преведувачката дејност, особено на книжевните преводи на релација Македонија – Словенија, искуствата низ времето, актуелната состојба и перспективите како еден од начините за афирмација на македонистиката во светот.

Клучни зборови: преведувачка дејност, книжевни преводи, преведување словенечки-македонски/македонски-словенечки, афирмација на македонистиката.

Преведувањето е креативна мисловна активност (Бабицкая и др., 2004, преземено од Голаков 2010) за која преведувачот треба да биде подготвен во секој поглед. Да се земе предвид видот на преводот во самиот чин на преведување претставува мал, но значаен дел од уметноста на преведувањето.

Кога станува збор за книжевно преведување, македонската традиција е доста богата и се врзува со создавањето на старословенскиот јазик, но од периодот на кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, 1944, оваа дејност се засилува токму поради потребата од меѓународната афирмација на стандардниот јазик, особено од 50-тите години, кога започнува литературниот плурализам, со што се постигнува и меѓународна афирмација со преводи на голем број јазици во светот, почнувајќи од класиците па сè до современите автори.

Во таа група се јавуваат и низа македонски преведувачи, кои, главно, потекнуваат од книжевната и академската фела (Блаже Конески, Александар Спасов, Георги Сталев Поповски, Бистрица Миркуловска, Гане Тодоровски, Матеја Матевски, Томе Арсовски и др.), на кои словенечката литература им е позната во рамките на јужнословенската, односно, како што во тоа време на заеднички општествен живот се нарекува: книжевност на народите на СФРЈ. Слична е ситуацијата и на словенечката страна, а како преведувачки од словенечки на македонски јазик се среќаваат имињата како: Иван Минати, Вено Тауфер и други, на јавноста познати, афирмирани писатели и професори.

Преведувањето се јавува како мост на меѓусебна заемна почит меѓу народите и нивните јазици и нивната култура, изразени токму преку преводите на делата на

народите кои живеат во таа заедница, во случајов меѓу Македонија и Словенија. Заедничкиот живот и блискоста на културите пренесени на јазикот на другиот народ претставуваат знак на заемна почит и осознавање на културата на другиот.

Овој развој главно го следи чекорот на литературните тенденции во југословенските простори сè до осамостојувањето на Република Македонија и на Република Словенија во 1991 година и се нарекува период на Современа македонска книжевност, односно Современа словенечка книжевност, кој трае сè до денес, период во кој се јавуваат многу плодни автори и преведувачи.

1. Каква е реалната ситуација во однос на преведувачката дејност во периодот од осамостојувањето на Република Македонија и Република Словенија?

1.1. Од осамостојувањето на Република Македонија до денес е засилена преведувачката дејност, барем квантитативно, што не значи дека во целост се работи за квалитетни преводи. Како и сè друго, така и преведувачката дејност е резултат на бројните општествено-политички промени со кои се зафатени државите како Македонија и Словенија, а се дел од глобалните процеси.

Целта на излагањето е да се разгледаат позитивните и негативните искуства во насока на подобрувањето на статусот на преведувачката дејност и статусот на преведувачот во општеството и да се види кои се перспективите во тој поглед како дел од афирмацијата на една култура надвор од сопствените граници, или, со други зборови, што направивме и што треба да направиме?

1.2. За таа цел, а особено кога станува збор за превод на литература од словенечки на македонски јазик, но и обратно, од македонски на словенечки јазик, се поставуваат неколку прашања?

- Колку државата е заинтересирана за превод на литература која во изминатиот период се чувствувала како блиска, односно домашна, а од осамостојувањето станува странска, односно туѓа?
- Кои фактори влијаат?
- Прашањето што значи квалитетен превод?
- Кои лица се јавуваат како преведувачи и што ги мотивира?
- Финансии
- Како државата ја поддржува преведувачката дејност, постојат ли фондови за поддршка?
- Во колкава мера придонесуваат студиските програми по словенечки јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје при УКИМ по одделни циклуси за развој на преведувачката дејност?
- Кој жанр се преведува и зошто?
- Кој одлучува која литература ќе се преведува?
- Дали постојат податоци за преведена литература?
- Статусот на преведувачот во општеството (дали секој може да биде преведувач, особено книжевен преведувач); како да се подобри состојбата во тој поглед; дали може да се зборува за професија преведувач?)

- Улогата на друштвата на книжевните преведувачи во тоа (од кога датираат и нивната активност)?
- Маркетингот, како еден од инструментите за поддршка на преведувачката дејност. Зошто токму словенечка литература би се преведувала и би се читала, и обратно македонска во Словенија?
- Дали се читаат само т.н. „бестселери“ и т.н. „лесна литература“?

Во тој контекст пренесуваме една од изјавите на словенечка страна:

„Prevajanje iz makedonščine v slovenščino se zadnje čase pojavlja tako v zasebnih kot tudi v političnih in poslovnih krogih. Sodelovanje med obema državama bivše Jugoslavije postaja vedno tesnejše in vedno bolj kakovostno, zato se tudi vedno bolj pojavlja potreba poprevajanju med jezikoma. Morda prevajanje iz makedonščine v slovenščino ni tako pogosto kot obratno, a je lahko zato še toliko bolj zahtevno za prevajalce, saj vaja dela mojstra.“ /info@pravo-prevajanje.si/преземено на 5 ноември 2017/

2. Кои се перспективите, односно, што треба да се направи (позитивни и негативни искуства) во насока на подобрувањето на статусот на преведувачката дејност и статусот на преведувачот во општеството?

„Подобрувањето на положбата на преведувачите и на толкувачите и решавањето на проблемите во преведувачката индустрија, но и создавањето можности за нивна постојана надградба се клучни за евроинтеграциските процеси на Република Македонија“ е еден од заклучоците што може да се извлечат од излагањето на членките на основачкиот одбор на Здружението на преведувачи и толкувачи на Македонија (ЗПРМ),на конференцијата *Европската Унија во XXI век: предизвици и перспективи,* во организација на Македонскиот институт за европски студии и Правниот факултет „Јустинијан I“ од Скопје. /http://mata.mk/mk/2014/05/12/

2.1. Здружението на преведувачи и толкувачи на Македонија (ЗПРМ) е професионално здружение основано во декември 2010 година, во согласност со Законот за граѓански здруженија и фондации, од страна на 10 угледни слободни преведувачи и толкувачи и професори.

Идејата е да се здружат книжевните преведувачи, преводот да помине низ редакција. Лекторите се слабо платени и не се ангажираат, издавачите сакаат евтино да поминат, преводот е „за вчера“, цената е минимално ниска, издавачите сакаат да ги „изнајмат“ „најдобрите“, но минимален да е надоместот за тоа. /https://www.youtube.com/watch?v=zETagV662v4, Дијалози, 10 јуни 2014/.

2.1.1. Што се однесува до Сојузот на литературни преведувачи на РМ, можеме да кажеме дека постои од 1957/58. Неговите активности се сведуваат, главно, на организирање дебати и трибини, како и доделување награди за најдобри книжевни преводи. Сите преведувачи не се членови на Сојузот.

2.1.2. Во однос на изборот на литература која се преведува, историјата покажува дека порано сè што било во наставните програми за учениците во основните и средните училишта се преведувало подеднакво на целата територија на СФРЈ, сè до осамостојувањето на Република Македонија, додека сега не. Сега се преведува, главно,

афирмирана литература во ЕУ. Издавачите остваруваат личен контакт со агенциите за финансирање и со преведувачите и преведувањето станува бизнис.

2.2. Во Република Словенија Друштвото на словенечки книжевни преведувачи претставува здружение на книжевни преведувачи, кое се залага за интересите на книжевните преведувачи и за подобрувањето на преведувачката дејност во Словенија. Има околу 250 членови и секоја година ја доделува Совретовата награда за млад книжевен преведувач, како и Лавриновата диплома, која претставува признание за преведувачки опус од областа на посредувањето на словенечката книжевност на другите народи. Основано е 1953, најпрво како Друштво на преведувачите на Словенија, за подоцна да се покаже потребата од изделување на едно посебно Друштво на стручни преведувачи (подоцна именувано како: Друштво на научни и технички преведувачи). Друштвото на преведувачите, пак, се преименува во Друштво на книжевните преведувачи на Словенија, односно Друштво на словенечките книжевни преведувачи денес.

Кои се неговите цели? Да се грижи за подигнување на нивото на преведувачката работа, како и за самата професија, за обезбедување на подобри работни услови на книжевните преведувачи, како и за нивната надградба од теоретски, историски, социјален и практичен аспект. Целите ги остварува преку организирањето литературни вечери и дебати, стручни средби, предавања и советувања, како и со поттикнувањето студиски престои. Остварува соработка со други културни, образовни и стручни организации и установи во Словенија и во странство; издава свое списание Hieronymus, како и публикации од областа на преведувањето. Доделува награди и е зачленето во Европскиот совет на здруженија на книжевни преведувачи (CEATL-Conseil Européen des Associations de Traducteurs Littéraires)./https://sl.wikipedia.org/wiki/Društvo_slovenskih_književnih_prevajalcev/

2.2.1. Изнесуваме неколку ставови од преведувачи, од коишто голем дел се и книжевни критичари, како и универзитетски професори.

Да се преведе толкав обем на книжевни дела на некои генерации им требало децении, а ние сакаме сè одеднаш да направиме, сметаат некои од искусните македонски преведувачи, мислејќи на проектот „Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија“; како и проектот „Превод на антологии на македонската книжевност на шест странски јазици“, во реализација на Владата на РМ и Министерството за култура. Во проектот посветен на македонската книжевност, како што објавуваат медиумите, се работи за сублимиран приказ на репрезентативен избор од најдоброто од македонските литературни дела кои интегрално беа објавени во едицијата „135 тома македонска книжевност“, а потоа во целост преведени и на англиски јазик. Антологиите на дела од поезија, роман, расказ, драма, есеј, книжевна критика и литература за деца, се објавуваат на француски, германски, шпански, руски, арапски и на кинески јазик./http://vesti.mk/read/news/5920670/2234563/

Потребно е проектирање што треба да се преведе и да се пласира надвор, со цел афирмација на културата. Љубица Арсовска смета дека преведувачите и издавачките куќи реализацијата најчесто ја остваруваат преку личен контакт.

Квалитетот на преведените дела варира, а тоа зависи и од издавачката куќа.

Тие сметаат дека е добро да се јават странски издавачи (или соиздавачи), со тоа се дава поголема тежина на преведеното дело. Да се направат„совршени преводи“ дома и да се бараат соиздавачи од надвор, ако зборуваме за квалитетни преводи.

Кога станува збор за преведено дело, се поставува прашањето дали преводот остварува комуникативна функција, бидејќи преведувачот е посредник на таа интеркултурна, интервременска и интерпросторна комуникација.

Добар превод е тој што не го забележувате, ако нешто не ви оди, тогаш не е добар.

Преведувањето како процес претставува тимска работа, но најважен е преведувачот, да се најде вистинскиот за текстот кој треба да се преведе.

За вистинска афирмација важно е да се избере вистински автор.

Потребно е да се одреди целната група која ќе го „консумира“ делото што се преведува.

2.3. Од осамостојувањето до денес е засилена преведувачката дејност (квантитативно), но денешните преводи се далеку од она што очекуваме и посакуваме да биде, смета Зорица Николовска (http://vesti.mk/read/news/5920670/2234563). Кои се причините? Опкружувањето, условите, кусиот временски период за мал финансиски надомест.

2.3.1. Квалитетен превод значи тимска работа. Покрај улогата на преведувачот, кој зад себе треба да има одличен „бекграунд“, кој е резултат пред сè на извонредна културна надградба, важна е и улогата на лекторот, како и на издавачот, кој го прави изборот (а повеќе фактори влијаат на тоа).

Преведувачот е мајсторот (ако е добар, делото е добро). Самиот се јавува во улога на автор. Понекогаш се чини дека преведувачите се повеќе платени од авторите, е на мислење дел од јавноста. Дали е тоа така? Преведувач на различен јазик, а на исто дело, е различно платен.

2.3.2. На прашањето дали да се прави превод од превод, најчесто одговорот е не.

2.3.3. Кои се предизвиците при преведувањето?

Пред сè културниот контекст како предизвик. Треба да се навлезе во културниот контекст за да се добие квалитетен превод, а тоа не се постигнува преку ноќ, смета Анчевски. Преведувањето не е професија, бидејќи не може да се опстане од преведувачката дејност, како и од професијата автор/писател, особено не во култура која е распослана на овој простор.

2.3.4. Дали преведувањето е професија?

2.4. Мал придонес кон овој прилог е и анкетата направена меѓу читатели во Македонија. (в. Прилог 1)

Прилог 1. АНКЕТА

Возраст на учесникот во анкетата _____

Професија _____

Подвлечете еден од понудените одговори или дополнете:

1. Дали читате странска литература во превод на македонски јазик?
   Да Не

2. Преферирате да читате литература во:
   печатена форма електронска форма

3. Дали сте имале можност досега да прочитате словенечка литература во превод на македонски јазик/македонска литература во превод на словенечки јазик?
   Да Не

4. Наведете еден словенечки автор, чиешто литературно дело сте имале можност да го прочитате во превод на македонски јазик/македонски автор во превод на словенечки.
   _____

5. Какво е вашето познавање на словенечката литература и култура/на македонската литература и култура?
   слабо добро одлично

6. За словенечкиот /македонскиот јазик, литература и култура имате сознание од:
   училиште медиуми
   од меѓусебен контакт со Словенци/Македонци немам сознание

7. Претпочитате да читате:
   литература во оригинал преведена литература

8. Ако треба да бирате која литература би ја читале, би избрале превод од:
   англиски словенечки српски хрватски руски друг јазик

9. На вашиот избор на литература што ќе ја читате најмногу влијаат:
   медиумите кругот на пријатели никој, по сопствен избор

10. Претпочитате да читате:
    проза поезија

11. Од преведена литература претпочитате да читате:
    романи расказипоезија

12. Според вас, што е најтешко да се преведе:
    роман расказ поезија

13. Што значи според вас добар превод?
    _____

14. Што значи според вас добар преведувач?
    _____

15. Дали сметате дека државата изделува доволно средства за превод на литература?
    Да Не

16. Дали сте информирани за изданијата во превод на македонски/на словенечки јазик?
    Да Не

17. Дали во Македонија има добри преводи?
    Да Не Делумно

18. Дали ви е познато дека постои здружение на преведувачи и толкувачи на РМ?
    Да Не

19. Дали сметате дека преведувањето во Македонија е професија од која може да се живее?
    Да Не

20. Дали сметате дека преведувачката дејност, особено преводот на книжевни дела е еден од најдобрите начини за афирмација на јазикот, литературата и културата на еден народ.
    Да Не

21. Наведете неколку предлози со кои би ја подобриле ситуацијата во однос на преведувачката дејност и статусот на преведувачите во Македонија.
    _____

2.4.1. Анализа на анкетниот прашалник

Во анкетата учествуваа вкупно 44 учесници. Учесниците во анкетата се ученици од I–IV година од гимназијата СОУ „Кочо Рацин“ во Свети Николе, студенти од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, студенти од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, машински инженери, библиотекари и доктори по општа медицина.

Помладата генерација, па дури и средната генерација е помалку информирана за словенечката литература (истражувањето на словенечка страна го покажа истото). Причината за тоа е неприсуството на словенечки автори во наставните програми за основно и средно образование, како и на македонски автори во наставните програми на словенечка страна. Единствено студентите, особено оние кои студираат на Филолошкиот, односно Филозофскиот факултет знаат нешто повеќе. Читаат малку, и тоа главно преводи од англиски, повеќе во печатена одошто во електронска форма, читаат главно т.н. „бестселери“, што покажува дека маркетингот, односно пропагандата има важна улога, а сето тоа е воедно и дел од т.н. „помодарство“, односно следењето на трендовите или со други зборови да се биде „ин“; или пак воопшто не читаат. Не се ни интересираат многу за литературата, едноставно, само ги прифаќаат информациите онака како што медиумски им се сервираат. Ова ја покажува и важноста на наставниот кадар во пренесувањето на информациите и давањето насоки во интелектуалната надградба на една личност, што секако, подразбира, ако не повеќе, осознавање на сопствената литература и литературата на најблиските народи, а тоа се јужнословенските. Познавањето на сопствената литература е исто така важно во личната афирмација на истата, као и во следењето на активностите на преведувачки план, што е дел од нашата свест и, секако, почитта на сопствениот јазик, литература и култура, кои нашле свое место и во другите култури, изразени преку преведувачката дејност. Оваа генерација не може ниту да појасни што значи добар преведувач.

Повозрасната генерација, пак, сè уште се сеќава на словенечките класици, Прешерн и Цанкар и за словенечката литература и култура знаат од она што го учеле на училиште. Слична е ситуацијата и во Словенија. Една од анкетираните е по професија библиотекарка и вели дека нема ниту листа на преведена литература од словенечки јазик (во тој поглед на словенечката страна ситуацијата е многу подобра); што се однесува до посетеноста на библиотеките, сè помал е бројот на зачленети, особено од помладата генерација. Повеќето од анкетираните се информирани за преводите од англиски јазик, за преводот на македонска литература на други јазици, пак, воопшто.

Во однос на предлозите, средната и повозрасната генерација предлагаат словенечките автори повторно да се најдат во наставните програми, како и македонските во словенечките, и со тоа учениците да се запознаат повеќе со словенечката литература, односно со македонската, како и со обете култури, како дел од јужнословенските, онака како што е тоа засега со светската литература и јазици.

И на крајот, секако, не може да ја изоставиме и моќта на пропагандата во улога на афирмација на јазикот, литературата и културата.

3. Заклучок

Преводите, односно преведувачите им овозможуваат на припадниците на различни култури да се разбираат и да комуницираат меѓу себе. Оттука, се потврдува ставот дека добар преведувач не треба да ги познава само јазиците, туку и културните и социјалните карактеристики.

Преводите овозможуваат почеток, развој и збогатување на книжевностите.Тие ги збогатуваат јазиците, а ја будат и креативноста кај авторите и преведувачите. Преводите влијаат и врз националниот идентитет и самосвест. Може да се каже дека претставуваат еден вид временска машина која нѐ враќа во далечното минато преку преводи на светски познати дела и ни овозможуваат да sирнеме во идинината преку превод на најсовремената литература. Ни овоможуваат патување околу светот и патување низ времето запознавајќи далечни јазици, култури и литератури. Едноставно, преводите овозможуваат единство на целиот човеков род и всушност претставуваат најцврст доказ за историјата и постоењето на нациите, културите и јазиците.

Литература

Аризанковска Лидија. 2007. „Проблеми при преведувањето од македонски на словенечки јазик“, *Зборник од XXXIII Меѓународна научна коференција при меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* (Охрид, 2006), Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 57−68.

Арсова-Николиќ Лидија. 1999. *Преведување и практика*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Бабицкая Л. Б., Хромова Т. В. 2004. *Учебно-методический комплекс по теории и практике перевода и учебной языковой практике*. Минск.

Baker Mona. 1992. *In other words: A course book on translation*. London: Routledge.

Venuti, Lawrence. 1998. *Strategies of translation*. Преку: M. Baker (Ed.), Encyclopedia of translation studies (240-244). London and New York: Routledge.

Vinay J. Paul & Darbelnet Jean. 2000. *A methodology for translation* (J. C.Sager& M.-J.Hamel, Trans.)

Leppihalme Ritva. 1997. *Culture Bumps: An Empirical Approach to the Translation of Allusions*. Multilingual Matters. 78-132.

https://eprints.ugd.edu.mk/2072/1/Костадин Голаков – Зборник 2010.pdf

/http://mata.mk/mk/2014/05/12/

/info@pravo-prevajanje.si/

/https://sl.wikipedia.org/wiki/Društvo_slovenskih_književnih_prevajalcev/

http://vesti.mk/read/news/5920670/2234563

Извор

https://www.youtube.com/watch?v=zETagV662v4

UDC 811.163.3’367.623.3

Елизабета БАНДИЛОВСКА
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

СЕМАНТИЧКО-ДЕРИВАЦИСКАТА СТРУКТУРА НА ОПИСНИТЕ ПРИДАВКИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Корпусот на описните придавки во македонскиот јазик го сочинуваат помал дел прости, неизведени описни придавки и многу поголем дел изведени, мотивирани придавки, добиени по пат на семантичко варирање – деривација и полисемија. Изведените описни придавки привлекуваат внимание со својата семантичка разновидност во однос на мотивацијата и во однос на оформувањето на значенската интерпретација, односно со неможноста морфолошкото врзување на еден суфикс со една зборообразувачка основа да резултира со една иста семантичка парафраза (спореди: зимно време, зимна облека, зимни посеви). Ова значи дека семантичката идентификација на изведената описна придавка во голема мера зависи од семантичкиот карактер на именката покрај која стои како нејзина определба, што укажува на фактот дека описната придавка семантички се конкретизира во рамките на именската група со воспоставување различни контекстуални врски и во зависност од семантичко-синтаксичката функција што ја врши во реченицата. Предмет на наш интерес се именките како мотивирачка основа за изведување описни придавки што се образувани со суфиксите: **-ест/-ен/-лив/-ав/-овит/-лија**, а одговараат на семантичката парафраза: што личи, покажува сличност со тоа што е именувано со мотивирачката именка.

Клучни зборови: именување, мотивација, сличност, семантичка парафраза.

Корпусот на описните придавки во македонскиот јазик го сочинуваат помал дел прости, неизведени описни придавки и многу поголем дел изведени, мотивирани придавки добиени по пат на семантичко варирање – деривација и полисемија. Изведените описни придавки привлекуваат внимание со својата семантичка разновидност во однос на мотивацијата и во однос на оформувањето на значенската интерпретација, односно со неможноста морфолошкото врзување на еден суфикс со една зборообразувачка основа да резултира со една иста семантичка парафраза (на пример: зимно време, зимна облека, зимни посеви*; о*гнена стихија, огнен блесок, огнени очи). Ова значи дека семантичката идентификација на изведената описна придавка во голема мера зависи од семантичкиот карактер на именката покрај која стои како нејзина определба, што укажува на фактот дека описната придавка семантички се конкретизира во рамките на именската група со воспоставување различни контекстуални врски и во зависност од семантичко-синтаксичката функција

што ја врши во реченицата. На ваков начин можат да се анализираат придавките изведени од: именки, придавки, глаголи и од други зборовни групи, врз основа на препознатливите внатрешни и/или надворешни признаци, најчесто постојани, кои се јавуваат како резултат на воспоставената семантичка врска меѓу двата номинативни поими и кои преминуваат од мотивирачката основа во мотивираниот збор. Исто така, вака изведените описни придавки можат да се групираат според семантичката ознака што се добива како резултат на значенското спојување на одделен суфикс со одделна зборообразувачка основа и притоа да се дефинира семантичката парафраза за колку што е можно повеќе носители на квалификативната семантичка вредност. И, врз основа на веќе изделените општи значења на изведените описни придавки според нивната семантичка структура, да се определи нивната припадност кон определена значенска димензија.

Како модел за една ваква семантичко-дериваciска анализа ја земаме анализата на описните придавки изведени од именки со суфиксот **-ест** за кои како типична или препознатлива се јавува семантичката парафраза – што личи, *што покажува сличност со тоа што е именувано со мотивирачката именка:*

аглест, бадемест, брадавичест, брадест, браздест, брашнест, бумбарест, видрест, виличест, воздушест, волнест, вретенест, главест, гроздест, детинест, дрвенест, ѓерданест, жлездест, забест, зајчест, зебрест, златест, змиест, зрнест, ѕвездест, ѕвончест, инчест, јаболчест, јагодест, јазичест, јајчест, кадифест, канџест, кашест, класест, клопчест, клунест, кожест, копјест, коренест, костурест, крушест, кукест, куклест, ластарест, лисест, лопатест, мајмунест, мрежест, нокшест, опашест, орлест, пенест, прстенест, сабјест, срцест, топчест, чорбест, штрклест; бисерен, верижен, виорен, восочен, гробен, железен, златен, кружен, метален, молскавичен, огнен, свилен, сребрен, челичен; бранлив, восоклив, зоблив, костенлив, криклив; ветерничав, ветричав, виуличав, гасеничав, кашав, крастав, крвав, лелекав, пепелав; брановит, гасовит, жаровит, круговит; бурмалија.

Како што веќе споменавме, во семантичката структура на овие деноминални придавки се среќава признакот на поседување сличност според нешто со тоа што е именувано со именката од основата, на пример: што личи, што има форма на бадем = бадемест; што има форма на бумбар = бумбарест*; што личи на волна = волнест; што* е како грозд = гроздест*; што* е како зебра = зебрест*; што* има форма на јазик = јазичест*; што* е како кадифе = кадифест*; што* има форма, што личи на клун = клунест*; што* е како костур = костурест*; што* личи на мрежа = мрежест*; што* личи на опашка = опашест. Како примарен суфикс за покривање на значенската димензија на сличноста се јавува мошне продуктивниот суфикс –ест, чија продукција се должи на фактот што не само во процесот на номинацијата т.е. именувањата што ги прави човекот во своето опкружување, туку и во опишувањето на поимите и на предметите од опкружувањето како најлесно, најбрзо и најприфатливо средство го користи именувањето според сличноста на нешто што е веќе познато и општоприфатено од страна на јазичниот колектив. Како потврда на овој факт се надоврзува и мислењето

на Б. Марков (1988: 78) дека во македонскиот јазик од секоја именка е можно да се изведе придавка со суфиксот -ест. Појавувањето на признакот на сличноста и на дефинирањето на сличноста во помал или во поголем степен зависат од воспоставената врска меѓу именката што се јавува како мотивирачка основа и зборообразувачкиот формант, а продуцираното семантичко значење може да се разликува во мали, но сепак забележливи структурни елементи. И токму тие семантички елементи го означуваат степенот на сличноста и блискоста во поврзувањето, според општите асоцијативни врски, кои, всушност, и ја предизвикуваат оваа состојба на различности. Речничките дефиниции на придавките, кои го имаат признакот на сличност, покажуваат постоење или присуство на три блиски, но не сосема исти семантички парафрази што се разликуваат според степенот на асоцијативното доживување на сличноста од аспект на говорителот: 1. што има форма, облик на мотивирачката именка; 2. што личи, наликува на мотивирачката именка; 3. што е како мотивирачката именка. Во првиот случај што има форма, облик на мотивирачката именка, семантичката реализација се остварува според сличноста во формата или обликот, односно според надворешниот изглед на именуваниот поим: бумбаресто лице, зрачеста светлина, ѕвончесто здолниште, крушести плодови, прстенести црви. Во вториот случај, што личи, наликува на мотивирачката именка, имаме семантичка реализација според визуелниот впечаток што го создава врз нас именуваниот поим, односно врз основа на нашето асоцијативно доживување на поимот: брадест корен, копјеста ограда, мајмунест човек, мрежести чорапи, опашеста ѕвезда. Третиот случај, што е како мотивирачката именка, претставува семантичка реализација според особините или постапките што се карактеристични за именуваниот поим и кои ни помагаат за полесно дефинирање на новиот поим во процесот на конкретизацијата, односно се работи за споредба заснована врз одделни физички или психички белези на поимот, кои се издвојуваат како единствени, посебни својства способни да предизвикаат нова јазична номинација токму врз основа на нивната посебност: воздушест снег, гроздести цветови, детинесто однесување, златеста коса, кадифест мов, куклесто лице, прашеста материја. Во сите три случаи, ваквите семантички реализации секогаш се јавуваат како резултат на метафора. Како мотивирачки основи за изведување на оваа група деноминални придавки се јавуваат: 1. именки што означуваат животни и растенија и 2. именки што означуваат предмети и поими од секојдневниот живот. Изведените описни придавки, кои, според мотивирачката основа, ѝ припаѓаат на првата група, располагаат со семантичка структура, која од основата го презема само оној дел што може да се искористи за именување врз основа на својствата или особините што ги поседуваат животните или растенијата и кои се карактеристични за нив, па на тој начин стануваат карактеристично обележје и за самиот поим. Во процесот на јазичната идентификација појавената сличност со животното или со растението се изразува според некој надворешен дел, внатрешна особина или начин на однесување и може да биде карактеристично обележје не само за човекот, туку и за некој предмет или друг поим, на пример: дрвенесто е тоа што е тврдо како дрво, ластарест го нарекуваме тој што е висок и слаб како ластар, лисест е човекот чија

брада или коса е со црвеникава боја како на лисица, зрнесто е што е во облик на зрна, полжавесто е што има форма или особини на полжав. Изведените описни придавки, кои според мотивирачката основа ѝ припаѓаат на втората група, именувањето во процесот на јазичната идентификација го остваруваат врз основа на сличноста според надворешниот изглед, обично формата или бојата, на пример, брашнест = што личи или што е како брашно, јајчест = што има форма на јајце, коцкест = што има облик на коцка, маслинест = што има боја на маслинка, пенест = што личи или што е како пена.

Повеќезначноста на суфиксот *-ест* излегува и надвор од припадноста на семантичката димензија на сличноста, поврзувајќи се со други значења и со други суфикси. Овде ќе наведеме уште две семантички парафрази: 1. што го има, го поседува во засилена, изразита мера или во повисок степен тоа што е именувано или својството на тоа што е именувано со мотивирачката именка: веѓест, влакнест, градест, гривест, грлест, гушест, забест, јазлест ковчест, ноктест, ушлест; 2. што го има, го поседува она што е именувано со мотивирачката именка: брадест, дамчест, дупчест, карпест, месест, опашест. Во најголем број случаи едно од овие значење се јавува како второ значење во семантичката структура на изведените описни придавки со суфиксот -ест покрај основното значење за именување на сличноста со именката од мотивирачката основа.

Покривањето на значенскиот простор на сличноста, исто така, го носи признакот на поливалентност што значи дека овде може да се сретнат и описни придавки изведени со други суфикси. Особено интересен е суфиксот -ен со кој, всушност, се образуваат материјални или односни придавки кои ја остваруваат припадноста кон групата на описните придавки по пат на метафора и со помош на вторична семантичка мотивација, а реализираните семантички содржини имаат статус на вторични преносни значења. Семантичката реализација на признакот на сличноста е заснована врз едно од својствата на мотивирачкиот поим што е издвоено и е прифатено од јазичниот колектив како посебна јазична ознака со нова номинативна вредност: бисерни се забите што се бели како бисер; восочна е светлината што е жолта како восок; железен е човекот што е јак, силен како железо; златна е косата што свети како злато; огнен е блесокот што има црвена боја како оган итн.

На крајот, како заклучок го изнесуваме нашето мислење за заемната поврзаност и испреплетеноста на семантичкото и на дериваciското во покривањето на одделна семантичка димензија, без можност за строго поставени граматички и/или семантички рамки.

Литература

Андријевска, Наталија. 2009. Зборообразувањето во Крнинскиот дамаскин. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

Бандиловска-Ралповска, Елизабета. 2016. Парадигматските односи кај описните придавки во македонскиот јазик. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

Велева, Славица. 2006. Тенденции во зборообразувањето во македонскиот јазик. Скопје.

Велковска, Снежана. 1995. Цртички за јазикот. Скопје: Моби арт.

Вътов, Върбан. 1998. Лексикология на българския език. Велико Търново.

Гортан-Премк, Даринка. 1997. Полисемија и организација лексичког система у српскоме језику. Београд: Институт за српски језик – САНУ.

Драгићевић, Рајна. 2001. Придеви са значењем људских особина у савременом српском језику (творбена и семантичка анализа). Београд: Институт за српски језик – САНУ.

Драгићевић, Рајна. 2007. Лексикологија српског језика. Београд: Завод за уџбенике.

Киш, Маријана. 2005. Морфолошката структура на придавките во македонскиот литературен и дијалектен јазик. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

Конески, Блаже. 1976. Граматика на македонскиот литературен јазик. Скопје: Просветно дело.

Конески, Кирил. 2003. Зборообразувањето во современиот македонски јазик. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.

Корубин, Благоја. 1990. На македонско-граматички теми. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

Макаријоска Лилјана. 2009. Студии од историското зборообразување. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

Марков, Борис. 1988. Образување на придавките во македонскиот јазик. Скопје: Огледало.

Спасов, Људмил. 1984. Глаголската придавка како кондензатор. Литературен збор 2, Скопје, 17–20.

Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. Кирил Конески, I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003–2014.

UDC 811.163.3’367.622

Жарко С. БОШЊАКОВИЋ
Филозофски факултет
Универзитет у Новом Саду
Нови Сад, Србија

Гордана Р. ШТАСНИ
Филозофски факултет
Универзитет у Новом Саду
Нови Сад, Србија

ПЕРСОНАЛНЕ АТРИБУТИВНЕ ИМЕНИЦЕ МОТИВИСАНЕ СОМАТИЗМИМА У МАКЕДОНСКОМ ЈЕЗИКУ[1]

Така на пример во обредниот церемонијал во с. Вевчани, Струшко, почетната пејачка се нарекува „буљубаша“, а до неа е „завелвачот“, потоа доаѓаат останатите лазарки, а на крајот стои „довелвачот“, АИФ, касета бр. 3916. Во кривопаланечкиот крај главни личности во обредниот церемонијал се „Мушки Лазар“ и „Женски Лазар“ (види прилог илустрации, фотографија број 1 и 2: девојката со чадорот е „Мушки Лазар“). И двете носат шапки („шешѝри“) накитени со цвеќе и секогаш одат напред, а останатите играат и пеат во формација: две или три групи по три девојки. Првата девојка се викала *пре̄дњѝца*, втората *средњѝца* и третата *досредњѝца.* Карактеристично за овој крај е тоа што се пеат три типа лазарски песни: 1. *на оде́ње* или *на ше̄та́ње,* 2. *на сто̄е́ње*, 3. *на вр̄те́ње* или *на игра́ње* (Олевска 1989: 88). За првиот тип лазарски песни е карактеристично што лазарките ги пеат додека се шетаат по полето. Вториот тип лазарски песни или песни *на сто̄ење* се одликуваат со употребата на рефренот: *Лазаре*, кој е метричко проширување на основниот стих, а дејствува како целина во рамките на овие песни. Карактеристично е тоа што овој тип песни се изведува додека лазарките стојат, а Машкиот и Женскиот Лазар се придвижуваат нанапред. Третиот тип лазарски песни, *на вр̄те́ње,* односно *на игра́ње*, е вид на *ороводни пе̄сни,* кои се изведуваат додека лазарките прават игроорен образец во вид на *пре̄ле̄т* или тоа едноставно е движење во форма на отворен круг, држејќи се под рака (Veličkovska 2007:71–88; Величковска, Јованов 2013: 171). Во контекст на нашата тема, исто така, е значајно да ги забележиме релациите што се однесуваат на дејствата поврзани со природата, како и елементите на театралност, кои можат да се согледаат преку дијалогот одразен во стиховите на песните, пеењето проследено со синкретични движења и костимирањето (т.е. китењето со цвеќиња, носење машка шапка, чадор и сл.).

Лада Чале Фелдман ги елаборира сите овие форми на театралност преку мотивот на травестијата. Нејзината работа се придружува на бројните критични истражувања, кои се занимаваат со улогата и со репрезентацијата на полот/родот во различните предметни подрачја. Таа забележува дека исклучиво женското учество и машките карактеристики (машки предмети за облекување, реквизити и улоги) до сега само се констатирале, но дека никогаш не се земале предвид како претенциозни фактори во толкување на обичаите. Според неа, фактот што овие обичаи ги изведуваат само девојки кажува дека споменатите игри и процесии не покажуваат симболички врски само со венчавањето, туку и дека има посуштинско значење: „Контаминацијата на симболичките елементи на витешките игри и на свадбената процесија, па и интерпретативно значајната инверзија на половите, која ја среќаваме во карневалот, овде е во особена врска со склопувањето на бракот, бидејќи составот на *кралицѝте* е од моми стасани за мажење, а за разлика од останатите групи споредени со нив, тие ги обиколуваат обично куќите на момците и на девојките стасани за брак, веројатно затоа може да се толкува и како иницијациска и ритуална претствувачка симболизација на митот за андрогинот, божествено совршениот спиритуален спој на машкиот и женскиот елемент што се остварува во бракот, за што сведочи постојаното присуство на митот за андрогинот во литературата и ритуалите во целиот свет.“ (Čale Feldman 2001: 199).

Следејќи го текстуалниот дел од овие песни, нивната структура и функција во одделни делови, како и улогата на рефрените, може да се заклучи дека нивното изведување е со точно одредена *намена*. Секоја песна му е посветена некому или е посветена на нешто, изразувајќи ги желбите, главно за подобар живот на луѓето. Песните се наменети и упатени на: невеста, момче, девојка, мали деца[3] итн. Преку стиховите на овие песни се рефлектира грижата, заштитата и љубовта на мајката, со желба за долг и среќен живот на своето чедо. Освен тоа, тие му се пеат и на домаќинот на куќата, при што се истакнува неговото богатство или желбата да стане богат човек. Во нив се потенцираат и желбите да се размножува дибитокот: кравите, овците, и др. Ако, во дворот, семејството има пчели, им се пеат песни на пчелите.[4] Откако девојчињата ќе ги испеат песните, домаќините ги даруваат со јајца[5] или со „пари“, а тие се поклонуваат[6] и со песна ги благословуваат: *Дочекала и в ѓодина, и за многѓу ѓодиници, не сѿој вишен, ѿоклони се!* (Охридско-струшки Регион) или: *Благосо̀ви* и зборовите од почетниот стих на песната, како на пример: *Благосо̀ви, седи Севде, седи Севде у јанѝко!* (карактеристичен начин на пеење во Кривопаланечкиот Регион).

Преку даровите што ги добиваат учесниците во поворките, допираме до уште еден култ, кој е во најтесна врска со определувањето на драмското и на ритуалното, а тоа е култот на мртвите. Според веќе кажаното, дарувањето на делегацијата од заедницата намената на вишите сили може да се претстави вака: *заедница--------> дарови---------> делеѓација*, при што целта на воспоставување на оваа релација е обезбедување богат род од страна на вишата сила. Нивното претставување, кое лежи во основата на изведбата, се повторува неколку пати, со што овие поворки секогаш го пренесуваат дејството на новиот учесник/гледач, за магијата да може да се прошири на секој од нив, од што произлегува дека играта има бесконечна композиција, која се темели врз кумулацијата на дејството по пат на негово комуницирање со сите учесници во обредот. Условноста на поголемиот број обредни игри е условност на

[3] Најубавите и најмилозвучните песни се пеат на помалите деца, како што е оваа:

Голубѐнце воду пије,
на сред село, на езеро.
Сви се соко̀л да га грабне,
оно му се милно моли:
– Немо̀ј, немо̀ј сив соко̀ле,
оно ми е маленѐчко,
ќе ми гука на постѐља.
(АИФ, м.л. бр. 3805).

[4] Како во песната:

Седи Севде у јанѝко,
ем си рои девет пчеле,
ем ги рои ем ги брои,
ем ги праќа на далѐко,
на далѐко преко река.
Отуд летев, свака носи:
на дупенце по ќупѐнце,
на грбѝна самарѝна,
на ножѝца по лажѝца,
на крилѐнце по златѐнце,
на главѝца каленѝца.
– *Благосо̀ви, седи Севде,*
седи Севде у јанѝко
(АИФ, м.л. 3804).

[5] Во охридскиот и во струшкиот крај, лазарките, наречени „кошничарки“, кога завршуваат со пеењето, се изразуваат преку фразеолошката форма: „Што је бело у седело, да је бело у кошниче“, потсетувајќи ја домаќинката дека треба да ги дарува со јајца.

[6] Ова е најчесто опеано на крајот од песните, како на пример, во оваа: „Играј, играј, Лазаре, / та се лепо поклањај!“

симболите во основа на кои лежат различните приеми на магиските подобности. Во фолклорниот театар сликите и симболите што се употребуваат имаат симболичко и магиско значење, а неретко и религиозно влијание, но со текот на времето или поточно со губењето на магиската функција, а со зголамувањето на забавната функција побројни се сликите од секојдневниот живот.

Текстовите на песните заедно со обредните дејства ни укажуваат дека овие обредни поворки потекнуваат од претхристијанството, а тоа се потврдува преку верувањето дека со песна и со обред може да се дејствува врз природата за добра реколта, за поголеми стада, за здравје и успех во семејството. Вториот слој мотиви е оној што се јавува во лазарските песни, кој е под влијание на христијанството, но ако ги побараме новозаветните мотиви во лазарските песни, ќе забележиме дека нивното присуство се сведува на споменувањето на името Лазар и се во тесна врска со празникот. Во оваа смисла несомнено може да се сложиме со забелешката дека: „Постои некакво поклопување во оваа есхатолошка случка што го обележува преодот во новото доба, со воскреснувањето со припадноста на Лазарицата во пролетниот циклус празници. Пролетта е време на воскреснување на природата по зимската умртвеност, период на будење на природата, на животната сила, љубовта и сè што е подложно на будење и растење.“ (Матијашевиќ-Прокупец 2000: 164).

Според мотивите, овие песни најчесто се определуваат како љубовни и семејни. Најчести се мотивите поврзани со бракот, па оттука може да се каже дека убавината на девојките и момчињата се поврзува и со нивната подготвеност за женидба, затоа се чести споредбите на момите со цвеќињата. Во оваа смисла интересна е песната во зборникот на Миладиновци под број 609 на која во насловот е одбележано дека „кога лазарките влегвит во некоја куќа, пејат“: „Ој Лазаре, војниче,/дека си ми војнувал?/ – Војнувал сум војнувал/ во цареви дворови... Во песната Лазар е претставен како војник-јунак, што укажува на начинот на кој словенските претстави за будењето на природата, христијанството ги поврзало со воскресението на Лазар (Пенушлиски 2017: 110). Од лазарските песни, тој ги издвојува песните за малите деца и смета дека кон нив, како симболи на новиот живот и продолжувачи на родот, природно им се упатувале најтопли и најчувствителни љубовни мечти и надежи. Исто така и другите песни, кои се однесуваат на домаќинството, во себе содржат мотиви со кои се посакува благосостојба на семејството: „Оттука и поради верувањето во магиската сила на зборот – пофалбата и добрата вест, желбата со магиско заклевање, да дури и мотивите и разни други видови величење, секогаш се јавуваат како своевидни апотеози на благосостојбата и на успехот на среќата и човекот. Разбирливо е затоа што за потенцирање на својата свечено-величествена смисла, обредната песна користи силни поетски средства и изрази, вклучително и хиперболи, што инаку не одговара на нивната кратка лирска фраза. Токму ваквите песни, кои се дел од соодветни обреди и празници и кои се пеат на одреден ден, се сметаат за вистински обредни песни“ (Пенушлиски 2017: 87). Песните по правило се кратки, но со високи уметнички дострели. Проследувајќи го текстуалниот материјал може да се каже дека неговата концепција, функцијата на пооделни делови од текстот, како и позицијата на рефренот

на овие песни покажуваат повисок степен на разновидност и развиеност во споредба со другите обредни песни. На крајот од песната се јавуваат одреден број стихови во функццција на благослов, како во примерот со број 6. Текстот е изразен во седмерец (4+3), како во примерите со броевите 1, 4, 5 и 7 или во симетричен осмерец (4+4), како во примерите со броевите 2, 3 и 6, а се среќаваат и примери во десетеречки стих (5+5), како во примерот со број 8.

Врз база на досегашните истражувања на обредот и обредните песни проследени кај македонскиот и кај повеќе словенски народи и нивното подетаљно анализирање, може да се констатира дека во структурата на, речиси сите обредни народни песни, се забележуваат одредени шеми врз чија конструкција се градат, при што бројот на комбинациите на т.н. конструктивни елементи може да варира во зависност од композицијата на обредната песна. Обредната песна може да се состои од еден или од комбинација на повеќе такви конститутивни елементи.

Лазарските песни се мошне интересни по својата структура. Во нив се среќаваат модели – формули, кои се најпрепознатливи во целиот комплекс на календарско-обредната поезија. Кај нив се прецизно фиксирани зборовите за куќата, за домаќинот и домаќинката, за сите членови на семејството, за стоката и за посевите. (Жежељ-Каличанин 2001: 354) Стихуваните состави се ретко подложни на промена. Овде промената е сведена на варијации, кои се приспособуваат во однос на потребите на домаќините и на нивните желби. Но, во секој случај, при изведбата, текстот изразен во стихови, има фиксирана форма и магиско-симболична содржина. Токму затоа можеме да кажеме дека кога зборуваме за лазарските песни, станува збор за статични зборовни формули искажани уште во првиот стих. Употребата на семантичките говорни формули во обредните дејства на календарските празници претставува посебен ритуален чин, кој ги поврзува обредот и песната заедно со мелодијата. Оттука произлегува дека вербалниот дел на обредите се јавува најчесто во различните форми на живиот збор, а процесуалното движење на поворката, како претствувачка рамка, подразбира повеќекратно повторување и варирање на истиот текст пред публиката, која секогаш е составена од нови лица.

Според тоа, може да се заклучи дека целокупната симболика во овие традиционални обредни пејачки форми е посветена на семејството и е врзана за магискиот елемент, кој е во служба на обезбедување на: добар род, плодност и благосостојба, кои ја поттикнуваат „силата на ритуалот“ (Елијаде 1992: 25).

Литература

Ајдачић Дејан. 1993. *Прилог проучавању благослова у усменој књижевности*. Достапен на: http://www.rastko.rs/knjizevnost/nauka_knjiz/dajdacic–blagoslov_c.html (посетено, 14.6. 2017)

Антонијевић Драгослав. 1997. *Дромена*. Београд: САНУ.

Васић Оливера. 1998. „Улога полова у обредној пракси нашег народа“. *Постструктуралистичка наука о музици*, Специјално издање «Нови звук», Београд: СОКОЈ-МИЦ при ФМУ, 42.

Величковска Родна и Јованов Илчо. 2013. „Пејачката традиција во Кривопаланечкиот регион“. *Славишки Зборник* 2, Крива Паланка: Градски Музеј, 171.

Величковска Родна 2008. *Музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење (Обредно пеење)*. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“.

Елијаде Мирча. 1992. *Аспекти на митот*. Култура: Скопје,

Жежељ-Каличанин Татјана. 2001. Семантичките модели на календарно-обредните песни за величење и пожелби. *Македонски фолклор,* XXIX, 56/57, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“ 351–357.

Матијашевиќ-Прокупец Весна. 2000. „Современата состојба на обредните календарски песни во Кумановско“. *Фолклорот во Куманово и Кумановско*, Куманово: Институт за фолклор „Марко Цепенков“ и центар за култура „Трајко Прокопиев“, 163–191.

Олевска Родна. 1989. „Некои особености на лазарските песни во Кривопаланечкиот крај“. *Македонски фолклор,* XXII, 43, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 188.

Пенушлиски Кирил. 2017. *Историја на македонскот фолклор*. Скопје: Матица.

Čale Feldman Lada. 2001. *Euridikini osvrti.* Zagreb: Naklada MD, Centar za ženske studije.

Veličkovska Rodna. 2007. “The living singing tradition of Saint Lazarus in Macedonia“. *Reserch of Dance and Music on the Balkans.* International Symposium Brčko, Bosnia and Herzegovina, 6 – 9 Decembre, 2007, International Musicological Society of RS, Banja Luka & Musicological Society FBiH, Sarajevo & Baštinar, Brčko.

НОТНИ И ТЕКСТУАЛНИ ПРИМЕРИ

1. Добро јутро, Лазаре

Добро јутро, Лазаре (и) Лазаре,
добро јутро, Лазаре!

Лазарици дојдоа, (и) Лазаре,
Лазарици дојдоа,
Која друга не дојде, (и) Лазаре
змија да ја уједе.

АИФ м. л. бр. 699, с. Ратае, Тетовско (1968 год.). Пеат Васка Спироска и Билјана Алексоска. Снимила Фанија Поповска; мелографирала и дешифрирала Родна Величковска. Се пее кога девојчињата тргнуваат „на лазарување“.

2. Овде јунак за вршење

Овде јунак за вршење, Лазаре!
вршите го, жените го.

Вршите го, жените го,
одке ќе му посвршиме,
Одке ќе му посвршиме,
преку река венедика.
Најмалата – најличната,
најличната – великата
великата – најмалата.

АИФ м. л. бр.192, с. Баниште, Дебарско (1957.). Пеат група девојчиња – лазарки на 14-годишна возраст. Снимил Ганчо Пајтонџиев. Мелографирала и дешифрирала Родна Величковска. Лазарска песна. Му се пее на момче.

3. Овде дворје неметени

Овде дворје, Лазаре, неметени,
(и) дворје, Лазаре, неметени.

Ни измела невестата,
ни измела невестата.

АИФ, касета бр. 3917/1, Вевчани, Струшко, (2002). Пее Љубица Лешоска, род. 1941 год. во с. Вевчани, Струшко. Снимила, дешифрирала и мелографирала Родна

Величковска. Лазарска песна, се пее на оро, ѝ се пее на млада невеста. Почетната пејачка се нарекува „буљубаша“ и до неа доаѓа „завелвачот“, а потоа другите лазарки и на крајот се наоѓа „довелвачот“.

4. Летале, ми летале

Летале, ми летале, јо, Лазаре,
девет реда гулаби!

Девет реда гулаби, а десетте пауни.
Паднале, ми паднале во цареи дворои.
А царица седеше, дробен бисер нижеше,
дробен бисер нижеше, на лазарки даваше.

АИФ, касета бр. 3908/2. с. Ложани, Струшко, (2002). Пее Спаса Поповска, родена 1933 год. во с. Мороишта, Струшко, а живее во с. Ложани, Охридско. Снимила, дешифрирала и мелографирала Родна Величковска. Ѝ се пее на постара жена.

5. Мила златна сабото

Мила златна сабото, и!

Прав се збират лазàрки,
пред Велѝгден врбицо,
мила златна врбицо.
Да набéрат лазарки.
Која мома не дојде,
луто ќе ја к’лнеме:
– Вај годѝна лазарка,
до годѝна невѐста,
на бунѝште да седе,
машко дете да држе.

АИФ м. л. бр. 2705, с. Пиперово, Штипско (1979). Пеат Гана Крстева, родена во с. Рачица, Штипско (1916) и Дилбера Нацева, родена во с. Ново Село, Штипско (71). Снимил Ѓорѓи Ѓорѓиев; дешифрирала и мелографирала Родна Величковска.

6. Ој, ти горо, лисна горо

1. Ој, ти горо, лисна горо,
ој, ти горо, лисна горо!

Шири гране на широ̀ко,
на широ̀ко, на висо̀ко.
да помине *Мушки лазар*,
и по њега сви лазаре.

2. Ливадѝко, зеленѝко /2,
до к’т ќе се ливадéеш,
ливадѐеш, зеленѐеш,
од Велѝгден до Ѓурѓовден.

3. Т’нкоКите путувáло,
путувáло друмувáло.

Благосòви, ој, ѿи гоpo,
Ој, ѿи гоpo, лисна гоpo!

АИФ м. лента бр. 3804, с. Луке, Кривопаланечко (2000 г.). Пеат група „Лазарици“ од с. Луке, Кривопаланечко. Снимила, дешифрирала и мелографирала Родна Величковска. Се пее кога лазариците (лазарките) одат низ гори, низ ливади („на одѐње“, односно „на шетáње“).

7. Прочýја се је Благòја

Прочýја се Благòја, Лазаре,
прочýја се Благòја.

С’с севгаре волòве
и с’с овце сурѝја.
С’с његове синове,
с’с његове снашице,
с’с његòве ќеркице,
с’с амбáре пченѝца.
Прочѝја се Благòја,
прочѝја се до цара.
Цар наручѝ по њега:
– Нека дојде Благòја!

АИФ м. лента бр. 2719, с. Иванковци, Велешко (1979 г.). Пее Борка Ѓорѓиева (72) од с. Огут, Кривопаланечко. Снимила Цветанка Органџиева; дешифрирала и мелографирала Родна Величковска. Лазарска песна. Му се пее на домаќинот на куќата („на стојáње“).

8. Јовде се игра голе́мо оро

Јовде се игра голе́мо оро,
јовде се игра голе́мо оро.

Најнапред игра Јанка дево̀јка,
до њум се вана какав делѝја,
до њума игра, мирно не седи,
руке ву стиска, прстење ломи.
Јанка си виче, виче јузвѝче:
– Куде сте да сте два мили брата,
ја облетàјте голѐмо оро,
ја уванѐјте какав делѝја.
Дошле са, дошле Јанкини браќа,
па јувана́ле какав делѝ́ја.
Ем га карàле, ем га тепàле,
јод милости га зета ванàле.

АИФ м. л. бр. 2719, с. Иванковци, Велешко (1979 г.). Пее Борка Ѓорѓиева (72) од с. Огут, Кривопаланачко. Снимила Цветанка Органџиева; дешифрирала и мелографирала Родна Величковска. Ѝ се пее на девојка („на игра́ње“).

ИЛУСТРАЦИИ

1. *Лазарици*. Село Луке́, етнички предел Славиште, 2000 г., *Музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење,* ИФ „Марко Цепенков“, Народни песни, Книга 17, Скопје, 2008, стр. 264.

1. *Лазарици*. Село Луке́, етнички предел Славиште, 5 април 2018. г

3. *Лазарки*, Женски обредни поворки, етнички предел Дебарско Поле. Владимир Јаневски, *Етнокореолошка класификација на ораѿа во Македонија* (докторска дисертација одбранета во мај 2017 год., стр. 321).

4. *Лазарици,* село Лабуништа, Струшки Дримкол. Владимир Јаневски, *Етнокореолошка класификација на ораѿа во Македонија* (докторска дисертација одбранета во мај 2017 год., стр. 322).

5. *Лазарки*, с. Велгошти, Охридско, 2003 г. Родна Величковска, *Музички дијалекти...*, фотографија број 6.

6. Група *лазарки* од с. Луково, Дебарски Дримкол. Родна Величковска, *Македонско традиционално народно пеење (етномузиколошки огледи).* Етнолошка библиотека, Посебна издања, књига 8, Српски генеалошки центар, Београд, 2013 г., корица.

7. Лазаре́нка, село Давидиво, Бојмија. Владимир Јаневски*, Етнокореолошка класификација на ора̄та во* Македонија (докторска дисертација одбранета во мај 2017 год., стр. 323).

8. *Лазарѝнки*, Ново Село, Струмичко Поле. АИФ Инв. бр. 1380. 17 април (1976), Родна Величковска, *Музички дијалекти*..., фотографија број 3.

9. *Лазарѝнки* (Бежáнци), с. Секирник, Струмичко Поле. АИФ Инв. бр. 1385. 17 април 1976, Родна Величковска, *Музички дијалекти...*, фотографија број 4.

UDC 81'23

Татјана ГОЧКОВА-СТОЈАНОВСКА
Филолошки факултет „Блаже Конески“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ПРОМЕНА ВО НАСОКИТЕ НА ПСИХОЛИНВГИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА: ПОГЛЕД КОН ЈАЗИЧНАТА ИДНИНА

Апстракт: Во трудот се претставени актуелните состојби во областа на психолингвистиката, во доменот на која од самото нејзино оформување се поставувани револуционерни теории и модели, се постигнуваат врвни резултати и се трасираат патоказите за идните јазични супспецијалистички пристапи. Посебен акцент е ставен на нејзината интердисциплинарна природа, која ги здружува истражувањата од комплементарните области: когнитивните дисциплини, биомедицинските невронауки, логопедијата, дефектологијата, од информациските технологии.

Клучни зборови: психолингвистика, развој, истражувачки резултати, перспективи.

Една од најмладите лингвистички поддисциплини, во доменот на која од самото нејзино оформување, во континуитет, се поставувани револуционерни теории и модели, се постигнуваат врвни резултати и се трасираат патоказите за идните јазични супспецијалистички пристапи, е токму областа на – психолингвистиката.

Причините за тоа, како и двигателот на ваквиот брз раст и развој, се добро познати. Тие се должат на нејзината интердисциплинарна природа, која ги привлекува истражувачите од различните, но комплементарни области: од когнитивните дисциплини, биомедицинските невронауки, логопедијата, дефектологијата, од информациските технологии. Интензитетот на меѓусебната соработка и импресивните резултати од неа се, исто така, веќе од поодамна, факти достојни за почит и претставуваат вистински научен предизвик за секој лингвист.

Во таа смисла, целта на овој прилог е, преку претставување на актуелните состојби во оваа исклучително продуктивна област, да тргнеме од истражувањата кон теоријата и, поврзувајќи го минатото со иднината, да ги откриеме новите предизвици во доменот на применетите јазични пристапи, во годините што следуваат.

Па, најнапред и накусо, да потсетиме, каде се лоцирани корените на психолингвистиката!

Како што е познато, терминот *психолингвистика* е употребен за првпат во, не толку далечната 1951 година, од страна на Озгуд и Сибијак – како обид да се дефинира предметот на основачката конференција посветена на психологијата на јазикот, на средба на Универзитетот Корнел, во САД. Но, овие почетни чекори се скромни

и се движат во доменот на филозофските пристапи, главно, поради отсуството на издржани податоци за начинот на функционирањето на човековиот мозок. Акцентот се става на споредбениот пристап во откривањето на потеклото на одделните јазици и, во духот на Блумфилдовата традиција, водат кон поставките на лингвистичкиот структурализам: опис и анализа на јазичните единици од аспект на соодветните граматички категории.

Придонесот на психолозите во оваа рана фаза се огледува во поставувањето на јазичните истражувања врз психолошки матрици, но, во теориска смисла, тој е најизразен преку пристапот на бихевиористите. Врвот на доминацијата на бихевиоризмот се постигнува во 1957 година, со издавањето на Скинеровото дело „Вербално однесување“. Доминантниот став, кој ја отсликува бихевиористичката традиција, во својата суштина го застапува мислењето дека – единственото што вреди да се проучува е човековото однесување, во чии рамки, јазичното однесување претставува само уште еден негов поттип. Во таа рамка, процесот на усвојувањето на јазикот кај децата се посматра како резултат, поточно, како придобивка на релацијата *поттик* и *одговор*, преку употреба на стандардните техники на *условување* и *поттикнување* на *исправното јазично однесување*, а во чии, пак, рамки, умот учествува како – преносник.

Само две години подоцна, настанува првиот радикален пресврт во областа. Етапата отпочнува со рецензијата во која Чомски остро ја критикува Скинеровата книга – рецензија, која станува попозната и од самата книга, а со името на Чомски почнува да се поврзува револуционерно новиот пристап кон психолингвистичките истражувања. Строго експерименталниот профил на бихевиористите, со резултати добиени во контролирани лабораториски услови, неуспешно ги објаснуваат начините на кои јазикот природно се усвојува од страна на децата. Новиот пристап за сознајната, основа на јазикот, се преточува во теоријата за Универзалната граматика и за иманентното постоење на вграден јазичен процесор во човековиот ум, за кој се смета дека го овозможува усвојувањето на човековиот јазик.

Премисите на теоријата на Чомски се елаборирани и надградувани во неколку наврати (1960, 1980), но во основа, опстојува неговата определба по две основи:

– прво, за постоењето човекова ментална граматика во која се вградени множеството универзални принципи, или, поточно, постоење на ограничен број правила и лексички единици, кои можат да создадат и да се комбинираат во неограничен број реченици, и,

– второ, од аспект на развојната псохолингвистика, дека во човековиот ум постои билошки вградена компонента за создавање на јазикот – вграден капацитет за оформување реченици преку користење астрактни правила т.н. *средство за усвојување на јазикот* (LAD – Language Acquisition Device), кое го овозможува процесот на усвојувањето и употребата на јазикот кај децата.

Колку и да е комплексна, теоријата на Чомски, во својата основа, дава урамнотежено образложение за апстрактните принципи и граматичките параметри на кои се потпира најсложеното човеково однесување. Нејзината прифатливост, во периодот во којшто се појавува, ја овозможуваат две карактеристики:

– наспрема дотогаш повоопштените, таа претставува дефиниран, формален пристап, кој го насочува вниманието на истражувачите кон когнитивната сложеност на процесите вклучени во стекнувањето оспособеност да се создаде и да се разбере јазичниот израз, и,

– нејзината сеопфатност, односно фактот што таа не се однесува исклучиво на детскиот ран граматички развој, туку го образложува и јазичниот раст во подоцнежните фази и појавата на се посложените јазични конструкции, како природен резултат на постепеното созревање на човековите когнитивни капацитети и зголемувањето на опфатот на меморијата.

Ставовите на Чомски успеваат да го задржат вниманието во наредните педесет години. Но, секоја теорија, колку и да е опфатна, во себе ги носи ограничувањата на формалниот пристап. Тие, всушност и го тежнуваат постигнувањето на најважната цел: да се развие интегриран, сеопфатен пристап кон компетентната јазична употреба и јазичното разбирање.

Периодот на современите психолингвистички истражувања претставува нов обид во таа насока и тие веќе настапуваат со сиот свој интензитет и инспиративност. Дистанцирани од формалните теории и модели и базирани на релевантни емпириски опити, истражуавчите тргнуваат од сосема поинакви позиции. Имено, токму во однос на сознајните фактори, како што се: опфатот на меморијата, на вниманието, менталните јазични аналогии, способноста за генерализации и апстрактно мислење – за кои се сметаше дека го ограничуваат јазичниот развој во неговите рани фази, најновите податоци тврдат дека тие не само што се суштински туку се и најдиректно одговорни за *начинот* на кој се создава јазикот, истовремено појаснувајќи *зошто* токму така се одвива неговиот развој.

Новите пристапи се базирани и на најновите истражувачки техники и средства, на експерименти насочени кон одделните јазични вештини. Таквиот изделен пристап неизбежно го наметнуваат искуствата стекнати од претходната практика. Основната причина се наоѓа во сознанието дека методите што се покажуваа како успешни во откривање на процесите, на пр., на разбирање на синтаксичките структури кај возрасните, не се делотворни и соодветни за истражување на разбирањето на вербалниот израз кај децата; истото се однесува и на процесите за оформување на јазичниот израз кои бараат различен методолошки пристап кога се работи за деца наспрема возрасни испитаници.

И, можеби најважно, новите пристапи се особено и пред сè, насочени кон прагматиката, кон употребниот квалитет на јазикот. Тие во себе ги вградуваат основите на *функционалната* и на *когнитивната лингвистика*. Поточно, на граматиката почнува да се гледа на најопфатен можен начин, и тоа:

– како на придобивка на *историски план*: т.е. на процесите, кои ја обликуваат структурата на јазикот што се предава од една генерација на следната,

– како на придобивка на *човековата психологија* т.е. како збир на општествено-сознајните способности, кои го овозможуваат самиот процес на усвојувањето на најсложеното човеково однесување, и,

– како на придобивка на *невронаукиѿе* т.е. на сознанијата од истражувањата на анатомските и на физиолошките корелации со специфичните јазични спсообности.

Такви се актуелните состојби. А, какви се предизвиците на иднината? Воведувајќи нѐ во фасцинантните капацитети на умот, психолингвистиката е отворена порта кон следната мултидимензионална област – невролингвистиката. Квантумот елаборирани истражувачки методи, продлабочените теориски поставки и конкретните модели со кои се прави обид да се навлезе во осветлување на онтогенезата на јазикот, ја претвораат психолингвистиката во влијателно поле на проучување, кое длабоко навлегува во природата на човечкиот ум. Во него се вградени менталните предуслови за употреба на јазикот како индивидуална психичка активност. Докажана е поврзаноста на јазичните со мисловните структури и нивната биолошка заснованост во човечкиот мозок.

Во тие рамки, секоја сериозна психолингвистичка анализа на говорната комуникација подразбира длабинско осознавање на парадигмата на нормалниот, како и на парадигмата на оштетениот јазичен израз.

Можеме со задоволство да констатираме: насоките и предизвиците на идните на јазични истражувања се трасирани.

Литература

Chomsky, N. 1957. *Syntactic structures*. The Hague: Mouton.

Chomsky, N. 1965. *Aspects of theory of syntax*. Cambridge, MA: MIT Press

Fernandez Eva M., Cirns Helen Smith. 2011. Fundamentals of Psycholinguistics. Oxford: Wiley-Blackwell.

Gleaso Jean Berko, Ratner Nan Berstein. 1998. *Psycholinguistics*. Orlando, Fl: Harcourt Brace College Publishers.

Harley A. Trevor. 2008. *The Psychology of Language, from data to theory*. New York: Psychology press.

Obler Loraine K., Gjerlow Kris. 2010. *Language and the Brain*. Cambridge: Cambridge University Press.

Osgood, C. 1963. „*On understanding and creating sentences*“. American Psychologist, 18. 735–751.

Skinner, B. F. 1957. *Verbal behaviour*. New York: Appleton-Century.

UDC 811.163.3(091)
UDC 811.163.3’26

Лилјана ГУШЕВСКА
Институт за национална историја – Скопје
Скопје, Македонија

МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ПРАКТИКАТА ВО ПРВАТА ДЕЦЕНИЈА ПО КОДИФИКАЦИЈАТА
(ВРЗ ОСНОВА НА АРХИВСКИТЕ МАТЕРИЈАЛИ ОД *ИЛИНДЕНСКИ СВЕДОШТВА*)

Апстракт: Предмет на интерес во овој прилог се архивските материјали објавени во публикацијата *Илинденски сведоштва*, кои содржат документација за барателите на т.н. илинденска пензија во периодот од 1946 до 1956 г. Исклучително богатиот изворен материјал (разни службени обрасци, биографии на подносителите, молби и изјави на сведоците, кои се чукани на машина за пишување или пишувани на рака) донесува значајни информации за употребата на македонскиот јазик како од страна на службените лица во надлежните тела на младата македонска држава така и на различни граѓани вклучени, директно или индиректно, во оваа постапка (бидејќи многу од барателите и од сведоците биле неписмени, нивните искази најчесто ги запишувал некој друг). Притоа, иако во некои документи е забележливо настојувањето за што е можно подоследна примена на новосоздадената стандарнојазична норма, сепак таа варира во зависност од образованоста на (за)пишувачот на конкретниот документ, од техничките можности (кај документите чукани на машина), така што се забележуваат редица специфичности и разлики на графиски и на правописен план, присуство на одделни дијалектни особености и сл. Исто така, во молбите, а особено во обемните биографии на подносителите на барањата и во изјавите на сведоците се опишуваат случувања од значајни периоди од поновата македонска историја (илинденскиот период, периодот на Балканските војни и на двете светски војни, како и од меѓувоениот период), при што доаѓа до израз живиот народен јазик од голем дел од македонскиот дијалектен простор. Во таа смисла, овие документи се значајни и поради тоа што многу Македонци за првпат ја добиваат можноста во една официјална комуникација со државните институции да го користат својот мајчин јазик.

Клучни зборови: македонски јазик, документи, стандарднојазична норма, правописни правила.

Организираната националноослободителна борба на македонскиот народ против османлиската власт предводена од Македонската револуционерна организација и Илинденското востание како, веројатно, најзначајната и најмасовната појава на таа борба имаат исклучително значајно место во македонската национална историја и во народната меморија. Директното повикување и надоврзување на овие традиции од страна на антифашистичкото движење во периодот на Народноослободителната војна во Македонија се, несомнено, поттикнати и во функција на потенцирање на континуитетот на борбата на македонскиот народ за национална и социјална слобода и за формирање своја држава. Оттука, не изненадува фактот што речиси веднаш по

ослободување, односно по завршувањето на Втората светска војна во Македонија, новосоздадената македонска држава во рамките на Југословенската Федерација пристапила кон регулирање на статусот на борците не само од НОВ туку и од илинденскиот период (односно од времето на дејствувањето на МРО од нејзиното основање во 1893 г. до нејзиното расформирање во 1908 г. по Младотурската револуција).

За таа цел, уште во 1946 г. бил донесен Законот за илинденски пензии (изменет и дополнет во 1953 г.), со кој се дефинираат условите под кои потенцијалните баратели можат да станат корисници на ваков вид пензија. Тоа резултирало со огромен број барања, така што при постапките што биле водени од надлежните државни институции во период од една деценија бил создаден многуброен архивски материјал, кој денес, за среќа, е објавен и достапен и за пошироката јавност[1]. Во таа смисла, предмет на нашата анализа во овој прилог е граѓата објавена во двата дела од првиот том на публикациите со заеднички наслов *Илинденски сведошшва*[2], кои содржат документација за барателите на илинденска пензија во периодот од 1946 до 1956 г. Исклучително богатиот изворен материјал донесува значајни информации за употребата на македонскиот јазик како од страна на службените лица во надлежните тела на младата македонска држава така и на различни граѓани вклучени, директно или индиректно, во оваа постапка (бидејќи многу од барателите и од сведоците биле неписмени, нивните искази најчесто ги запишувал некој друг). Всушност, се работи за лица кои потекнуваат главно од Југозападна Македонија и од Повардарјето, односно од Битолскиот, Прилепскиот, Охридскиот, Скопскиот и од Велешкиот Регион, и тоа повеќе од селската отколку од градската средина (Петровски, ИС 2016 I: XLIX), но и од други делови на македонската држава и од поширокиот македонски етнички простор.

Споменатата архивска документација содржи разни службени обрасци, биографии на подносителите, молби и изјави на сведоците, решенија, уверенија и сл., кои се чукани на машина за пишување или пишувани на рака. Најголемиот дел од документацијата е на македонски јазик, и тоа на кирилица и на латиница. Многу малку се застапени и документи напишани на српски јазик, повторно и на кирилица или на латиница, кога станува збор за баратели кои во моментот на поднесувањето на барањето живееле во Србија (на пример, ИС 2016 I[3]: 966, 967). Овој материјал е интересен за проучување, меѓу другото, и од јазичен аспект со оглед на фактот што во молбите, а честопати и во обемните биографии на подносителите на барањата и

[1] Одговорни уредници и составувачи на споменатите публикации се Јасминка Дамјановска, Ленина Жила и Филип Петровски, а претставуваат издание на Државниот архив на Република Македонија. Се работи за пет тома со вкупно девет книги (том I – II, 2016 г., том III – V, 2017 г.), кои содржат документи од фондот Извршен совет на НРМ. Одбор за доделување илинденски пензии. Досиеја на признати илинденци (1946 – 1956).

[2] За лоцирање на ексцерпираните примери ја користиме кратенката ИС (за *Илинденски сведошшва*), годината на издавање и римските броеви I (за првиот дел од првиот том) и II (за вториот дел од тој том), по што следуваат две точки и страницата во конкретната публикација.

[3] За илустрација можеме да го земеме само зборот *биоґрафија*, кој се јавува, иако поретко, и во следниве „варијанти“: *биоґрафиа* (ИС 2016 I: 950, 952), *беоґрафіа* (ИС 2016 I: 863), *беоґрафија* и *беоґравија* (ИС 2016 I: 1133), *бијаґравија* (ИС 2016 I: 888), дури и *авшобиоґрафија* (ИС 2016 I: 1155), *аушобиоґрафија*

во изјавите на сведоците се опишуваат случувања од значајни периоди од поновата македонска историја (илинденскиот период, периодот на Балканските војни и на двете светски војни и меѓувоениот период), но се опишува и секојдневниот живот низ субјективната призма на актерите, кои изнесуваат и многу моменти од личните и од семејните доживувања и преживувања на историските настани. Притоа, доаѓа до израз живиот народен јазик од поширокиот македонски јазичен ареал. Во таа смисла, овој материјал може да се разгледува од социолингвистички, психолингвистички, етнолингвистички аспект и сл. Сепак, нашиот интерес е насочен главно кон практикувањето на македонскиот (стандарден) јазик во еден специфичен вид текстови во првата деценија по неговата кодификација.

Притоа, во најголемиот број од документите е забележливо настојувањето за што е можно подоследна примена на новосоздадената стандарнојазична норма (во оваа смисла, всушност, можеме да зборуваме за паралелно одвивање на фазите на нејзина елаборација, акцептуација, експанзија и имплементација). Сепак, таа делумно варира во зависност од образованоста на (за)пишувачот на конкретниот документ[4], од техничките можности (кај документите чукани на машина), така што се забележуваат редица специфичности и разлики на графиски и на правописен план, а карактеристично е и присуството на дијалектни особености на сите јазични рамништа. Во овој поглед мора да се нагласи фактот дека во повеќето канцеларии на месните одбори во кои се прибирале документите на барателите се користеле машини наследени од некоја претходна власт (од бугарската и од српската, дури и од османлиската, сп. ИС 2016 II: 1028), со што се објаснуваат документите пишувани на латиница, но и присуството на графии од кирилските писма на соседните јужнословенски народи (й, я, ъ; ђ, ћ). Она што е особено значајно е фактот дека во документите пишувани на рака многу ретко се забележуваат туѓи графии, односно најчесто се користи стандардизираното македонско кирилско писмо. Како еден од поретките примери кој се карактеризира со варијантност во бележењето, на пример, на */j/* ја изделуваме биографијата на Васил Томов Данчов, за кој пишува дека е родум од Егејска Македонија, поконкретно од Берската Околија. Од неа ги наведуваме примерите со *й*: *борейки, войвода, Еѓейска, който, помаѓайки*, *семействата,* но и со *ј*: *Еницевардарскијот, Македонија/Маќедонија, југославија, Трајко, пенсија, преживеја, јаз, таја, тија, моја (крвава) биоѓрафија* (ИС 2016 II: 1206).

Исто така, во сите документи нотираме дека сè уште има колебање во поглед на пишувањето особено на специфичните македонски гласови. Во таа насока го изделуваме бележењето на гласовите */ќ/* и */ѓ/*, за кои се користат и *к* и *ѓ,* на пример *тугите куки* (ИС 2016 II: 1246), иако во истата биографија нотираме и примери како *имуќен,*

(ИС 2016 I: 1200) или *лична биоѓрафија* (ИС 2016 I: 1165); потоа среќаваме: *уверение, увереније, уверење; квинслишки, квисиншки, квислишки* и сл.

[4] За илустрација можеме да го земеме само зборот *биоѓрафија*, кој се јавува, иако поретко, и во следниве „варијанти“: *биоѓрафиа* (ИС 2016 I: 950, 952), *беоѓрафіа* (ИС 2016 I: 863), *беоѓрафија* и *беоѓравија* (ИС 2016 I: 1133), *бијаѓравија* (ИС 2016 I: 888), дури и *автобиоѓрафија* (ИС 2016 I: 1155), *аутобиоѓрафија* (ИС 2016 I: 1200) или *лична биоѓрафија* (ИС 2016 I: 1165); потоа среќаваме: *уверение, увереније, уверење; квинслишки, квисиншки, квислишки* и сл.

пракаја, потоа *бидејки, ке* (ИС 2016 II: 1235). Како специфичен го посочуваме примерот (*да не сум*) *осугиван* (ИС 2016 II: 1305). Истото се однесува и на /*њ*/, кое во редица примери се предава најчесто со *н,* на пример: *ослободуенето* (ИС 2016 II: 844), *убиването* (ИС 2016 II: 1206), а понекогаш и со *нј: ослободувањето* (ИС 2016 II: 1212), дури и со *њ: ослободувањето* (во истиот текст). Можеби во документите чукани на машина ваквата практика била понекогаш и намерна со цел да се избегне употребата на туѓите графии. Сепак, во некои од документите нотираме примери од типот на *кућа, ноћта* и сл. (ИС 2016 I: 133), а најчеста е употребата на *й* за бележење на */j/*.

Впрочем, ограничувањата од техничка природа се причината поради која и во официјалните документи од највисоките државни институции настанати непосредно по ослободувањето се забележуваат компромиси од овој вид. Како пример ќе го посочиме Записникот од 1-от редовен состанок на II-то ванредно собрание на Народното собрание на Народна Република Македонија одржано на 27 јули 1946 година во гр. Скопје, во кој името на познатиот македонски лекар, кој бил во улога на „известилец“ на Законодавниот одбор, д-р Ѓорѓи Гаврилски, е запишано како *Гјоги* (ИС 2016 I: 1, 2), а народниот пратеник кој учествувал во дискусијата Љупчо Арсов е запишан како *Љупчо* (ИС 2016 I: 2). Слично нешто забележуваме и во написот во весникот *Нова Македонија* од 28 јули 1946 г. објавен по изгласувањето на Законот за илинденски пензии, во кој редовно се користи *њ: остваруење, обединуењето, давањето, привредуење, гласањето* (ИС 2016 I: 11), додека /*ќ*/ се бележи со *к* редовно кај честичката за образување идно време: *ке (пречи), ке (биде уништен)* и сл. (ИС 2016 I: 10), но во други случаи наоѓаме *говорејќи* (ИС 2016 I: 10), *бидејќи* (ИС 2016 I: 11); за /*ѓ*/ се употребува *гј: меѓу (другото)* (ИС 2016 I: 11)[5]. На ова мислење нè наведува фактот што во *Правописот* од 1945 г. јасно е посочена употребата на *ќ* и на *ѓ* во наведениве ситуации (МП 1945: 6). Во прилог на ова само ќе посочиме дека во сите други аспекти во прилогот се настојува доследно да се применат правилата дадени во *Правописот*, на пример, непишувањето на *ј* помеѓу *и* и *а* во зборови од туѓо потекло[6]: *материално* (ИС 2016 I: 10), користењето на глаголските форми на *–уе*, што може да се види како од глаголските именки наведени погоре така и од другите глаголски форми споменати малку подолу[7].

Со поголем проблем се соочувале оние службеници што имале на располагање само машини за чукање со латинични букви (како што било, на пример, во Околискиот одбор во с. Извор). Затоа во документите напишани со вакви машини се употребу-

[5] Инаку, името на д-р Гаврилски во написот е наведено како Георги, а наместо формата *известилец* од погоренаведениот документ, овде се користи *известител* (ИС 2016 I: 10).

[6] Ова правило гласи: **„J** се пишуе во ґрупата **ија**: пијам, пијам, спијам, вријат, кријат, змија, ракија, сторија, носија, Русија, Југославија, Македонија итн. Во туѓите зборои, во средината, таа група се пишуе без ј: материал, потенциал, иницијал, вариант итн.“ (МП 1945: 6).

[7] На употребата на глаголските форми на –уе недвосмислено се упатува токму кај глаголските именки, каде што е јасно нагласена правилната форма – „кажуење (Не: кажување), качуење, (не: качување)“ (МП 1945: 12). Од друга страна, во *Правописот* од 1950 г. стои дека глаголите од а-групата можат да се поделат на неколку типа, меѓу кои се и оние на –ува (МП 1950: 33).

ваат *š* или *s* за */ш/*: *fašizamot* (ИС 2016 I: 57), а на места дури рачно е интервенирано[8] (над *s* се допишува дијакритичкиот знак за да се добие *š*: *Šterjo* и др., в. ИС 2016 I: 98); *ž* за */ж/: Božana, fizička* (ИС 2016 I: 57); *č* или *c* за */ч/*: *Lavcani* (ИС 2016 I: 98); *ć* за */ќ/*: *Ćosevski* (ИС 2016 I: 57) и *dj* за */ѓ/: Aladjozovska* (ИС 2016 I: 57) и др.

Во поглед на јазичните црти на морфолошки план, јасно се препознаваат особеностите на дијалектните подрачја од кои потекнуваат барателите. Така, во документите приложени од големиот број баратели од областа Дебарца и од охридскиот крај во целина можат да се изделат јазичните особености на поширокото охридско говорно подрачје: кратката заменска форма за директен предмет за ж. р. *е* наместо *ја: да е п̄однесам ова молба, да ми е уважит̄ ова жалба*; кај глаголите изедначувањето на *е-* и на *и-г̄рупат̄а: се чудет̄;* карактеристичната наставка *-ит̄* за 3 л. едн. на презентот: *се земит̄, да не п̄адним̄*, уште и образувањата со суфиксот *-в-: кажвит̄* (ИС 2016 II: 844) и сл. Во изјавата, пак, на Илија Ѓорѓиов Дарков од с. Смилево нотираме редица особености на овој дијалект: формата *ја* за личната заменка за 1 л. едн., како и доследното бележење на *х* во формите на имперфектот: *бех, бехме, одехме, нап̄равихме, изг̄убихме* и др. (ИС 2016 II: 1209). Секако дека и во текстови во кои преовладуваат дијалектните карактеристики, во поголема или во помала мера е забележливо и влијанието на стандардниот јазик. Така, во биографијата на Тимо Васиљев Дедејски од с. Босилово, Струмичко, ги изделуваме карактеристичните форми за 1 л. мн. имперфект *ојдехме* (ИС 2016 II: 1237), *имахме, бехме, одехме* (ИС 2016 II: 1238), иако во целиот текст се употребува *бев*, и на перфектот со помошен глагол од типот на *је земал* (ИС 2016 II: 1233).

Сето ова во редица примери се комбинира и со влијанието на образованието стекнато на туѓ јазик. Тоа доаѓа до израз во Жалбата од Никодин М. Гаврилоски од с. Оздолени од Охридската Околија, од која наведуваме еден извадок: „Како учесници во тија борби се сметет и лицата кои надвор од четите кои по наредба на раководителите на Народно Националното Револуционото Движение вршел специјални акции задачи како курир на градското поголемо началство а ја сум бил таков а поред курирската служба, со оружје во рака сум зел активно участие во сите борби за ослободуене на Македонскијот Народ, во четата на војвода Давидов, а после сум распоредуван во сите чети каде ќе требеше да се земит активно участие во борбите со турците, а кога војвода Давидов падна пред мене ја го кренав на рамо и го отргнав за да не паднит и како убит во рацете на турците, рискувајуки го својот живот преминувајуки пат през аскерските патроли и кордони, ова сум навел и во мојата молба со која сум барал Илинденска пензија, и ме чудет фактите зашто Одборот пресудује преку това.“ (ИС 2016 II: 844).

И од овој извадок, но и од сите други примери е евидентно дека има голема недоследност во примената на правописните правила, покрај другото, и во однос на

[8] Нотираме и примери каде што допишаниот дијакритички знак над *s, z, c, k* (за да се добие š, *ž, č, ќ*) е ставен погрешно, односно обратно (^, `), в. ИС 2016 I: 275, па дури и такви каде што над овие букви се става еден ист надреден знак (`), в. (ИС 2016 I: 699).

употребата на големата буква, но и на интерпункцијата, и тоа во документите настанати во целиот овој период.

Лексиката во голема мера беше илустрирана и во погоренаведените примери. Со оглед на тоа што во документите се опишува учеството на барателите во оружената борба и во револуционерните активности во именуваниот период, забележлива е застепеноста на лексиката која се однесува на оваа сфера, на пример: *движение/покрет, (И/илинденска) епопеја, илинденски дејец, легален дејец, организација, организатор* (ИС 2016 II: 1304)*, прво борец* (ИС 2016 II: 1296), *револуционерна дејност* и сл. Исто така, бидејќи меѓу барателите, иако поретко, има и жени, среќаваме феминативи со кои се означуваат улогите што ги имале жените во националноослободителното движење: *комитка* (ИС 2016 I: 53); *учесница* (ИС 2016 I: 190); *десетарка, курирка, санитарка*[9] (ИС 2016 II: 854); *комиткиње, симпатизерка* (ИС 2016 I: 420), *учителка* (ИС 2016 I: 541); *куриерка* (ИС 2016 I: 549); *курјерка* (ИС 2016 I: 711).

Во овие рамки ќе го изделиме зборот *терорист*[10], кој е употребен во неколку наврати, но во тие контексти го нема пејоративното значење што е карактеристично за него во современиот македонски јазик (сп. ‘тој што врши терор, што користи насилство за да ги постигне целите; приврзаник на тероризмот’, ТРМЈ 2014 VI: 56). Всушност, како терористи се именувале лицата кои извршувале тајни диверзантски акции по налог на револуционерната организација, учествувале во ликвидацијата на личности што биле компромитирани или го загрозиле нејзиното дејствување и сл.

Од ова море од документи, акцентот го ставаме особено на молбите и делумно на биографиите што ги поднесуваат барателите на пензија до надлежните околиски одбори. Имено, по донесувањето на споменатиот Закон за илинденски пензии, соодветните државни тела изготвиле формулар/образец чукан на машина за пишување, именуван како МОЛБА, кој се пополнувал рачно (поретко на машина) од страна на некое службено/овластено лице или на некој близок писмен човек на барателот, а поретко од самиот барател. Во 1946 г. тој формулар за молбата изгледал вака.

[9] Во исказите на сведоците кои требало да ја потврдат револуционерната дејност на Перунина (Најдеска) Гаврилоска од с. Иванчишта, Кичевско, меѓу другото, се вели: „(...) Perunina bese kako sanitarka i nosese prevrzoci za prevrzuvane na ranetite, a vo istite borbi na selo Klenojec i Izvor istata bese desetarka i pored sto istata bese kako sanitarka so puska vo raka se borese.“ (ИС 2016 II: 854).

[10] Овој збор го среќаваме на повеќе места. Како показателен го наведуваме извадокот од молбата на Стеријо Зафиров Гегата од охридското село Долно Лакочерој, каде што се кажува следново: „Во 1906 год. бев терорист во Битоља и поради убиството на Ристо Зајачето бев хватен и затворен во затвор каде лежав цели три години до Уриетот. За сето време во затворот носев пранги на нозе и синџир на гуша како куче.“ (ИС 2016 II: 880).

Преку _____ народен одбор

_____

До Министерот за финансиите на Н.Р.
Македонија

Скопје.

МОЛБА

од _____ (с) _____ гр. _____
_____ бр. _____, последна пошта _____

Илинденец сум од времето на востанието и борбите 1903–1908 год., стар на ___ години и неспособен за работа.

За дејноста ми по време на Илинденската епопеја и воопште како народен борец, давам следната си кратка БИОГРАФИЈА, од која се види во која чета сум бил и во кои борби сум участвувал од 1903 до 1908 година:

За истинитоста на напредизложеното можат да посведочат другарите ми:

1) _____ занаат _____ г. (с) _____ ул. _____
2) _____ ″ _____ ″ _____ ″ _____

Исказите си потврдујам и со следните документи, приложени кон молбата:

Осим това, прилагам и уверение бр. _____ од _____ нар. Одбор гр. (с) _____ од кое се установуе оти немам никакви приходи за живот (или имам само _____ дин. годишно)

Од уверението бр. _____ од _____, тука приложено, се види 1) да не сум лишен од активно и пасивно изборно право; 2) да не сум осудуван од Нар. суд за изгубуење нац. чест; 3) да не сум соработувал со окупаторот и неговите помагачи и 4) да не сум бил член функционер на квислиншките организации.

Поднесујки приложените документи и искази по молбата, молам да ми биде отпуштена постојанна држ. помош-пензија како на илинденец и народен деец во борбите за ослобод[…] на Македонија.

Изјавувам, оти получавам/неполучавам помош како илинденец од _____ Народен одбор од гр. (с) _____ при кое прилагам заверен препис од решението на Комисијата при споменатиот Н. О.

_____Февруари 1946 год._____ Подпис:

гр. (с) _____

(ИС 2016 I: 640)

Речиси во идентична форма се употребува и во следните години, а за тоа сведочи овој образец од 1950.

Преко Месниот Народен Одбор

гр.

ДО ОДБОРОТ НА ИЛИНДЕНСКИТЕ ПЕНЗИЈИ

– При Президиумот на Народното Собрание–на НРМ

СКОПЈЕ.–

М О Л Б А

От _____ от гр. _____

_____ бр. _____.

Илинденец сам од времето на востанието и борбите 1903–1908 год., стар на ___ години и неспособен за работа.

Со дејноста ми во време ма Илинденската епопеја у вопште како Народен Борец, давам следната си кратка БИОГРАФИЈА, от која се види во која чета сам бил и во кои борби сам учествовал од 1903–1908 година.

За истинитоста на горе изложеното можат да посведочат другарите:

1) _____ занает _____ г. (с) _____ ул. _____

2) _____ ″ _____ ″ _____ ″ _____

Исказите ги потврдувам и са следните документи приложени кон молбата:

Осим тоа, прилагам и уверење Бр. _____ от _____ 1950 год. издадено од Месниот Народен Одбор во гр. за имовното ми состојание.

Од Уверение Бр. _____ от _____ 1950 година тука приложено се види. да

1. Да не сам лишен од активно и пасивно изборно право: 2. да не сам осудуван от народниот суд губене на националната чест, 3. да не сам сработувал со окупаторот и нивните помагачи; 4. да не сам бил член на квислишките организацији.

Поднесувајеќи приложените документи и искази во молбата, молам да ми биде отпуштена, постојана државна помош-пензија како на илинденец и Народен Борец во борбите за слободата на Македонија.

Изјавувам да до денеска не сам получавал никаква помош како Илинденец.

_____ 1950 година

гр. Кавадарци

со почит:

_____

(ИС 2016 I: 792)

Овој тип документи имаат клиширана структура, но гледани од функционално-стилски аспект (во случајов станува збор за текстови кои влегуваат во персоналниот потстил на административниот функционален стил, според класификацијата на Л. Минова-Ѓуркова) во голема мера отстапуваат во делот предвиден за внесување на исказот на барателот. Ваквото отстапување е уште позабележливо кај биографиите, како во однос на обемот така и во однос на содржината. Имено, како што наведува Минова-Ѓуркова: „(...) кога пишува некоја личност автобиографија, односно биографски податоци за себе, а се обраќа до некоја институција, тогаш сигурно нема да зборува за некои интимни моменти од својот живот, туку ќе изнесува факти за местото и за годината на раѓање, за образованието, за евентуалното движење во работата и сл.“ (Минова Ѓуркова 2003: 306). Но, во голем дел од приложените биографии, како што веќе покажавме, луѓето не се задржуваат само на изнесување на конкретните факти поврзани со својата револуционерна активност. Исто толку тие пишуваат токму за моменти од својот личен живот и од животот на своите најблиски, за семејните трагедии, за премрежињата во бурните историски случувања, но и за тешката постојна материјална состојба.

Не навлегувајќи во (не)релевантноста на ваквите кажувања, мора да се земе предвид дека тие имаат, пред сè, една прагматична цел (притоа, не било важно само да се добие пензијата, како престижна категорија, но и како соодветно позиционирање во новото социјалистичко општество, туку колкав ќе биде и нејзиниот износ). Оттука, во нивната основа е интенцијата за што поубедливо пренесување на настаните во креираната форма и инсистирањето на континуираноста во дејствувањето на дадена личност од периодот на османлиското владеење, па сè до ослободувањето. Во таа функција е и употребата на вообичаените фрази *живо учество*, со значење ‘активно учество’: „Во Илинденското востание зедов живо участие (...)“ (ИС 2016 II: 1321), потоа *со пушка во рака* (ИС 2016 II: 1304, 1305, 1327 и др.)/*со оружие во рацете* (ИС 2016 II: 1294)/*оражие во рацете* (ИС 2016 II: 1243), *активен борец* (ИС 2016 II: 1294). На места се забележува посериозна интервенција на пишувачот во кажувањето на барателот/барателката со користење реторика карактеристична за новите општествено-политички околности. Ова може да се поткрепи со еден исечок од биографијата на Јордана Василева Алаѓозовска, по потекло од с. Русиново, во кој е кажано и следново: „(...) so mažot mi Vasil Aladjozovski i drugi Ilindenski dejci za osloboduvanje na našata tatkovina Makedonija od bivšata Otomanska feudalna imperija so sopstveni sili bez udel na stranskite imperijalisti Bugarija, Srbija, Grcija i Crna Gora (…).“ (ИС 2016 I: 57). Ваквото согледување го темелиме на фактот што се работи за неграмотна жена родена во 1866 г.

Како што анализира Кит Браун во предговорот на изданието, ваквиот тип фрази „одговараат прецизно на критериумите воведени од системот за да се направи разлика меѓу ’доволна‘ активност и ’недоволна‘, и оттука и меѓу ’заслужен‘ и ’незаслужен‘ (Браун ИС 2016 I: XXXIII). Но, тој посочува на нешто што е уште посуштинско и вели: „Варијабилноста на документацијата од барателите и внимателноста со која претставниците на македонската социјалистичка влада ги собирале документите и

ги прегледувале одлуките, укажува дека овие стари мажи и жени едноставно не ги следеле правилата што им биле наметнувани од режимот“ (Истото). Сепак, токму таа индивидуалност во искажувањето, односно во прикажувањето на фактите стои наспроти обидот да се наметне некаков единствен стил, шема или гледиште, па затоа Браун констатира: „Ако идеалот на системот бил да се поттикнат приказни наполно конзистентни со единствена, јасна историја на Илинденското востание, или да се наметне стандарден јазик на понизно молење или благодарност, тоа не успеало“ (Браун ИС 2016 I: XXXV).

Тргнувајќи од ова, не е чудно што исказот е честопати изразено експресивен, со акцент на претрпените страдања (апсења, прогони, испрашувања, издржувања законски казни). Во прилог на ова наведуваме делови од биографијата на Митра Котева Ангелеска: „Во мудурницата на с. Прибилци бев затворена во долапи мачена со разни маки 10-12 дена и распитувана кој је направил скривницата (...) На такво време [студено и снежно – заб. Л. Г.] јас изминав пат од с. Прибилци до Битола 35. км. И така дури ноќта стигнавне во Битола и тамо ме турија во долапите и почнаја да ме мача со разни и не чујени маки (...).“ (ИС 2016 I: 133).

Во поглед на јазикот, кај молбите (како и во другите документи) се забележува влијанието на образованието на туѓ јазик. Во тој поглед ја изделуваме употребата на кратките заменски форми за индиректен предмет со присвојно значење за сметка на присвојните заменски придавки: *дејност* ***ми***, *исказите* ***си,*** *другарите* ***ми***; лексемите како: *се види, истинитост, получавам/неполучавам.* Од друга страна, присуството на дијалектните особености на родниот говор на барателите (кои, како што споменавме, најчесто биле неграмотни или знаеле само да си го напишат името) во голем број случаи се ограничени најверојатно при запишувањето од страна на лицата кои во поголема или помала мера, но сепак многу доследно се обидуваат да ја следат постојната стандарднојазична норма. Недоследност нотираме во однос на формите на глаголите на *-уе*, прифатени како норма со *Правопис* од 1945 г., и на *-ува*, дури и во рамките на една дел-реченица, на пример: *3) да не сум* ***осудуван*** *од Нар. суд за* ***изгубуење*** (и: *изгубувайне*, Демирхисарско, 1948, 944) *нац. чест*, иако може да се види дека глаголските форми со суфиксот *-ува* се и побројни: *се установуе*, но: *участвувал, изјавувам, получавам/неполучавам*, па сè до формите од типот на: *потврдујам, поднесујки.* Оттука, не случајно употребата токму на формите на *-уе* кај несвршените глаголи во фазата на акцептуација (прифаќање) се покажала како проблематична, па затоа тие и се заменуваат со, очигледно, пораширените форми на *-ува* веќе во *Правопис* од 1950 г., на што укажавме и погоре во овој текст.

Молбите пишувани на рака најчесто ја следат основната форма на овој образец, со одредни скратувања и приспособувања. Но, некои сосема отстапуваат од вообичаената клиширана структура, така што во нив доаѓа до израз желбата уште на почетокот да се остави впечаток врз претставниците на надлежните тела што би го разгледувале дадениот случај. Како пример ја земаме молбата на Ѓале Георгиев Галабов од градот Неготино од 18 јули 1951 г. (ИС 2016 I: 867) поради фактот што се работи за лице кое во неколку наврати веќе било одбиено и не му била доделена пензија. Може

да се каже дека пишувачот (самиот подносител е неписмен) се покажува не само како релативно добар познавач на стандарднојазичната норма туку и како личност вешта со перото, иако не може со сигурност да се определи колкав е неговиот влог во содржината на овој текст. Почетниот пасус од оваа молба гласи:

„Другари,

Се наближува големиот празник на нашиот народ – Илинден, кога целиот како еден се беше дигнал да се бори за извојување на својата национална слобода и права, против многубројниот непријател како турскиот башибозук од една страна така и паклените планови на големобугарите од Софија со дигањето на востанието – од друга страна."

На крајот од документот што се користи во 1946 г. (но и од подоцнежниот период) стои едноставно *подпис* или *потпис*, или *молител,* но и *молителка* (ИС 2016 II: 852 и др.), додека во некои се пишува најнапред слоганот: *Смрт на фашизмот, слобода на народот*!, по што следуваат фразите од типот на: *со почит* (ИС 2016 I: 86 и др.), *со почитание* (ИС 2016 II: 880 и др.)*, со почитанийе/so pocitanije* (ИС 2016 I: 253)[11]; има и комбинации од типот на *со почит – молител*, а ја изделуваме и формата *учтив* (ИС 2016 I: 170), а одделно и во женски род *учтива* (ИС 2016 I: 190)/*učtiva* (ИС 2016 I: 275) и сл. Молбите, но и жалбите можат да завршат и со фразата: *Со поздрав* (ИС 2016 II: 1271), *Со Другарски Поздрав* (ИС 2016 II: 843), дури и: *Со Другарски Поздрав Молител* (ИС 2016 II: 843) и сл. Ќе споменеме само накусо дека за докажување на учеството на барателите на пензиите во националноослободителната борба било барано сведоштво од двајца сведоци. Документите од ваков карактер се именувани како *изјава/изјава, уверение/uverenje, махаленско уверение* (ИС 2016 I: 428 и др.), дури и *Изјава Махаленско свидетелство* (ИС 2016 I: 483–484), а ако испрашувањето на сведоците е направено во суд, тогаш се правел *записник* (ИС 2016 I: 92 и др.)[12]. Иако постоел и соодветен образец за изјавата[13], сепак најчесто таквиот документ нема строго определена форма, а одделните изјави многу се разликуваат и во обемот (од неколку реда до две-три страници). Лицата што ја дале изјавата, односно се потпишале на уверението и на сличните документи се именуваат како *изјавител* (ИС 2016 I: 186 и др.)/*изјавител* (ИС 2016 I: 173 и др.), *изјавители*; *издаватели на уверението* (ИС 2016 II: 854)/*izdavateli na uverenieto* (ИС 2016 II: 854), или само *издаватели* (ИС 2016 I: 105), *свидетели* (ИС 2016 I: 286 и др.)*,* а може да стои и: *потписи на свидетели* (ИС 2016 I: 92)/*подпис на свидетелите* (ИС 2016 II: 874) и сл.

[11] Ваквите изрази се среќаваат и под биографиите.

[12] За некои баратели нема одделни такви документи, туку сведоците се потпишуваат под приложената биографија. Секако, тоа е придружено со соодветното објаснување, на пример: *Миј долупотписаните сведоци (...) тврдиме морално и материјално да наводите кој се внесени во ова биографија се точни и верни* (ИС 2016 I: 420); *За истинитоста на мојте наводи јамчам, морално, материјално и кривично, а истото ќе го посведочат и мојте соработници* (ИС 2016 I: 142) и сл.

[13] Бидејќи некои од барателите биле преселени во Србија, документите што ги испраќале, целосно или дел од нив (молба, биографија, изава и сл.), биле на српски јазик (на пр. ИС 2016 II: 965–967).

Најразлични фрази среќаваме и во завршниот дел од овие документи, каде што се гарантира дека дадената изјава, односно сведоштво е точно. Во еден од соодветните формулари изработени од надлежните државни институции ја наоѓаме следнава реченица: *Да се горните наводи во изјавата вистински тврдиме морално и материјално и сносиме секоја кривична одговорност* (ИС 2016 II 874). Ќе наведеме уште неколку примери од документи пишувани на машина за чукање или на рака кои не се преземени од некој пополнет образец: *Za tocnosta na navodite potvrduvame pod materijalna odgvornost na zakonot* (ИС 2016 II: 854); *За неточноста на горното ке одговараме морално материјално и кривично пред законот на Народната власт* (ИС 2016 I: 194); *Миј е долу подписаните тврдиме за горе изложеното даје точно и вистинито пошто сме биле заједно против турчиноп во Илинденското востаније* (ИС 2016 I: 215); *За истинитоста во преднатта наша изјава примамо сви законски одговорности* (ИС 2016 I: 242) и многу други. Различно се формулирани и изразите со кои надлежниот службеник или тело ја потврдува регуларноста на спроведената постапка: *Месниот народен одбор Крушевље тврди дека потписите на горните сведоци се ставени во канцеларијата во наше во наше присуствие* (ИС 2016 I: 428); *Da verno licata go izdadova ova uverenije TVRDIT* (ИС 2016 II: 854).

Огромниот број документи што ги разгледувавме за потребите на овој прилог отвораат многу интересни теми и нудат различни аспекти на проучување. Разновидноста и богатството на јазичниот материјал бараат многу пообемно и позадлабочено проучување од она што може да се направи во еден прилог. Сепак, треба да се нагласи фактот дека овие документи се исклучително значајни зашто се извонреден показател за примената на македонскиот јазик во младата македонска држава во почетните години по кодификацијата, при што голем број Македонци за првпат ја добиваат можноста во една официјална комуникација со државните институции да го користат својот мајчин јазик. Она што ни се наметнува како општ впечаток е дека веднаш по кодификацијата на македонскиот јазик, во највисоките државни тела и во официјалните документи, како и во печатот доследно се почитуваат правилата пропишани со *Правописот* од 1945 г., односно се следат промените направени со оној од 1950 г. Исто така, во услови на недостаток на образован кадар (имајќи предвид дека и дотогашното образование е стекнато на туѓ јазик), на сериозни технички ограничувања, како и на сè уште големиот процент на неписмено население, видив е сериозниот обид и на надлежните тела и на службениците и во малите места во Македонија (околиските одбори) вклучени во процесот на прибирање на документацијата за барателите на илинденските пензии, како и на граѓаните што учествувале во него, да го користат стандардниот македонски јазик, а пред сè македонското кирилско писмо (со постепено напуштање на туѓата правописна практика), секако, онака како што мислеле и сфаќале дека треба да го прават тоа.

Литература

Минова-Ѓуркова Лилјана. 2003. *Стилистика на современиот македонски јазик*, Скопје: Магор.

Конески Блаже, Тошев Крум. 1950. *Правопис на македонскиот јазик со правописен речник*, Скопје: Државно издателство на НР Македонија.

Македонски правопис, Изработен од Комисијата за јазик и правопис при Министерството за народна просвета, Скопје: Државно издавачко претпријатие, 1945.

Толковен речник на македонскиот јазик, Ред. Кирил Конески, Том VI (Т –Ш), Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2014.

ИС 2016 I, ИС 2016 II. *Илинденски сведоштва,* Том I, Дел I – II, Одговорни уредници и составувачи: д-р Јасминка Дамјановска, д-р Ленина Жила и д-р Филип Петровски, Скопје: Државен архив на Република Македонија, 2016.

UDC 811.163.3:811.162.3
UDC 811.162.3:811.163.3

Јасминка ДЕЛОВА-СИЉАНОВА
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

МАКЕДОНСКО-ЧЕШКИ ПРЕПЛЕТУВАЊА

Апстракт: Македонско-чешките јазични, книжевни и културни врски имаат долга традиција. Овој труд ќе ги поврзе сите овие заемни интереси од минатото, сегашноста и можностите за во иднина.

Клучни зборови: македонски јазик, чешки јазик, јазични проучувања, културни врски.

Оваа година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, славиме седумдесет години од изучувањето на чешкиот јазик и литература. Но, почетоците на овие релации не почнуваат тука – тие се многу подлабоки и тоа на повеќе нивоа.

1. Иван Доровски во својата книга *Чешко-македонски книжевни теми* дава поделба на чешко-македонските културни односи и според него, поделбата по периоди изгледа вака:
2. *Византиско-великоморавски период* (преводно и оригинално дело на Константин-Кирил и Методиј и на нивните ученици).
3. *Кириометодиевска традиција* која продолжува од времето на Карел IV. Според Ржехачек/Урбан има „екуменичен“ карактер – заедничка за сите христијански цркви и религиозни заедници во чешката културна средина.
4. Таканаречен *аналитички-издавачки период за време на просветителството и првата преродбенска фаза од половината на 18 век.*
5. Во овој период, Геласиус Добнер, таткото на чешката критичка историографија се занимавал со прашања за моравската мисија на Кирил и Методиј во врска со јазикот, глаголицата и кирилицата.
6. *Интерес на чешката наука и на чешката културна јавност за посестрано запознавање на Јужните Словени поврзано со националната преродба на словенските народи во првата половина на 19 век.*

Во овој период, Јозеф Добровски ја направил првата чешка класификација на словенските јазици и ја поставил теоријата за јазикот во делата на Кирил и Методиј. Треба да се споменат и Вацлав Ханка, Јозеф Јунгман и Павел Јозеф Шафарик, којшто ја застапувал тезата дека првите преводи на литургиски текстови имаат македонско-словенска основа.

1. *Општославистички, книжевно-историски и лингвистички прашања – реалистички период (1848-1914).* Во овој период спаѓа дејноста на Константин Петкович и на Рајко Жинзифов, на Јан Гебауер и на низа други чешки преведувачи од македонското народно поетско и прозно творештво, како што се Јозеф Холечек, Франтишек Доуха, усилбите на Лудвик Куба да ја посети Македонија и да настане делото *Книга за Македонија* која во издание на „Македонска реч“ во 2007 година е преведена на македонски јазик. Лудвик Куба имал исклучително познавање на историјата на македонскиот народ. Го посетил Охрид – по стапките на мисијата на Кирил и Методиј и нивните наследници; Струга – родното место на браќата Миладиновци, бил импресониран од нивната собирачка дејност; Преспа, Пелагонија, Ресен, Прилеп – родното место на Крали Марко и Трескавец, бил заинтересиран и за фолклорот на Смилево, на Галичник и на Скопје.

За овој период треба да се спомене и одгласот на Илинденското востание во чешката јавност и литература од страна на балканологот со европско реноме – Константин Јиречек.

2. *Периодот меѓу двете Светски војни* претставува значајна фаза во историјата на заемните односи, особено во односот на чешката дипломатија кон т.н. македонско прашање. Во тој период спаѓа и делото на истакнатиот литературен историчар Јан Махал, на славистот Јозеф Пата, па сè до капиталното дело на етнографот Јиржи Поливка коешто во 1932 година било издадено од Чешката академија на науките - Lidové povídky jíhomakedonské.

Мошне значајна улога во периодот меѓу двете Светски војни има и дејноста на конзулатот на Република Чешка во Скопје. Имено, во 1918 г. е формирана првата Чехословачка Република на чело со Томаш Гарик Масарик. Чехословачка од распаднатата Австро-Унгарија излегла како индустриски развиена држава на која ѝ припаднал 80 % од индустрискиот потенцијал на Австро-Унгарија и била можност да организира дипломатски претставништва (амбасада, конзулат) во разни земји, меѓу кои и во сите тогашни балкански држави.

Чехословачката дипломатија била убедена дека овој дел од Европа ќе продолжи да биде невралгично подрачје бидејќи знаела дека балканските држави не се задоволни од она што го остариле во војните.

Во односите кон нив ги почитувала специфичностите на балканските држави каде што македонското прашање било предмет на интерес.

Освен во другите поголеми градови на Кралството Југославија, во периодот меѓу двете светски војни работел и конзулатот на ЧСР во Скопје. Отворен во 1925 г. како неопходен дипломатски орган, а затворен во 1939 година, наводно поради рационализација на чехословачките дипломатски служби.

Конзулатот имал задача политички да го покрива жешкиот терен наречен „Јужна Србија“, но доста активно работел и на развитокот на економските и на културно-просветните односи меѓу двете земји. Тоа се вклопувало во плановите за економско навлегување на Чехословачка на балканскиот југ.

Скопје не било седиште на многу конзулати. Од документите е видлив нагласениот интерес на Чехословачка за Македонија. Конзулатот на Чехословачка во Скопје развил богата културно-просветна активност.

Мошне интересен лик е и Јулиус Комарек кој во 1925 г. дошол во Македонија да ги проучува комарците кои направиле пустош со пренесување на заразата на тогаш смртоносната болест – маларија. Од неговиот престој произлегла книгата *Непозната Македонија* која, исто така, е преведена на македонски јазик во издание на „Македонска реч“ во 2002 година.

Во овој период има голем број статии и прилози за Чехословачка во македонските весници и списанија „Вардар“ и „Јужни преглед“.

Периодот по 1945-1991 година. Чешка поминува низ доста тежок период каде се менуваат чешката пролет со периодот на нормализација. Тука треба да се спомене славистичкото и македонистичкото дело на Антонин Фринта, на Франтишек Копечни и на Карел Хоралек. Мошне значаен удел во чешко-македонските релации одигруваат и Иван и Дагмар Доровски.

Мошне значајно е да се истакне дека во периодот по Втората светска војна, Карловиот универзитет во Прага е првиот странски универзитетски центар каде се отпочнати предавањата од областа на современиот македонски јазик. Од друга страна, пак, токму лекторот по чешки јазик Карел Хора е првиот странски лектор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

3. *По осамостојувањето на двете земји*. Во овој период дипломатските односи на двете земји се продлабочуваат со отворањето на амбасади во 2004 година. Исто така, лекторатите за чешки, односно за македонски јазик продолжуваат со својата дејност која во периодот на нормализацијата, односно Информбирото била прекината. Во учебната 1993–1994 година во Република Чешка е отворен уште еден лекторат по македонски јазик во Брно, на Масариковиот универзитет. На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со предавања од областа на чешкиот јазик и литература предаваат проф. Вера Јанева-Стојановиќ, а потоа и проф. Донка Роус. Во учебната 1992–1993 година на Катедрата за славистика при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје изучувањето на чешкиот јазик и литература се подигнува на ниво на втор главен јазик, додека во учебната 2013–2014 година започнуваат студии на ниво на прв главен јазик.

Во рамките на соработката на овие центри, во Прага, Брно и Скопје се реализирани и билатерални научни конференции. Имено, во 1996 година во Охрид се одржува Првата македонско-чешка конференција, за потоа во 1998 година во Прага да се одржи Втората чешко-македонска конференција. Потоа следуваат конференциите во Охрид во 2001 година и во Брно во 2007 година. Во 2012 година во Скопје се одржува Петтата македонско-чешка конференција кога воедно се одбележуваат 65 години од изучувањето на чешкиот јазик и литература на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Шестата чешко-македонска конференција се одржува во Брно во 2014 година, а во Скопје во 2017 година се одбележаа 70 години од бохемистиката во Ско-

пје со Седмата македонско-чешка научна конференција. Сето ова укажува на плодна соработка на овие три центри со оглед на тоа што на секоја од овие конференции има учесници и од двете земји.

На полето на проучувањето на двата јазика во овој период се јавуваат многубројни научни статии, но како мошне значајни се јавуваат и речниците, односно Македонско-чешкиот речник во издание на издавачката куќа *Магор* во 1998 година во редакција на Јадранка Владова и Чешко-македонскиот речник во издание на *Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје* во 2006 година во редакција на Донка Роус и Франтишек Чермак. Значајно е да се каже и дека во Чешка излегува Чешко-македонскиот речник во издание на *Еурославика* во 2000 година во редакција на Карел Хора, првиот лектор по чешки јазик во Скопје.

Во овој период мошне се обрнува внимание и на преведувањето на дела од македонски автори на чешки и обратно. Преводите на литературата се мошне значајни и претставуваат уште една алка во заемното доближување и запознавање на двете земји и јазици. Може да се каже дека првите преводи и во двата јазици се, всушност, препејување поезија.

Македонската литература во Чешка најмногу е претставена преку поезијата на наши врвни поети почнувајќи од Блаже Конески, Гане Тодоровски и помлада генерација поети. Потоа, најчесто се преведуваат раскази, но веќе и романи на македонски писатели како Оливера Николова, Димитар Башевски и Гоце Смилевски. Најзаслужен за доближувањето на македонската поезија и проза на чешка територија се тандемот Иван и Дагмар Доровски.

Чешката литература во Македонија, исто така на почетокот е претставена преку поезијата на врвни чешки поети како Јарослав Сајферт, Витеслав Незвал, Јиржи Волкер и др. Голем број од творештвото на Карел Чапек е преведено на македонски, секако дека е преведено и делото *Доживувањата на добриот војник Швејк* од Јарослав Хашек, но и творештвото на Милан Кундера. Посебно треба да се истакне дека токму на македонски јазик е првиот превод на неговиот роман *Шега* во поранешна Југославија, превод на книга која долги години потоа ќе биде забранета во Чехословачка Република, додека секаде во светот е преведувана и сè попозната. Во поглед на доближувањето на чешката литература во Македонија, најголема улога одигруваат преводите на Донка Роус.

Денес, може да се каже дека има голема продукција на преводи на дела од чешки јазик на македонски, а сето тоа е благодарение на поддршката од Министерството на Република Чешка за превод на чешки дела на странски, но секако и интересот на издавачките куќи за чешката литература.

На крајот, може да се заклучи дека заемниот интерес и соработка меѓу Чешка и Македонија има длабоки корени и историја. Останува на нас тие преплетувања да ги продлабочиме уште повеќе и да продолжиме меѓусебно да се запознаваме преку литературата, културата и образованието.

Литература

Велјановски Новица. 2009. *Македонско-чехословачки културолошки релации.* Скопје: Македонска реч.

Доровски Иван. 2011. *Чешко-македонски книжевни теми.* Скопје: Дијалог.

Чехословачки дипломатски документи за Македонија 1919-1933. Ред. Новица Велјановски, Јан Рихлик, I-II. Скопје: Државен архив на Република Македонија, 2006.

UDC 811.163.3’373.7:811.18’373.7
UDC 811.18’373.7:811.163.3’373.7

Олгица ДОДЕВСКА-МИХАЈЛОВСКА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

СПОРЕДБЕНИТЕ ФРАЗЕОЛОГИЗМИ ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Македонија е контактна зона на Балканот во која се испреплетуваат етнички, религиски, културни и јазични различности. Но, постои и заедничко историско, културно и јазично јадро. Колективното паметење како резултат на заедничкото минато, свој израз најчесто наоѓа во фразеологијата која е носител на културните обележја, одликите на различните идентитети, како и на менталната и емоционалната мапа на оваа мултикултурна средина. Темата обработува еден фразеолошки тип, т.н. споредбени фразеологизми, и тој тип фразеологизми во македонскиот јазик се контрастира со соодветните фразеологизми во албанскиот јазик. Затврденоста и репродуктивноста се суштински во разграничувањето на споредбените фразеологизми од слободните споредбени врски. Споредбата подразбира приближување на два поима по некаква семантичка сличност, при што помалку познатото се приближува до попознатото својство. Преку структурно-семантичка анализа се прави попис на овој тип фразеологизми во македонскиот и во албанскиот јазик. Споредбените фразеологизми, претставени напоредно, би ги отсликале сличностите и разликите во двата јазика.

Клучни зборови: споредбени фразеологизми, внатрешнојазичен апект, структурни типови, македонски јазик, албански јазик.

Во современиот македонски и во современиот албански јазик се користат голем број кратки споредби што го прават исказот многу појасен и посликовит. При разграничувањето на споредбените фразеологизми од споредбите и метафорите, како најзначајни се изделуваат основните својства на споредбените фразеологизми кои се тесно поврзани со нивната структура, лексичките односи меѓу нив, механизмите што влијаат на нивното оформување, како и специфичностите што се јавуваат при контрастирање на македонските и албанските фразеологизми.

Примерите што се користени при анализата, во најголем дел се од македонските еднојазични фразеолошки речници, а помал дел од двојазични речници, фразеолошки прирачници и забележани идиоматски структури во говорот на изворни зборувачи на албанскиот јазик.

Разликата помеѓу споредбата, метафората и споредбениот фразеологизам е во тоа што споредбениот фразеологизам се репродуцира како целост, а пак, споредбата, метафората се создава во говорниот процес. Познато е дека многу фразеологизми се

развиле од метафората, односно се конвенционализирале, од говорот на поединецот, и станале дел од јазикот на заедницата, па почнале да се употребуваат како нераскинлива врска на зборови. Но, оваа констатација не важи и за споредбените фразеологизми. Тие, првпат биле употребени како поетски споредби, а не метафори и подоцна прераснале во споредбени фразеологизми. Еден дел од нив во основата ја имаат метафората како когнитивен механизам, а друг дел се засноваат на метонимијата како когнитивен процес.

Овие фразеологизми можеме да ги дефинираме како зборовни врски што се репродуцираат како постојани целости, препознатливи и општоприфатени изрази во јазичната практика, особено присутни и фреквентни во говорот на даден јазик.

Структурата кај овој тип фразеологизми е многу јасно конструирана. Класификацијата на споредбените фразеологизми во македонскиот и во албанскиот јазик се заснова на првиот елемент од фразеологизмот, односно на видот на зборот на кој се додава споредбата. Нивната структура е скоро идентична со многу мали варијации и може да се претстави на следниов начин:

1. Споредбени фразеологизми со придавка во чија структура има *придавка +сврзник+именка*, како во примерите:

Бел како снег / I bardhë si bore (Murati: 47),
Жолт како лимон / I vredhë si limon (Murati: 52),
Чист како солза / I pastër si loti (Murati: 45),
Нем како риба / I heshtur si peshku (Agai: 224),
Мек како памбук/памук (Murati: 47) / I butë si pambuk (Murati: 47)

и

2. Споредбени фразеологизми со глагол: *глагол+сврзник+именка*, во примерите:

Се тресе како прачка / Dridhet si purtekë (Murati: 25),
Спие како јагне / Flen si qengj или
Спие како топ / Flen si top (Murati: 37).

Овие две групи фразеологизми се најбројни во двата јазика.

Кај втората група споредбени фразеологизми се јавува структурно проширување на десната страна од споредбата, што значи дека покрај именката може да се најде атрибут, на пример:

Дрдори како празна воденица / Flet si mulli i prisht / si mulli pa ujë (Murati: 37),

или пак споредбата да биде со предлошка синтагма:

Се гледа како на дланка / Duket si në pëllëmbë (Murati: 26).

При анализата на елементите што се наоѓаат од десната страна во двата јазика се среќаваат и други подгрупи фразеологизми. Меѓу другите ќе ја истакнеме споредбата што го содржи приложниот сврзник *како* и *именска двојка* која се приклучува на глаголот, како на пример:

Се сакаат како куче и мече (Murati: 71); *Се сакаат како мачка и глушец* (Murati: 71), или стојат самостојно, *<u>како куче и мече</u>*.

Анализата на корпусот покажува дека кај споредбените фразеологизми во македонскиот и во албанскиот јазик се јавува извесна нестабилност во формата што се изразува преку голем број лексички и морфосинтаксички варијации и модификации. Воочени се повеќе видови промени: замена на лексемите, односно лексичка супституција, додавање на елементи, редукција на елементи и морфосинтаксички модификации. Ќе изделиме примери каде супституцијата на лексемите се однесува на замена на придавката во македонскиот јазик: *Здрав/јак/силен како дрен*, и замена на именката кај семантичкиот еквивалент во албанскиот јазик: *I fortë si lisi* или *I fortë si thane* (Ymeri, Osmani: 131, Murati: 47) / *I fortë si thane* (Murati: 10, 47). Оваа појава на лексичка супституција на именката ја среќаваме и во други примери албански фразеологизми, што може да се карактеризира како специфичност на албанскиот јазик. На примерот *Лесен како пердув* се сопоставуваат овие варијанти на албанскиот јазик:

I lehtë si pendël / *I lehtë si gjeth*, што ја илустрираат оваа констатација.

Кај споредбените фразеологизми со глагол и во двата јазика среќаваме замена на именката во споредбата: *Работи како пчела/крт/црв* наспрема *Punon si bletë* (Agai: 168); *Punon si urith* (Murati: 9); *Punon si iriq* (Imeri, Osmani: 890).

Лексичките промени кај овој вид фразеологизми придонесуваат за создавање синонимски и антонимски низи. Замената на лексемите не влијае на формата, таа останува препознатлива и лесно се поврзува со основата. Па така, на пример, покрај придавката најчесто се приклучуваат низа од синонимски споредбени фразеологизми во двата јазика кои се разликуваат на планот на изразот, а се слични на планот на содржината. И во македонскиот и во албанскиот јазик тоа се придавките кои означуваат некаква физичка или психичка особина, боја и сл. Фразеологизмите во такви синонимски низи имаат исто значење, но сепак се разликуваат во нијанси. Човекот позитивно го вреднува здравјето и народот го опишува со она што го создала природата: растенија, животни и сл. Па така поимот *здравје* во двата јазика се доведува во врска со нешто силно, јако, издржливо, јадро: *дрен, јаболко, бик.*

Кај фразеологизмите *Се сакаат како куче и маче* / *Shkojnë si pyka e tyka* и кај нивната варијација во споредбата *Се сакаат како мачка и глушец* / *Shkojnë si macja me miun* се јавува опозиција на два различни поими што е својствено за иронијата која се реализира во значењето ’не живеат во љубов, не се сложуваат меѓусебно, постојано се во непријателски односи‘. Овие споредбени фразеологизми, покрај основното значење, даваат и дополнителна информација за ставот на зборувачот кон оваа појава, па така добиваат и дополнително конотативно значење што негативно ја вреднува појавата и предизвикува негодување. Негативната експресивна боја на значењето силно се интензивира во фразеологизмот *Се јадат како кучиња* со албанскиот еквивалент *Hahen si qentë* (Imeri, Osmani: 355). Слична негативна експресивна функција има и фразеологизмот *Го сака како снег во пазува* (Murati: 27) / *E don sa borën në gji* (Murati, 27), но во македонскиот јазик тој се јавува со лексички разлики во структурата на споредбата *Го сака како ланскиот снег*.

Споредбените фразеологизми почесто се користат во разговорниот јазик, па затоа лексичкото богатство на двата јазика доаѓа до израз во фразеологијата на дија-

лектите. Примерот *Се пули како маче на цironче* (Murati: 71) и *Bën si macja pas ciras* (Jovanova: 71) е најдобар пример за специфичниот културолошки избор на лексемите на одреден географски простор, па затоа и проучувањата на регионалната фразеологија би претставувале драгоцен прилог на денешнава тема.

Анализата на корпусот на споредбените фразеологизми во двата јазика покажува голем број сличности на различни рамништа: лексичка, структурна, тематска и семантичка. Семантичките својства на овие фразеологизми не покажуваат јазични или национални специфичности, тие се реакција на состојбите и појавите од општо значење, но лексичките својства ги одразуваат специфичностите на културата и на јазичната заедница на која припаѓаат. Лексичките преклопувања на елементите на споредбените фразеологизми во двата јазика се резултат на заедничката свест, на општествените процеси, на заедничкото културно и историско наследство, односно заедничкото знаење за светот, искуството, меѓусебните контакти и општите семантички механизми. Лексичките разлики, пак, се резултат на специфичностите на секој јазик одделно и на специфичниот културолошки избор на лексемите, што се потврдува и во примерите: *Го познава како црвена пара* и *E njohin si paranë e kuqe.* (Murati: 34) со значење 'го познава многу добро', но само во македонскиот јазик со истото значење, а со различен лексички состав функционира и фразеологизмот *Го познава како црвено јајце.*

Балканскиот простор како средиште на мултиетнички јазичен контакт нуди можности за споредбени јазични проучувања. Резултатите од истражувањата на фразеологизмите како затврдени состави на даден јазик во случајов, македонскиот и албанскиот, ја одразуваат етничката и културната специфика, што е и наша цел во оваа пригода.

Литература

Велковска Снежана. 2002. *Белешки за македонската фразеологија*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Велковска Снежана. 2008. *Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник*. Скопје: „БПТ-принт“.

Јованова-Грујовска Елена. 2013. *Капка по капка – вирче – Rrëk e mbi rrëk e u bë një liqe* – Македонско-албански пословични паралели. Скопје: Бата прес.

Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. Кирил Конески, I–VI, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003–2014.

Тодор Димитровски, Ширилов Ташко. *Фразеолошки речник на македонскиот јазик*, т. 1. Скопје: Огледало, 2003.

Ширилов Ташко. *Фразеолошки речник на македонскиот јазик*, т. 2–3. Скопје: Огледало, 2008–2009.

Agai Adnan, Agai Kimetë. *Fjalor* Скопје: *Shqip-maqedonisht – Албанско-македонски речник.* Shqip – Скопје: „Meshari“, 1999.

Imeri Haky, Osmani Zihni. *Fjalor maqedonisht-shqip – Македонско-албански речник*. Скопје: Менора, 2008.

Murati Qemal. *Fjalor idiomatik shqip-maqedonisht – Албанско-македонски идиоматски речник*. Tetovë: Ḑабеј, 2003.

UDC 811.163.3’282

Васил ДРВОШАНОВ
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“– Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ИЗРАЗУВАЊЕТО НА СЕМЕМАТА ’ГОЕН‘ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ

Апстракт. Врз основа на дијалектниот материјал, користен од картотеката за проектот „Македонски дијалектен атлас“ при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, авторот констатира дека при изразувањето на семемата ’гоен, човек што е склон кон гоење‘ од тематското подрачје психички и физички особини на човекот на македонскиот дијалектен ареал се среќаваат десетина лексеми со исклучително голем број фонетски и зборообразувачки разновидности.

Авторот ја претставува распространетоста на лексемите и на нивните разновидности на сета македонската јазична територија. За секоја лексема тој дава неопходни етимолошки толкувања и врши проверка на дијалектните лексеми во македонските лексикографски трудови од аспект на нивната застапеност и од гледна точка на нивното значење.

Клучни зборови: *ḡоен*, лексика, македонски говори, речници, етимологија.

Во текот на историјата македонскиот јазик низа векови бил изложен на влијанија од јазиците со престиж. Влијанијата од јазиците со престиж во македонскиот јазик биле со различен интензитет во одделни историски периоди. Тие се одразиле во сите области и на сите рамништа, а, особено, во речничкиот состав, бидејќи лексиката е најотворен систем за прием на нови зборови. Независно од тоа, македонскиот јазик ја зачувал својата посебност, но не смеат да се пренебрегнат туѓите јазични влијанија. Тоа се согледува повеќе или помалку во сите тематски подрачја, следствено и во тематското подрачје психички и физички особини на човекот. Имено, со значење ’човек што е склон кон гоење‘ (Видоески 2000: 94) од односното тематско подрачје на македонската јазична територија се среќаваат десетина лексеми со исклучително голем број фонетски и зборообразувачки разновидности. Врз основа на користениот материјал од картотеката за проектот „Македонски дијалектен атлас“ при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ за изразување на семемата ’гоен‘ се регистрирани следните лексеми со множеството разновидности, сп. *ḡоен* (*ḡојен, ḡоин, ḡу'ен*[1], *ḡуј'ен, ḡоан, ḡојан, ḡојăᵃн, ḡујăᵃн; зḡоен, зḡојен, зḡоан, зḡојан, зḡојн; изḡоен, изḡ'оен, изḡо'ен, изḡу'ен, изḡ'оин, изḡ'ојăн; оḡоен, оḡо'ен, ọḡ'оен; уḡоен, уḡ’оен, уḡо(ј)ен, уḡ'оин, ўḡ'ойăн; ḡојлив; ḡоежлив, ḡоежлиф, ḡо'ежлиф, ḡоезлиф, ḡоеслиф, ḡ'ое:слиф, ḡоеш̄лиф,*

[1] Акцентот е одбележен само во оние случаи каде што има отстапување од акцентот во македонскиот стандарден јазик.

ѓоешлив, ѓоешлиф, ѓоешл'иф, ѓојажљ'ив, ѓојазлиф, ѓојежлиф, ѓујазл'иф, ѓујезл'иф, ѓујѐзљ'ив; зѓојазлив, зѓојазлиф; ѓоење; ѓ'ојно деѿ'е; ѓо'ено б'ише), *дебел* (*деб'ел*, *диб'ел*, *деб'еў*; *дебелј'ак*; *здебелен чоек*; *дебелење*), *ѿ'иа*, *мешлес* (*мешко*), *офолиѿ*, *ѿоѿрав'ен*, *ѿреѿил*, *свраѿен*, *складен* и *шкемб'ар* (*шкимб'ар*, *шклиб'ар*).

Дел од регистрираните лексеми се среќаваат во глаголски и во глаголско-именски изрази, кои се јавуваат во извесен број фонетски и морфолошки разновидности, сп. *ѓои* (*се ѓое, са ѓое, са ѓое ногу, ногу са ѓое, сѐ ѓое, ного сѐ ѓое, са ѓоеѿ, се ѓојѿ, ѓое се, ѓое се ногу, ѓо: се ного; се зѓоил; уѓо'ил се*); *дебели се* (*ногу са деб'еле*, *сѐ диб'еле*, *се дебелиѿ; се дибел'ее /ногу/*); *ѿоѿрави се* (*са ѿоѿр'аве*, *ѿоѿр'авја се*) и *склава се* (*човек шо склава ме:рша*, *се склава*).

Во врска со изразувањето на семемата 'гоен' во македонските говори треба да истакнеме дека доминира со исклучителна супериорност лексемата *ѓоен*. Пријатно изненадува единството на македонските родени зборувачи во тој поглед. Колоритноста на дијалектната слика на споменатата семема ја прават извонредно големиот број разновидности од фонолошки и од зборообразувачки карактер.

Стандардната лексема *ѓоен* се среќава во четириесетина пунктови од следните говори: прилепскиот (Крушовјани, Прилепец), битолскиот (Дихово, Драгош, Кукуречани, Живојно, Скочивир, Паралово, Путурос), кичевскиот (Тајмишта, Светорача), поречкиот (Здуње), скопскиот (Црешево), велешкиот (Карабуниште, Мелница), преспанскиот (Љубојно, Арвати, Царев Двор), долнопреспанскиот (Л'к, Шулин, Граждено), дебарските говори (Ростуше, Горенци, Гари, Голем Папрадник, Стеблево–Дебарско, Држилово–Скопско), гостиварскиот (Куново, Маврово), костурскиот (Крчишта, В'мбел, Ошчима), леринскиот (Зеленич, Д. Котари), тиквешкиот (Барово, Ваташа–Кавадаречко), гевгелискиот (Конско), радовишкиот (Конче), штипскиот (Никоман, Долни Балван), кочанскиот (Припечани, Костин Дол), кумановскиот (Думановце) и во кривопаланечкиот (Габер, Огут).

Од лексемата *ѓоен* во десетина пунктови од македонскиот лингвистички ареал се јавуваат следните фонетски разновидности, сп. *ѓојен* (Ботун–Охридско), *ѓуј'ен* (Тушин–С'ботско), *ѓоан* (Букојчани–Кичевско, Г. Белица–Бродско) и *ѓојан* (Дивле–Скопско, Претор–Ресенско, Баниште–Дебарско, Четирце–Кумановско, Ранковци–Кривопаланечко).

Мошне важно за нагласување е тоа што од лексемата *ѓоен* се среќаваат неколку зборообразувачки разновидности со помош на префикси, од кои некои се забележани во комбинација со фонетски разновидности, сп. *зѓоен* (Тополчани, Слепче–Прилепско, Старавина–Битолско, Радожда–Струшко, Ѿепиште, Клење–Дебарско, Тумчевиште–Гостиварско, Кратово), *зѓоан* (Жерноница–Дебарско, Ракотинце, Челопек–Тетовско), *зѓојн* (Простране–Кичевско); – *изѓ'оен* (Смоларе, Стинек–Струмичко), *изѓо'ен* (Ново Село–Струмичко), *изѓу'ен* (Липинци–Кајларско), *изѓ'оин* (Мутулово, Патарос–Кукушко), *изѓ'ојѐн* (Николич–Гевгелиско); – *оѓоен* (Праведник–Кавадаречко), *оѓо'ен* (Штип), *ọѓ'оен* (Костурино–Струмичко); – *уѓоен* (Кучково–Скопско, Градско–Велешко), *уѓ'оен* (Нивичино–Струмичко, Подареш–Радовишко, Белица–Санданско), *уѓо(ј)ен* (Сараќинце–Тетовско) и *уѓ'оин* (П'теле–Леринско).

Освен префиксираните зборообразувачки разновидности во дваесетина населби на македонското дијалектно подрачје се наоѓа зборообразувачката разновидност на суфиксот *-лив* во комбинација со фонетски разновидности, сп. *ѓојлив* (Рожден–Кавадаречко); *ѓоежлив* (Катланово, Љубанце–Скопско, Крушје–Ресенско), *ѓоежлиф* (Буково–Битолско, Туин–Куичевско, Пожаране–Гостиварско), *ѓоезлиф* (Кнежино–Кичевско, Лешок, Брезно–Тетовско), *ѓоеслиф* (Строви́ја–Прилепско), *ѓое:слиф* (Нивици–Малопреспанско), *ѓоеѿлиф* (Буф–Леринско), *ѓоешлив* (Белимбегово, Ракотинци, Зелениково–Скопско), *ѓоешлиф* (Драчево–Скопско), *ѓоешл'иф* (Габрово–Струмичко), *ѓојажљ'ив* (Орашац–Кумановско), *ѓојазлиф* (Речица–Охридско, Слепче–Демихисарско, Марковени–Костурско) и *ѓујӑзљ'ив* (Муртино–Струмичко).

Во населбата Волковија–Гостиварско лексемата *ѓоен* е забележана со објаснувањето ’се згоал ка свиња‘, а во Радовиш нејзината разновидност *уѓ'оен* е регистрирана со објаснувањето ’го: се ного‘.

Во островски ареали се употребуваат именски групи, сп. *ѓ'ојно деѿ'е* (Гратче–Кочанско), односно *ѓо'ено б'ише* (Поп’лжани–Леринско).

Изразувањето на семемата ’гоен‘ во десетина пунктови од македонската јазична територија се врши со лексемата *ѓои* во глаголски и во глаголско-именски изрази, која се јавува во извесен број фонетски и морфолошки разновидности, сп. *ѓои* (Никодин–Прилепско), *се ѓое* (Павлешенци–Светиниколско), *ногу са ѓое* (Корнишор–Ениџевардарско), *сӑ ѓое* (Тремно–Кајларско), *ного сӑ ѓое* (Гуменџе–Ениџевардарско), *се ѓојѿ* (Глобочица–Струшко), *ѓое се* (Виница), *ѓое се ногу* (Древено–Пробиштипско), односно *се зѓоил* (Волино–Охридско) и *уѓо'ил се* (Дедино–Радовишко).

Лексемата *ѓоен* и сите нејзини разновидности се општослов. и праслов. од ие. корен *gu̯ei- (Георгиев 1971: 269; Skok 1971: 585–586).

Во значително помал број населби на македонскиоит дијалектен ареал во однос на лексемата *ѓоен*, со значење ’човек што е склон кон гоење‘ е забележана лексемата *дебел* со следните разновидности, сп. *дебел* (Ѓавато–Битолско, Бујковци–Скопско, Лугунци–Велешко, Бобошчица–Корчанско), *деб'ел* (Спанчево–Кочанско), *диб'ел* (Савек–Серско, Дојран–Гевгелиско) и *дебелј'ак* (Лаки–Виничко).

Во глаголски и во глаголско-именски изрази во островски ареали од македонската јазична територија е нотирана лексемата *дебели се*, односно *дебелее се*, која се јавува во комбинација со фонетски разновидности, сп. *ногу са деб'еле* (Г. Пожарско–Воденско), *сӑ диб'еле* (С’ботско), односно *се дибел'ее /ногу/* (Лесново–Пробиштипско).

Лексемата *дебел*, стслов. **дебелъ**, се среќава во сите словенски јазици, освен во чешкиот и во полскиот (Георгиев 1971: 328–329; Skok 1971: 387).

Во десетина пунктови на македонската јазична територија со значење ’човек што е склон кон гоење‘ самостојно се забележани следните лексеми, сп. *иџ'иа* (Негован–Солунско), *мешлес* (Дурачка Река–Кривопаланечко), *офолиѿ* (Пустец–Долнопреспанско), *ѿоѿрав'ен* (Богословец–Светиниколско) со глаголскиот израз *ѿоѿр'авја се* (Киселица–Делчевско), *ѿреѿил* (Слимница–Костурско), *свраѿен* (Подлес–Велешко) и лексемата *складен* (Горенци–Костурско) со глаголскиот израз *се склава*

(Хрупишта, Марковени–Костурско), односно со глаголско-именскиот израз *човек шо склава ме:рша* (Езерец–Костурско).

Лексемата *ицица* веројатно е од тур. *ye-ci, коешто произлегува од ye-mek ’јаде‘ (Георгиев 1979: 12). Лексемата *мешлеш* произлегува од балтослов., општослов. и праслов. *mĕxъ (Георгиев, Дуриданов 1995: 451–452; Skok 1972: 421). Лексемата *офолиш* произлегува од праслов. *ahaliti, *ahaljǫ, образувано со претставката *a- од праслов. *haliti, *haljǫ без сигурна етимологија (Георгиев, Дуриданов 1995: 984; Skok 1972: 549). Лексемата *поправен* произлегува од балтослов., општослов. и праслов. *prāvъ (Дуриданов 1999: 577–581; Skok 1973: 26–27). Лексемата *прешил* произлегува од праслов. дијал. *pertylъ (Дуриданов 1999: 680; Skok 1973: 474–475). Лексемата *свраштен* произлегува од општослов. и праслов. *vortъ, стслов. **вратъ** (Георгиев 1971: 181–182; Skok 1973: 618–619), а лексемата *складен* произлегува од праслов. *klāsti, klādǫ (Георгиев 1979: 411–412; Skok 1972: 90–91).

При изразувањето на семемата ’човек што е склон кон гоење‘ во триесетина пунктови на македонската јазична територија се јавуваат паралелни образувања на фонетско, на зборообразувачко и на лексичко рамниште, каде што најчесто како прва компонента се среќава лексемата *гоен* или некоја од нејзините разновидности, сп. паралелни фонетски образувања: *гојăᵃн* // *гујăᵃн* (Страцин–Кумановско), *гоешлив* // *гоешлиф* (Извор, Богомила–Велешко).

Од паралелните образувања, каде што најчесто како прва компонента се среќава лексемата *гоен* или некоја од нејзините разновидности, на македонскиот дијалектен ареал доминираат зборообразувачките разновидности, сп. *гоен* // *згоен* (Рамне–Охридско, Ресен, Тиолишта–Костурско, Луке–Кривопаланечко), *гоен* // *изгоен* (Трпејца–Охридско), *гоен* // *угоен* (Милетино–Тетовско), *гоен* // *гоешлиф* (Башино Село–Велешко), *гоен* // *гојажљ'ив* (Младо Нагоричане–Кумановско), *гоен* // *гојазлиф* (Галичник, Лазарополе–Дебарско), *гоин*// *гујезл'иф* (Тресино–Воденско), *гу'ен* // *сă гое* (Владово–Воденско); *згоен* // *згојазлив/ф* (Печково–Гостиварско), *згојен* // *гојежлиф* (Којнско–Охридско); *гојазлиф* //*са гоеш* (Гломбочани–Долнопреспанско) и *гујазл'иф* // *са гое* (Чеган–Воденско).

Како прва компонента лексемата *гоен* или некоја од нејзините разновидности се наоѓа и во паралелните лексички образувања со лексемата *дебел* или со некоја од нејзините разновидности, сп. *гоен* // *дебел* (Попоец, Лешница–Кичевско), *гоен* // *деб'еў* (Саса–Делчевско), *гоен* // *здебелен чоек* (Г. Косоврасти–Дебарско); *згоен* // *дебел* (Струга), *згоан* // *дебел* (Боровец–Струшко), *згојан* // *дебел* (Стење–Ресенско); *изг'оин*// *диб'ел* (Крецово–Кукушко); *ўг'ойн* // *диб'ел* (Пирава–Валандовско) и *гоење* // *дебелење* (Луково–Струшко).

Во ограничен број пунктови од македонската јазична територија лексемата *гоен* или некоја од нејзините разновидности се наоѓа паралелно и со други лексеми, дури и во низа, сп. *са гое ногу* // *са попр'аве* (Струпино–Воденско), *гоен* // *дебел* // *се дебелиш* (Љубаништа–Охридско) и *сă гое* // *мешко* // *шклиб'ар* (Амбар Ќој–Кукушко).

Освен споменатите паралелни образувања на лексемата *дебел* или некоја од нејзините разновидности со лексемата *гоен* или со некоја од нејзините разновидности,

оваа лексема во островски ареали се јавува паралелно и со лексемата *шкембар*, сп. *диб'ел // шкемб'ар* (Фурка–Гевгелиско), односно *диб'ел // шкимб'ар* (Градобор–Солунско).

Лексемата *шкембар* е изведена од балканскиот турцизам *шкембе*, кој има персиско потекло, сп. перс. šikembe > тур. işkembe = şikembe, срп и хрв. škèmbe, буг. шкембé, аром. schinbeu, нгрч. σκεμπές (Младеновъ 1941: 694; Skok 1973: 400).

При проверката на дијалектните лексеми и на нивните разновидности за изразување на семемата ’гоен‘ во македонските лексикографски трудови *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања* и *Толковен речник на македонскиот јазик* од гледна точка на нивната застапеност и од гледна точка на нивното значење можат да се забележат извесни совпаѓања и различности.

Во *Речникот на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања* со соодветно значење се регистрирани следните дијалектни лексеми и некои од нивните разновидности, сп. *гоен* -јна *adj* (обично за стока) gojan, ugojen, debeo (Конески 1961: 106), *гоење n* gojenje, tovljenje (Конески 1961: 106), *гои impf* I 1. (за стока) gojiti, toviti. 2. (fig. iron. за човек) само го гојат, а ништо не работи samo ga tove, a ništa ne radi. II – *се* gojiti se, debljati (Конески 1961: 106), *згои pf* I (обично за стока) ugojiti, utoviti. II – *се* ugojiti se, utoviti se (Конески 1961: 253), *угои (се) pf* v. згои (се) (Конески 1966: 422), *дебел adj* debeo... 2. (згоен) дебел човек debeo čovek... 5. (fraz.) дебела сенка debeo hlad; дебела глава debela glava. 6. (во служба на именка) debeli, debeljko (Конески 1961: 130), *дебелее (се) impf* debljati, gojiti se, debeliti se (Конески 1961: 130), *дебелење* i *дебелење n* debljanje, gojenje, debeljenje (Конески 1961: 130), *дебели се impf* v. дебелее (се) (Конески 1961: 130) и *поправа impf* II – *се* ... 3. gojiti se, postajati puniji; бргу слабее, тешко се поправа brzo mršavi, teško se goji (Конески 1965: 338–339), *поправање n* … II … 2. ugojavanje (Конески 1965: 339), *поправи*[1] *pf* … IV – *се* ... 2. ugojiti se; беше слаба, коска и кожа, сега се поправила bila je mršava, kost i koža, sada se ugojila… (Конески 1965: 339), *поправува (се) impf* (dijal.) v. поправа (се) (Конески 1965: 339), *поправување n* (dijal.) v. поправање (Конески 1965: 339).

Со сродно значење во *Речникот* единствено е нотирана дијалектната лексема *мешко* -овци *m* v. мешло (Конески 1961: 412), *мешло* -овци *m* trbonja (Конески 1961: 412) со разновидноста *мешлест adj* trbušat, trbušast (Конески 1961: 412).

Дел од дијалектните лексеми со значење ’човек што е склон кон гоење‘ не се забележани со споменатото значење во *Речникот*, сп.: *поправен* -вна i (retko) поправителен -лна *adj* (што се однесува на поправање) popravni; поправен дом popravni dom; поправна казна popravna kazna; (fraz.) поправен испит (од француски) popravni ispit (iz francuskog) (Конески 1965: 339) и *шкембар m* 1. (оној што продава и што приготвува шкембиња) škemba. 2. onaj koji voli da jede škembiće (Конески 1966: 566).

Извесен број дијалектни лексеми, а, особено, некои од нивните разновидности со значење ’човек што е склон кон гоење‘ воопшто не се забележани со регистрираното значење во *Речникот*, сп. зборообразувачките разновидности на лексемата *гоен: згоен; изгоен; огоен; угоен; гојлив; гоежлив, гоезлив, гоеслив, гоетлив, гоешлив,*

ѓојажлив, ѓојазлив; зѓојазлив; зборообразувачките разновидности на лексемата *дебел: дебелјак*; *здебелен; цција; офолит; претил; свратен* и *склава*, односно *складен*.

Со соодветното значење ’човек што е склон кон гоење‘ во *Толковниот речник на македонскиот јазик* се забележани следните дијалектни лексеми и некои од нивните разновидности, сп. *ѓоен*, гоениот *прид*. Што се однесува на гои. *Колеше ѓоена свиња*. ‖ *глаг. им. ѓоење ср* (Конески 2003: 356), *ѓои*, гојат; гој, гојте; гоев, гоеја, гоел; гоен; гоéјќи; *мин. св.* гојав, гојаа и гоив; гоија; гојал и гоил; гојан *несв*. ... 2. (прен.) За човек што само јаде, а ништо не работи. *Само го ѓојат, а ништо не работи*. ○ *се* ~ Се дебели. *И крмнакот убаво се ѓои од тиквите* (Конески 2003: 356), *зѓои*, згојат; згој, згојте; згојав, згојаа и згоив, згоија; згојал и згоил; згојан и згоен; (ќе) згоев, (ќе) згоеја; (ќе) згоел *св*. сп. гои.1. *Минатото лето зѓоија три свињи*. ○ *се* ~ Стане дебел. *Тоа прасе многу јаде, ама никако да се зѓои*. ‖ *(се) зѓојува*, (се) згојуваат *несв*. ‖ *глаг. им. зѓојување ср* (Конески 2005: 194), *уѓои*, угојат; угој, угојте; угојав, угојаа и угоив, угоија; угојал и угоил; угојан и угоен; (ќе) угоев, (ќе) угоеја; (ќе) угоел *св.* Направи да има повеќе килограми од претходно, здебели, згои. *Уѓоија неколку свињи*. ○ *се* ~ Се здебели, се згои. *Многу се уѓои последнава зима*. ‖ *(се) уѓојува*, (се) угојуваат *несв*. ‖ *глаг. им. уѓојување ср* (Конески 2014: 163), *дебел*, дебелиот *прид*. ... 2. За луѓе, животни, делови од телото – згоен, полн. *Влегува дебела старица. Има дебели нозе. Дебела мачка*. ◊ *Дебела глава* – човек што тешко сфаќа. *Го извлече подебелиот крај* – помина полошо од другите (Конески 2003: 407), *дебелее*, дебелеат; дебелеев, дебелееја; дебелеел; дебелеен; дебелеéјќи; дебелеав, дебелеаја; дебелеал; дебелеан *несв*. Прави дебел некого, гои. *Реши да го дебелее прасето*. ○ *се* ~ Станува дебел, се гои. *Од ден на ден сè повеќе поруменува и се дебелее*. ‖ *глаг. им. дебелеење ср* (Конески 2003: 407), *дебели се*, се дебелат *несв*. ‖ *глаг. им. дебелење ср*. сп. дебелее (Конески 2003: 407) и *поправа*, поправаат *несв*. сп. поправа[1]. ‖ *глаг. им. поправање ср* (Конески 2008: 312), *поправи[1]*, поправат *св*... ○ *се* ~ ... 4. Се здебели. *Чистиот планински воздух му го отвори апетитот и тој брзу се поправи*... (Конески 2008: 312), *поправува (се)*, се поправуваат *несв*. (дијал.) в. поправа (се). ‖ *глаг. им. поправување ср* (Конески 2008: 312).

Во *Толковниот речник* со сродно значење се регистрирани следните дијалектни лексеми и нивните разновидности, сп. *мешко*, *мн*. мешковци *м*. сп. мешло (Конески 2006: 129), *мешло*, *мн*. мешловци *м*. пејор. Тој што има голем мев, стомак. ‖ *мешла*, *мн*. мешли *ж* (Конески 2006: 129), *мешлест*, мешлестиот *прид*. Што има голем мев, стомак. *Полицаецот беше крупен и мешлест* (Конески 2006: 129) и *шкембар*, *мн*. шкембари *м*. (разг.) в. чкембар (Конески 2014: 444), *чкембар*, *мн*. чкембари м. (разг.) ... 3. (прен.) Човек со голем стомак, мев, неуреден, расторбешен човек. *Чкембару никаков*. ‖ *чкембарка*, *мн*. чкембарки *ж*. ‖ *чкембарски*, чкембарскиот *прид*. (Конески 2014: 376).

Од дијалектните лексеми со значење ’човек што е склон кон гоење‘ во *Толковниот речник* со споменатото значење единствено не е нотирана лексемата *поправен*, поправениот *прид*. Што се однесува на поправање. *Поправен дом. Поправен испит. Поправни мерки* (Конески 2008: 312).

Неколку дијалектни лексеми, а, особено, некои од нивните разновидности со значење ’човек што е склон кон гоење‘ воопшто не се забележани со регистрираното значење во *Толковниот речник*, сп. зборообразувачките разновидности на лексемата *гоен: изгоен; огоен; гојлив; гоежлив, гоезлив, гоеслив, гоетлив, гоешлив, гојажлив, гојазлив; згојазлив;* зборообразувачките разновидности на лексемата *дебел: дебелјак*; *здебелен; цција; офолит; претил; сврашен* и *склава*, односно *складен*.

Врз основа на етимолошките толкувања може да се констатира дека за изразувањето на семемата ’човек што е склон кон гоење‘ на нашата дијалектна територија доминираат македонските наследени зборови, сп. *гоен: згоен, изгоен, огоен, угоен, гојлив, гоежлив, гоезлив, гоеслив, гоетлив, гоешлив, гојажлив, гојазлив, згојазлив, гои (се), згои (се), угои (се), гоење; дебел: дебелјак, здебелен, дебели (се), дебелее (се), дебелење; мешлест: мешко; офолит; поправен: поправи (се), поправува (се); претил; сврашен* и *складен: склава (се)*.

Од туѓо потекло со значење ’човек што е склон кон гоење‘ единствено се јавуваат турцизмите *цција* и *шкембар*, кои имаат островски карактер на македонската јазична територија.

На крајот може да се заклучи дека дијалектниот материјал, од една страна, и забележаниот и протолкуваниот речнички материјал во македонските лексикографски трудови, од друга страна, укажуваат на фактот за македонскиот карактер на јазичните средства при изразувањето на разгледуваната семема. Основниот дел од лексемите и нивните зборообразувачки разновидности со значење ’гоен, човек што е склон кон гоење‘ се македонски наследени зборови, кои грижливо се негувани низа векови од македонските родени зборувачи до ден-денес и покрај тоа што македонскиот јазик постојано бил изложен на туѓи влијанија.

Литература

Видоески, Божидар. 2000. *Прашалник за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Георгиев, Владимир И. (ред.). 1971–1979. *Български етимологичен речник*. I–II. София: Издателство на Българската академия на науките.

Георгиев, Владимир И.–Дуриданов, Иван (ред.) 1995. *Български етимологичен речник*. Том IV. София: Издателство на Българската академия на науките. Институт за български език. Академично издателство „Проф. Марин Дринов“.

Дуриданов, Иван (одгов. ред.). 1999. *Български етимологичен речник*. V. София: Българска академия на науките. Институт за български език. Академично издателство „Проф. Марин Дринов“.

Конески, Блаже (ред.). 1961–1966. *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања*. I–III. Скопје: Институт за македонски јазик

Конески, Кирил (гл. ред.). 2003–2014. *Толковен речник на македонскиот јазик*. I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Младеновъ, Стефанъ. 1941. *Етимологически и правописенъ речникъ на българския книжовенъ езикъ*. София: Печатница Хр. Г. Дриновъ.

Skok, Petar. 1971–1974. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*. I–IV. Zagreb: Jugoslovenska akademija znanosti i umjetnosti.

UDC 811.163.3’373.42

Виолета ЈАНУШЕВА
Педагошки факултет – Битола
Универзитет „Св. Климент Охридски“
Битола, Македонија

КОН ДЕФИНИРАЊЕТО НА ПАРОНИМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК

Апстракт: Иако се од исклучително значење за јазичната компетенција, паронимите во македонскиот стандарден јазик не се доволно испитувана појава. Во постојните извори се наведува едно исто објаснување за тоа што претставуваат паронимите и едни исти примери, од коишто не може да се добие јасна слика за природата на паронимите, а тоа негативно се одразува врз нивната правилна употреба во целокупната јазична практика. Оттука, во трудот критички се преиспитуваат постојното објаснување и примерите и се покажуваат заклучоците што произлегуваат од нив. Во трудот, исто така, се укажува на поврзаноста на паронимијата со зборообразувањето и врз основа на степенот на паронимност, се предлага нова класификација на паронимите придружена со соодветни примери.

Истражувањето има квалитативна парадигма (анализа на содржина) и дескриптивен дизајн. Корпусот што се анализира го претставува објаснувањето за паронимите во постојните извори и примерите. Корпусот, пак, на пароними, што служи како илустрација на предложената класификација е ексцерпиран од Толковниот речник на македонскиот јазик (2003). Од методите за обработка на податоците и за изведување заклучоци се употребуваат анализа, компарација и синтеза.

Истражувањето покажува дека паронимите не претставуваат хомогена група зборови и дека врз основа на степенот на паронимност (значењето на зборовите), се изделуваат три групи пароними, и тоа: целосни, делумни и квазипароними. На тој начин, се надградува постојното објаснување за паронимите, се прецизираат примерите, а тоа, пак, придонесува за подобрување на јазичната компетенција на зборувачите.

Клучни зборови: пароними, степен на паронимност, класификација.

1. Вовед. Иако се многу важни за јазичната компетенција, паронимите се недоволно испитувана појава во македонскиот јазик. Во постојните учебници по Македонски јазик за сите степени на образование, тие се разгледуваат во рамките на лексикологијата, во делот посветен на лексичкото значење на зборовите, како зборови што имаат сличен гласовен состав (форма), но различно значење (содржина). Дефиницијата за тоа што претставуваат паронимите во нив е кратка и едноставна, а наведените примери се разликуваат најмалку по еден глас или, пак, еден или два гласа од едната лексичка единица се јавуваат во друг редослед во другата лексичка единица, па навидум не постојат проблеми во нивното усвојување.

Сепак, од подлабоката и критичка анализа на постојната дефиниција и на примерите произлегуваат голем број прашања и дилеми. На пример, на кои видови зборови се однесува паронимијата? Што треба да се подразбира под сличност на гласовниот состав? Има ли правило во однос на тоа кои гласови треба да бидат слични? Има ли правило во однос на тоа кои гласови треба да се дадени со различен редослед во двете лексички единици? Дали лексичките единици *нема* и *нега* се пароними, со оглед на тоа што нивниот лексички состав е сличен? Дали се паронимите домашни или туѓи зборови?

Оттука, целта на трудот е да се преиспитаат критички постојното објаснување и наведените примери и да се покажат заклучоците што произлегуваат од нив. Во трудот, исто така, се акцентира поврзаноста на паронимијата со зборообразувањето и се истакнува важноста на значењето на зборовите што влегуваат во паронимската двојка или тројка, односно степенот на паронимност, како и улогата на контекстот. Врз основа на степенот на паронимност, се предлага нова класификација на паронимите придружена со соодветни примери.

2. Резултати од досегашни истражувања. Досегашните истражувања во странската литература покажуваат дека постојат две главни сфаќања за паронимите. Според едното, паронимијата се однесува на сите зборови што се слични по звучење, независно од тоа дали станува збор за еднокоренски зборови или не. Ова сфаќање се доближува до интерпретацијата на паронимите во македонската литература, па, во согласност со тоа, се признаваат како пароними и зборови од типот *нема – нега*, иако на овој начин станува нејасна границата меѓу минималниот пар и паронимите. Според другото сфаќање, за пароними се признаваат зборовите што имаат сличен звуков комплекс и слично или различно значење и што се доведуваат во врска со еден морфолошки корен.

Голуб (1997), ги сфаќа паронимите како еднокоренски зборови што се слични по звучење, но што не се совпаѓаат во значењето. Таа наведува дека постојат пароними со префикси, на пример, *опечатка* и *отпечатка*, со суфикси, на пример, *безответный* и *безотвественный* и група пароними, од кои едни имаат немотивирачка, на пример, *рост* и *возраст*, а други, пак, мотивирачка основа, на пример, *тормоз* и *торможение*. Според Голуб, поголем број пароними имаат слично, а не различно значење и меѓу себе се разликуваат само во нијанси, на пример, *длинный* и *длителный*. Помал број пароними имаат различно значење, на пример, *дефектный* и *дефективный*. Вишњакова (1984) ги дефинира паронимите како зборови што имаат различно значење, но се блиски по својот изговор и ги зема предвид зборовите што се поврзани меѓу себе со ист корен. Според неа, лексичките значења на зборовите од паронимскиот пар задолжително се разграничени. Таа ја поврзува паронимијата со различни видови зборови: именки, придавки, глаголи, со нивните форми и укажува дека станува збор за системска појава во јазикот. Имајќи го предвид степенот на паронимност (значењето), таа разликува три вида пароними. Целосни (вистински) пароними се истокоренските зборови што припаѓаат кон една зборовна група и на еден род или

вид, со акцент на еден одреден слог, но што имаат различно значење, на пример, *мелодика* и *мелодия*. Нецелосни пароними се истокоренски зборови во кои семантичкото разграничување на двете значења не е завршено во целост, како резултат на што тие се приближуваат по своите значења, на пример, *лирический* и *лиричный*. Делумни (квазипароними) се истокоренски зборови што се разликуваат според акцентот и што може да се компатибилни во значењето, на пример, *шумный* и *шумовой*. Бељчиков и Панјушева (2004: 4–7), ги сфаќаат паронимите како истокоренски зборови што имаат зборообразувачка и звукова сличност, но различно значење, на пример, *бродяжий* и *бродячий*, *гуманный* и *гуманитарный*. Во втората група, спаѓаат зборовите што не се доведуваат во врска со ист корен. Поповиќ (2009) разликува пароними во потесна и поширока смисла. Пароними во потесна смисла се зборови што имаат слична форма, а различно значење во еден јазик, на пример, *мандатар – мандатор*, *моделација – модулација*, *препозиција – пропозиција*. Во поширока смисла, паронимите се зборови што имаат слична форма, но различно значење во различни јазици. Според Пустошило (2011), исто така, постојат две групи пароними. Целосни пароними се сите зборови со различен корен што имаат сличен изговор, на пример, *инъекция* и *инфекция*. Делумни пароними се само истокоренските зборови што се блиски по звучење, а различни по значење, на пример, *дипломатический* и *дипломатичный*. Таа разликува и домашни и туѓи (позајмени) пароними.

3. Методологија на истражувањето. Истражувањето има квалитативна парадигма (анализа на содржина) и дескриптивен дизајн. Корпусот што се анализира го претставува објаснувањето за паронимите во македонската стручна литература и примерите. Од методите за обработка на податоците и за изведување заклучоци се употребуваат анализа, компарација и синтеза. Паронимите што служат како илустрација на прецизираната дефиниција и нивното значење се ексцерпирани од Толковниот речник на македонскиот јазик (2003). Во анализата се земаат предвид само придавките изведени од именки со различни суфикси од иста мотивирачка основа.

4. Резултати и дискусија. Во продолжение следува анализа на објаснувањата и примерите наведени во македонската литература и се покажуваат импликациите што произлегуваат од нив.

Паноска (1987: 26–28) ги разгледува паронимите во рамките на типовите лексички значења на зборовите, во третата типолошка група, и разликува синонимни, хомонимни, антонимни и паронимни значења. Паронимните значења на зборовите ги определува како значења што немаат смисловна врска, но имаат сличен звуков комплекс, на пример, *сеѿик – средство што ѿредизвикува ѓниење* и *скеѿик – недоверлив човек*. Понатаму, Паноска зборува посебно за пароними (1987: 42–44) и ги определува како зборови блиски по звучење што имаат различна семантика. Таа укажува на важноста од правилното усвојување на паронимите, зашто, во спротивно, може да се случи пораката да не биде правилно сфатена или да биде бесмислена. Меѓу примерите што ги наведува се: *акцеѿира – акцеѿира*; *адресаѿ – адресаѿ*

– *адресар*; *венечни – венчани*; *здржува – здружува*; *комбинација – комуникација*; *критички – критични*; *дентални – дентални*; *дипломска – дипломатска*; *дијалектен – дијалектички*; *дијалектика – дијалектологија*; *статус – статут*; *суштество – сушност*; *факт – фактор*; *озборувач – озборуван*; *романизам – романтизам*; *сеф – сенф*; *наградува – надградува*; *ненадејно – ненајдено*; *поетско – поетично*; *текст – тест*; *семенар – семинар*; *салонит – селенит*; *стационер – стационар*; *почини – потчини*; *свикувале – свикнувале*; *отпочнеме – отпочинеме*; *упрости – упропасти*; *интегрира – интригира*; *посвети – просвети*; *парафира – параграфира*; *фактура – фрактура*; *метална – ментална*.

Бојковска, Минова-Ѓуркова, Пандев и Цветковски (1998: 212–213) ги разгледуваат паронимите во рамките на лексикологијата, како едно од четирите основни типови лексички значења. Нивното објаснување за тоа што се паронимите, како и примерите што се во помал број, се идентични со објаснувањето и примерите на Паноска. И тие укажуваат на важноста од познавање на значењето на паронимите и на нивното немешање во јазичната практика. Кај Бојковска и др., (1998) нов е примерот *фабрикат – фабрикант*.

Минова-Ѓуркова (2003: 181, 191) ја разгледува паронимијата меѓу појавите што ги опфаќаат средствата што се доведуваат во врска едни со други врз основа на значењето. Како примери за лексичка паронимија таа ги наведува: *Австрија – Австралија*; *татков – татковски*; *конверзира – конзервира*; *цивилизациски – цивилизиран*. Таа дава објаснување на значењето на паронимската двојка *цивилизациски – цивилизиран* и укажува дека *цивилизациски* се однесува на цивилизација, па според тоа ако се каже *цивилизациски дијалог*, тоа значи дека се води дијалог за некоја цивилизација. Ако се каже *цивилизиран дијалог*, тоа, всушност, значи дека се води дијалог меѓу две цивилизирани страни.

Од овие објаснувања и примери за паронимите во македонската литература, може да се констатира следново: 1. Во македонскиот стандарден јазик, паронимите се сфаќаат во поширока смисла, односно како пароними се прифаќаат сите зборови што имаат сличен звуков состав, независно од тоа дали потекнуваат од еден корен или не; 2. Паронимите се разгледуваат во рамките на типовите лексички значења и не се доведуваат во врска со зборообразувањето. Паронимските двојки се слични во формата, но имаат сосема различно значење; 3. Во однос на формата, паронимите се најчесто: а) две лексички единици, а поретко три, од кои едната се разликува од другата по еден глас, на пример, *статус – статут*; б) две лексички единици од кои едната се разликува од другата по тоа што има еден глас повеќе, на пример, *метален – ментален*; *посвети – просвети*; в) две лексички единици од кои едната се разликува од другата по тоа што има два гласа повеќе, на пример, *факт – фактор*; 4. Во однос на припадноста кон одредена зборовна група, паронимите им припаѓаат на различни зборовни групи, односно тие може да бидат именки, на пример, *сеф – сенф*; придавки, на пример, *дентални – дентални*, како и глаголи, на пример, *свикувале – свикнувале*; 5. Меѓу паронимите се забележуваат домашни зборови, на пример, *ненадејно – ненајдено*, но и туѓи зборови, на пример, *парафира – параграфира*; 6. Во однос на основата, меѓу

примерите поголем е бројот на оние во кои двата збора од паронимскиот пар имаат различни основи, на пример, *акцентира – акцеттира*, а помал бројот на оние кои имаат иста основа, на пример, *татков – татковски*; 7. Во однос на значењето, во сите примери се забележува дека значењето е сосема различно, на пример, *наградува – надградува*; 8. Кај сите автори е присутно укажување за тоа дека паронимите не треба да се мешаат во јазичната практика.

Во однос на укажувањето за важноста на немешањето на паронимите во јазичната практика, од горенаведените примери не може да се согледа карактерот на тоа немешање, првенствено поради тоа што значењето на примерите е јасно разграничено. Малку е веројатно дека во јазичната практика ќе се помешаат зборовите, на пример, *конверзира* и *конзервира*, *комбинација* и *комуникација*, кога тие имаат сосема различно значење и потекнуваат од различни основи. Или, малку е веројатно дека во јазичната практика ќе се помеша значењето на *сеф* и *сенф*, зашто нивното значење, исто така, е јасно разграничено и не постои опасност од заменување или мешање во јазичната практика. Оваа констатација е во согласност со ставовите на голем број родени зборувачи на македонскиот јазик, според кои значењето на наведените примери јасно се разликува и нема опасност од нивно мешање во јазичната практика. Но ако се земе предвид паронимската двојка наведена кај Минова-Ѓуркова (2003), *цивилизациски – цивилизиран*, може да се согледа дека станува збор за зборови што потекнуваат од иста основа, за изведени зборови чие значење јасно се разликува. Основата од која се изведени овие зборови е иста, а суфиксите го внесуваат значењето што се разликува во двата збора. Во овој случај, иако значењето на двете лексички единици е јасно разграничено, поради потеклото од ист корен и поради непознавањето на значењето што го внесуваат наставките, постои можност од нивна меѓусебна замена, па, според тоа, и од мешање на значењето во јазичната практика. Оваа констатација се потврдува со неформалните интервјуа со голем број родени зборувачи на македонскиот јазик, според кои не постои разлика во значењето на *цивилизациски* и *цивилизиран*. Имајќи го предвид објаснувањето на Минова-Ѓуркова, во пароними може да се вбројат и: *информатички – информациски* (ТРМЈ 2006: 352) при што *информатички* се однесува на науката информатика, а *информациски* на информација, како и *кожен – кожест*, (ТРМЈ 2006: 547) при што *кожен* има значење: што е направен од кожа, а *кожест* има значење: што личи на кожа. Потоа, *критичен*, со значење што е судбоносен, опасен, што е пресвртен (*момент*, *години*) и *критички*, со значење што се однесува на критика (*став*) (ТРМЈ 2006: 644); *соседен* со значење што се наоѓа во непосредна близина на нешто, во соседство и *соседски* со значење што се однесува на сосед (*внимание*), што му припаѓа на сосед (*ограда*) (ТРМЈ 2011: 503).

Оттука, за разјаснување на природата на паронимите, при определувањето на паронимите треба да се земе предвид мотивирачката основа, од неа изведените зборови со помош на различни суфикси (што, всушност, значи дека тие имаат сличен звуков состав) и степенот на паронимност меѓу зборовите што влегуваат во паронимскиот пар, односно разликата во значењето што ја внесуваат различните суфикси.

Имајќи ја предвид редефинираната определба на паронимите, како и тоа дека се земаат предвид само придавките изведени од иста именка со различни суфикси, во македонскиот јазик се изделуваат три групи пароними. Првата група ја сочинуваат придавки изведени од иста именка, што имаат сличен звуков состав, но чие значење е целосно семантички разграничено, па, според тоа, овие пароними имаат сосема различно значење. Тие се нарекуваат целосни. Во втората група спаѓаат придавки изведени од иста именка, што имаат сличен звуков состав, но чие значење не е целосно семантички разграничено, па овие пароними се доближуваат по своето значење. Тие се нарекуваат делумни пароними. Третата група се однесува на придавките што се изведени од иста именка, што имаат сличен звуков состав, но имаат исто значење. Тие се нарекуваат лажни или квазипароними.

Во македонскиот јазик, исто така, постојат пароними (придавки) што имаат различна мотивирачка основа, од типот *автомеханички* и *автомеханичарски*, како и пароними изведени од глаголи од типот *животнозагрозен* и *животнозагрозувачки*, но тие не се предмет на елаборација на овој труд.

4.1. Пароними со иста мотивирачка основа

4.1.1. Целосни пароними. Целосните пароними во македонскиот јазик се придавки изведени од иста мотивирачка основа (именка) со помош на различни суфикси во кои значењето на зборовите што влегуваат во парот или тројката е целосно разграничено, односно зборовите имаат сосема различно значење. Како што се наведува во ТРМЈ, со наставките се укажува на семантички регуларните изведени зборови кај кои значењето на изведениот збор се добива со преминот во друга семантичко-граматичка категорија во однос на мотивирачкиот, односно на основниот збор (ТРМЈ: X). Значењето на придавките и именките со кои се спојуваат се ексцерпирани од Речникот. За голем број изведени придавки не се наведува значење во Речникот, па, кај нив, значењето се определува по аналогија со значењето на придавките изведени со истите наставки за кои е наведено значење во Речникот, а предвид се зема и значењето на различните суфикси при изведувањето на придавки од именки, наведено кај Конески (1995: 91–107) и нивното значење е обележано со наводници. Во квадратести загради се наведуваат примери од практиката. Некои од паронимите во оваа група се: *авторитет* > *авторитарен*: што е самовластен и не трпи приговор (*поза*) [личност, популизам, систем, режим, пристап, премиер] и *авторитативен* (*авторитетен*): што е со авторитет, што заслужува безусловна доверба (*правила*) [левица, одговор, тон, извор] (9). Значењето на двете придавки е сосема семантички разграничено, на пример, *авторитарен човек*: човек што не трпи приговор и *авторитативен* (*авторитетен*) *човек*: човек што има авторитет. Погрешна употреба: Често ги малтретираат послабите од себе, имитирајќи го вашиот авторитативен стил, (19.4.2015). Според Конески (1995: 101–102), суфиксот *-ен* учествува во оформување на суфиксните елементи кај придавките од туѓо потекло, на пример, оние изведени со *-арен*, *-ивен*. Иако имаат општо значење: што се однесува на тоа што е именувано со основата, овие придавки во зависност од семантичкиот карактер на именката, може да

имаат различни конкретизации, на пример, во *авторитативен* / *авторитетен*: што го има својството на тоа што е именувано со основата; *ага* > *агов*: што припаѓа на ага, што се однесува на ага (*имот*, *аргати*) и *аговски*: што се однесува на ага (*белег*) (10–11). Од примерите, се гледа дека за *агов* се наведени две значења, па се стекнува впечаток дека имотот му припаѓа на агата, а аргатите се однесуваат на агата, иако општото значење: што се однесува на, без семантичка конкретизација потешко се објаснува. Ако се земе предвид значењето на *аговски*, тогаш може да се каже дека синтагмите *агови аргати* и *аговски белег* воопшто не се разликуваат, зашто го содржат истото значење. Меѓутоа, имајќи го предвид укажувањето на Конески (1995: 93), со суфиксот -*ов* се изведуваат присвојни придавки пред сè од именки од машки род, а со суфиксот -*овски* се изведуваат придавки од еднасложни именки и одделни форми имаат квалитативно значење (1995: 97). Оттука, е потребна корекција на општото значење на *аговски*: што се однесува на ага со квалитативното значење: што е својствено за ага и на тој начин семантичкото разграничување е целосно, имотот и аргатите му припаѓаат на агата, но белегот и животот се својствени за агата; *ајдук* > *ајдуков*: што припаѓа на ајдук (*гроб*) и *ајдучки*: што се однесува на ајдук (*колиба* и *чешма*) [песна, навики, чета, војвода, дружина, живот] (19). Ако гробот му припаѓа на ајдукот, не е јасно зошто колибата и чешмата не му припаѓаат, туку се однесуваат на ајдукот. Конкретизацијата на општото значење: што се однесува на со значењето: што е својствено на, покажува дека двете придавки може да се спојат со сите именки наведени како примери, но дека нивното значење е различно; *адаптација* > *адаптациски* (*адаптационен*): што се однесува на адаптација [процес] и *адаптабилен*: приспособлив, што има својство да се приспособува [систем, материјал] (13). Оттука, *адаптациски* (*адаптационен*) *период* или *процес*, но *адаптабилна личност*, што значи дека во одредени случаи треба да се води сметка за семантичкиот карактер на именката. Двете придавки може да се употребат со иста именка, на пример, *процес*, но нивното значење ќе биде различно, на пример, *адаптациски* (*адаптационен*) *процес*: процес на адаптација, односно време што е потребно за адаптација на Х кон У и *адаптабилен процес*: процес што има својство да се приспособува. Погрешна употреба: Ентериерот комплетно е адаптабилен за потребите на мачките ... (HyBread, 18.11.2017). Од поширокиот контекст, јасно е дека е изградено кафуле со минималистички ентериер кој е приспособен за потребите на мачките, а не за ентериер кој има својство да се приспсобува. Оттука, оваа употреба е погрешна, но укажува на тоа дека при определувањето на значењето на паронимите предвид треба да се земе и поширокиот контекст, како и семантичкиот карактер на именката; *академија* > *академиски*: „што се однесува на академија на науките“ и *академски*: што се однесува на академија како висока школа (Конески 1995: 95). Според ова, двете придавки може да се спојат со именката одбор, но значењето е различно, *академиски одбор* е одборот што го сочинуваат членови на академијата на науки, додека, пак, *академски одбор* е одборот што го сочинуваат членови на академија како висока школа во ранг на факултет. Во јазичната практика, во однос на овој пар се појавуваат многу пропусти. Имено, во конкурсот на Воената академија се наведува дека „студиите на втор циклус се организираат

во Академијата според академиски студиски програми“ (23.12.2015). Ако се земе предвид ставот на Конески, јасно е дека студиските програми не се академиски туку академски. Меѓутоа, ако се земе предвид ТРМЈ (2003: 20), се јавуваат одредени дилеми, затоа што лексемата академиски е изведена од академија на науките, но и значењето на академски е: што се однесува на академија на науките. Оттука, непрецизноста во Речникот може да биде една од причините за нивната меѓусебна замена во практиката. Во однос на именката час, во синтагмите *академиски час* и *академски час*, имајќи го превид значењето на академски 5 од ТРМЈ (2003: 20): што е универзитетски, студентски, јасно е дека е погрешна употребата на академиски час (9.11.2016), зашто станува збор за прв час на висока школа. Исто така, погрешна е употребата на синтагмата *академиски ѓраѓанин* (18.3.2013), зашто *академиски* се поврзува со Академијата на науките, а не со академија во ранг на висока школа или факултет. Оттука, може да се констатира дека значењето наведено во Речникот за голем број изведени зборови: што се однесува на, може да се интерпретира на различни начини, дека доведува до дилеми и дека е потребна семантичка конкретизација; *академија* > *академиски*: што се однесува на академија на науките (*одбор*) и *академски 3*: што е научен, објективен и непристрасен (*расѿрава*) (20); *аларм* > *аларманшен*: предупредувачки, што има својство да предупредува (*знак*, *ѿојава*, *реакција*) [појава] и *алармен*: што служи за означување аларм (*уред*, *ѕвоно*) [уред] (28); *баба* > *бабин*: што се однесува на баба (*внуче*) [лек, двор, рецепт, совет] и *бабински*: што ѝ припаѓа на баба (*работи*) [мудрост, рецепт, лек, совет] (72). Ако се земе предвид значењето дадено во Речникот, се согледува дека не постои разлика меѓу значењето на двата изведени збора, зашто имајќи го предвид општото значење на изведените зборови со суфиксот *-ин* (присвојност), и внучето и работите ѝ припаѓаат на баба. Според тоа, со значењето во Речникот, овој пар може да се вклучи во лажните пароними. Меѓутоа, значењето на овие придавки во Речникот не се совпаѓа со она наведено кај Конески. Имајќи го предвид ставот на Конески (1995: 92–93), придавките изведени со суфиксот *-ин* имаат присвојно значење, односно со именката од која се образува придавката се означува лицето на кое му припаѓа предметот именуван со именката, на пример, *бабино внуче* со значење: внуче на баба. Од друга страна, повторно според Конески (1995: 99), придавките изведени со сложениот суфикс *-ински*, имаат квалитативно значење: што му е својствено на она што е именувано со именката, во однос на образувањата со суфиксот *-ин*, што имаат присвојно значење, на пример, *сесѿрин – сесѿрински*. Оттука, се чини дека е потребна корекција на значењето *бабин* во Речникот, односно конкретизација на даденото значење: што се однесува на баба со значењето: што ѝ припаѓа на баба, како и на значењето на *бабински*: што ѝ припаѓа на баба со значењето што е својствено на баба. Со коригираното значење *бабин* и *бабински* се целосно семантички разграничени, со што се согласува и Конески (1995: 97). Имено, *бабино внуче* (присвојност), но *бабински работи* или *изѓлед* (квалитативност: што е својствено за баба). Од друга страна, *бабински* може да има значење: старински, од старо време. Во ова значење, семантичкото разграничување е поголемо. Според тоа, *бабина чанѿа* е со присвојно значење: чантата на баба, а *бабинска чанѿа* е со значење: од старо вре-

ме, старомодна. Исто така, *бабин лек* е лекот што ѝ припаѓа на баба, а *бабински лек* се однесува на лекови кои од најстаро време се познати меѓу народот. Примери за погрешна употреба во јазичната практика: бабин рецепт (6.2.2017). Од поширокиот контекст во изворот се гледа дека рецептот не ѝ припаѓа на бабата на малата девојка, туку се однесува на рецепт што датира од 1940 година, значи потекнува од старо време, што иако не е актуелен, сепак е ефективен, па според тоа правилно е да се каже *бабински рецепт*; *бадем* > *бадемест*: кој има форма на бадем (*очи*) [очи, облик] и *бадемов*: кој е од бадем (*масло*) [млеко, колач, крем] (75). Погрешна употреба: бадемест пијалак (Дракул 1995: 464); *бег* > *бегов*: што му припаѓа на бег (*стока*, *волови*, *куќа*, *син*) и *беговски*: што му припаѓа на бег (*сарај*) и што се однесува на бег (*сој*) (99). Во овој случај, по примерот на ага, е потребна семантичка конкретизација на општото значење: што се однесува на со квалитативно, па, на тој начин, станува јасно семантичкото разграничување: стоката, воловите, куќата, синот и сараите му припаѓаат на бегот, но сојот и животот му се својствени на бегот; *брадавица* > *брадавичав*: што е со многу брадавици (*лице*) [рака] и *брадавичест*: што личи или има форма на брадавица (*израсток*) [облик, вирус] (172). Погрешна употреба: брадавичав израсток; *брада* > *брадат*: човек што носи брада [човек] и *брадест*: што личи на брада (*корен*) [израсток] (173). Погрешна употреба: Брадест русокос Норвежанец, заводник (4.5.2016); *бран* > *бранест*: што има форма, што е во вид на бран (*ридови*, *земја*) и *брановит*: што има бранови (*море*) (174–175). Погрешна употреба: брановит изглед (28.3.2015), брановит бакар (2.3.2016), брановит процес (13.7.2015), брановит асфалт (30.10.2017); *бран* > *бранест*: што има форма, што е во вид на бран (*ридови*, *земја*) и *бранов*: што се однесува на бран (*должина*) (174–175). Според Конески (1995: 93–94), изведени придавки од -*ов* имаат различно значење, а некои од нив, како на пример, бранова должина имаат терминолошки карактер; *брат* > *братов*: што му припаѓа на брат (*недоаѓање*, *деца*) и *братски*: што му е својствено на брат (*љубов*) [дуел, двобој, народ, желба, средба, однос] (176). И во овој пример, има целосно семантичко разграничување, децата се братови, а односот е братски, односно како помеѓу браќа. Именката љубов, во овој случај, може да се спои со двете придавки. Меѓутоа, братова љубов има значење: љубов на брат, значи женско лице што е љубов на братот, а братска љубов е онаа што е својствена за брат; *брашно* > *брашнен*: 1. што е од брашно (*алва*); 2. што е наменет за брашно (*вреќа*); 3. што е извалкано со/од брашно (*раце*) и *брашнест*: што е како брашно, што личи на брашно (*шеќер*) [дел од оризово зрно, сос, крем, изглед на лицето, вкус] (177); *брилијант* > *брилијантен*: блескав, прекрасен (*настап*) и *брилијантски*: што е од брилијант (*прстен*) (182). Погрешна употреба: Брилијантски сјај (12.9.2013); *бумбар* > *бумбарест*: што има облик, форма на бумбар (*лице*) [образ, нога] и *бумбаров*: што се однесува на бумбар (*лет*, *брчење*) (195); *везир* > *везирски*: „што се однесува на везир“ и *везиров*: што му припаѓа на везир (*волја* и *наредба*) [мост] (220). За да се согледа семантичкото разграничување и во овој пример е потребна семантичка конкретизација на значењето: што се однесува на - со квалитативно значење; *вилица* > *виличен*: што се однесува на вилица (*коска*) [зглоб, мускул, аномалија, неправилност, проблем] и *виличест*: 1. што е во облик на

вила, 2. што е со развиени вилици [лице] (246). Погрешна употреба: виличеста дробилка (Трајчевски, 2012); *вистина* > *вистинит*: што се заснова на вистината, што ја содржи вистината (*настан*) [настан, отчет, виц, исказ, случај, приказна] и *вистински*: 1. што постои, што е реален (*приказна*) [пријател, нација, луксуз, дело, цел, лидер, вредност]; 2. прав, токму таков (*јунак*, *љубов*) [пријател, дело, цел, лидер, вредност] (254); *вино* > *винен*: што се однесува на вино (*чаша*) [фестивал] и *вински*: што е од вино (*оцет*) (247–248); *влакно* > *влакнав*: што е обрастен со влакна (*гради*) и *влакнен*: што е од влакна (*ткиво*, *ќебе*) [фоликул]; *влакно* > *влакнест*: што е обрастен со влакна (*гради*) [плен, маж] и *влакнен*: што е од влакна (*ткиво*, *ќебе*) [фоликул] (262); *вода* > *водлест*: што содржи вода повеќе отколку што треба (*храна*) и *водникав*: што е измешан со вода или личи на вода (*вино*) [јадење, секрет] (276). Погрешна употреба: водлест секрет (3.1.2017), водлест восок (Верушеска, 21.2.2017); *вода* > *водлест*: што содржи вода повеќе отколку што треба (*храна*) и *водникав*: што е влажен, насолзен, безизразен (*очи*) [поглед] (276); *воздух* > *воздушен*: што е од или со воздух (*балон*, *притисок*, *обвивка*) [маса, кревет] и *воздушест*: што е лесен, проширен (*фустан*) [ефект] (281); *воздух* > *воздушен*: што се одвива, дејствува во воздух (*пат*, *единица*, *напад*) [сообраќај, транспорт и *воздушест*: што е лесен, проширен (*фустан*) [ефект] (281); *војвода* > *војводски*: „што се однесува на војвода“, „што е својствено на војвода“) [титула, чест, чин] и *војводов*: што му припаѓа на војвода (*имот*) (283); *волна* > *волнав*: што е обрастен со волна, што има многу волна (*овци*) и *волнен*: што е од или со волна (*шал*, *палто*, *перница*, *чорапи*) [конец, билборд, тепих, килим] и *волнест*: 1. што личи на волна (*материја*, *веѓи*) [врв на ластар, материја] (287); *војник* > *војников*: што му припаѓа на војник (*пушка*) и *војнички*: „што се однесува на војник“ (*живот*, *поздрав*, *униформа*, *чевли*) [грав, војнички принт, поздрав, униформа, говор, чизми, правило, склек, тренинг, сленг, ранец, куче, писмо] (284). Во овој пример, пушката му припаѓа на војникот, но останува нејасно зошто не му припаѓаат и униформата, чевлите, поздравот. Оттука, со прецизирање на значењето: што се однесува на војник со квалитативно значење: што е својствено на војник, станува јасно дека пушката му припаѓа на војникот, но животот е својствен или карактеристичен за војникот. Истовремено, и *војников* и *војнички* може да се спојат со иста именка, но нивното значење е различно, на пример, *војникова униформа* е униформата што му припаѓа на војникот, додека *војничка униформа* е униформата што е карактеристична за војниците; *врана* > *вранест*: што има сјајна црна боја (*коњ*, *коса*) и *вранин*: што се однесува, што ѝ припаѓа на врана (*јајце*) (300–301); *време* > *временен*: привремен и *временски*: што се однесува на време (*прогноза*) [период, разграничување, услов, феномен, непогода, хаос, влијание] (308); *габер* > *габерлив*: обраснат со габер (*место*) [камен] и *габеров* и *габров*: што потекнува од габер, што е составено од габер (*дрво*, *шума*) (325); *гавран* > *гавранов*: што му припаѓа на гавран (*перо*, *клун*) и *гавански*: „што се однесува на гавран“, „што му е својствено на“ [популација, свет, коса] (326); *гас1* > *гасен*: што се однесува на гас, што е со гас, што е наменет за заштита од гас (*комора*, *маска*) [притисок, спор, систем, оператор] и *гасовит*: што е во вид на гас (*состојба*) [облак, анестетик] (334); *гасеница* > *гасеничав*: што е како гасеница (*изглед*) и *гасе-*

ничен: што потекнува, што ѝ припаѓа на гасеница (*нозе*, *јајце*) (334). Погрешна употреба: гасеничен оклопен транспотер (18.8.2016), гасеничен систем за движење (26.5.2016); *ѓлава* > *ѓлавашт*: што има необично голема глава (*булдоѓ*) и *ѓлавешт*: 2. што има форма на глава, што е тркалезен (*салашта*) [коска, структура] (342); *ѓлина* > *ѓлинен*: што е направен од глина (*садови*) [печат] и *ѓлиновишт*: што содржи глина (*земја*) [материјал, слој] (348); *ѓрадба* > *ѓрадбен*: што се однесува на градба [ткиво, материјал, елемент, принцип, столб, делови] и *ѓрадежен*: што служи за градба, што се однесува на градење (*материјал*, *инженер*, *работник*) (368); *ѓрло* > *ѓрлен*: што доаѓа од грлото, што се образува кај грлото (*пријзвук*, *ѓласови*) [отвор] и *ѓрлешт*: што е со силен глас (*овчар*, *човек*) (379). Погрешна употреба: Есма... со својот грлен глас (Вечер, 11.5.2005); *ѓрозд* > *ѓроздешт*: што е како грозд (*наслаѓи*) [изглед, облик, цвет, структура] и *ѓроздов*: што е направен од грозје (*ракија*) [сируп, сок] (381); *ѓуша* > *ѓушав*: што има гуша (*болешт*) и *ѓушешт*: што е со голема гуша (389); *дар* > *даровен*: што е наменет за дарување (*кошула*) и *даровишт*: што е надарен, талентиран (*дете*, *авшор*) (399); *демокрашија* > *демокрашичен*: што има својства на демократија, што е во демократски дух (*човек*) и *демокрашски*: што се однесува на демократија (*земја*, *начин*, *уредување*, *пријнципи*) [процес, стандард, избор, реформа, капацитет, вредност] (426); *дефицит* > *дефицитарен*: што недостига, што го нема доволно [кадар, сорта, професија] и *дефицитен*: што е во загуба, што покажува кусок [буџет] (439). Погрешна употреба: [Нашиот состав во овој меч е дефицитарен = екипата игра без еден играч]; *дидактика* > *дидактичен*: што е поучен, што поучува (*песни*) [материјал] и *дидактички*: „што се однесува на дидактика“ (цел, принципи, тестови) [систем, материјал, пристап, тенденција, средство, метод] (444); *динамика* > *динамичен*: жив, подвижен, полетен (*време*, *живот*) [систем, превод, натпревар, месец, дијалог, раст, звук, план, пазар, дизајн] и *динамички*: што се однесува на динамика [систем, карактеристика, план, склек, опсег, управувач, модел] (449); *допир* > *допирен*: што се доближува, што е близок до нешто (*точки*, *страни*) и *допирлив*: што може да се допре, што постои (*среќа*, *стварност*) [екран, начин] (516). Погрешна употреба: допирен екран (Epson); ѓавол > *ѓаволешт*: немирен, палав (*девојка*, *очи*) [поглед] и *ѓаволит*: итар, препреден и *ѓаволски*: што се однесува на ѓавол, што е како кај ѓавол (*работа*, *будалаштини*, *сила*) (563). Погрешна употреба: Петок 13: Ѓаволест ден, ѓаволест план (Јовановски, 29.4.2017); *експанзија* > *експанзивен*: што се шири, што се распространува, што освојува [процес, развој, поглед, циклус, карактер, период] и *експанзионистички*: што има својство на експанзија [менталитет, сила, став, национализам, план, занес] (587); *економија* > *економичен*: 1. што е штедлив, што умее да штеди [личност]; 2. целисходен, рационален, краток (*метод*) [начин на патување]; 3. што малку троши, што е исплатлив (*мотор*) [ручек, систем, автомобил, пијалак, клима уред] и *економски*: што се однесува на економија (*училиште*, *факултет*, *проблем*, *состојба*, *логика*) [форум, криминал, раст, институт, резултати] (586); *ендемија* > *ендемиски*: „што се однесува на ендемија“ [зараза] и *ендемичен*: карактеристика за редок вид растенија или животни распространети само во определена област или за самата област [вид, област, растение] (599). Погрешна употреба: ендемиски бисери

(Википедија); ендемиски птици, риби, цицачи (3.9.2013); *епидемија* > *епидемиски*: што се однесува на епидемија (*треска*) [размер, мерка, карактер, процес, облик] и *епидемичен*: што има својство на епидемија [подрачје, менингитис, грип] (602); *ерудит* > *ерудитен*: учен, начитан, широко образован (*публицист*, *мајстор*) и *ерудитивен*: што се одликува со ерудиција (*прилог*, *беседа*, *третман*, *роман*) [начин] (605). Погрешна употреба: ерудитен начин (8.1.2017); *ефект* > *ефектен*: што предизвикува внимание, впечатлив, силен, уверлив (*говор*, *сценска изведба*) [удар, старт, гол, стајлинг, завршеток, начин] и *ефективен*: што дава ефект, добар резултат, реален вистински (*работа*, *вредност*) [начин, лек, состанок] (610); *жена* > *женин*: што ѝ припаѓа на сопругата, што се однесува на сопругата [име, изговор, право] и *женски*: 1. што е од спротивен пол од машкиот (*дете*, *јагнињa*); 2. што ѝ припаѓа, што е наменето, што се однесува на (за) жена (*облека*, *глас*, *болест*) [име, изговор, право, одред] (621); *жила* > *жилав*: 2. што е мускулест, што има мускули (*човек*); 3. што е растеглив, еластичен, отпорен на кинење (*месо*); 4. прен. што е здрав, издржлив; 5. упорен, енергичен, силен и *жилест*: што има многу жили (*раце*) (629); *жлезда* > *жлезден*: што се однесува на жлезда (*ткиво*) [клетка] и *жлездест*: што има облик на жлезда, што има жлезди (*орган*) (631).

4.1.2. Делумни парономи. Делумните парономи во македонскиот јазик се придавки што се изведени од иста мотивирачка основа (именка), но во нив не е завршено во целост семантичкото разграничување на двете значења. Значењето на придавките и именките со кои се спојуваат се ексцерпирани од Речникот. Како резултат на тоа, тие се приближуваат по своите значења, значењата се разликуваат само во нијанси, но поради нивната непрецизност, таа нијанса не може јасно да се согледа и останува незабележана. Развојот на оваа група парономи останува неизвесен. Нивното семантичко разграничување може да заврши во целост, па тие да се вклучат во групата на целосни парономи. Разграничувањето може да остане на постојното ниво, па тие да останат во групата делумни парономи. Но значењата може сè повеќе да се приближуваат, па, според тоа, тие да се вклучат во лажни парономи. Тоа, пред сè, зависи од семантичката конкретизација на значењата. Некои од парономите што спаѓаат во оваа група се: *автор* > *авторов*: што му припаѓа на автор (*труд*) [/] и *авторски*: што се однесува на автор (*права*, *хонорар*) [надомест, агенција, договор] и (8–9). Овој пар ја потврдува веќе споменатата непрецизност на значењата во Речникот. Ако трудот му припаѓа на авторот, тогаш не е јасно зошто во синтагмите *авторски права* и *авторски хонорар* е употребено општото значење: што се однесува на основата на придавката, а не значењето на присвојност, кога и хонорарот и правата му припаѓаат на авторот. Постои ли суштинска разлика во овие синтагми?; *алегорија* > *алегориски*: што се однесува на алегорија [значење, мапа, сфаќање, лик, бајка] и *алегоричен*: што е во облик на алегорија, завиен (*начин*) [расказ, карактер, начин, смисла] (29); *аналитика* > *аналитичен*: што има својство на детално расчленување, што е добиен со расчленување (*пристап*, *начин*) [признак, ум, центар] и *аналитички*: што е поткрепено со анализа, што се однесува на аналитика, на анализа (*метод*, *геометрија*) [центар, јазик, постапка, извештај, коментар, предикат, поглед, книга] (39). Во овој

пример, се гледа дека аналитички се поврзува со именката метод, а аналитичен со именките пристап и начин. Од значењето на именката метод: начин, пристап, пат на едно теоретско истражување или практично дејствување (ТРМЈ 2006: 125), се гледа дека метод, начин, пристап и пат во овој контекст се на одреден начин синоними. Па, според тоа, не е јасна границата меѓу значењето на акустички метод и акустичен начин; *асимилатор* > *асимилаторен*: претопувачки, присоединувачки со цел да се обезличи постоечкото (*стремежи*) [аспект] и *асимилаторски* (*политика*, *тенденции*) [пропаганда, притисок, договор, став, процес, идеја] (61–62). Од примерите се гледа дека е асимилаторен споен со стремеж, а асимилаторски со тенденции. Имајќи предвид дека стремеж и тенденција имаат значење на синоними, не е прецизна разликата меѓу асимилаторен и асимилаторски; *афект* > *афектен*: што се однесува на афект (*состојба*) [чин, страв, радикализам] и *афективен*: возбудлив, чувствителен, осетлив (*состојба*, *реакција*, *елемент*) [однесување, аспект, синдром, домен, предлог] (67–68); *вегетација* > *вегетативен*: што се однесува на животните процеси (*растење*, *исхрана*, *дишење*) [систем, нарушување, конус] на животните и растенијата и *вегетациски*: што се однесува на вегетација (*циклус*) [тип, област, карактеристика, материјал, појас, феномен, период] (217); *вино* > *винен*: што се однесува на вино (*чаша*) и *винов*: што се однесува на вино (*лоза*) и *вински*: што се однесува на вино (*чаша*, *мушичка*, *карта*) (248); *дијалектика* > *дијалектичен*: својствен на, заснован на дијалектиката [извор, поет, однос, текст, начин, израз, процес] и *дијалектички*: „што се однесува на дијалектика“ (*метод*, *закони*) [развој, пристап, процес, карактер] (446); *доход* > *доходен*: што носи доход (*работа*, *стопанство*) [бизнис] и *доходовен*: што се однесува на доход (*односи*) [нееднаквост, бизнис, стапка, процес, метод, бренд, извоз] (535); *емоција* > *емотивен*: чувствителен, подложен на емоции (*постапка*, *човек*) [разговор, момент, текст, манипулатор, статус, говор, начин, крај, цитат, испад, концерт, видеозапис] и *емоционален*: својствен на емоција, предизвикан од емоција [реакција, развој, фитнес, аспект, манипулатор, живот, состојба, шок, фудбал, глад, уцена, викенд, состојба, говор, крај, говор, апел, тренинг] (599); *ерупција* > *ерупативен*: 1. вулкански, што потекнува од ерупција (предел) [вулкан, систем] и *ерупциски*: што се однесува на ерупција и (606); *естетика* > *естетички*: што се однесува на естетика и *естетичен*: што се одликува со естетика, убав, прекрасен (чувство) и *естетски*: што се однесува на естетика, на чувството за убаво, што се одликува со естетика (608).

4.1.3. Лажни пароними (квазипароними). Во оваа група, спаѓаат придавки што се изведени од иста именска основа со различни наставки. За придавките за кои во Речникот не е наведено значење, значењето се определува според другите образувања со иста наставка во Речникот: што се однесува на. Во загради се наведени именките со кои се спојуваат овие придавки според Речникот, а во квадратести загради се наведени примери од практиката. Придавките што влегуваат во паронимниот пар имаат сличен гласовен состав, но, тие, всушност, претставуваат дублетни форми. Ова се потврдува во предговорот на Речникот, во кој се дава објаснување за толкувањето на зборовите и се истакнува дека дублетните форми кога се дадени како подзаглавни

зборови се даваат со коса црта (/), но се употребува и кратенката сп. (споредi) во случај подзаглавните зборови да се оддалечени по азбучен ред (ТРМЈ 2003: XVI). Врз основа на степенот на паронимност, тие имаат исто значење, па, во таа смисла, се доближуваат на некој начин до синонимите. Некои од паронимите во оваа група спаѓаат се: *абраш* > *абрашест* и *абрашлив*: што е со бенки по кожата (*дојки*, *лице*) (4); *авторитет* > *авторитативен*: што е со авторитет (*правила*) и *авторитетен*: што е со авторитет (*глас*, *професор*) (9); *агитација* > *агитациски* [средство, порака, материјал, активност, стих, билборд, собир, мотив] и *агитационен* [театар] (11); *адаптација* > *адаптациски* [механизам, синдром, капацитет, одговор, промена, заболување] и *адаптационен* (*процес*, *период*) [синдром] (13); *аклиматизација* > *аклиматизациски* [искачување] и *аклиматизационен* (*период*, *зона*) [камп] (21); *акомодација* > *акомодациски* [комплекс, грчеви, карактер] и *акомодационен* (*период*, *простор*) [период] (22); *акумулација* > *акумулациски* [план, систем, езеро, објект, простор, единица, базен, фактор, грејач, бојлер] и *акумулационен* [бојлер, простор, материјал, резервоар, вентил, систем, ефект, сад, базен, капацитет] (25); *акцент* > *акцентски* [целост, знак, група, целина] и *акцентен* [знак, елемент, парче, колорит] (26); *акција* > *акциски* [план, потенцијал, грант, камера, фонд, контрола, група] и *акционен* [план, филм] (27); *акустика* > *акустичен*: 1. што се однесува на акустика (*преглед*, *впечаток*) [третман, дизајн, инструмент, настап, концерт] и *акустички*: „што се однесува на акустика“ [дизајн, третман, систем, особина, параметар] (26); *акустика* > *акустички*: што се однесува на акустика 2 и *акустичен*: 2. што е погоден за пренесување звук (*сала*, *гитара*) (26); *амортизација* > *амортизациски* [систем, план, трошок, период, средство, материјал, својство] и *амортизационен* [план, стапка] (23); *артикулација* > *артикулациски* [статус, отстапување, вештина, својство, договор, напредок, аспект, знак, симптом, вежба, особеност, грешка, единица, нарушување] и *артикулационен* [точка, модел, аспект] (59); *апокалипса* > *апокалиптичен* [филм, шок, отпор, раскош, изглед, хотел, Лондон, блуд, видеоспот, сценарио, долар, марш, пожар, настан, облак, фантастика] и *апокалиптички* (*предвидување*) [слика, ракопис, најава, филм, сценарио, последица, пејзаж, потенцијал, стил] (50); *арома* > *ароматен* [пита, оцет] и *ароматичен*: мирислив (*состојка*) [соединение, напиток, леб, вкус, компир, зачин, џем, пијалак, третман, распрскувач, лосос, напиток, пилинг, сапун] (58); *атеист* > *атеистичен* [придонес] и *атеистички* [блог, мудрост, мисла, хепиенд, ум, заповед, споменик, твит, филозоф, поглед, гроб, музеј, активист, став] (65); *атрибут* > *атрибутивен* [стил, ризик, белег] и *атрибутски*: што се однесува на атрибут, што врши служба на атрибут [функција, објаснување] (66); *афоризам* > *афористичен* [светоглед, израз] и *афористички* [клуб, круг, стил, речник]: што содржи афоризам, што има својство на афоризми (69); *балада* > *баладен*: што има карактер на балада, романтичен и тажен (*пример*) [/] и *баладичен* (*звук*) [рок, писмо, хит, тон] (81); *балет* > *балетски* (*училиште*, *уметност*) [стил, уметност, триптих, култура, претстава, педагог, натпревар, уметник, изведба, чевли, под, спектакл, школа] и *балетен* (*точка*) [центар] (82–83); *барок* > *барокен*: што е во стилот на барокот, претрупан со украси, китнест, раскошен [вајар, стил, хотел, објект, оркестар, ансамбл, писа-

тел] и *барочен* [стил, град] (91–92); *бенка* > *бенкалија* [/] и *бенкичав*: што е со бенки, што има бенки по кожата (*лице*) и пегав (*девојченце*) [ангел, нос] (120); *болница* > *болничен* [/] и *болнички*: што се однесува на болница (*мантил*, *соба*) [згрижување, ден, кревет, возило, паркинг, ѕид, притвор, камера, преглед, капацитет, запис, установа, прозорец, маска, инфекција, постела, партиципација, одделение] (166); *бисер* > *бисерен*: што е направено од бисер (*ѓердан*, *низа*) [накит, фустан, килим] и *бисеров* [/] (140); *бран* > *бранест*: што има форма, што е во вид на бран (*ридови*, *земја*) [/] и *брановит*: што е во вид на бран (*коса*, *долина*) [изглед, нож, процес, асфалт] (174–175); *бран* > *бранест*: што има форма, што е во вид на бран (*ридови*, *земја*) [/] и *брановиден*: што има облик на бран (*ливада*) [картон, изглед, метод, систем, терен, површина, коса, трем] (174–175). Погрешна употреба: брановиден океан (Бурагев); *брилијант* > *брилијантен*: што се однесува на брилијант, брилијантски [/] и *брилијантски*: што е од брилијант (*прстен*) [прстен, брош, прав] (182). Погрешна употреба: Брилијантски сјај (12.9.2013); *вазал* > *вазалски* [однос, либерализам, режим, крал, држава, изјава, земја, медиум] и *вазален*: што има својство на вазал, што се однесува на вазал (*земји*, *односи*) [однос, статус, притисок, субјект, господар] (205); *валенција* > *валентен*: што има валенција [електрон, елементи, потенцијал] и *валенциски*: што се однесува на валенција [причина, член, позиција, карактеристика] (206); *век* > *вековен*: што трае со векови, долготраен, што живее со векови (*борба*, *даб*) [обичај, извор, судир, јубилеј, лек, бастион, проблем, пример, соживот, чинар] и *вековит*: што трае со векови, што живее многу долго (*чинар*) [празник, при честитки: Честит и вековит празник, чувар, заштитник, лек] (220–221); *верификација* > *верификациски* [код, тело, знак] и *верификационен* [картичка, код, број, процедура, комисија] (228); *ветар* > *ветровен* [/] и *ветровит*: што е изложен на ветар, во кој има ветар (*есен*, *место*, *време*) [викенд, ден] (234); *владика* > *владиков* [/] и *владички*: што му припаѓа на владиката, што се однесува на владика (*одежди*, *стол*) [стол, конак, трон, одежда, престол] (261); *водовод* > *водоводен*: што се однесува на водовод (*мрежа*, *цевки*) [мрежа, цевка, систем, дефект, приклучок] и *водоводски* [систем, решение, работа, производ] (276); *вокал* > *вокален*: што се однесува на вокал (*сегмент*) [систем, музика, концерт, ансамбл, состав, интерпретатор, основа] и *вокалски*: што се однесува на вокал [систем, способност, вештини] (285); *волна* > *волнав*: што е обрастен со волна, што има многу волна (*овци*) [/] и *волнест* [материјал, абразив, слој] (287); *восок* > *восоклив* [/] и *восочен*: што е направен од восок (*пита*, *свеќи*, *печат*) [Меси, Обама, музеј, третман, печат, слој, експонат] (293); *восок* > *восочест* [изглед] и *восочен 3*: што е жолт како восок (*лица*, *светлина*) [лице] (293); *глава* > *глават*: што има необично голема глава (*булдог*) [човек] и *главест*: 1. глават [човек] (343); *дамка* > *дамкав* [лице, нос] и *дамкичав*: што е со дамки [/] (398); *демаркација* > *демаркационен*: што е граничен, пограничен, што е во служба на демаркација (*линија*, *трупи*) [/] и *демаркациски*: што се однесува на демаркација [линии] (424); *дезинфекција* > *дезинфекциски* [средство, раствор, марамче, својство, бариера] и *дезинфекционен* [раствор] (413–414); *дестилација* > *дестилациски* [гориво, бренд, гас, својство, процес] и *дестилационен* [процес, профил, казан, апарат] (436); *дефицит* > *дефицитарен*: што е во загуба, што

покажува кусок и *дефицитен*: што е во загуба (439); *догма* > *догматичен* [/] и *догматски*: што се засновува на догми, што е според догмата, што има карактер на догма [сила, причина, аргумент, дискусија, метод, карактер, режим, спис, позиција, тема, поглед, прашање] (475); *дожд* > *дождов* [/] и *дождовен*: што потекнува од дождот, што е дел од него (*капки*) [облак, бомба] (481). Погрешна употреба: дождовен стајлинг, дождовни парчиња, дождовна есен (12.10.2016); *ѓавол* > *ѓаволест*: немирен, палав (*девојка*, *очи*) [гостин, поглед, сосед] и *ѓаволит*: немирен, палав (563). Погрешна употреба: ѓаволест план (Јовановиќ, 29.4.2017); ѓаволест детал (5.3.2009); *евакуација* > *евакуациски* [центар, пункт, конвој, план, ходник, пат] и *евакуационен*: што се однесува на евакуација (*зона*, *планови*) [ходник, пат, план, хеликоптер] (569); *еволуција* > *еволуциски* (*промени*, *процеси*) [фактор, процес, шок, причина, дизајн, успех, биолог] и *еволуционен* [процес, лимит, развој, биолог, систем, пат, остаток, карактер] (571); *еволуција* > *еволутивен*: развоен, со тенденција за премин од пониско кон повисоко, од попросто кон посложено (*период*, *процес*, *закономерност*) [развој, дизајн, предност, аспект, чекор, модел, став, недостаток, пат, психолог, напредок] и *еволуциски* / *еволуционен*: (*промени*, *процеси*) [процес, шок, причини, скок, генетичар, дизајн, успех, дострел, објаснување, остаток, развој] (569); *екологија* > *еколошки*: (*систем*) [елаборат, дозвола, фонд, аспект, здружение, инцидент, план] и *еколошки*: што се однесува на екологија [/] (586); *Екватор* > *екваторијален* [потекло, клима, појас, дел, бран, регион] и *екваторски*: што се однесува на екваторот, што е покрај екваторот, што има карактеристики на земјите крај Екваторот [систем, појас, шума, ружа, вода] (584); *експанзија* > *експанзивен*: што се шири, што се распространува, што освојува [процес, развој, поглед, циклус, карактер, период] и *експанзионистички*: што се однесува на експанзија [менталитет, сила, став, национализам, план, занес] (587); *екстаза* > *екстазен*: што е во состојба на екстаза, што се однесува на екстаза [џез, филинг] и *екстатичен* [танц, транс, говор, приказ, одговор] (590); *елиминација* > *елиминациски* [систем, филтер, дуел, натпревар, процес, фаза, круг] и *елиминаторен*: што е наменет да врши избор преку елиминација [карактер, турнир, систем, испит, услов, тест, меч, натпревар, орган] (596). Во Речникот не е наведена придавката елиминационен, но и таа се јавува во практична употреба [натпревар, меч, турнир]; *енклитика* > *енклитички* [/] и *енклитичен* [/] (600); *еротика* > *еротичен* [стриптиз, танц, масажа, гламур, сируп, модел, начин, спектакл] и *еротски* (*филм*, *поезија*) [колумна, приказна, филм, начин, сцена, расказ, песна, роман, порака, клуб, соновник, танц, масажа, забава, хороскоп, афоризам] (605); *естетика* > *естетичен*: што се одликува со естетика, убав прекрасен [/] и *естетски*: што се однесува на естетика, на чувството за убавото, што се одликува со естетика [стоматологија, третман, концепт, хирургија, операција, зафат, достигнување, проблем, пристап, стан, облик] (608); *жал* > *жален*: што изразува жал (*поглед*, *глас*, *израз*) [превод, приказ, ден] и *жаловит* [/] и *жалосен* [ден, квалитет, обид, крај, марш, циркус, плод, поглед, настан, факт] (613); *жила* > *жилав*: што има жили, што е со испакнати, нагласени жили (*рака*) [рака] и *жилест*: што има многу жили (*раце*) [рака] (629).

5. Заклучок. Анализата покажува дека редефинираната дефиниција на паронимите, која ја зема предвид мотивирачката основа и степенот на паронимност на зборовите, ги расветлува природата на паронимите и укажувањето за важноста од нивното немешање во јазичната практика. Од анализата, може да се констатира дека е многу важно да се прецизира значењето на односните придавки во Речникот, односно семантички да се конкретизира нивното општо значење: што се однесува на, зашто тоа може да се интерпретира на различен начин, да доведе до изедначување на значењето на некои од паронимите, како резултат на што или не може да се забележи разлика во значењето на одделни пароними или, тие се вклучуваат во друга група пароними, сп., *аг̄ов – аг̄овски*, *бег̄ – бег̄овски*. Од големо значење е, исто така, да се направи семантичко разграничување меѓу значењето на придавките изведени со суфиксот *-ин* и *-ов*, што покажуваат посвојност, и придавките изведени со суфиксот *-ински* и *-овски*, што покажуваат квалитативност (што е својствено на), за да се согледа појасно разликата во значењето, сп., *аг̄ов – аг̄овски*, *ајдуков – ајдучки*, *бабин – бабински*, *бег̄ – бег̄овски*. Понатаму, важно е да се следи развојот на значењето на делумните пароними и неговата евентуална промена со текот на времето. Анализата покажува дека придавките изведени со суфиксот *-ски* (*-чки*, *-шки*) се побројни во јазичната практика, што може да се интерпретира како тенденција за затврдување на овој суфикс од домашно потекло, иако е сè уште голем бројот на придавките изведени со суфиксот *-онен*. Од анализата може да се согледа дека, во голем број случаи, и контекстот има важна улога во определувањето на значењето на зборовите.

Литература

Бојковска Стојка, Минова-Ѓуркова Лилјана, Пандев Димитар, Цветковски Живко. 1998. *Македонски јазик за средно̄то образование*. Скопје: Просветно дело.

Голуб Ирина Борисовна.1997. *Стилистика русского языка: Учеб. п̄особие. Паронимия и п̄арономазия*. Московский государственный университет. Москва: Рольф, Айрис-пресс. http://bit.ly/2mXz2hi, 8.6.2015.

Конески Кирил. 1995. *Зборообразувањет̄о во современиот̄ македонски јазик*. Скопје: Бона.

Минова-Ѓуркова Лилјана. 2003. *Ст̄илист̄ика на современиот̄ македонски јазик*. Скопје: Магор.

Паноска Ружа. 1987. *Современ македонски јазик*. Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј“.

Пустошило Елена Петровна. 2011. *Учебно-методический комплекс ро русскому языку для студентов педагогические специальностей. Паронимия. Виды паронимов.* Министерство образования Республики Беларусь: Учреждение образования, Гродненский Государственный Университет Имени Яанки Купаль. http://bit.ly/2A2Se1X, 8.6.2015.

Речници

Бельчиков Юлий Абрамович, Панюшева Мария Сергеевна. *Словарь паронимов русского языка*. Москва: АСТ, Астрель, 2004. http://bit.ly/2mWJp4N, http://bit.ly/2ArDCdK, 22.4.2017.

Вишнякова Ольга Викторовна. *Словарь паронимов русского языка*. Москва: Русский язык, 1984. http://bit.ly/2zhRkvq, 20.4.2017.

Толковен речник на македонскиот јазик. Т. 1. Ред. К. Конески. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003.

Толковен речник на македонскиот јазик. Т. 3. Ред. К. Конески. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2006.

Popović Mihailo. 2009. *Tipologija francusko srpskih paronima*. Njegoševi dani, Međunarodni naučni skup, Cetinje. Nikšić: Filozofski fakultet. http://bit.ly/2B6IRf1, 23.4.2017.

Извори

Божиновска Светлана. 13.7.2015. Македонија. Власта ја укинува лустрацијата. http://bit.ly/2Atv9Xk, 21.10.2017.

Бурагев Никола. Преземете ги позадините за iOS 11 и macOS High Sierra! http://bit.ly/2zx9GwN, 14.11.2017.

Верушеска Марина. 21.2.2017. Правилно чистење на ушите. http://bit.ly/2zkfW6N, 10.6.2017.

Википедија. Капиз. http://bit.ly/2jjxXv9, 10.11.2017.

Дракул Симон. 1995. Жедна месечина. http://bit.ly/2B6OaLF, 13.10.2017

Јовановиќ Ненад. 29.4.2017. Влегоа за да убијат, што, тука, не е јасно!? http://bit.ly/2zhANaB, 5.8.2017.

Милан. 5.3.2009. Магијата на едноставноста – Концерт на Баклава во Универзална сала. http://bit.ly/2iKCN5f, 20.10.2016.

Стојковска Анета. 30.10.2017. Раскопаните тротоари на Ѓорче Петров заборавени со месеци. http://bit.ly/2i08cU4, 5.11.2017.

Тања. 12.9.2013. Убавина. Црвени усни, за грациозен и убав изглед. http://bit.ly/2n0OucG, 20.10.2016.

Толковен речник на македонскиот јазик. Т. 1. Ред. К. Конески. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003.

Трајчевски Трајко. 2012. Подготовка на минерални суровини за I година. Скопје: МОН. http://bit.ly/2A6nlb2, 20.10.2015.

/. 11.5.2005. Есма знае да се радува. Вечер. http://bit.ly/2zkhiOV, 10.6.2016.

/. 18.3.2013. Наставна посета на питомците од втора горина на НБРМ. http://bit.ly/2A0BJnb, 10.10.2017.

/. 3.9.2013. Македонија. Преку Интернет ги требат штетниците кај преспанското јаболко. http://bit.ly/2jhkoMA, 10.7.2016.

/. 28.3.2015. Неколку совети за виткањето на косата со фигаро. http://bit.ly/2hMq3tN, 20.9.2017.

/. 19.4.2015. Деца и родители. Каков е вашиот родителски воспитен стил. http://bit.ly/2n0OysW, 10.6.2016.

/. 23.12.2015. Конкурс за запишување студенти на втор циклус студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје во студиската 2015/2016 година. http://bit.ly/2i0d5wm, 10.10.2017.

/. 2.3.2016. Викендичка со интересен дизајн во Италија. http://bit.ly/2BhD4nP, 20.10.2017.

/. 4.5.2016. Фото: Брадест русокос Норвежанец стана Instagram сензација. http://bit.ly/2i09hv6, 20.10.2016.

/. 26.5.2016. Сојуз на стопански комори на Македонија. Најголемиот комбинат на Балканот ќе жнее се најголемиот комбајн. http://bit.ly/2A3bhJP, 2.7.2017.

/. 18.8.2016. Се дозна како ќе изгледа новиот оклопен транспортер БТ-3Ф. http://bit.ly/2i1Nmnc, 2.7.2017.

/. 12.10.2016. Што ви е потребно за совршен дождовен стајлинг? http://bit.ly/2jPjmvg, 22.12.2016.
/. 9.11.2016. Информација за првиот академски час на 15 септември во 10 часот. http://bit.ly/2mXPNsA, 10.10.2017.
/. 3.1.2017. Здравје. Како да ги разликувате грипот и настинката? http://bit.ly/2zjUgYB, 10.6.2017.
/. 6.2.2017. Мала претприемничка: 12-годишната милионерка која од бабин рецепт направи светски бизнис. http://bit.ly/2zxJXnT, 10.11.2017.
/. 18.11.2017. Дали знаете. Њујоршко кафуле во кое мачките имаат предност. http://bit.ly/2Ar0qKw, 18.11.2017.
/. 8.1.2017. Вечер. „Култура и книжевност“ – збирка есеи од Цепароски. http://bit.ly/2A2qoTJ, 10.7.2016.
/. Epson. http://bit.ly/2hNit1Z, 10.11.2017.

UDC 811.163.3’271.1:316.772.5

Елена ЈОВАНОВА-ГРУЈОВСКА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

Елизабета КУЗМАНОВСКА
Македонска радиотелевизија
Скопје, Македонија

АНАЛИЗА НА ДИСКУРСОТ НА НОВИНАРИТЕ ВО ЕЛЕКТРОНСКИТЕ МЕДИУМИ (СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПРАВОПИСОТ И ПРАВОГОВОРОТ)

Апстракт: Истражувањето е насочено кон лексичките, ортографските и ортоепските недоследности во информативните емисии и во вестите. Несоодветната употреба на правописната и правоговорната норма често го менува значењето на контекстот. Електронските медиуми треба да се придржуваат на јазичниот стандард, меѓутоа често се среќаваат отстапувања на сите рамништа.

Клучни зборови: дискурс, правопис, правоговор, електронски медиуми.

Правилната употреба на македонскиот јазик во медиумите постојано отвора место и простор за дебата и за полемика колку се користи стандардот, правоговорот. Особено е важно да се негува чистотата на јазикот во медиумите, бидејќи тие имаат големо влијание врз креирањето на јавното мислење и во промовирањето на јазикот.

Не може да се занемари силното влијание на приватните медиуми што работат комерцијално и не водат доволно грижа за пишувањето, зборувањето и говорот. Тие наметнуваат стил во кој се употребува сленг, жаргон, неправилни акцентски целости, разговорна лексика и туѓа лексика.

Според забелешките на професорите, новинарите, лекторите, спикерите и негувачите на културата на говорот, чистотата, акцентирањето и правоговорот, во сегашната состојба е вистинска реткост да се слушне во етерот стандарден и културен јазичен израз.

Односот кон правописната норма е основната димензија за квалитетот на текстот. Многубројните правописни грешки може да се оправдаат со природата на работата на новинарот – говорно обраќање, водителството (во последно време зазема водечка улога во електронските медиуми) и подготовката на прилозите. Брзината во подготвувањето носи свои неправилности и непрецизности, но не значи дека тоа треба да биде оправдување. Грешките или отстапувањето од правописот при пишувањето вест или сериозен коментар во вестите имаат поголема тежина. Во подготвените

прилози и информации, повремено се среќаваат пропусти во однос на едначењето по звучност, интерпункциските знаци (надреден знак, апостроф, цртичка, наводници). Пропустите се позабележливи во емисиите од контактен карактер. Такви се, на пример, утринските емисии во кои водителите не внимаваат доволно на правописот, потоа во коментарите на определени спортски новинари, при вклучувањата на новинарите во живо (линковски), во метеолорошките извештаи и сл.

Некои новинари ја сфаќаат нормата како ограничувачки фактор што треба да се надмине (сосема отворено го искажуваат својот став), па одат во крајности, и тоа не само во однос на правописот (Треневски 2004: 59). Уште во 1976 година Корубин вели: „Паѓа во очи, прво, појавата на грешки и пропусти од правописен и технички карактер. Некои причини за тоа може да се наоѓаат и во техничката опрема на печатниците и редакциите. Тие, меѓутоа се сè понеприфатливи, зашто со право се смета дека по толку години слободен развој на печатот, при денешни услови можат и мора да бидат отстранети. Тоа значи дека појавата на такви грешки и пропусти би била резултат и од отсуство на неопходните грижи и треба веќе да се третира како недозволена“ (Корубин 1976: 26).

Кепески наведува дека е неправилна употребата на префиксираните глаголски форми *превзема* и *завзема,* или на прилогот *воглавно,* наспроти точните *презема, зазема* и *главно* (калки преземени од српскиот јазик) (Кепески 1951: 42-44).

Често се греши и во употребата на *евтино/ефтино, поддршка/подршка, претстава/престава* и др. Овие примери ја покажуваат неутврденоста или несигурноста во пишувањето (за што постојат различни толкувања).

Во овој дел ќе бидат претставени некои почести отстапувања од правописната норма, чијашто неправилна употреба во пишаниот текст се одразува на говорната форма.

Надреден знак

Неправилностите при употребата на надредниот знак во сферата на интернетот се во вистинска инвазија. Во статијата *Некои недосредности на јазикот на нашиот печат* Л. Минова-Ѓуркова пишува: „Отсуството на надредниот знак во печатот би можело донекаде да се толкува и како превидување, или пак да се оправда на некој друг начин.“ Овој пропуст кај новинарите се провлекува до ден денес кога сме во ерата на компјутерите. Голем дел од компјутерските програми немаат оформени посебни знаци за **è** и **ì**, со кои се разликуваат заменската форма **сè** од елементот **се** кај повратните глаголи, кратката заменска форма **нè** од негацијата **не** и кратката заменска форма **ì** од сврзникот **и**.

Новинарите, особено во електронските медиуми, често ја занемаруваат оваа „мала правописна грешка“ за нив, иако таа може да го промени значењето на текстот, особено при интерпретацијата во говорна форма.

*Додека третата награда **и (ì)** е доделена на Билјана Николовска од Телма за статијата „Кога здравствениот систем убива дете“ за случајот со малата Тамара.*

*„Нас **не (нѐ)** отфрлија од здружението поради лажни претставувања на еден од членовите“;*

*„**Се (сѐ)** се случи набрзина...“*

Апостроф

И за (не)употребата на апострофот често одговорот се бара во техничката немоќ. Пр.: „*...блескаше Шекил О’Нил“*, „*Заедно уживаа од трудот на туѓунарите што сега се ссскаат против новата власт“.* Лексеми кои се употребуваат во разговорна форма се: *см’кне, д’тка, с’клет* итн. Како претерување се смета кога некоја согласка не се слуша, се испушта (елизија), односно се избегнува. На пример: *ај, чо’ек, оди пра’о, гле’ам, па ш’о, ниш’о* итн. Има примери кога апострофот погрешно е напишан, на погрешно место, а потоа и погрешно е изговорен зборот: *„Дали ќе имаш ксмет сѐ зависи од сопствената среќа во животот“* (некои изговараат касмет, к’смет); *р’ѓосан, р’ж, р’бет* и др. (апострофот е употребен зад **р**).

„Многу е важно наутро да појадувате р’жани снегулки...“

„Р’ѓа фатија документите во фиоките...“;

„Овие луѓево како без рбетници се однесуваат, немаат нити чувства нити совест“.

Едначење по звучност

Еден од суштествените белези на македонскиот јазик е правилото за едначење по звучност на согласките. Поголеми грешки се прават во неутралната лексика, а чести примери се: *одтаму, представува, одколку, градче, безконечно, предходно* и сл. Испитувањата покажуваат дека генерациите што доаѓаат и се занимаваат со новинарство сѐ почесто ги прават овие грешки.

Причините лежат во неукоста и недоволното познавање на стандардот (некои новинари намерно го избегнуваат стандардот, барајќи „слобода на изразување“). Тоа не се оправдувачки околности, затоа што страда стандардниот јазик (Треневски 2004: 45).

Дилеми се јавуваат и во некои случаи, за кои одделни новинари мислат дека нема целосна сраснатост на афиксот со коренот (*себство, подкласа, надперспектива*). На ист начин постапуваат и со лексемите од туѓо потекло (*абсорпција, субкултура, субтропски)*. Исто така се пишуваат зборови и според нивната изговорна вредност, очигледно не им се познати ни отстапувањата во правилата за едначење по звучност (*ефтино, сваќање, гратски)*. Ова се примери кога одделни согласки се во непосреден допир со друга согласка различна по звучност, наспроти правилото за едначење по звучност.

„Градоначалникот на град Скопје не ја свати препораката од...“;

„Туристичките агенции годинава со поефтини аранжмани...“;

„Гратскиот трговски центар на удар на јавноста поради новата фасада...“

Удвоени/неудвоени согласки

Удвојувањето или неудвојувањето на согласките претставува една од посериозните правописни грешки, кои континуирано се присутни кај новинарите, а се одразуваат и на говорната форма. На пример: *оделни, потик, безаконие* и сл.

Со посериозни последици се отстапувањата при употребата на некои паронимни двојки, како на пр.: *поддржи/подржи, десеттина/десетина, оддолжи/одолжи*. Со правилното или неправилното удвојување на согласките се добива различно значење во контекстот.

„Тој во националното собрание ќе биде ***подржан*** *од две спротивставени партии“.*

„Со петтата победа во ***третата*** *квалификациска група“...*

Слични се грешките и кога не се зачувуваат некои согласнички групи, кои директно влијаат на правописот (*дирекно, контекс, преставува и сл.*).

„Се јавуваме дирекно од Собранието на Република Македонија...“;

„Председателот на Република Македонија преседаваше на форумот посветен на безбедносната состојба во Република Македонија“.

Кирилица – латиница

Во најново време, главно како резултат на престижноста на англискиот јазик и неговото писмо, нагло се зголемува присуството на латиничното писмо во нашите медиуми. Употребата на латиничното писмо во редовите на кириличното брзо расте. Осовременувањето на начинот на живот воопшто, не ги заобиколи и медиумите, особено електронските. Новинарите сè повеќе како да имаат потреба да пишуваат латиница, односно да употребуваат туѓи зборови. На пример: „*По шесте албуми, на ред беше еден класичен* ***best of****“,„На двете страни ќе им биде понуден нов договор и ќе се примени стратегијата* ***step by step****“.*

„Факт е дека понекогаш има потреба за дополнителни објаснувања во текстот, кога некој термин или израз се предава во оригинална форма, но многупати латиничните оригинали (туѓи зборови, термини, лични имиња, готови изрази) се намерен авторски избор со цел да му се даде трендовски белег на текстот“ (Треневски 2004: 83).

Проблемот се јавува подоцна во текстот кога треба да се пренесе на кирилично писмо во однос на сигнализација на членот, додавањето наставка за време кај глаголите итн. Во поново време туѓите зборови влегуваат со кирилично писмо кај различни манифестации што се употребени како текст со кирилица, на пр. *Слоу фуд, Скопје опен, Агро берза, Фејшн вик*, *афтер ворк парти* и сл.

Станува збор за примери кои се напишани текстуално (во кајрон), додека се емитува прилог на програмата.

Определени зборови веќе станаа омилени кај помладата генерација новинари (*in, out, happy end, live*), што ги употребуваат во подготовката на прилозите и на определени коментари.

Големиот пробив на латиницата во македонскиот медиум е резултат на стихијниот и потценувачки однос кон своето за сметка на туѓото. Оваа тенденција сè повеќе го зафаќа и го окупира медиумскиот простор.

Се разбира дека во електронските медиуми правоговорот мора да има примарно место и да биде составен дел од најнеопходните предуслови за луѓето што работат во нив. Сведоци сме на многубројни отстапувања од правоговорната норма, од општоприфатениот правоговорен узус.

Медиумот би требало да е одржувач и поддржувач на јазичниот стандард, но во електронските медиуми често се среќаваат отстапувања од нормата, како на пример: погрешно акцентирање, лоша артикулација или интонација и др.

Во врска со правоговорот на новинарите во електронските медиуми ќе го посочиме мислењето на Цветковски: „... голем број новинари имаат мошне тесен и краток изговор на вокалите, што доведува до повеќе нетипични и нестандардни гласовни промени со кои се засега во суштинските белези на нашиот правоговор“ (Цветковски 1994: 55).

Во насока на надминување на проблемите со правоговорот на новинарите во македонските медиуми, потребно е разгледување на можностите за вршење обука и постојана проверка, за издигнување на степенот на правилната употреба на македонскиот јазик во говорена форма кај новинарите, водителите итн., но и следење на тековните проблеми со кои се соочуваат лекторите, изнаоѓање форма за посочување на почестите јазични прашања на лекторите и предлагање соодветни решенија (Макаријоска 2008: 46).

Акцент

Акцентот е суштествен елемент за говорната форма на еден јазик, па затоа е неодминлив при анализата на јазичниот израз на новинарите во електронските медиуми, во нивното почитување на стандардната правоговорна норма. Во македонскиот стандарден јазик акцентот е фонетски стабилизиран на третиот слог од крајот на зборот (кај зборовите што имаат најмалку три слога) и по карактер е динамичен (Конески 1981: 139-140). Акцентот во македонскиот јазик се карактеризира со синтагматичност, т.е. во стандардниот јазик, според правоговорната норма, постојат акцентски целости со кои под еден акцент се подведуваат неколку типа синтагми (*кисел'о-млеко, брат'учед-ми; најд'ете-го, најдет'е-ми-го*).

Ортоепската норма прецизно ги определува начините на акцентирање на одделните зборови, на акцентските целости како и на позајмените странски зборови (притоа во никој случај не се допушта акцентирање на слог понапред од антепенултима). Сепак, во медиумите и во секојдневниот говор, сè почеста е појавата на акцентирање на повеќесложните зборови на четвртиот слог од крајот на зборот. Ваквата состојба, што ја констатира Лаброска во статијата посветена на некои отстапки од третосложното акцентирање (Лаброска 2009: 98), а претходно (во деведесеттите години на минатиот век) во *Граматиката* (Конески 1981: 154), можевме да ја регистрираме и ние во нашето истражување. Често можат да се слушнат зборови (повеќесложни)

со акцент на четвртиот слог од крајот, како на пример: *аг'енцијата, б'уџетските (средства), д'аноците, донес'увањето, 'Европската (унија), инвест'ициите, кл'иматските, мин'истерството, опоз'icијата, п'азарната, приф'аќањето, р'уралната, Собр'анието, 'управниот, ф'ондовите, чл'еновите* и др.

Би можеле да се согласиме со констатацијата дека „...ваквиот начин на зборување на македонските електронски медиуми сè повеќе добива печат на изговор со престиж, на зборување од висока позиција, на изразување на работи што носат посебна важност, тежина“ (Лаброска 2009: 100).

Кај професионалните новинари почести се отстапките во образувањето на акцентските целости, како на пример: *добро-'утро, добар-д'ен, К'исела В'ода, Г'ази-Баба (општина), пред-м'ене, зад-н'ас, сед'умдесет-и-с'едум,* и др.

Новинарите со своите текстови и усни презентации секојдневно го практикуваат, но и го креираат јазикот. Во нивниот јазичен израз се отсликуваат сите промени: развојот на науката и техниката, политичките, општествените и економските промени, потоа новините во културното живеење, промените во менталитетот и сфаќањето на животот, влијанието од соседните и од доминантните култури. Да споменеме дека неизбежен дел од јазичниот израз на секој новинар е дијалектот заедно со колоквијалните елементи.

Електронските медиуми денеска се присутни во сите домови и меѓу сите граѓани. Нивното влијание врз свеста, менталитетот и јазикот на народот е исклучително големо. Затоа, новинарите во електронските медиуми треба одлично да го владеат стандардниот јазик и да имаат постојана соработка со лекторите во своите редакции.

Литература

Велева Славица. 2000. „Тенденции во зборообразувањето во публицистичкиот стил“. *Македонскиот јазик во јавното општење*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 206-210.

Велковска Снежана. 2011. *Студии за македонската лексикологија и лексикографија.* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Веновска-Антевска Снежана. 1995. „За (не)употребата на македонскиот стандарден јазик при јавното општење“. Скопје: *Втор научен собир Млади македонисти*.

Веновска-Антевска Снежана. 2009 „Стандардојазичната норма како израз на јазичната култура“. *Културата и јазикот*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Јашар-Настева Оливера. 1966. „Интернационалната лексика во современиот македонски јазик“. *Литературен збор* XIII 3, Скопје, 10-16.

Јованова-Грујовска Елена. 2000. „Разговорната лексика во ‘Пулс’“.*Македонскиот јазик во јавното општење*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 229-233.

Јованова-Грујовска Елена. 2002. *Валоризација на колоквијализмите во македонската јазична средина.* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Кепески Круме. „За некои јазични и правописни грешки во нашиот печат“. *Македонски јазик* II бр. 2, Скопје. 1951, 42-44.

Конески Блаже. 1967. *Граматика на македонскиот литературен јазик.*Скопје: Култура.

Конески Кирил. 1995. *Зборообразувањето во современиот македонски јазик.*Скопје: Бона.

Корубин Благоја. 1976. *Јазикот наш денешен,* кн. 2. Скопје.

Лаброска Веселинка. 2009. „Отстапки од третосложното акцентирање во македонскиот јазик (нови тенденции во говорната практика на македонските електронски медиуми)“. *Зборник во чест на проф. Кирил Конески по повод 80 години од раѓањето*, Скопје. 97-102.

Макаријоска Лилјана. 2012. „Туѓојазичните влијанија врз македонскиот лексички систем (современи состојби)“. *Balkanistica* 25:2, Mississippi: The University of Mississippi Printing Services of Oxford, 107-122.

Минова-Ѓуркова Лилјана. 1971. „Некои карактеристики на јазикот на нашиот печат“.*Литературен збор* XVIII 2, Скопје, 81-86.

Минова-Ѓуркова Лилјана. 1994-1996.„Некои особености на функционалните стилови“. *Македонски јазик* (XL-XLVII)*,* Скопје, 39-49.

Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. Снежана Велковска, Кирил Конески, Живко Цветковски, I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003–2014.

Треневски Томислав. 2004. *Јазикот на печатот во Република Македонија (1989–1999),* докторска дисертација (ракопис). Скопје.

Цветковски Живко. 1994. „За некои покарактеристични промени во синтаксата на стандардниот македонски јазик (со посебен осврт врз синтаксичките средства)“. *Литературен збор*XLI, 1-3, Скопје, 53-59.

UDC 811.163.3’373.21

Мери ЈОСИФОВСКА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ − Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

НОВИ ИМЕНУВАЊА ВО МАКЕДОНСКАТА ТОПОНИМИЈА

Апстракт: Македонскиот јазик, како отворен семиотички систем, речиси секојдневно се соочува со наплив на туѓа лексика, којашто главно ја наметнува англискиот јазик. Таа навлегува во сите лексички сфери, па дури и во сферата на сопствените имиња. Како најзатворени за туѓите влијанија во македонската онимија се покажуваат презимињата и месните имиња. Првите, затоа што се стабилна и наследна категорија, додека, пак, вторите заради својата постојаност и административност. Останатите ономастички категории, помалку или повеќе, подлежат на влијанија однадвор.

Во овој труд ќе бидат опфатени новите именувања во македонската топонимија во последните децении од нашево живеење, коишто настанале како резултат на јазичните контакти меѓу македонскиот, албанскиот и влашкиот јазик и коишто се потврдуваат во македонската микротопонимија. Исто така, ќе бидат опфатени и новите именувања предизвикани од јазичната интерференција и од јазичната глобализација. Овие нови именувања се среќаваат во следните ономастички категории: ергоними, хрематоними, ходоними и урбаноними.

Клучни зборови: македонска ономастика, туѓа лексика, топонимија, микротопонимија.

Топонимијата претставува релативно стабилен и затврден дел од лексичкиот систем на јазикот и во најмала мера е подложен на надворешнојазични и на стихијни збиднувања. Таа е дел од културното наследство на секој народ, показ за неговиот ентитет и за неговата автохтоност во конкретен географски простор. Во тој контекст, за македонската топонимија може да се каже дека таа има изразито словенски карактер и дека се вклопува во општата слика на словенскиот топономастикон.

Новите именувања во македонската топонимија, пред сè, се однесуваат на појавата на нови форми во микротопонимијата на синхрониско рамниште. Тие се природна појава во системот, којашто се јавува како последица од човековата потреба за попрецизно дефинирање на географскиот простор, но и како последица од современиот начин на живот и од засилената индустријализација. Така што, примерите од типот: *База*, *Жичарница Долче*, *Кај Споменико*, *Под Монополо*, *Пред Кафеани* (од Крушевско); *Индустриски Пат, Поштенска Гаража, Цементара*, *Жичара/Жичница, Милениумски Крст, Обиколница* (од Скопско) и други, се најтипични микротопоними коишто треба да ја добијат определбата или квалификацијата „нови именувања во македонската микротопонимија“.

Многу е поголем бројот на нови именувања предизвикани од јазичната глобализација на современ план. Влијанието на современите западноевропски и престижни јазици; меѓу кои предничи англискиот, односно американскиот јазик, како јазик со најразвиена комуниколошка употреба во светот; изразито се чувствува во современата лексичка наслојка на македонскиот јазик. Хрематонимите, ергонимите, ходонимите, универзонимите, уникатонимите и урбаните топоними се впечатлив сегмент во современиот лексикон на македонскиот стандарден јазик. Овие номинални категории се едни од најмалку проучуваните и најдискутабилните категории во ономастичката наука. Кај авторите што ја проучувале оваа проблематика не постои усогласеност во однос на определувањето на нивната поимска содржина, така што нивното дефинирање се одвива во потесни или во пошироки рамки.

Македонската лингвистика вниманието врз хрематонимите го има фокусирано главно на еден тип, а тоа се називите на фирмите во Македонија. На оваа тема имаат пишувано повеќе автори, коишто главно ги разгледуваат хрематонимите од културолошки и од социолингвистички аспект. Нивниот пристап кон оваа тема е очекуван и е оправдан во општиот лингвистички контекст; што значи дека потесниот контекст треба да биде протолкуван од страна на ономастичарите.

При овој повод ќе бидат претставени примери и од други видови хрематоними, коишто се сметаат за нови именувања во македонската ономастика и во македонскиот лексикон воопшто, а коишто се производ на јазичната глобализација и се дел од секојдневната комуникациска прагматика. Така, на пример, имињата на трговските центри, како и имињата на стамбените и урбаните комплекси во Македонија (а особено во Скопје), се мошне репрезентативни примери на јазичната глобализација на современо јазично рамниште.

1. Имиња на трговски центри:

Палма Мол (Тетово) < bot. *palma* ‘вид тропско дрво’ и англиски *mall* ‘трговски центар’. Веројатно центарот е со убаво уреден двор во кој има и палми.

Беверли Хилс (Скопје) < име на елитна населба во Холивуд (USA).

ТЦЦ Плаза (Скопје) < италијански *plaza* ‘плоштад, центар’.

Рејбан (Битола) < американски бренд на очила.

Палома Бјанка (Скопје) < италијански *paloma bianco* ‘бела палома, хартија’, со конгруенција по род според македонската јазична норма.

Глобал (Струмица) < од англиски *global* ‘општо’, би значело дека е трговски центар каде што може да најде сѐ што е потребно.

Рамстор (Скопје) < според ланец на турски трговски центри *Ramstor Mall*.

Соравија Груп (Скопје) < според англиски *Soravia Group*, име на позната австриска и источноевропска групација, која се занимава со инвестиции.

Скопје Сити Мол (Скопје) < превод на англиски од македонската синтагма *Скопски градски трговски центар*.

2. Имиња на станбени комплекси:

Скопје Сити Гарден < англиски *city garden* ‘градска градина’.
Верина (Орман, Скопско) < латински veri ‘вистински’.
Сити Вју (Сопиште, Скопско) < англиски *city view* ‘преглед на градот’.
Скопје Сити Тауер (Скопје) < англиски *city tower* ‘градска кула’.
Гранд Престиж (Скопје) < англиски *grand prestagge* ‘голем престиж’.
Ист Гејт (Скопје) < англиски *east gate* ‘источна порта’.
Голден Хил (Скопје) < англиски *golden hill* ‘златен рид’.

Наспроти нив во македонската топонимија се изделува една друга група топоними, коишто се јавуваат во етнички мешаните региони во внатрешноста на Република Македонија. Ова треба особено да се потенцира, затоа што оваа појава е од поинаква природа во однос на онаа во пограничните мешани региони, каде што дејствува законот за територијално условена јазична интерференција. Во тие региони македонскиот народ долги години живее во заедништво со: Албанци, Власи, Турци, Срби, Бошњаци, Хрвати, Роми. Македонското автохтоно население ја наметнало наследената словенска номенклатура во географското определување, којашто со тек на времето почнала да трпи подновувања.

Имено, станува збор за т.н. новосоздадени албански и изворно нови влашки микротопоними, коишто апсолутно треба да се разграничат од преведените и дублетни форми, сè почести во денешниот македонски топономастикон. Неизбежно е да се потенцира дека овие подновувања во микротопонимијата се исклучително тешки за препознавање, до коешто може да се дојде само по пат на прецизни теренски истражувања, кога истражувачот има јасна претстава за географскиот простор, за неговата историја, за неговата етногенеза, како и за неговата понова демографска структура. При тоа, истражувачот е оној што ги има инструментите со помош на кои ќе определи како ќе ги дефинира микротопонимите, во согласност со соодветната лингвистичка подлошка. Лесно се препознаваат преведените македонски топоними на туѓ јазик. Во науката за имињата тие се третираат како дублетни форми и како такви функционираат на маргините, т.е. во, за нас, туѓиот комуникациски код. Хибридните топоними не се предмет на интерес при овој повод, затоа што тие се веднаш препознатливи и се потипични за пограничните мешани региони во Република Македонија.

Посебно внимание заслужуваат новосоздадените албански микротопоними, кои се образувале независно од македонскиот топонимиски систем и функционираат самостојно во комуникацискиот код на албанското население во Македонија. За нив не постојат македонски дублетни форми, туку само варијанти, коишто се отпосле преведени на македонски јазик.

Оваа констатација ги исклучува влашките топоними од Крушево, затоа што тие се изворни топоними, за коишто не постојат македонски еквиваленти во секојдневната комуникација на месното население. Дури и во случаите кога има дублетни форми, не би можело да се констатира дали се работи за превод, сфатен двонасочно. Тоа, бездруго, произлегува од фактот што Македонците и Власите се со иста православ-

но-христијанска вероисповед, како и од тоа дека тие отсекогаш биле кохерентни и рамноправни во утврдувањето и во подемот на Крушево како градска населба.

За илустрација ќе наведеме неколку примери на новосоздадени албански топоними и изворни влашки топоними од Крушевскиот Регион, кои произлегоа од повеќекратните теренски истражувања што ги спроведував за потребите на мојот докторски труд *Топономијата на Крушевско*.

- Албански примери: *Маала е Абдиофцит* (со македонска варијанта *Абдиоско Маало*), *Шулани и Чупеве* со значење ‘момино место’, *Шулани и Ѓат* со значење ‘долго место’, *Гур и Ајрушит* (со македонска варијанта *Камено на Ајруш*), *Зали и Демос* (со македонска варијанта *Демоска Река*).
- Влашки примери: *Охтул Дарбинеш* (со македонска варијанта *Арнаутски Рит*), *Шопатлу а Домнулуј* (со македонска варијанта *Господиноа Чешма*), *Писти Охту* со значење ‘преку рид’, *Станич* со значење ‘солиште’, *Стан Ничу* со значење ‘солиштето на Ничу’.

Особено маркантно именување во топонимискиот корпус од Крушевско е ојконимот *Милошево*, затоа што се работи за топоним со административна/официјална, а не регионална/неофицијална употреба. За него нема никакви потврди ниту во средновековните пишани споменици, ниту во турските документи за историјата на македонскиот народ, а не се среќава ниту на картата на Јаранов од 1933 година. Тоа значи дека оваа населба е формирана по Првата светска војна од страна на Срби и Хрвати доселени од Далмација, за што говори и етимологијата на овој ојконим, во чијашто основа е заложено името на српскиот кнез Милош Обреновиќ (1780 – 1860). Тогашниот српски кнез Милош Обреновиќ бил прочуен по своето политичко и економско влијание во Отоманската Империја. За време на неговото владеење Србија се здобила со автономија, а тој се здобил со атрибутот „еден од најбогатите и највлијателните личности на Балканот“.

Овој ојконим претставува елиптична форма добиена од првобитниот синтагматски состав **Милошево (Село)*. По отпаѓањето на втората компонента − именката *село*, дошло до супстантивизација на првата компонента − придавката *Милошево*. Во основата на поименичената придавка е заложено личното име *Милош* (изведено од придавката *мил/-а,-о,-и* + хипокористичниот суфикс *-ош*, којшто е типичен за српскиот, хрватскиот, босанскиот и црногорскиот јазик; но и скратена форма од првиот отворен слог на сложените словенски имиња *Миломир* и *Милослав*), кон кое бил додаден посесивниот придавски суфикс *-ев* (палатална варијанта на суфиксот *-ов*) во форма за среден род *-ево*, затоа што воспоставува конгруенција по род со именката *село* (Јосифовска 2014: 235−236).

Нови именувања во македонската топонимија имало и ќе има. Некои од нив се оправдани, а некои не се оправдани. Некои се краткотрајни, а други се со подолг век. Не се добри оние што го нарушуваат ономастичкиот систем и што можат штетно да дејствуваат во јазикот. Затоа е потребна постојана едукација на населението за значењето и улогата на овој сегмент од јазикот. Новите топоними во македонскиот јазик се резултат на современата социјализација, како и на глобалната унификација. Тие

го збогатуваат онимискиот фонд на македонскиот јазик и истовремено ѝ пркосат на традиционалната македонска номенклатура.

Користена литература

Коробар-Белчева Марија. 2002. „Хрематонимите во македонскиот јазик“. *XXVI научна дискусија на XXXIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура.* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 151−157.

Миовска Весна, Јосифовска Мери. 2003. „Македонските хрематоними од современ аспект“. Metodologia badań onomastycznych. Olsztyn: TN i OBN, 556−572.

Јосифовска Мери. 2013. *Топонимијата на Крушевско.* Докторски труд во ракопис.

Јосифовска Мери. 2014. „Ојконимијата на Крушевско“. *Македонистика 13.* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 213−250.

https://icosweb.net/drupal/terminology (ICOS List of Key Onomastic Terms)

Yellow pages (Жолти страници на Македонија), регионален стопански информатор на РМакедонија за 2016/2017 г.

UDC 811.163.3’282(495.6)

Маќеј КАВКА
Јагелонски универзитет
Краков, Полска

КОНЦЕПТОТ НА НАРАТИВЕН ИДЕНТИТЕТ И НЕГОВАТА ПРИМЕНЛИВОСТ ВО АНАЛИЗАТА НА ЈАЗИКОТ НА БЕГАЛЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ПО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА

Апстракт: Во оваа статија е направена анализа на концептот на наративен идентитет кај Пол Рикер и неговата применливост во анализата на јазикот на микронаративите на бегалците од разни места во Европа. Нивните микронаративи се наоѓаат главно во медиумите, архивите, научните дела и збирките како сведоштво за постмеморија. Во рамките на секоја заедница се истакнува улогата на приказните, во коишто се претставува и креираната слика за светот, вредностите, човечките должности или правила на однесување. Тие, исто така, ги дефинираат моралните принципи и го обликуваат идентитетот на човекот.

Клучни зборови: наративен идентитет, наратив, микронаратив, бегалци, национален идентитет, постмеморија.

Вовед

Целта на оваа статија е да ги покаже основните црти на јазикот на микронарациите на бегалците, коишто се наоѓаат на разни места во Европа, а нивните микронаративи се наоѓаат, главно, во медиумите, архивите, научните дела и збирките. Во овие медиумски емисии, кои траат најмногу од една до три минути, бегалци од Африка и од Блискиот Исток раскажуваат за нивниот егзодус преку море и за нивните престојувања во европските земји.Ова исто така важи и за бегалците од Егејска Македонија по Граѓанската војна во Грција.

I

Наративниот идентитет се манифестира не само во структурите на јазичните, текстуални или раскажувачки обрасци, скриените или јавни кодови, туку и симболично во семиотичките дефинирани артефакти – текстовите на култура. Презентирањето на овие два аспекти на наративен идентитет треба да се користи за анализа на лични документи – писма, мемоари, интервјуа, музејски експонати, архитектура – споменици и аудиовизуелни дела. Освен тоа, од втората половина на дваесеттиот век ние сме сведоци на распадот на големите наративи во поединечните историографии и описи на западните заедници. На нивно место има мали „приказни“, микронаративи со локален карактер и со недостиг на универзални референци. Самиот поим *наратив* беше првпат употребен од Р. Барт во статијата *Вовед во структурната анализа на наративите* (Barthes 1977 : 79–117).

Тука се јавува прашањето: дали историјата и сите описи на реалноста треба да се расфрлаат со големи наративи (Lyotard 1997). Тоа расфрлување предизвикува определени измени во сите сфери на општествениот живот, како на пример, кризата на досегашниот систем на вредности и формите на живеење. Истовремено, се водат дискусии за идните форми за раскажување на стварноста. Во современата културологија, под влијание на лингвистиката – посебно како резултат на развојот на комуникациската лингвистика – почна да доминира мислењето за јазичниот карактер на стварноста. Светот се подразбира како текст или збирка на текстови (посебна кариера направи поимот – текстот на културата), како наративи (збирка на наративите) или како симулакрите – копии без оригинал, коишто заедно го определуваат она што денес го нарекуваме култура. Без оглед на тоа, еднозначно се тврди дека специфичната основа на секој наративен текст или дискурс е јазикот, кој, исто така, е основа на културата, воопшто. Во рамките на секоја заедница се истакнува улогата на приказните, во коишто се претставува и креираната слика за светот, вредностите, човечките должности или правила на однесување. Тие, исто така, ги дефинираат моралните принципи и го обликуваат идентитетот на човекот. Овие приказни се нарекуваат митови, идеологии или погледи на светот (таквите визии содржат, како што е познато, и верски системи) и можат да функционираат како големите наративи.

За време на просветителството, големите верски наративи почнаа да се одделуваат од секуларните наративи. Еве некои нови наративни приказни: за прогресивната еманципација на разумот и слободата ... за збогатувањето на човештвото како целина преку унапредување на капиталистичката, технолошката наука, па дури и, ако го вклучиме, христијанството во модерноста, спасението за човечките суштества преку претворање на душите во христолошки наративи за мачеништвото на љубовта. Наративите што се одвиваат во некое време и простор ги доведуваат во прашање основните вредности и визии што биле карактеристични за приказната за потеклото на просветителството. Имено, за идејата за напредокот, непоколебливата вера во Разумот и нејзината рационалност, според Лиотар: „За постмодернизмот ја препознаваме недовербата на метанарацијата. Наративната функција ги губи своите основни црти: голем херој, големи закани, големи претпријатија и голема намена“ (Lyotard 1997: 11). Тој, исто така, го критикува постулатот на филозофската или научната валидација на поединецот и полињата на човечката култура. Во XX век (особено во неговата втора половина) дојде до распаѓање на големите наративи. Историографијата порано била фокусирана на одлични карактери и лица. Тоа биле приказни за кралевите, шефовите и папите. Подоцна таа беше историја на политиката и политичарите, која ги опишувала таканаречените важни настани. Таа, исто така, беше историја на законите, идеите и големите структури, односно, историја на процесите. Современата историографијата не ги дели (барем се обидува да не ги дели) луѓето на еднакви и понапредни, прогресивни и, историски и неисториски, и не придонесува кон наследството на земјата и нацијата. Благодарение на тоа се роди мислата дека треба да се зборува за оние лица што досега биле прескокнати од големата историја – таа практика најде свое место во микронаративите или т.н. микроистории. На почетокот на седумдесет-

тите и осумдесеттите години од минатиот век, постмодерната хуманистика привлече внимание кон микростудии. Иако микроисторијата „излезе од мода“, честопати несвесно, сè уште произлегуваме од нејзините достигнувања. Овие приказни (автонарации) содржат нечие сеќавање на животот, вредностите и визиите, и на крајот, односот кон другите, а пред сè го обликуваат идентитетот на човекот.

II

Нарацизмот влијаеше врз гледиштата за статусот на субјектот како филозофска категорија. Овие напори ги образложи, можеби најзабележливо, П. Рикер:

Ние се обидуваме да го откриеме, а не само да го наметнеме однадвор (...) наративниот идентитет кој нас нè сочинува (...) бидејќи не е серија настани без кохеренција, но токму е тоа идентитетот што може да се создаде со композирањето на приказната, со сета своја внатрешна динамика на темпоралноста (Ricoeur 1993: 235).

Утврдувањето дека идентитетот не е даден, но конструиран во текот на раскажувањето е несомнено еден од најважните моменти во постмодерната наука. Поентата е дека идентитетот на субјектот е секогаш непредвидлив, дека е динамичен и разигран, дека е граден во автонарација како искуство на самиот себе, на светот и на другите, дека се развива во текот на времето и дека како фабула ја започнува и ја завршува приказната.

Овие констатации се принцип прифатен во анализата на јазикот на микро- и автонаративите, конструирани од политичките бегалци и се наоѓаат во нивните приказни.

Еве неколку примери на такви микронаративи:

Со херојство не се добива ништо ... Разбирате ... Ништо .. да бидеш херој, но да останеш жив.. Од 124 момчиња, не ти го реков тоа, само четири преживеавме ... Што ако сум жив, што имам седум рани, Што немам десно око... и кога се напијам некоја ракија, ме фаќа ... и плачам за момчињата што загина на море.

Еден топоним да ми кажат на грчки, јас нема да го знам... И воената служба на радиоапаратите, така ги вика ... на македонски... На пример Црвени Брест ...? Чешма ... итн., на така ги знаеме....

Мене ми пречи кога има свој дијалект – Понтиецот, имаше соселани тука... Понтијци, Ѓупц, Сиријанци ... Од сите имаме тука, која раса сакаш да имаме. Тие имат права, а ние немаме никакви (Сведоци – Егејска Македонија: 2013).

Во согласност со социјалната семиологија, целта на анализата е да ги декодира знаците и шифрите како систем на јасни (логички) и општествени конвенции (поими за вистината и лагата), како и херменевтички кодови, заматени, латентни или чисто случајни знаци, кои изразуваат вистини и поствистини за идентитетот, со импликатури, палимпсести, метафори, поетските кодови кои, како што се шифтерите на идентитетот во смисла на Р. Јакобсон (Jakobson 1989), или како „конвенционализирани и социјализирани“ знаци се полабаво дефинирани, подвосмислени и најчесто игнорирани од нас, но сите тие јазичните признаци се присутни во микронарациите.

Важна е тука тезата на Р. Барт дека „сè нешто значи“ и дека текстот сам по себе е целосно покриен со смислата и потопен во бесконечната интерсмисла, која се протега меѓу јазичниот систем и светот (Barthes 2016: 130). Назначувањето и идентификацијата на наративниот идентитет својствени за оваа интерсмисла, не се „чиста означителност“, туку во лингвистичките, психолошките, социолошките, политичките науки, историјата и конечно „означеното“ ќе биде можно благодарение на деталната интердисциплинарна анализа на пет големи кодови:

– код на дејството – текстот се интерпретира во рамките на транснаративноста и трансмедијалноста;

– семантички код – се фокусира на „означеното“ и на светот на конотацијата;

– културен код – општо познавање на епохата врз која се темели дискурсот;

– херменевтски код – овозможува откривање на вистината;

– симболичен код – кој не подлегнува на логиката или искуство, туку на логиката на соништата (Barthes 2016: 132).

Заклучоци

Очекуваната реконструкција на наративниот идентитет како резултат на анализата на јазикот (кодот) на расказите (раскажуваната историја – анг. *storytelling*) од страна на бегалците треба да даде одговор на прашањето: Дали во случајот на политичките или економските бегалци (мигранти) од Африка и Блискиот Исток или од Егејската Македонија миграцијата во Европа и други земји доведе до зајакнување на нивниот национален идентитет, неговото слабеење или губење на пр. во корист на италијанскиот или германскиот идентитет или уште, можеби, на територијалниот идентитет поврзан со местото (привремено или трајно) на престојот на бегалците, па дури до оформувањето кај нив на космополитизмот?

Литература

Barthes Roland. 1977. „Introduction to the Structural Analysis of Narratives”. New York: *Image, Music, Text*, ed. and trans. S. Heath, 79–117.

Barthes Roland. 2016. *Ziarno głosu. Wywiady 1962-1980*, tłum. M. Falski, Kraków.

Jakobson Roman. 1989. „Szyftery, kategorie czasownikowe i czasownik rosyjski”. Warszawa: *W poszukiwaniu istoty języka.* Wybór pism.Wybór, redakcja naukowa i wstęp M. R. Mayenowa. t. I, 257–281.

LyotardJean-François. 1997. *Kondycja ponowoczesna: raport o stanie wiedzy*.

Warszawa: J., F. Lyotard. 1979. *La Condition postmoderne: rapport sur le savoir*. Paris.

Ricoeur Paul. 1993. „Życie w poszukiwaniu opowieści”. *Logos i Ethos 2*. 225–236.

Извори

Сведоци (Егејска Македонија). 2013. <https://www.youtube.com/watch?v=rfWvGSXWNrk> пристапено на: 12.5.2018.

UDC 811.163.3’373.611:[091:003.349.8

Весна КОСТОВСКА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ЗА СЛОЖЕНКИТЕ ВО МАКЕДОНСКОТО ЧЕТВОРОЕВАНГЕЛИЕ И НИВНИОТ СОВРЕМЕН ПРЕВОД ВО БИБЛИЈАТА

Апстракт: Овој труд соджи компаративна анализа на сложенките што се застапени во Македонското четвороевангелие, црковнословенски текст што датира од крајот на 14 век. Компарацијата на сложенките во текстот од Евангелието по Матеј од Македонското четвороевангелие е извршена со современите преводи на Евангелието по Матеј на македонски, српски, хрватски и руски јазик. При преводот на сложенките што се застапени во Евангелието по Матеј, во однос на современиот превод на македонски, се диференцираат три можности за нивно репродуцирање: а) сложенката се преведува со сложенка, б) со израз, в) со прост збор.

Клучни зборови: црковнословенски јазик, сложенки, Македонско четвороевангелие, современ превод.

Секој народ што има допирни точки со развојот на Библијата, има и сопствена историја во однос на нејзиниот превод. Вековно е прашањето дали светите зборови од Библијата се точно пренесувани и пренесени, во долгиот временски период од нејзиното настанување.

За неопходноста да се зачувува веродостојноста на светото писание, постојат сведоштва во самата Библијата, и во Стариот и во Новиот завет, каде што е запишано: „Не додавајте ни збор повеќе на она што ви го заповедам, ниту да одземате од него; исполнувајте ги заповедите на Господ, вашиот Бог, кои јас денес ви ги предавам (Второзаконие 4, 2); Секој збор од Бога е чист; Он му е штит на оној, што се надева на Него. Не додавај кон зборовите Негови, за да не те разобличи, и да не излезеш лажливец. (Изреки 30, 5,6); И Јас му сведочам на секого, кој што ги слуша пророчките зборови на оваа книга. Ако некој нешто додаде кон нив, нему Бог ќе му наметне порази напишани во оваа книга. 19. Ако некој одземе од пророчките зборови на оваа книга, Бог ќе му одземе дел од книгата на животот, и од светиот град, и од она, што е напишано во оваа книга. (Откровение 22, 18,19)“.

Запишаното од Мојсеј: „Не додавајте ни збор повеќе на она што ви го заповедам, ниту да одземате од него“, претставуваше предизвик за овој труд, што претставува почеток на компаративната анализа на сложенките што се застапени во Македонското четвороевангелие со нивниот современиот превод на неколку словенски јазици (македонски, српски, хрватски, руски).

По период од 2 000 години, очекувано е да постои сомнеж, колку всушност денешните преводи на библиските текстови се блиску до она што е кажано во ориги-

налот. За жал, не постојат зачувани оригинални текстови од старозаветните и новозаветните текстови. Но историските и научните сознанија укажуваат дека текстовите со особено внимание и со голема стрпливост биле пренесувани и соодветно зачувани до денешен ден.

Во 1947 год. во пештерите покрај Мртвото Море, во малото место Кумран, се откриени многу стари записи. Нивното откривање предизвикало лавина стравови помеѓу атеистите, нови видици кај научниците и радост кај лингвистите. Овие записи главно содржат разни делови од Стариот завет. Пишувани се во текот на голем временски период. Некои записи настанале пред 2 400 години, а некои пред 1 950 години. Она што е најважно, со откритието на овие записи се докажало дека сето она што го читаме во Библијата денес и она што е напишано пред 3 000 години е апсолутно идентично според значењето.

Подолу ќе следува компаративна анализа на современиот превод на сложенките што се застапени во Македонското четвороевангелие, црковнословенски текст што датира од крајот на 14 век. В. Мошин во својот опис на кирилските ракописи од збирката на ХАЗУ (Мошин 1955: 133–134) дава основни податоци за овој ракопис, определувајќи го како македонски споменик од Охридската книжевна школа. Компарацијата на сложенките е извршена помеѓу современите преводи на Евангелието по Матеј на македонски, српски, хрватски и руски, со текстот од Евангелието по Матеј од Македонското четвороевангелие.

При споредбата е користен македонскиот превод на Библијата од 1990 г., во издание на Обединетите библиски друштва (United Bible Societies (UBS) од архиепископ Гаврил. Другите преводи што се користени за компарација се наведени во библиографијата.

За сложенките што се застапени во Евангелието по Матеј, во однос на современиот превод на македонски, се диференцираат три можности за репродуцирање.

Примери кога во македонскиот превод сложенката е преведена со сложенка:

Mt15,19 прѣлюбодѣꙗ

ѿт срдца бо исходѧть помышленїꙗ ѕлаа оубиства прѣлюбодѣꙗниꙗ (Македонско четвороевангелие).

Оти од срцето излегуваат лоши помисли, убиства, ***прељубодејства*** (современ македонски превод).

Ибо из сердца исходят злые помыслы, убийства, ***прелюбодеяния*** (современ руски превод).

Јер од срца излазе зле мисли, убиства, ***прељубе*** (современ српски превод).

Ta iz srca izviru opake namisli, ubojstva, ***preljubi*** (современ хрватски превод).

Сложенката прѣлюбодѣꙗниѥ е превод на грчкиот прост збор μοιχεία. Преводот на грчките прости зборови со сложенки укажува дека сложувањето како зборообразувачки модел бил застапен и во дописмениот јазик на Словените. Лексемата прѣлюбодѣꙗниѥ е преведена со сложенка во македонскиот (***прељубодејство***) и во рускиот (***прелюбодеяние***) современ превод.

Mt9,20 кръвотоучивъ adj.

и се жена крьвотоучива имащи ѥ҃і лѣть ... (Македонско четвороевангелие).

И ете, една жена, која беше страдала дванаесет години од ***крвотечение*** ... (современ македонски превод).

И вот, женщина, двенадцать лет страдавшая ***кровотечением*** ... (современ руски превод).

И гле, жена која је дванаест година боловала од ***течења крви*** ... (современ српски превод).

I gle, neka žena koja bolovaše dvanaest godina od ***krvarenja*** ... (современ хрватски превод).

Грчката паралела на придавката кръвотоучивъ е исто така сложена придавка – *αἱμορροῶν*. Во овој случај се работи за калка од грчкиот јазик. Освен во македонскиот современ превод, и во рускиот превод ја среќаваме двокомпонентна лексема ***кровотечение*** за грчкото *αἱμορροῶν*. Во српскиот превод на местото на оваа сложенка стои изразот ***течења крви***, а во хрватскиот простиот збор ***krvarenje.***

Mt15,4 **зълословити** vb.

...и иже зълословить ѡ‹ть›ца или м‹а›т‹е›ре сьмр‹ь›тиа да ѹмреть (Македонско четвороевангелие).

... и кој го ***злослови*** таткото свој или мајка си, со смрт да се казни (современ македонски превод).

... ***злословящий*** отца или мать смертью да умрет (современ руски превод).

… и који ***опсује*** оца или матер смрћу да умре (современ српски превод).

… Tko ***prokune*** oca ili majku, smrću neka se kazni! (современ хрватски превод).

Сложенката зълословити е добиена по пат на калкирање од грчкиот збор *κακολογεῖν*. Во македонските црковнословенски текстови постојат повеќе синонимни сложени глаголи за овој грчки збор: **зълословесити, зълословестити, зълословити, озълословити.** И во овој случај во македонскиот и рускиот превод задржана е двокомпонентната лексема. Преводот во српскиот и рускиот јазик содржи прост збор.

Mt15,7 лицемѣръ m.

лицемѣрїи добрѣо прорєче ѡ вась исаиа г‹лаго›ла(Македонскочетвороевангелие).

Лицемери, добро пророкувал за вас Исаија, велејќи... (современ македонски превод).

Лицемеры! хорошо пророчествовал о вас Исаия, говоря... (современ руски превод).

Лицемери! Добро је за вас пророковао Исаија говорећи... (современ српски превод).

Licemjeri, dobro prorokova o vama Izaija... (современ хрватски превод).

Во однос на грчкиот еквивалент *ὑποκριτής,* словенската двокомпонентна лексема не претставува калка. И оваа сложенка припаѓа на архаичниот, дописмениот лексички фонд на Словените.

Според семантиката сложенката лицемер е егзоцентрична. Значењето не соодветствува на значењата на членовите на сложенката, не претставува

збир од значењата на двете компоненти. Значењето функционира надвор од семантиката на двете компоненти, всушност има метафорично значење.

Mt15,36 **благодарити** ipf.

и приємь седмь хлѣбь и мало рибь бл‹а›годарївь прѣломы и дас‹ть› оучєникомь св оимь оучєници же народомь... (Македонско четвороевангелие).

И како ги зеде седумте лебови и рибите, ***благодари***, ги прекрши и им ги даде на учениците Свои... (современ македонски превод).

И, взяв семь хлебов и рыбы, ***воздал благодарение***, преломил и дал ученикам Своим... (современ руски превод).

И узевши оних седам хлебова и рибе, и ***давши хвалу***, преломи, и даде ученицима својим, а ученици народу (современ српски превод).

Nato zapovjedi mnoštvu da posjeda po zemlji, uze sedam kruhova i ribe, ***zahvali***, razlomi i davaše učenicima, a učenici mnoštvu... (современ хрватски превод).

На сложенката **благодарити** одговара двокомпонентната грчка лексема *εὐχαριστέω*. Во однос на компарираните современи преводи, само во македонскиот превод стои сложенката ***благодари***. Во рускиот превод сложенката **благодарити** е преведена со изразот ***воздал благодарение*,** во српскиот со изразот ***давши хвалу***, додека во хрватскиот оваа сложенка се репродуцира со прост збор.

Mt18,17 иноѧзычьникъ m.

... бѫды тебѣ ꙗко ***иноѧзычьникь*** и мытар (Македонско четвороевангелие).

... тогаш нека ти биде тој како ***незнабожец*** и митник (современ македонски превод).

... то да будет он тебе, как ***язычник*** и мыта́рь (современ руски превод).

... да ти буде као ***незнабожац*** и цариник (современ српски превод).

... neka ti bude kao ***poganin*** i carinik (современ хрватски превод).

Конкретно во овој контекст, сложенката **иноѧзычьникъ** е превод на грчкиот прост збор *ἐθνικός*. Во црковнословенските текстови оваа сложенка се јавува и како паралела на грчката сложенка *ἑτερόγλωσσος*, и во тој случај станува збор за калкирање при преводот. Според горенаведените примери во македонскиот и српскиот ја среќаваме сложенката ***незнабожец***, во рускиот простот збор ***язычник***, а во хрватскиот ***poganin.***

Mt21,45 **прѣвосвѧщєникъ** m.

слишавше прьвос‹вѧ›щєници и фарисєє притчѧ єго (Македонско четвороевангелие).

И слушајќи ги Неговите параболи, ***првосвештениците*** и фарисеите … (современ македонски превод).

И слышав притчи Его, ***первосвященники*** и фарисеи …(современ руски превод).

чувши ***главари свештенички*** и фарисеји приче Његове …(современ српски превод).

Kad su ***glavari svećenički*** i farizeji čuli te njegove prispodobe… (современ хрватски превод).

Сложенката што е застапена во Македонското четвороевангелие, во споредба со грчката паралела *ἀρχιερεύς,* претставува калка. Рускиот и македонскиот

современ превод ја задржале сложенката што е засведочена и во Македонското четвороевангелие, а во хрватскиот и српскиот е употребен изразот ***главари свештенички/glavari svećenički.***

Примери кога во македонскиот превод сложенката е преведена со израз:

Mt19,8 жестосрьдие n.

и гл‹агол›а имь ꙗко моиси по жестосрьдию вашемоу повѣлѣ вамь поущати жены в ашѫ испрьва же не быс‹т› тако (Македонско четвороевангелие).

Он им одговори: „Заради вашите ***жестоки срца*** Мојсеј ви разрешил да ги оставате жените свои (современ македонски превод).

Он говорит им: Моисей по ***жестокосердию*** вашему позволил вам разводиться с женами вашими, а сначала не было так (современ руски превод).

Рече им: Мојсије је вама допустио по ***тврђи вашег срца*** пуштати своје жене; а из почетка није било тако (современ српски превод).

Odgovori im: Zbog ***tvrdoće srca*** vašega dopusti vam Mojsije otpustiti žene, ali od početka ne bijaše tako (современ хрватски превод).

Сложенката жестосрьдие е калка од грчката лексема *σκληροκαρδία.* Во компарираните современи преводи оваа сложенка е преведена со израз, освен во рускиот превод каде што е употрбена двокомпонентната лексема ***жестокосердие.***

Mt19,28 пакьібытие n.

і‹соу›с же реч‹е› имь аминъ гл‹агол›а вамь вы шедшеи по мнѣ вь пакыбыт‹и›е… (Македонско четвороевангелие).

А Исус им рече: „Вистина, ви велам, дека вие што врвите по Мене, при ***повторното раѓање***… (современ македонски превод).

Исус же сказал им: истинно говорю вам, что вы, последовавшие за Мною, в ***пакибытии***… (современ руски превод).

А Исус рече им: Заиста вам кажем да ћете ви који идете за мном, у ***другом рођењу***…(современ српски превод).

Zaista, kažem vam, vi koji pođoste za mnom, o ***preporodu***… (современ хрватски превод).

Сложенката пакьібытие претставува калка од грчката лексема *παλιγγενεσία.* Компонентите на оваа лексема се поврзуваат со непосредно директно срастување. Првата компонента на оваа срастенка е прилог. Овој тип сложенки го отсликуваат преодниот период во процесот на зголемување на фреквентноста на сложувањето како зборообразувачки модел. Во македонскиот и српскиот превод за оваа срастенка среќаваме израз (***повторното раѓање/другом рођењу***). Хрватскиот превод содржи прост збор (***preporod***). Рускиот превод ја задржал срастенката ***пакибытие.***

Mt24,11 лъжепророкъ m.

...и мнозі льжепрор‹о›ци вьзстанѫть и прѣльстеть многы (Македонско четвороевангелие).

...многу ***лажни пророци*** ќе се појават и ќе прелажат мнозина (современ македонски превод).

...и многие ***лжепророки восстанут***, и прельстят многих (современ руски превод).

изиђи ќе многи ***лажни пророци*** и преварифе многе (современ српски превод).

Ustat će mnogi ***lažni proroci*** i mnoge zavesti (современ хрватски превод).

Според грчкиот еквивалент ψευδοπροφήτες, сложенката ***ψευδοπροφήτες*** е калка. Се вбројува во поретките сложени именки чијшто сврзувачи елемент е вокалот -е-

Во македонските црковнословенски текстови се среќава и формата **лъжипророкъ** која е срастенка. Рускиот превод ја задржал сложената форма ***лжепророк.*** Во македонскиот, српскиот и хрватскиот превод оваа срастенка се репродуцира со изразот ***лажни пророци.***

Примери кога грчката сложенката во современиот македонски превод е преведена со прост збор:

Mt8,4 **прѣвосвѧщеникъ** m.

и рєѹ‹є› ємоу ı‹соу›с ѕри нїкомоуже не повѣждь нѫ шєд‹ь› покажи себѣ прьвос‹вѧ›ще нѹникоу (Македонско четвороевангелие).

И му рече Исус: „Гледај, никому не кажувај; а оди, покажи им се на ***свештениците***... (современ македонски превод).

И говорит ему Исус: смотри, никому не сказывай, но пойди, покажи себя ***священнику*** ... (современ руски превод).

И рече му Исус: Гледај, ником не казуј, него иди и покажи се ***свештенику***... (современ српски превод).

Каже mu Isus: „Pazi, nikomu ne kazuj, nego idi, pokaži se ***svećeniku***... (современ хрватски превод).

Во овој контекст грчкиот еквивалент на сложенката **прѣвосвѧщеникъ** е простиот збор ἱερεύς. Во сите посочени современи преводи соодветно на грчкиот збор, фигурираат еднокомпоненти лексеми.

Mt9,36 **милосрьдовати** ipf.

видѣв҃ же народы ı‹соу›с‹ь› м‹и›л‹о›срдова ѡ нихь (Македонско четвороевангелие).

А штом виде многу народ, се ***сожали***... (современ македонски превод).

Видя толпы народа, Он ***сжалился*** над ними... (современ руски превод).

А гледајући људе ***сажали*** Му се... (современ српски превод).

Vidjevši mnoštvo, ***sažali mu se nad njim***... (современ хрватски превод).

Еквивалентите на сложенката **милосрьдовати во сите компарирани современи преводи е прост збор, вклучувајќи ја и грчката паралела** *σπλάγχνιζεσθαι.*

Сложените зборови како милосрьдовати што не се добиени преку калкирање од грчкиот јазик, укажуваат дека овој зборообразувачки модел се зачестува како одраз на влијанието на грчкиот јазик, наметнувајќи ја композицијата како неопходно јазично средство во процесот на оформувањето на литературниот словенски јазик.

M**t20,1 винородъ** m.

...иже изиде абые ѕаѹтра нѧѫти делатала вь вїиноград свои (Македонско четвороевангелие).

…кој излегол наутро рано да најми работници за своето ***лозје*** (современ македонски превод).

…который вышел рано поутру нанять работников в ***виноградник*** свой (современ руски превод).

…који ујутру рано изиђе да наима посленике у ***виноград*** свој (современ српски превод).

…rano ujutro izađe najmiti radnike u svoj ***vinograd*** (современ хрватски превод).

Сложенката **виноградъ** припаѓа на постариот лексички фонд. На оваа сложенка и соодветствува грчкиот прост збор *ἄμπελος*. Сложувањето како зборообразувачки модел постоело и во дописмениот јазик на Словените. Овој факт се аргументира со преводот на некои грчки прости зборови со старословенски сложенки. Единствено во современиот македонски превод фигурира простиот збор лозје, во српскиот и хрватскиот превод е задржан сложениот збор ***виноград*****,** а во рускиот ***виноградник.***

Компарацијата на дел од сложенките од Македонското четвороевангелие со неколкуте современи преводи покажа дека сложувањето како зборообразувачки модел во современиот јазик е наследство од старословенскиот јазик. Дел од сложенките што се навлезени преку црковнословенската традиција се особеност на современите текстови со црковна содржина. Овој кус преглед укажа дека најголемо придржување кон црковнословенската традиција покажува рускиот превод на Евангелието по Матеј, потоа дека и македонскиот превод покажува доследност, додека во српскиот и хрватскиот превод сложенките во поголем степен се преведуваат со изрази или со прости зборови.

Литература

Андријевска Н. 2009. Зборообразувањето во Крнинскиот дамаскин. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Верещагин, Е. М. 1969. Психологическая и методическая характеристика двуязычия (билингвизма). Москва: Издательство Московского университета.

Вялкина Л. В. 1964. „Сложные слова в древнерусском языке в их отношении к языку греческого оригинала“. Исследования по исторической лексикологии древнерусского языка, Москва, 94–118.

Вялкина Л. В. 1966. „Греческие параллели сложных слов в древнерусском языке XI–XIV вв.“. Лексикология и словообразование древнерусского языка, Москва, 154–188.

Конески К. 1985. „Тенденции во активирањето на зборообразувачките модели во македонскиот литературен јазик“. Предавања на *XVII* семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје,103–110.Конески К. 1995. Зборообразувањето во современиот македонски јазик. Скопје: Бона.

Макаријоска Л. 2009. „За сложенките во македонските средновековни текстови (од структурен и семантички аспект“. SLOVO, sv. 59, Zagreb, 167–187.

Угринова-Скаловска Р. 1978. „Учеството на црковнословенскиот јазик во формирањето на современиот македонски писмен јазик“. Предавања на IX семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 26–34.

Mošin V. 1955. *Ćirilski rukopisi Jugoslavenske Akademije.* I dio, Zagreb.

Stanojević Ž. *Kumranski spisi, Dokaz verodostojnosti Biblije, Metaphysica Copyright: Institut za hebrejski jezik (IHJ)*, Beograd: Metafizika u saradnji sa IHJ.

https://www.pouke.org/svetopismo/biblija.php?lang=ijekav&lang2=&book=40&search=

https://www.pouke.org/svetopismo/biblija.php?lang=byz

https://www.pouke.org/svetopismo/biblija.php?lang=stvarn&lang2=&book=40&chap=1

https://www.pouke.org/svetopismo/biblija.php?lang=ruski&lang2=&book=40&search=

UDC 811.163.3’367.335.62:811.18’367.335.62
UDC 811.18’367.335.62:811.163.3’367.335.62

Веселинка ЛАБРОСКА
Институт за македонски јазик, „Крсте Мисирков“– Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ОСОБЕНОСТИ НА НЕКОИ ЛЕКСИЧКИ МАРКЕРИ ЗА ЕВИДЕНЦИЈАЛНОСТ ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Во овој текст се анализираат лексичките маркери за евиденцијалност во македонскиот и во албанскиот јазик на парадигматско и на синтагматско ниво и се разгледуваат од дискурзивен аспект, според соодветни примери од современиот македонски и од современиот албански јазик. Притоа, според досегашните истражувања на ова поле, одделно се анализираат маркерите за прекажаната и за инференцијалната евиденцијалност. Вакво-то компаративно истражување на евиденцијалноста во македонскиот и во албанскиот јазик претставува речиси иницијално истражување, и претставува голем предизвик бидејќи има многу малку материјал на располагање. Анализираните податоци претставуваат надоврзу-вање на досегашните анализи на македонски јазичен материјал од страна на Хорас Лант, Виктор Фридман, Зузана Тополињска, Убавка Гајдова, Веселинка Лаброска, Елена Петроска, Станислава-Сташа Тофовска, Максим Макарцев и др.

Клучни зборови: евиденцијалност, лексички маркери, македонски јазик, албански јазик.

Истражувањата за лексичките маркери за „евиденцијалност“ во македонскиот јазик стануваат достапни во последнава деценија. Што е евиденцијалноста? Тоа е постоење посебен начин во јазикот со којшто се изразува потеклото на информацијата што се дава во исказот: дали е лично видено, прекажано од некој друг или заклучено врз база на посредни докази. Јазиците во светот можат да се класифицираат и врз база на тоа дали поседуваат посебни граматички средства со кои се изразува оваа семантичка категорија или не. Соодветната литература од оваа област сведочи за повеќе нови трудови на автори балканисти, македонисти и слависти. Како што се зголемува интересот за анализа на граматичките маркери, така и истражувањата за лексичките маркери на евиденцијалноста стануваат сè почести и се појавуваат во одредени трудови за словенските и за балканските јазици.

Македонскиот јазик во тој поглед спаѓа во семејството балкански јазици што имаат вградено граматичко изразување на прекажаноста во една од семантичките варијанти на словенскиот *сум*-перфект, како и во идното прекажано време за што имаат пишувано Хорас Лант, Виктор Фридман и Зузана Тополињска, а се разбира и

Блаже Конески во *Граматиката на македонскиот литературен јазик*. Со истражување на лексичките маркери на евиденцијалноста во македонскиот јазик досега се занимаваа Лаброска, Гајдова, Тофоска и Петроска, кои беа вклучени и во работата на проект за лексичките маркери во европските јазици под раководство на Бјорн Вимер од Мајнц, Германија (види: Користена литература). Интересот за работа врз оваа проблематика се зголемува, така што со задоволство можам да истакнам дека една наша постдипломка на вториот циклус студии „Македонистика со комуникологија" веќе одбрани магистерска тема со наслов *За евиденцијалноста во македонскиот и во германскиот јазик*[1].

Во албанскиот јазик лексичките маркери на евиденцијалноста се многу малку истражувани. Постојат податоци само во монографијата на Максим Макарцев ***Эвиденциальност в пространстве балканского текста*** (Макарцев 2014), кој, најверојатно, прв ги истражува во албанскиот јазик. Затоа се решив за компаративна анализа на овие маркери во двата јазика, се разбира користејќи и дел од заклучоците до кои дошол колегата Макарцев во својата монографија.

Балканолошката лингвистичка блискост помеѓу македонскиот и албанскиот јазик во граматичката структура, како и постоењето на категоријата адмиратив во албанскиот (mënyra habitore), која потоа се одразила и на глаголскиот систем во македонскиот јазик, претпоставуваме дека на соодветен начин е рефлектирана и во лексичкото изразување на евиденцијалноста. Токму ова беше предизвик за мене, кој надополнет со мојот ангажман за изработка на Македонско-албански и албанско-македонски речник ме поттикна да направам споредба на дел од евиденцијалните лексички маркери во двата јазика. Во оваа прилика ќе разгледам еден дел од најчесто користените репортативни и инференцијални евиденцијални маркери во македонскиот јазик и во албанскиот јазик.

При анализата користев соодветни потребни информации од достапни двојазични и еднојазични речници. Речникот во којшто сум јас еден од авторите, е мал по обем и опфаќа само дел од она што е предмет на мојата анализа, но во оваа прилика сакам да го истакнам тоа дека тој е достапен на интернет за сите оние што им треба превод од албански на македонски и обратно, при што за секој збор има и снимен изговор[2]. Го користев, исто така, лексичкиот фонд од големиот речник од професорот Хаки Имери-Бина (види: Користена литература), а потоа информациите ги потврдив со моите студенти во Тетово, од коишто собрав материјал со помош на анкета спроведена меѓу студентите Албанци на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Државниот универзитет во Тетово.

[1] Грујовска Сашка 2017: *За евиденцијалноста во македонскиот и во германскиот јазик* (одбранет магистерски труд на студиите од втор циклус „Македонистика со комуникологија" при ИМЈ „Крсте Мисирков", Скопје под менторство на Веселинка Лаброска).

[2] Речникот е достапен на следнава локација: hcnm-ndc.org

По извршената анализа на корпусот, давам сопствена дескрипција, како врз основа на соодветниот превод, така и врз база на дадените семантички категории со кои се поврзани маркерите, на пр. адмиративноста, репортативноста и епистемичката модалност.

За македонскиот јазик соодветна класификација на лексичките маркери имаат предложено Гајдова, Лаброска, Петроска и Тофоска. Познати лексички маркери за евиденцијалноста во македонскиот јазик се следниве маркери (кои се дадени со превод на албански и со употреба во контекст):

божем */ kinse, gjoja* (божем случајно се најдовме *kinse (gjoja) rastësisht u gjetëm,* божем тој не знае ништо *ben gjoja (kinse) nuk di asgjë*)

веројатно */ me gjasë (me siguri) (por jo të plotë), me sa duket (por me dyshym)* (веројатно се сретнале во градот *me gjasë janë takuar në kitet*)

демек*/ demek, domethënë* (демек слушаш *demek dëgjon*; демек, ти си подобриот *domethënë, tu je më i miri,* демек не сакал *demek nuk paska dashur*)

ѓоа(мити) */ kinse, gjoja* (ѓоамити правдина тера / *gjoja mbron të drejtën*)*;*

како да*/ sikur (*се правеше како да не ме виде */ shtirej sikur nuk më pa);*

како*/ si* (ми изгледаше како тажен *m'u duksi i mërzitur*)*;*

можеби */ ndoshta, mbase* (можеби има право овој човек *mbase ka të drejtë ky njeri*!).

наводно */ gjoja, kinse* (наводно е на работа *kinse është në punë*).

небаре */ sikur* (викаш небаре си во планина *bërtet sikur të jesh në mal.*)

очигледно*/ dukshëm, në mënyrë të qartë* (се покажува јасно (очигледно), *e tregon më dukshëm.*)

според */ sipas* (според вестите *sipas lajmeve të sotshme*)*;*

чунки*/a thua, vallë* (чунки не знае дека сум тука *a thua se nuk e di se jam këtu*)[3].

Дел од овие маркери можат да се класифицираат во сферата на инференцијалната евиденцијалност, а дел во репортативната евиденцијалност. Еден дел, пак, како *веројатно, можеби, чунки* и *ѓоа* повеќе спаѓаат во сферата на епистемичната модалност отколку во евиденцијалноста како семантичка категорија, но и според Вимер (Вимер: 21) и според мое уверување овие две категории често се преплетуваат во текстот и токму затоа во анализата ќе биде опфатен еден од овие маркери, а тоа е *ѓоа*, од две причини, прво поради распространетоста на употреба во разговорниот стил и во македонскиот и во албанскиот јазик, а второ како показател на фактот дека една заемка може да ја прошири својата семантичка функција во јазиците што ја позајмиле.

[3] Користени се следниве речници: Имери-Бина Х. 2012 и Лаброска В., Сулејмани Б., Имери-Бина Х., Атанасов П. 2016 (види: Користена литература).

Во овој труд ги зедов предвид лексичките маркери, кои за мене беа од посебен интерес за анализа и за кои најдов поголема фреквенција на употреба во современиот македонски и албански јазик – *сѝоред*, *наводно, божем, демек* и *ѓоа* и албанските *sipas, kinse, sikur, demek, gjoja*. Ќе ги претставам во текстот според степенот на увереноста на говорителот во вистинитоста на настанот.

Според

Според него ти си многу паметна.

Sipas tij, ti je shumë e mençur.

Сѝоред е неутрален маркер за репортативност бидејќи директно упатува на изворот на информацијата, со што говорителот се оградува од веродостојноста на своето искажување. Затоа овде генерално нема употреба на временски форми за прекажаност.

Наводно

Наводно по грешка се пошегувал со професорот.

Kinse gabimisht u tall me profesorin.

Наводно тепачката се случила во 12 часот.

Kinse përleshja ndodhi në ora 12.

Во ТРМЈ лексемата *наводно* е толкувана како прилог со значење ’како што се зборува, божем‘ и дадени се следниве примери: *Наводно му ѝонудиле раководно месѝо. Наводно сѝудирал во сѝрансѝво.* (ТРМЈ III: 207). Речиси исто толкување има и кај Мургоски: „**наводно *adv.*** како што се тврди или сака да прикаже или претстави.. *наводно е болен, дојде наводно да ми ѝомоѓне*“ (Мургоски 2005: 428). И самото потекло на зборот од глаголот *наведува* укажува на фактот дека се работи за лексички маркер кој упатува на туѓи посочени зборови. Во Толковниот речник на албанскиот јазик *kinse* е толкувано како честица и како сврзник[4]. Според мој личен став и македонското *наводно* има функција на честица во овие примери. Интересно е дека и во двата примера на македонски јазик како маркер за евиденцијалност на синтаксичко рамниште се појавува и употребата на формите за прекажаност, т.е. *сум*-перфектот. Употребата и на лексички и на граматички маркери за евиденцијалност во ист контекст, според П. Кехајов (Kehayov 2008: IV-37) е толкувано со холистички пристап, односно како рамноправно учество на двата дела на една целина за да се добие посакуваната семантика.

Божем

Немој да се правиш **божем** си многу интелектуална!

Mos u shtij **sikur (kurse)** je shumë intelektuale!

Божем да чекаше уште пет минути!

Sikur të prisje edhe pesë minuta!

[4] http://www.fjalori.shkenca.org/

При толкувањето на лексемата *божем* во ТРМЈ се вели дека тоа е честица која се употребува за воведување сомневање во тоа што се тврди, односно со значење: ’како да било, како да е така‘. Толкувањето, пак, на изразот *како да е ѿака* отприлика гласи: ’личи на...‘ , односно ’изгледа како...‘, така што со други зборови упатува на визуелна перцепција, која сама по себе подразбира евиденцијалност. Евиденцијалноста се гледа и во описот на *божем* даден кај Мургоски: „како небаре; како да; наводно; како што се тврди, наведува итн.“ (Мургоски 2005: 51). Ако се мери степенот на сомневање во прекажаниот исказ, *божем* означува помала увереност на говорителот во вистинитоста за разлика од партикулата *наводно,* како што веќе истакнав погоре (види и кај: Петроска, Тофоска 2011: 524), иако во дел од описот кај Зозе Мургоски *божем* е толкувано со *наводно.*

Демек

Демек, многу си научила!?

Demek shumë ke mësuar!?

Демек таа работела многу!

Demek ajo punuaka shumë!

Демек ’значи, спрема тоа‘, е конклузивен сврзник од турско потекло. Најчесто има функција на воведен збор во реченицата (Јашар-Настева 2001). Во разговорниот јазичен стил во дијалектите се користи често како модална партикула. Се јавува подеднакво во македонскиот и во албанскиот јазик со слично значење. Во одредени текстови и речници на *демек* најчесто му се припишува конклузивно значење. Во Толковниот речник на македонскиот јазик (ТРМЈ I: 424) *демек* е означено како модална партикула карактеристична за разговорниот јазик, а се објаснува со значењата: ’значи, то ест, да речеме, да претпоставиме, божем‘. Самото толкување на *демек* како модален збор кој исказот може да го модификува (според посочените значења) во смисла на потврдување или определен степен на сомневање во вистинитоста на исказот, а сето тоа врз основа на претходното знаење на говорителот кое може да биде стекнато на кој и да е начин, го вклучува *демек* меѓу показателите на епистемичната модалност (Лаброска, Гајдова 2011: 536).

Ѓоа

Ние ќе те криеме тебе, **ѓоа** не си овде!

Ne do të të fshehim, **gjoja** ti nuk je këtu!

Ние ќе те прашаме нешто намерно, а ти ќе се преправаш **ѓоа** знаеш многу работи.

Ne do të pyesim diçka me qëllim, ndërsa ti do të shtiresh **gjoja** din shumë gjëra.

Во ТРМЈ (I: 565), лексемата *ѓоа* е објаснета како честичка со забелешка *разговорно,* и со толкување ’божем‘. Примерот е следниов: *Пројде во кералоѿ, ѓоа ѿо некоја рабоѿа и набрзина исѿи ѓолема ѓолѿика ракија.* Се работи за заемка од турскиот

јазик која Скок ја толкува како: ...balkanski turcizam perzijskog podrijetla (perz. *guyiya* > tur. *guja)* iz oblasti priloga: bug.*gjъe(m) = gjue-mi-ti,* arb. *gıoja = gjyja* »als ob, etwa«. (Skok I: 481).

Интересно е тоа дека во толкувањата на три од петте збора што ги разгледуваме овде (*наводно, демек, ѓоа*) како објаснување се дава лексемата *божем* која очигледно е централен маркер за сомнеж во искажаниот став во македонскиот јазик.

Во албанскиот јазик евиденцијалноста како поим до скоро време не беше актуелна, и најчесто се заменуваше или се поистоветуваше со адмиративот или со репортативот како посебни категории. Што се однесува до лексичките маркери за евиденцијалност во албанскиот јазик денес, немаме доволно податоци. Затоа овде се решивме врз основа на соодветен метод да ги анализираме компаративно лексичките маркери во македонскиот и во албанскиот јазик, не само врз база на речници, туку и врз база на конкретни информации од говорители Албанци од западна Македонија.

За албанскиот јазик познати лексички маркери се: *demek, gjë* 'како би, на некој начин'; *gjoja* 'ѓоа, како што се'; *kinse* (gegsk.) 'то ест'; (me) *gjasmë* 'наводно'; korsëm (gegsk.) 'наводно' (Çabej 1976); *ndoshta* 'можеби, веројатно'; mbase 'може да биде'; *sikur* 'изгледа, како да'; *sipas* 'според'. Поради фактот дека не постои потврдена класификација за овие албански маркери како евиденцијални, тие се класифицирани под различни зборовни категории. Главно се забележани како *модални дубитативни честички*, според Њумарк. (Newmark 1957). Нивните погоре истакнати значења се потврдени и во големиот електронски *Толковен речник на албанскиот јазик*[5].

Овде се одлучивме да ги разгледаме лексичките маркери: *sipas, kinse, demek, gjojga, sikur.*

Sipas

Sipas traditës, pas martesës, vajzat shkojnë te shtëpia e djalit.

Според традицијата, по свадбата, девојките одат во куќата на момчето.

Sipas mësueses unë jam nxënëse e mirë.

Според учителката јас сум добра ученичка.

Маркерот *sipas* го носи истото значење на македонското *според*. На теренот на Македонија го сретнуваме во разни фонетски варијанти: во западна Македонија, во горнополошкиот регион се јавува и како *simpas,* а во северна Албанија и во делови на Косово како *simbas*.

Kinse

Ai bëhej **kinse** është i sëmurë.

Тој се правеше **божем** е болен.

Shoqja më tha **kinse** ka shkuar për pushime.

Пријателката ми рече дека **наводно** била на одмор.

Ata bënin **kursem** i ka zënë gjumi. дијал. (тетовски, гостиварски, дебарски)

Тие се правеа **божем** заспале.

5 http://www.fjalori.shkenca.org/

Овој маркер во речниците се толкува слично како и *gjoja* и *sikur,* а нивните значења се совпаѓаат. Чабеј му придава значење преку други евиденцијални маркери од типот на *gjoja, sikur* и го смета за јужногегски збор. Интересно е, тоа што *kinse* денес не се употребува низ целата албанска јазична територија, дури е и непознато за старите жители на Тирана (според Макарцев 2014: 196). *Kinse* може да се определи како епистемичен маркер со дополнителна репортативна употреба (Макарцев 2014: 197). Според информатори од Тетово во тетовскиот албански говор ***kinse*** се употребува со значење на **белки** (овој збор ни беше преведен од страна на информаторите со српската модална партикула *ваљда*), што значи навистина сме на теренот на епистемичната модалност со нијанса на помала увереност отколку при употребата на македонското *наводно.*

Demek

Ana bënte **demek** i dhimbte koka.

Ана се правеше **божем** ја боли глава.

Demek ai dinte për dhjetë në provim!

Демек тој знаел за десетка на испит!

Во албанскиот јазик *demek* се јавува со слично значење како и во македонскиот јазик поради неговото турско потекло. На *demek* во албанскиот јазик најчесто му се припишуваат функции на адмиративноста, конклузивноста и епистемичноста. Но, исто така можна е репортативна вредност, сепак со нагласена епистемична компонента (Макарцев 2014: 175).

Gjoja

*Ne tham **gjoja** kemi qenë te gjyshja.*

*Ние кажавме **божем** сме биле кај баба ни.*

*Shkoi në bibliotekë **gjoja** se do të mësonte.*

*Оѿиде во библиоѿека **ѓоа** да учи.*

Во речниците *gjoja* може да се забележи како лексички маркер со епистемички и евиденцијални функции. Овој збор го има истото турско потекло и значење како и македонското *ѓоа*. Според моите информатори од Тетово, овој евиденцијален маркер не е познат во албанскиот тетовски говор. Во гостиварскиот албански го познаваат само постарите говорители што значи дека веројатно оваа турска заемка полека се истиснува од употреба, барем што се однесува на говорот на Албанците во Македонија. Затоа пак за *демек* можеме да кажеме дека неговото место и како евиденцијален маркер и како модална партикула е зацврстено и во албанскиот јазик што се зборува во Македонија и во македонскиот јазик, се разбира во разговорниот стил.

Sikur

Sikur do të shkonim te gjyshja?

Божем ќе одевме кај баба?

Fliste me zor **sikur** të ishte i sëmurë.

Едвај зборуваше како да е болен.

Sikur се забележува како епистемичен маркер во речниците и упатува на нереални настани. Макарцев смета дека *sikur* соодветствува на *gjoja*, но во епистемичен контекст, а не се јавува како евиденцијален маркер (Макарцев 2014: 197-198).

Од анализираните евиденцијални маркери можеме да забележиме дека македонските односно албанските *демек* и *ѓо(ј)а* се не само дијалектно обележани како стари заемки од турскиот јазик, туку и се маркирани со епистемична модалност на неверување, сомнеж и сл. Како епистепичен маркер се третира и албанското *sikur* што соодветствува на *gjoja.* Македонското *според* и албанското *sipas* имаат најизразено неутрално репортативно значење, додека *наводно* и *божем* на македонска страна често се предаваат со албанското *kinse* кое очигледно покрива поголемо поле на репортативна модалност сè до границата на инференцијалност (која ја има во македонското *божем*). Моите информаторки од западна Македонија го истакнаа и фактот дека *kinse* се употребува само како стандарден сврзник, а тие всушност го употребуваат дијалектното *kurse(m) / korse.* Бидејќи претпоставуваме дека *kurse* е добиено од *sikur* (според Макарцев постојат и такви дијалектни форми на лексемата *sikur*: *...skur, skurse...*; Макарцев 2014: 197), можеме да заклучиме дека албанските говорители од Македонија повеќе се движат во сферата на епистемичната модалност при изразување на евиденцијалноста, што е целосно во согласност и со постоењето на цел систем временски парадигми за изразување на адмиративот. Потемелни споредби на двата јазика на ова поле, со повеќе споредбени примери од секојдневната говорна практика, ќе дадат и појасни резултати за сличностите, што останува како предизвик за идни проучувања.

Литература

Гајдова Убавка, Лаброска Веселинка. 2010. „За евиденцијалноста во македонскиот јазик“, *МЈ*, LXI, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 53–58.

Имери-Бина Хаки 2012. *Македонско-албански речник / Fjalor shqip-maqedonisht,* Shkup, Prishtinë, Tiranë: Logos-A.

Јашар-Настева Оливера. 2001. *Турските лексички елементи во македонскиот јазик,* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Лаброска В., Сулејмани Б., Имери-Бина Х., Атанасов П. 2016. *Македонско-албански и албанско-македонски речник,* Скопје: OSCE, Nansen Dialogue Centre, Skopje.

Лаброска Веселинка, Гајдова Убавка. 2011. „За некои лексички маркери што искажуваат инференцијална евиденцијалност во македонскиот и во полскиот јазик“. *Folia philologica, macedono-polonica*. Скопје, том 8, 533–541.

Петроска Елена, Тофоска Станислава-Сташа. 2011. Лексички показатели за прекажана евиденцијалност во македонскиот и во полскиот јазик. *Folia philologica, macedono-polonica*. Скопје, том 8, 521–531.

Мурговски Зозе. 2005. *Речник на македонскиот јазик*, Скопје.

Макарцев Максим Максимович. 2014. *Эвиденциальност в пространстве балканского текста*, Москва • Санкт-Петербург: Российская академия наук, Институт славяноведения РАН.

Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. Кирил Конески, I-IV, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“. 2003–2014.

Çabej E. 1976. *Studime gjuhësore I. Studime etimologjike në fushë të shqipes. A–O*. Prishtinë.

De Haan, F. 1999. Evidentiality and Epistemic Modality: Setting Boundaries. ¾ *Southwest Journal of Linguistics* 18.

Kehayov Petar. 2008. *An Areal-Typological Perspective to Evidentiality: the Cases of the Balkan and Baltic Linguistic Areas*, Tartu: University Press.

Newmark L. 1957. *Structural grammar of Albanian.* Bloomington.

Skok P. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika* I–IV. Zagreb: Jugoslavenska akademija znanosti i umjetnosti, 1971–1973.

Wiemer Björn. *Particles, parentheticals, conjunctions and prepositions as evidentiality markers in contemporary Polish.* manuscript.

Wiemer B., Plungjan V.A. 2008. Lexikalische Evidenzialitäts-Marker in Slavischen Sprachen. *Wiener Slawistischer Almanach*. Sonderband 72. München – Wien.

UDC 27-726.1
UDC 27-36Sv. Metodij

Ѓорѓи ЛАЗАРЕВСКИ
Битола, Македонија

ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА СВ. МЕТОДИЈ ВО ЕЛВАНГЕН

Апстракт: Во трудот се изнесени содржини за градот Елванген во Германија, градот во кој бил затворен Св. Методиј со неговите ученици во далечната 870 година. Времето кога престојувал во затворот е одамна поминато, но престојот на Св. Методиј во Елванген оставил неизбришливи траги за човештвото, а посебно за граѓаните на овој град. Увидувајќи ја големината на ликот и делото на Св. Методиј, граѓаните на овој град, во знак на спомен, поставиле спомен-плоча на една зграда од манастирскиот комплекс каде престојувал Св. Методиј. Плочата е поставена непосредно до прозорецот со решетки од затворската келија. На спомен плочата е напишана вистината за неговиот престој во овој град. Местото каде што се наоѓа споменикот е именувано како „Методиев плоштад“, а улицата што води од центарот на градот до споменикот е именувана како „Методиева улица“.

Граѓаните на Елванген го избрале Св. Методиј за свој светец заштитник на градот од невреме и од елементарни непогоди.

На 1 јуни 1996 година, со сите државнички и верски почести од Република Македонија, со дозвола на германските власти, е поставена спомен-плоча од Репблика Македонија. На споменикот се наоѓа и спомен-плоча од Бугарија.

Пред споменикот на Св. Методиј во Елванген со свои литературни творби настапиле броји поети и научни дејци од Македонија. Германците со особена почит се однесуваат кон ликот и делото на овој голем словенски просветител и рамноапостол.

Клучни зборови: Елавенген, Св. Методиј, Методиев плоштад, Методиева улица.

Градот Елвавген (Ellwagen) се наоѓа во Јужна Германија во покраината Баден Виртемберг. Од Штутгарт е оддалечен околу 100 км на патниот правец Штутгарт – Нирнберг. Неговите координати се: 48 степени и 58 минути северна географска ширина, и 10 степени и 8 минути источна географска должина. Градот се наоѓа на надморска височина од 440 метри. Според податоците, населението во 2011 година изнесувало 24 600 жители, а површината на градот изнесува 127,45 км квадратни[1]. Градот Елванген се протега на двете страни на реката Јагст, која тече од југ кон север. Почнал да се развива во VII век како германска населба на француско-германската граница. Во 764 год. францускиот благородник Хариолф и бискупот на Лангр, го основале бенедиктанскиот манастир на ридот од населбата. Манастирот е споменат во документ на Лудвиг Побожниот во 814 год.

[1] http://www.ellwangen.de/index.php?id=308

Најголема знаменитост на градот е неговиот средновековен центар со црквите, особено базиликата. Добро позната е барокната црква Шененберг, како и замокот, кои се наоѓаат на блиските ридови. Елванген е збратимен град со градот Лангр во Франција и градот Абјатеграсо (близу до Милано) во Италија. Од центарот на градот Елванген до плоштадот „Свети Методиј“ води „Методиевата улица“, каде се ноѓаат делови од манастирскиот комплекс. Во овие простории, според преданието, во 870 година бил затворен Св. Методиј со неговите ученици кои се враќале од Рим на патот за Моравија. Бил уапсен од Ерманриќ – бискупот на Пасау. Според пресудата на Бискупскиот суд во Регензбург, овде е задржан словенскиот апостол Св. Методиј. Бил заворен до 873 година. По интервенција на папата Јован VIII бил ослободен во 873 година. Времето поминато во затворот било тешко за затворениците, но оставило неизбршливи траги во животот на граѓаните на овој град.

Поминало многу време, но трагите не биле избришани.

Споменикот на Св. Методиј во Елванген

На ова место на „Св. Методиевиот плоштад“ во Елванген, каде што многу години се собираме, се движел Св. Методиј Солунски Чудотворец, кој со своите ученици хрбро го ширел словенското писмо. Тоа е жива наша црковна и национална македонска историја. Пред овој споменик не се поклонувале само Македонците, Србите, Бугарите, Русите (или дуги со словенско потекло), напротив, огромна почит покажа-

ле најпрво домаќините, граѓаните на Елванген, кои со огромна почит го овековечиле неговото присуство во Елванген.

На зградата, од германските власти, е поставена спомен-плоча со следната содржина:

**VERUTEILUNG DES HL. METODIUS 870. DURH
EIN BISCHOFSGERICHT IN REGENSBUURG UNTER
KÖNIG LUDWIG DEM DEUTSCHEN NACH DER
ÜBERLIEFERUNG WURDE DER SLAVENAPOSTEL
IN ELLWANGEN GEFANGENGEHALTEN.**

Преводот на оваа содржина е:

ОД СТРАНА НА БИСКУПСКИОТ СУД ВО РЕГЕНЗБУРГ Е ОСУДЕН СВЕТИ МЕТОДИЈА ВО 870 ГОДИНА ЗА ВРЕМЕ НА КРАЛОТ ЛУДВИГ ГЕРМАНСКИ. СПОРЕД ПРЕДАНИЕТО СЛОВЕНСКИОТ АПОСТОЛ ЛЕЖЕЛ ВО ЗАТВОРОТ ВО ЕЛВАНГЕН (Лазаревски 1994: 108).

Покрај оваа спомен-плоча, се поставени уште две спомен-плочи: една од Бугарија и една од Македонија. Нешто подоцна е поставена и трета спомен-плча.

На 1 јуни 1996 година е поставена спомен-плоча (триделна, десно до германската плоча) со следната содржина:

СО ПОЧИТ И ВЕЧНА БЛАГОДАРНОСТ КОН НАШИОТ ПРОСВЕТИТЕЛ И ХРИСТИЈАНСКИ МИСИОНЕР, РАМНОАПОСТОЛ СВ. МЕТОДИЈ

ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА.

Истиот текст, подолу на плочата, е преведен на германски јазик.

Во градот Елванген и во околните градови: Ален, Гајлдорф и другите, живеат одреден број семејства што потекнуваат од Македонија. Во одреден период, во споматите градови имавме училиште за дополнителна настава на македонски мајчин јазик. Наставата ја изведуваа следните наставници од Македонија: Трпко Матовски од Тетово, Јоше Спасески од Кичево и Ѓорѓи Лазаревски (1987–1995) од Битола и други.

Покрај наставата со учениците, зарем можевме да не го забележиме споменикот на Св. Методиј и да го посетиме во Елванген? Зарем можевме да не го одбележиме „Денот на нашите просветители Кирил и Методиј?“ Зарем можевме таму да бидеме со години и да се правиме како ништо да не видовме, а да си ја гледаме само нашата „службена“ работа?

Од страна на родителите, поради непознавање на историските факти, ни беше забележано за нашите посети на овој споменик, бидејќи порано Бугарите беше поставиле своја спомен-плоча напишана на бугарски јазик.

Годините во кои работев како учител во Германија (1987–1995) се карактеризираа со бројни настани поврзани со распаѓањето на заедничката држава Југославија

и мноштво негативни настани поврзани со тоа како: непризнавање на македонскиот јазик, нација, црква и што ли уште не!

Колкаво лицемерие се прави и покрај многу докази за постоењето на македонскиот народ, јазик и култура. Немам намера да влегувам во полемика со креаторите на бројни лаги и невистини, но ќе изнесам само неколку факти:

Во весникот „Македонска нација“ од 9 август 2017 год. од авторот Тихомир Каранфилов го прочитав прилогот: „Еден македонски речник од XVI век“ (Un lexique macedonien du XVI Siecle) од познатите слависти Андре Вајан (Andre Vaillant) и Чиро Џанели (Ciro Giannelli), објавен во 1958 год. Се работи за неколку песни, зборови и реченици од секојдневниот говор на костурчаните (Егејска Македонија), кој ги запишал протосингелот Силвестер, кој патувајќи од Ерусалим за Рим, минувал низ Македонија. Тоа е еден од најраните манускрипти напишан на чист македонски јазик. Повеќе од 300 зборови се запишани со грчки букви. Некои зборови и фрази останале непроменети со векови. Текстовите од овој речник ја демонстрираат силата на македонскиот јазик, кој се зачувал и покрај сите обиди за асимилација.

Во грчкиот весник „Нова зора“ бр. 55 од месец ноември 2014 година на стр. 7 е објавен прилог под наслов: „Ах овие неписмените Американци“. Во прилогот е објавен статистички извештај за пристигнатите емигранти во Америка во 1899 година и јазикот на кој зборуваат емигрантите. Емигрантите што пристигнале од Грција зборувале грчки или македонски јазик, емигрантите од Бугарија – бугарски или македонски, емигрантите од европскиот дел на Турција зборувале македонски, влашки или еврејски јазик.

Авторот прашува: Зарем Американците не знаеле дека македонскиот јазик е „вештачки создаден“ од Тито 50 години подоцна?

Слично нешто забележал и американскиот новинар Херберт Кори во 1917 година, осум месеци по битката на Кајмакчалан. Новинарот објавил семејна фотографија од една свадба во село Добровени (едно од селата под Кајмакчалан). Меѓу другото, новинарот се интересирал и за националната припадност на жителите за да разбере дали се Срби или Бугари? Се изненадил од пркосниот одговор на една стара жена која му рекла „ни Бугарка ни Србинка, јас сум Македонка и ми е смачено од војни“ (The Nacional Geographic magazine 1917).

Македонските учители, верни следбеници на делото на Кирил и Методиј, како просветители во Германија за нашите граѓани, во ова бурно време за нашата држава и нација, бевме исправени пред бројни искушенија. На многу средби, на разни нивоа низ Германија, бевме напаѓани од грчката пропаганда со сите средства. Морам да признам дека имавме изградено углед и чест кај германските власти, особено во областа на образованието и на локалната управа. Тие секогаш беа на наша страна, но ние моравме со факти да се докажуваме, како пред германската јавност, така и пред сите присутни на теренот каде имавме свои училишта, како во градовите: Штутгарт, Еслинген, Леонберг, Улм, Гаилдорф, Ален, Фајнген-Енц, Синделфинген, Беблинген и на други места.

Како најдобар одговор на нападите, за тоа време, сметавме дека е најдобро празникот на словенските просветители да го одбележиме според нашиот календар, 24 мај, но тоа мораше да биде најавено кај градоначалникот на Елванген и да се добие дозвола од него. Во нашата програма, пред споменикот на Св. Методиј, беше предвидено да се чита поезија на македонски и германски јазик, но и да има и на другите јазици како: српски, италијански, турски, ирански и други.

Сакајќи да ја претставиме поезијата на својот јазик, пред аудиториумот на Германците, тоа го правевме на тој начин што песните ги презентиравме, освен на мајчиниот македонски и на германски јазик. Во овој поглед посебно ми помогна збирката песни „Бели мугри“ од Кочо Рацин во која песните се препеани и на германски јазик.

Здружението „Радник и пјесник у туђини“ од Штутгарт беше голема моторна сила за литературното творештво на сите јазици и нивно презентирање во јавноста. Секој поет или писател својата нова книга ја промовираше преку ова Здружение. На многу од овие промоции лично присуствував, а на дел од нив бев и промотор. Освен Срби, во ова Здружение членуваа поети што потекнуваа од Македонија, а живеат во Германија како: Љубомир Лозановски, Вера Танчева, Васил Пецуровски, Костадин Костадиновски и други.

Одбележувањето на 24 мај – Денот на словенските просветители, вообичаено го славевме два дена. Првиот ден, обично во сабота попладне, во македонскиот клуб „Вардар“ од Синделфинген организиравме поетска средба на која, вообичаено, покрај поети од Македонија, учествуваа и поети Срби, Германци, Иранци, Италијанци и од други националности.

Наредниот ден, скоро со истото сценарио, поетските средби ги одржувавме пред споменикот на Св. Методиј во Елванген.

Задолжително беа канети, а и редовно беа присутни: градоначалникот на Елванген, претставник на Козулатот од Штутгарт и други видни луѓе.Наредната година, Манифестацијата ја прошривме со тоа што беа воспоставени мостови на соработка со Друштвото на писателите од Македонија и Струшкиот фестивал на поезијата во Струга. Па така, вообичаено, каневме поети од Македонија, кои со своите творби настапуваа на овие поетски манифестации во Синделфинген и наредниот ден пред споменикот на Св. Методиј во Елванген.

На крилата на поетите, членови на ова или она здружение, секогаш носталгични, нашиот човек за час ќе се пресели во цветните полиња и ливади на својот роден крај, житните полиња на својот крај, го слуша жуборењето на потокот, го чувствува мирисот на четинарите, планините, бистрите езера, прекрасните полиња и долини... Ја воздигнува љубовта и слободата на говорот и гледа во иднината.

Свртените погледи кон иднината нè тераат на заедничко дружење, разменување на мисли и градење на мостови на пријателство и соработка. Водени од таа мисла, под покровителство на македонските клубови „Вардар“ од Синделфинген и „Македонија“ од Штутгарт, а во соработка со Македонското научно друштво (порано ДНУ) од Битола и тогашните легални југословенски и германски власти, во градот Син-

делфинген беа организирани поетски средби во месец мај секоја година, почнувајќи од 1989 година. На овие поетски средби, вообичаено беше да има по еден или двајца поети од Македонија, кои се претставуваа со по неколку песна на македонски и германски јазик.

Покрај поети од Македонија, на овие поетски манифестации настапуваа и поети од Србија и другите ЈУ-простори.

Секоја поетска манифестација започнуваше со песната „Т'га за југ" од Константин Миладинов, прво на македонски, а потоа на германски јазик, што редовно беше придружена со музичка поткрепа. Потоа беа претставувани поетите од Македонија.

Овие поетски манифестации ги водев јас и мојот ценет помлад колега Јоше Спасески од Кичево. Преку овие поетски манифестации, во кратки црти, ја претставуваме нашата татковина Република Македонија и Струшкиот фестивал на поезијата. Покрај македонските учители, на овие манифестации имавме и многу солидни преведувачи, кои симултано преведуваа на германски јазик.

По својата суштина Струшкиот фестивал на поезијата претставува едно големо поетско братство што се остварува на бреговите на Охридското Езеро. Таму се рефлектираат светлите патишта по кои оди зборот на поетот и човештвото. Тој е отворен за творечки и културен дијалог, секогаш отворен за иднината на човекот и светот, зошто иднината беше и останува единствена цел на поетите и нивната поезија. Добитниците на „Златниот венец" создаваат своевидна антологија на современата светска поезија. На брегот на Охридското Езеро, односно од неговиот влив во реката Црни Дрим, на чиј мост се среќаваат поети од целиот свет, изречени се бројни пораки како: песната е културна димензија на верувањето за себе и во себе; поетот е мисионер на љубовта, песната е најранливиот леб за човекот да не биде гладен, (јас би додал) за убава мисла да не биде страден и други.

На нашите поетски манифестации во градот Синделфинген, покрај учеството на поети од Македонија, задолжително го претставуваме и ликот и творештвото на еден од добитниците на „Златниот венец" на Струшките вечери на поезијата. Од тие автори вообичаено читавме по две песни на германски и на македонски јазик. За оваа пригода особено беа претставени поетите: Ханс Магнус Енцензбергер од Германија, Јанис Рицос од Грција, Миодраг Павловиќ од Србија, Блаже Конески од Македонија, Пабло Неруда од Чиле, Никита Станеску од Романија, Фазил Хисни Дагларџа од Турција и бројни други поети.

Песните на добитниците на „Златниот венец" ги рецитиравме ние македонските учители, а нивните препеви на германски јазик ги рецитираа преведувачите или други погодни личности.

На манифестацијата одржана пред споменикот на Св. Методиј настапиле бројни поети, како Македонци исто така и Срби и многу други. Сите заедно со должна почит кон ликот и делото на Свети Методиј. Чувствувам за потреба да го истакнам и фактот дека и Германците имаат особена почит кон ликот и делото на Св. Методиј. Со името на Св. Методиј е именуван плоштадот каде се наоѓа споменикот и истото име го носи

и улицата што од центарот на градот води до овој споменик на културата. Граѓаните на градот Елванген Св. Методиј го прогласиле за свој светец заштитник.

На поетските манифестации во градот Синделфинген и пред споменикот на Св. Методиј, почнувајќи од 1989 година настапија бројни поети од Македонија, како што се: Перо Миленкоски, Ристо Јачев, Светлана Христова Јоциќ, Панде Манојлов, Видое Подгорец, Зорица Наумовска, Ксенија Костова, Разме Кумбаровски, Мирче Клечкаровски и други. На овие средби, незаборавен е настапот и на нашите поети Неда и Алексо Лозановски од Канада, а по потекло од Македонија. Нивниот настап пред овој незаборавен аудиториум беше во 1994 година. На овие средби настапија и бројни научни работници од Битола: проф. д-р Трајко Огненовски, проф. д-р Сотир Пановски, м-р Симеон Цветановски, Илија Алушевски, Ѓорѓи Танковски, Томе Трајковски и други. Научни работници од Германија кои настапија прод споменикот на Св. Методиј се: д-р Еберле, познат историчар од Елванген, д-р Ханс Хелмут Дитрих, градоначалник на Елванген и д-р Ханс Букс, заменик на градоначалникот на Елванген.

Во управата на Македонскиот клуб „Вардар“ од Синделфинген беше формирана посебен одбор „Пријатели на Струшките вечери на поезијата“, кој се грижеше за целокупната организација на манифестацијата. Членови на овој одбор, покрај македонските учители и активисти од клубот беше и поетот Реља Лукиќ – претседател на здружението „Радник и пјесник у туђини“ од Штутгарт, инаку Србин.

Беа воспоставени врски на соработка со поетска Струга. Така во 1990 година, од Германија, учесници на Струшките вечери на поезијата беа поетите: Реља Лукиќ и Вера Танчева (еден Србин и една Македонка).

Како резултат на тесната соработка помеѓу македонските и учителите од другите националности (Германци, Срби, Хрвати, Турци, Италијанци) се роди збирката на детски песни „Звездени патеки“ (Auf dem Pfad der Sterne), печатена во Битола во 1993 година во 1 000 примероци. Покрај песните на македонски јазик, во неа се претставени и песни на: српски, хрватски, германски, италијански и турски јазик. Најголемиот број примероци од оваа книга ги разделивме во училиштата каде што работевме и бројните институции во повеќе градови низ Германија.

Секоја детска песна е претставена во својот оригинал со препев на македонски и на германски јазик. Целата збирка е поделена на три делови: „Пораки“, „Зборот што цвета“ и „Мостови“.

Во првиот дел „Пораки“ се поместени пораките од: д-р Димитар Бајалџиев, тогашен министер за образование на Република Македонија, Видое Подгорец, Панде Манојлов, Вера Танчева, македонските учители: Ѓорѓи Лазаревски и Јоше Спасески, Низаметин Асим (на турски јазик) од Битола и Вера Танчева. Секоја порака си има своја убавина.

Во вториот дел на оваа збирка „Зборот што цвета“ се застапени повеќе творби од три ученички на македонски јазик со препев на германски јазик.

Во третиот дел „Мостови“ се застапени творби од 41 ученик на повеќе јазици. Од нив 10 ученици се Срби, а изборот на нивните творби и лекторирањето го изврши нивната српска учителка Даница Тодоровиќ.

Песните на другите јазици се лекторирани од познати професори во својата струка. Така како лектори на одредени песни се забележани: на германски јазик Петра Пригл, на италијански Ана Пикарди, на хрватски Анте Сабљак и на турски јазик Низаметин Асим.

Останале бројни спомени од овие поетски средби во Германија. Секоја средба има своја убавина и значење.

Литературно читање пред споменикот на Св. Методиј во Елванген, Германија, мај 1994 год. Присутни: в.д. амбасадор на РМ, Ташко Теодосиевски, македонските учители, Ѓорѓи Лазаревски, Јоше Спасески, Нада Алексоска, поетите од Македонија: Видое Подгорец и Зорица Наумовска, Веле Алексоски, уредник на весникот „Македонско сонце“, од ДНУ – Битола: проф. д-р Сотир Пановски, проф. д-р Трајко Огненовски и многу други.

Не можам да ги набројам имињата на сите учесници на овие поетски средби, но еден дел од нив сè уште ги помнам и никогаш нема да ги заборавам. Посебено забележано е учеството на поетите од Штутгарт и други градови во Германија: Реља Лукиќ, Милутин Алемпијевиќ, Здравко Џекиќ, Радован Лепановиќ, Момир Делибашиќ, Божица – Боба Пиперски, Милорад Миленковиќ, Миодраг Миленковиќ, Марија Јовановиќ и други.

На овие средби учествуваа и поети Германици како: Ина Марија Шертел од Росток, која покрај нејзините настапи на овие средби, напиша една цела збирка песни посветени на Македонија под наслов „Булки и манастири“. Од Иран – Амини Ахамад и бројни други учесници од Турција и други земји од светот. Родени во Германија, а

според потеклото на своите родители – Италијанци кои учествуваа на овие поетски средби се: Моника Скалмато, Бригина Марија и Емануела Алфонзо.

На средбите, покрај учесниците што настапуваа со свои песни, во програмата имавме и поезија од познатите поетски имиња како: Блаже Конески, Десанка Максимовиќ, Мирослав Антиќ и многу други. Нивните песни со особен квалитет и осет ги рецитираше наставничката Милена Новаков од Војводина. Повеќето од споменатите песни беа проследени со тивка музика, која оставаше силен впечаток кај слушателите.

Секоја поетска манифестација претставуваше посебен празник на поезијата. Покрај редовните гости, посебна убавина му даваше и присуството на званичните претставници на Генералниот конзулат од Штутгарт (по осамостојувањето на Македонија и претставник на Амбасадата на Република Македонија од Бон, подоцна Берлин), конзулот за школство на Турција Алтан Ар'сли, редовен гостин беше Фридрих Фаустен, Амини Ахмад – и бројни други видни луѓе.

Не можам да ги заборавам убавите стихови на Десанка Максимовиќ кога зборува:

... да би срце могла поклањати свима
 и да опет много остане га мени.
(„Пролетна песна“)

Со слична порака се стиховите на Рацин во песната „Печал“:
...Нема ли срце на срца срцето,
срце ширини широко,
срце длабини длабоко,
целиот свет да го збере
па за вија гради да е малечко.
(„Бели мугри“)

Бројните чествувања пред споменикот на Св. Методиј во Елванген беа крунисани со поставување на спомен-плоча на ден 1 јуни 1996 година. На овој свечен собир беа присутни: Софија Тодорова – министер и ополномоштен застапник на премиерот Бранко Црвенковски, Срѓан Керим – амбасадор на Р Македонија во Германија, Боро Митриќески – автор на спомен-плочата. Славе Николовски Катин – потпретседател на Републичката комисија за односи со верските заедници. Црковната делегација беше предводена од архиепископот г.г. Михаил и митрополитите г. Кирил и г. Горазд.

Чествувањето започна во 10 часот со одржување на Свечена литургија од Поглаварот на МПЦ, архиепископот Михаил, во присуство на надбискупот на покраината Баден Виртемберг и во сослужение на архиереите г. Кирил и г. Горазд и други свештени лица во базиликата на манастирскиот комплекс во Елванген.

Во 14 часот градоначалникот на Елванген, д-р Ханс-Хелмут Дитрих, приреди свечен ручек за делегацијата на Република Македонија. Во својот поздравен говор градоначалникот Дитрих, поздравувајќи ги присутните, уште еднаш ја искажа своја-

та радост што е домаќин на висока државна делегација од една пријателска земја од Балканот, со која неговата држава има одлични културни и стопански врски. За него е голема чест што е домакин и дека овој денешен свечен чин (откривањето на спомен-плочата) ќе претставува потврдување и проширување на тие врски кои со векови се негувале (Огненовски 1998: 45). Потоа беа разменети пригодни подароци меѓу министерката Софија Тодорова и градоначалникот Ханс-Хелмут Дитрих.

Спомените ме обврзуваат да ги забележам, да не бидат заборавени прекрасните врски и релации помеѓу Македонците и другите бројни националности во пријателска Германија. Ова што го ставив на овие неколку листови хартија е само еден мал дел од тоа што се случуваше таму, во градот Штутгарт и околните градови. Тоа што се случуваше е толку многу:

Колку и да кажам – малку ќе биде!

Што и да напишам – недоволно ќе биде!

Како да го опишам - нецелосно ќе биде!

Врските можат да се менуваат, усовршуваат, но градењето на мостови на пријателство и соработка помеѓу Македонците и Германците, како и другите народи, мора да продолжи. Мостовите секогаш поврзувале. Без нив ќе останеме закопани во својата беда и немоќ.

Литература

Илин Душица. 1986. *Златен венец на Струшките вечери на поезијата,* Скопје.

Југословенска книжевна радионица, *Уснуле звезде,* 1989. Франкфурт на Мајна.

Југословенска книжевна радионица, *Капи живота,* 1992. Франкфурт на Мајна.

Лазаревски Ѓорѓи. 1995. „Местото и улогата на учителот во дополнителната настава во странство“, *Меѓународен научно-стручен собир на тема: „Образованието на македонското иселеништво*“, ДНУ – Битола, 235.

Лазаревски Ѓорѓи. 2003. *МПЦО „Св. Кирил и Методиј – Штутгарт“,* Скопје.

Лазаревски Ѓорѓи. 1991. *Крстопати и распаќа (Wegkreuzungen wege ohne ende)*, Битола.

Лазаревски Ѓорѓи. 1993. *Звездени патеки (Auf dem Pfad der Sterne),* Битола.

Лукиќ Реља. 1997. *Песма је билјка,* Ужице.

Огненовски Трајко.1998. *Во чест на Св. Методиј Солунски,* Битола.

UDC 821.163.3-2:811.163.1’373

Лилјана МАКАРИЈОСКА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ЦРКОВНОСЛОВЕНСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО ДРАМСКИТЕ ТЕКСТОВИ НА БЛАГОЈА РИСТЕСКИ-ПЛАТНАР

Апстракт: Одразот на црковнословенската традиција во македонскиот јазик се проследува особено преку присуството на црковнословенските лексички и зборообразувачки елементи. Предмет на нашиот интерес е употребата на црковнословенизмите во драмите на Благоја Ристески-Платнар, еден од ретките автори кој умее драмските текстови да ги пишува во стихувана форма и со специфични архаични зборови. Се изделуваат црковнословенизмите: *битие, двери, повест, похота, пастир, пир, велик, недугав, преподобен, тучен, беседи, глаголи, гневи, двигне, пцали, реви, рида, слови, сконча, хули* и др. употребени без особено отстапување од значењата што ги имале во црковнословенскиот јазик. Од зборообразувачки аспект особено се впечатливи одглаголските именки на -ние, -ие: *видение, дејание, заблуждение, завештание, искушение, понижение, почитание, прошение, распетие* и др., во согласност со состојбата во црковнословенскиот јазик, бессуфиксните образувања: *избава, покуда, поруга, вознес, скуд, створ*, именските образувања со суфикс -тел: *вестител, крепител, кротител, пазител, свидетел, создател,* како и сложенките: *богупријатно, домољубен, злодеј, злочест, еднодушно, иноверник, истоверник, малодушен, милосрдие, празноречив, громосоздател,* изразите со библиско потекло итн., а за поголема стилска изразност се употребуваат и префиксираните глаголски форми: *онечисти, опогани, узнава, устрои,* со глаголскиот префикс *воз-*: *вознесе*, префиксираните образувања со не-: *недржим, недодржим, нелечим, неносим, неразлучим*, остатоците од падежните форми: да видиш *оком твоим*, да му ’ржам *песјом пеном*, употребата на старите партиципни форми: *благодарствујушта, севидештим, сезнајушти* и др. Застапени се и лексичките заемки од грчко потекло примени преку црковнословенскиот јазик како дел од црковната терминологија: *архиепископ, архиепископија, иконостас*.

Клучни зборови: лексика, црковнословенизми, архаизми, драма.

Одразот на црковнословенската традиција во македонскиот јазик се проследува особено преку присуството на црковнословенските лексички и зборообразувачки елементи. Во јазикот на современите автори: Славко Јаневски, Венко Андоновски, Драги Михајловски, Благоја Ристески, Анте Поповски, Михаил Ренџов и др. се употребуваат црковнословенизми од различен вид, но најчести се лексичките: *глаголи, аште, велми, двер, молви, безмолвие, отроче, плот, прелест, слово, твар, сиреч* и др., односно зборообразувачките, како на пр.: образувањата со суфиксите *-ние, -тел, -телен, -ствие*, со префиксот *воз-* итн.

Предмет на нашиот интерес е употребата на црковнословенизмите во јазикот на еден од најзначајните македонски драмски писатели Благоја Ристески-Платнар (Прилеп, 1949–2004), автор на драмските текстови: *Carcinota tatae* (1982), *Сѿиро Црне* (1989), *Арсениј* (1993), *Ибро јаране* (1994), *Леѿни Силјане* (1994), *Леѿа Анѓелина* (1995), *Венко* (1998)[1], и на драмските текстови *Шашардисани времиња*, *Ѓубре*, *Кинеска кујна*, *Кабаре*, како и на преводите Лисистрата и Филоктет, посмртно објавени во изданието *Шашардисани времиња* на ИД „Макавеј" (2006). Ристески-Платнар е добитник на награда за најдобар драмски текст на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински" – Прилеп, за драмите *Сѿиро Црне*, *Леѿа Анѓелина* и *Леѿни Силјане*.

Благоја Ристески-Платнар е познат како еден од ретките автори кој умее драмските текстови да ги пишува во стихувана форма и со специфични архаични зборови, посветувајќи му особено внимание на богатството на македонскиот јазик. Се истакнува дека во уникатните драмски преводи на Платнар, македонскиот јазик ги открива своите најдобри експресивни капацитети, највисоки уметнички дострели (Мухиќ 2006:10)

Осврнувајќи се на творештвото на Платнар, Ферид Мухиќ (2006: 6) заклучува дека и поетските збирки, колумните, преводите, а особено драмите, накусо, сѐ што Платнар напишал, е напишано така што се знае дека тој го напишал, па невозможно е да се згреши кој е автор на кој било Платнаров текст. Укажувајќи на моќниот, архаичен „платнаровски" јазик, заради кој не случајно го нарекувале „македонскиот Шекспир" Мухиќ пишува: „Богатството на неговата лексика, без пример во целата македонска книжевна лексика, му овозможи на суптилниот дух на македонскиот јазик раскошно да избликне во дотогаш невиден огномет со кој ја украси, ја разубави и ја осветли неговата вистинска моќ .... Ќе треба многу енергија, талент, усет и истражувачка систематичност, за во иднина да се разбере и систематски растолкува, со кои средства, техники, постапки и решенија, со каква инспирација, Платнар успеал македонскиот јазик да го престори во вистинската Aurora borealis, во празникот на илуминациското јазичко чудо, кое свети и ноќе, тогаш и таму, каде другите јазици одвај борина запалиле!"

[1] Последната објавена книга на Ристески-Платнар, насловена *Драми* (2004) е издание на прилепската издавачка куќа *Арлекин-ГФ*, содржи седум драмски текстови: *Сѿиро Црне, Арсениј, Ибро јаране, Леѿа Анѓелина, Леѿни Силјане, Железно ѿиле* и *Венко*, познати за македонската театарска јавност преку нивните театарски праизведби. Собрани на едно место тие ја потврдуваат докажаната специфична поетика во која се вмрежени македонските митови, коренитата потреба за исконското, како и создавањето на театарскиот јазик на Платнар. Секоја од овие драми доживеала своја праизведба, а *Леѿни Силјане* е изведена два пати (на сцената на Народен театар – Битола и на сцената на Народен театар „Војдан Чернодрински" – Прилеп). Текстови од Платнар се преточени и во книгата *За серафимиѿе и керубиниѿе*. Во 1999 год. Платнар снимил и три краткометражни филма, комплетен автор е на документарната трилогија *Алшар, Ниѓра* сет формоса и *Горна земја.* Неговите претстави се преведени и играни на: англиски, чешки, полски, руски, романски, српски, словенечки, турски и бугарски јазик.

Крстески (2006: 267–269) укажува дека традицијата што се отчитува во есеите и драмите на Ристески, е моќната сила што ги придвижува неговите мисли „од неа тој се напојува, таа е во него, генетска содржина“. Истакнува дека неговиот јазик „допрва треба да се истражува“, зашто тој се служи со зборови, а „зборовите доаѓаат сами од себе затоа што се негова содржина, а кога ќе ги употреби, тогаш имаме нова песна“.

Доколку примарно мерило за оценка на стилистичките вредности на одреден автор, па дури и на целата книжевност во определен период е богатството на лексичкиот фонд и способноста на авторот синонимно да се служи со разновидноста на зборовите (Паноска 2010: 19), тогаш несомнено Платнар се вбројува меѓу авторите чиј јазик има високи стилистички вредности.

Во драмските текстови на Платнар[2] се изделуваат црковнословенизмите: *беседа*: нема бездна подлабока од во беседата длабината (ЛА:533), *битие*: Ти битие без име и облик, сал лик морничав што поседува (ЛА:533), Битие, ко јас некогаш, што исправено оди (Ф:253), *двери*: не памтат кога на каштелава, тешким челиком, двери се оковани, со дванаесет локоти заклучени (ЛА:498), пробаа нејни вити двери да отворат (ЛА:500), Тоа што свети двери проваливте крупен грев е (ЛА:500), заканата за тој, што ќе помисли макар, да направи чекор зад дверите на таа црква (ЛА:514), пред дверине, три громади простум исправени (ЛА:515), на кралските двери својата слика ќе ја закова (ЛА: 517), Брат ти згрешил што ми строшил вити двери на црквата (ЛА:522), *дрзост*: О, дрзост нечуена да проштева оној за кого проштение нема (ЛА:541), јас да не можам да ги спречам од дрзоста толкава (Л:79), *ин*: Колебливост, непозната, ина, низ беседите како да ти мина (ЛА:537), Ни неговиот, ни други, овде и на места ини (Ф:272), *пастир*: желбо пуста да се има бог за пастир, крепител и слуга (ЛА:503), Сега од храмот, во кој обитував, сум протерана, од бога, пастирот севидим (ЛА:532), семожниот наш пастир, урнато и сломено и згромено и болно, ќе треба да го молам да припомогне (ШВ:43), Велес пастирот добродушен стадата од помор што ни ги пази (ЛА:503), *пир*: Во глутница, пред пир крвав, пците се собираат (ЛА:527), за децата пир приредив, од комшии другарката им ја викнав (Л:203), *повест*: Лага горка и измама е тоа дека повеста е неповратна (ШВ:35), како што ќе зборува повеста наша национална (ШВ:32), *похота*: похотата ја потпрев врз нејзината чедност (ЛА:539), Од похота сет пламтам (Л:214), *пророк*: Како што кажа Ефтимиј, пророкот кутмичевички, негде долу, под белава мрамора, скрито лежи знамењето Перуново (ЛА:497), Ефтимиј, пророкот кутмичевички, никогаш не згрешил (ЛА:500), Овде нема ништо ваше ако не се смета заблудата, со векови, пророците на лесноверноста што ѝ ја нудат (ЛА:500), Време ти е, пророку со виделината, незнајна тебе, да се простиш (ЛА:542), *слово*: Намерата твоја ми е јасна: со слова матни, недофатни, слова заведливи да ја спречиш мојата (ЛА:502), *событие*: Но, не божјиот раскол и човечката несреќа, две событија различни, а поттик еден, нема подвиг што ќе ги оконча (ЛА:536),

[2] Кратенки на изворите: Ѓ – *Ѓубре,* К – *Кабаре*, КК – *Кинеска кујна*, Л – *Лисистрата*, ЛА – *Лепа Анѓелина*, Ф – *Филоктет*, ШВ – *Шашардисани времиња.*

сподоба: На четири забразди ја сподобата грда (ЛА:507), ти лаги не беседи, та ништо за спомен по добро не ќе се заштеди од оваа сподоба (ЛА:539), *суета*: пород зачна и ја начна божјата суета (ЛА:540), *твар*: Велат сам од кал ги создал и ги оставил долу, во истата твар (ЛА:503), *велик*: пред наезди во злодоба велик ќе се испречеше (ЛА:530), Не, брату велик, твојот подвиг врз сонцето е сенка (ЛА:539), ги достигнаа од мадроста длабините и појмија дека за велико дело се избрани (ЛА:541), *знаменит*: Јас Мустафа паша, велик и знаменит (ШВ:46), *гибелен*: Зар закана, таа грешка гибелна зарад која врли мажи главата ја губат (ЛА:500), *девствен*: Како мома девствена дома би седела радо (Л:189), *недугав*: Ако, ако, ти нејако, недугаво и шугаво (ШВ:28), Само литиот, недугавиот и глупавиот може да разбере (ШВ:35), Оној таму, ондека што седи, како недугав што ви се гледа (К:141), *ништ*: Та тоа е секогаш така меѓу дребните, меѓу оние ништи што се духом (ЛА:540), *подобен*: боговите наши нам ни се подобни по обличје и сетила (ЛА:503), може да се случи чудо подобно на она кое ти го опиша (ЛА:536), *преподобен*: Зошто, преподобен, мој Патрику познодобен? (ШВ:44), *скуден*: победата, награда скудна за вашиот подвиг, донесете ја (ЛА:535), *сломен*: костурот мој да го врзете, стопати сломен (Ф:268), *тучен*: За него сум врзан со верига тучена (Ф:255), *штедро*: ќе се отворат штедро бесовите (ЛА:504), *беседи*: Ангелино, што беседиш сестро! (ЛА:533), За боговите не беседи, меѓу луѓето животот ти е долу (Ф:273), *глаголи*: Што глаголиш (ШВ:45), *гневи*: Да ме гневи сака ... со мојата наклоност кон таа божја миракула (ШВ:43), *двигне*: војската ваша гневот бескраен негов го двигна (Ф:252), *ненавиди*: та и грамотни да бидат, да знаат кого да го љубат, а кого ненавидат (ЛА:527), *пцали*: ние саде се лажеме и пцалми пцаламе (ШВ:44), *реви*: Да ме гневи сака, да се реви (ШВ:43), *рида*: оваа сподоба, а помрачна ни друга, како злодоба пред која кралството ти рида (ЛА:514), *слови*: тоа што го словиш мене ме радува (ЛА:540), Тука нема што да се слови, за словото, зборот чист, да не го улови примката на вашиот слух (ЛА:541), Хулиш сестро Марија и вистината не ја словиш (ШВ:43), *оконча*: нема подвиг што ќе ги оконча (ЛА:536), *сконча*: Не, пред да ја скончаме задачата примерна на заканата од бесот (ЛА:500), За моето здравје беседата сконча (ЛА:537), тогаш војната ќе ја скончаме брзо! (Л:197), може правдата да ја скончам (Ф:271), Боздоганите ваму бесот нивни да го скончаме брзо! (Л:186), *сквернави*: Скврнавел, рушел, а излегол ранет, во болка се гушел без рана видлива (ЛА:513), *уступи:* папсај троа и уступи (ШВ:40), *хули:* Не хули, Дојчине, нема мој, твој, бог е еден сеприсутен (ЛА:502), *сиреч*: тебе не ти е во задача, во наравта, многу да ломотиш, сиреч: улогата не ти е таква (ШВ:40) и др.

Црковнословенизмите се употребени без особено отстапување од значењата што ги имале во црковнословенскиот јазик.

Зборообразувачката варијантност, карактеристична за црковнословенските текстови, кај Платнар се должи на потребата од стилска диференцијација: на животот учителот, на блесокот *вештителот* (ЛА:505), Таа реа *неподноситална* (Ѓ:64).

Критичкиот однос кон црковнословенските елементи, пак, во македонскиот стандарден јазик може да се согледа на пр. во образувањето именки со продуктивните суфикси -ач и -ец, наспроти големиот број nomina agentis со суфиксот

-тел (и придавките на -телен) коишто биле мошне продуктивни во црковнословенскиот јазик.

Во духот на црковнословенската писмена традиција се и именските образувања со суфикс -тел: *вештител*: на животот учителот, на блесокот вестителот (ЛА:505), *громосоздател*: тој е бог, сонцебог, громосоздател (ЛА:502), *крепител:* желбо пуста да се има бог за пастир, крепител и слуга (ЛА:503), *кротител*: Симеоне Лакапин, на храброста кротителу (ЛА:525), *пазител*: Павле, пазителу на моите заповеди (ЛА:507), *свидетел*: Радувај се што свидетел ќе бидеш на таа ретка глетка: две суштества, две божји замисли од гревот негибнати (ЛА:533), *создател*: Сварог, брат Перунов, на огнот земен создател (ЛА:503).

Од зборообразувачки аспект особено се впечатливи одглаголските именки на -ние: *видение*: рајско видение (ЛА:520), *дејание*: мојва душа кутра навикната на такви дејанија (К:149), *искушение*: да ме воведе во искушение (ЛА:537), *отстапление*: со мали отстапленија кај извесни камењари, сето е негово (ШВ:23), *помазание*: Нека цркни тој прв што помазание посакал! (Л:222), *понижение*: за такво понижение јас немам овластување (ЛА:535), *почитание*: за Господа сѐ најдобро мислам и големо почитание кон него имам (Ѓ:59), Вие луѓето никакво почитание немате кон божјите придружници и посланици (Ѓ:64), *прошстение*: О, дрзост нечуена да проштева оној за кого проштение нема (ЛА:541), *состојание*: докажа и потврди какво ми е состојанието (ШВ:29), *спасение*: А, спасение од каде? (Л:191), *расхождение*: итноста ме нужди во твоето богупријатно утринско расхождение мојата долност да ја пропнам (ШВ:45), *стихотворение*: а да не пишуваш стихотворенија, ја ли состави (Ѓ:68) и др., образувањата со -ие: *безумие*: таа привид студена за неземно безумие говори (ЛА:532), *величие*: До митско величие го поткреваат (ЛА:510), злите намериле од престолов да ве турнат, вашето величие да го урнат (ЛА:524), Јас знам: во тебе доволно величие има за да ја престориш милоста кон брат во љубов за маж (ЛА:532), *событие*: Но, не божјиот раскол и човечката несреќа, две событија различни, а поттик еден, нема подвиг што ќе ги оконча (ЛА:536).

И употребата на бессуфиксните образувања е во согласност со состојбата во црковнословенскиот јазик: *вознес*, *прикрепа*: и своите разлози, во прикрепа на нашата опсудба мошне разложно ги изложи, дури и со вознес торжествен (ЛА:509), *избава*: ќе треба да го молам да припомогне во избавата на нашава Архиепископија (ШВ:43), *исход*: Од немоќ чие потекло само бог го знае, а исходот ѓаволот (ЛА: 513), *покуда*, *поруга:* гајле нема, ни покуда ни поруга (ШВ:17), *презир, рев:* И бескрајно паметење на гревот, од презирот ревот кога ќе те спомнат (ЛА:540), *скуд:* Што си турил Скубе, скуд те скукал (ШВ:18), А напати, кога скудот, како студот голега, ќе не стрешти (ШВ:32), *створ*: А, зошто, од господа пизмен створу, со вода ваму дојде? (Л:183).

Бессуфиксните образувања се впечатливи и во јазикот на Славко Јаневски: *воскрес, ожег, показ, печал,* Владо Малески: *врес, навест, подвиж, напин, негед, бессопир, наѓаз, целив,* Анте Поповски: *бол, непреод, небид, непокор*, Матеја Матевски: *непокора, откос*, Гане Тодоровски: *вик*, *недорек*, *недолип*, *порив*, Паскал Гилевски: *рев, плач, изгуб, одмин, отсвет, уздив, присет, отчук*, *растрел,* Венко Андо-

новски: *наказа, поруга, пониз, створ, умора, укрепа* и др., Михаил Ренцов: *покора, покаја, утеха*, *вик, гнас, од, плач, страд, урек, изгон, издах, невид*, *насет*, *раскап* (Ѓорѓиоска, Макаријоска 2013: 126, Макаријоска, Ѓорѓиоска 2016: 512).

Во авторовиот јазик се потврдува стилската употреба на сложенките: *богупријатен*: итноста ме нужди во твоето богупријатно утринско расхождение мојата долност да ја пропнам (ШВ:45), *громокротител, громосоздател*: тој е бог, сонцебог, громосоздател, громокротител, громовник (ЛА:502), *домољубен*: во градите срце домољубно и просудба точна, разборита (Л:195), *злодеј:* истрижени та презрени луди луѓе и злодеи (ЛА:523), Ти воин си брату, не злодеј, ни одмаздник бесен (ЛА:538), О вие, злодеи гневни! (Л:181), Тоа што си биди измамник, убиец, злодеј (Ф:255), измамникот во измамник те престори, злодејот во злодеј (Ф:267), *злодеен*: Кога е некој пред умирачка, некоја злодејна птичка, да речеме арамиште или шверцериште, на првиот ангел кој на сон ќе ни дојди, пред овој да си појди, сè ќе му објасниме (Ѓ:68), *злодејство*: Злодејствата на жените лоши и женската нарав ме плашат мене (Л:204), Та злодејство над мерка секоја овде видовме! (Л:181), *злодоба*: и оваа сподоба, а помрачна ни друга, како злодоба пред која кралството ти рида (ЛА:514), од закани севозможни тој не бранеше, пред наезди во злодоба велик ќе се испречеше (ЛА:530), *злонамерен*: Некој злонамерен, да речеме (КК:94), *злочест*: Светот е груб, грд и злочест, но има доблест да застане пред од боговите демонската намисла, оти знае, поинаку сè во бесмисла и ништожност ќе втони (ЛА:532), да не го улови примката на вашиот слух, злочестиот дух што ве опседнува, и да го преобрати од ангелска слава во поруга (ЛА:541), Така засекогаш вас ве пизмел злочестите мажи (Л:210), *еднодушно*: На една сите клада, сами да ја запалиме еднодушно (Л:178), *иноверник*, *истоверник*: да се мери премерува тилон од истоверник, за неверник ... не ќе да е иноверник, ниту селник (ШВ:32), *малодушен*: омрцлаел малодушен (ШВ:36), *милосрдие*: Кој во луд занес се потпира врз милосрдието тој е веќе мртов (ЛА:520), Кога е веќе така на вашето милосрдие му го препуштам мојов живот земен (ЛА:526), својот живот за најдребна жртва го сметаат, а смртта пак за награда на милосрдието (ЛА:538), *празноречив*: Доста беше муабет, тој адет само на празноречивите примерен (Ѓ:69).

Се изделуваат и сложенките со се- (< все-), на пр. *севидим*: Сега од храмот, во кој обитував, сум протерана, од бога, пастирот севидим, накажана, да лебдам во вечноста (ЛА:532), да видиш оком твоим *севидештим или севидимим* (ШВ:42), *севишен*: оти тој, севишниот, не виде дека од гревот небесен три сина ќе се родат (ЛА:540), *севозможен*: ќе се дојде до тоа што треба да се прави кога кралството се дави во несреќи севозможни (ЛА:525), Тогаш, брате, од закани севозможни тој нè бранеше (ЛА:530), Бог човека на севозможни искушенија го изложува за да ја види неговата вера (Ѓ:64), *сезнајушт*: уште пред многаја веков големиот учител и сезнајуштиот видар, пресветиот Климент, овде беше ги расштркал (ШВ:45), *семожен*: Во допир со боговите нашиот семожен цар, до вас кралу, срдечни поздрави праќа (ЛА:511), семожниот наш пастир (ШВ:43), *семоќен*: Тогаш заповедта царска, од семоќниот што ја носам, разбирлива лесно ќе ви биде (ЛА:512), Ете тоа ми е одредено, од семоќниот

наредено (ЛА:532), некогаш семоќната рака сега сила нема (Ф:264), *сепримерен*: Не постои сопство кое нема граници и облик, без лик, макар каков и да е божествен, сепримерен (ЛА:502), *сеприсутен*: Не хули, Дојчине, нема мој, твој, бог е еден сеприсутен (ЛА:502).

За поголема стилска изразност се употребуваат и префиксираните глаголски форми *онечисти* и др.: Ќе те онечисти (ЛА:530), *опогани*: кој ќе пофтел на кралството ќе му се опоганел низ Солун ќе се поганел и ќе пљачкал (ЛА:524), *узнава*: само за омраза, тебе непримерна, узнавам (ЛА:538), *устрои*: Оно во вас стои и чека, работа беспримерна да устрои (ЛА:531), одбраната да ја устроиме според тоа (ЛА:535), глаголските форми со префикс воз-: *вознесе:* само јанса ме потресува, да не како кога жртва се принесува, се вознесеш горе, меѓу весталките (ЛА:504), придавските и прилошките форми со префикс пре-: *пресвет*: пресветиот Климент, овде беше ги расштркал (ШВ:45), *пресветол*: Декшавај пресветол Владико (ШВ:46), *пречист*: Немој сестре, ти пречиста, не допуштај несреќа туѓа да те допре (ЛА:530), *премадар*: Виде сега, о премадар, што ум крепи и мисла Наталија лепа? (ШВ:44), *предивно*: и предивно да ме гибнат (ШВ:44), образувањата со не-: *невидим, недржим*, *недодржим*, *недофатим*, *нелечим*, *неносим*, *непростим, неразлучим* и др.: и гледа бела бесконечност за минливоста невидима (ЛА:499), Зар може да се именува видимото и невидимото (ЛА:502), Копјето негово, веда недодржима (ЛА:497), Болко недодржима, смртта кротка нека иде (ЛА:504), На рака недодржими, на нога недофатими (ШВ:156), злото милост што се вика ќе гргне и мене во грев непростим во проклетство ќе не тргне (ЛА:504), не падај у заблуди неразлучими и неносими (ШВ:26).

за синоними. Ако ги погледнеме речниците, добиваме делумна значенска издвоеност. На пример, во стариот тритомен речник на македонскиот јазик зборот *доблесш* се толкува со српскиот пандан како „врлина“ и „храброст“ , а *добродешел* исклучиво како „врлина“**.**

Врз основа на ваквото решение, тешко е да се направи строго разграничување меѓу овие два термини. Меѓутоа, еден философски речник бара јасно издвоен и дефиниран термин, кој недвосмислено упатува на поимот што го означува.

За таа потреба можеби е најдобро да се тргне од генезата на двата збора, која практично нè води кон старогрчкиот изворник. Надвор од секоја дискусија е дека и двата наведени термини во основа упатуваат на старогрчкиот збор *aretē*. Тоа го докажуваат некои преводи на философски дела на повеќето словенски јазици.

Најстарото споменување на терминот *aretē* го наоѓаме кај Хомер и тоа со значење на храборост и мажественост. Но, како што аргументира еден добар познавач на хомерската поезија, тоа значење важи најмногу за *Илијада* додека во *Одисеја* веќе наидуваме на значенско проширување во насока на итрина, снаодливост и мудрост на главниот херој.[1]

Во античката философија, почнувајќи од претсократовците, *aretē* добива сè понагласено значење на духовна т. е. морална одлика. Тоа е веќе сосема така кај Платон и Аристотел. Последниов, во својата *Никомахова етика* – во прв ред, но и во други дела, уште повеќе го продлабочува значењето на овој термин, со што добива тој цела низа значенски нијанси. [2]

Интересна е судбината, односно значенските преобразби што ги доживува поимот на *aretē* во римскиот свет. Римјаните, како што е добро познато, не произвеле ниедна автентична философска школа или посебно учење, па поради тоа философски се изразувале користејќи ги грчките термини или произведувајќи нивни преводи, понекогаш буквални. Таков е случајот и со терминот *aretē*. Во латнскиот јазик тој се преведува со *virtus*, збор, кој произлегува од именката што означува маж (*vir*), па оттука е видливо дека преведувачот го имал изворното пред очи, најстарото (би рекле хомерско) значење на зборот *aretē* – мажественост.

Речиси сите термини во западноевропските јазици, кои се сфаќаат и упатуваат на оригиналното грчко *aretē*, всушност произлегуваат од латинскиот превод – *virtus*, со исклучок на германското *Tugend*, во францускиот го имаме *vertu*, во англискиот – *virtue*, *virtù* – во италијанскиот, *virtud* – во шпанскиот итн. Во философскиот контекст тука делумно бледнее првобитното значење на мажественост и храброст на сметка на моралниот аспект.

Каква е состојбата во словенските јазици?

Доволен е само кус осврт за да се согледа општото терминолошко шаренило. Така, за поимот што во грчкиот се означува со *aretē*, а во латинскиот со *virtus*, на пример, во философските преводи на српски, како и на словенечки јазик, го среќаваме

[1] В. во Фрейберг, Л. А., 1975: 73.
[2] Gigon, O., 1983.

зборот *vrlina*, во хрватскиот е доминантен зборот *krepost*. Интересно е што во рускиот јазик, во философски контекст, се употребува зборот *доблесѿ*, а во бугарскиот во истиот контекст главно – *добродеѿел*.

Состојбата во македонскиот јазик е специфична бидејќи во секојдневна употреба се наоѓаат и *доблесѿ* и *добродеѿел*, при што тие некогаш значенски се поклопуваат, а другпат се раздвојуваат. Рековме, уточнувањето, односно значенското прецизирање е неопходно во еден речник, каков што е философскиот.

Се чини дека тука најдобро е да се бара решението во генезата на овие два термини во рамките на нашата црковнословенска традиција, од каде што и произлегуваат тие.

Значенската определба на овие два термини од историски аспект е следна:

Добродеѿел во нашите црковнословенски текстови формално се јавува како превод на грчкото *aretē*, но всушност терминот тука се оддалечува од неговото изворно значење на мажественост и на храброст. Наместо тоа, во прв план доаѓа религиозното т. е. христијанско значење.

На пример, во славната дефиниција на философијата што ја дал св. Кирил – Константин (во *Проѿраноѿо жиѿие*), се вели дека тоа е стремеж кон богоподобие преку добри дела, при што, во црковнословенскиот, се употребува зборот **дѣтѣль** како синоним за: добродетел, благодетел, добродејание, односно негување на христијанските добродетели на: вера, љубов, молитва, смиреност и сл.[3]

Иако во оваа дефиниција откриваме силно влијание на античката определба на философијата, посебно на Платон, добродетелта, која доаѓа на местото на античкото философско *aretē*, е дадена со јасен христијански контекст.

Христијански контекст на добродетелта, како поим, го забележуваме и во подоцнежните црковнословенски текстови од македонските простори. Како синоними на добродетелта се јавуваат: добро дело, добродејание, но и молитвата.

Следствено на оваа традиција, во новиот *Терминолошки речник ѿо ѿеолоѓија* дефиницијата на добродетелта е предадена во строг христијански контекст. Таа гласи: „Добродетелта е добра особина или дело, а трите најголеми добродетели се: верата, надежта и љубовта. Други добродетели се: смирение, кроткост, молитва, пост итн.“

Доблесѿа, од друга страна, во христијанскиот контекст не е буквален превод на грчкото *aretē*, кое изворно го содржи значењето на мажественост. Сепак, доблеста првично го содржи токму тоа профано значење на мажественост и на храброст. Тоа се гледа и во случајот кога се јавува како превод на грчкото *androgathema*. Меѓутоа, оваа сложенка покажува дека тука не се работи за гола храброст, туку за спој на мажественост (*andreia*) и на добрина (*agathon*). Тоа значи дека вистински доброто дело бара храброст, но во секој случај, овде имаме профана определба, која не се врзува строго за христијанскиот контекст.

[3] Илиевски, П. Хр., 1999: 113.

Таа профана употреба ни дозволува сега, старогрчкиот философски термин *aretē*, во современиот македонски јазик, да го преведеме со доблест, бидејќи тој се сфаќа потполно како добрина, која е поврзана со храброста.

Со оваа постапка на значенско раздвојување практично не преземаме ништо радикално. Ние само ја следиме значенската развојна линија на овие два термини (доблест и добродетел) и тоа главно во рамките на македонската јазична средина. Со оваа постапка всушност добиваме два издиференцирани термини, од кои едниот повеќе одговара на употребата во теологијата (добродетел), а вториот – на философијата (доблест).

Патем да речеме дека и во споменатиот теолошки терминолошки речник веќе е иницирана таа диференцијација со нагласка на терминот *добродетел*, со што е подготвен патот за утврдување на терминот *доблест* во областа на философијата.

Литература

Илиевски, П. Хр., 1999. *Светила незаодни. Словенските првоучители и неговите ученици.* Скопје: Матица македонска.

Митевски, В., 2015. *Македонската апстрактна терминологија и нејзиното наследство.* Скопје: Матица.

Таковски, Ј., (подготвувач), 2017. *Терминологија од областа на теологијата.* Скопје: МАНУ.

Фрейберг, Л. А., (редактор), 1975, *Античность и Византия*. Москва: Наука.

Gigon, O., 1985. “Die Wege zur α)ρετης bei Platon und Aristoteles”, *Museum Helveticum* 42/2(1985)65-133-150.

UDC 811.163.3’37

Виолета НИКОЛОВСКА
Факултет за образовни науки
Универзитет „Гоце Делчев“
Штип, Македонија

СЕМАНТИЧКИТЕ КОМПОНЕНТИ НА ЛЕКСЕМАТА УБАВ

Апстракт: Темата на статијата ќе биде семантиката на лексемата убав. Преку анализа на етимологијата на оваа лексема, анализа на дефинираните значења во толковните речници и анализа на примери на јазична употреба ќе се обидеме да дадеме објаснување на тоа што е убаво во нашиот јазик. Поаѓаме од хипотезата дека убавото е добро („Добротољубие“, Манастир Хиландар: 2002, стр. 5). Анализата треба да опфати што е добро и за што е добро во употребата на убав во македонскиот јазик. Во анализата се послуживме со корпусот на примери од литературата на Дигиталниот речник на македонскиот јазик. Анализирајќи примери и од употребата на современиот македонски јазик на интернет (публицистика, форуми), ќе се обидеме да утврдиме дали постојат поместувања во значењето на убав во контексти од поблиското и подалечното минато (Р. Крле, С. Попов, К. П. Мисирков) и денес.

Клучни зборови: убав, семантика, етимологија, добар, контекст.

Лексемата убав е придавка што означува квалитет. Во нејзината семантика е вградена вредносна процена. Темата на нашето излагање ќе биде анализа на тоа што е дефинирано како убаво. Анализата ќе ја вршиме врз основа на толкувањата на семантиката на придавката убав во толковните речници на македонскиот јазик, како и врз основа на контексти на употреба на придавката во литературата.

Во Толковниот речник на македонскиот јазик (ТРМЈ) (том VI: 154–155) приведени се осум значења на лексемата убав. Во првото значење, убаво е она што, восприемано од сетилото за вид задоволува одредени естетски критериуми, е пријатно за гледање. Во второто значење убаво е она што е пријатно (задоволува одредени естетски критериуми) за сетилото за слух. Во третото значење се опфатени две семантички карактеристики на убав: пријатен по вкус (интересно е тоа што она што се консумира како храна и пијалок, за да биде убаво треба да биде и вкусно, но и пријатно на изглед) и што предизвикува убаво психичко доживување, еден вид исполнетост на душата. Семантичката карактеристика на она што предизвикува убаво доживување е без ограничување – апстрактна именка: филм, патување, натпревар. Интересно е тоа што сите овие значења, предизвикуваат естетски доживувања што ја исполнуваат душата. Четвртото значење се однесува на моралната сфера од животот и тука убав се доближува до значењето на ’добар‘. Во таа смисла го разбираме толкувањето приведено во речникот: што задоволува општоприфатени стандарди, критериуми; што е за пофалба. Примерите се: убав живот, убава постапка. За сите

овие значења би можеле како заедничка да ја издвоиме семантичката компонента добар: добар за сетилата, за душата и пред Бога (како единствен критериум за Доброто, и во морална смисла). Од овие значења единствено се изделува петтото значење, кое е количествено: во задоволително големо количество: убава печалба, падна убав дожд. Доброто време во шестото значење е сончево, топло, јасно и пријатно. При честитки и желби, кога посакуваме нешто убаво некому се подразбира дека му посакуваме убаво не во естетска смисла, туку му посакуваме добро. Во сите значења што ги приведовме основна семантичка компонента на убав е добар.

Зозе Мургоски (Мургоски 2005) во својот „Речник на македонскиот јазик“, приведува две основни значења на убав: 1. што има убавина, пријатен за сетилата или за душата; привлечен, допадлив 2. (за постапка, карактер итн.) љубезен, чесен, широкоград. Првото значење го определува убавото во однос на човекот, од аспект на човекот, првенствено во естетска смисла (убава девојка/жена, убаво лице, убав глас, убава музика, убава песна, убаво време), а во второто значење се дадени карактеристиките на она што според Мургоски е убаво во морална смисла (за карактер, постапка), а тоа е она што е добро: љубезност, чесност, широкоградост. Естетското е убаво за сетилата, но и добро за душата. Моралното убаво е добро. Овие две приведени значења би можеле да ги резимираме како убаво за сетилата (естетски) и морално убаво.

Дигиталниот речник на македонскиот јазик изделува единаесет значења на убав. Посебно ги изделува значењата убав за човек, за животно или нешто друго што е пријатно за изглед, за време (сите во англиското значење на *beautiful*), пријатно за слухот (во англиското значење на *pleasant*), и значења на кои на англиски јазик им соодветствува добар: 1. што особено ги задоволува потребите и барањата, што доставува особено задоволство, во физички и духовен поглед: убав ручек, убаво вино, убава прошетка, убава игра, убав живот, убава прикаска, убав јазик, убава литература; 2. добар: Убави работи слушам за тебе. 3. Што е во задоволително големо количество, во голем степен: Убав дожд падна денеска. Убава парица доби. Убав ќотек изеде. Убава печалба. 4. При честитање или изразување добри желби (на англиски јазик со суперлативната форма *the best)*: Ви посакувам сè најубаво! Убав помин! Изделеното значење „што е за пофалба“ (англ. *laudable*) би го подвеле под значењето ’добар‘, бидејќи она што е за пофалба се подразбира дека е добро. Такви се примерите: убав пример, убава постапка, убави совети, убав потег. Значењето „што носи придобивка, ќар“, со упатување на англиското *nice* изделено е како посебно. Сепак, примерите убав занает, убава служба, убава работа сведочат за тоа дека и ова значење може да се подведе под добар. Ова го потврдува и факот што и во англискиот јазик (Hornby 2005: 987), при секцијата за градење на речникот за *nice and very nice* се упатува на добар. Дигиталниот речник како посебно значење ја приведува и ироничната употреба на придавката убав: Убава работа!

Како заедничка семантичка карактеристика на убав според значењата приведени во речниците што ги консултиравме, ќе ја изделиме семантичката компонента добар, и тоа: 1. Во естетска смисла и 2. Во духовна смисла.

На исто становиште, анализирајќи го полското *piękni* е и Тополињска, која прави семантичка анализа на добар и убав компаративно во полскиот и во македонскиот јазик (Topolińska 2001). Според Тополињска, *piękni*$_1$ е висока оцена на естетски вредности. Аргумент на убав може да биде секој објект, што се подава на таква оцена. Тополињска изделува за полскиот јазик експресивен дериват *piękni*$_2$ кој сугерира морална убавина, убавина на карактерот. Во таа смисла, изразот *piękni człowiek* ја има парафразата 'високо морален, со голема добрина'.

„Jak wynika z przykładów, вели Тополињска, istnieje strefa przecięcia zakresów polskich *dobry* i *piękni,* strefa ta zawdzięcia swoje istnienie interpretacji *dobra* jako moralnego *piękna*" (Тополињска 2001: 392). Според Тополињска, во македонскиот јазик, таа зона на пресекување е поширока, а има и примери каде се употребува убав, на местото каде Поljак исклучиво би употребил *dobry.*

Овие тези ги потврдува и етимологијата на лексемата. Според Скок (Skok 1973: 534) лексемата убав има значење „lijep, krasan". Се доведува во врска со старовисоконемското *subar* со значење „чист, уреден" и со персиското *hub* со значење „dobar, lijep".

Сесловенска и прасловенска е лексемата lijep (прасл. * lěpъ. Како значења, Скок (Skok 1972: 297) ги приведува 1. pulcher, krasan; 2. dobar i 3. iron. rđav. Првобитното значење на придавката било 'што се лепи > што прилега > што е добро, умешно, љепо'. Овој семантички развој Скок го доведува во врска со старословенската култура на земја, кал: лончарство, градење на куќа од кал. Семантичката врска помеѓу придавката ***lijep*** и етимолошкото потекло од lijepiti - agglutinare според Скок денес е прекината.

Синонимна лексема со ***lijep*** (стсл. лѣпъ) е сесловенската и прасловенска придавка *krasan*. Според Скок, лексемата *krasan* со основа **kras**-, од кое е *krasa* (по народно раскажување назив за змијата пред да ја прелаже Ева). Деноминалот на –**iti**: *krasiti, krasim* е со значење 'реси, кити'. Оттука е и поствербалот *ukras*. Првобитното значење Скок го поврзува со светлина од огин > krasota. Со тоа толкување се согласуваат балтичките споредувања: лит. krosas – боја и лит. krosnis – печка. Индоевропскиот корен е ***ker**- гореле раширен со формантот ***sa*** во ***kras**-. Во денешниот современ македонски јазик се употребува придавката прекрасен која искажува својство на убавина во степен што е многу висок, што надминува мера. Содржи и субјективна оцена на воодушевување. Во ТРМЈ III (2008: 482) за придавката прекрасен, се приведуваат три значења: 1. Што се истакнува со својата необична убавина; преубав. Прекрасен цвет. Прекрасна жена. Прекрасна облека.; 2. Што е премногу добар, солиден, одличен. Прекрасна работа. Прекрасна книга. Прекрасна забава. Прекрасни другари; 3. Што предизвикува задоволство, среќа, радост. Владееше прекрасна тишина. Прекрасен ден. Прекрасно чувство. Прекрасни звуци. Првите две значења ги среќаваме и кај придавката убав, иако не со тој интензитет. Дури и контекстите се исти. И третото значење го остварува придавката убав (ТРМЈ том VI: 154-155, значењето под реден број 3), со тоа што во некои контексти би се сменила семантичко-прагматичката карактеристика на исказот, кога би се замениле придавките: Владееше

прекрасна тишина. Владееше убава тишина. Во првата реченица се изразува восхит, а во втората смиреност.

Во литературата (според Корпусот на Дигиталниот речник на македонскиот јазик), лексемата убав ја сретнавме во контексти кои соодветствуваат на значењата дефинирани во ТРМЈ.

Изделивме два типа контексти во кои ја среќаваме лексемата убав: со конкретни и со апстрактни именки.

Со конкретни именки, убав се јавува со значењето:

Пријатен на изглед, што задоволува одредени естетски критериуми, восприеман со сетилата**:**

- За човек: убава жена , убава коса, убави мустаќи, убави темни очи, убав лик на жена. Најпосле, нашол некој младич кој по сè му личел на ангел: бил личен, убав и со чиста душа[1]. По овој пат, во самарот на нашиот мал црвен коњ сместени двајцата, јас и роднината Вана, убава како ангел. Кога сфати што е тоа што Едо го виде во неа и особено кога помисли на нејзините еротски убави нозе... Во последниве два примери се сопоставени два типа убавина: духовна (како ангел, која подразбира, како погоре, чистота, добрина, милосливост, сочувство) и телесна (дообјаснета со определбата еротски).
- За животно. Во овие контексти, семантиката на убав може да вклучува и значење ’здрав‘: убаво теле, убавиот бел коњ, убав петел.
- За географски објекти, делови од природата, кои може да бидат оплеменети и негувани од човекот. Убави цветни градини; Дали ќе заборавиме на цртежите што ги цртавме и на составите што ги пишувавме за убава, чиста, мирисна, цветна, здрава животна средина? Убава планина; Убава ливада; Брзината на автомобилот за час ни фрла пред очи куп убави и непознати нешта, а потоа уште побрзо ги брише*; шојашта* земја убава[2]*;* да те градам, љубам, крај мој роден, ти ќе бидеш убав; убавата Прага; брегот е убав; убав Пирин, убаво селце.
- Објекти и предмети изградени, направени од човекот: убава куќа, убава зграда, убави продавници[3]*, убава фасада, убава одаја за спиење, убава печка*[4]*, убаво огниште*[5]*,* убав дом, убава облека, убави алишта, убав кожув, убава торбичка, убава капа[6].
- За храна, пијалок. Ручекот убав; убава црвена цреша; Ракијата е убава ако е стара и домашна; убаво вино; убава торта.

[1] Во примеров убавината не е само телесна, туку и духовна.

[2] Во контекстов убава може да биде збогатена со значење ’мила‘.

[3] Кога станува збор за продавница, под убава се подразбира и ’добро снабдена.‘

[4] Во овој контекст значењето на убава е збогатено со ’квалитетна‘.

[5] Со оваа синтагма, во зависност од контекстот, убаво може да биде збогатено и со значењето ’мило‘: Се вратија на своето старо, убаво огниште на татковата куќа кое ги пречека желно нудејќи им ја својата топлина.

[6] Кога се работи за облека, семантичките карактеристики на убав можат да се движат во два правци: со естетска вредност и пријатен за носење, удобен, топол.

Со апстрактни именки, убав го сретнавме во следните значења:

1. За време. Семантичките карактеристики на пријатно време се сончево и топло, но секој дел од денот и годишните времиња може да добие епитет убав. Се работи за перцепција на природата, која како што е создадена е убава: убав ден, убав сончев ден, убав пролетен ден, убаво зајдисонце, убаво време, убава ѕвездена ноќ. Од временската карактеристика на денот, ноќта и сл. во значење на англиското *weather*, треба да ја разликуваме употребата на убав со значење на вид на посакувани и пријатни настани што се случуваат во еден временски отсек (во значење на англиското time[7]): убав сончев ден vs Не смееше да ги заборави убавите денови на детството и младоста. Убаво време vs Ех, што убави времиња беа тоа кога во старо Скопје сите се познававме. Му кажа дека поминала убав живот со него, дека бил идеален маж, нежен и внимателен... Посебно убав беше крајот на жетвата. Сони убав сон.
2. За настани, событија[8]. Убава дремка; убава прилика (можност); убав прием; убава вест; убаво изненадување; убав подвиг; убава работа; убав живот; убава измислица; убава мечта; убав поглед; убави мигови; убаво откритие; убаво движење; убави чувства; убава сатира; убава стихозбирка; убави зборови; убава песна; убава музика; убаво шумолење на морето; убав сон; Семантичката карактеристика на убав во овие контексти би била: што предизвикува добар впечаток на душата, што е добро за душата, чувствата на човекот; што предизвикува убави, добри чувства, дури што само по себе е добро: убав празник, убава светлина.

Во споменативе контексти, доминантна семантичка компонента на убав е добар: за сетилата, за чувствата, за душата.

Во примерите од литературата што ја анализиравме, сретнавме уште две значења на убав. Првото е количествено значење (доволно голем): убав бакшиш; убави плати, убави доходи[9], *убави пари спечалил*[10]*; Негде при крајот на зимата или во рана пролет, после еден убав дожд што ситнеше речиси три дена и три ноќи...* Второто значење е добар[11]. Примери за убав со значење на добар сретнавме кај К. П. Мисирков[12]:

[7] Во овој случај убав може да се јави со различни именки (именски синтагми) кои означуваат временски отсеци.

[8] Под настани, событија, подразбираме содржини што може да бидат предикати во поширока смисла на зборот како што тоа го разбира Тополињска (2017). Според Тополињска, генеричките поими, резултат на нашата концептуализација на светот се предикати. Во погоре наведените примери, со т.н. конкретни именки, сметаме дека се работи за негенерички поими, со референција и како такви ги изделивме посебно.

[9] Последниве два примери кај К. П. Мисирков „За Македонцките работи“.

[10] Кај Р. Крле „Парите се отепувачка“.

[11] Ова значење го изделуваме како посебно, бидејќи овде добар не е семантичка компонента на убав, туку може да стои на местото на убав, можеме да го сметаме за синонимно со убав.

[12] Примерите се од Македонскиот електронски корпус: http://www.pelister.org/index.php/macedonian-resources/literature-and-linuistics

За да бидит здаін᾽ ето здрао, требит да му бидит темел᾽ от убав. Но се, шчо рекоф іас во ниф, ке си останит без убав фундамент, ако не се разгледат некоіи теорицки прашаін᾽ а... Со научни прашаін᾽ а не л᾽ убат да се занимаваат, но за то сет убаи организатори...

Ако го анализираме значењето на убав во рамките на компоненцијалната анализа (Jeffries 1998: 87–88), која се заснова на претпоставката дека значењето на зборот може да се анализира во рамките на множество семантички карактеристики, кои можат да бидат елементи на дескрипција на други зборови во истиот јазик, ќе забележиме дека основна семантичка компонента на убав е добар. Ова добар, во зависност од контекстот, може да биде збогатено со други значенски компоненти како: мил, здрав, добро снабден, квалитетен и др. Добар може да биде во естетска смисла (тука го вклучуваме и контекстот телесно убав, кој може да се збогати со значењето ’пожелен‘), и во духовна смисла (добар за душата, чувствата, добар во морална смисла).

Кон ваквото определување на значењето на убав оди во прилог семантичкиот јазик кој го предлага Ана Вјежбицка (Goddard 2012: 713), јазикот на семантичка дефиниција – семантичките атоми кои се неделиви и ги има во ограничен број и со чија помош се дефинираат значењата на сите посложени семантички единици. Во овој природен семантички метајазик (Natural Semantic Metalanguage), придавката убав не е семантички атом, значи дека може да се дефинира во рамките на предложените семантички неделиви единици, меѓу кои се добар и чувствува.

Излагањето за семантичките компоненти на убав ќе го завршиме со уште еден интересен факт, со спојот на убав и добар во називот Добротољубие[13] (filokalia) во христијанската литература. „Љубав, дакле, према истински лепом и добром јесте добротољубље, јер у грчком и словенском језику лепо и добро скоро су синоними. Истинска лепота увек је и доброта, и право добро увек је и лепо“ (предговор на владиката Атанасије Јевтиќ, „Добротољубље“, I, 1997: 5).

[13] Изразот Добротољубие, во значењето на збирка убави и добри текстови, првпат е употребен од страна на Светите Кападокијци Василиј и Григориј, кон половината на 4. век.

Литература

Добротољубље. 1997. Хиландарски преводи бр. 21. Манастир Хиландар, Света Гора Атонска: Манастир Хиландар. https://svetosavlje.org/dobrotoljublje-tom-i/ (преземено на 28. 11. 2017).

Тополињска Зузана. 2017. Основна поделба на предикати во функција на конститутивни членови (КЧ) на пропозиции (семантика > форма). Охрид: Научна работилница организирана од МАНУ, 1 – 2 јули 2017.

Goddard Cliff. 2012. "Semantic primes, semantic molecules, semantic templates: Key concepts in the NSM approach to lexical typology". *Linguistics,* Vol. 50, Issue 3, 711–743.

Hornby A. Sidney. *Oxford Advanced Learner's Dictionary of Current English.* Oxford University Press, 2005.

Jeffries Lesley. 1998. *Meaning in English*. Macmillan Press, LTD.

Topolińska Zuzanna. 2001. "Dobar ~ ubav (fragment "bałkanskiego obrazu świata")". Oldenburg: Studies on the Syntax and Semantics of Slavonic Languages, Papers in Honour of Andrzej Bogusławski on the occasion of his 70th Birthday, *Studia Slavica Oldenburgensia* 9, 391-399.

Мургоски Зозе. Речник на македонскиот јазик. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2005.

Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. К. Конески, III, IV, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", 2006, 2014.

Skok Petar. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika. Zagreb: Jugoslavenska akademija znanosti i umetnosti*, tom II, tom III, 1972, 1973.

Дигитален речник на македонскиот јазик http://www.makedonski.info/

Македонски електронски корпус http://www.pelister.org/index.php/macedonian-resources/literature-and-linuistics

UDC 811.163.3(091)

Димитар ПАНДЕВ
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

МАКЕДОНСКИОТ (ПРЕРОДБЕНСКИ) ЈАЗИК

Апстракт: Рефератот се засновува врз вмрежените поставки на Жинзифов во неговите текстови за македонскиот народен јазик меѓу фреквенцијата „глас вопијуштаго в пустине“ и „народен јазик“. Во тој контекст, јазикот во фазата на Преродбата се споредува со јазикот во фазата на Просветителството, и перспективно ја отвора споредбата со најдобрите обрасци на македонскиот јазик во фазата на револуционерната борба.

Клучни зборови: народен јазик, Преродба, Просветителство.

Во средината на 19 век, македонскиот народен јазик хипостасно ја доживува својата преродбенска фаза меѓу јазичната стихија акумулирана во народното творештво и јазичната мимикрија на неколкумина прејавени јазични личности, поетски природи кои сета своја творечка енергија ја искажуваат преку песната како романтичарски прифатен изблик на осамен отпор против сите форми на обезличување на македонската црковнонародна посебност.

Оттаму, јазикот на нивните литературни творби според стилската формација во која се создавани го определуваме и како преродбенски, и го вклопуваме меѓу претходната просветителска, т.е. претпреродбенска или предромантичарска, фаза и следната револуционерноборбена фаза од развојот на македонскиот јазик. Притоа, имаме предвид дека секое проучување на јазикот според стилски формации ги издвојува револуционерните придобивки од развојот на јазикот во претходната фаза и го посочува нивното вклопување во следната фаза, осмислувајќи го на тој начин еволуцискиот континуитет на јазикот, во контекст на 19 век, меѓу идиолектите на Крчовски и Пејчиновиќ, најиздигнати духовни поттикнувачи во фазата на македонското просветителство, и идиолектите на Крсте Петков Мисирков и Војдан Чернодрински, најпрепознатливи македонски општествени поттикнувачи со перо во рака во фазата на македонската револуционерна борба, како јазични изрази на престижни личности активно вклучени во оформувањето на македонскиот литературен јазик.

А преминот од просветителство во преродба луцидно го опкрилува Јордан Хаџиконстантинов – Џинот, како што преминот од преродба и црковнонародна борба во општественореволуционерна суверено го заштитува Ѓорѓи Пулевски, истакнувајќи го притоа и македонското народно и национално име. Впрочем, Џинот ја отвора граѓанско-световната образовна лепеза од која се консолидира македонската преродба, а Пулевски го отвора широкиот фронт македонисти со јасни македонистички це-

ли и идеи, кои историски ја потврдуваат македонската линија на народниот отпор на црковнонародната борба во Македонија и го потврдуваат појавениот народен дух кај македонските преродбеници.

Преродбенскиот дух на народниот јазик и личниот романтичарски јас-стил се појавува во текстовите на неколкумината појавени јазични личности во средината на 19 век, Димитрија Миладинов, Константин Миладинов, Рајко Жинзифов, Григор Прличев, како и на Партениј Зографски и Кузман Шапкарев, и особено на последниот нивни сопреродбеник, кој ќе се соживее и ќе ги надживее, но и ќе ги надмине по обем сите претходни појавени македонољубници – Марко Цепенков.

Впрочем, македонскиот расказ се развива меѓу Крчовски и Цепенков, како што македонската песна се развива меѓу Пејчиновиќ и Шапкарев, зад кого се крие ингениозниот народен пејач Христо Гроздин, а иницијалната каписла на „Силјан Штркот“ и на „Кузман капидан“ е во скромната нарација и поетика на Крчовски и на Пејчиновиќ. А мостот меѓу нив е токму во македонската преродба, во грската текстови во кои македонскиот јазик хипостасно израснува од проповеднички во преродбенски: дописката на Димитар Миладинов, печатена во Цариградски вестник бр. 482 од 7 мај 1860 г. позната под името „Борбата против владиката Мелетија во Охрид“, „Т’га за југ“ на Константин Миладинов, говорот на Прличев пред охриѓани од 1866 г., „На Великден“ од Рајко Жинзифов и други.

Токму во дописката на Димитар Миладинов доаѓа до израз воздигнатиот народен дух на охридската заедница, која никогаш не се помирила со згаснувањето на Охридската архиепископија и народнојазичната стихија како одраз на црковнонародната борба. Јазикот на дописката е образец за интелектуално-полемичен стил во кој е акумулирана сета духовна енергија на охридскиот менталитет, од воведната потценувачка иронија „Неколку дни пред Хр. св. Воскресение дошло овде известие, да се решело за да дојт Мелетија во епархијата“ преку сплотеноста што извира од синегдохата „Тојчас ... скокнаа вситe... на нога“ и надмено панорамскиот поглед на литотата „да сторает што не се сторило,..., а Мелетија да го неприбирает“ до завршната прекорна метафора: „Тешко и горко на тија училишта што ќе се крепает со крвавите потои и солзи сиромашки.“

И токму меѓу Крчовското „Ако некој умре неисповедан и непокајан, тешко и тој час ним горкиј, зашто умират неготови. Ох, тешко и горко на тие человеци зашто не се очистиле од грех“ (Слово исказаное заради умирание, Будим 1814) и Миладиновскиот решителен „тојчас“ и преосмислувањето на патристичкиот восклик „тешко и горко“ го следиме преминот од просветителска во преродбенска реторика, како што е и различно читањето (рецепцијата) на црковните книги во времето на Пејчиновиќ и на Прличев. И токму во актуализациите од овој тип го следиме преминот на јазикот од просветителска во преродбенска фаза. А основната особеност на романтичарите, т.е. преродбениците е во изопштеноста не толку од општото сивило на времето, колку од нивната перцепција за светот и стварноста околу нив. Македонските преродбеници ги имале сите предуслови за спокоен живот и солидна професионална кариера, бездруго како елинофили, но ниту еден не ја прифатил елинофилската опција, како

што и пред нив не ја прифатиле ниту Крчовски, ниту Пејчиновиќ, кои колку и да и биле несмирени во својата духовност, сепак имале навидум обичен духовен и манастирски живот, како што скоковито си го опишува самиот Пејчиновиќ. Но, ниту еден од македонските преродбеници речиси и да немал обичен, спокоен, мирен, секојдневен живот на домаќин, па ниту еден од нив немал обичен и одмерен јазик, јазик по мера или јазик со мера. Македонските просветители биле водени и восфалувани од македонските трговци и имале свој јазичен израз во време кога ниту еден од околните словенскојазични писатели го немал во мера соодветна на нивната искристализирано својот јазичен израз, ни во Србија, ни во Бугарија. Македонските преродбеници се јавуваат со свои творби во време кога на големи ѕвона одекнува српскохрватското јазично заедништво, а тие, особено Жинзифов, му бараат одглас во некакво си македонскобугарско. Сè во име на пансловенската преродба, а против елинизацијата.

Македонската преродба е своевидна пат-позиција на елинско-словенскиот конфликт, од кој потем сите лични трауми на македонските преродбеници се искристализира јасно македонската црковнонародна борба и македонската револуционерна борба. Борбата против грчкиот јазик во црквата и во училиштата е дел од борбата против Цариградската патријаршија со чиј декрет се укина Охридската архиепископија. И дел од борбата на македонските трговци за македонски пазар. Зашто, македонските трговци веќе ги освојувале пазарите низ Европа, од Венеција до Лајпциг, а го губеле својот. Македонците поети, Жинзифов и Миладинов пишувале во списанија што ги издавале и што се издавале во Москва и Цариград, а не можеле во Солун или во Скопје и во други градови во Македонија. Сè е тоа дел од мозаикот во кој опстојувал македонскиот јазик во времето на Преродбата, во која основната борба била насочена против присуството на Цариградската патријаршија на македонска почва, а со тоа и на грчкиот јазик.

Оттаму и романтичарскиот ламент на Жинзифов за неговиот роден јазик како глас вопијуштаго в пустине во предговорот на списанието „Братски труд“, но и неговиот предреволуционерен восклик за чистота на јазикот во песната „Глас“.

А македонскиот јазик во времето на Преродбата ни од далеку не беше глас вопијуштаго в пустине, зашто беше:

– јазик на чаршијата, чии прагматични обрасци автентично се предадени во „Силјан Штркот“ и голем број други текстови на Цепенков и други собирачи на народното творештво;

– јазик на образованието, чии наставни обрасци мошне илустративно се предадени во учебниците на Партениј Зографски, на Кузман Шапкарев и други;

– јазик на уметничката литература, чии поетски обрасци се јасно поставени во уметничката поезија на Константин Миладинов и другите, кои ќе ги прогласи Рацин за своја матица;

– јазик на преводна литература, во чие контастирање со јазикот-изворник уште повеќе доаѓаат до израз особеностите на македонскиот народен јазик;

– јазик на црковно-народната борба, чии реторички ообрасци се заложени во пламените говори на Д. Миладинов и Гр. Прличев.

Колку и да се различни меѓу себе во својот јазичен израз, тие јасно ги одразуваат заемните преродбенски стремежи на својот народ и ја истакнуваат потребата од одделен македонски јазик, зашто според сите аналогии во времето, што така вешто ги сосредоточува Пулевски: „Така и Македонциве се народ и местово нивно е Македонија“ (Речник од три језика, 1875: 49).

А времето на Пулевски и другите македонисти е време на лајпцишките младограматичари, кои ја обележаа лингвистиката на Векот, време во кое двата најпејоративни збора биле: младограматичар и македонист!

Литература

Кантарџиев Ристо. 1965. *Македонското преродбенско училиште*. Скопје: Култура.

Конески Блаже. 1949. *Македонските учебници од 19 век – еден прилог кон историјата на македонската преродба*. Скопје.

Конески Блаже. 1952. *Македонската литература во 19 век (краток преглед и текстови*). Второ издание. Скопје.

Конески Блаже. 1986. *Македонскиот XIX век, јазични и книжевно-исторски прилози.* Скопје: Мисла.

Поленаковиќ Харалампие. 1973. *Во екот на народното будење*. Скопје: Мисла.

Харалампие Поленаковиќ. 1973. *Студии за Миладиновци*, Одбрани трудови. кн. 4. Скопје: Мисла.

Тодоровски Гане. 2007. *Македонската книжевност во XIX век*. Скопје: Штрк. – 224 с. Библиотека Наука.

Тодоровски Гане. 2007. *Македонската литература во XIX век.* (Избрани дела / Гане Тодоровски, 7). Скопје: Матица Македонска. 403 с.

Тодоровски Гане. 2007. *Македонската литература во XIX век: Претходниците на Мисирков*. (Избрани дела / Гане Тодоровски, 6) Скопје: Матица македонска. 433 с.

Тодоровски Гане. 2001. *Зборник на Миладиновци. Настан и монумент на македонската култура.* (Кон 140 годишнната од излегувањето) // Зборникот на Миладиновци : свечен собир по повод 140-годишнината од излегувањето на зборникот на браќата Миладиновци: Скопје: МАНУ (Свечени собири; св. 41). с. 9–13.

UDC 811.163.3'27

Блага ПАНЕВА
Биро за развој на образованието – Скопје
Скопје, Македонија

ВЛИЈАНИЕТО ОД МИНАТОТО, ПРЕДИЗВИК ЗА ЈАЗИКОТ СЕГА И ВО ИДНИНА

Апстракт: Постојаното движење и менување на јазикот е условено од нераскинливите врски помеѓу јазикот и културата. Под влијание на промените во државата јазикот е подложен на примање туѓи зборови кои навлегуваат на различни начини. Техничко-технолошкиот напредок како предуслов за создавање неологизми за нови предмети, појави и состојби не треба да биде причина да се забораваt/да исчезнат архаизмите. Тие како основа за формирање нови зборови имаат важна цел: зачувување на минатото и на идентитетот. Јазикот има неограничени можности и покрај одредениот број гласови коишто една заедница ги користи во својата секојдневна комуникација, а со кои, сепак, се пренесуваат многу важни пораки.

Јазикот е тема којашто никогаш не може (и не треба) да заврши. Тој е средство за разбирање, за создавање нешто ново и различно, за презентирање искуства и знаења и, секако, за претставување нови откритија. Благодарение на таа човечка дарба постои прогрес во светот, движење напред, просперитет и предизвик да се истражуваат неистражени области. Сè е полесно кога луѓето ќе ги искажат своите мисли и чувства, своите сознанија и предизвици преку јасен израз, со емоции и со душа.

Движењето напред на јазичен план не е со цел да се заборави минатото туку тоа да се испреплете во сегашноста со јасна и конкретна порака за иднината.

Клучни зборови: јазик, технологија, сегашност, разбирање, иднина.

Вовед

Овој труд би го започнала со познатите цитати на Крсте Петков Мисирков преку кои ја прави неизбежната поврзаност помеѓу колективот (langue) и поединецот (parole).

Мисирков напиша: „Јазикот е духовното богатство и наследство на еден народ кое се предава од поколение на поколение.“ и: „Да се откаже човек од својот народен јазик значи да се откаже од народниот дух.“ Пораките на Мисирков предупредуваат и упатуваат кон сознанието дека јазикот како материја се развивал и ќе се развива и тоа што било минато станува сегашност за функционална иднина на јазикот.

Според ова, факт е дека јазикот како материја се развивал и ќе се развива, но исто така факт е дека минатото секогаш треба да има основна цел – движење напред. Јазикот, народниот јазик, како материјално, културно и духовно богатство го определува ентитетот, укажува на неговото постоење и збогатување. Но, како понатаму?

Конкретното остварување на јазикот

Јазикот е едно од најважните обележја на идентитетот на секој народ и со него може да се зацврстат општествените односи, а со тоа и најверодостојно да бидат соопштени фактите. Но, со јазикот може да бидат нагласени и општествените разлики кои во суштина не треба да бидат разлики за раздвојување и спротивставување туку нивната цел да биде во насока на создавање можности за истражување, компаративни анализи и позитивни промени.

Македонскиот јазик по совето потекло е сроден со другите словенски јазици кои се зборуваат на широката јазична територија на европскиот континент. Познатата поделба на три јазични групи: јужнословенска, источнословенска и западнословенска упатува и укажува на поголемиот број заеднички карактеристики кои се должат на зедничкото потекло и на меѓусебните непосредни врски.

Структурните одлики на секој јазик, па и на македонскиот, се карактеристични и за стандардниот и за нестандардниот јазик. Токму минатото има влијание во таа стандардизација преку која се определуваат карактеристиките на секој јазик. Стандардизацијата е карактеристична за секоја нација, на тој начин се определуваат и карактеристиките на јазикот при тоа водејќи сметка на влијанијата од соседните јазици. Опасноста од губењето на јазичниот белег преку конкретното остварување на јазикот се поврзува со времето, моментот на зборувањето и природната средина од која произлегува. Неколку науки директно се поврзани со способноста на човекот да комуницира во едно општествено и културно опкружување. Лингвистиката во *Дигитални от речник* е дефинирана како наука за јазикот *преку која се пристапува кон проучување на општите законитости во неговото настанување и развој*[1]. Нејзината контекстуалност, описот на способноста на човекот за заемна комуникација неизбежно се поврзува со социолингвистиката и етнолингвистиката.

Социјалните услови се еден од важните предуслови за поттикнување на јазичната политика со што би се придонело и кон зацврстување на јазичниот идентитет. Во ерата на глобализација каде што доминанто место имаат еден или два јазика, треба да се внимава нивното влијание да не биде во размери што ќе влијаат врз менувањето на терминологијата, условно кажано помакедончување на изразите на кирилица, наместо нивно соодветно преведување. Конкретен пример се зборовите: *адвертајзинг, шопинг, таргет, бенчмарк* и други кои го добиваат и специфичниот белег на македонскиот јазик, членувањето: адвертајзинг**от**, шопинг**от**, таргет**от**, бенчмарк**от**...

Јазичната демократија во Република Македонија, од историски и од социолошки аспект, е на високо ниво. Реално, во јазичните средини каде што живее население кое зборува поинаков јазик од македонскиот јазик функционираат три јазици: албански, турски и српски, а можност за изборност имаат Ромите, Власите и Бошњаците. Културата на средината, всушност, упатува на заедниците во услови кога нивните јазични права произлегуваат од Уставот. Преку комуникацијата со одредени ентитети во државата и надвор од неа од особено значење е каков став да се заземе и на кој начин

[1] http://www.makedonski.info/search/%D0%BB%D0%B8%D0%BD%D0%B3%D0%B2%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0

да се претстави јазикот, особено ако неговото постоење од одредени држави не е признато. На тој начин доброто позиционирање на македонскиот јазик во државата, каде во прв план е интересот на државата Република Македонија, е да се почитуваат јазичните права дома, а потоа се зголеми влијанието за да се зборува македонскиот јазик и надвор од границите на нашата земја, Република Македонија. Ова е со единствена и јасна цел: да се намали/спречи процесот на асимилација на македонскиот јазик.

Јазикот се движи и се менува

Во образовниот систем во Република Македонија наставата се реализира на македонски стандарден јазик. Во таа смисла неизбежно е да се обрне внимание на сите говорни ситуации што влијаат врз усвојувањето на знаењата и тоа од сите сфери на јазикот. Реченичниот контекст ќе биде успешен ако учениците бидат ставени во улога на истражувачи на јазичните појави и законитости со што постепено ќе се воведуваат индивидуално и креативно да творат. Насочувањето кон решавањето на јазичните проблеми ги води учениците во насока да ја поврзуваат јазичната теорија со практиката и на тој начин учениците имаат можност да ја согледаат врската помеѓу јазиците што ги изучуваат во образованието и македонскиот јазик.

Сепак, различните околности: историски, општествени, културолошки, имаат влијание врз јазикот и неговиот развој. Менувањето на структурата на еден јазик особено е изразено под влијание на технологијата, поконкретно при електронскиот начин на комуникација. Од историски аспект, јазикот постојано претрпувал промени поради различни влијанија, но со осамостојувањето на Република Македонија, македонскиот јазик успеа повеќе да ја зацврсти својата позиција и тоа не само како јазик на македонскиот народ туку и како официјален јазик дефиниран во Уставот.

Во Предговорот на Правописот на македонскиот јазик убаво се истакнува фактот дека: „Јазикот е жива материја во која се рефлектира секоја појава од севкупното човечко живеење.“ Таа „жива материја“ е токму тоа, флуид кој пренесува информации, кој не познава граници, кој движи напред. Во книгата „Историја на македонското јазик“, Блаже Конески за македонските дијалекти пишува дека: „во комбинација со резултатите од влиајанието на соседните словенски и несловенски јазици, што нерамномерно се распределувале со одделните говори, довеле до денешната доста изразита диференцијација на македонскиот јазик (Конески 1981: 14). Богатата ризница од дијалектни и поддијалектни форми од минатото постојано има влијание врз зборовниот фонд кој може и треба да се збогатува и тоа преку образувањето нови зборови, при тоа чувајќи го коренот, но и преку примањето нови зборови кои навлегуваат на различни начини.

Неологизмите наспрема архаизмите, од аспект на историскиот развој на јазикот, претставуваат основа за формирање нови зборови. Лексиката преку продуктивниот начин на зборообразување има влијание токму преку новосоздадените зборови кои полесно се примаат во зависност од тоа каква е потребата или подобро кажано во која функција ќе бидат употребени. За секој јазик е својствено да прима нови зборови. Така и нашиот јазик, македонскиот, новите зборови ги адаптира на системот, со што

неизбежно ги подведува под нашиот третосложен акцентски систем. Адаптирањето кон третосложниот акцент се прави и кога од постари постоечки лексеми, се изведуваат нови лексеми по пат на зборообразување, при што се добива нова лексема што треба да се прилагоди на третосложниот акцентски систем.

Сепак, во најголем број случаи токму тоа адаптирање звучи неприродно и несвојствено, особено ако е направено под влијание на техниката. Затоа лингвистите понекогаш и си го поставуваат прашањето како да го прифатат техничко-технолошкиот напредок, како предизвик или пак како закана? Сметам дека заканата е пред предизвикот, бидејќи официјалното писмо во Република Македонија е кирилицата, а таа сè повеќе и повеќе е потиснувана од латиницата. Од поголем број истражувања кои се направени од текстови што ги напишале ученици (од основното и од средното образование) констатиравме дека за учениците кирилицата наместо 31 буква има 29 букви. Причините за скратувањето на бројот на буквите „лежат“ во поистоветувањето на к со ќ и г со ѓ. Ова особено е воочливо во неформалната комуникација при пишување на компјутер или на мобилен телефон. Ако продолжи трендот на минимизирање на употребата на кирилицата (доволно е да погледнеме околу себе кога се движиме во сообраќајот) постои голем опасност за зачувување на идентитетот и на придобивките од минатото.

Јазикот е во постојано движење и менување под влијание на промените во едно општество, тој е подложен на восприемање туѓи зборови кои навлегуваат по пат на техничко-технолошкиот развој, преку негувањето на архаизмите и создавањето неологизми и сè така во еден неповторлив циклус на креација.

Пренесување на пораките од минатото

Како што напоменавме претходно, јазикот е основното средство за разбирање на минатото и сегашноста. Преку јазикот низ вековите се пренесувале вредности што секогаш биле основа за нови вредности. Не можеме да зборуваме за македонскиот јазик, а при тоа да не ги споменеме браќата Кирил и Методиј, Климент Охриски, Охридската книжевна школа, просветителите, учебникарите, поетите, драматурзите, писателите. Нивниот јазичен код имал една единствена цел, да ни доближи едно време, да дознаеме и осознаеме како било некогаш, што треба да подобриме сега и да подготвиме терен за создавање нешто ново преку различни форми и средства. Да имаме нов предизвик, кој некому, во некое идно време, ќе му овозможи да истражува и да полемизира за тоа колку сме биле во право, колку нашите напори биле оправдани и колку предизвици успешно сме реализирале.

Јазикот е жив систем кој нема никакви ограничувања. Тој е универзална вредност што треба да се негува. Искуствата и знаењата денес се пренесуваат преку зборување на околу 3 000 јазици кои, главно, се класифицираат според генетска и според типолошка сродност (Николовска: 2012). Не би навлегувале во елаборирање на класификациите бидејќи секоја од нив има своја специфика и значење, а целта на овој труд не е објаснувањето на класификациите туку какво е значењето и примената на знаењата од јазикот.

Сѐ започнува во образовниот систем, во наставата. Таа е процес во кој се усвојуваат нови знаења преку различен пристап и со различни дидактички средства, учебници, прирачници, граматики, списанија, речници, лексикони и сл. На кој начин ќе бидат усвоени знењата зависи дали тоа ќе предизвика одредени пропусти во усвојувањето на правописната и на правоговорната норма. Праксата честопати покажува дека од аспект на правописната и правоговорната норма има недоследности и во изразувањето и во акцентирањето. За да се надминат овие состојби потребно е ученикот добро да го владее својот јазик – мајчиниот за да може да ги употребува и другите јазици.

Медиумите се една алка во кругот каде што основа е зборот и затоа ним треба да им се посветува посебно внимание. Во ерата на силно влијание на електронската комуникација кога пишаните медиуми го губат приматот, стандардниот јазик треба да се негува, посебно во делот на правилното акцентирање, ако се земе предвид дека многу често (под чудни изговори) не се почитува правилото за третосложното акцентирање. Конески за акцентот напишал: „...една од најбитните карактеристики на македонскиот литературен јазик е нашиот акцентен систем и ние не можеме да бидеме рамнодушни кога се расипува тоа што е во него од суштествена важност... Правилно да го усвоиме акцентот на нашиот литературен јазик, значи да се ослободиме од еден вид самоунижување“ (Конески 1982: 155).

На институциите, државните и јавните установи и нивните вработени ќе им посветиме поголемо внимание во некоја друга прилика, зашто токму преку нивната комуникација ја добиваме вистинската слика за општествената средина, бидејќи „говорните грешки не покажуваат само како се организира начинот на произведувањето на говорот на фонолошко ниво, туку и единиците на говорот на морфолошка и синтаксичко ниво...“ (Horga & Liker 2016).

Заклучок

Република Македонија, иако е мала земја, е богата со културни и етнички вредности, при што македонскиот јазик е една од тие културни вредности, всушност најзабележителната и најсуштинската. Затоа јазичната политика треба да биде во насока на правилна и јазично коректна примена на правописните норми. Таа примена, всушност, претставува прогрес во светот, движење напред, просперитет и предизвик да се истражуваат и други неистражени области. Како? Преку употребата на богат јазичен израз, јасно, и понекогаш со емоции и со душа.Како што почнавме, така и би завршиле со единствениот Мисирков, кој порачува: „Нашето работење не е ништо ново и без основа, ами е чекор напред.“

Од нас зависи каков ќе биде тој чекор, дали ќе биде движечка сила за напред, кон нови предизвици.

Литература

Бојковска Стојка, Минова-Ѓуркова Лилјана, Пандев Димитар, Цветковски Живко. 2008. *Општа граматика на македонскиот јазик.* Скопје: Просветно дело.

Конески Блаже. 1982. *Граматика на македонското литературен јазик*. Скопје: Култура.

Николовска Виолета. 2012. *Македонски јазик со култура на изразувањето*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“.

Правопис на македонскиот јазик. 2015. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. Кирил Конески, I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003–2014.

Horga Damir, Liker Marko. 2016. *Artikulacijska fonetika*. Zagreb: Ibis grafika.

http://www.makedonski.info/

UDC 811.163.3’367.625

Снежана ПЕТРОВА-ЏАМБАЗОВА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ЗА УПОТРЕБАТА НА ОДДЕЛНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ (СО ПРИМЕРИ ОД ТЕКСТОВИ ОД НОВИНАРСКИОТ ПОТСТИЛ)

Апстракт: Во средиштето на нашето интересирање е употребата на одделни глаголски форми (на пр. глаголот *земе*), кај коишто забележуваме изместување при нивната употреба во однос на нивните морфолошки и синтаксички особености. Овие промени се должат на различни внатрешнојазични, дијалектни влијанија и сл. Примерите се ексцерпирани од различни интернетски (електронски) изданија на весници на македонски јазик, како едни од најдостапните и најчитани информативни содржини. Тоа се и вести коишто најбрзо стигнуваат до широката јавност и претставуваат потенцијален фактор за влијание врз начинот на употребата на македонскиот јазик во неговата стандардна форма. Наведуваме и примери од преводи на македонски јазик на филмови, а опфаќаме и примери од разговорниот стил.

Клучни зборови: глагол, глаголски категории, глаголски форми, новинарски функционален потстил.

Во рефератов ќе стане збор за неправилната употреба на глаголските форми од глаголот *земе* и на другите префиксирани глаголи изведени од него, коишто се во поголем број (*заземе, одземе, п̄одземе, п̄оземе, п̄реземе* итн.), без разлика колку се оддалечиле со текот на времето и на употребата од неговото основно значење. Ќе се обидеме да ги определиме причините за ваквата употреба, како и нивната раширеност, почнувајќи од разговорниот стил, па во другите функционални стилови, осврнувајќи се особено на новинарскиот потстил, во рамките на публицистичкиот функционален стил.

Присуството на одделни неправилни форми и во рамките на новинарските текстови ни даде знак дека треба да се зафатиме со оваа тема, бидејќи широката употреба на формите и на интернет и во пишаните медиуми, укажува на земање замав на оваа појава, којашто на синхрониско ниво и зборувачите не ја забележуваат како грешка.

И, се навраќаме кон „Граматиката на македонскиот литературен јазик“ на Блаже Конески, во којашто е дадена целосна класификација на глаголите според нивните завршоци. Во неа глаголот *земе* е определен како свршен глагол, наспроти *зема* (несвршен) и кај него разликата во видот е изразена преку преминот во друга глаголска група (од а-група во е-група), како и кај: *фрла – фрли*; *п̄уш̄та - п̄уш̄ти* и други глаголи.

Во однос на понатамошната поделба на раздели, таа се прави според вокалот пред наставката во формата за 1 лице еднина минато свршено време. Во „Граматиката...“ (1987: 408) одделно е издвоен глаголот *земе* како глагол што образува форми како *даде*, во о-раздел: *дадов – зедов* (аористна форма), *дал - зел* (свршена л-форма). Истиот вид поделба го среќаваме и во „Толковниот речник на македонскиот јазик“, во вториот том З - К (2005: 209), каде што се дадени формите: *земе – зедов, зел.* Го консултиравме и „Речникот на македонскиот јазик“ (Мургоски 2005), каде што во одделна статија е наведена перфективната форма: *зеде* со упатување на речничката статија на *земе.* Во оваа речничка статија се наведени повеќе примери со перфективната глаголска форма, со дадено објаснување на значењата и на фразеолошката употреба: *ја зеде книгата дома; зеде дозвола, зеде државјанство; зеде автобус/метро/такси, зеде столче; му се зеде здивот* итн. (Мургоски 2005: 235).

Примери за неправилна употреба од разговорниот стил: *Другите* ***земале...*** (плата); наместо: **зеле**.; *Ја* ***зема*** *ли книгата?* (Ја зеде ли книгата?); *Ја* ***земавме*** *и неа!,* наместо: Ја зедовме и неа! итн.

За да видиме на што се должи оваа појава се послуживме со дијалектолошкиот материјал, од Картотеката на Дијалектолошкото одделение при нашиот Институт (му благодариме на д-р Васил Дрвошанов, раководител на проектот „Македонски дијалектен атлас“, за дозволата за користење на Картотеката) за да добиеме поширока слика за употребата на оваа зборо форма во дијалектите и ја констатиравме следнава состојба: во голем дел од источните и од североисточните говори аористната форма е *зема* (со акцент на последниот слог), за разлика од западните говори, каде што добро се чува парадигмата на аористот (*зедов, зеде..*) и од каде што и се презела во македонскиот стандарден јазик.

Потврда за постоењето на аористни форми со *зема* наоѓаме и во „Текстови од дијалектите на македонскиот јазик“ од Божидар Видоески, во текстови на кумановски говор (Куманово, Орашац): *И-'они чим-вид'еле,* ***зем'але****-си-гу. И ч'им* ***зем'ал,*** *почн'але да-гу-лек'ујев; А-'он* ***зем'ал*** *он'ај ст'ат па врз-њ'ума...* (Видоески 2000: 413-414).

Во нашиот реферат првенствено разгледуваме примери од интернетските изданија на весниците, но спонтано ни се наметнаа и примерите од преводите на македонски јазик на филмови и серии, како и телевизиски емисии во живо, вести итн.

Можеме да констатираме дека влијанието на употребата на ваквите форми е двострана: од нашите северни и источни говори, но исто така овие форми наоѓаат поткрепа и во парадигмата на многубројните свршени глаголи од а-групата, коишто се менуваат со вокалот а: *скара - скарав*, како и влијание од парадигмата на несвршениот глагол: *зема*.

Нестандардната употреба на глаголот *земе*, формите *земав, зема, зема, земавме земавте, земаа* ја среќаваме во сите граматички лица и број, без исклучок, и во свршената л-форма: *земал.*

Прво ќе ги наведеме примерите со основниот глагол *земе*:

– *Го отвори моето биро и од него* ***зема*** *50.000 долари.* (превод на филм, М1);

– *Тројца беа. Сè ми* ***земаа****.* (превод на филм, Cinemax 2);
– *Повторно ми го* ***земаа,*** *само сега нема да се врати.* (kurir.mk).
– *Му ја* ***земале*** *возачката заради алкохолот.* (panika.be);
– *... Вилијам изгледаше апсолутно преплашен. Потоа излезе и* ***зема*** *длабок здив.* (crnobelo.com);
– *Самброта му го* ***земал*** *местото лев бек и Песото признал дека му било криво.* (off.net. mk);

Примерите со префиксирани глаголи ни ги покажуваат истото изместување, истите резултати:
– *- ... иако не беше баш добра идеја тоа што вие ја* ***заземавте*** *цела тераса.* (5+ фамилија, МТВ);
– - *Самата се* ***иззема****.* (разговорен стил);
– - *Бев вознемирена затоа што ми го* ***одзема*** *вниманието.* (превод на филм, МТВ);
– *Смртта на лекарката, Елка Масин, настанала од самоповредување, односно таа сама си го* ***одземала*** *животот – потврди за НОВА Основното јавно обвинителство.* (star.kanal177.mk);
– *Грижата за брат ми Давид и мене ја* ***презема*** *баба Фелиција...* (kurir.mk);
– *Градоначалникот Аце Коцевски ја одржа првата прес-конференција, на која зборуваше за состојбите во Општина Велес, кога тој ја* ***преземал*** *локалната власт...* (tirekovmirece.com);
– *Сте* ***преземале*** *премногу обврски па не знаете како да излезете на крај со нив.* (kurir.mk);
– *Одвај се* ***созема****.* (разговорен стил).

Ќе наведеме и примери, коишто не се толку чести, но ги има, кога аористната форма се употребува на местото од сегашната, а обата примера се со глаголот **преземе**:
– *... но по средбата на Мисирков со претставник на Организацијата, таа решила да не* ***презеде*** *конкретни чекори против него.* (Википедија на македонски јазик, статија за Крсте Петков Мисирков) *(преземе);*
– *Во морално прочистената верзија на филмот неговата улога ќе ја* ***презеде*** *Кристофер Пламер.* (off.net.com.mk) *(преземе).*

Неправилната употреба на глаголот *земе,* од една страна е резултат на влијание на северните говори, од парадигмата на многубројните свршени глаголи од а-групата, како и од парадигмата на несвршениот глагол *зема,* а од друга страна е резултат на социолингвистички фактори како што е престижноста на скопскиот говор во комуникацијата како говор на главниот град. Овие фактори во голема мера придонесле за истиснување на правилните форми, особено во разговорниот функционален стил, речиси на целата јазична територија, а полека земаат примат и во пишаните медиуми,

во публицистичкиот стил и затоа голем број зборувачи на македонскиот јазик не ги препознаваат како грешка во јазичното (писмено и усно) изразување.

Употребата на глаголската лексика во јавниот простор, каде што стандардот треба да се наметне над разговорниот јазик и стил и над дијалектните форми на учесниците во комуникацијата, без разлика дали се работи за усна или за писмена форма, е во голема мера нарушена од различни туѓојазични или внатрешнојазични особености. Во таа смисла, понекогаш се слушаат јавноста и практиката, па се прават отстапки во нивна корист, но секако, образованието и медиумите се оние моќни чинители коишто треба да влијаат на стандардниот македонски јазик, зашто секогаш состојбата може да се поправи и да ѝ се даде правилен тек на одделна појава, ако се има почит кон својот јазик и одговорност за негово чување и негување.

Литература

Видоески Божидар. 2000. *Текстови од дијалектите на македонскиот јазик.* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Конески Блаже. 1987. *Граматика на македонскиот јазик.* Скопје: Култура.

Мургоски Зозе. 2005. *Речник на македонскиот јазик.* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.

Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. Кирил Конески, II. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Користени интернетски информативни портали:

https://www.crnobelo.com/
https://kurir.mk/
https://off.net.mk/
https://panika.be/
http://star.kanal77.mk/
http://www.tirekovmirece.com/

(Во рефератов се користени и изговорени или напишани содржини од телевизиите на македонски јазик: МТВ; М1, Cinemax 2).

UDC 81'25

Борјана ПРОШЕВ-ОЛИВЕР
Филозофски факултет
Универзитет во Загреб
Загреб, Р Хрватска

КУЛТУРНАТА ПАРАДИГМА НА ПРЕВЕДУВАЊЕТО: СТРАТЕГИИ И ПОСТАПКИ

Апстракт: Надминувајќи ги перспективите на одделните научни дисциплини, како што се: применетата лингвистика, компаративната книжевност, поетиката, студиите на странските јазици и нивните книжевности, па останувајќи суштински на интердисциплинарна дејност, преведувањето го зазеде сеопфатниот културен контекст учествувајќи во процесите на културниот трансфер, односно во севкупната духовна, морална, материјална и производна дејност на некое општество во некое време. Во трудот се проблематизираат можните постапки и стратегии при книжевниот превод на несоодветни елементи на културата, кои треба да ја исполнат својата комуникациска функција, потпирајќи се не само на културната содржина што треба да ја пренесат, туку и на нејзината функција во чинот на комуникацијата, нејзиното изразување во *целниот јазик* и преведувачката традиција во рамките на која дејствува преведувачот.

Клучни зборови: традуктологија, теорија на културата, преведување на културата, културна комунукација, постапки, стратегии.

Од маргинална активност на работ на полето на лингвистиката, на периферијата на книжевните студии, со години занемарувана од: антрополозите, етнолозите, филозофите, во современата рецентна теорија, во последните триесетина години доаѓа до редефинирање на чинот на книжевното преведување и до негово поместување од подрачјето на нормативните кон дескриптивните студии, односно од подрачјето на лигвистичката перспектива кон делокругот на културалните студии, што го опфаќаат културниот контекст во целост. Книжевното преведување ги надминува перспективите на: применетата лингвистика, компаративната книжевност, студиите на странските јазици и нивните книжевности, опфаќајки го културниот контекст во целина и истакнувајќи ја неговата фундаментална важност во процесите на културниот трансфер.

Во таа смисла преведувањето *per se*, како искуство и како практична операција, станува субјект на знаење за: јазиците, литературите, културите, нивните идеологии, нивните контакти, влијанија, а станува и носител и субјект на сопствениот предмет на знаење што го надминува подрачјето на поединечните научни дисциплини, ограничени со определен тип на размислување. Веќе во 1975 година George Steiner, авторот на првото опсежно дело посветено на преведувањето „After Babel“, во превод „По Вавилон“, е скептичен кон концептот што се темели на ставот дека теоријата на

преведувањето мора да претпоставува систематска теорија на јазикот со која целосно се поклопува. И многумина традуктолози по него, кои се занимавале со теоријата на преведувањето, продолжуваат по неговите стапки, предупредувајќи дека секоја теорија на преведувањето што ги бара своите појдовни точки исклучиво во лингвистиката, сериозно мора да се посомнева во ефикасноста на преведувачкиот чин, а можеби дури и во самата можност на неговото постоење (Шкилјан, 2003: 113). Начелно, при преведувањето, една јазична содржина се изразува во форми на два различни јазици, односно во целниот јазик се изнаоѓаат синонимни јазични единици што се појавуваат во изворниот појдовен јазик. Меѓутоа, бидејќи според повеќето линвистички теории, во рамките на само еден јазичен систем вистински и целосни синоними не постојат, „уште помалку е веројатно дека постојат во два различни јазици (Шкилјан, 2003: 117). Впрочем, што се преведува кога се преведува? Ранко Бугарски претпоставува дека не се работи само за зборови, туку идеи, смисла или дух на оргиналниот текст (Бугарски 1984: 587). Таквиот став е на патот на соодветните ставови на многумина теоретичари на преведувањето уште од Хорациј, кој, исто така, се прашувал: Вистина е дека верно му пристапуваме на текстот, меѓутоа, што е тоа на што сме му верни? Може ли и во која мера, во преводот, да се постигне соодветна изведба, да се пренесат со иста профинетост исти мисли, не менувајќи при тоа ништо освен јазикот? А што е тоа што постои во преводот освен јазикот?

Надминувајќи го традиционалното мислење дека преведувањето е миметичка активност, која подразбира редефинирање на значењето на еден текст во друг и реконструкција на еквивалентен лингвистички и семантички контекст, се соочуваме со тоа дека преведувањето, всушност, го надминува имитативното ниво и стреми кон отворање и кон ширење на нов простор, на просторот на културната разлика, оној простор меѓу нас и нив, меѓу сега и тогаш, простор, каде што се надминуваат ограничувањата на културата.

Затоа, теоријата на преведувањето, не можејќи да пронајде цврсти упоришта за своите ставови и дилеми во лингвистиката, се свртила кон други интерлингвистички, интерлитерарни и инеркултурни подрачја на комуникација, а, преводот што настанал во таквиот простор, следствено на овие промени, станува автономен, нов предмет на знаење.

Современата теорија на културата се занимава со условите во кои настанува некоја култура, па начините на кои се поместува и одново се толкува таа, во друга културна средина. Преведувањето на културите, во таа смисла, го надминува лингвистичкиот домен и навлегува во: политиката, идеологијата, стратегијата на моќта и митологијата на создавање на стереотипи во претставување на други култури. Преводот, во таа перспектива, е особен тип на превреднуван странски јазичен текст, кој, ако не се стави во: естетички, етички, поетички и идеолошки контекст, не кажува многу за конфликтната природа на преведеното посредување меѓу културите и за односот на означителските процеси што учествуваат во преведувањето на некоја култура во која се впишува некој странски текст. Јазикот, пред сè, како лингвистички инструментариум, во случај на пренесување на замрсената мрежа на многубројните симболички ма-

нифестации на културата, дејствува како текстура на знакови поврзани со бескрајни конотации и денотации, како значенски систем на нерасплеткана сложеност, зашто контекстот во кој настанува текстот е важен суштински за разјаснување на интерпретативната семиотика на туѓиот простор, просторот на Другиот што го нуди преводот. Секој пристап кон некоја туѓа култура, всушност, претставува процес на преведување. Контекстот, како рамка во која се случува преводот, не ги подразбира само површинските семантички односи меѓу два лингвистички системи, туку севкупната семиотичка структура на целната култура на која ѝ е наменет преводот. Преведувањето на туѓите култури обезбедува акумулација на знаење за нивните јазици, историја, обичаи, обрасци на однесување, за да се апстрахира нивната другост или, сосема спротивно, за да се истакнат и да се реафирмираат вредностите од сопствената култура. Сепак, современиот поструктуралистички концепт на текстуалноста не верува во лингвистичката и во културната еквивалентност надвор од јазикот, зашто, како што беше спомнато, не пости ништо надвор од јазикот (Derrida:100). Во таа смисла се поставува прашањето: можна ли е воопшто комуникација меѓу различни култури? Очигледно е дека комуникација и преведување постои меѓу културите, но при тоа, значењето на преводот делумно се разликува од она на оргиналот, зашто намерите на авторот и на преведувачот можат да се разликуваат, дури да бидат и во судир. Во тој случај се работи за ставот кон преводот, како кон облик на општествена практика што не може да се оддели од институционалните аранжмани, од општествената хиерархија, на пр., од класната, во смисла на односот на моќта и на културната политика. Во рецентната традуктологија често се работи и за колонијалниот глас на преведувачот, кој, со својот превод, директно создава стереотипи, кои, пак, се вкоренуваат, начелно, во западниот канон. Во тој случај значењето на преводот не е сместено ниту во изворната, ниту во целната култура, туку на трето културно ниво на судири и империјалистички интерес за да се редефинира значењето на Другиот во согласност со сопствениот контекст и сопствена артикулација во прикажаниот контекст. Затоа концептот на културното преведување се дефинира како интернализација на знаењето, негово разбирање, како далекусежен епистемолошки процес што исклучува можност на бегла имитација.

Независен и автономен станува оној превод во кој нема интерференција со јазикот на оригиналот во вид на лексички и на синтаксички лажни парови, во кој се избегнува буквалниот превод и во кој се забележува изместување на преведувачкиот пристап од оној фокусиран на изворниот текст, кон текст фокусиран на читателот на кој му е наменет тој превод и во таа смисла, рецепцијата на преводот, како автономен нов предмет на знаење, се оддалечува од неговата нединамична верност кон оригиналот. Стремејќи да го зачува значењето на оригиналот, преведувачот посегнува по: граматички, стилистички, социолингвистички, културални и идеолошки категории, иманентни на неговиот сопствен начин на мислење и на доживување на вонјазичната стварност, како и по истата културна парадигма, а кои ги дели тој, со потенцијалите читатели. Тие категории, како жива кројка, се одлепуваат од базичниот систем на јазични и на вонјазични факти на оригиналниот текст, започнувајќи го својот автономен и самостоен живот.

Иако јазикот е само еден од можните системи на знакови, тој е систем што овозможува интепретација на останатите системи, не само во доменот на стилистиката и на естетиката, туку и во доменот на науката и конечно, во доменот на човечкото искуство, односно културата воопшто. Современата теорија на културата се занимава со условите во кои настанува некоја култура и со начините на кои се поместува таа и одново се толкува во друга културна средина. Преведувањето на културите, во таа смисла, неминовно го надминува лингвистичкиот домен и навлегува во: политиката, идеологијата, стратегијата на моќта и митологијата на создавање на стереотипи во претставување на други култури. Преводот во таа перспектива е особен тип на превреднуван странски јазичен текст, кој, ако не се стави во: естетички, етички, поетички и идеолошки контекст, не кажува многу за конфликтната природа на преведеното посредување меѓу културите и за односот на означителските процеси што учествуваат во преведувањето на некоја култура во која се впишува некој странски текст. Јазикот, пред сè, како лингвистички инструмент, во случај на пренесување на замрсената мрежа на многубројните симболички манифестации на културата, дејствува како текстура на знакови поврзани со бескрајни конотации и денотации, како значенски систем на нерасплеткана сложеност, зашто контекстот во кој настанува текстот е суштински важен за разјаснување на интерпретативната семиотика на туѓиот и на еден странски простор што го нуди преводот. Секој пристап кон некоја туѓа култура, всушност претставува процес на преведување. Контекстот, како рамка во која се случува преводот, не ги подразбира само површинските семантички односи меѓу два лингвистички системи, туку – севкупната семиотичка структура на целната култура на која ѝ е наменет преводот. Кој и да било преведувачки акт претставува обид за премостување на јазот меѓу две култури. Всушност, секој чин на комуникација, дури и кога се одвива на еден јазик што не бара превод, е обид за премостување на култрните празнини меѓу претставниците на иста јазична заедица. Празнините ги прават културните особености и индивидуалноста на учесниците во текот на комуникацијата. Во овој случај, културата се подразбира како севкупност на човековото знаење, светоглед, стил на живот, однесување што произлегува од неговата способност да го апсорбира знаењето и да го пренесе од еден член на општествената заедница на друг или од една генерација на друга. Ако интегралните елементи на културата меѓусебно се разликуваат, за нивен трансфер е потребен преводот. Во тој случај се можни потешкотии на ниво на рецепцијата, каде што преведувачот и секој друг приемник, мора да ја сфати културната содржина на пораката имплицитно, а не експлицитно, како и оние потешкотии што се културна содржина.

Може да се зборува за неколку етапи на превод: во првата се пренесува секоја реченица, секој збор, секој идиом и при секоја јазична „игра“ од еден јазик на друг се врши своевидна селекција на мотиви и испробување на можните средства на пренесување. Во втората етапа преведувачот се занимава со избор на детали и конструкции од оригиналот што ќе бидат жртвувани, за да се надоместат или да се заменат со детали, својствени на јазикот на кој се преведува, па се испробуваат покуси начини и обиколки, со кој би се подобриле местата што останаале недостапни. Во третата

можна етапа се проверуваат избраните решенија и издржаноста на преведените конструкции на деликатните значенски места во оригиналот. Во овие први три етапи погледот на преведувачот непрекидно преминува од текстот на оригиналот на текстот на преводот, постојано свртува кон речникот и кон сите можни методолошки помагала, па повторно се враќа по истиот пат, сè додека не станат истовремено присатни, пред очите на преведувачот, двете страни на преводниот процес. Тоа е мигот кога се преминува на повисока преводна фаза, во која се напушта оригиналот, чија присутност станува речиси виртуелна. Во таа фаза, пред преведувачот, се наоѓаат само траги од оригиналот вмрежен во текстот на преводот, а преведувачот е сосредоточен само на еден јазик, јазикот на преводот. Тој го „наслушнува“ преведениот текст како да не станува збор за превод. Како што добар писател се грижи за поврзување на јазичните знакови, воден од логиката на јазикот или на поетиката, а не од сличноста со стварноста, претпоставената стварност, која, како оригинал, му претходи на неговото пишување, така и преведувачот, на крај се одвојува од оригиналот и се концентрира само на логиката на поврзување на јазичните знакови и на логиката на целниот јазик и на поетиката на преводот. Во последната фаза преведениот текст станува јазична автономна творба. Суштината на преводот, пред сè, книжевниот, не е во пренесување на значењата на друг јазик, а најмалку во изнаоѓање на јазичните еквиваленти, туку е својство на оригиналот да биде отворен за друг јазичен културен код, а кој, парадоксално, го поништува.

И покрај истакнатиот факт дека преведувањето е потребно во случај на меѓусебно различни култури, сепак тоа е можно само врз темел на многуте меѓукултурни заеднички нешта. Сличностите меѓу културите се поголеми доколку е помала просторната и/или временската оддалеченост на заедниците што ги развиваат. Дури и оддалечените култури имаат доволно сличности што го овозможуваат преведувањето.

Според Владимир Ивир, еден од најзначајните хрватски лингвисти, преведувачи, лексикографи, при обид на културен пренос на содржина, карактеристична на изворната, но не и на целната култура, преведувачот се среќава со два проблеми: (1) проблемот на изнаоѓање на можните постапки за преведување на несоодветни елементи на културата и (2) проблемот на стратегијата или на изборот на можните постапки на транслација, бидејќи сите постапки не се подеднакво адекватни за секој чин на комуникација. Првиот проблем се решава со повторување на постапките од практиката и нивни комбинации, како што се дефинирања или парафрази, буквален превод, супституција, лексичко создавање, дополнување, пропуст (Ивир, 1987). Стратегијата или изборот на постапките, кои ги избира преведувачот, се однесува на проблемот на преводот на културата, а го одредува неговото разбирање на комуникативната функција на елементите на културата што се преведува, толкувањето на вредноста, положбата на некој сегмент во изворната култура и можните негови пандани во целната култура, неговото познавање на контрастивните односи меѓу изворниот и целниот јазик и неговата свест за преведувачките традиции во целната култура.

Што се однесува до изборот на стратегијата на преведувачот, неговите постапки се одредени со неговото разбирање на комуникативната функција на елементите на изворната култура, вклучени во изворната порака, неговото разбирање на вредноста на тој елемент во изворната култура, неговото познавање на констрастивниот однос меѓу изворниот и целниот јазик, неговото познавање на транслациските традиции на целната култура и неговата способност за културно посредување.

Најважниот фактор во изборот на постапките на преводот на неспоредливите елементи меѓу културите е нивната комуникативна функција што мора да ја препознае и правилно да ја протолкува преведувачот. За пример и поткрепа на споменатото, во хрватскиот превод на романот „Скриена камера“ од Лидија Димковска, синтагмата Зегиновите аптеки, заради соодветна контекстуализација е придружена со нужна информација за значењето и за функцијата на синџирот на Зегиновите аптеки, синџир со околу 80 аптеки низ Македонија, вмрежен во севкупната фармацевтска индустрија, за нејзиниот маркетинг, а и за здравството во земјата, за да се опфати нивното културно значење и функција и да се пополни јазот што, во спротивно, ќе ја доживеат припадниците на целната, хрватска култура, немајќи претстава каква комуникациска функција има култрниот сегмент *Зегинови аптеки* за македонската јавна култура. Една од можните постапки е замена со елемент од целната култура, хрватската, на пр. *Mandispharm ljekarne*, но, во тој случај, би се жртвувал „вкусот“ на изворната култура и би се нарушил непречен прием на комуникациската намера на изворната порака. На каква и да било постапка да се одлучи преведувачот, тој треба да внимава да се задржи протокот и леснотијата на комуникацијата, зашто, во спротивно, иако би имало нужни интервенции, тие не би биле изворна намера на испраќачот/авторот.

Иако културолошката перспектива во преведувањето стана многу актуелен термин во науката на преведувањето, пристапот е сè уште разновиден и нема единствен став како ефикасно да се преведуваат елементите наculttурата, па решенијата и одлуките им се препуштаат на самите преведувачи. Главната цел е да се воспостави одредено ниво на културолошка еквиваленција со помош на различни стратегии. Една од можните стратегии се оние што ги предлага Мона Бакер (1992), во случај каде што не постои потполна културолошка екциваленција:

1. Translation by a more general word (superordinate)
2. Translation by a more neutral/less expressive word
3. Translation by substitution
4. Translation using a loan word
5. Translation by paraphrase using a related word
6. Translation by paraphrase using unrelated words
7. Translation by omission
8. Translation by illustration

Споменатите постапки како што се дефинирање или парафраза, буквален превод или повторување, лексички неологизам, дополнување со повеќе или со помалку зборови, замена, парафразирање, илустрација итн., зависат од тоа колку, преведува-

чот, ја разбира вредноста на: сегментите, предметите, појавите од изворната култура. Освен тоа, преведувачката традиција на целната култура значајно придонесува на преведувачкиот избор на постапки при преведување на одделните елементи на културата. Некои јазици полесно прифаќаат „увозни“ преведувачки решенија, а други инсистираат на своите домашни замени. Преведувачката дејност не е лингвистичко посредување, како што се смета генерално, туку посредување во чинот на комуникација меѓу две култури, зашто културата му е надредена на јазикот што го вклучува во себе (Casagrande, 1954: 338), зашто јазикот не е содржан само во културата на некоја заедница, туку е предуслов за нејзиното создавање и е нејзин инструмент. Преведувањето подразбира и доловување на интерјазичната, интерсемиотичката, но и вонјазична содржина, што не би требало да резултира со принудни компромиси, кои неприродно го форсираат целниот јазик.

Роланд Барт во својот култен есеј „Смрт на авторот“ во 1968 година напишал дека раѓањето на читателот мора да се случи по цена на смртта на авторот. Прогласувајќи ја „смртта на авторот“ го истакнува значењето и активноста на рецепиентот, читателот. Традиционалната замисла за своеволниот автор што го контролира својот текст и неговото значење, се повлекува пред мултудимензионалниот текстуален простор, кој функционира како испреплетена мрежа на цитати или фрагменти и чие потекло и авторство повеќе не може да се дефинира. Некогашната ауторијална и ауторитарна улога на авторот како произведувач на текстот во таа смисла, сè повеќе се повлекува пред читателот, како носител на конструкцијата на значењето и како креатор на актот на читањето. Поимот „смртта на авторот“ неминовно морал да води кон „смртта на оригиналот“, а во тој случај ни преводот не може повеќе да се смета за нешто споредно во однос на изворниот текст. Во тој случај, преведувачот и неговиот превод би требало да станат и сè повеќе стануваат рамноправен дел на историјата на книжевноста и на културата. Иако идејата за преведувањето, како инфериорен облик на пишување, траела со векови, а во извесна мера, практично трае и денес, во теоријата, овој став се менува од/кон крајот на дваесеттиот век. Во новата доба на масовна комуникација, мултимедијални искуства, на доминантната синхронија во доживувањето на светот, се формулира идејата за преводот, кој автономно ја започнува својата егзистенција на оригинален текст, оставајќи го изворниот текст зад себе, во некое друго време, во некој друг момент.

Литература

Avtonomova, N., 2016. *Spoznaja i prevođenje*, Disput, Zagreb.

Baker, M., 1992. *In Other Words, London*, Routledge.

Bugarski, R., 1984. Beleške o prevođenju težih tekstova, *Izraz V VIII*, 5

Casagrande, J.B., 1954. The ends of translation, *International Journal of American Linguistics*, vol. 20, no. 4, 335–340.

Derrida, J., Raund-table on Translation, *The Ear of the Other*, Universuity of Nebraska Press, 1988.

Ivir, V., 2002–2003. Translation of Culture and Culture of Translation – *SRAZ* XLVII–XLVIII, 117–126.

Škiljan, D., Bilješka o bilješkama u prijevodima, *Dialog z antiko/Dialogue with Antiquity/ Dialogue avec I'antiquite Monitor* ISH vol. V/no. 1–2, 2003.

UDC 811.163.3’367.623’373.611
UDC 811.162.1’367.623’373.611

Јан СОКОЛОВСКИ
Институт за словенска филологија
Универзитет во Вроцлав

ОД ПРОБЛЕМАТИКАТА НА ЗБОРООБРАЗУВАЊЕТО НА ПРИДАВКИТЕ МОТИВИРАНИ ОД ПРЕДЛОШКИ ИЗРАЗИ ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО ПОЛСКИОТ ЈАЗИК (ВРЗ ФОНОТ НА ДРУГИ СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ)

Апстракт: Предмет на статијата претставува анализа на деривацијата на придавки мотивирани од синтаксички изрази со предлози во македонскиот и во полскиот јазик. Конфронтативната анализа на полскиот и на македонскиот јазик нѐ наведува кон заклучок дека во полскиот придавки од синтаксички изрази создаваат многу побројна класа во однос на македонскиот јазик. Освен тоа, конфронтативната анализа води кон заклучок дека треба да се земат предвид и контекстните значења на придавките мотивирани од предлошки изрази.

Клучни зборови: дериват, зборообразување, предлог, придавка, синтаксички израз.

Во зборообразувачките системи на современите словенски јазици посебна класа претставуваат придавките базирани врз синтаксичките изрази со предлози од типот A(PN)[1]: во македонскиот јазик: *безводен*, *бескуќен*, *заѿкулисен, крајбрежен*, *ѿовоен, ѿредвоен*, *ѿредизборен, ѿрекуморски, ѿроѿивусѿавен*; во полскиот јазик *bezdrożny, bezwodnyzakulisowy, przybrzeżny, powojenny, przedwojenny, przedwyborczy.*

Во славистичката литература зборообразувачките структури од овој тип се опишуваат различно.

1) Во постарите трудови тие се интерпретираат како поттип од сложените зборови, бидејќи се фундирани од два збора (Miklosich 1875: 401-4012; Maretić 1963: 97-980, Trávniček 1948: 415-417; Kurkovska 1954: 115-17; Sieczkowski 1957; Satkiewicz 1969: 155-156).

2) Од страна на некои современи автори тие придавки се интерпретираат како десупстантивни префиксно-суфиксни деривати или префиксно-суфиксни деривати фундирани врз предлошки изрази (Dokulil 1962: Rus.gram 1980: 232, 313-314, 318; Земская 1973: 297); на тој начин тие се опишуваат и во трудовите на македонските истражувачи (Марков 1988; Конески 1995; Велева 2006). Во „Граматиката на македонскиот литературен јазик“ на Блаже Конески не се посебно обработени.

[1] Симболи: A (PN) – придавка мотивирана од синтаксичкиот израз со предлог; N – именка, член на мотивирачки израз, No - именка определувана од придавка мотивирана од синтаксички израз со предлогот *без* [види Kallas 1984: 435].

3) Некои истражувачи ги издвојуваат таквите структури како посебен тип деривати со сложен формант - таканаречен конфикс (Марков 1968).
4) Во полската зборообразувачка литература структурите базирани врз предлошките изрази најчесто се третираат како посебен тип деривати, преодни меѓу простите и сложените деривати (Grzegorczykowa 1979: 58-59).

Полската академска граматика ги вбројува меѓу прости деривати „бидејќи предлошките изрази коишто претставуваат нивни бази, можат да се интерпретираат како варијанти на падежните форми" (Kallas 1984).

Словенските јазици покажуваат како сличности така и разлики во однос на деривацијата на овој тип придавки. Врз основа на корпусот од над три илјади примери од сите словенски јазици може да се констатира дека основните сличности и разлики се однесуваат меѓу другото на бројот и на типот на основните форманти искористувани при создавањето на придавките од синтаксичките изрази со предлог, на бројот на одделни класи деривати и на нивната продуктивност. Словенските јазици имаат доста сличен инвентар именки, коишто влегуваат во состав на мотивирачките изрази. Овие именки исто така се карактеризираат со слични семантички и зборообразувачки особини. Заеднички им е на словенските јазици и инвентарот на основните контекстуални значења на придавките од изразите со предлогот, то ест на значењата коишто им се својствени на тие изрази во состав со именките определувани од нив (в. на пр. Sokołowski 2000).

Предмет на рефератот претставува конфронтативниот опис на избраните класи придавки кои се мотивирани од синатксички изрази во македонскиот и во полскиот јазик.

Во двата јазика се издвојува пред сè широка класа на деривати, коишто ја поврзуваат партитивната релација со негација. Дериватите од тој тип можат да се карактеризираат како следниве симболи: **А (без N)No – No, којшто е без N[2].**

Со оглед на фактот дека на овој тип деривати порано им посветив доста внимание, ќе ги претставам, ако стасам, накратко и ќе преминам на придавките мотивирани од синтаксичките конструкции со другите предлози.

Во „Толковниот речник на македонскиот јазик" има над 150 придавки мотивирани од синтаксички изрази со предлогот ***без.*** Меѓу нив најбројни се придавките со формантот *–ен* (146 примери), на пример *безводен, безбоен, безбрачен, безветрен, безвластен, безгласен, безгрижен, безводен, безгласен, безгрижен, безживотен, безsвезден, безизлезен, безлистен, безмирисен, безмлечен, безоблачен, безработен, безреден, безрезултатен, бескаматен, бескарактерен, бескомпромисен, бескорисен, беспатен, бесплоден, бессилен.* Во речничкиот материјал ретки се придавките со формантот *–ски*.

[2] Симболи: А (*без* N) – придавка мотивирана од синтаксичкиот израз со предлог *без*,
N – именка, член на мотивирачки израз, No -именка определувана од придавка мотивирана од синтаксички израз со предлог *без* [види Kallas 1984: 435].

Во Тритомниот речник на македонскиот јазик нема ни еден дериват со овој формант, во ТРМЈ со формантот ***–ски*** се три примери: *беззаконски, беспартиски, беспричински.* Велева наведува 10 други примери: *безнаменски, беспредлошки, безбензински, безглаголски, безготовински, бездетски, беспредлошки, безвременски, бескоренски, бессврзнички.* Сосем ретки се во македонскиот јазик дериватите со формантот *-ов/-ев* од типот *бесполов* и со парадигматичкиот формант од типот *безглав, бесцен.*

Во *Толковниот речник* општиот број деривати од синтаксичките изрази со други предлози то ест *вон, зад, до, на, над, крај, меѓу, од , по, под, пред, преку, при, против, сред* не надминува број од 100 примери. Тие ги создаваат малубројните типови (помалку од 20 деривати) и ретки типови (помалку од 5 деривати). Малубројните типови создаваат деривати со предлошките изрази со предлози *против* (17 примери), *вон* (над 10 примери), *пред* (10 примери), *преку* (6 примери*) и други: меѓу (8), крај (7), преку* (6), *при* (6), *над* (5), *под* (5) *по* (5).

Еве ја групата придавки базирани врз синтаксички изрази со одделни предлози.

Во групата придавки базирани врз изрази со предлогот *против* има деривати со формантот *-ен* и деривати со формантот *-ски*, на пример *противвоздушен, противдржавен, противприроден, противоклопен, противпожарен, противправен, противприроден, противуставен;* на пример, *противавионски, противпешадиски, противподморнички, противтенковски, противхемиски, противхристијански.* Еден дериват има формантот - *противзаконит*).

Со помош на форманти *-ен* и *-ски* се создаваат и придавки од изрази со предлози *вон, пред*, *меѓу*, *крај*, *преку*, *при*, *над*, *под*, *по,* на пример:

вон*:вонбрачен, вонземен, вонјазичен, вонматеричен, вонреден, вонучилиштен; вонблоковски, вонвременски, вонканцелариски, вонсериски, воншколски*; ***пред****: предвоен, предвремен, предизборен, предиспитен, предучилиштен, предреволуционерен, предесенски, предисториски, предвојнички*; ***меѓу***: *меѓудржавен, меѓународен, меѓунационален, меѓурегионален, меѓуречен, меѓучовечки*; ***крај****: крајезерски, крајморски, крајселски*, *крајбрежен, крајграничен, крајпатен, крајречен;* ***по***: *пограничен, поволен, поименичен, повоен, посмртен, поморски;* ***преку***: *прекуброен, прекувремен, прекумерен, прекуграничен*; *прекуокеански, прекуморски, прекуридски*; ***под***: *подводен, подземен, поткожен, потпланински*; ***при***: *прибрежен, придворен, приземен, прирачен, приморски*; ***над***: *надгробен, надзвучен, надземен; надземски, надморски***.**

Во речничкиот материјал само формантот *-ен* нема многу деривати мотивирани од предлошки изрази со предлозите: *до*, *зад, по*, *сред, на пример,* ***до*** (3): *досмртен, доживотен, докраен*; ***зад*** (3): *задграничен, задгробен, задкулисен*; ***сред*** (2): *средзимен, средлетен*.

Конфронтативната анализа на полскиот и на македонскиот јазик води кон заклучок дека во полскиот придавките од синтаксички изрази создаваат многу поброј на класа во однос на македонскиот јазик. Поинаква е исто така и дистрибуцијата на суфиксалните форманти во деривацијата на оваа класа придавки.

Во македонскиот јазик привлекува внимание значително помалиот број и продуктивноста на дериватите од предлошките изрази со предлогот *без* како и доминацијата на дериватите со формантот -*ен*, којшто се искористува многу почесто од -*ски*.

Во полскиот јазик повеќето деривати од предлошките изрази со предлогот *bez* имаат форманти -*owy* и -*ny* и многу поретко - парадигматски формант. Дериватите со други форманти се ретки (-isty - 4, -ski -2, -any - 1, -asy - 1, -iwy - 1, -liwy - 1). Иако во полските речници бројот на деривати од изразите со предлогот *bez* создадени со помош на тие основни форманти (-*owy*и -*ny*) е речиси идентичен (- *ny* - 146, -*owy*- 142), најпродуктивен е денеска формантот -*owy*, кој денеска во полскиот јазик е главен формант за деривација на простите придавки.

Придавки од изрази со останатите предлози создаваат класи со различен број деривати. Многубројните класи (над 100 деривати) создаваат придавки базирани со изрази со предлогот: *przeciw* (над 120 примери), i*między* (nad 120) релативно бројна (од 20 до 100) создаваат придавки мотивирани со изрази со предлогот *poza* (60 примери). Ретките типови (малубројни, помалку од 20 примери) создаваат деривати од изрази со предлози *ponad* (19 примери), *nad* (16) , *wewnątrz* (12), *od* (12), *do* (11).

Еве ја групата придавки базирани врз синтаксички изрази со одделни предлози:

na: *nabrzeżny*, *nagrobny*, *naramienny*,*naręczny*; ***nad***:*nadgraniczny*, *nadjeziorny*, *nadmierny*; *naddźwiękowy*, *nadobojczykowy*, *nadobowiązkowy*, *nadoczodołowy*, *nadokienny*, *nadplanowy*, *nadliczbowy*, *nadprogramowy*, *nadwodny*, *nadziemny*;*nadmorski*, *nadziemski,nadzmysłowy*; ***około***: *okołosłoneczny*; *okołobiegunow**y***, *okołobudżetowy*, *okołokonkordatowy*, *okołoksiężycowy*, *okołoporodowy*, *okołorównikowy*; *okołoziemski*; **po:** *podyluwialny* geol.*podyplomowypodyskusyjny, pogwarancyjny*, *poinspekcyjny*, *poklasztorny*, *pokolonialny* polit.*pokontrolny* urz., *pokościelnypoprodukcyjny* urz., *ponarkotyczny, poniemiecki, popańszczyźniany*, *popromienny*, *pozapalny*, *poprodukcyjny*, *porewolucyjny*, *poślubny*, *pośmiertny*, *potransfuzyjny*, *pogrypowy* med.*pokonkursowy, poobiedni, popołogowy med., poporodowy, popowodziowy, popowstaniowy, popremierowy*książk. *popaździernikowy, popołudniowy, poporodowy,popowodziowy, popowstaniowy*,*popremierowy, poremanentowy*, *porozbiorowy, porozbiórkowypourazowy*, *pourlopowy*, *powakacyjny*, *powojenny, powulkaniczny*; **pod:** *podbiegunowy, podbramkowy, podgorączkowy, podjęzykowy,podklamkowy* techn.,*podoceaniczny, podokienny, podśluzowy, podszczękowy* anat., *podskórny*, *podstołeczny*, *podpowierzchniowy, podsufitowy*, *podwodny*, *podrównikowy* geogr., *podwiatrowy* geogr., *podzamkowy*, *podziemny: podmorski*;**ponad:** *ponadczasowy, ponaddźwiękowy, ponadgodzinny, ponadgraniczny, ponadindywidualny książk., ponadjednostkowy książk., ponadludzki książk., ponadmetrażowy metrol., ponadmilionowy, ponadnarodowy książk., ponadnormatywny urz., ponadobowiązkowy urz.,ponadpaństwowyksiążk., ponadpartyjny książk., ponadplanowy urz., ponadpodstawowy urz., ponadprogramowy książk., ponadwymiarowy urz.*; **poza**: *pozaartystyczny, pozaatmosferyczny, pozabiurowy, pozadyskusyjny, pozaekonomiczny, pozaestetyczny, pozaetatowy, pozaeuropejski, pozagatunkowy, pozajelitowy, pozajęzykowy, pozagrobowy, pozainstytucjonalny, pozaklasowy, pozakomórkowy, pozakonkursowy, pozakonstytucyjny, pozalekcyjny,*

pozalekturowy, pozalimitowy, pozaliteracki, pozamaciczny, pozamałżeński, pozamaterialny, pozamerytoryczny, pozamuzyczny, pozanaukowy, pozaoficjalny, pozaotrzewnowy, pozaoficjalny, pozaparlamentarny, pozapartyjny, pozaplanowy, pozapłacowy, pozapoetycki, pozapokarmowy, pozapolityczny, pozaprodukcyjny, pozaprotokolarny, pozaracjonalny, pozaregulaminowy, pozarolniczy, pozarozumowy, pozarynkowy, pozarządowy, pozasądowy, pozasezonowy, pozasłużbowy, pozastatutowy, pozaszkolny, pozatekstowy, pozauczelniany, pozaustrojowy, pozawałowy, pozawerbalny, pozazawodowy, pozaziemski, pozazmysłowy; ***przeciw****: przeciwakustyczny, przeciwalergiczny, przeciwawaryjny, przeciwbakteryjny, przeciwbieżny*, *przeciwcholeryczny*, *przeciwdymny*,*przeciwepidemiczny*, *przeciwepileptyczny*, *przeciwerozyjny przeciwkonstytucyjny*,*przeciwpancerny*, *przeciwgrzybiczny*,*przeciwrdzewny*, *przeciwreumatyczny*, *przeciwrewolucyjny*, *przeciwsłoneczny*, *przeciwspołeczny*, *przeciwśnieżny*;*przeciwalkoholow*y, *przeciwbólowy*, *przeciwciążowy*, *przeciwbiegunkowy*, *przeciwcukrzycowy*, *przeciwczołgowy*, *przeciwdesantowy, przeciwdeszczowy, przeciwdrgawkowy,* przeciwdurowy, *przeciwdźwiękowy*, *przeciwgazowy, przeciwgorączkowy przeciwgośćcowy, przeciwgruźliczy, przeciwgrypowy, przeciwhałasowy, przeciwiskrowy*, *przeciwkiłowy*, *przeciwnikotynowy przeciwnowotworowy*,*przeciwoblodzeniow*y, *przeciwodblaskowy*, *przeciwogniowy*, *przeciwodblaskowy, przeciwogniowy, przeciwolejowy, przeciwospowy, przeciwpaństwowy, przeciwpoliowy*, *przeciwpowodziowy*, *przeciwpylicowy*, *przeciwradiacyjny*, *przeciwrakowy*, *przeciwreumatyczny*,*przeciwrządowy*, *przeciwskurczowy*, *przeciwstukowy, przeciwszkorbutowy*;*przeciwtężcowy*, *przeciwtorpedowy*, *przeciwtyfusowy*, *przeciwwiatrowy*, *przeciwzakrzepowy*; *przeciwbłoniczy*; ***za***: *zaatlantycki*, *zagraniczny*, *zakordonowy*, *zamorsk*i, *zaoceaniczny*, *zaskórny.*

Не дискутирајќи пошироко за полскиот материјал, ќе се задржам малку на семантиката на македонските и на полските деривати. Освен дериватите со значењето на негација коишто тука кратко ги опишав, а пошироко зборувам за нив во објавената книга, дериватите од предлошките изрази можат да поврзуваат и покомплексни содржини и тие бараат пошироки описи. Тие можат да бидат претставени во согласност со концепцијата прифатена во полската академска граматика, каде што тие формации ги карактеризирала Кристина Калас. Според таа концепција, придавките мотивирани од предлошките изрази доста често - заедно со именките определувани од нив - изразуваат локативни и темпорани релации. Освен тоа, дериватите од овој тип можат да поврзуваат покомплексни содржини и тие бараат поширок опис.

Локативната релација во македонскиот јазик ја поврзуваат, на пример, придавките мотивирани од изрази со предлозите: *вон, зад, крај, меѓу, над, под, преку, при, меѓу.* На пример: *вонматерична бременост, воншколска настава, задграничен престој, задкулисни разговори, крајгранично летувалиште, меѓудржавна граница, надгробна плоча, надземна железница, подводни крпи, подземни води, потпланинско село, приморска населба, приземен кат, поткожен чир.* Во полскиот оваа релација ја сочинуваат деривати од предлошките изрази со предлозите: *do, na, nad, pod, przy*, *poza*, *za*, *od*, *przed*, *między*. На пример: *umocnienianaziemne*, *nadmorskiewydmy*, *skałypodwodne*, *pozamacicznaciąża*, *przygranicznypas, nadmorski kurort.* Темпоралната релација

ја пренесуваат дериватите од предлозите: *по*, *пред: повоени години, посмртен живот, посмртни останки, предвоен период, предзимска сеидба, предзимски посеви, предзимски грижи, предизборен молк*, а во полскиот јазик придавките мотивирани од изрази со предлозите: *do, od, między, po, przed*, на пример: *dozgonnaprzyjaźń, przedwojennyrząd, powojennyentuzjazm, okresmiędzywojenny, odwiecznawrogość.*

Освен тоа, во двата јазика има и деривати кои изразуваат и други, посложени реалации, на пример мак.: *надзвучна брзина*, пол.: *zybkość naddźwiękowa* - споредбена релација.

Во мојот реферат претставив неколку избрани проблеми од деривацијата на придавките мотивирани од синтаксички изрази со предлози. Дериватите од овој тип треба да бидат предмет на подетална конфронтативната анализа и од семантичка страна. Еден од можните начини на таков опис беше покажан во академската граматика на полскиот јазик. Овој начин го искористив порано во мојата монографија за словенските деривати мотивирани од синтаксички изрази со предлогот *без* (Sokołowski 2000).

Литература

Велева С. 2006. *Тенденции во зборообразувањето на медонскиот јазик.* Скопје.

Марков Б. 1988. *Образување на придавките во македонскиот јазик*. Скопје.

Марков В.М.. 1968. „Замечания о конфиксации в современном русскком языке“, Warszawa: *Językrosyjski* 19, nr 3, s. 7-19.

Земская Е.А., 1973. *Современны русскийязык.* Москва: *Словообразование*.

Конески К.,1995. *Зборообразувањето во современиот македонски јазик*, Скопје.

Русская грамматика. 1980. т.1, ред. Н.Ю.Шведова, Москва.

Dokulil M., 1962,.*Tvoření slov v češtině,*1, *Teorie odvozování slov*, Praha.

Kallas K. 1984. *Słowotwórstwo przymiotników*, *Gramatyka współczesnego języka polskiego.*

Kurkowska H. 1954. Budowa słowotwórcza przymiotników polskich, Warszawa.

Morfologia. red. R. Grzegorczykowa, R.Laskowski, H.Wróbel, Warszawa.

Manulneudruck der Erstausgabe von 1875. 1926. Heidelberg.

Maretić T.1963. *Gramatika hrvatskoga ili srpskoga jezika*, izd.3, Zagreb.

Miklosich F. Vergleichende Grammatik der slavischen Sprachen, II Bd. Stammbildungslehre.

Satkiewicz H. 1969. *Produktywnetypysłowotwórczewspółczesnegojęzykapolskiego*, Wraszawa.

Sieczkowski A. *Struktura słowotwórcza przymiotników czeskich i polskich. Studium porównawcze*, Wrocław.

Sokołowski J. 1996.„Derywacja przymiotników od wyrażeń syntaktycznych z przyimkiem negacji w języku macedońskim i polskim, Скопје: *Folia Philologica Macedono-Polonica*, t. 4, c. 70–80.

Sokołowski J. 2000. Słowiańskie derywaty imienne z przyimkien negacji w podstawie słowotworczej, Wrrocław.

Trávniček F. 1948. *Mluvnice spisovné češtiny*, *čast 1*, *Hláskosloví. Tvoření slov. Tvarosloví*, Praha.

Речници

*Толковен речник на македонскиот јазик.*2003, 2006. Ред. К. Конески, I, III. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Uniwersalny słownik języka polskiego, 2003. red. S. Dubisz, t. 1–4: Warszawa:Wydawnictwo Naukowe PWN.

UDC 811.163.3’373.21

Зоран СПАСОВСКИ
Скопје, Македонија

НАСЛОЈКИ ВО МАКЕДОНСКАТА ТОПОНИМИЈА

Апстракт: Во оваа статија се разгледуваат различните јазични наслојки во македонската топонимија, од хронолошка и од современа гледна точка. Накратко се разгледуваат временската рамка, основните карактеристики и се даваат општи податоци за сите наслојки што учествуваат во позначајна мера во нашата топонимија, при што, за античкиот и за латинскиот елемент се цитираат истражувања на научници што се авторитети во соодветната сфера.

Клучни зборови: наслојки, предгрчки супстрат, латинизми, романизми, турски слој, албанско учество.

Како регион, кој се наоѓа во средиштето на Балканот и важи за крстосница на културите и на цивилизациите, Македонија, на својата територија, содржи наслојки во топонимијата, кои, од историска гледна точка, сведочат за присуство на различни култури и цивилизации. Од друга страна, пак, топонимијата не е само прост регистар со имиња на места на дадена територија (Пјанка 1970: 289), *туку таа придонесува во откривањето на јазичниот материјал на територијата на која се формирала.* Топонимијата е и чувар на стари јазични карактеристики, кои одамна се загубиле во современиот јазик (Радовиќ-Тешиќ 2008: 481). Исто така, често е и чувар на наслојки од различни јазици, кои некогаш се користеле на овие простори. Ним, Петар Христо Илиевски (1988: 403) им го дава истото значење, кое го имаат фосилите за биологијата и за геологијата. Во тој контекст ќе се обидеме да претставиме неколку разнообразни историски топонимиски наслојки од други јазици и култури во македонската топонимија.

Ќе почнеме од хронолошки најстарата наслојка. Таа најстара наслојка во топонимијата, повеќето лингвисти ја поврзуваат со античкиот период. Се открива кај оронимите и хидронимите, како и кај имињата на поголемите и позначајни населби. На пр., планините ***Беласица*** од *Orbelos* (Илиевски 1988: 500) и ***Шар Планина*** од *το Σκάρδον ὄρος* (Смит 1872: 928). На пошироката балканска територија, на која му припаѓа и географскиот регион Македонија, како претставници на оваа наслојка, кои се сочувале во својата изворна форма, може да се вклучат и ***Олимп*** (*Ὄλυμπος*,) и ***Пинд*** (*Πίνδος*). Од поголемите хидроними, како оними што му припаѓаат на овој слој, можеме да ги издвоиме ***Брегалница***, од пајонскиот ојконим ***Баргала*** (> *Bargylia*, Илиевски 1988: 500), ***Дрим*** (< Δρεῖνος, Δρείλον, Δρίλον – Илиевски 1988: 417), потоа, на поширокиот географски регион и ***Струма***, од пајонското Στρύμον, -ονος (Илиевски 1988: 502, Катичиќ 1976: 144), ***Места*** од Νέστος (Птолемеј 3, 11) итн. Поголеми градови за кои се смета, или постојат претпоставки, дека го добиле своето име од по-

стара античка населба се: ***Штип*** (< Astibos < *Ap(o)s Tibhos) (Илиевски 1988: 491), ***Валандово***, можеби од античкото ***Αλαβάνδα***, топоним што го сместува Брн (1966: 30) во античката малоазиска држава *Карија*, топонимот ***Струмица***, кој, во 2 в. пр. н.е., е споменат од Птоломеј и од Плиниј, како ***Αστραίον*** (Браниган 1992), и можеби и ***Дојран*** и ***Гевгелија***. За Дојран, Кајдамов (1981: 32) забележува дека во неговата близина имало населба по име ***Таурijан/а***, денес археолошки локалитет и тој смета дека постои веројатност, името на градот, да дошло оттаму. Извесна провинција Тауриана – *Ταυρανία* – забележува и Страбон во својата Географија (6.1). За ***Гевгелија,*** Папазоглу (1988: 181–182) претпоставува дека може да е поврзан со името на античкиот град ***Гортинија*** (Γορδηνία). Со помала веројатност кон нив може да се вклучи и ***Битола***, кој според Илиевски (1988: 504) е хибрид од трако-илирската основа *butas* ‚куќа‘ и словенското *byto* – ‚имање‘.

Освен за нив, Илиевски пишува и за многу други помали објекти, чии имиња водат потекло од некој антички јазик. Предаваме само неколку: ***Вајтос***, Охридско < слов. предлог *в* и грч. ‘αετός ‚орел‘ (Илиевски 1988: 423), ***Лин*** во Албанија < λινός ‚преса за вино‘, ‚корито‘ – во метафорична употреба ‚издлабено место‘, или ‚поило‘ (Илиевски 1988: 424–425), ***Октиси*** < ὀκτώ έκλησί (‚осум цркви‘), ***Солинари*** < σωληνάριον/-ια ‚цевки‘ (Илиевски 1988: 425) итн. Илиевски (1988: 413–435, 493–511) дава поопсежен преглед на антички остатоци во нашата топонимија, истовремено класифицирајќи ги и според нивните морфолошки елементи, според тоа дали се хибриди итн.

Меѓутоа, ние би се задржиле на неколку интересни забелешки на Илиевски, предадени во неколку негови други статии[1]. Преку нив, тој, а и други автори, откриваат и елементи на предгрчка наслојка во топонимијата.

Еве што напишал Илиевски (1988: 363) во врска со тоа: „Both archaeological and linguistic evidence indicate that certain ancient features, associated with the pre-Hellenic population, survived with the civilization and the language of the Greeks. There is no doubt that some of the early inhabitants continued to dwell in Greece side by side with the Greeks“. Исто така, тој забележува дека не само на Крит и на Пил, туку и меѓу класичните грчки имиња на места, ретки се тие што можат да се објаснат со грчка етимологија. Оставајќи им го прашањето на класичарите, овде само ќе наведеме некои автори што се занимаваат со таа проблематика и ги наведуваат топонимите како предгрчки.

Како еден од елементите што преживеале од предгрчкиот супстрат во грчкиот, карактеристичен за топонимијата, Илиевски (1988: 371, 2000: 5) го посочува суфиксот –***ssos*** / ***-ssa*** (***-σσος*** / ***-σσα***). Тој суфикс, во линеарното Б-писмо, е претставен во формата –***so***/***-sa*** (***-σο***/***-σα***). На пр., во зборот ***ku-pa-ri-so*** (***κυπάρισσος*** ‚кипарис,

[1] ***Ilievski, Petar Hristo***, 1999. *Multilingual Contacts and Conflicts in the South-Eastern Europe (Reflected in the Mycenaean onomastics)*, Прилози XXIV 1–2, презентирано на: VIII Интернационален конгрес за југоисточна Европа, Букурешт, 24–29 август, Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, ***Илиевски, Петар Христо***. 2000. *Животот на Микенците во нивните писмени сведошства*, Скопје: Македонска академија на науките и уметностите и ***Илиевски, Петар Христо***. 1998. *Микенски борбени лични имиња*, Прилози XXIII 1–2, Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

чемпрес‘). Како топонимиски суфикс, во истото писмо, е претставен во формата ***ku-pa-ri-se-ja*** (*,Кипарисово‘). Овој суфикс се среќавал и во лични имиња, во имиња на растенија и во имиња на други објекти, поврзани со природата (***κυπάρισσος*** ,кипарис, чемпрес‘, ***Θάλασσα*** ,море‘, ***κολοσσός*** ,џин‘, итн.), но најчесто се употребувал за образување имиња на места (Илиевски 1988: 371). Тоа што нè интересира нас е последната употреба. Еден друг автор, Брн (1966: 30), ја потврдува таа употреба и посочува имиња на градови во кои е присутна таа наставка; на пр., ***Halikarnassos*** (*Ἁλικαρνᾶσσός*), ***Parnassos*** (*Παρνασσός*) итн. Освен суфиксот –***σσος***, Брн, на истото место, предава уште два суфикси, кои му припаѓале на предгрчкиот супстрат и биле карактеристични за изведување имиња на места. Едниот е суфиксот –***nda*** (-***νδα***) во, на пр., гореспоменатото име на место ***Alabanda***, а другиот е ***Labraunda***. ***Alabanda*** (***Αλαβάνδα***) е антички град во малоазиската држава *Карија*, од кој денес се наоѓаат остатоци во провинцијата Ајдин во Турција. ***Labraunda*** (***Λάβρανδα*** или ***Λάβραυνδα***), исто така, бил антички град во истата античка држава (*Карија*), од кој денес има остатоци во провинцијата Мугла во Турција. Според Брн, истата наставка (***-νδα***) е присутна и во имињата на градовите ***Korinth*** и ***Tiryns***, во кои завршоците -***nth*** и –***ns*** се нејзини варијации. ***Korinth*** го објаснува како стар акузатив што го заменил номинативот (*****Korinda***), а за ***Tiryns*** посочува дека неговата акузативна форма била ***Tiryn-tha***, каде што се гледа наставката –***nda***. Вториот суфикс што го наведува Брн е –***ēne***, кој се среќава и во ***Messēne, Athēnai*** итн. Подетално е неговото објаснување од она на Илиевски, бидејќи тој го додава и мислењето дека суфиксот –***σσος*** речиси секогаш означувал рамница покрај море и дека истите завршоци (***-s*** и –***nth***) генерално се среќаваат во голем број грчки зборови, кои ***не се поврзуваат со грчки корени***, на пр., ***hyacint, mintha, thalassa, nesòs*** и сл. (Брн 1966: 30). Последната формулација ја забележува и Илиевски (1988: 371).

Друг ономастички елемент, поточно антропономастички, кој, според Илиевски (1998 и 1999), потекнува од предгрчки супстрат е суфиксот –***da-ro***. Во линеарното Б-писмо тој се среќава во имињата ***Are-ka-sa-da-ro, Ke-sa-da-ro*** итн. (Илиевски 1999: 8). Се работи за имињата **Αλέξανδρος** или ***Александар*** и **Κάσσανδρος**, т.е. ***Касандар***, кои се добро познати од античкиот период. Интересно е што се познати како хеленски, или грчки имиња, а Илиевски ги нашол во таблиците од Крит и од Пил, т.е. напишани на линеарно Б-писмо на микенската и на минојската култура, за кои некои авторитети (на пр. Чадвик 1976:1)[2] сметаат дека биле предгрчки култури.

Понатаму, е интересен фактот што Илиевски, во истата статија (1998: 29), предава и некои цели антропоними како *микенски*: ***Πολεματας, Πόλεμος, Πολέμαρχος, Πτολεμάιος (Птоломеј)*** и **Λυσίμαχος** ***(Лисимах)***. Од истата основа ги наведува и ***Μαχάτας***, па дури и ***Μακεδόν*** (Илиевски 1998: 25). Според него (1999:11), други *микенски* имиња се: ***Krētheus, Metanōr, Netiānōr, Orestās*** итн. Имено, и овие имиња се познати и како античкомакедонски. На пример, последното име го има и во основа на името

[2] Овде Чадвик наведува дека и самото име Микена (Mycenae) „му припаѓало на претходно непознат јазик што се зборувал во Грција“.

на цела област од античкиот период – ***Орестида*** **(**која се простирала по горниот тек на реката Бистрица и во областа на Костурско и на Преспанското Езеро).

Во поново време, има и студии што работат врз поопсежен материјал од античкиот период и се задржуваат подетално на ова прашање. На пр., Хацопулос (2000: 103), кој ги дели античкомакедонските имиња што ги истражил на 4 групи: такви со јасна грчка етимологија што можат да се сметаат за епихорски (т.е. локални, карактеристични за одреден регион; на пр., ***Paterinos*** во Македонија); такви што можат да се сметаат за панхеленски (т.е. карактеристични за целиот хеленски свет, на пр. ***Alexandros***, ***Menandros***); јасно одредливи туѓи имиња, на пр., тракиски, илириски итн., како ***Amadokos, Plator, Doules*** итн., и такви што не можат лесно да се идентификуваат како грчки, но можат да ѝ се припишат на која било негрчка група, на пр. ***Bordinos***.

Иако овој материјал не е обемен, од горенаведените примери може да се заклучи дека повеќето топоними од овој антички свет, всушност, се повторуваат на една голема јазична територија што ги опфаќа Мала Азија и најјужните делови од Балканскиот Полуостров, на пример, планината ***Олимп*** во денешна Грција и уште еден ***Олимп***, кој денес го носи називот ***Улудаг*** – во близина на Бурса, Турција. Освен тоа, врвови со името ***Олимп*** имало и во *Ликија, Кипар, Јонија, Лезбос* итн., но и на други места. Според некои автори, и оронимот *Олимп̄* потекнува од непознат предгрчки јазик, додека за етимологијата на оронимот *Пинд* не најдовме никакви податоци (Смит 1872: 480, 630–631), потоа, на градот ***Αλαβάνδα*** во Карија (денешна Турција). Тука ќе ја споменеме и претпоставката дека во Македонија античко потекло има и денешниот град ***Валандово***. Се повторуваат и личните имиња: ***Πτολεμάιος, Μαχάτας, Krētheus, Metanōr, Netiānōr, Orestās*** итн., па дури и структурни елементи, односно наставки. Во антропонимијата, тоа е, на пр., ***-daros*** – во името на кралска династија ***Pixo-daros*** во *Карија*, ***Pan-daros*** – во *Ликија* (Брн 1966: 33), двете малоазиски антички држави, но и ***Aleksan-daros*** – во *Македонија.* Во топонимијата тоа се наставките –***σσος*** и – ***νδα***. Како што може да се забележи, и двете се присутни во цела низа градови и места распрскани низ цел овој малоазиски свет и низ јужниот дел од Балканскиот Полуостров: ***Knossos, Halikarnassos, Parnassos, Korint, Tiryns*** итн.

Од сето погоренаведено, се претпоставува дека во нашата ономастика може да се издвои и еден досега неоткриен слој оними. Според авторите што ги споменавме, овој слој му припаѓа на предгрчки супстрат, т.е. бил образуван од предгрчки народ. А според распространетоста на неговите елементи, тој се наоѓал на територијата на јужниот дел од Балканскиот Полуостров и на цела Мала Азија. Всушност, не е дека не се размислувало во оваа насока. Идејата за постар пелазгиски супстрат не е нова. Но, таа претпоставка „не дозволува јасна диференцијација меѓу етнички, или поточно речено јазични групи“ – и може да укажува на постоење на една широка етничка група, која подоцна се издвоила на повеќе помали (Хацопулос 2000: 101). Имено, можеби и може да се зборува за предгрчки супстрат раширен низ широка територија. Таквото повторување на имиња на места, и особено на имиња на луѓе во една иста јазична, т.е. етничка територија, воопшто не е непознато. Всушност,

се среќава многу често во општословенската топонимија. Како пример можеме да го посочиме топонимот ***Лажани*** – село во: Прилепско, Тетовско, Радомирско во Бугарија, Корчанско и во областа Валона во Албанија, а во формите ***Lužane*** – во српскохрватската, ***Lužani*** – во чешката, ***Ložane*** – во словенечката, ***Lężany*** – во полската топонимија итн. (Заимов 1967: 149). Го има и на други јазични територии. Меѓутоа, што се однесува до таа предгрчка античка јазична територија, која според Папазоглу (1977: 65–83) би можела да се нарече пелазгиска, може да се каже дека иако има некои навестувања, засега податоците се недоволни и сѐ уште не се истражени докрај.

Втората хронолошка наслојка потекнува од латинскиот јазик. Таа е, се разбира, понова и на нашата територија се среќава како дел од поширока наслојка, која, Илиевски (1988: 430) ја нарекува *романизми*. *Романизмите,* според него, сочинуваат три групи: *латинизми*, *балкански романизми* и *заемки од западните словенски јазици*. *Латинизмите*, во рамките на оваа група, се најстариот слој (иако понов од претходно опишаниот), и потекнуваат директно од латинскиот јазик. *Балканските романизми* се понови и тие, главно, потекнуваат од влашкиот јазик и ја претставуваат влашката топонимија на нашиот простор. Третата група, според Илиевски, се најновите топоними.

Директни балкански латинизми се, на пр., ***Бигла*** (< vigilia, ‚стража‘), име на планина, но и на многу помали ороними (рид во: Аржаново, Збажди, Злести итн.), ***Ботун*** (сп. Илиевски, < bot ‚ведро, кофа‘), ***Фурка*** (< furca, -ae), ***Вапила*** (можеби од < vappa, vapor), ***Клисура*** (< clausus, clausura ‚теснец‘), потоа поголем број микротопоними, како: ***Буклија*** (< buccula, buca ‚сад за вода‘), ***Гуша*** (< geusiae ‚грклан‘), ***Кукулон*** (< cucullus ‚качулка‘), ***Кумла*** (< cumulus ‚куп, могила‘), ***Фурна*** (< furnus, furnax ‚печка‘), ***Капа*** (< cappa ‚’рт‘) итн. (Илиевски 1988: 430–432). Кон нив може да ги вклучиме и остатоците од латинскиот јазик како името на селото ***Погулево*** (< pagus ‚селце‘ – Рад.: 71), на планината ***Серта*** (< serta ‚‘ венец, китка – Реч.:576), можеби и на градот ***Костур*** (< Castoria) итн.

Понов слој од оваа група, која, Илиевски ја нарекува романизми, е претставен во влашките топоними. За влашкиот јазик овде нема поподробно да зборуваме, бидејќи се работи за покомплицирано прашање. Имено, со влашкиот народ и влашкиот јазик се занимаваат повеќе автори од кои накратко само ќе ги споменеме: Вајганд (1888), Кларк (1900), Кал (2003), Фридман (2001), Голомб (1984), потоа нашите автори: Марковиќ (2007), Атанасов (1984) и други. Повеќето ги опишуваат влашките говорни групи; на пр. Кал (2003: 205). Тој ги набројува различните групи што му припаѓаат на влашкото малцинство (Мегленоромани, Истроромани, тимочки Власи итн.). Што се однесува до дијалектите, различни автори предаваат различни класификации. Мариоцјану (1975) ги дели на две големи групи, фаршериотски и нефаршериотски, додека, на пр., Капидан (1932) прави територијална поделба на северноароманска и јужноароманска дијалектна зона, кои понатаму ги претставува подетално. Меѓутоа, како и да е, може да се каже следново: општопознат факт е дека влашкиот јазик, како и многу други во Европа, потекнува од латинскиот. А

познато е, исто така, дека и романските јазици во Европа се развиле од говорниот латински јазик, кој почнал независно да еволуира во секоја посебна област во која се користел (Занг 2015: 107). Немаме причина да не претпоставиме дека и на Балканскиот Полуостров не се случувало истото. Значи, можеме да констатираме дека и на Балканскиот Полуостров различни етнички групи, на кои во минатото им бил наметнат латинскиот јазик, продолжиле да го користат како свој. Но, тој јазик низ времето се развивал, па денес го среќаваме како влашки со неговите дијалекти. На пр.: „The first language that split from Latin to become independent one is Sardinian language. Then Central Europe and Balkans were occupied by Germanic and Slavic tribes, Huns and Turks, isolating Romanian from Latin. … “ (Занг 2015: 107). Тоа би значело дека сите говорители и етнички групи на влашкиот јазик можеби не му припаѓаат на едно исто население. Меѓутоа, исто така, логично е и да претпоставиме дека некои од тие говорители се и оригинални наследници на некогашното латинскоговорно население, чиј латински му бил мајчин јазик. Всушност, и истражувачите на влашкото прашање забележуваат такво нешто во литературата. Во своите испитувања некои автори нотираат дека постојат групи Власи, кои се наследници на старо римско население, т.е. на оригиналните говорители на латинскиот јазик, кои го сочинувале автохтоното население на Римското Царство, во минатото познато како Римјани. На пр., Кал (2003: 205) вели: „Терминот Влав ... може да се однесува на различни групи, на *Меѓленоромани, Истроромани и на Тимочки Власи,* ***наследниците на Римјаните или Влахоримјаните***. Кларк (1900: 465), пак, забележува (во врска со Цинцарите): „Strange worshipers were in the temple – shepherds from the Balkans, talking a barbarous dialects of Latin, and calling themselves ‚Romans‘, while they live as savages“. Ова би значело дека, без разлика дали имало и има различни влашкоговорни етнички групи, секако има и еден дел говорители на влашкиот јазик, кои се вистински наследници на старите Римјани и го продолжуваат оригиналниот латински јазик. Тоа можеби би значело дека и некои од влашките топоними би можело да се гледаат како наслојка од латинските. Најопшто, би можеле да кажеме дека влашките топоними во нашата земја се распространети, се разбира, во областите во кои имало и има влашко население – Крушевско, Битолско и Штипско. Некои од нив се поконкретно обработени, на пр., за крушевската област, во докторската студија на Мери Јосифовска. Сепак, ние не можеме да кажеме нешто повеќе за нив и за нивната структура, ниту пак можеме да кажеме нешто во врска со тоа дали некои од влашките топоними на нашата територија се чисто влашки, а други содржат и елементи од други јазици. Само накратко ќе кажеме дека некои од нив се проникнати директно, а некои се дојдени преку грчкиот и претставуваат романско-грчки и романско-словенски хибриди (Илиевски 1988: 430).

Друга наслојка во македонската топонимија е турската. Нејзиното присуство на нашиот терен се должи на петвековното владеење на османлиската држава на нашата територија и најмногу на турското население доселено главно од Азија, кое самото ги создавало тие топоними во местата во кое живеело. Територијално, тие образуваат одредени групи или оази на нашата територија: покомпактно се групирани по линија-

та *Куманово – Свети Николе – Радовиш – Штип – Струмица – Дојран – Гевгелија* и *Скопје –Прилеп – Битола* (Морф.: 8). Освен тоа, има области, кои претставуваат оази на турски топоними што биле или се сè уште населени со турско население, на пр., радовишката област позната како *Јуруклук*, *Валандовско* итн. Генерално, турските топоними кај нас го следат текот на реката Вардар, од двете страни и се групирани околу поголемите градови (Спасовски 2015: 184). Меѓутоа, освен тоа, покомпактно присуство на теренот, кое се покажува најмногу во имиња на места директно и изворно образувани од турското население, турски топоними на нашата територија се образувале и на поинаков начин. Имено, лексеми од турскиот јазик навлегувале во основната лексика на македонскиот јазик и со нив се образувале топоними од македонското население. Примери за првиот случај се: ***Уз ˈун Б ˈурун Д ˈереси, Чакăр ˈăн Б ˈаа Б ˈурну*** итн. (Рад.: 169), а за вториот ***Од ˈаја*** (< oda ‚соба, просторија‘) (Морф.: 149), ***Вулџ ˈанец*** (< fincan ‚сад‘[3]) (Морф.: 151). Притоа, заемањето одело преку секојдневниот јазик, па потоа во топономијата (***Каз ˈан Дол)*** (Рад.: 205) или директно во топонимијата: ***Ѓ ˈол'овето*** (< göl ‚езеро‘; ‚бара‘) (Рад.: 304), ***Д ˈолно Кајначе*** (< kaynak ‚врело‘) (Рад.:197). Во одредени случаи се преземале и цели, веќе образувани топоними од турското население во македонскиот јазик: ***Балтал ˈăко*** (baltalık ‚дел од шума наменет за сечење‘) (Рад.: 305).

Друга позначителна наслојка во нашата топонимија е албанската. Таа е понова и е поприсутна во одредени области, кои се населени со албанско население. На пр., поголема компактност има во дебарскиот крај. И за неа не можеме да кажеме ништо повеќе, бидејќи сè уште не е поконкретно истражена.

Со овој напис, се обидовме само накратко да ги покажеме различните јазични наслојки во македонската топонимија, која е, се разбира, предоминантно словенска. Истовремено, се обидовме да забележиме и дека кај постарите топонимиски слоеви е можно да има таков што укажува дури и на предгрчки слој, т.е. на предгрчки супстрат и дека што се однесува до латинизмите, ситуацијата е комплексна и сè уште бара повеќе истражувања. Исто така, сметаме дека би било важно да се истражат и албанските топоними (регионите во кои се распространети тие, нивното учество во македонската топонимија), трендови, структурни образци итн.

[3] http://www.nisanyansozluk.com/?k=fincan

КРАТЕНКИ

Атанасов 1984 Petar Atanasov, 1984, Le Mégléno-Roumain, Traité de Dialectologie Roumaine/Meglenoromâna, Tratat de dialectologie româneascâ / Craiova

Браниган 1992 *Lexicon of the Greek and Roman cities and place names in antiquity, ca. 1500, Branigan, Keith, Amsterdam: Adolf M. Hakkert, 1992*

Брн 1966 Burn, A. R. 1966, The Pelican History of Greece, London: Penguin Books

Вајганд 1888 Die Sprache der Olympo-Wallachen, nebst einer Einleitung über Land und Leute, 1888, Leipzig: Johann Ambrosius Barth.

Илиевски 1988 Илиевски Петар Христо, 1988, Балканолошки студии, Скопје: Македонска академија на науките

Голомб 1984 Gołąb, Zbigniew, 1984, *The Arumanian Dialect of Kruševo, SR Macedonia*. Skopje: MANU

Занг 2015 Zhang, Huiying, 2015, "From Latin to the Romance Languages: A Normal Evolution to What Extent?" Quarterly Journal of Chinese Studies 3 (4): 105-111

Кал 2003 Kahl, Thede, 2003, Aromanians in Greece: Minority or Vlach-Speaking Greeks?, Minorities in Greece – Historical Issues and New Perspectives, Jahrbücher für Geschichte und Kultur Südosteuropas

Капидан 1932 Theodor Capidan, 1932, Aromânii: dialectul aromân, studiu lingvistic, Bucureşti,

Караманов 1931 Карамановъ, Владимир А., 1931, Дойран и околията му, и българското управление въ тѣхъ през войнатѣ на 1912-1913 г., Кюстендилъ: Печатница на Кооперация Трудъ

Каранис 1972 Charanis, Peter, 1972, Studies on the Demography of the Byzantine Empire, London: Variorum Reprints

Катичиќ 1976 Katičić, Radislav, 1976, Ancient Languages of the Balkans, Part One Paris: Mouton.

Кларк 1900 Clark, Edson L, 1900, Turkey, New York: Peter Fenelon Collier & Son.

Мариоцјану 1975 Matilda Caragiu Marioțeanu, 1975, Compendiu de dialectologie română, Bucuresti, Editura Ştiinţifica şi Enciclopedicâ

Марковиќ 2007 Марковиќ, Марјан, 2007, Ароманскиот и македонскиот говор од охридско-струшкиот регион во балкански контекст [Aromanian and Macedonian dialects of the Ohrid-Struga region in Balkan context]. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите

Морф 2011 Спасовски, Зоран, 2011, Турските морфолошко-лексички елементи во македонската топонимија, Скопје: одбранета магистерска теза на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"

Хацопулос 2000 Hatzopoulos, Miltiades B 2000 "L'histoire par les noms" in Macedonia, London: Oxford University Press

Острогорски 1957 Ostrogorski, George, 1957, History of the Byzantine State, New Brunswick, New Jersey: Rutgers University Press.

Папазоглу 1977 Papazoglou, Fanoula, Sur la Structure Ethnique de l'ancienne Macédoine, Balcanica 8, (1977), 65-83

Папазоглу 1988 Papazoglou, Fanoula, 1988, Les Villes de Macédoine à l'époque Romaine, BCH Suppl. 16, Paris

Пјанка 1970 Пјанка, Влоѓимјеж, 1970, Топонимијата на охридско-преспанскиот базен, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков"

Птолемеј 3, 11 Geography of Claudius Ptolemy, Edward Luther Stevenson, Joseph Fisher, Dover 1991 Book 3, Chapter 11

Рад. 2017 Спасовски, Зоран, 2017, Топонимијата во Радовишко, Скопје: одбранета докторска теза на филолошкиот факултет „Блаже Конески"

Радовиќ-Тешиќ 2008 Радовић-Тешић, Милица, 2008, Пива и Тара у домаћој речничкој литератури, Београд: Зборник института за српски језик САНУ I

Реч. 1996 Олга Иванова, Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје 1996

Смит 1872 Dictionary of Greek and Roman Geography, Sir William Smith, London, Jonh Murray 1872,

Спасовски 2015 Спасовски, Зоран, 2015, Карактеристики на турската топонимија во Р Македонија и нејзиното влијание врз македонската топонимија, Македонски јазик LXVI, Скопје: Институт за македонски јазик

Страбон 6.1. Strabo, 1924, H.L. Jones, Ed. Strabo, The Geography, Lacus Curtius, кн. 6, погл. 1

Чадвик 1976 Chadwick, John, 1976, The Mycenaean World, Cambridge, UK: Cambridge University Press

Литература

Иванова, Олга, 1996. *Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница*. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје.

Илиевски, Петар Христо, 1988. *Балканолошки студии*. Скопје: Македонска академија на науките.

Илиевски, Петар Христо, 1998. *Микенски борбени лични имиња*. Прилози XXIII 1–2, Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Илиевски, Петар Христо, 2000. *Животот на Микенците во нивните писмени сведоштва*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Јашар-Настева, Оливера, 2001. *Турските лексички елементи во македонскиот јазик*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков".

Марковиќ, Марјан, 2007. *Ароманскиот и македонскиот говор од охридско-струшкиот регион во балкански контекст* [Aromanian and Macedonian dialects of the Ohrid-Struga region in Balkan context]. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Пјанка, Влоѓимјеж, 1970. *Топонимијата на охридско-преспанскиот базен.* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков".

Спасовски, Зоран, 2011. *Турските морфолошко-лексички елементи во македонската топонимија.* Скопје: одбранета магистерска теза на Филолошкиот факултет „Блаже Конески".

Спасовски, Зоран, 2015. *Карактеристики на турската топонимија во Р Македонија и нејзиното влијание врз македонската топонимија*. Македонски јазик LXVI, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Спасовски, Зоран, 2017. *Топонимијата во Радовишко*. Скопје: одбранета докторска теза на филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Atanasov, Petar, 1984. Le Mégléno-Roumain, *Traité de Dialectologie Roumaine/Meglenoromâna, Tratat de dialectologie româneascâ / Craiova.*

Burn, A. R. 1966. *The Pelican History of Greece*. London: Penguin Books

Chadwick, John, 1976. *The Mycenaean World*. Cambridge, UK: Cambridge University Press.

Charanis, Peter, 1972. *Studies on the Demography of the Byzantine Empire*. London: Variorum Reprints.

Clark, Edson L, 1900. *Turkey*. New York: Peter Fenelon Collier & Son.

Dictionary of Greek and Roman Geography. 1872. Sir William Smith, London, Jonh Murray.

Friedman, Victor A., 2001. *The Vlach Minority in Macedonia: Language, Identity, Dialectology and Standardization.* Helsinki: Slavica Helsingiensia 21, 26– 51.

Geography of Claudius Ptolemy. 1991. Edward Luther Stevenson, Joseph Fisher, Dover.

Gołąb, Zbigniew, 1984. *The Arumanian Dialect of Kruševo, SR Macedonia*. Skopje: MANU.

Hatzopoulos, Miltiades B., 2000. “L’histoire par les noms” in Macedonia, London: Oxford University Press.

Ilievski, Petar Hristo, 1999. „Multilingual Contacts and Conflicts in the South-Eastern Europe (Reflected in the Mycenaean onomastics)“, *Прилози XXIV 1–2*, презентирано на: VIII интернационален конгрес за југоисточна Европа, Букурешт, 24–29 август, Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Kahl, Thede, 2003. Aromanians in Greece: Minority or Vlach-Speaking Greeks?, Minorities in Greece – Historical Issues and New Perspectives, Jahrbücher für Geschichte und Kultur Südosteuropas.

Katičić, Radislav, 1976. *Ancient Languages of the Balkans*, Part One Paris: Mouton.

Lexicon of the Greek and Roman cities and place names in antiquity. ca. 1500, 1992. Branigan, Keith, Amsterdam: Adolf M. Hakkert.

Matilda Caragiu Marioțeanu, 1975. *Compendiu de dialectologie română*, Bucuresti, Editura Ştiinţifica şi Enciclopedicâ.

Ostrogorski, George, 1957. *History of the Byzantine State*. New Brunswick, New Jersey: Rutgers University Press.

Papazoglou, Fanoula, 1988. *Les Villes de Macédoine à l’époque Romaine*. BCH Suppl. 16, Paris.

Papazoglou, Fanoula, 1977. Sur la Structure Ethnique de l’ancienne Macédoine, *Balcanica 8*. 65-83.

The Geography. 1924. H.L. Jones, Ed. Strabo, Lacus Curtius.

Weigand, Gustav, 1888. *Die Sprache der Olympo-Wallachen, nebst einer Einleitung über Land und Leute.* Leipzig: Johann Ambrosius Barth.

Zhang, Huiying, 2015. “From Latin to the Romance Languages: A Normal Evolution to What Extent?” *Quarterly Journal of Chinese Studies 3* (4): 105–111.

UDC 811.163.3’282

Станислав СТАНКОВИЌ
Универзитет во Приштина
Филозофски факултет, Косовска Митровица, Србија
Институт за српски јазик при САНУ, Белград, Србија

ОПШТ ОСВРТ ВРЗ ВИТАЛНОСТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРЕСЕЛЕНИЧКИ ГОВОРИ ВО ЈУЖЕН БАНАТ

Апстракт: Како резултат на населувањето на АП Војводина по Втората светска војна коешто било вршено во согласност со *Законот за аграрна реформа и колонизација*, во оваа покраина на Р Србија биле формирани нови етнички и лингвистички преселенички заедници, меѓу нив и македонска. Најбројните формации од македонските мигранти дошле од околината на Крива Паланка и на Куманово, од Порече, од Струшко, од Демирхисарско, потоа од Охридско, од Велешко и од Скопско, од околината на Кичево и на Ресен, како и од Полог и од Мала Преспа во Албанија. Оттаму во јужен Банат, во околиите на Панчево и на Пландиште, и денес се сретнуваат значајни лингвистички потврди кои зборуваат за тоа дека на теренот на овие региони во неодамнешното минато постоеле поцврсти преселенички говори на одредените македонски дијалектни типови. Во поглед на поголемата зачуваност на македонските говори во Банат, може, пак, да се констатира дека многу повеќе се чуваат западномакедонските говори отколку северните говори. Југоисточните говори не се земени предвид бидејќи од ова дијалектно наречје има многу малку преселеници.[1]

Клучни зборови: македонски дијалекти, преселенички говори, зачуваност на македонските говори, јужен Банат.

Создавањето на македонската етничка заедница во Р Србија главно се поврзува со формирањето на федеративната југословенска држава по завршувањето на Втората светска војна.[2] Нејзината денешна формалноправна положба во Р Србија, всушност, е дефинирана по распаѓањето на југословенската (кон)федерација во последната деценија на 20 век и во првите години на 21 век кога, впрочем, се случија и поголе-

[1] Овој труд е изработен во рамките на проектот: *Интердисциплинарно истражување културног и језичког наслеђа Србије и израда мултимедијалног интернет портала Појмовник српске културе* (47016), кој во целост е финансиран од страна на Министерството за образование, наука и технолошки развој на Република Србија.

[2] Колку (многу) во новата југословенска држава било актуелно македонското прашање зборува и следниот момент: на 15 мај 1944 година во весникот Нова Југославија М. Пијаде објавил статија во којашто подетално говори за историјата на ова прашање. Тој, меѓу другото, пишува и за националното ропство и за експлоатацијата на македонскиот народ по балканските војни. Разгледувајќи го македонското прашање во поширокиот историски контекст, тој „имплицитно ја поддржува идејата за обединета Македонија, затоа што идејата за независна Македонија ја става во рамките на една балканска федерација“ (Ачковска 2001: 15).

ми глобални општествено-политички промени. (Станковић 2004: 41–48; в. и Хаџиев 1996: 191–200; Милосавлевски 1992: 223–236). Македонската етничка заедница во Р Србија денес има статус на национално малцинство. Положбата на припадниците на националните малцинства, гледано од правен аспект, во оваа држава е утврдена со Уставот, со кој на Македонците, исто како и на припадниците на другите национални малцинства, им се гарантирани дополнителни индивидуални и колективни права во согласност со законите на Р Србија и со меѓународните договори. Оттука, малцинските етнички заедници можат да ги конституираат своите национални совети кои имаат право на самоуправа во културата, образованието, информирањето и во службената употреба на јазикот и писмото. Националниот совет на македонското национално малцинство во Р Србија е конституиран во 2004 година со седиште во Панчево.

На подрачјето Р Србија, како во нејзините периферни делови кон Република Македонија (од Шар Планина до Пчиња), така и во останатите нејзини региони, според официјалните статистички податоци, но и според состојбата на самиот терен, нема автохтоно македонско население.[3] Меѓутоа, непосредно по Втората светска војна во многу краеви на АП Војводина биле формирани нови етнички и лингвистички преселенички заедници, меѓу нив и македонска. Тогаш, во оваа покраина на НР Србија, во најголем број случаи на напуштените германски имоти, во повеќе делови на Банат, Бачка и на Срем дошле над двесте илјади колонисти од јужните краеви на НР Србија, потоа и од НР Црна Гора, НР Босна и Херцеговина, НР Хрватска, НР Македонија и од НР Словенија. Се работи за акција на федералните државни органи која била донесена со законодавен акт, официјалниот назив ѝ бил *Населување на борците и борачките семејства во Војводина*, а колоквијалниот *Повоено населување на Војводина*.[4] Меѓу колонистите најбројни биле Србите (73,5%) и Црногорците (10,5%), потоа Хрватите, Македонците и Словенците, а во помал процент имало и припадници на некои други етнички групации (Ђурић и др. 1993: 86–90; Ђурчић 2006: 71–72; в. и Bara 2010: 159–161). Во оваа колонизација, како и во некои претходни слични општествени и историски околности[5], а како што стои во посочената литература, во значителна мера е изменета етничката, лингвистичката и културната мапа на Војводина. Преселениците од теренот на денешната Р Македонија во најголема мера потекнувале од северните, западните и од регионите на средно и јужно Повардарие, Македонци-мигранти во значителен број имало и од Мала Преспа во Албанија (Trifunoski 1958, Rusić 1958; в. и карта 1).

[3] Сепак, според капиталните историографски студии, во минатите векови голем дел македонско население константно мигрирало кон Србија, но тие преселеници лесно се вклопувале во јазично и конфесионално сродниот српски народ (в. и Радиќ 2003: 228).

[4] Населувањето на АП Војводина по Втората светска војна било вршено во согласност со *Законот за аграрна реформа и колонизација*, кој во 1945 година едногласно бил усвоен од Привременото народно собрание на ДФЈ. Тогаш две различни државно-политички акции, една општествена и една економска, односно колонизацијата и аграрната реформа, во формално-правна смисла се соединети во еден законодавен акт (в. Ачковска 2001: 42; Bara 2010: 159–161).

[5] Станува збор за населувањето на Германци, Унгарци, Словаци, Срби и други етнички групи од 17 век до средината на 20 век. Повеќе за ова види кај: Ђурић и др. 1993: 81–85. Целосна слика за населувањето на Војводина во деценииите по Втората светска војна види, на пример, кај: Ђурђев 1995.

По овие миграции, во Војводина е значително зголемен бројот на српското население а за првпат официјално се појавуваат и припадници на македонската етничка заедница (в. Ђурић и др. 1993: 86–90; Raduški 2003: 429–430; Соколовска 2011: 19–21). Вселувањата на мигрантите се одвивале врз основа на однапред утврден план: компактните делови од имигрантското население со исто географско потекло во групи се вселувале во своите нови населби,[6] при што, се разбира, ги формирале и компактните ареали на своите автохтони и сега преселенички идиоми, всушност на тој начин тие формирале соодветни дијалектни оази на македонскиот јазик. На ова укажува и мојот лингвистички материјал којшто е собран во периодот од април 2012 до август 2014 година во јужен Банат. На пример, во околиите на Панчево и на Пландиште се сретнуваат значајни (социо)лингвистички потврди кои зборуваат за тоа дека на теренот на овие региони во неодамнешното минато постоеле поцврсти преселенички говори на одредените македонски дијалектни типови.

Впрочем, по Втората светска војна, токму во јужен Банат се развило и поголемо миграциско струење од НР Македонија и Мала Преспа. Најбројните формации од македонските мигранти дошле од околината на Крива Паланка и на Куманово, од Поречe, од Струшко, од Демирхисарско, потоа од Охридско, од Велешко и од Скопско (од Скопска Црна Гора и Скопско Поле), од околината на Кичево и на Ресен, како и од Полог (од Тетово и Гостивар со околината) и од Мала Преспа (од околината на Пустец во Албанија). Значително помало движење на населението имало од Тиквешко, од Битолско и од Прилепско, понатаму од Гевгелиско и од Кратовско, како и од Дебарско, од Маврово и од мијачкиот крај (Trifunoski 1958: 6–14; в. и Rusić 1958: 6–13).[7] Во овие повоени миграции единствено нема преселеници од источното и од југоисточното подрачје на НР Македонија (в. карти 1 и 2). Македонските мигранти се населиле во Јабука, Качарево и Глогоњ кај Панчево, и тоа вкупно 1 452 семејства со 7 260 члена, а во Пландиште и во четири соседни населби: Дужине, Стари Лец, Хајдучица и Велика Греда, како и во Гудурица и во Велико Средиште во околината на Вршац, се населиле вкупно 353 семејства со 2 095 члена (в. карта 3).[8] Меѓу колонистите од НР Македонија, според Ј. Трифуноски (1958: 6, 40, в. и 20–23) и според Б. Русиќ (1958: 6, 16–19, 25–26), многу побројни (повеќе од 95%) биле Македонците (заедно со Србите, како што подвлекува Ј. Трифуноски), а имало и мегленски Власи, Цигани и Цинцари, како и неколку поединци Арбанаси и Руси; сите мигранти биле православни, освен неколку цигански семејства и Арбанаси, кои биле муслимани. Од три големи македонски региони, Крива Паланка со околината (Славиште со делот од Горна Пчиња, кој по Втората светска војна ѝ припаднал на НР Македонија, и дел од Осоговието), Куманово со околината (најмногу од пространата област на

[6] За ваквото групирање на доселениците пишува и Ј. Трифуноски (1958: 18).

[7] В. карти: Pravci migracija (Trifunoski 1958: 7) и *Predeli u Makedoniji iz kojih su naseljenici u sedam sela vršačkog dela Banata* (Rusić 1958: 14).

[8] В. и карти: *Jabuka, Kačarevo i Glogonj sa svojom širom okolinom* (Trifunoski 1958: 5) и *Sedam sela vršačkog dela Banata u kojima ima naseljenika iz Makedonije* (Rusić 1958: 8). Всушност, картите 1 и 2 во овој труд се направени врз основа на решенијата од соодветните карти на Ј. Трифуноски (1958) и на Русиќ (1958).

Жеглигово) и Поречe, дошле повеќе од две третини доселеници (Trifunoski 1958: 6–14; Rusić 1958: 6–13).

Во науката за македонскиот јазик, како што е и познато, македонските народни говори се делат во три основни формации: западно, источно и северно наречје. Врз основа на бројот на мигрантите и нивното автохтоно географско потекло можеме да заклучиме дека во лингвистичката композиција на македонските доселеници во јужен Банат повеќе зеле учество говорители од северното наречје, одн. носители на најјужните призренско-тимочки дијалектни типови, како што се нарекувала оваа преодна српско-македонска дијалектна зона од двете страни на денешната државна граница во поранешната србистичка литература, но сè почесто и во поновата наука за дијалектите на српскиот јазик (спореди и Шмигер 1995: 99–101). Освен говорниците во миграциите на најзастапеното северно наречје, во значителен број се појавуваат и носители на западното, а потоа и на југоисточното македонско наречје. Мошне интересен дел од македонскиот мигрантски лингвистички мозаик претставуваат говорителите на централните македонски идиоми кои му припаѓаат на западното наречје и ја чинат основата на македонскиот стандарден јазик. Тука спаѓаат доселениците од Поречe, Кичевско и Демирхисарско, како и мигрантите од велешкиот, од прилепскиот и од битолскиот крај. (Види: Видоески 1998: 9–31 + карта; како и Ивић 1985: 118–125 и 2009: 149–188; Станковић 2006: 141–149 и 2012: 153–161). Дел од актуелните истражувања кои се, пак, направени во Пландиште покажуваат дека лингвистички куриозитет, најмногу од аспект на историската дијалектологија, претставуваат малубројните говорители на конзервираниот западнопреспански говор. Тоа се неколку живи колонисти и една не голема бројка на нивни потомци и потомци од другите преселеници од Мала Преспа во јужен Банат (в. Rusić 1958: 11–12, 49–53; Видоески 1998: 339–351 + карта). Во поглед на поголемата зачуваност на македонските дијалектни оази во јужен Банат, денес се најинтересни македонските етнолингвистички заедници во Пландиште, во Јабука и во Качарево.

Како илустрација за виталноста на македонските преселенички говори во јужен Банат, овде ќе биде предаден еден сосема мал дел од над стотина страници транскрибирани разговори снимени (вкупно триесет и пет часа) во Пландиште, Јабука и Качарево во периодот од април 2012 до август 2014. Приложениот материјал е од седум различни дијалекти од Македонија, три од западното македонско наречје, три од северните говори и еден од преодните тиквешко-мариовски говори кои спаѓаат во југоисточното македонско наречје, и е снимен во интервјуа со осум информатори: Кадифка Чабиловска од Глобочени (Пустец, Мала Преспа), родена 1927, од 1946 живее во Пландиште, омажена за Македонец (КЧ); Доља Ничевска од Глобочени (Пустец, Мала Преспа), родена 1930, од 1947 живее во Пландиште, омажена за Македонец (ДН); Неда Чабиловска од Бешиште (Мариово), родена 1936, од 1947 живее во Пландиште, омажена за Македонец (НЧ); Бошко Несторовски од Јабука (по потекло од Ташмаруништа, Струшко), роден 1953, од 1953 живее во Јабука, оженет со Македонка (БН); Трајко Симуноски од Осломеј (Кичевско), роден 1932, од 2008 живее во Јабука, оженет со Македонка (ТС); Василка Здравевски од Брвеница (Тетовско), ро-

дена 1965, од 1984 живее во Пландиште, омажена за Македонец (ВЗ); Станко Стефановиќ од Буковљане (Кумановско), роден 1916, од 1946 живее во Качарево, оженет со Македонка (СС); Кузман Стоилковски од Добровница (Крива Паланка), роден 1941, од 1946 живее во Качарево; оженет со Македонка (КС). При запишувањето на овој материјал се користени современите фонетски принципи на запишување на македонски дијалектен материјал според фонетската транскрипција на Б. Видоески (1998).[9]

Бидејќи се работи за дијалектен материјал собран од говорители кои веќе долги години живеат во Србија (освен ТС кој 2008 дошол во Јабука, се преселил да живее кај своите деца, кои, пак, од Кичевско во Банат дошле 1990) и делумно го зборуваат и српскиот јазик, дијалектните особености на одделните родени говори не се зачувани во целост. Со оглед на фактот дека говорителите живеат во средина каде што официјалниот јазик е различен од нивната дијалектна база, тоа, од една страна придонесло некои дијалектни црти да се зачуваат подолго (отколку на изворниот терен каде што можат да се изгубат под влијание на стандардот), а од друга страна, довело и до интерференција на мајчиниот јазик и јазикот на средината, т.е. српскиот јазик. Оваа интерференција се јавува на сите јазични рамништа, вклучително и на фонетско-фонолошкото рамниште.[10]

Пландиште

Глобочени (Мала Преспа)

Т’аму сме р’одени, во-Глоб’очани јас сум. [Која година сте родени?] Дваесс’едма. [А колку години бевте таму во Глобочани?] Да-п’очниме од-поч’еток. Јас да-ти-к’ажам и-сл’ику, ‘ако с’акаш. Од-ш’еснаесет г’одини сам ‘имала. Сега ќе-ти-кажам т’ука ја бев ш’еснаесет г’одини, ја бев кр’упна н’е-бев в’аква и т’ука сам ј’а, т’а: е н’ошња н’аша од-Глоб’очани. ‘Овде-ми-е бр’ат-ми В’ел’ко, ‘овде-ми-е В’асил’ка, ‘една ако зн’аеш, грејо во-шк’олото, ‘ова: му-е-дев’ојката на-В’ел’о, а ‘овој В’ел’о ко-с’ад п’рво да-ти н’е-причам тоа-ми-е бр’ат н’ајстари. Вел’о, Лазо наш с’едум-д’евет д’еца, а-ј’ас-сум н’ајстара ќерка, а по-В’ел’а ‘имам ‘еден брат Л’азо, го-зн’ае Љ’убица, п’осле гр’едам ја, па Цв’етко ж’ив-ми-е, а-В’ел’о и-Л’азо ми-се-’умрени и Л’еко ми-е-’умрен и т’ака. [*А В’асилка к’ѐде е?*] В’асил’ка, ‘ево-је. С’естра-ми е т’аа, п’ет-

[9] Овде, посебна благодарност ѝ должам на проф. д-р Веселинка Лаброска за целосното преслушување на аудиоснимките и помош во регистрирање и бележење на акцентските и фонетските црти во приложените и останатите дијалектни текстови. Инаку, интервјута ги има водено Лилјана Лазареска, блиска познаничка на информаторите. Во разговорите учествуваат Љубица Граоавац (по потекло од Глобочени, родена во Качарево 1953, живее во Пландиште), Станислав Станковиќ и неколкумина блиски роднини на информаторите. Прашањата и коментарите на Л. Лазареска се предадени во аглести загради и тие се напишани со нормални букви; прашањата и коментарите на останаите присутни исто така се ставени во аглести загради, но ти се напишани со курзивни букви.

[10] За поголема прецизност во обележувањето на изговорот на африкатите /ќ/ односно /ѓ/, таму каде што информаторите ги изговараат овие гласови како во стандардниот српски јазик (со поизразена палаталност), се употребуваат буквите од српската азбука, т.е. ћ и ђ. Помеѓу поголем број на консултираната дијалектолошка литература се наоѓаат и овие студии: Видоески 1962, 1984; Конеска 1951; Лаброска 2008; Станковиќ 2015, 2016; Станковиќ, Лаброска 2016; Стоевска-Денчова 2004; Цветановски 2010.

шест г’одини ко-д’ојде т’ука. [Василка што има син во Скопје?] Од-Г’орана пр’ичам, тој е Г’оран на-В’асил’ка, ја до’јсе т’ука за- гл’асање, ‘еве-ја В’асил’ка, т’оа-ми е с’естра, м’ала д’ојде т’ука. [Кое годиште е Василка?] Па ш’ест г’одини ‘имаше, ја н’е-знам к’ојa г’одина се-в’оди к’ога д’ојде, ја-н’е-знам к’ојa г’одина се-в’оди, н’и-сам зн’ала ни з’а-мене. Ја п’уштив во-Алб’анија ми-д’ојде л’ично т’ачно, ‘овде др-жав’јанство д’обивме ко-б’еше мал, ко-го-р’одив Р’исте, ‘онда не зн’ееме, ‘изгоре с’елото н’аше ние не-зн’аеме, јас се-в’одам дваесе-’осма, Ј’ордан д’едото се-в’оди дваесет’осма, к’ако ни-р’екоа ст’арите, се ни-’изгоре докум’енти. [Која година изго-реа документите?] За-вр’еме Талиј’аните ко-д’ојдоа, Талиј’анците и Герм’анците, ќе-ти пр’ичам о-т’оме. И-с’ад ов’ако, ја да-ти-п’очна од-п’рви р’азред ко-’одеме шк’оло во- Алб’анија. П’рви р’азред т’огај ‘имав седум-г’одини.

* * *

Т’ака, и-сад п’очнаме н’ие да-’учиме на-’албански п’рви р’азред. Ј’есте б’и-ли код М’итрета, е-с’ад ‘оној и-’онда п’рви разред ‘ојдоме в-шк’оло, ‘имеме ‘учи-тел ‘албански, тој ‘учител ‘имаше ж’ена Г’ркиња, али во-шк’олото н’ие ко-’учеме ч’етири г’одини не-ни-д’авее да-збор’уваме мак’едонски, ‘албански, ако ‘албански прог’о:’еше ‘едно ст’оле ‘имаше в’ака ќе-ти-кл’аеа рӑците ќе-ти-напр’авеа пл’а-ви, да-не-прог’овориш, ‘игра:ме п’упана, а-д’ома не-ни-бр’анеше н’икој. И-с’ад зав’ршиме н’ие ч’етврти р’азред н’ие и-с’етне, ут’идовме, не-ти д’окажав у-ств’а-ри д’оби н’аредба да-се-шк’олова становн’иштвото, ц’аро наш во-Алб’анија, и-т’ако б’иде, ‘имаше п’остари д’евојки и-п’омали не-ги-п’уштија пл’атија к’азна, а-м’ојот т’атко н’емаше да-пл’ати и ‘учеме, ќе-’ојте да-’учите да-не-пл’атваме к’азна, а-н’а-шите род’ители се-на’учија во-план’ињето со-’овците во-план’ината и со-овч’арите раб’отеа кај алб’анските, зн’ееја ‘албански и-т’оа им-б’еше шк’оло на-м’ојот т’атко и на-м’ојата м’ајка, која б’еше од-Макед’онија. И-т’ако з’аврши то: шк’олото.

* * *

С’етне д’ојде еден-’авион п’омина п’ушти л’истичи, н’ие б’еме с’ите во-с’ело-то, д’ојде тој ави’оно в’ели под х’итно да-се становн’иштво, ја-го-ч’итав б’аш т’оа пап’ирчето, в’ели под-х’итно за-с’ат вр’емена да-се становн’иштво с’ели во-ш’у-мата н’аиде в’ојска кај-т’оа ц’адето, ‘отака д’ојде в’ојската Тал’ијанци и-Г’ерман-ци и-д’ојде н’ие пр’ојдовме в-пл’анина т’ога. Пр’ојдовме в-пл’анина и ‘ете д’ојдоја Герм’анците, Итал’ијаните го-опк’олија с’елото н’аше Глоб’очани. Е-с’елото н’аше т’ука б’еше ком’уната, ‘татко мој б’еше п’рви т’огај ‘имаше п’артизани и-’албан-ски и- н’аши, овч’арите в’ојници, м’оже не-сте-в’иделе, е-т’амо ‘има една-рамн’и-ца г’оре Глоб’очани п’огоре во-план’ината и-т’аму и д’ржевме партиз’аните, т’атко ќе-ни-д’аеше ќе-му-н’осеме на-овч’арите к’упус и-дв’а-листа в’ода, да-з’ајсиме в’е-чера, а-в’олците н’асекаде по-план’ината. Т’атко и-’оној Д’умовски П’андо и-Ј’оше Б’ардов т’ие се-’умрени, е-т’ие б’еа во-ком’уната баш, ‘имаме и-к’омуна и-шк’ола, и с’ега во-П’устец б’ила к’омуната и-т’ако и-’ојдоме н’ие в-пл’анина све и да-ти-пр’и-чам шк’олото го-зав’ршиме. И-с’етне д’ојде н’аредба да-б’ере в’ојници, ко-Тал’ија-ните да-б’ере в’ојници п’ослето как’о-беше, н’е-можа да-се с’етам, ко-’урваме, ко-се

осл'ободи, ко-'урваме од-план'ината, и-д'обивме н'аредба да-'оде в'ојници т'огаш. Талиј'аните у-ств'ари ни-го-зап'алија с'елото све, али с'етне се-осл'ободи д'ојде (ј)'еден ј'ави да-'ово м'есто е-сл'ободно и к'ога 'урваме н'ие од-план'ината д'ојдоа едни-Б'угари. Талиј'аните ни-го зап'алија с'елото, п'ошто парти'зани што-нап'раија, не-тр'ебеа тоа да-го-д'адат и з'атоа с'етне н'ие в'идоме м'ака. И-т'ука пров'алија два ками'они три, на-т'ој зав'иокот, к'ога се-'иде за-К'орча, дв'а-три ками'они ко-пров'алија сѐ-т'оа б'еше в'ојска, в'ојска, в'ојска све се-с'ечам, каде-а-с'торија т'аа в'ојска, кај ја-з'ајсоа т'аа в'ојска н'е-знам, ги-зар'обија, т'ие ками'они п'аднае по-т'оа стрмн'иштето, ко-да-'идеш во-план'ината и-т'ако 'остана то. И-п'осле д'обија н'аредба да-се- 'иде в'ојска, к'ао. В'ојска да-се 'иде, а н'ејќеа н'ашите во-'Албанија да-'оде, св'рши тој р'ато т'огај со-Талиј'аните и-н'ашите 'едно ш'еесет омлад'инци и-в'ише 'испратиме до-гр'аница, св'е се се'чам и-м'ајку и-д'еца и све си-д'ојдоа во-Макед'онија. Т'ука смо дос'елени баш во-Макед'онија, по-Кач'арево, по-Ј'аболко, н'ајвише, н'ајпојќе...

* * *

[Ајде малку за овој живот во Глобочани, во детството што сте играле со вашите другарки ако сте можеле да играте, ако сте имале време. Каков бил тој живот?] 'Одличен ж'ивот. С'упер. И н'ие с'етне ко-зав'ршивме ск'олија, не-ти-к'азав, д'ојде Ит'алија, зав'ршивме ск'олија 'ојдоме на-екск'урзија, 'ојдоа п'уно од-шк'олото. Во-Ит'алија, н'е-бев ја, пл'акав ја, тој ден 'уште ми-се-пл'аче. [Што Вие не отидовте?] Н'емаше п'ари т'атко, др'угите с'ите 'ојдоа, ја не-'ојдов. Г'олеми п'ари, тр'ебаше, татко н'емаше п'ари. Т'одорка б'еше, б'еа с'ите. А Д'ина тр'еба да-'ојде, ја н'е-ојдов, тр'ебаше п'ари н'ешто ја н'е-знам к'олку т'ие л'еки. К'олку пл'акав ја, 'оваа Т'одорка Ј'анковска ми-пр'ичаше ј'ако л'епо б'еше, не-ми-к'ажвајте р'еков. И-т'аму се 'идеше, во-ф'илјан ено-м'есто, во-Пол'анија на-л'упен'е к'укуруз кај-Алб'анците, т'атко 'имаше м'ајка... „н'иедно н'ема да-'ојте т'аму", а-л'еб н'ememe. [А што не ве пушташе да одите таму?] К'ој-да ме-п'ушти? Не-ме-п'ушташе т'атко. З'атоа што т'аму тие Т'урците, н'е-знам ја, Павл'еица б'еше, н'аша 'оваа јат'ӑрвата, т'аа б'ила т'аму, ги-п'ушти К'иро чуп'ин'ата, т'аму в'ели т'ешко-е ск'оро с'ите 'ова: Л'ена, Д'оневци, т'ие ж'ените 'одеа т'аму, а т'атко не-н'а-пушти. А В'ел'о б'еше м'омок и Л'азо ч'уваа кр'ави, В'ел'о пр'аеше ќ'умур, 'угаљ, ќ'умур пр'авеа во-план'ината, да-пр'одае, да-д'ојси д'рва, а н'е -мога да заб'ора(в)ам ко-го-кл'аде м'ајка к'отлето. 'Оџак 'имавме со-к'отле, со-с'инџир и ск'ува м'ајка к'укуруз, м'исир, како-д'а-р'еча ч'енка. [Како викате во Глобочани, како викате?] М'исер, заб'оравам м'исерно бр'ашно, м'исерен леб ј'адевме и ни-ги-кл'аде м'ајка ни-го-'искува, ни-п'осоли со-м'алу сол и н'ие го-пој'адовме, т'оа н'е-могу да-заб'оравам. И д'ојде т'атко, д'обро ко-д'ојде ќе-н'осеа р'иби, т'овар, 'угаљ да-пр'одае, 'угаљо го-прод'аваа и ќе-ни-д'ојси т'атко бр'ашно. Раб'оташе т'атко т'аму кај-едни-л'уѓе, 'увек му-д'аваше, во-Глоб'очани, т'ие б'еа б'огати л'уѓе, со-б'еговите б'еа т'аму, т'атко к'ај-ними и м'ајка к'ај-ними најп'оеќе р'аботеа за-'опинци и за-п'арче леб.

Кадифка Чабиловска, 86 години

Глобочени (Мала Пресӣа)

Јас се-в'икам по-дев'ојачко Мал'евска, а по-'ова на м'ӑжо Ничʼевска, по нам'ӑжа-ми. Г'одина три'еста сам р'одена, во Глоб'очани, и с'естри б'еме пет. Т'атко-ми 'имаше пет бр'атја, т'атко-ми мој и 'една с'естра 'имее во-п'ет бр'атја б'ее т'ие. А т'аа с'естра му-'умрела мл'ада, ј'адна, а од-ч'ега 'умрела ја то н'е-знам.'Овие Мал'еите б'еа п'рви во-с'елото во-м'ојата пор'одица М'али 'имее п'етсто 'овци, п'етсто к'ози т'ие си-'имее. 'Али то б'еше од-др'уги д'едовци прад'едовци и п'осле см'ањија м'ало. И т'ака, м'ило. [Како ви се викаа сестрите, братот?] С'естрите ми-се-в'икее ј'една Ф'анија, ј'една Д'ина, на-Л''убица м'ајка-е, Д'ина, М'енка, Б'исера, пет б'еме с'естри. Јас се-ф'атив, Г'ина две, Б'исера три, Ф'анија ч'етири, М'енка пет. Пет с'естри б'еме. [Сите се дојдени во Македонија?] Не т'а: М'енка ни-'умре т'амо во-м'естото н'аше, во-Глоб'очени. 'Она б'еше од-в'елики к'ашаљ и 'умре ј'адната. Н'ие сја т'уа д'ојдоме четириесʼедма г'одина, али б'еме поп'алени од-Н'емците, не Талј'аните, 'односно од Талј'аните. Н'емците се-'удрија на-'едно м'есто Б'игла се-в'икаше и се-'удрие т'ие партиз'аните и Н'емците и п'осле т'ие не пог'ореа нас. Ост'анаме н'ишто да-н'емаме со-(ј)'ено д'елче, со-т'оа што б'еме обл'ечени и п'осле м'ајка-ми, д'ојдоа с'етне д'ојдоа во-'овие др'угите с'ела да му-д'аје н'екое дај му н'екој со-ст'ап да и-б'ркае. Ј'адната, м'ајка-ми м'оја. Д'еца б'ее д'оста пет б'еме и 'еден брат 'имев и т'ака, м'ила м'оја. Н'екој дај, н'екој поб'ркај. [Колку години имавте кога дојдовте ваму?] Ја 'имав дв'анаст г'одини, од-дванʼаесе г'одини д'ојдов т'ука.

* * *

[А се сеќавате ли на нешто таму во Глобочани, како ви било, какво ви било детството, што сте работеле, што сте се играле?] Па да к'ако да-н'е. Се сʼеѣам, си 'игреме д'еца со-'она, кʼоцка је в'ике т'аа, со-к'онзерви и си-'одеме на-'оние к'укаљки, шт'уки ги-в'икаа 'овде. Св'ашта бре, к'ао д'еца. [Како ви се викаа игрите, имавте ли другарки?] Кʼоцка т'о: се-в'икаше со-'она конз'ервата, та: к'оцка се-в'икаше. Друг'арките 'имев: К'ата, Д'ол'а, 'исто к'ао м'ое 'име, Цв'ета. 'Имеме д'оста и др'угарки и са-в'олеме, са-н'осеме н'а-кркач ов'ака. Н'а-кркач. [Што работевте друго во детството до дванаесет години?] Н'ишчо т'аму б'еше м'ало м'естото н'аше сир'омашно од-дван'ајсе г'одини нѐ-з'емее нѐ-н'осее во-'една ш'ума да-н'осиме за-ст'оката, ш'ума 'она ќе-с'ечее и пр'аје 'оние л'истници, к'ојзнае како и в'ике:. 'Имее ст'ока. [А во училиште одевте?] Во-уч'илишче 'одев до-тр'еќи р'азред. И п'осле ма-'изваја м'ене од-шк'олото т'атко-ми и бр'ат-ми пр'аее ќ'умур т'аму, ф'урни л'ожеа к'ао за-прод'авање да- н'осе по-другит'е-села, н'осее со-тој ќ'умурот. [Помагавте ли вие да се направи ќумурот?] Д'ете бев, н'е-одев ј'аска. Т'атко-ми и бр'ат-ми 'оде, н'е-одев ј'аска. Т'атко-ми б'еше бач, раб'оташе 'овој мут'еница, м'азовје, п'утер изв'аваше, тој ми б'еше ј'ако вр'еден, т'атко-ми. [А мајка ви?] И м'ајка-ми вр'една ми б'еше. М'ајка 'имам леп'ота. Д'обра б'еше м'ајка. 'Али со-т'атко-ми сл'або ж'ивее. Л'епа в'аќе м'ајка, ко-л'утка.

Доља Ничевска, 83 години
Бешиште (Мариово)

[Вие сте родени во Македонија?] Да, да во Б'ешиште. Јас се-в'икам Чаб'иловска, Јов'ановска Н'еда, мом'инското, а н'егово пр'езиме Чаб'иловски. 'Останав ја б'ез м'ајка 'уште од-ч'етири г'одини. Јас з'а-мене н'е-знам 'општо н'ишто, с'амо к'олку з'адното вр'еме не-гл'едаше стр'ина-ми, з'аедно б'евме со-стр'ика-ми и со-стр'ина-ми, т'аа нас нѐ-ч'уваше 'исто к'ако н'ејзино д'ете, п'ојќе нас нѐ-ч'уваше. Бев м'ала и 'имав бр'атучеда 'една и ќе-'ојме кај-д'едо-ми, д'едо-ми ги-ч'уваше 'овците д'алеку к'олку од-'овдека до-П'авлиш, м'ожда и под'алеку, т'ака кол'ибите к'ај-нас б'еа, по-н'ивјето да-се-гн'ојат. И стр'ина з'амеси леб во-цр'епни и кл'аде во-'една т'орба во-две-т'орби и на-маг'арето ќе-'ојме. 'Ама стр'ина р'ече, П'етра се-в'икаше бр'ачеда-ми, „П'етро, н'емој да-ја-к'ачвате Н'еда да-не-п'аднит од-маг'арето". Па 'одевме ко 'од-овде, к'ако да-в'и-речам, до-м'остот 'овдека к'ога ќе-изл'езете од Пл'андиште. И ме-к'ачија на-м'агаре. И к'ако 'ојше т'оа маг'арето, а 'имаше к'амења Макед'онија и ја се-п'ул'а во-то: и т'оа м'агарето м'увата го-ф'ати и ја п'аднаф од-маг'арето, на еден к'амен и ја-скршив р'аката, 'еве-ја ск'ршена. 'Али не-с'е-вратив в-с'ело, а бл'изу с'елото. От'идовме во-кол'ибата кај д'едо-ми и брач'еда-ми му-в'ика „Н'еда п'адна". „К'ај-падна?" Т'аму и т'аму. И-т'ој рак'авчето ми-го-п'открена, а р'аката веќ нат'ечена ми-б'еше и го-тов'арија то: маг'арето, со-шт'о, ја и н'е-знам и си-д'ојдовме д'ома. К'уќата ни б'еше г'оре, а д'олу т'аа и в'ика, „М'ајко, м'ајко!" „Шт'о-е с'ине?" „Н'еда п'адна и ја-ск'рши р'аката." Т'аа м'ислеше да-е-л'аж, л'еле, ко д'ојдовме д'ома р'аката 'олкава от'ечена, потс'ината, да-не-'е-беше срам и-стр'ав од-т'атко, 'оти ќе-р'ечеше т'атко не-ми-ги-ч'уват м'оите д'еца. П'очна та: да-пл'ачит, што д'а-прајт, к'ао бај'аги т'етка зн'ае да ја пр'ави р'аката т'аму и 'овдека е, па д'ојдена т'ука к'оската. Т'аја три:, ја п'ишти. Н'ишто и т'ака н'екое вр'еме ст'ана т'атко ме-'однесе во-с'елото кај-м'ајка што б'еше др'уго с'ело, Вит'олишта се-в'икаше т'оа, В'елигден ќе-ме-н'осит, ме-'однесе и ко-з'аспав ја т'ие ме-кр'енале и ме-н'оси кај 'еден ч'оек и тој ч'овекот ко п'очна д'а-ми-ја тр'иет, и д'а-ми-ја вл'ечит в'ака, ја 'одеднаш се-р'азбудив и ко-п'очнав да-вр'иштам и тој не-ми-ја-н'амести. Д'едо-ми, ќе-д'ојдеше, нам'ајка т'атко и ќе-д'ојдеше к'ај-нас г'ости, 'од др'уго с'ело, 'идеше и ќе не-п'огледа д'ека сир'ачиња, и ќе-ми-в'елеше м'ене „'ајде с'ине, кр'ени-ја р'аката", ја н'е-можам. И т'ие се упл'ашија д'а-не-ми се-'исушит р'аката и да-'останам чк'улаа, т'ака м'алу по м'алу з'арасте.

* * *

И 'ајде п'ошто 'имавме д'оста 'овци, т'атко б'еше 'овчар а стр'ико б'еше д'ома, в'одеше р'ачун за н'а-пазар д-'одат, Пр'илеп, и т'атко му-в'ика на-стр'ика, „ќе-се д'елиме". „К'ако", р'ече стр'ико, „ќе-се-д'елиш што ќе-пр'ајш со-'овие д'ецата м'али, с'о-толку 'овци една ф'анела", р'ече, „и со-т'олку в'олна, една ф'анела и 'едни г'аќи 'имам, а јас и-ч'увам 'офците, на-м'есец д'ена 'идам да-се-пр'еслечам." И се-под'елија, и т'етка-ми, с'естра на-т'атко... р'ече, „јас бр'ата, сум-ви-к'ажал... " т'аа 'идеше т'етка, ни м'есеше л'еп и п'осле ја-пушти ќ'ерка-е, а т'аа 'имаше шесн'аесет-седумн'аесет г'одини, а т'аа со-друг'арките си-б'еше кл'ај-ја цр'епната 'извај-а, кл'ај-го с'ачот, ч'етири л'еба цр'епни с'амо л'ебот зап'ечи-го од'озгора и др'уги. И ко д'ојде

т’атко ‘од-дрва, т’о: памтам, и му-в’ели д’едо „‘ајде да-веч’ераме“ на-т’атка. А т’атко м’ене ќе-ми-р’ечеше „клај грав во-’едно т’енџере или к’омпири ц’ели“, и ќе-ги-л’’у-пеме комп’ирите и ќе и-с’ечеме и п’иперки с’уви ќе-ги-св’аревме и ќе-ги ст’олчевме пип’ерките и комп’ирите з’аедно, л’еле, к’акво ј’адење б’еше, м’ал’у л’’утеа. И ко в’иде т’атко, ‘еден леб ф’рли-го, др’угиот ф’рли-го и т’ога му-р’ече на-д’еда „‘отсега ја ќе-му-д’адам на-ч’упето да-м’есит“. „К’ако ќе-м’еси“, р’ече д’едо, „то: н’е-можит да-д’и-шит“. „К’ако ќе -м’еси, т’ака ќе-го-ј’ајме, т’оа ќе-г’о-меси, јас ќе го-п’ечам.“ И ст’ана тој, ви-к’ажувам, тој б’еше мн’огу п’аметен ч’овек. Н’оќви ми-н’аправи за-м’есење, ст’олици пр’аеше ‘обични, р’азбој, све пр’аеше, л’еле, јас ќе-м’есам, тој ќе ми-т’ураше в’ода, јас со-рач’ињата в’ака, ќе ми-се-нап’олнеа т’есто р’ацете, ‘удри ги-рач’ињата од-т’оа шт’иците и пл’ачи и к’ако ќе-м’есев т’ака с’олзите ми-т’ечеа во-т’естото. И се-с’еќам ја, т’етка ќе-нѐ-п’ерит и ќе-з’емеше в’олна и ќе-му-р’ечи на-т’атка: „П’ејко, ја з’едов в’олна“, в’ели. „‘Ако з’еми-си“, а т’ие н’емаја, т’аа м’ораше да-з’еми ќ’ерка-е да и-спр’емат р’оба, к’ако ‘ова што ви-ја-п’окажав.

* * *

И јас се-с’еќам т’аа ч’ешма б’еше с’ите п’ереа т’аму и ја ‘отидов т’аму и т’аа и уш ‘една б’аба од-с’елото н’аше, т’аа ме-п’отсети и ми-в’ика м’ене, „‘ела да-си-ја-’измииш гл’аата, да-се-’измиеш“ р’ече ‘оваа ж’ената, ја к’ако што си-’играв т’аму и се-л’изнав од-в’одата од-т’оа што б’еше з’елено, јас си-р’еков ќе-се-’удавам, то б’еше пл’итко и н’ишто т’ака. П’осле т’атко р’ече, „на-’школо н’ема да-’ојш, д’ома ќе-с’едиш“, јас со-м’етлата м’ети, дв’орот, к’ога ќе-го-м’етев, ул’ицата д’ури д’ека уд’олнина, д’о-долу д’о-пат, д’о-пат ‘Имавме л’оза, г’оре гр’озје к’ао на-ч’ардак, ‘уживаф. Н’адвор сп’и-евме, дв’орот н’е-беше з’аграден к’ај-нас, сѐ отв’орено б’еше. Едно-вр’еме партиз’а-ните пом’инаа крај-двор’иштето н’аше. И в’ујко-ми, „е“, р’ече, „‘еве и д’ецата м’ои“, м-’избаци в’ујко и си-з’амина. П’артизан б’еше и т’атко ко-д’ојде му-р’еков в’ака, „в’ујко Сп’иро“, р’еков, „б’еше“, „‘ако“, р’ече, и со-’една б’аба зб’ореа за-парт’иза-ните и т’аа му-в’ели, а јас си-’играв окол’у-ними. М’итра се-в’икаше т’аа б’абата и му-в’ели на-т’атка, „л’еле, П’ејо, н’ие зб’орваме, ‘ова ч’упето ‘ако к’ажи н’егде, ќе-не-’издај“. „О“, р’ече, „н’емој да-се-пл’ашиш ‘од-неа н’ема да-ч’уеш збор ‘еден“. И в’истина на-н’икој н’ишто, ја. И-то: п’омина, и т’атко партиз’аните г’оре на-гр’едите, а Буг’арите и в’одеше на-ј’адење к’ај-нас, В’одици б’еше п’ивтија ‘имаше напр’аено т’атко и дв’амина б’еа, а партиз’аниве г’оре. Т’атко р’ече „н’емој н’ешто да-ми-пр’ајте, и з’а-вас ќе-’има ј’адење и з’а-ними, што ќ’е-праат д’ецата б’ез-мене“. Т’атко кл’аде на-трп’езата ‘оно ‘округло и т’ие с’еднаа, шт’о-е и н’ие с-’играме со-бр’ат-ми. И тој му-в’елит, „па кај ти е-домаќ’инката“, а т’атко в’ика „н’емам ја дом’аќинка ми-’умре“. „Па кој ти-ги-ч’ува д’ецата, ‘ете с’ами“. „Ти ќе дојш во-шк’олото, с’амо ќе-се-ј’авиш и н’ема да-б’идиш, с’амо ќе-се-ј’авиш, ко да си во-шк’олото.“ „Па“, р’ече т’атко, „к’а-ко м’ислите, а т’ие се с’ами. Н’емам ни дом’аќинка, н’емам ни с’естра, н’емам н’и-кого“ и го-ослоб’одија т’атка. Н’емаше збор да-се-р’ечит, ‘имавме к’ај-нас, го-в’икаа п’одрумот з’емник, а д’ека од-к’амење к’уќите пр’аени, а д’олу б’еше д’олг ко ‘одовде до-’онамо, т’оа т’ука да-б’иди в’олната, сир’ињата, све, све, ст’омниња беа зак’ачени,

а во с'обата 'имавме една д'упка в'ака, ал' се затв'ораше т'аа д'упката и д'олу ск'али ќе-си-сл'егвавме к'ога ни-тр'ебаше да-си-з'емеме н'ешто. Ќе-'одевме н'ие со-брат-ми дв'ајцата, т'емница со-б'оринче, и тој ќе ми-р'ечеше, „'ене-ја м'ајка", а н'ие м'ајка не-зн'аевме к'ако изгл'едаше и б'егај 'од-неа, б'егавме 'од-неа к'ако в'истина, не-зн'аевме, се-пл'ашевме.

Неда Чабиловска, 77 години

Брвеница (Тетовско)

Ја сум В'асилка Здр'авевски, од-с'ело Брв'еница, од-Т'етово, Макед'онија. 'Овде сум м'ажена за-Здр'авевски 'Аце к'оји и тој е-Мак'едонец. Тој и н'еговите р'одители [*Али ја не знам да ѓоворим македонски.*] су б'иле д'ојдени 'уште п'орано, за-вр'еме на-колониз'ација, т'ака да и т'ие [*Али ја не знам...*] се пр'ави Мак'едонци. [Он не зна да говори?] „Д'обро, пр'екини сад." И се-м'ажив 'осумдесет и тр'ета г'одина, т'ака од-пр'илика, во-м'естото Пл'андиште. 'Едно д'обро, 'убоо м'есто, к'ао 'општина Пл'андиште. Се-м'ажив овде, 'имам три д'еца, два с'ина и ј'една ќ'ерка. Р'аботев во-фабр'иката „Пл'антекс" Пл'андиште ск'оро п'етнаесет-дв'аесет г'одини, с'е-з'атвори. Се-затвори и т'ака с'ега тр'енутно ост'адовме сам без-р'абота. М'ажот ми-р'адит во-„Н'апредак" Пл'андиште. Ж'ивиме од-нег'оата пл'ата. Па зад'оволни сме со-ж'ивотот. Ф'ала Б'огу, здр'ави сме, ж'иви сме. Вр'еме ко вр'еме, пр'оаѓат на-с'ите, д'еца р'астат. Што би др'уго да-к'ажеме? 'Имаме св'оја к'ујќа, св'ое дв'ориште, свој мир.

* * *

М'ојте се-с'ите во-Макед'онија. 'Имам бр'ајќа, 'имам с'естри. Се-слушн'уваме по-н'екој-пат. 'Идам ч'есто во-Макед'онија, ме-вл'ече да-'идам т'амо, во-Брв'еница, Т'етово. [Па кажи, како се осеќаш кога ќе одиш тамо.] Т'амо 'одвај ч'екам да-'одам, н'екој пат с'онувам да-'одам во-Макед'онија. Др'аго-ми-је к'ога ќе и-в'идам м'ојте, т'ије м'ене, ја њих. Мн'ого се-пром'енило, д'еца пор'аснале, бр'ајќа, с'естри. Си се-ож'ениле, си се-м'ажиле. Као св'екое вр'еме што пр'оаѓат. 'Отидам т'амо, и т'ија без-р'абота ост'анаа, врем'иња та се т'ешки, ал се-б'орат н'екако, жив'ееме. Б'итно да смо здр'ави и ж'иви, па др'уго све ќе си-д'ојe на-св'ое вр'еме. Кога ќе 'одам т'амо, се-в'идам со-ц'ела фам'илија, ц'ела фам'илија ми-је т'амо. Т'аа фам'илија ми-је-Н'овеска фам'илија, пот'ичаме од-т'атко ми, од-д'едото Н'ове. Т'ие жив'ееле во-Б'отуше, Г'орно или Д'олно, ал знам да-се-в'икат Б'отуше. Н'икојпат не-с'ум-била во-т'оа П'оречје. Т'о-е П'оречје к'ао Мак'едонски Брод се-н'аоѓат, ал 'нисум б'ила н'икот во-т'оа м'есто, ал к'ажуват да је-ј'ако 'убоо м'есто. Т'ија се-пр'ави Мак'едонци, пор'ечани, од-Б'отуше. М'ајка-ми је од-Р'авне, 'имала и т'аа пет бр'аќа, 'едина с'естра, се-м'ажила за-т'атко-ми. 'Ете, напр'ајла п'еторо д'еце со-нас. Ф'ала Б'огу, с'ите здр'ави, пр'ави, м'ажени, ж'енети. С'ело ко с'ело, н'екој 'има, н'екој н'ема, ал 'иначе с'елото к'ао Брв'еница е 'убоо. Ми-се-'идет ст'ално, п'оведам и д'ецата, ги 'учам да-зб'орат мак'едонски. Зн'аат да-зб'орат, н'екое сф'аќат, н'екое н'е-сфаќат, ал се тр'удат и с'акаат д-'идат во-Макед'онија. Поѓ'отово ќ'ерка, 'Ивана, баш с'акат да-'иде во-Макед'онија. Т'аа и н'екој пат се-ш'алит, с'акат и да-се-м'ажи во-Макед'онија. 'Ако му је ср'еќата, и н'ека

се-м'ажит, не н'ишто н'ејќе да-му-ф'али. Ја 'овде, т'аа т'амо и н'ишто н'ејќе да-му-ф'али. [...] Е, да, к'ога ќе-'одам т'амо, 'имам п'осле ќе-да-ме-вл'ечет да-'идам. 'И-сега ме-вл'ечет. 'Имам бр'ајќа, 'имам с'естри, вн'учиња, преун'учиња, т'етка сум, б'аба сум. Зн'ачи, све пом'алку ме-'има. [Кога ќе отидете во Брвеница, кај кого одите]. К'ога ќе-'идеме во-Брв'еница, н'ајвише си-'одев кај т'атко-ми. С'ега т'атко-ми п'очина. С'ега 'идем кај брат-ми, кај сн'ајките. С'о-ними т'ака по дв'е-три н'едели с'едиме, ц'е-ло л'ето ск'оро. Д'ецата т'амо 'исто се-'уклопат во-т'аа ср'едина, се-тр'удат да-зб'орат мак'едонски и н'екој пат н'е-можам да и 'осетам дал д'ал-су дал н'е-се Мак'едонци ил да ј'есу Мак'едонци. Зн'ачи, си-с'акаат д'еца, си-'имаат тај г'ена к'оја ги- вл'ече за-Макед'онија. 'Иначе, от'идеме, 'имам и в'ујковци, 'имам т'етки, 'имам стр'ичеви и, зн'ачи, ц'ела фам'илија мак'едонска ми-је-во-Брв'еница. 'Иначе, во-ц'ела М'акедонија ги-'имаме, и ги-'имаме и в-Ск'опје, 'имаме и в-Пр'илеп, 'имаме и в-К'ичево. Зн'ачи фам'илија је г'олема.

Василка Здравевски, 44 години

Јабука

Ташмаруништа (Струшко)

В'ака, с'еедно 'ајде, м'оите се-д'ојдени 'овде четирисш'еста г'одина. Т'атко-ми е од-Ташмар'униште, Стр'ушко. [Како се вика?] Ташмар'униште. М'ајка-ми е од-Глоб'очица. Исто т'аму, од-М'акедонија. Н'ие сме р'одени 'овде, јас сум пеестр'ећа г'одина сум р'оден 'овде, т'ука 'имам с'естра, четириестр'еќа, т'аа е н'ајстара, т'аа е у-ств'ари, т'аму е-р'одена. А 'овде 'имам две с'естри, е с'еа д'али четириес'осмо, четириесд'евето и н'ие два бл'изнаци пеестр'ећо г'одиште н'ие сме 'овде р'одени. Шк'оло си-'одевне 'овде н'ормално, зав'ршивме осмол'етка, п'осле 'одев ја, п'очнав к'ао тргов'ачка, не ми с'е-фати и н'апуштив. Се-з'апослив во-„Мешона" т'аму, у-ств'ари р'аботев п'рво во-ст'аклара, па во-„Меш'она" па во „Шт'иркара", во- фабр'икана в'аму, па п'осле 'отидов во-„Петрох'емија" т'аму да-р'аботам, и с'еа не-р'аботам н'игде пр'аво да ти к'ажам. К'ако технол'ошки в'ишак сум 'одбацен и т'ака. Ќе-с'едниме 'овде ќе-ч'екаме до-п'ензија... [Уште малку до пензија?] 'Уште три-г'одини. [Уште малку.] Па д'обро м'алку е 'ама ако н'емат п'ари. Ж'ената, т'аа раб'отеше во-„Аз'отара", рест'оран, т'аму р'аботеше и к'ако се-пр'одаде рестор'анот, т'аа 'има триесш'ес г'одини стаж, ама н'емат три и пол г'одини пл'атено, е с'еа со-'оно што р'екоа повез'ивање ќе-б'иди пр'еку држ'авата, па т'аа ако д'обие п'ензија ќе сп'аси н'ешто, 'иначе 'ова в'ака б'огами ќе-ни-б'иди т'ешко. [Немате ниви кај би работеле?] Па н'ема, с'ега по-'овие 'огласи, с'ите б'арат, с'ите б'арат мл'ади, кој ќе ме-пр'ими м'ене, м'алтене. [Не, викам можда со земјоделие се занимавате, имате каде.] Д'обро си-'имаме д'ома б'авча, в'иноград си-'имаме д'ома, п'иперки, патл'иџани си-с'адиме т'оа. 'Ако ро'ди гр'ојзето, 'ако б'иди 'убао в'иното ќе-го-прод'ајме ако не... Н'ешто ќе-м'ора да-се-р'аботат. Во-П'анчево ж'ивеев, д'обив стан од-„Петрох'емија", т'аму ж'ивеев 'едно, ск'оро дв'аес г'одини. И с'инот к'оа се-'ожена р'еков, ти 'оди во-ст'анот... ж'ената т'аа 'единка и т'ука нас дв'ајца сме с'ами, н'ема др'уги, ст'арите 'умрее и т'ака ј'уче ренов'иравме,

раб'отевме т'аму...[Добро и убаво место е Јабука.] 'Убаво, ја сум кај ...т'аму г'оре кај што е играл'иштето ф'удбалско 'одма т'ука пр'еку сум. [Па и блиску сте во центарот.] Бл'иску сме. Да, не-сме на-н'екој ц'ентар, н'екој с'аобр'аќај... д'еца п'ушти-ги н'адвор ич н'ема г'ајле. [Убаво место и чист е воздухот за разлика од Панчево.] Ма да. [Река имате овде, имате сите услови.] Па д'обро с'ите 'услови, П'анчево не-е д'алеку. [Па и не е ни далеку што дваес минути, сега имате градски автобус на секој половина саат, така да...] Ма да бре, мил'ина 'има 'има. [Не ви е некој проблем.] Е т'оа, др'уго? [Сето она што ви фали овде може да го надокнадите во тој град а...] Д'обро, п'ази, ко ќе-тр'еба да-п'ојдам в-град м'ене ми-е-см'рт, пр'аво да-ти-к'ажам. К'ога ќе-тр'ебе да-п'ојда за-н'екој докум'ент или н'ешто, а н'е-дај б'оже да-се-р'азболи ч'овек, т'оа е и за-т'ие дв'аес г'одини што ж'ивеев ја П'анчево, ја д'есет г'одини пр'ојдов во-Ј'абука, одрж'авав т'аа б'авча, т'аа к'уќа, б'аба-ми б'еше ст'ара, ...ж'ената во-см'ена, ја во-см'е-на, д'ецата б'еа м'али, шк'оло 'одее, т'ака да ја комуниц'ирав Ј'абука – П'анчево со-биц'икл ст'ално, т'ука б'еше бл'иску... бл'иску е-'онде, шо-ми-тр'ебаше м'ене п'етнаес м'инути со-биц'иклот да-д'ојдам до-Ј'абука. [Малку рекреација.] Ма, да бре, к'ако да-н'е.

* * *

Пр'аво да-ти-к'ажам, во-Макед'онија м'ие б'евне седамд'есет и ч'етврта г'одина в'ојска. Б'евне у-Ск'опје п'рво три м'есеци, па п'осле н'екако ја к'ако сум м'алку п'ошерет од-бр'ат-ми ср'едив н'екако да-п'ојдеме во-'Охрид в'ојска и т'ака да н'екои с'едум 'осум м'есеци б'евме во-'Охрид. С'екој 'излазак 'оттука б'еше Стр'уга ќе-'о-девне кај-н'аши д'ека, т'аму н'аши, од-н'ашата р'одбина, фам'илија. Н'ие сме 'овде м'ожда тр'иес п'осто, а седамд'есет п'осто се-т'аму, м'ене-ми тр'ебит, да-н'е-речам да-е-то мн'огу, м'ене два м'есеца ми-тр'ебит да-п'ојдам од-куќа до куќа да-ги-в'ида с'ите, к'оа ќе-п'ојдам, н'е-знам, Стр'уга, во-'Охрид да-п'ојда т'аму 'имам од- стр'и-ко-ми с'естри 'ово 'она, да-п'ојдам в-Ск'опје на-пр'имер ми-тр'ебит... а т'аму не-с'ум-бил, пр'аво да-ти-к'ажам с'игурно 'едно дв'аеспет г'одини. Н'е-сум-бил Макед'онија ич, 'ама се-ч'увиме и со-тел'ефони. Т'ие м'алку не-'идет в'аму и н'ие, не-да-н'ејќиме да-п'ојме, н'его ст'арите 'умрее е с'ега кај ст'арите в'ише не с'е-оди, с'ега се-'оди кај мл'адиве, 'ама кај мл'адите не-е с'ега т'оа то к'о-што б'еше п'орано. Т'ие се и в-град в'ише, н'е-се в-с'ело. Т'аму в-с'ело ст'ари к'уќи п'адвет... т'аму в-град 'имает што 'има-ет колку 'имает. Н'емает з'а-нив што се-в'ика с'еа да-п'ојдиш т'аму да-му-с'едиш ти, м'оеш 'еден р'учек да-п'ојдиш да-се в'идиш, а н'екому да-му-с'едиш ти д'есет д'ена б'огами и з'ато пр'аво да-ти-к'ажам не-да н'е-можам, д'а-не-ми се-'ојт, мн'огу ми-се-'ојт, 'али едн'оставно 'има кај д'а-ода, а и-н'ема кај д'а-ода. Р'азбираш? [Да, нема, оние контакти со младите некако се малку..] Ма да, и 'таму 'имат од-брат-ми п'окојни 'исто 'имат два бл'изнака. Т'аква ни е н'ас с'емката бл'изнаци, и с'инот ќе-'имат бл'изнаци...

Бошко Несторовски, 60 години

Осломеј (Кичевско)

С'ум в'одел во-с'елото, б'евне ш'еесет д'уши, мл'адинци и мл'адинки, меш'овити. Оф'ормивне три игра'орни групи. Па-ја им-св'ирев, ја и пр'ипремав за-'излет на-'играње ко-ќе-'ојме. Сне б'иле во-Б'итола, во-'Охрид, во-Ск'опје, на пр'иредби и 'увек п'рвата гр'упа н'аша се-б'ила на-п'рво м'есто. И со-н'аграда и со-п'офалби и све то. До'бро, др'угите м'алу п'омлади, неоп'итани, н'ие б'евне 'одбрани п'рвата гр'упа и т'ака. Су-уч'ествувал мн'огу и т'оа ми-е-х'оби во-ж'иотов, ја с'ега кајда 'ода, инструм'ентите с'о-мене ги-н'оса. Пог'отово фр'улата, б'ез-неа н'е-ода и в-це'нтар ко-ќе-'ода в-п'алтово ја-н'оса. Е с'ега в'аму кај што-бев во-Аранѓ'еловац в-п'алто ми-б'еше и-св'ирев и во-аут'обус и т'амо. Л'уѓе се-см'еат н'екои, р'азни 'имат. Пр'аво да ти-к'ажа, мн'огу з'атворен 'овде н'ародов, с'ега 'имат и-С'рби, 'имат и-Р'умуни, 'имат и-Мак'едонци. Мак'едонци од-р'азни кр'аеви 'имат. 'Имат и од-'Охридско, 'имат и од-Б'итолско, 'имат и Стр'ушко и К'ичевско и Бр'оцко. Пог'отово од'авде 'имат мн'огу од-Кр'ива П'аланка, пал'анчани. 'Ама паланч'аните м'ене п'ослабо ми-се-св'иѓаат к'ако л'уѓе, 'извини да-не-си-т'и 'од-таму? [Не сум не, ја сум од Струмица.] Не за др'уго, 'ама н'екој т'ермин др'уг 'имаат, не т'олку с'акан т'ермин м'еѓу л'уѓево. Н'есакан т'ермин, н'екако с'ебичност н'екоја п'остои, н'ешто. В'иди н'ие сне с'ите Мак'едонци по-пр'ашање 'ама з'ошто и да-се-д'елиме на-гр'упи? Н'ие сне чисток'рвни што се-в'икат, од-'иста к'олепка да-речам к'олепка, к'олепка е од-д'ете па д'ури си п'орасол, к'олепки се-в'икаа д'ецава што ги-л'ул'авне, с'ега др'уги церем'онии 'имаат и т'ака.

* * *

Ја пет д'еца су-'имал, ч'етири ќ'ерки и 'овај д'етево ми-е-н'ајмал, Бр'ане. 'Ама н'ема м'есто к'ај-што су-н'е-бил, б'ило тоа на-'играње б'ило то: св'адби, б'ило то:. И к'ако б'еќар, св'адба кај што се-з'апрајт и т'апани кај што 'имат м'узика, ја п'рв т'аму, без-р'азлика д'али, др'угари ќе н'ајда, ако не др'уго. И м'анастир сме-'оделе, 'имаме г'олем м'анастир на-Богор'ојца на-двајсп'рви с'ептембар. Г'олема Богор'ојца на-дв'ајсосми 'август, то-ни-е и сл'ава, с'елска сл'ава. В'елигден, Б'ожиќ, В'одици, т'ие се-т'ешки пр'азници з'а-нас, и в'есели. 'Едвај ќе-ч'екаш да-д'ојдат т'ие пр'азници, па да-'удриш д'обро в'есеље, да-се-расп'оложиш и да-се-ст'авиш со пог'олема гр'упа на-л'уѓе, 'оти ќе-д'ојдат л'уѓе и к'ои не-ж'ивеат т'ука. А 'оттука се, или се-р'одиле н'екаде на-др'уго м'есто д'ецата н'ивни, али тој ден ќе-д'ојдат. Пог'отово за-В'одици, и во-Ам'ерика 'ако-се и од-'Америка ќе-д'ојдат за-т'ој-ден. Од-Б'еоград, од-Ск'опје од-к'аде 'има од-Б'итола, 'Охрид, сѐ-т'ука се-нац'ртани. Н'ие сме м'ало, со- четирес'етина н'егде к'уќи. Под'елени сне на дв'а-крста, п'орано 'одевне п'о-куќи, по-с'екоја к'уќа, 'ама с'ега напр'ајвне д'омој. Ја 'исто бев организ'атор зат'ие д'омој и бев прец'едател на црк'овниот 'одбор и 'успеав и 'убедив сел'аните да-напр'авиме п'ошто в'идов на-с'ите с'ела гр'адат т'акви р'абоќе. Да-и-ослоб'одиме к'уќите с'екаде кај ќе-појш в'алкаш, вр'емето л'ошо, па со-кал ќе-му-вл'езеш д'ома и т'ака. С'ега ги-напр'ајвне 'овие две х'али, 'имаат к'ујни, п'осебно за-муз'иката, п'осебно за-'играње, п'осебно за-с'едење, 'астали, кл'упи, п'осуѓе, све шт'о-е п'отребно

за-ј'адење, т'ањири, в'иљушки, н'ожеви, шп'орети по-два, р'афтој, ма све, сѐ од-то: ср'едено к'ао н'екоја к'уќа опр'емена д'обро.

* * *

И 'едниот крст и др'угиот. Е с'ега, т'ие се м'алу п'ојќе 'од-нас, н'ие сне два-трин'ајсет куќи, н'ашиот к'рст, горно-м'аало ги-в'икаме н'ие, т'ака с-наз'ива:т горном'аалци и долном'аалци. Т'ие се т'аму н'егде п'ојќе 'околу дв'аесет и с'едум к'уќи, д'олниот крст, 'ама ние сне м'алу пов'есели пош'ироко заф'атени, н'е-знам, и м'алу поб'огати, р'ечено. И к'ај-нас м'алу пов'есело, 'иако сне п'омалу, т'ие ќе-д'ојдат к'ај-нас, н'ие не-'ојме к'ај-ними. Пр'имер в'ака, н'ие м'алу по'убаа м'узика ќе-дон'есиме. 'И-тие м'узика 'и-ние м'узика, н'емат... али за-т'ој ден, пр'аво да-ти-к'ажа, к'оа ќе-не-су, 'еднаш бев Бања-Л'ука м'орав да-п'ојдам кај-ќ'ерка ми, на-т'елефон се-ј'авив, д'есет д'уши се-изр'едија на-тел'ефо:н в'икаат: „З'ошто, бе, ни-з'амина?", в'икаат „н'емаме т'акво в'есеље штом не-си-т'и пр'исутен 'овде к'ај-нас". И ж'ените ми-в'и-каат „ко ќе-д'ојш ти зн'аеме д'ека ќе-б'идет в'есело, 'ако не-си-т'и д'ојден н'ишто в'икат н'емат". Т'ака су-ј'а, по-трад'иција и со-в'икање и со-организ'ирање, ја 'ода до-с'екого, го-б'уцка, го-м'ава, 'ајде ст'ани, 'ова-'она, н'екој с'еди се-'ужмурил ст'а-ни, ќе-го-ск'орна и да-н'ејќет. Да-'оживет м'естово кај-што-сн'е, т'аков-су по-трад'и-ција. И т'ака ти-к'ажува, т'аму к'рстот се-в'рзует на-ос'амнајсти, не на-сед'амнајсти н'авечер се-ојт со-к'рстот в-ц'рква. В-ц'рква в-К'ичево, в-ц'ентрална ц'рква. Т'аму п'опој 'имат и т'аму се-в'рзујет к'рстот. Се-п'ејт в'ода, и с'екој крс си-'идет д'ома. И ојт по-прај'ателі к'ај-што се н'екаде да и п'оштркат д'ома да-ги- бл'осуе, к'ој-не-се во-с'елото. А в'ечерта у-'очи дев'етнајсти, ојт 'од-куќа д'о-куќа к'рстот и бл'осует. К'рстот шт'ркал, ч'есен крст, „ср'еќно и бер'иќетно да-се-р'оди пч'еница, пч'енка. Да-се-р'одат т'елиња м'ашки, ж'енски, да-се-р'одат, д'еца м'ашки, ж'енски", све тоа т'ака знајш. „Да-се-р'одат сл'иви, ј'аблка", све тоа р'едом, на-дев'етнајсти, саб'ајле р'ано во-шест с'атот 'ојме в-ц'рква. Т'аму дв'ата к'рстој се-зб'ира:т. Цел н'арод т'у-ка се-зб'ират пр'ед-црква. И се-пр'ајт таа церем'онија. 'Огон 'имат з'апален, к'анти со-в'ода се-припр'ема:т, к'умојте се-ф'аќаат в'ака у-ч'етворка и 'овие с'ефте шт'рка-ат к'умојте по-н'ародот, бл'осуаат и шт'ркаат, п'осле и-к'апат со-в'ода, со-к'анти в'ода ќ-и-'окапат, од-гл'аве до-п'ете што в'икаат. П'осле 'имат вн'атре, опр'емено-е све т'опло-е, ќе-се-пр'еслечат и све во-р'ед ќе-б'идит. 'Од-тука 'ојме п'о-куќи на-'и-менден, кај што 'имаат 'име. П'осле т'оа во-тр'и с'атот се- зб'ираме в-дом. До-тр'и, до-ч'етири с'атот саб'ајле. Др'угиот д'ен 'исто т'ака, ж'енски, м'ашки, све, д'еца, све што п'остојт.

Трајко Симуноски, 81 година

Качарево

Буковљане (Кумановско)

Па р'одени смо т'аму, у Макед'онију. [Како Ви се вика местото кај сте родени?] Б'укољ'ане, Б'укољ'ане, с'ело. [А која година сте родени?] Шесн'аесте.[И со колку години сте дојдени ваму?] Овде'-смо четриесетш'есту дојд'ени н'его, четриестш'есте г'одине, колон'исти. [Ај раскажете ми малку, со кого дојдовте, како беше, како патувавте?] Е, как'о б'еше, добро, дојд'омо п'осле овд'ека, кăд доб'имо з'емљу, 'едно др'уго, ту'ека, што и т'ука по-з'адруге бидн'амо, по-з'адруге пр'ифатно и так'ој. Пров'оди вр'емето, р'ади, т'рчај. С'ăг па-н'ишта не-р'адимо остар'есмо с'ăг с'едимо с'алте.

* * *

[Што работевте таму во селово ваше до пред да дојдете ваму?] Што ќе-раб'отимо там, па 'орамо с-вол'ови, там 'орамо с-вол'ови, з'емља, каменљ'иво там, се-'ора так'ој, к'оси лив'аде, 'овце ч'увај, с'ено д'ени т'аму 'едно др'уго, тој-ти-е раб'ота т'амо. Т'амо ш'ума 'има, равн'ице с'тои на-т'ој, д'енемо ш'умицу за-к'озе, на-з'иму р'ани к'озе, 'овце, там м'оже 'има код-вас ил-н'емате ш'уме? [Има, има..) А, т'ај д'енемо ш'уму, т'ам на-з'имо р'ани к'озе, 'овце, т'ако је б'ило т'ăг. [А што садевте таму, по полето што садевте? Во нивите што садевте?] 'Рж, ечим'ен, ов'ăс, зоб, туј с'адимо т'амо. Кукур'уз не-гр'окље куде-н'ас, кам'ење 'тамо. [А компир?] Кромп'ири, б'ива комп'ири, комп'ири. По-'оне пл'анине комп'ири пос'ади-ву п'укне овај, м'ајка-му ст'ара, расп'рска-се овд'ека како он комп'иро, б'еше он в'оду п'уштал, код н'ас н'ема в'оду да-п'уште н'его п'укне, 'овај ко-кукур'узно бр'ашно, каменљ'иво м'есто. Кр'омпир усп'ева т'амо, 'рж, 'рж, коп'аја сам ....так'о, р'ж пор'асне. 'Рж пор'асне гол'ем, п'осле с-к'оњи в'ршимо т'амо ми. А к'од в'ас как'о се-в'рши т'амо?

[Прво со коњи, после со машини, ама ај раскажете како изгледа тоа со коњи да се врши, што се прави?] С-к'оњи как'о се-в'рши, скроз се-поуб'ија овак'ој и п'осле к'оњи зал'иста 'около на'около, к'оњи в'рш'еше, сл'аму м'еш'аше са-в'иле, под'изај, за-з'иму, за-вол'ови, за-к'оња за-'едно др'уго, так'ој је-б'ило, р'аниш вол'ови, к'оњи сас-с'ено, сас-сл'аму, с'ено м'ешаш, и 'сено 'има т'ам, лив'аде код-н'ас, а овд'ека па д'етел'ина ј'ели 'ишла, а код-н'ас нема д'етел'ина там, к'аки д'етел'ина, лив'ада и т'ако. Т'амо жн'ееш сас-с'рп, не ко-овд'ека, машин'ерија едн'о др'уго, срп се-жн'ее по-з'емљу. Сн'опови в'ржеш, сн'опови в'ржеш п'отоа крст'ину напр'аиш и п'осле в'ршиш. Па с'ăг поч'ињe да-се-жн'еје код-н'ас, Петр'овдан, с'ăг. Поч'ињe да-се-жн'еје, на-р'уке жн'ејеш, овд'ека маш'ине в'рше, едн'о др'уго те.

* * *

[Каква ви била младоста?] Мл'адоста, д'обра е-б'ила, р'ади-се т'рчи-се, сăг не-в'аља не-м'ож се-р'ади тăг је-д'обро б'ило.

[Дали се сеќавате на нешто од тоа?] Т'ăг је-д'обро б'ило, р'ади ч'овек т'рчи. Па д'обро је-б'ило тăг, ч'увамо д'еца, едн'о-др'уго, к'уќа... те ч'увамо чет'ири ќ'ерке, с'ина тој... и т'ако б'ило-је д'обро док б'еше б'аба ж'ива, па и-сăг др'уги в'оде ред 'опет, ја

с’еду-си н’ишта не-р’адим, не-м’огу да-р’адим в’ише. Д’оста сам рад’ија. [Колку години имате сега?] Девеесеи’осма тр’еба да-е с’ега, па шесна’естта, кој зн’ае да-рач’уна, др’уги ми-рачун’аја, ја не-зн’ам да-рач’унам в’еќе, рач’унам, забрав’и рач’уни, ќе-забр’аву как’о се-в’икам н’ешто не-ќе... Е т’ако-је.

Станко Стефановиќ, 97 година

Добровница (Кривопаланечко)

Јас сум р’оден четириесетп’рва г’одина, а четириесетш’еста с’ум д’ојден во-Кач’арево и во-Кач’арево м’оите род’ители се-б’авеа, р’аботеа земјод’елство. Д’ржеа, д’ржат кр’ави, св’ињи, к’окошки, к’ојa г’одина се-форм’ираше земјод’елската з’адруга, инвент’арот и к’оњите ги д’адоа во-з’адруга. Задр’угата б’еше три-г’одини. П’едесе и вт’ора г’одина се-р’аспадна. Од-п’едесет и вт’ора до-н’ивниот смр(т) т’ие се-б’авеа со-земјод’елство. Н’ие д’еца к’ако р’астевме т’ака и пом’агавме, р’абота с’ите зав’ршивме з’анат, за-с’ите ‘имавме б’анкет к’ога ‘одевме в’ојска, св’адби и п’осле, п’отоа с’екој си-пр’авеше св’ое домаќ’инство. (Ј)Едниот брат (ј)една к’уќа, др’угиот вт’ора к’уќа и ја к’ао треќ, н’ајстар, п’оследен д’ојдов ‘овде. ‘Има тр’иесе и пет г’одини к’ако сме ‘овде д’ојдени.

* * *

Па као-д’ете м’ислам дека н’е-ми б’еше л’ошо, с’ите р’аботи ги-р’аботев, д’омашните р’аботи зн’аев, в’арива да-в’арим, кр’ава да ‘измолзам, да-е-н’аранам, св’ињите така, мл’екото да-го-св’арам, да-’изрибам и да-ги-ч’екам родит’елите к’ога ќе-д’ојдат од-р’абота. ‘Играф, да-к’ажеме, т’опка или ф’удбал т’опка до-дв’аесет и ч’етири г’одини. Т’огај пр’екинав в’ише и т’огај н’е-беф фудбал’ер. К’ако д’ете, како млад ‘одев на-з’анат во Скр’обара за-машинбр’авар три г’одини, п’осле кога з’авршив з’анат т’ука и ‘останав да-р’аботам. ‘Оттука ‘отидов у-’армија н-дв’аесе и ч’етири м’есеци. ‘Имав ср’еќа скраќ’ење ш’ест м’есеци, сл’ужев осумн’аесет. П’отоа д’ојдов пак се-з’апослив во-Скр’обара, шест г’одини т’ука ‘уште р’аботев, па ‘имаше д’обра пр’илика во-мл’екара и сѐ до-п’ензија р’аботев во-мл’екара. П’атував со-св’оја к’ола.

* * *

[...] К’ако да-се-н’е-сећам. Т’атко-ми к’ога раб’отеше во-р’удник, м’ајка-ми напр’авила м’олба да-д’ојде као колон’иста во-Б’анат. М’олбата се ‘одбила. Т’аа повт’орила м’олба, се-прихв’атила. Со-п’рвата м’олба м’ожела да-от’иде во-Ј’абука, т’аму д’евер и ј’атрва и н’ивните д’еца. ‘Али п’ошто повт’орила само дв’ајца кол’онисти од-Добр’овница се во-Кач’арево. Т’атко-ми к’ога в’идел ги-спр’емила ств’арите и д’ецата, тој н’апуштил р’удник и д’ојде. Не му се св’иѓаше ‘овдека ‘али н’ема к’аде и ‘остана д-см’ртот ‘овде и м’ајка-ми. Б’еа многу вр’едни луѓе, м’ајка-ми пог’отово б’еше. Сѐ зн’аеше да-р’аботи и м’ашки и ж’енски р’аботи и др’уштвена б’еше.’Имам два бр’ата, п’омл’ади се ‘од-мене и (ј)’едниот е-д’ојден со-м’ене, а тој најмл’адиот е-р’оден ‘овде четир’исет и-с’едма г’одина. Се’стри н’емаме. К’ако родит’елите збор’уваат, н’ие сме д’ојдени четириесш’еста година. С’елото б’еше колониз’ирано, ‘останале ст’арите м’а-

ли куќи, н'екои н'емале пр'озор, н'екои н'емале вр'ата, од-инвент'ар н'ишта, 'оделка н'ишта, со-т'орбиче и 'една п'огача леб п'очна да-се-р'аботи. На-п'ет к'уќи 'еден коњ је-д'аден, на пет или на с'едум к'уќи 'една кр'ава, н'ема ни-с'ено ни сл'ама да-ј'адат и т'ешка м'ука п'рвата г'одина, п'осле кој-си-се к'ако сн'ашол. П'рвите г'одини мн'о-гу т'ешко, мн'огу л'уѓе се и вр'атиле 'одма к'ога в'иделе к'ај се-д'ошле и н'азад. [...] 'Учефме, јас 'одев во-мак'едонско уч'илиште ц'ела н'астава. С'ите, до ш'ести р'азред, ш'есто оддел'ение, п'осле се и с'рпски и д'ецата од С'рбија и д'ецата од Макед'онија се-пом'ешаа и д'иректор б'еше Макед'онец на-с'ите. Учефме с'рпски, а по-'еден час с'амо мак'едонски, с'едми и 'осми.

* * *

[Кој е директор?] Не, М'илан Крст'евски, тој М'иливој Стојч'евски је с'амо он п'оследњи д'иректор, ја сам н'исам в'ише у в'ишој шк'оли кад је М'иливој Стојч'ев-ски... с'амо М'иливој Стојч'евски ми је м'акедонски пред'аваше. Б'еше н'ајп'исмен ч'овек во Кач'арево. К'ога ќе-б'иде м'итинг или н'екој г'овор с'амо тој ќе-пр'очита и аплауд'ираат, ќе-'изнесат пал'аначки ќилими и ќе н'аправат б'ина и М'иливој Стојч'ев-ски, а 'овиа кој да-ги-не-к'ажеме к'ои-се од к'аде-се, с'амо ќе-аплауд'ираат. 'Имавме и н'аставник од-Макед'онија од-с'елото 'Осич, В'асил Стојан'овски и учит'елката Рајна, од 'истото Ос'ич, пр'езиме Дојчин'овска од П'аланечко, а 'имав н'аставник из-матем'а-тика Симс'аров Димче од 'Егејска Макед'онија. А п'рвата уч'телка до-четв'рти р'азред Л"убица Павл'овска. [...] Па д'обри су-б'или, д'обро б'еа али ја м'ислам д'ека п'острози, п'острого беа пр'ема нас макед'онските уч'ители и наст'авници, н'его с'рпските пр'ема с'рпската. Па гл'едав к'ако знам, к'олко он зн'ае, а к'олко р'ецимо ја знам и да погл'едаме к'арта ге'ографска и р'еките и н'ие п'овеќе зн'аевме на-мак'едонско од-дел'ение, н'его 'оние на с'рпско, а по'убави 'оцени 'они 'имаа н'его н'ие. Да по-т'оа п'остроги се, п'овеќе б'араа н'ашите, а к'ао луѓе д'обри, не се к'ао бунт'овници и да т'огај не ни б'еше забр'ањено т'епање, сл'ободно б'еше т'епање, па кој ќе си-зар'аботи, ќе си-д'обие 'едно шам'арче и 'ајде. Е, а ја м'ирен па-н'ишта.

Кузман Стоилковски, 72 години

На крајот: и од овие текстови може да се забележи дека некои од поважните заеднички фонетски и морфолошки особености кои се сретнуваат кај сите информатори преселеници во јужен Банат, без разлика од кое дијалектно подрачје од Македонија доаѓаат, се резултат, пред сè, на македонско-српскиот билингвизам, т.е. се зачувани и/или добиени во средината во која живеат долги години (в. карти 2 и 3).

Такви заеднички фонетски особености на говорителите на сите преселенички идиоми се следниве: кај сите е зачувана сонантноста на /в/ која всушност е особеност и на повеќето од автохтоните македонски дијалекти и која под влијание на српски-от изговор на /в/ го зацврстила својот сонантски статус во говорот на Македонците во јужен Банат. Како резултат на тоа, се среќаваат само мал број примери во кои има обезвучено /ф/ во позиции кои се карактеристични за едначење на согласките по звучност во македонскиот јазик. Втора заедничка особеност е чувањето на палатали-

зираното /л'/ коешто всушност во македонскиот јазик е меката варијанта на латералниот парник, а во српскиот тврдата, но може да се претпостави дека постоењето на фонема со сличен (палатализиран, непалатален) изговор на овој глас претставувало поткрепа тој да ги зачува своите фонетски параметри. Она што е, пак, изместување на основните фонетски особености на дијалектните изолати во јужен Банат, всушност, е изговорот на презимињата, коишто во голем процент се изговараат под влијанието на српскиот акцентски систем. Српски акцент е регистиран и кај заемките на лексичко рамниште, а кај некои информатори е забележлива и српска интонациска контура на реченицата.

Како генерален заклучок на особеностите на морфолошки план, може да се истакне дека во рамките на именскиот систем контактот со српскиот јазик придонесол да се зачуваат падежните форми кај личните и роднинските имиња (во западното наречје) и кај другите општи именки (во северните говори), ситуација што е различна од онаа во Македонија каде што во поново време се забележува рапидно губење на остатоците од падежните форми посебно во западното македонско наречје (Гајдова, Лаброска 2010: 221–232; Гајдова, Лаброска 2011: 163–178).

Впрочем, се работи за следните социолингвистички моменти: преселениците од Македонија кои се родени во триесеттите и во четириесеттите години на дваесеттиот век и кои при преселувањето во јужен Банат биле веќе на околу десетгодишна возраст или повозрасни, генерално мошне добро го чуваат родениот говор главно со сите негови фонетски и морфолошки карактеристики. За разлика од нив, првата генерација Македонци што се родени во Банат, коректно го зборуваат македонскиот јазик, но главно тоа е литературниот македонски јазик со помал број дијалектизми усвоени од комуникацијата со родителите при што, ако се родителите по потекло од исто место во Македонија, поедноставно е да се препознае кој е изворниот македонски говор, но ако се од различни места, тогаш навистина е тешко да се одреди дијалектната база на информаторот. Во поглед на поголемата зачуваност на македонските преселеничките говори во јужен Банат може да се констатира дека многу повеќе се чуваат западномакедонските говори отколку северните говори. Југоисточните говори овде не се земени предвид бидејќи од ова дијалектно наречје има многу малку преселеници. Од лингвистички аспект гледано, основна причина за ваквата поголема зачуваност е и поголемата разлика што овие говори ја имаат во однос на српскиот јазичен систем, за разлика од северните говори кои редица јазични особености споделуваат со српскиот јазик. Причината за поголемото чување на западномакедонските говори е во фактот дека има поголем број население од овој регион коешто живее во релативно компактна средина каде што луѓето комуницираат меѓу себе на својот/своите дијалекти. За разлика од преселениците од западна Македонија, преселениците од северна Македонија, посебно од кривопаланечкиот регион, иако и тие живеат во релативно компактни заедници, не го чуваат родениот говор, не само затоа што послабо комуницираат меѓу себе на македонски, туку и поради свеста кај дел од нив дека нивниот говор е дел од српскиот јазичен систем и комуницирањето на српски го примаат како вообичаено.

Користена литература

Ачкоска Виолета. 2001. *Македонија во југословенската федерација 29.11.1943 – 8.9.1991. Хронологија*. Скопје: Институт за национална историја.

Видоески Божидар. 1998. *Дијалектите на македонскиот јазик I*, Скопје: МАНУ.

Видоески Божидар. 1962. *Кумановскиот говор*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Видоески Божидар. 1984. „Охридско-струшките говори (обид за класификација)“. *Прилози IX*, Скопје: МАНУ. Одделение за лингвистика и литературна наука, 5–40.

Гајдова Убавка, Лаброска Веселинка. 2010. „Искажување на акузативот во дијалектите на македонскиот јазик“. *XXXIV научна конференција на XLII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 221–232.

Гајдова Убавка, Лаброска Веселинка. 2011. „Изразување на дативниот однос во македонските дијалекти“. *Прилози XXXVI/1–2*, Скопје: МАНУ. Одделение за лингвистика и литературна наука, 163–178.

Ђурђев Бранислав. 1995. *Послератно насељавање Војводине – методи и резултати демографске анализе насељавања Војводине у периоду 1945–1981*, Нови Сад: Матица српска.

Ђурић Владимир, Слободан Ђурчић, Саша Кицошев. 1993. „Етнички састав становништва Војводине“. *Етнички састав становништва Србије и Црне Горе и Срби у СФР Југославији*, Београд: Географски факултет Универзитета у Београду, 79–102.

Ивић Павле. 1985. *Дијалектологија српскохрватског језика. Увод у штокавско наречје*, Нови Сад: Матица српска.

Ивић Павле. 2009. *Српски дијалекти и њихова класификација*, Нови Сад: Издавачка књижарница Зорана Стојановића Сремски Карловци.

Конеска Милица. 1951. *Мариовскиот говор*, Скопје: Фолозофски факултет.

Лаброска Веселинка. 2008. *Кичевскиот говор*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Милосавлевски Славко. 1992. *Социологија на македонската национална свест*. Скопје: Култура.

Радић Првослав. 2003. „Из историје српског питања у Македонији. Културолошки аспект“. *Балканика XXII–XXIII*, Београд: Балканолошки институт САНУ, 227–252.

Соколовска Валентина. 2011. „Миграције становништва као критеријум за испитивање говора Новог Сада“. *Говор Новог Сада. Морфосинтаксичке, лексичке и прагматичке особине 2*. Нови Сад: Филозофски факултет у Новом Саду. Одсек за српски језик и лингвистику, 18–24.

Станковић Станислав. 2004. „Македонци и македонски језик у Републици Србији – Pro et contra“. *Скривене мањине на Балкану*, Београд: Балканолошки институт САНУ, 41–49.

Станковић Станислав. 2006. „Проматрања балканскословенских прелазних ареала. Из наставе дијалектологије српскога језика“. *Нови аспекти у настави језика*, Косовска Митровица: Филозофски факултет Универзитета у Приштини, 141–152.

Станковић Станислав. 2012. „О аутохтоним српским народним говорима на тлу Републике Македоније. Истраживање, стање, перспектива“. *Теренска истраживања – поетика сусрета*, Београд: Етнографски институт САНУ, 153–166.

Станковиќ Станислав. 2015. *Статусот на македонскиот јазик во Република Србија и неговата интерференција со српскиот јазик на морфосинтаксичко рамниште*. *Докторска дисертација*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“.

Станковиќ Станислав. 2016. „Морфолошки карактеристики на преселеничките македонски говори во јужен Банат“. *Литературен збор LXIII/4–6*, Скопје: Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература, 41–54.

Станковиќ Станислав, Лаброска Веселинка. 2016. „За македонските дијалектни изолати во јужен Банат: историја и фонетски карактеристики“. *Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Република Македонија и Република Србија*, Битола: Конзулат на Република Србија во Република Македонија, 23–34.

Стоевска-Денчова Еленка. 2004. *Кривопаланечкиот говор*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Ђурчић Слободан. 2006. „Једна мало позната масовна миграција ка Војводини“. *Зборник Матице српске за друштвене науке 121*, Нови Сад: Матица српска, 69–76.

Хаџиев Вања. 1996. *За името Македонија и Македонци во историјата*. Скопје: Љуботен.

Цветановски Гоце. 2010. *Говорот на Македонците во Мала Преспа*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Шмигер Роланд. 1995. „За употребата на термините ’српскохрватски‘, ’македонски‘ и ’бугарски‘ во областа на дијалектологија“. *XXI научна дискусија на XXVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 99–109.

Bara Mario. 2010. „Sudjelovanje Hrvata u saveznoj kolonizaciji Vojvodine 1945.–1948“. *Godišnjak za znanstvena istraživanja 2*, Subotica: Zavod za kulturu vojvođanskih Hrvata, 157–187.

Raduški Nada. 2003. „Etnička homogenizacija stanovništva Srbije krajem XX i početkom XXI veka“. *Demokratija i multikulturalnost u jugoistočnoj Evropi*, Beograd: Centar za istraživanje etniciteta, 425–434.

Rusić Branislav. 1958. *Beleške o najnovijim naseljenicima iz Makedonije u sedam sela vršačkog dela Banata*, Novi Sad: Matica srpska.

Trifunoski Jovan F. 1958. *O posleratnom naseljavanju stanovništva iz NR Makedonije u tri bantaska naselja – Jabuka, Kačarevo, Glogonj*, Novi Sad: Matica srpska.

Карта 1

Миграции од НР Македонија и Мала Преспа во јужен Банат 1946– 1947

Карта 2

Миграциони подрачја во НР Македонија и Мала Преспа 1946–1947

Карта 3

Места во јужен Банат со преселеници од НР Македонија и Мала Преспа

△ – населени места 1946–1947

УДЦ 811.163.3е373.21е373.6(497.712)

Љубица СТАНКОВСКА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ЕТИМОЛОГИЈАТА НА НЕКОЛКУ ИМИЊА НА РАСЕЛЕНИ СЕЛА НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

Апстракт: На територијата на планината Скопска Црна Гора во минатото егзистирале селски населби, кои се раселени под влијание на различни фактори. Во времето на турското османлиско владеење животот на населението во црногорските села бил доста отежнат, бидејќи трпеле чести насилства од разни разбојнички банди, вклучувајќи ја и турската војска. На нивното иселување, исто така, влијаеле економските услови, потоа епидемиите и елементарните непогоди. Во рефератов ќе се осврнеме на етимологијата на имињата на раселените села: *Бошњане*, *Видране*, *Вунеш*, *Гиновце*, *Голиово*, *Добри Дол*, *Железно*, *Зѓуровце*, *Марушане* и *Сливовиќ*.

Клучни зборови: етимологија, топонимија, имиња на села, ојконим, лично име, антропоним, македонски јазик, Скопска Црна Гора.

БОШЊАНЕ. Раселеното село *Бошњане* било лоцирано на локалитетот *Бо́шњане* што се наоѓа во атарот на селото Кучевишта (Трифуноски 1971: 81). Локалитетите на поранешното село *Бошњане* кои се викаат: *Баре*, *Бел Камен*, *Бошњанска Чешма*, *Бошњански Пӯт*, *Брешљике*, *Горња Чешма*, *Крива Нива*, *Куќине* или *Куќинци* и *Мечкоец* влегуваат во атарот на селото Кучевишта.

Селото *Бошњане* било старо македонско село. Раселувањето на селото *Бошњане* започнало кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век, бегајќи од зулумите што ги правеле врз населението Турците Кумбарџиовци кои имале чифлик во селото Бутел (Трифуноски 1971: 81). Народната традиција кажува дека тоа постоело до првата половина на XIX век кога во времето на Амзи-паша (1820–1845) неговите жители биле сосем иселени.

Ојконимот *Бошњане* претставува примарно етничко име, а е создадено по пат на топонимизација на стариот етник во множина *Бошњане*. Етникот *Бошњане* е образуван со етничкиот суфикс *-јане* од хоронимот *Босна* и означува ‘луѓе кои живеле во Босна, дојденци од Босна’. Еднинската форма на овој етник е *Бошњанин* ‘човек кој живеел во Босна, дојденец од Босна’. Притоа, гласот *ј* од суфиксот *-јане* извршил смекнување на консонантската група *-сн-* во *-шњ-*.

Името на хоронимот *Босна/Босна* е преземено од потамонимот *Босна/Босна* – река во Босна и Херцеговина, десна притока на реката Сава, чијшто извор се наоѓа во близината на градот Сараево. Хоронимското име *Босна/Босна* е запишано од Порфирогенит во X век во обликот *Босона*. Се претпоставува дека името на реката *Босна/Босна* има претсловенско и предримско потекло, така што е голема веројатноста дека му припаѓа на прединдоевропскиот супстрат (Скок 1971: 191).

ВИДРАНЕ. Раселеното село *Видране* било лоцирано на денешниот локалитет *Видране* што се наоѓа во атарот меѓу селата Бразда и Глуво. Ј. Трифуноски кажува дека во месноста *Свети Спас* до скоро имало остатоци од црквата што се наоѓала во селото *Видране* која била посветена на св. Спас (Трифуноски 1971: 73).

Низ атарот на селото Глуво тече реката *Кучевстица* или *Кучевишка Река*, а таму се наоѓа еден јак извор викан *Лавовац* и месноста *Глушка Бања* (Трифуноски 1971: 70, 73), додека во атарот на селото Бразда течат две поголеми реки: *Кучевишка Река* и *Бањашница* или *Бањанска Река* (Трифуноски 1971: 73), кои како леви притоки се вливаат во реката Лепенец.

Ојконимот *Видране* претставува примарно етничко име, а настанало по пат на топонимизација на етникот во множина **видране*. Етникот **видране* е образуван од некогашниот топоним **Видра* со етничкиот суфикс *-ане* и означува ‘луѓе кои живеат во месноста *Видра’. Суфиксот *-ане* е непалатална варијанта на етничкиот суфикс *-јане* кој, обично, се додава на топонимиските основи што завршуваат со палаталните консонанти *ј*, *ш*, *ч*, *ж*, како и на палаталните групи *шт*, *жд*.

Стариот топоним **Видра* води потекло од некогашната атрибутска конструкција **Видра* < **Видрја (Вода, Река)*, чијашто придавка се поименчила по елизијата на именскиот член од синтагмата, изразен со термините *вода*, *река*. Придавскиот член **Видра* < **Видрја* од синтагмата **Видра* < **Видрја (Вода, Река)* е образуван од зоонимот *видра* со придавскиот суфикс *-јь* во формата за женски род *-ја*, кој овде се карактеризира со односно-квалитативното значење.

Зоонимот *видра* ‘диво животно со издолжено тело со костенлива боја на крзното, кое е приспособено за живот во и покрај вода, Lutra vulgaris / Lutra lutra’ (ТРМЈ 2003: 242) потекнува од ст. сл. въıдра и претставува општословенска лексема која води потекло од прасл. **vydra* ‘lutra’, а ова потекнува од ие. **ūdra*, изведено од коренот **ūd-*, превој од коренот **u̯ed-* ‘мокри, водени, наквасува’, со суфиксот *-r* (БЕР 1971: 144; Skok 1971: 587; Bezlaj 2005: 312–313). Ние не можеме да го прифатиме изнесеното мислење на Ј. Заимов кој вели дека е поневеројатно основата на името на селото *Видрани* да се изведе од зоонимот *видра* ‘животно, Lutra vulgaris’, а според семантички причини, поскоро е да се изведе од дијалектниот збор *видра* ‘мал бистар извор’, од **видра (вода)* од дијал. *видър* ‘јасен, чист’ (Заимов 1967: 114). Апелативот *видра* со значење

'мал бистар извор' се употребува во бугарските дијалекти (Тетевенско), но во македонските дијалекти овој збор не се употребува.

Зоонимискиот апелатив *видра* се среќава, на пример, во словенечката топонимија, сп. хидронимите: *Vidrnica* – вода, *Vidrešnica* – вода, топонимот *Vidrnik*, како и ојконимот *Vidra Vas* – град, се наоѓа покрај реката *Bistrica* (Bezlaj 2005: 313; Atlas 2005: 124/C1; 150/A1; 30/B1).

ВУНЕШ. Раселеното село *Вунеш* било лоцирано на сегашниот локалитет *Вунеш* – планинска месност што се наоѓа во подножјето на планината Скопска Црна Гора погоре од селото Љубанци. Во близина на селото *Вунеш* на една планинска падина се наоѓал Вунешкиот манастир Св. Никола. Подоцна, манастирот и црквата Св. Никола биле разурнати што се случило, веројатно, кон крајот на XV век.

Името на исчезнатото село *Вунеш* се споменува во насловот на Поменикот на Вунешкиот манастир Св. Никола, чиишто записи се датираат од XV век, а таму е запишано: Съ бг҃ѡ поуннѧе поменїкъ · храмꙋ ст҃ѡго н слав'наагѡ 'ар'хїереа н чю(до)творца х҃ва Никѡлн · г҃лемїн Вꙋнешь · въ пѡ(д)крнлн Уръмнїе гѡры · выше села Любанцїн · (Иванов 1970: 130). Од цитираниот текст се дознава дека манастирската црква била посветена на св. Никола во селото викано *Вунеш* кое се наоѓа во подножјето на планината Црна Гора над селото Љубанци.

Топонимот *Вунеш* се споменува во една белешка од 1519 година, запишана на една книга – триод, која монахот Мино ја приложил на црквата Воведение на Пресвета Богородица во селото Кучевишта, а таму е запишано: Съпнса се сїа книга рꙋкою ерѡдїакона Мине, подꙋвесїе Урънїе горы въ поустыню нарнцаемоу Вꙋнешь. (Иванов 1970: 130). Старата црква Воведение на Пресвета Богородица се споменува во грамотата на српскиот цар Душан од 1347–1348 година кој, заедно со селото Кучевишта, ја приложил на манастирот Св. Архангели Михаил и Гаврил во Призрен, а таму е запишано: село Кльчевнца, сь црьковню Светыѥ Богородице... (Мошин 1980: 371–372). Врз основа на овој податок црквата Св. Богородица Воведение се датира во првата половина на XIV век (Петров 1975: 83). Денес, оваа црква е позната под името Свети Спас и е главна селска црква во селото Кучевишта.

Потоа, селото *Вунеш* е забележено во Водичничкиот поменик од XVI век каде што името е напишано со формата Воунешь (Новаковић 1875: 129).

Во турските пописни дефтери од XV и XVI век селото *Вунеш* не е регистрирано, а не се среќава ниту во подоцнежните пишани извори. Тоа ни дава за право да заклучиме дека селото *Вунеш* одамна е испустено што се потврдува и со записот од 1519 година во кој се потенцира „пустината наречена Вунеш". Имено, не е неверојатно името *Пустинец*, кое во турскиот пописен дефтер од 1568 година е наведено како втор назив на селото Љубанци (ТД 1976: 191), всушност, да се однесува на селото *Вунеш*, односно на неговиот манастир Св. Никола, кое веќе било пусто селиште.

Името на селото *Вунеш* е метонимиско име кое е преземено од постаро име на некој друг географски објект кој се викал **Вунеш*. Топонимот **Вунеш* потекнува од првобитната придавска синтагма **Вунеш* < **Вунешь* (= Вунешев) *(Поток, Брег)*, чијашто адјективна компонента е образувана од личното име *Вунеш* со посесивниот придавски суфикс *-ь*, палаталната варијанта на придавскиот суфикс *-ъ* (Станковска 2002: 102). Придавката **Вунеш* од составот **Вунеш (Поток, Брег)*, по испаѓањето на апелативите *поток*, *брег*, се супстантивизирала и продолжила да егзистира во форма на елипса. Значењето на топонимот **Вунеш* може да се искаже со дефиницијата 'поток, брег кој му припаѓа на Вунеш, односно каде што живее Вунеш'.

Личното име *Вунеш* е образувано со антропонимискиот суфикс *-еш* од машките имиња *Вуне*, *Вуно*, кои се изведени од морфемата *Ву-* од личните имиња *Вук*, *Вукашин*, *Викослав* со антропонимиските суфикси *-не*, *-но*. Личните имиња *Вуне* и *Вуно* се засведочени во антропонимијата на бугарскиот јазик (Заимов 1988: 57). Во нашата антропонимија се среќава хипокористичното име *Вундо*, документирано во XVII–XVIII век, кое е изведено од хипокористикот *Вуно* со суфиксот *-до* (Станковска 1992: 70). Во антропонимијата на српскиот јазик е познато името *Вунко* (Грковиќ 1977: 61).

Во нашиот антропонимиски фонд се среќаваат лични имиња образувани со суфиксите *-не*, *-но*, сп. *Бојне*, *Бојно*, *Борне*, *Борно*, *Влкно*, *Драгне*, *Драгно*, *Дране*, *Кане*, *Кано*, *Крајне*, *Љубне*, *Мазне*, *Мирно*, *Радно*, *Рајне*.

Суфиксот *-еш* денес е непродуктивна дериваciска морфема, а во минатото се одликувал со поголема продуктивност. Во нашата антропонимија со хипокористичниот суфикс *-еш* се образувани, на пример, хипокористиците: *Богдеш*, *Бранеш*, *Братеш*, *Видеш*, *Грубеш*, *Дралеш*, *Малеш*, *Милеш*, *Мислеш*, *Првеш*, *Радеш*, *Ратеш*, *Углеш*, *Хитреш* и други (Станковска 1992).

Лични имиња образувани со суфиксот *-еш* се познати во антропонимијата и на другите словенски јазици, сп. срп. *Багреш*, *Вранеш*, *Главеш*, *Милеш*, *Радеш* (Грковић 1977), буг. *Белеш*, *Болеш*, *Велеш*, *Калеш*, *Любеш*, *Мореш*, *Недеш* (Заимов 1988), пол. *Bolesz*, *Dalesz*, *Lubiesz*, *Milesz*, **Myślesz*, **Trzebiesz* (Malec 1982: 87–88), чеш. *Budeš*, *Domeš*, *Mireš* (Svoboda 1964: 150).

ГИНОВЦЕ. Раселеното село *Гиновце* било лоцирано во сегашната месност *Гиновце* што е вклучена во атарот на селата Кучевишта и Брест. Ј. Тифуноски името на раселеното село го предава во обликот *Ginovce* (Трифуноски 1971: 79).

Во турскиот пописен дефтер за Скопскиот Вилает од 1467/68 година е регистрирано селото *Гиланец* со 9 христијански семејства (ТД 1971: 478). Ние сметаме дека овој податок во турскиот документ, најверојатно, се однесува на селото *Гиновци*, чиешто име е погрешно запишано од попишувачот.

Во Водичничкиот поменик од XVI век, името на селото е запишано со формата Гиновьцн (Новаковић 1875: 129).

Постарата форма на името на селото е *Гиновци*, а дијалектното име *Гиновце* е поново, кое настанало со промената на суфиксот *-ци* > *-це* во скопско-црногорскиот говор.

Името на селото *Гиновци* е примарно име кое е создадено по пат на топонимизација на старото фамилијарно име **Гиновци* < **Гиновьци*. Патронимот **Гиновци* < **Гиновьци* потекнува од првобитната синтагматска формација **Гинови (деца, синови)*, чијашто придавска компонента, по испаѓањето на именскиот член од составот, изразен со зборовите *деца*, *синови*, се супстантивизирала со патронимискиот суфикс *-ци* < *-ьци*. Придавскиот член **Гинови* од составот **Гинови (деца, синови)* е образуван со посесивниот придавски суфикс *-ов* < *-овъ* во формата за множина *-ови*, а во неговата основа се наоѓа личното име *Гино* (Станковска 1983: 78). Значењето на името на селото *Гиновци* е 'село кое му припаѓа на семејството *Гиновци, односно каде што живее семејството *Гиновци'.

Личното име *Гино* е хипокористична форма, образувана со антропонимискиот суфикс *-но* од личните имиња *Глиг҃ориј*, *Глиг҃орие*, *Глиг҃орија*, но исто така може да биде изведено и од личните имиња *Драг҃ивој*, *Драг҃ислав*, в. кај *Вунеш*. Тоа е докумнтирано во турските пишани извори од XV век.

Идентичен ојконим *Гиновци* се среќава во топонимијата на српскиот јазик. Имено, името на катунот *Гиновци* се споменува во грамотата на српскиот цар Душан од 1347–1348 година со која се подаруваат имоти на манастирот Св. Архангели Михаил и Гаврил во Призрен, а таму стоит: **А се Арбанаси: катоунь Гинов'ци катоунь Магѥр'ци, катоунь Белоглавци**... (Мошин 1980: 364). Подоцна катунот *Гиновци* прераснал во населба, денес тоа е селото *Ѓиновци*, кое се наоѓа во подножјето на Шар Планина.

ГОЛИОВО. Селото *Голиово* се простирало на локалитетот *Голи́ово* што се наоѓа во триаголникот на соседните села Кучевишта, Бањане и Мирковци.

Исчезнатото село *Голиово* првпат е регистрирано во даровната грамота на царот Душан од 1347–1348 година со која се подаруваат имоти на манастирот Св. Архангели Михаил и Гаврил во Призрен. Неговото име се споменува во текстот кога се опишува меѓата на селото Кучевишта, а таму е запишано следното: **а ѡть скопнѧ мѥгѧ – по срѣдѣ доброга дола оу поуть прѣкы кон греде ѡть ѵахра·∴ и до мрамора поутемь кон грѥдѥ оуѕ голнхово право оу банѣанѥ·∴ ѡть тога поути право оу вись·∴ кон нде мегю банѣанѥ и мѥгю кльѵевнца.** (Мошин 1980: 372).

Од споменатиов историски извор се дознава дека примарното име на селото било *Голихово*. Во структурен поглед, ојконимот *Голихово* претставува елиптично име со посесивно значење. Тоа потекнува од постарата придавска синтагма **Голихово (Село)*, чијшто придавски член е образуван со придавскиот суфикс *-ов* < *-овъ* во формата за среден род *-ово* кој овде има посесивно значење. По испаѓањето на именскиот член од составот *Голихово (Село)*, изразен со

апелативот *село*, придавката **Голихово* се супстантивизирала и продолжила да егзистира во форма на елипса. Во основата на името на селото *Голихово* е заложено старото лично име *Голих*. Од семантички аспект, името на селото *Голихово* означува 'село кое му припаѓа на Голих, односно село каде што живее Голих'.

Дијалектната форма на името на селото *Голиово* < **Голивово* се добила со загубата на консонант *х*, односно на консонантот *в*, во интервокална позиција. Во говорот на скопскоцрногорските села консонантот *х* кога ќе се најде во меѓувокална позиција редовно преминува во консонантот *в*, сп. *ґравор*, *кива*, *мува*, *навоѓа*, *саваѿ*, *снава*, *сова*, *уво* (Видоески 1998: 169). Во топонимијата на скопскоцрногорскиот терен консонантот *в*, главно, се чува во интервокална позиција: *Ка́ѿавъц* – изворче (Горњане), *Орлово́–Гнездо* – ридна месност (Бањане), *Поѿова Ливада* – ливада (Кучевишта), *Рајковчево–Кла́денче* – извор (Бањане), *Суво–Ре́киче* – река (Бањане), а поретко се застапени топоними во кои тој се губи: *Асана Млака* (< *Асанова Млака*) – млачно место (Љубанци), *Кузоа–Ли́вада* – ливада (Кучевишта), *Паѿеле́шоа Ма́ла* – маало (Љубанци).

Личното име *Голих* е образувано од хипокористикот *Голо* со антропонимискиот суфикс *-их*. Во антропонимискиот фонд на бугарскиот јазик е засведочено личното име *Голих* (Заимов 1988: 66), а во полската антропонимија името *Golich* е заложено во основата на топонимот *Golichów* (Nieckula 1971: 77).

Суфиксот *-их*, што послужил за образување на личното име *Голих*, одамна исчезнал од употреба во нашиот антропонимиски систем и денес претставува непродуктивна дериваciска морфема. Во македонскиот антропонимиски фонд се посведочени лични имиња кои се образувани со суфиксот *-их* како што се, на пример, имињата: *Верих*, *Желих*, *Морих*, *Радих*, *Самих*, *Хвалих*, *Хваѿих*, *Черних*, а неговата продуктивност ја потврдуваат и хипокористичните имиња кои се образувани со проширените суфикси *-иха*, *-ихин* и *-ихна*: *Браѿихна*, *Веихна*, *Велихна*, *Вериха*, *Верихна*, *Воихна*, *Дуниха*, *Едрихна*, *Малихна*, *Радихин*, *Радихна*, *Сѿаихна* (Станковска 1992).

Суфиксот *-их* се употребувал за образување на хипокористици и во другите словенски јазици, сп. хрв. *Vladih*, што се наоѓа во основата на топонимот *Vladihovići*, пол. *Gościch*, **Lubich*, *Malich*, *Milich* (Malec 1982: 83), луж. *Budich*, *Zejmich*, чеш. *Hodich*, *Mstich*, **Velich* (Svoboda 1964: 147). Во антропонимијата на српскиот јазик се посведочени лични имиња образувани со суфиксот *-ихна*: *Берихна*, *Добрихна*, *Држихна*, *Љубихна* (Грковић 1983: 78).

Хипокористичното име *Голо*, кое е забележено во пишаните извори од XVI век, може да биде изведено со антропонимискиот суфикс *-о* од личните имиња *Голуб*, *Драґол*, или со суфиксот *-ло* од личните имиња *Георґи*, *Георґиј*, *Глиґориј*, *Годимир*, *Гоислав*, *Драґољуб*, но исто така може да биде изведено и од личните имиња *Голобрад*, *Голоґлав*.

ДОБРИ ДОЛ. Раселеното село *Добри Дол*, најверојатно, се наоѓала во соседство на селата Бањане и Кучевишта. Селската населба била сместена во долината на потокот *Добри Дол* што поминува низ атарот на селото Кучевишта.

Селото *Добри Дол* се споменува во грамотата на српскиот крал Милутин од 1299–1300 година со која се даруваат имоти на манастирот Св. Георги-Горг Скопски, а таму е запишано: **Нива оу Добромь Долѣ до Паскалѣ и до Оушоу, оусе поуть кон греде оу Попоуждоу оузе Добри Доль – ҃п. погон.** (Мошин 1975: 220). Од цитираниот текст се дознава дека манастирот Св. Георги-Горг Скопски поседувал една нива од 80 погони во селото *Добри Дол*, која, од една страна, се граничела со имотот на Паскал и на Ушо, а од друга страна, била омеѓена со патот кој одел во селото Побужда и со потокот Добри Дол.

Потоа, селото *Добри Дол* е регистрирано во грамотата на византискиот цар Михаил IX Палеолог, син на царот Андроник II Палеолог и негов совладетел од 1294–1320 година, од 1299 година со која се прилагаат имоти на манастирот Св. Никита, а во неа е запишано: ἄλλα δὴ καὶ τόπον καλούμενον Τομπόδολον διήκοντα μέχρι τῆς Ῥαδούσης μετὰ τῶν ἐν αὐτῷ χωραφίων τῶν καὶ ποσουμένων εἰς πεντήκοντα στρέμματα, ἅπερ εἶχεν ἐξ ἀγορασίας ἡ Βορισίνα ἐκείνη., а преводот гласи: „а и местото што се вика *Добродол* што се протега до Радушта со нивите во него коишто изнесуваат 50 стреми, а коишто ги имала по купувањето покојната Веришина“. (Мошин 1975: 290). Според Владимир Мошин, оваа грамота, всушност е издадена не за манастирот Св. Никита, туку за манастирот Хиландар (Мошин 1975: 286). Од содржината на текстот се дознава дека местото *Добри Дол* што се протега до Радушта, заедно со нивите од 50 стреми, кои ги поседувала покојната Боришица, со овој правен акт му се даруваат на манастирот Св. Никита.

Во почетокот на грамотата на царот Михаил IX Палеолог за манастирот Св. Никита од 1299 година се споменува и едно манастирче посветено на Св. Богородица Пречиста, а таму е запишано: ... αὐτὴν, ὡς πλησίας <τῶν Σκοπίων> εὑρίσκεται μοναστή<ριον εἰς ὄνομα> τιμώμενον τοῦ ἁγίου μεγαλομάρτυρος Νικήτα, ἐν ᾧ δὴ καὶ προσεκύρωσε μονύδριον διακείμενον μὲν καὶ τοῦτο περὶ τὸν αὐτὸν τόπον τῶν Σκοπίων, εἰς ὄνομα δὲ τιμώμενον τῆς πανυπεράγνου θεομήτορος καὶ <οὕτω πως> ἐπιλεγόμενον τῆς <Β>ορι<σίνης> μετὰ τῶν ἐν αὐτῷ προσκαθημένων παροίκων καὶ τῶν εὑρισκομένων ἀμπελίων καὶ χωραφίων, ἐπὶ τῷ εἶναι τοῦτο καὶ λογίζεσθαι ὡς μετόχιον τῆς ῥηθείσης σεβασμίας μονῆς τοῦ ἁγίου μεγαλομάρτυρος Νικήτα., а преводот гласи: „... дека блиску до Скопје се наоѓа манастир посветен на светиот великомаченик Никита на кого му го подложи манастирчето што исто така се наоѓа околу тоа место во Скопје посветено на Пречистата Богородица која се вика некако Боришичина заедно со населените таму парици и тамошните лозја и ниви, да биде тоа и да се смета за метох на чесниот манастир на светиот великомаченик Никита.“ (Мошин 1975: 288–289). Од цитираниот текст се дознава дека царот Михаил IX на манастирот Св. Никита му го дарува манастирчето посветено

на Св. Богородица Пречиста што се наоѓа во неговата близина, познато уште како Боришичина, заедно со населените парици и со неговите лозја и ниви.

Во преводот на грамотата на византискиот цар Андроник II Палеолог за манастирот Св. Никита од 1299–1300 година, дополнета со податоците од Милутиновата грамота за предавањето на манастирот Св. Никита на Хиландарскиот пирг, која е датирана од 1308 година, исто така, е забележено селото *Добри Дол*, а таму стои: **и дрꙋго мѣсто Добри Доль, ѡпираѥть до Радꙋще, се нивниѥмь иеже҃н. вретень, еже иесть кꙋпила Боришица.** (Мошин 1975: 320).

Од содржината на наведените текстови, всушност, дознаваме дека селото *Добри Дол*, чиишто граници се протегале до Радушта, а кое од порано го поседувала покојната *Боришица*, заедно со манастирчето, односно со црквата посветена на Св. Богородица Пречиста, викана *Боришичина*, со населените парици, со лозјата и со нивите биле приложени на манастирот Св. Никита, а потоа, манастирот Св. Никита со неговиот имот бил подарен на Хиландарскиот пирг. Оттука може да заклучиме дека во селото *Добри Дол* се наоѓал помал манастир, чијашто црква била посветена на Св. Богородица Пречиста, која уште се викала *Боришичина*, а се наоѓала во непосредна близина на манастирот Св. Никита.

Исчезнатото село *Добри Дол* се споменува во даровната грамота на царот Душан од 1347–1348 година со која се даруваат имоти на манастирот Св. Архангели Михаил и Гаврил во Призрен. Неговото име е забележено во текстот кога се опишува меѓата на селото Кучевишта, а во неа е запишано: **а ѡть Скопиꙗ мѥгꙗ – по ср'д' Доброга Дола оу поуть пр'кы кон греде ѡть Ꙋахра, и до мрамора поутемь кон грѥдѥ оуѯь Голнхово право оу Баньаниѥ** ... (Мошин 1980: 372).

Во Водичничкиот поменик од XVI век името на селото е запишано во обликот **Добри доль** (Новаковић 1875: 131).

Од погоренаведените податоци со поголема сигурност може да констатираме дека локацијата на исчезнатото село *Добри Дол* се наоѓала северно од селото Бањане и во непосредната близина на манастирот Св. Никита. Селската населба била сместена во планинскиот дел на бањанскиот атар каде што денес се наоѓа една помала црква која е посветена на Св. Богородица Пречиста. Оваа црква, која има улога на мал манастир, како што соопштува Ј. Трифуноски, е подигната во текот на Втората светска војна врз темелите на урнат средновековен храм, (Трифуноски 1971: 64). Тој, исто така, кажува дека при градењето на црквата Св. Богородица Пречиста биле ископани околу 80 стари гробови. Народното предание, пак, раскажува дека во овие гробови биле погребани калуѓерите од манастирчето кои биле убиени од Турците Османлии.

Според наведените пишани извори, може да се заклучи дека денешната црква Св. Богородица Пречиста, всушност, е изградена врз темелите на старата црква Св. Богородица Пречиста што се споменува во грамотата на царот Михаил IX Палеолог од 1299 година. Врз основа на овој историски податок може да се смета дека старата црква Св. Богородица Пречиста потекнува од

XIII век. Кога е разурната оваа црква не е познато, но може да се претпостави дека таа е разрушена, веројатно, кон крајот на XV или почетокот на XVI век. Набргу по рушењето на црквата, секако, се иселило и населението од селото *Добри Дол*.

Името на селото *Добри Дол* настанало по пат на метонимија, а е преземено од името на потокот *Добри Дол*, чиешто име, како што истакнавме погоре, е регистрирано во Милутиновата грамота за манастирот Св. Георги-Горг Скопски од 1299–1300 година. Хидронимиското име *Добри Дол* претставува топонимиска синтагма, којашто е составена од составните делови *Добри* и *Дол*. Првиот дел *Добри* од синтагмата *Добри Дол* е еднаков на старата определената форма за машки род *добри* од придавката *добар*, а вториот дел *Дол* е еднаков на географскиот термин *дол*.

Придавската лексема *добар* потекнува од ст. сл. придавка добръ, определената форма за машки род е добрын, а води потекло од прасл. **dobъ*, **doba* < ие. **dhabh-* 'што е погоден', образувана со ие. суфикс *-r* како што се образувани и придавките *мокар*, *мудар*, *храбар* (Sławski 1953: 150; Skok 1971: 421; БЕР 1971: 404; Bezlaj 1976: 106). Во старословенско-македонскиот речник е наведена придавската лексема добръ, добрын со значењата 'добар, убав, совршен' (Десподова 1999: 100).

Еднакво топонимиско образување претставуваат ојконимите *Добри Дол* – село во Општина Сопишта, Скопско и *Добри Дол* – село во Општина Врапчишта, Гостиварско. Во топонимијата на словенечката територија се среќава ојконимот *Dobri dol* – селце (Atlas 2005: 120/C3). Во топонимијата на српската територија се среќаваат хидронимите *Добри дол* – поток и *Добри Долац* – поток (Павловић 1996: 103).

Соодветни примери образувани со придавката *добар* се присутни во топонимијата на словенските јазици, сп. словен. *Dobra gora* – планина кај Бледско Езеро (Atlas 2005: 76/C1), *Dobrepolje* (Snoj 2009: 111), хрв. *Добра* – река, притока на Купа, срп. *Добра Вода* – поток (Павловић 1994: 54), *Добра Река* – река во Свирљишко, Србија, буг. *Добра Река* – река во Ќустендилско.

Откако го разгледавме потеклото на ојконимот *Добри Дол*, ние ќе се осврнеме на етимологијата на онимите *Боришичина* и *Боришица* кои, исто така, се спомнати во погоренаведените текстови од крајот на XIII и почетокот на XIV век.

Според текстот што е наведен на старословенски јазик во Андрониковата грамота за манастирот Св. Никита од 1299–1300 година, може да се констатира дека сопственичка на селото *Добри Дол* и на нивите била некоја жена која се викала *Боришица*. Оттука може да се претпостави дека во грчкиот текст, веројатно, е направена грешка од страна на пишувачот, така што наместо *Боришица* е запишано Βορισίνα = *Боришина* (со замена на консонантот *ц* со *н*). Во преводот на грчкиот текст, пак, е направена уште една грешка, па наместо

Боришица името на покојната сопственичка на *Добри Дол* се предава со името *Веришина*.

Антропонимот *Боришица* е андронимиско презиме, односно тоа е име на жена кое е дадено според името на мажот, т. е. сопругот. Од структурна гледна точка, андронимот *Боришица* е произведен од постарата синтагматска формација **Бориша (жена)*, чијшто адјективен член е образуван од личното име *Борих* со формата за женски род *-ја* од придавскиот суфикс *-јь*, кој извршил смекнување на претходниот консонант *х* во *ш*. Семантичката вредност на андронимот *Боришица* може да се искаже со дефиницијата 'жена која му припаѓа на *Борих'.

Личното име *Борих* е образувано од машкото име *Боро* со антропонимискиот суфикс *-их*, в. кај *Голиово*. Личното име *Борих* кај нас не е засведочено, но во турските пишани извори од XVI век е забележено името *Борихо*. Имено, во турскиот пописен дефтер за нахијата Серфице од 1568/1569 година едно лице во селото Велвендос е запишано како „*Борихо Стане*" (ТД 1999: 196). Личното име *Борихо* е изведено од хипокористикот *Борих* со антропонимискиот суфикс *-о*. Во антропонимискиот фонд на чешкиот јазик е посведочено личното име *Bořich* (Svoboda 1964: 147).

Хипокористикот *Боро* е образуван со антропонимискиот суфикс *-о* од сложените имиња *Боривој*, *Боримир*, *Борислав*, *Велибор*, *Далибор* во кои морфемата *бор-/-бор* потекнува од ст. сл. глагол борити сѧ, борѭ сѧ 'се бори'.

Топонимиската единица *Боришичина* претставува елиптично име со посесивно значење кое настанало со супстантивизација на придавката од атрибутската синтагма **Боришичина (Црква)*. Придавската компонента **Боришичина* од составот **Боришичина (Црква)* е образувана од името на жената *Боришица* со формата за женски род *-ина* од придавскиот суфикс *-ин* < *-инъ*. Консонантот *ц* од андронимиското презиме *Боришица*, кој се нашол пред вокалот *и* од суфиксот *-ина*, се палатализирал во *ч*. Значењето на топонимот *Боришичина* може да се дефинира како 'црква која ѝ припаѓа на Боришица'.

ЖЕЛЕЗНО. Името на исчезнатото село *Железно* е забележено во грамотата на царот Михаил IX Палеолог од 1299 година со која му дарува имоти на манастирот Св. Никита, а таму е запишано: τόπου τοῦ καλουμένου Σιδηροῦ (Мошин 1975: 289). Во преводот на грамотата од царот Андроник II Палеолог за манастирот Св. Никита од 1299–1300 година, дополнета со податоци од Милутиновата грамота од 1308 година за подарувањето на манасирот Св. Никита на Хиландарскиот пирг Хрусија, стои: и ѡпира се ѹ рекѹ ѹ лепенѩца и кладенца голишева·∴ и до мѣста нарекомаго желѣзнаго сѣ пернволми іего и сѣ водѣнинуіемь·∴ и сѣ проуими правнами. ѩкоже го іесть дрьжаль дрѣвлі нѣкто ж егрь радомирь сь братнѩми. (Мошин 1975: 319–320).

Името на селото *Железно* е елиптично име кое е добиено по пат на супстантивизација на придавката од првобитната придавска синтагма **Железно (Место)*, чијшто придавски член е образуван од апелативот *железо* со

придавскиот суфикс -*ьнъ* во формата за среден род -*ьно* и означува ‘место каде што има железо’ (Станковска 1983: 132).

Каде се наоѓало старото село *Железно* не е познато, но се знае дека во минатото се вадела железна руда во месноста Момчин Дол, што се наоѓа северно од селото Бањане. Таму се наоѓаат четири некогашни рударски окна, од каде што порано се вадела железна руда, а едно од нив се вика Јама и влегува во атарот на селото Горњане (Трифуноски 1971: 64–65). Од податоците изнесени во записот во Милутиновата грамота од 1308 година се дознава дека селото *Железно* се наоѓало во близината на реката Лепенец. Според тоа, може да се претпостави дека селото *Железно* се наоѓало во подножјето на планината Скопска Црна Гора на теренот што се протега југозападно од селото Бањане кон реката Лепенец. Имено, на топографската карта од 1958 година е внесен називот *Железно Поље* – место во подножјето на планината Скопска Црна Гора што се наоѓа западно од селото Горно Оризари (Петрушевски, Петрушевска 2001: 209).

ЗГУРОВЦЕ. Исчезнатото село *Зг҃уровце* се простирало на планинските падини на Скопска Црна Гора. Тоа лежело на ридската месност викана *Зг҃уровце* што се наоѓа непосредно над селото Љубанци, источно од населбата, а северно од соседното село Љуботен (Трифуноски 1971: 90). Освен со името *Зг҃уровце*, оваа месност се вика и *Узг҃уровце*. Сега теренот е под ниви, дел од него е под костени, а има и чешма, викана *Зг҃уроска́–Чешма*. Ј. Трифуноски кажува дека во селото *Зг҃уровце* постоела црквата Свети Илија (Трифуноски 1971: 91). Денес, локалитетот Свети Илија влегува во атарот на селото Љубанци.

Селото *Зг҃уровце* првпат е регистрирано во турскиот пописен дефтер за Скопскиот Вилает од 1452/53 година каде што неговото име е напишано во обликот *У-з-г҃-у-р-о-ф-ч-е* (ТД 1976: 205). Тогаш во селото имало 18 христијански семејства и едно неженето лице. Во пописниот дефтер за Скопскиот Вилает од 1467/1468 година името на селото е дешифрирано како *Зг҃уровце*, а во него биле попишани 12 христијански семејства (ТД 1971: 450). Од Ј. Трифуноски името на селото се наведува со формите *Зг҃уровци* и *Зг҃уровце* (Трифуноски 1971: 90).

Селото *Зг҃уровце* е забележено во Водичничкиот поменик од XVI век, каде што е запишано со формата Ѕгоуровьцн (Новаковић 1875: 133).

Во својата монографија за географските изучувања на Македонија Ѓ. Петров забележува дека над селото Љубанци во Црна Гора имало две стари села кои веќе не постојат, а се викале *Сг҃уровци* и *Едриевци* (Петров 1896: 539). На топографската карта од 1958 година е внесен називот *Зг҃уровце* – место на планината Скопска Црна Гора што се наоѓа северно од селото Љубанци (Петрушевски, Петрушевска 2001: 217).

Постарата форма на името на селото *Зг҃уровце* била *Зг҃уровци*. Ојконимот *Зг҃уровци* претставува патронимиско име, коешто настанало со топонимизација на фамилијарното име **Зг҃уровци*. Во неговата основата се крие личното име

Згур (Станковска 1983: 140). Патронимот **Згуровци* потекнува од постарата придавска синтагма **Згурови (синови, деца)*, чијашто придавска морфема е образувана со плуралната форма *-ови* од придавскиот суфикс *-ов*. Придавката **Згурови* од синтагмата **Згурови (синови, деца)*, по отпаѓањето на именскиот дел од составот, изразен со апелативите *синови*, *деца*, се супстантивизирала со патронимискиот суфикс *-ци* < *-ьци*. Значењето на името на селото *Згуровци* е 'село кое му припаѓа на семејството *Згуровци, односно каде што живее семејството *Згуровци'.

Во македонскиот антропонимиски фонд, покрај личното име *Згур*, коешто потекнува од грчката придавка σγουρός 'кадрав', се засведочени и изведените имиња *Згуре*, *Згуриш*, *Згуро*, *Згурче* (Станковска 1992: 123).

Ние не можеме да се согласиме со изнесеното мислење дека основата на името на селото *Згуровци* е изведена од глагол како во српскиот и хрватскиот јазик *zguriti se* 'се стутули, се свитка' (Łubaś 1971: 82).

МАРУШАНЕ. Исчезнатото село *Марушане* било лоцирано во подножјето на ридот Палашевина, кој се наоѓа северозападно од селото Глуво (Трифуноски 1971: 70). Ј. Трифуноски забележал дека на топографската карта местото каде што се наоѓало селото *Марушане* се бележи со името Резервоар. Народното предание раскажува дека селото Глуво еднаш испустело, а подоцна го обновиле деселеници од скопскоцрногорското село *Марушане*.

Ојконимот *Марушане* е примарно етничко име кое е создадено со топонимизација на етникот во множина **марушане*. Овој етник е образуван од топонимот **Маруша* со етничкиот суфикс *-ане*. Семантиката на името на селото *Марушане* може да се искаже со дефиницијата 'луѓе кои живеат во месноста *Маруша'.

Топонимот **Маруша* претставува елиптично име со посесивно значење, а е добиено со супстантивизација на придавката од првобитната атрибутска синтагма **Маруша (Вес)*, чијшто придавски член е образуван од личното име *Маруш* со посесивниот придавски суфикс *-ь*, палаталната варијанта на придавскиот суфикс *-ъ* во формата за женски род *-а*.

Личното име *Маруш*, кое е забележено во историските пишани извори од XV век, е образувано од хипокористичното име *Маро* со антропонимискиот суфикс *-уш*. Личното име *Маро*, кое, исто така, е заблежено во XV век, може да биде изведено од личните имиња *Маријан*, *Марин*, *Марко*, *Мартин* и сл. (Станковска 1992: 177). Од името *Маруш* со суфиксот *-ко* е образувано деминутивното име *Марушко*.

Во антропонимискиот фонд на српскиот јазик се среќаваат личните имиња *Маруш* и *Маруша* (Грковић 1977: 128). Во руската антропонимија е познато машкото име *Марушка* кое е забележено во новгородските писмени споменици од 1545 година (Веселовский 1974: 194).

На македонската територија се познати топонимите: *Маруша* – место во крајниот северен дел на планината Стогово, забележено на топографската карта од 1956 година, *Марушица* – врв, висок 2.090 м на планината Баба, забележено на топографската карта од 1954 година (Петрушевски, Петрушевска 2001: 365).

СЛИВОВИ́Ќ. Старото село *Сливови́ќ* се наоѓало на денешниот локалитет *Сли́вови́ќ* што се наоѓа во планинскиот дел меѓу селото Бањане и Мирковци. Селската населба била сместена на една пониска месност каде што има еден јак извор кој се вика *Сли́вови́ќ*. Ј. Трифуноски соопштува дека на овој локалитет има мала црква Свети Ѓорѓи, подигната по ослободувањето од Турците, најверојатно, врз темелите на старата црква од раселеното село *Сливови́ќ* (Трифуноски 1971: 76). Ѓ. Петров забележал дека на ридот што се наоѓа малку под билото на Црна Гора е местото „*Сливовикъ*“ (Петров 1896: 536).

Името на селото *Сливови́ќ* е регистрирано во грамотата на царот Душан од 1347–1348 година со која се даруваат имоти на манастирот Св. Архангели Михаил и Гаврил во Призрен, а таму е запишано: **а міегѣ Кльчевнщемь: до внса оус полѣаноу, мегю Пьсн Доль н мегю хльмь тере право на коловозь, н кон поуть нде ѡт Баннаньь право мнмо село Слнвовнкь, како нзлазн колннкь на каменнкь на брьдо...** (Мошин 1980: 372).

Името на селото *Сливови́ќ* е метонимиско, а е преземено од постарото име на изворот *Сливови́ќ*. Дијалектното име *Сливови́ќ* е добиено од постарата форма *Сливовик* со секундарното смекнување на согласката *к* во *ќ* под влијание на претходната самогласка *и* (Стаматоски 1990: 242). Хидронимското име *Сливовик* потекнува од постарата бинарна конструкција **Сливов (Извор)*, чијашто придавска морфема е образувана од фитонимот *слива* со придавскиот суфикс *-ов* кој овде се карактеризира со односно-квалитативното значење. Придавката **Сливов* од составот **Сливов (Извор)*, по елизијата на апелативот *извор*, се супстантивизирала со суфиксот *-ик* < *-икъ* кој се одликува со структурно-топонимиската функција. Семантичката мотивација на хидронимот *Сливовик* е ‘место со извор каде што има сливи, каде што растат сливи’. Од месното население се дознава дека во месноста околу изворот *Сливови́ќ* расте вид дива слива со мали округли плодови. Ова растение, веројатно, е овошката *т҃рненка* или *т҃рнинка* ‘дива слива во вид на разгранета грмушка со ситни листови, бели цветови и мали тркалезни темносини плодови, Prunus spinosa’ (ТРМЈ 2014: 120).

Понатамошните топонимиски истражувања укажуваат на тоа дека со името на изворот *Сливови́ќ*, секако, е поврзано името на реката *Сливчица*. Реката *Сливчица*, која се вика уште и *Слившчица*, чијашто должина изнесува 12 км, извира јужно од едно брдо на планината Скопска Црна Гора во атарот на селото Кучевишта и како десна притока се влива во реката Серава → Вардар, северно од градот Скопје. Во научната литература и на топографските карти

оваа река е забележена со имињата *Bara*, *Bara-potok*, *Slivčica* и *Slivščica* (Duridanov 1975: 89).

Со формата *Слившт҃ица* името на реката е регистрирано во писмените споменици од XIII век. Имено, во Виргинската грамота на бугарскиот цар Константин Асен од околу 1258 година, со која се даруваат имоти на манастирот Св. Георги-Горг Скопски, е регистрирано името на реката *Слившт҃ица*, а таму е запишано: **Н над Уел'никѡм стѹ́денецъ ҃.пе., н Слнвъцнца ѡд нꙁвора еѭ н панагнр' ҃.ка. ноем'вра.** (Мошин 1975: 187). Потоа, името на реката *Слившт҃ица* е забележено во грамотата на кралот Милутин од 1299–1300 година со која се даруваат имоти на манастирот Св. Георги-Горг Скопски, а таму стои: **Н да кралѥвьство мн ѡть рѣке Слнвцнце четврьтоу честь на потребоу монастнроу н банн, н надь Уелнником' ҃.пе. стоудѡн'ць.** (Мошин 1975: 215). Името на реката *Слившт҃ица* се споменува уште еднаш во Милутинова грамота од 1299–1300 година каде што е запишано: **Н црьквь Светаѩ Марнна внше града, сь воденнцомь н с' местомь ѡть рѣке Слнвцнце по водоваги коѩ нде на банѭ, та на поуть велн кон нде оу Урешево.** (Мошин 1975: 220). Од овој запис се дознава дека кралот Милутин на манастирот Св. Георги-Горг Скопски му ја дарува црквата Света Марена, која се наоѓа над градот Скопје, заедно со воденицата на реката *Слившт҃ица* и со црковното место кое се протегало од реката *Слившт҃ица* по јазот кој иде до бањата и до главниот пат што иде за селото Црешево. Денес, црквата Св. Марена не е сочувана. Според Константин Петров, црквата Св. Марена се наоѓала на повисокиот рид што се надоврзува на ридот каде што е скопската тврдина, викана Кале, а врз основа на тоа што се споменува во Милитиновата грамота, таа се датира од крајот на XIII век (Петров 1975: 80). К. Петров забележал дека оваа црква, најверојатно, е разурната од Турците Османлии при крајот на XIV или почетокот на XV век, односно по освојувањето на градот Скопје во 1392 година. Црквата Св. Марена, всушност, се наоѓала на северната страна од ридот кој се наоѓа десно од патот Скопје – Качаник во месноста Топаана.

Од изнесените пишани извори се дознава дека најстарата форма на името на реката е *Слившт҃ица*, односно *Сливьшт҃ица* која потекнува од некогашната придавска синтагма **Сливска < *Сливьска (Река)*. Атрибутот **Сливска < *Сливьска* од синтагмата **Сливска < *Сливьска (Река)* е изведен од исчезнатиот микротопоним **Слива* со придавскиот суфикс *-ьскъ* во формата за женски род *-ьска > -ска*. Откако отпаднала именката *река* од синтагмата **Сливьска (Река)*, придавката **Сливьска* се супстантивизирала со суфиксот *-ица* (Станковска 1999–2000: 371). Притоа, консонантската група *-ск-* од придавскиот суфикс *-ьскъ*, која се нашла пред вокалот *и* од именскиот суфикс *-ица*, се палатализирала во *-шт҃-*. Сегашното име на потамонимот *Сливчица* е создадено од формата *Сливичица* со упростување на сложената група *-вич-* преку загубата на консонантот *ш*, а таа настанала од *Слившт҃ица* и тоа на тој начин што консонантската група *-шт҃-* се заменила со *-шч-*.

Топонимот **Слива* претставува елиптично топонимиско образување кое е добиено со супстантивизација на атрибутот од првобитниот синтагматски состав **Слива* (= *Сливова) *(Вода, Река)* кој е образуван од фитонимот *слива* со придавскиот суфикс -ъ во формата за женски род *-а*, кој овде се карактеризира со односно-квалитативното значење. Од семантички аспект топонимот **Слива* означува 'место каде што има сливи'.

Од изложените податоци, добиени со направената структурно-семантичка анализа на хидронимот *Сливовиќ* и на потамонимот *Слившшица*, може да се заклучи дека првобитното име на изворот *Сливовиќ* било **Слива* < **Слива (Вода)* со значење 'место со извор каде што има, каде што растат сливи' од кое понатаму е образувано потамонимиското име *Слившшица*.

Хидронимот *Сливовиќ* < **Сливов (Извор)* е поново име на изворот при чиешто образување е искористен придавскиот суфикс *-ов* < *-овъ*, кој како понова зборообразувачка морфема од придавскиот суфикс -ъ, се одликувал со поголема изразност во процесот на окарактеризирањето на семантичката мотивација на географскиот објект. Не е неможно во еден историски период да функционирале истоветно двете форми на изворот: **Слива* и *Сливовиќ*. Според тоа, може да кажеме дека реката *Слившшица*, односно *Сливчица*, извира од изворот **Слива*, односно од денешниот силен извор *Сливовиќ*.

Фитонимот *слива* 'овошно дрво, Prunus domestica, Prunus spinosa' < ст. сл. **слива** е општословенски збор кој води потекло од прасл. **sliva*, а е создаден со супстантивизација на придавката **sliva*, женски род од **slivъ* што значи 'син, модар' (Skok 1973: 405; Bezlaj 1995: 261).

Присуството на фитонимиската лексема *слива* е одразено во топонимијата на скопското дијалектно подрачје, сп. *Слива* – ридна месност со ниви (Арачиново), *Слива* – месност со букова шума во која има една слива (Црешево), *Сливе* (< *Сливје*) – месност (Горњане), *Сливи* – пасиште (Брезица), *Сливица* – ниви (Горно Водно), *Сливиче* – пасиште (Говрлево), *Сливче* – месност под ниви (Визбегово). Идентично топонимиско образување има топонимот *Сливоиќ* < *Сливовик* – месност под ниви што се наоѓа во атарот на раселеното село Долно Водно.

Литература

БЕР 1971. *Български етимологичен речник*, том I. София: Българска академия на науките.

Веселовский С. Б. 1974. *Ономастикон древнерусские имена, прозщица и фамилии*. Москва: Наука.

Видоески Божидар. 1998. „Кон разграничувањето на говорите во Скопско“, *Дијалектите на македонскиот јазик*, том 1, Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 163–188.

Грковић Милица. 1977. *Речник личних имена код Срба*. Београд: „Вук Караџић“.

Грковић Милица. 1983. *Имена у Дечанским хрисовуљама*. Нови Сад: Филозофски факултет у Новом Саду. Институт за јужнословенске језике.

Десподова Вангелија. 1999. *Старословенско-македонски речник (со грчки паралели)*. Прилеп – Скопје: Институт за старословенска култура. Книгоиздателство „Матица македонска“.

Заимов Йордан. 1967. *Заселване на българските славяни на Балканския полуостров*. София: Българска академия на науките.

Заимов Йордан. 1988. *Български именник*. София: Българска академия на науките.

Павловић Звездана. 1994. *Хидронимиски систем слива Јужне Мораве*. Београд: Институт за српски језик САНУ.

Павловић Звездана. 1996. *Хидроними Србије*. Београд: Институт за српски језик САНУ.

Петров Ѓорче. 1896. *Материали по изучванието на Македония*. Сифия.

Петров Константин. 1975. „Преглед на сакралните споменици во Скопје и околината од XI до XIX век“. *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, том I. Скопје: Архив на Македонија, стр. 75–88.

Стаматоски Трајко. 1990. *Македонска ономастика*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Станковска Љубица. 1983. *Македонскиот топонимиски систем до XVI век*, докторска дисертација (ракопис). Скопје.

Станковска Љубица. 1992. *Речник на личните имиња кај Македонците*. Скопје.

Станковска Љубица. 1999–2000. „Топонимискиот модел на *-ьск-* + *-ица* во македонската топонимија“. *Балканославика*, бр. 26–27. Прилеп: Институт за старословенска култура, 229–401.

Станковска Љубица. 2002. *Суфиксите -јь, -ьјь, -ъ во македонската топонимија*. Прилеп: Институт за старословенска култура.

Трифуноски Јован Ф. 1971. *Скопска Црна гора*. Скопје.

ТРМЈ 2003. *Толковен речник на македонскиот јазик*, том I. Редакција: д-р Кирил Конески, д-р Живко Цветковски, д-р Снежана Велковска. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

ТРМЈ 2014: *Толковен речник на македонскиот јазик*, том VI. Редакција: д-р Кирил Конески, д-р Живко Цветковски, д-р Снежана Велковска, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Atlas 2005. *Atlas Slovenije*, 1 : 50 000. Ljubljana: Mladinska knjiga.

Bezlaj France. 1976. *Etimološki slovar slovenskega jezika*, prva knjiga. Ljubljana: Slovenska akademija znanosti in umetnosti. Inštitut za slovenski jezik. Mladinska knjiga.

Bezlaj France. 1995. *Etimološki slovar slovenskega jezika*, tretja knjiga, Ljubljana: Slovenska akademija znanosti in umetnosti. Inštitut za slovenski jezik „Fran Ramovš“. Mladinska knjiga.

Bezlaj France. 2005. *Etimološki slovar slovenskega jezika*, četrta knjiga, Ljubljana: Slovenska akademija znanosti in umetnosti. Inštitut za slovenski jezik „Fran Ramovš“. ZRC.

Duridanov Ivan. 1975. *Die Hydronymie des Vardarsystems als Geschichtsquelle*. Böhlau – Verleg – Köln - Wien.

Łubaś Władysław. 1971. *Słowotwórstwo południowsłowiańskich nazw miejscowych z sufiksami -ci, -ovci, -inci itp*., Katowice: Uniwersytet śląski.

Malec Maria. 1982. *Staropolskich skrócone nazwy osobowe od imion dwuczłonowych*. Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk – Łódź: Zakład narodowy im. Ossolińskich wydawnictwo Polskiej akademii nauk.

Nieckula, F. 1971. *Nazwy miejscowe z sufiksami –ov-, -in- na obszarze Wielkopolskie i Malopołskie*. Wrocław.

Skok Petar. 1971. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, knjiga prva. Zagreb: Jugoslovenska akademija znanosti i umjetnosti.

Skok Petar. 1973. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, knjiga treća. Zagreb: Jugoslovenska akademija znanosti i umjetnosti.

Sławski F. 1953. *Słownik etymologiczny języka polskiego*, tom I, zeszyt 2. Kraków.

Snoj Marko. 2009. *Etimološki slovar slovenskih zemljepisnih imen*. Ljubljana: Modrijan: ZRC.

Svoboda Jan. 1964. *Staročeská osobní jména a naše příjmení*. Praha: Československé akademie věd.

Извори

Иванов Йордан. 1970. *Български старини из Македония*. Фототипно издание. София: Българска академия на науките. „Наука и изкуство“.

Мошин Владимир. 1975. *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, том I. Скопје: Архив на Македонија.

Мошин Владимир. 1980. *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, том III. Скопје: Архив на Македонија.

Новаковић Стојан. 1875. „Српски поменици XV-XVIII века“. *Гласник Српског ученог друштва*, књ. XLII. Београд.

Петрушевски Илија. Петрушевска Николина. 2001. *Географски топонимиски речник на Република Македонија*. Скопје: Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

ТД 1971. *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширен пописен дефтер № 4 (1467–1468 година)*. Редакција: Методија Соколоски, д-р Александар Стојановски. Скопје: Архив на Македонија.

ТД 1976. *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширен пописен дефтер од XV век*, том III. Редакција: Методија Соколоски. Скопје: Архив на Македонија.

ТД 1999. *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширен пописен дефтер за казите Костур, Серфиџе и Велес од 1568/69 година*, том VII, кн. 2. Редакција: д-р Александар Стојановски, м-р Драги Ѓоргиев. Скопје: Архив на Македонија. Книгоиздателство „Матица македонска“.

UDC 81'373.423

Фани СТЕФАНОВСКА-РИСТЕСКА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ХОМОНИМИЈА И ПОЛИСЕМИЈА

Апстракт: Хомонимијата влегува во состав на лексичките парадигматски односи, односно таа го претставува содржинско-формалниот однос меѓу лексемите. Поаѓајќи од фактот дека голем број лексеми во даден јазик се полисемантични, не секогаш е лесно да се одреди јасна граница меѓу полисемијата и хомонимијата, што претставува сериозен проблем при лексикографската обработка, бидејќи понекогаш е многу тешко да се определи дали две формално исти лексички единици треба да се обработат како две значења на една лексема или пак како две посебни лексеми. Во овој реферат ќе ги разгледаме различните пристапи и критериуми кои се користат за разграничување на полисемијата и хомонимијата.

Клучни зборови: хомонимија, полисемија, семантика, лексикографија.

Хомонимијата влегува во состав на лексичките парадигматски односи, односно таа го претставува содржинско-формалниот однос меѓу лексемите. Формалното групирање меѓу лексичките единици според еднаквоста или идентичноста на материјалната форма се нарекува хомонимија. Лексичката хомонимија во јазикот се објаснува како резултат на совпаѓањето меѓу материјалните форми на различни лексеми и претставува одраз на неутрализацијата на формалните разлики меѓу нив. Хомонимијата е релација меѓу две или повеќе лексеми кои ѝ припаѓаат на иста зборовна група и имаат иста форма, но различни значења.

За лексикографите еден од најтешките проблеми е разграничувањето на полисемијата и хомонимијата. Во лексикографската пракса секогаш е присутно прашањето и дилемата дали две формално исти лексички единици треба да се обработат како две посебни лексеми, бидејќи е многу тешко да се подвлече остра граница меѓу хомонимијата и полисемијата. И хомонимијата и полисемијата се јавуваат како резултат на историскиот развој на јазикот, но се манифестираат како синхрониски феномени и затоа бараат примена на синхрониски методи при истражувањето. Според Б. Тафра (1986: 386–387) полисемијата претставува сложеност на семантичката структура на една лексема. Таа придонесува за јазичната економија и зависи од контекстот (контекстот го определува значењето, а бидејќи бројот на контексти е отворен и бројот на значења на полисемантичкиот збор е отворен), староста и употребната фреквенција на зборот (колку е зборот постар, толку е поголем бројот на контексти во кои се јавува, а колку е поголема неговата употребна фреквенција, толку е поголема можноста за проширување на значењето).

При анализа на полисемијата значенската единица е составена од две или повеќе семеми, кои се во семантичка интерсекција, односно освен дистинктивни семи, сите семеми содржат најмалку една интегрална сема. Со примена на семантичка анализа кај хомонимите, може да се види дека кај нив сите семи се дистинктивни и дека два хомонима немаат ниедна интегрална сема. Во тоа е главната разлика меѓу хомонимните и повеќезначните лексеми.

1. Дефинирањето на хомонимијата предизвикува многу недоумици, бидејќи во различни трудови, хомонимите и хомонимијата различно се толкуваат, односно среќаваме разлики во пристапот и начинот на проучување и определување на хомонимите како јазични единици.

Поголемиот дел од лингвистите се согласуваат дека хомонимијата претставува релација меѓу лексеми кои ѝ припаѓаат на иста зборовна група, имаат иста форма, но различни неповрзани, од синхрониска гледна точка, значења.

Според рускиот лингвист Кронгауз (Hudeček L., Mihaljević M. 2009: 160), две лексеми кои ѝ припаѓаат на иста зборовна група и имаат иста форма се хомоними, но за хомонимија може да се зборува и кога лексемите им припаѓаат на различни зборовни групи, доколку тие лексеми се наменливи и имаат иста гласовна или пишана форма.

Д. Гортан-Премк (1997: 150) смета дека хомонимијата не е системска појава и неа ја дефинира како постоење можност за постоење две или повеќе различни семантички содржини во формално ист надворешен облик. Хомонимен однос се воспоставува меѓу две или повеќе семантички содржини кои се поклопуваат во однос на надворешните карактеристики, но кои не можат да се доведат во семантичка врска ниту според семскиот состав, ниту според мотивациските асоцијативни врски.

М. Самарџија (Hudeček L., Mihaljević M. 2009: 161), во својата студија за хомонимијата во хрватскиот јазик, ги наведува условите кои мора да се исполнат за два збора да бидат хомоними: 1. да имаат ист фонемски состав; 2. да имаат различно значење; 3. да имаат исти прозодиски белези; 4. исто да се пишуваат и 5. да ѝ припаѓаат на иста зборовна група. Петтиот услов може да се релативизира и да се разликуваат две групи на хомоними: а) хомоними што ѝ припаѓаат на иста зборовна група (вистински хомоними) и б) хомоними што им припаѓаат на различни зборовни групи (невистински). Вистинските хомоними се делат на полни (целосни) и нецелосни (делумни) хомоними, во зависност дали совпаѓањето, односно формалното изедначување ги опфаќа сите граматички форми или само некои од нив.

За Е. Бандиловска-Ралповска (2016: 173–174) хомонимијата е лексичка појава од несистемски карактер, што се јавува како резултат на совпаѓањето меѓу материјалните форми на две или повеќе различни лексеми и претставува одраз на неутрализацијата на формалните разлики меѓу нив. Лексичката хомонимија ја дефинира како релација меѓу две или повеќе лексеми од иста зборовна група кои имаат иста форма и различни, семантички неповрзани, значења.

2. Причини за појава на хомонимија. Обично се смета дека до појава на хомонимија може да се дојде преку: 1. јазично заемање (хомоними може да се создадат кога еден збор преземен од туѓ јазик, откако ќе се адаптира во јазикот примач, по својата форма ќе се изедначи со домашен збор или заемка која веќе постои во јазикот примач); 2. зборообразување (кога дериватите образувани од различни зборообразувачки основи имаат иста форма); 3. како последица на гласовни промени во минатото; 4. со распаѓање на полисемантичката структура на една лексема по пат на диференцирање на значењата до степен на целосно раздвојување. Д. Шипка (Драгичевиќ: 321) како главни причини за појава на хомонимијата, покрај веќе наведените, ги вбројува и скратувањето, атракцијата и народната етимологија.

Според Б. Тафра (1986: 388), од дијахрониска гледна точка, постојат два начина за појава на хомонимија: фонетска случајност и распаѓање на полисемијата. До фонетско совпаѓање може да дојде поради неутрализација на планот на изразот во рамките на фонетските и на морфолошките процеси. Фонетско совпаѓање може да се јави меѓу: идиоглотеми, идиоглотеми и алоглотеми, алоглотеми од ист јазик и алоглотеми од различни јазици. Најголеми тешкотии се јавуваат кога хомонимите се создаваат со распаѓање на полисемијата, бидејќи во дијахрониски пресек е тешко да се определи точната граница кога дошло до распаѓање на полисемијата и кога завршил процесот на хомонимизација. Деполисемизацијата се јавува поради дивергентниот семантички развој. Со текот на времето се кинат асоцијативните врски меѓу семемите и сите семи стануваат дистинктивни. Б. Тафра укажува дека кај зборот *п̄арк*, кој во речниците се третира како повеќезначна лексема, денес процесот на хомонимизација е завршен, односно помеѓу значењето ’голема декоративна градина‘ и ’збир од возила (автомобилски парк, тенковски парк)‘ нема никаква семантичка кохезија. *Парк*[2] се разликува и по своето деривациско гнездо од *п̄арк*[1] (на пр.: паркира, паркиралиште).

3. Критериуми за разграничување на полисемијата и хомонимијата. Поаѓајќи од фактот дека голем број лексеми во даден јазик се полисемантички, односно имаат повеќе значења, не секогаш е лесно да се одреди јасна граница меѓу полисемијата и хомонимијата. Одделни автори сметаат дека еден од поефикасните начини на создавање хомоними во јазикот е можноста една или неколку од семите на повеќезначната лексема да се отцепат од нејзината структура и да заживеат како самостојни лексички единици. Постоењето на објективни и субјективни ставови, само ни покажуваат колку е тешко категорично да се определи границата помеѓу хомонимијата и полисемијата, односно дека не постојат сигурни критериуми за утврдување на нивната граница.

Во литературата се наведуваат повеќе критериуми за разграничување на полисемијата и хомонимијата. Ќе се задржиме на етимолошкиот, семантичкиот и зборообразувачкиот критериум.

3.1. Етимолошки критериум. Етимолошкиот критериум обично се наведува како главен критериум за разграничување на хомонимијата и полисемијата. Според овој критериум, ако кај две јазични единици се утврди исто потекло, станува збор за по-

лисемија, а доколку единиците имаат различна етимологија, тие се во хомонимен однос. Сепак, во практиката, етимолошкиот критериум не е секогаш јасен, бидејќи не ни е секогаш позната етимологијата на зборот, не е јасно колку длабоко треба да се проследи етимолошкото потекло на зборот, а и говорителите честопати не ја познаваат етимологијата на некој збор. Најважно е што етимолошкиот критериум не ја опишува синхрониската јазична состојба туку воведува дијахрониски критериуми. Токму затоа за многу истражувачи овој критериум е несоодветен. Б. Тафра и М. Самарџија го исклучуваат овој критериум, бидејќи сметаат дека хомонимијата е синхрониски феномен и дека треба да постојат синхрониски критериуми за нејзино определување. Според Б. Тафра (1986: 384) хомонимијата и полисемијата се јавиле во историскиот развој на јазикот, но се манифестираат како синхрониски феномени и затоа бараат синхрониски методи при истражувањето. Со етимолошкиот метод можеме само да потврдиме дека не станува збор за полисемија (Ako nije isti etimon, nije u pitanju polisemija). Но, бидејќи постои можност и за конвергентен семантички развој на два збора со различно потекло (дехомонимизација), ни тој критериум не е сигурен. Бидејќи еден од начините за појава на хомонимија е дивергентниот семантички развој на полисемантичкиот збор, тешко е да се каже кога завршила деполисемизацијата, т.е. хомонимизацијата.

Д. Гортан-Премк (1997: 151) вели: „Полисемијата и хомонимијата се факт на јазична синхронија и според тоа и критериумите за нивно определување мора да бидат засновани врз елементи коишто се евидентни во синхрониска состојба. Значи, доколку од синхрониска гледна точка не постои семантичка врска меѓу две семантички единици, нема оправдување да се сметаат тие како значења во рамките на полисемантичката структура на една лексема.

Бидејќи хомонимијата и полисемијата се синхрониски јазични феномени, треба да се изнајдат критериуми за нивно разграничување на синхрониски план и затоа може да заклучиме дека етимолошкиот критериум не треба да биде единствен критериум, односно дека дијахрониските и компаративните елементи треба да се користат само како помошни средства.

Во определувањето на критериумите за утврдување на границата меѓу хомонимијата и полисемијата, Д. Гортан-Премк (1997: 151) тргнува од две констатации: 1. проблемот во односот меѓу хомонимијата и полисемијата претставува прашање на идентификација на лексемата како посебна единица во лексичкиот систем; 2. и полисемијата и хомонимијата се факти кои произлегуваат од јазичната синхронија, па според тоа и критериумите за нивно разграничување мора да содржат елементи од синхрониската состојба во јазикот. Затоа, таа предлага два синхрониски критериуми: 1. семантички, кој се состои од споредба на значенските компоненти, односно анализа на семскиот состав и на асоцијативните врски во полисемантичката структура на лексемата што се проучува и во целиот дериваciски систем на кој му припаѓа таа и 2. морфолошки, кој се состои од споредување на дериваciските системи на кои им припаѓаат разгледуваните лексеми. Овие два критериума треба да ја имаат улогата на основни елементи во значенското разликување на хомонимијата и полисемијата,

односно во идентификацијата на посебните единици во лексичкиот систем, без оглед на каков обичен или необичен начин настанале лексемите.

3.2. Семантички критериум. Втор критериум за разграничување на хомонимијата и полисемијата е поврзаноста/неповрзаноста во значењето. Овој критериум има две предности во однос на етимолошкиот критериум: синхроничност и опис на јазичното чувство на родените говорители.

Според семантичкиот критериум полисемантичките зборови имаат најмалку една интегрална сема, додека кај хомонимите сите семи се дистинктивни. „Homonimija je, dakle, leksička pojava u kojoj dva ili više leksema, koji pripadaju istom leksičko-gramatičkom razredu, a različitim leksičko-semantičkim razredima, imaju dve jednake lekse i nijedan integralni sem. Uvjet za njenu pojavu jest identičnost zvučnog plašta i gramatičkih formi dvaju ili više leksema i potpuna odvojenost njihovih semantičkih struktura.“ (Тафра, 1986: 385) Полисемијата, дијахрониски гледано, настанува со семантичка деривација од првото значење, односно преку метафорички и метонимиски пренос на значењето. Полисемантичниот збор се состои од две или повеќе семеми, кои се во семантичка интерсекција, односно покрај дистинктивните семи, сите семеми содржат најмалку една интегрална сема. Кај хомонимите сите семи се дистинктивни и двата хомонима немаат ниедна интегрална сема. Во тоа е главната разлика меѓу хомонимите и полисемантичките зборови. Хомонимите се во опозиција поради меѓусебната исклучивост, односно поради отсуството на контекстуална заменливост.

Под семантички критериум се подразбира споредба на значењето на единиците, но, тоа споредување не се заснова само на јазичното чувство, т.е. на субјективниот впечаток за тоа дали две значења се поврзани или не, туку на определени научни постапки. Една од нив е компоненцијалната анализа. Значењата прво мора да се разложат на семи, а потоа да се споредат семските структури на двете единици. Ако поседуваат тие заеднички семи и ако меѓу нив постои препознатлива асоцијативна врска, може да зборуваме за полисемија. Ако, пак, од синхрониска гледна точка, тие немаат заеднички семи, испитуваните единици се наоѓаат во хомонимен однос т.е. претставуваат различни лексеми. (Драгичевиќ 2007: 324)

Во согласност со семантичкиот критериум за хомоними можеме да ги сметаме зборовите:

коса[1] *ж.* ’сите влакна на главата кај човекот.‘; ’што личи на коса‘.

коса[2] *ж.* ’орудие за косење во форма на долг, свиен во лак, остар нож прицврстен на долга дрвена дршка‘.

коса[3] *ж.*’површина или страна од рид или од планина што има благ пад, наклон; блага падина‘.

вила[1] *ж.*’орудие, долг стап со два или повеќе дрвени или метални заба, за прибирање на сено, слама, гној и сл‘.

вила[2] *ж.* ’убава, раскошна куќа, обично надвор од градот, ризиденција’; ‘куќа за одмор надвор од градот; викендица‘.

вила[3] *ж.* (мит.) ’натприродно, женско суштество со неверојатна убавина, коешто живее во шумите, покрај реките, изворите; самовила‘.

тушира[1] *св.* и *несв.*’нацрта, црта, наслика, слика со туш‘.

тушира[2] *св.* и *несв.* ’искапе, капе некого под туш.‘

тушира[3] *св.* и *несв.*’во борење – собори, кутне, кутнува противник на плеќи како знак за победа‘.

бокс[1] *м.*’удар со тупаница.; (само *един.*) вид спорт, борба со тупаници меѓу двајца противници според определени правила‘.

бокс[2] *м.*’посебно обработена телешка кожа за обувки‘.

бокс[3] *м.*’посебна просторија или преградено место во некој објект со одредена намена‘.

кваси[1] *несв.*’става квас, маја во пресно млеко‘.

кваси[2] *несв.* ’мокри, влажи.‘

град[1] *м.* ’големо населено место кое претставува административен, културен и стопански центар на некоја област.’; ‘жителите на тоа место.‘

град[2] *м.* (само *един.*) *м.* ’природна појава, смрзнати капки дожд, образувани во атмосферата, кои паѓаат на земјата во вид на зрна мраз‘.

грб[1] *м.*’заден дел од телото меѓу вратот и половината.; заден дел, задна страна на нешто‘.

грб[2] *м.* ’знак, симбол на држава, град и сл.‘

Хомонимијата започнува кога две значења на еден ист збор толку ќе се оддалечат што говорителите на еден јазик веќе не гледаат никаква врска меѓу нив. Тогаш, поради семантичкиот развој, доаѓа до деполисемизација, односно до хомонимизација. Сепак, семантичкиот критериум е субјективен (интерпретација на говорителот) и затоа не може јасно да ги утврди границите помеѓу полисемијата и хомонимијата.

3.3. Зборообразувачки критериум. Зборообразувачкиот критериум се однесува на споредба на дериваciските гнезда на испитуваните единици. Ако дериватите на двете единици се образуваат на ист начин, со исти зборообразувачки средства, тогаш тие единици се значење на една лексема. Ако нивните дериваciски гнезда не се совпаѓаат, станува збор за хомоними.

Според Л. Худечек и М. Михаљевиќ (2009: 176) дериватите добиени од две различни зборообразувачки основи можат да имаат ист израз и тогаш станува збор за хомоними, а не за полисемантички зборови. Тие сметаат дека истоизразните деривати образувани од различни зборови се хомоними, без оглед на заедничката сема што можат да ја имаат зборовите од коишто се образувани, т.е. без оглед на тоа дали се изведени од пароними или од збор со сосема неповрзано значење.

Во согласност со зборообразувачкиот критериум може да ги изделиме следниве примери:

А. различно зборообразувачки мотивирани глаголи:

рекламира[1] ’соопшти преку реклама‘,
рекламира[2] ’поднесе рекламација‘.
притвори[1] ’делумно затвори прозорец, врата‘,
притвори[2] ’стави во притвор‘.
извезе[1] *св.*’изработи со везење’; ’заврши со везење‘,
извезе[2] ’изнесе, продаде нешто надвор од земјата‘.
должи[1] ’има долг‘,
должи[2] ’продолжува, развлекува нешто во должина, прави да биде подолго‘.
досади[1] ’предизвика чувство на досада‘,
досади[2] ’заврши со садење‘.

Б. односни придавки образувани од различни зборови:

барски[1] ’што се однесува на бар, што е наменет за бар‘,
барски[2] ’што се однесува на бара‘.
варен[1] ’што е приготвен со варење‘,
варен[2] ’што е од вар‘.
лазурен[1]’што се однесува на лазур, што е со боја на лазур‘,
лазурен[2]’што се однесува на лазура, што е проширен‘.
кален[1]’за метал - што станал многу тврд со калење; (прен.) што е јак, издржлив, отпорен‘,
кален[2]’што е со кал, што има кал, што содржи кал‘.
студиски[1] ’што се однесува на студии, студирање‘,
студиски[2] ’што се однесува на студио‘.
балистички[1]’што се однесува на балистика‘,
балистички[2] ’што се однесува на балист‘.

Л. Худечек и М. Михаљевиќ (2009: 175) сметаат дека голем проблем при утврдување на хомонимијата е што на сите критериуми им се придава иста вредност, иако тие често пати се судруваат, односно зборовите можат да бидат хомоними според начелото дека се образувани од различни зборови, но не и според начелото дека хомонимите не смеат да имаат ниедна заедничка сема. Тие сметаат дека во случаите кога има судир меѓу зборообразувачкиот и семантичкиот критериум зборообразувачкиот треба да има предност. Од два различни збора, преку две независни зборообразувачки постапки, не може да се добие еден ист збор без оглед на тоа колку се блиски по значење зборовите од кои со зборообразувачка постапка се изведуваат нови зборови и без оглед на тоа што и тие изведени зборови, по правило и по логика, имаат исто така заедничка сема и со зборовите од кои се изведени и меѓусебно.

Е. Бандиловска-Ралповска (2016: 168), разгледувајќи ја хомонимијата кај описните придавки, издвојува неколку хомонимски парови кај кои формалното изедначување е предизвикано од следниве лексичко-граматички елементи: 1. иста зборообразувачка основа која семантички привлекува кон исто значенско јадро од кое, преземајќи во својот семски состав различни семи, истовремено двете лексеми се оттурнуваат една од друга и остваруваат различни семантички содржини: *виден*[1] и *виден*[2] (од вид), *личен*[1] и *личен*[2] (од лик), *ранлив*[1] и *ранлив*[2] (од рана); 2. формално ист корен во зборообразувачката основа, но со различна семантичка вредност, што доведува до целосно или делумно идентичен фонемски состав и разлика во една фонема, предивикувајќи целосно графичко поклопување кај двете коренски лексеми: *воден*[1] (од води) и *воден*[2] (од вода), *парен*[1] (од пареа) и *парен*[2] (од пар); 3. актуализација на признакот потенцијалност на семите во дел од семскиот состав на првичната лексема по пат на метафоричен пренос на номинација и создавање нови хомонимски лексеми кои послужиле како основа за создавање и на хомонимски придавки (*краста*[1] и *ласка*[2] = *блеска, сјае* за која смета дека е првична лексема од која подоцна со метафоризација се развило ново значење, нова лексема со значење *се додворува*).

Проблемите во врска со разграничувањето на полисемијата и хомонимијата се постојано присутни во јазичната практика. Тоа претставува особено сериозен проблем при лексикографската обработка, бидејќи понекогаш е многу тешко да се определи дали две формално исти лексички единици треба да се обработат како две значења на една иста лексема или пак како две одделни лексеми. Затоа сметаме дека изработката на Речник на хомоними во македонскиот јазик ќе помогне во надминувањето на овие тешкотии и ќе даде свој придонес во областа на македонската лексикографија.

Литература

Бандиловска-Ралповска Е. 2016. *Парадигматските односи кај описните придавки во македонскиот јазик*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Гортан-Премк Д. 1997. *Полисемија и организација лексичког система у српскоме језику*. Београд: Институт за српски језик, САНУ.

Драгичевиќ Р. 2007. *Лексикологија српског језика.* Београд: Завод за уџбенике.

Шипка Д. 1988. „Контекст и типови лексичке хомонимичности*“. Наш језик* XXVIII/ 1-2, Београд: Институт за српски језик, САНУ, 55-59.

Hudeček L., Mihaljević M. 2009. „Homonimija kao leksikografski problem“. *Rasprave: Časopis Instituta za hrvatski jezik i jezikoslovlje 35.* Zagreb: Institut za hrvatski jezik i jezikoslovlje, 159-186.

Tafra B. 1986. „Razgraničavanje homonimije i polisemije (leksikološki i leksikografski problem)“. *Filologija* 14, Zagreb: Hrvatska akademija znanosti i umetnosti, 381–393.

Tafra B. 2016. „Homonimija - kroatistički kamen smutnje“. *Slavenska filologija. Prilozi jubileju prof. em. Milenka Popovića, Željka Čelić, Tetyana Fuderer (ur.).* Zagreb: FF press, 144-154.

UDC 811.163.3’367.62:398.3

Еленка СТОЕВСКА-ДЕНЧОВА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

Светлана ДАВКОВА-ЃОРГИЕВА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ЗА НАЗИВИТЕ *СЛАВА* И *ИМЕНДЕН* ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Меѓу старите народни обичаи кои биле практикувани на територијата на Македонија, особено место зазема *славаѿа*. Славата денес е свеченост поврзана за култот кон еден светец. Оние кои држат до овој обичај имаат еден светец, свој домашен заштитник, чиј ден ’го слават‘ или ’служат‘, го прославуваат денот на специјален начин и со специјални обреди пропратени со гозба и веселба. На територијата на Македонија овој обичај има различни именувања. Најраспространети се: ’слава‘, ’служба‘ и ’именден‘. Доста се раширени и називите ’слуга‘ и ’свети‘, во Повардарието е познат називот ’ден‘, па и ’голем ден‘ во Дебарско, ’сведен/светец‘ во Скопската Котлина. Кај Албанците се бележи називот ’феста‘ со значење ’празник‘, кај Власите и Романците називот ’празник‘.

Клучни зборови: народни обичаи, слава, именден, служба, дијалекти, ареална лингвистика, македонски јазик.

Во науката (етнологијата, историјата и др.) за потеклото на славата има неколку теории. Приврзаниците на античкото потекло на славата укажуваат на сличноста на славата и култот на *херос* кај Грците, односно, кај Римјаните култот кон *лари* и *ѿенаѿи* (римски куќни божества). Второто мислење е дека славата настанала во време на примањето на христијанството, односно дека *славаѿа е завеѿ, сѿомен на денѿ кога ѿреѿциѿе во некои семејсѿва од ѿаганска вера ѿоминале во христијанска вера.* Застапниците на тезата дека славата води *ѿоѿекло од кулѿоѿ кон мрѿвиѿе* ги споредуваат главните култни дејства и предмети во двата култа, а тоа се: помен на светецот, палење свеќа, полевање на житото со вино и помен на мртвите претци и сродници. Додека четвртата теорија за потеклото на славата го нагласува црковното и православно потекло и суштина на славата, а православните свештеници со текот на времето дозволувале сите црковни елементи на славата да бидат пренесени од црковниот во домашниот култ на славата (Павковиќ 2015: 136–141).

Анализата на материјалот[1] што е предмет на интерес во овој труд ја правиме врз основа на мислењето дека славата настанала во време на примањето на христијанството, односно дека *славата е завет, сиомен на денот кога претците во некои семејства од паганска вера поминале во христијанска вера*, теорија која го нагласува црковното и православно потекло и суштина на славата и упатува на тоа дека православните свештеници со текот на времето дозволувале сите црковни елементи на славата да бидат пренесени од црковниот во домашниот култ на славата.

Филиповиќ (1985: 151–192) вршејќи етнолошки истражувања на Балканот, тврди дека славата е пред сè обичај на православните Срби како национална одлика но, забележува дека во минатото била општа кај сите Македонци. Обичај што продолжува и денес. Според него славата била позната и кај католичките Хрвати во Херцеговина, средна Босна, Далмација, Лика и Славонија. Ја има и кај католичките Албанци (на Косово и Метохија) како племенска слава под името *фешта,* а славата е општ семеен празник и кај Власите и Романците и се именува како *празник.*

Од друга страна, пак, интересна е констатацијата на Дробнаковиќ кој во трудот „Етнологија народа Југославије“ (1960: 236) укажува на тоа дека најстариот запис за слава потекнува токму од Македонија, од околината на Охрид, поточно од 1018 година кога Византијците го фатиле и ослепеле војводата Ивица токму на денот на *неговата слава.*

Всушност, меѓу старите народни обичаи кои биле практикувани на територијата на Македонија, особено место заземаат славата и именденот. Славата била и останува народно-црковен празник како култ кон одреден христијански светец.

Лексемата *празник к*ако прасловенска и општословенска ја регистриравме и во другите словенски јазици. Сп.: буг. *празник* со зн. ’официјално утврден или востановен по традиција неработен ден, придружен со некакво чествување‘, ср. и хр. *пра̑зник* ’празник‘, словен. *práznik,* во чеш. ретко *prázdnik.* Односнава лексема потекнува од праслов. **parzdьnikъ,* изведено од **parzdьnъ* со значење ’празен; кој не работи/ден за одмор, за фешта, славење‘, рус. *пра́здник,* позајмено во романскиот *práznic* ’празник; голем црковен празник; банкет‘(Скок III: 28; БЕР V: 591).

Во Толковниот речник на македонскиот јазик, понатаму во текстот ТРМЈ, именувањето *празник* го бележиме со три толкувања: 1. а) Ден што се празнува во чест на некој настан или на некоја личност. б) (црков.) Ден или повеќе денови едноподруго што се празнуваат во чест на некој светец. 2. Слава, веселба, забава со цел да се прослави нешто. 3. (прен.) Радост, среќа, задоволство поради нешто убаво (IV: 426).

Славата денес е свеченост поврзана за култот кон еден светец. Оние кои држат до овој обичај имаат свој светец, свој домашен заштитник, чиј ден ’го слават‘ или ’служат‘, го прославуваат денот на специјален начин и со специјални обреди пропратени со гозба и веселба. Иако се востановени многу заеднички структурни

[1] Лексичкиот материјал е користен од картотеката на проектот Македонски дијалектен атлас што се работи во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, како и од друга етнографска литература. Дијалектниот материјал е собиран според *Прашалникот за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас* (Видоески 2000).

елементи на славата на територијата на Македонија, сепак, во начинот на славењето, обредната храна и временското траење на славата постојат и некои локални разлики условени како од народно-црковната традиција така и од пошироки (државни) и општествено-политички околности. Во секој случај славата е под силно влијание на православната црква, така што денешниот начин на славење слава е онаков како што го формирала православната црква. Етнолошките истражувања се јасни во тоа дека славата спаѓа во трајно и наследно духовно и социјално добро. Славата не се менува, таа се наследува со куќата и имотот. Оној што ќе ја наследи или купи куќата и имотот ја наследува и славата. Славата се слави во сите околности, и во добро и во лошо, во сиромаштво и изобилство, во жалост и во радост, па дури и во војна.

Бугарскиот етимолошки речник (VI: 829) називот *слàва* го бележи со повеќе значења меѓу кои: 'служба на светец; обредна црковна песна која домашните ја пеат вечерта спроти празникот на светецот' и е изведен од праслов. **slāvā* (според Мачек поствербално образување од праслов. гл. **slāviti, *slāvą*) поврзано преку редување со праслов. **slouti/*sluti/*slavą* 'зборува, (про)слави', ова од индоевропскиот корен **k̂leu-, *k̂lōu- (*k̂lou-), *k̂lū-* > праслов. **sly-, *slu-,* од каде што исто **slav-/*slāv-*. Оваа лексема е нотирана и во другите словенски, поблиски и подалечни, јазици. Сп.: ср. и хр. *слàва,* словен. *sláva,* рус. *слава,* укр. *слава,* белорус. *слава,*чеш. *sláva,* слов. *sláva,* пол. *sława,* глуж. *sława,* длуж. *sława.*

Во современиот македонски јазик е регистрирана лексемата *слава,* со три значења: 1. Сеопшто признание на нечии заслуги, квалитети, заложби за општо добро или општествено признат авторски труд. 2. (само *едн.*) Јавно мислење за нечии заслуги или недостатоци, добар или лош глас, реноме. 3. Кај верниците од православна христијанска вероисповед: а) Сведен во чест на светител, заштитник на семејството, на домот, на куќата каде што се слави. Именувањето *слава* се бележи и во фразеолошки изрази: *Слава богу* – како формула, израз на благодарност кон Бога дека нешто добро се случило. *Вечна (му) слава* – последен поздрав кон покојник со желба сеќавањето за него да биде вечно. *Му удрила славата во глава* – премногу се прави важен со постигнатото. *За чест и слава* – од морални побуди, а за материјална добивка. *На стара слава* – добива нешто на поранешни заслуги, на поранешен труд ТРМЈ (V: 424).

Во овој контекст ќе ги споменеме најважните обредни предмети на славата: *леб-колач, варено жито-коливо* (а во минатото, па и сега, во некои краишта житото не се вари), *масло, свеќа, темјан, црвено вино* и *икона на светецот* (Макаријоска 2014: 29). Истите се познати и во Стариот завет, а поминале и во црковната литургија, а потоа и во обредот на славата. Главниот чин е обредно сечење на лебот-колачот (со различни именувања во македонските дијалекти), посипување со вино и негово вртење во правец на движење на Сонцето и здравица во слава на светецот и напредокот на куќата. Карактеристичен чин е и пеењето на песна-молитва наречена *тропар*, песна во слава на светецот. Што се однесува до текот на славата – според црковните правила неколку дена пред славата свештеник осветува вода во куќата на домаќините за таа да биде исчистена од секакви лошотии и зла. Со дел од светената вода домаќин-

ката го замесува тестото на славскиот колач/лепче. Вечерта, пред денот на славата, се канат гости, се собира семејството со поканети гости, а локално е забележано и дека семејството е во најтесен круг. Другиот ден, на денот на славата, домаќинот оди во црква да запали свеќа на својот светител. Најважен момент на обредот е сечењето на славскиот колач и дигање на славата. Славскиот колач го сече свештеникот и го полева со вино, потоа домаќинот го прифаќа колачот со двете раце па заедно полека, како што споменавме, го вртат во правецот во кој се движи Сонцето. Кон ова пристапуваат и останатите членови од семејството со што се постигнува колективна партиципација на обредот. Потоа колачот се крши на четири дела, едната четвртина домаќинот ја крева наздравувајќи ѝ на славата. Овој чин се именува како „дигање слава". Така започнува празнувањето на денот на светецот, гозбата, а битен момент е и свеченото наздравување со чаша вино и кажување здравица од страна на најугледниот гостин.

Бидејќи гозбата е битен елемент на славата, постојат т.н. *посни* и *мрсни слави*. Доколку славата се паѓа во среда или во петок, и во време на божикниот пост црквата пропишува посна славска трпеза (без месо, млечни производи и јајца). Но, иако црквата пропишува славата да се празнува еден ден (на самиот денот на светецот), од етнографските материјали се дознава дека кај народот служењето на светецот траел и по три дена. Првиот ден вечерта спроти славата – *заслуг,* утредента е *слава, служба, празник, ден,* а третиот ден е *патерица.* Во традицијата во минатото на првите два дена од празнувањето на гости доаѓале мажи, а на третиот ден жени. Според Вражиновски во Македонија познати се четири вида празнувања на денови на светците: општоселска, семејна, лична слава, позната и како дигање на колач и еснафска слава (Вражиновски 2000: 393–395).

Лексемата *заслуг* во македонскиот јазик се среќава со значење 'чествување спроти слава, почеток на славење на светителот, заштитник на домот' (ТРМЈ II: 141), а називот *патерица* е регистриран со три значења од кои второто е 'денот по слава, по празникот на светителот, заштитник на домот' (ТРМЈ IV: 47). Односниов назив во формата *пàтарица* е присутен и во ср. и во хр. јазик, меѓу другите и со значење 'втор ден од крсна слава', како и во буг. јазик *пàтерица*[2] со толкување 'денот по некој празник или служба' (БЕР V: 94). Аргировски (1998: 212) називов го изведува од стгр., сргр. *πατήρ* со зн. 'татко', црк. 'отец', обрзувано со мак. суфикс -ица., споредиот *патерица* 'ден по религиозен празник' (РМЈ II:141), во аром. *pătăríţă* (Папахаџи 964).

Како што веќе споменавме, во денешно време голем дел од македонските семејства имаат свој домашен светец кого го почитуваат како заштитник, свој домашен покровител. Во чест на домашниот светец се прават гозби, се месат обредни лебови, се канат гости, се празнува *семејна/домашна слава.* За разлика од семејната слава каде се канат одредени семејства, на селската слава идат и неканети гости. Родовите по селата никогаш не се разликувале по светецот во чија чест ја празнувале славата и биле нарекувани: светониколци, светопетковци, митровденци и сл.

Во народната традиција е позната и често практикувана и т.н. лична слава. Таа се јавува под два вида и тоа во случај на заветување или зарекнување и славење *имен-*

ден или *име.* Личната слава од првиот вид се слави кога во случај на некоја несреќа, некој од семејството се заветувал дека ќе почне да празнува некој светец, односно да му служи секоја година служба. Светецот се избирал со случајно отворање на црковната книга, бидејќи според верувањата „светецот сам идел". Во случај молитвата на лицето да му биде исполнета, тоа секоја година го славело светецот со сите оние обредни активности и обредни реквизити, карактеристични за слава. Личната слава по својата функција е слична на *зарекоѿ* или на *зарекнувањеѿо.* Зарекот започнувал на одреден датум во годината и притоа домаќинката меси посно кравајче, како еден вид на принесување жртва. Луѓето се зарекнувале при постоење на некаква болест, при немање деца, при некоја несреќа и сл. Зарекнувањето важи за цел живот на оној кој се зарекнал, во спротивно доаѓа до повторно враќање на болеста во уште поголема мера. Сите обредни активности потсетуваат на лична слава). Личната слава е позната и како ***именден*** или ***име*** и се слави во случај кога славеникот го носи името на светецот кој се празнува. За овој вид на слава обично се оди в црква и се пали свеќа за здравје, се остава и дар или паричка на светецот. Вечерта спроти празникот во име на светецот се прават посети, при што гостите го честитаат денот со *Вечно да ѿи е имеѿо.* Не чинело никогаш да се прекине службата, таа се пренесувала од колено на колено (Вражиновски 2000: 394).

ТРМЈ (II: 326) го бележи називот *именден* со толкување ’ден кога се слави името обично според името на некој светец‘ .

Што се однесува до називите со кои се именува ’денот кога не се работи туку се слави, светкува‘ регистрирани според *Прашалникоѿ за собирање маѿеријал за македонски дијалекѿен аѿлас* (Видоески 2000) во тематската област *Обичаи и вера* на македонскиот јазичен ареал бележиме повеќе лексеми. Називот *ѿразник* со горе-споменатото значење во фонетски и прозодиски разновидности (*ѿр’азник, ѿра’ѓзник, ѿр’азнѫк, ѿр’азнек*), без исклучок, самостојно или во заедничка употреба со други називи, е дистрибуиран во сите македонски дијалекти.

Хаџи-Васиљевиќ во трудот „Скопље и његова околина – историска, етнографска и културно-политичка излагања" (1930: 391–397) давајќи опис на голем број села од Скопската област, меѓу другото, забележува дека речиси секое село во оваа област има своја *селска слава*, кај селската црква или крст, или остатокот од старата црква или манастир. Според него тоа било еден вид селски завет/заклетва/ветување. Имено, на тој ден селаните од целото село се собирале во селската црква, ако немало во селото црква тогаш на местото каде имало поставено крст, се држело служба и, по службата, селаните се веселеле и заедно ручале. Уште спроти тој ден сите селани давале храна и пијалак, се разбира кој што имал и колку имал или пак собирале прилози во пари и купувале овен или вол за ручек); тоа се носело на местото каде што ќе се одвивал чинот на поклонение кон светецот и таму се спремал заедничкиот ручек. На тој празник на селаните им доаѓале гости од соседните села и поблиски места. Иако секој од селаните си имал свои гости, сепак, сите тие заедно со селаните што го празнуваат денот ручале на заедничка трпеза. Ако во селото немало црква или крст, селаните се собирале на *сред село* – место на средина на селото. Додека постарите

седеле на трпеза и разговарале, младите играле, пееле (фрлале камен, се тркале, се бореле и сл.). Во овој контекст се одржувале и *селски собори*. Многу села во Скопско одржувале и по неколку собори во годината, колку што имало цркви во селото, или пак, места на кои понапред имало црква или манастир, толку пати во годината се одржувале собори. Ваквите собори обично траеле по два дена, а на соборите доаѓале луѓе од други блиски и подалечни села кои ноќевале или кај роднини или во црковниот односно манастирскиот двор. Се служел ручек за присутните, следувала веселба (играње, пеење) и потоа се разидувале. Најсвечениот празник кај словенското население во градот Скопје и во неговата околината е *славата*. Во селата преку реката Пчиња славата се именувала како *слуга* и *на слуга,* а песните што се пееле на тој ден се нарекувале *песни на слуга.* Во северниот дел на Скопската област е забележано описно именување, како на пример *Служиме Св. Никола, Служиме Св. Арангел*, а прашањето било *Која ти е служба?* Или *На кој светец служите?*

Иако населението во споменатава област трпело влијание во поглед на одржување на овој народен обичај, тоа и ден денес слави слава со голем пиетет и уверување дека славењето слава е и нивна национална одлика.

Од записите на Хаџи-Васиљевиќ (1930: 393) дознаваме дека во Скопско слава се славело во секоја христијанска куќа. Дури имало случаи кога едно исто семејство славело по две слави. Се сметало за тежок грев и голема срамота ако без сериозна причина се пропушта славата, дури се верувало дека тој што ќе направи нешто такво нема да ја дочека другата слава – ќе умре. Старите луѓе кажувале дека слава славеле и торбешите, „муслиманите со наша крв“. Денот спроти славата се вика *заслуг,* а денот по славата *патерица.* Во традицијата е да се пости најмалку една недела пред денот кога се слави, а ако славата се паѓа во пост се подговува посно јадење. Во Блатијата и некои околни села на денот пред славата се готвеле различни јадења кои се раздавале по куќите во селото. Овој чин се именувал како *раздавање* или *нозба* затоа што се носело по куќите. Постоела традиција да се канат гости на заслугот – вечерта пред славата. Меѓутоа според записите на Хаџи-Васиљевиќ во Блатските села, во Таор, Блаце, Ново Село (на р. Вардар) не се канеле специјално гости за слава, туку гостите сами одлучувале и се делеле каде ќе одат на слава.

Истражувањата на Вражиновски (2000: 393), пак, укажуваат дека во Источна и Јужна Македонија е дистрибуиран називот *служба*, исто во заедничка употреба со *празник* и со гореспоменатото значење.

Во ТРМЈ (V: 444) називот *служба* е забележан со шест значења од кои третото значење е ’вршење црковен обред‘. Во БЕР (VII: 123) лексемата *слȕжба* има повеќе значења меѓу кои и значењето ’црковно богослужение, молитва во црква‘, регионално ’семејно чествување на светец‘, ’религиозен празник‘, ’празник на фамилија на определени црковни празници (семејна слава)‘, ’голем општоселски празник како собор‘, ’гозба во чест на некој светец‘. Лексемата е нотирана и во другите словенски, поблиски и подалечни, јазици: ср. и хр. *слȕжба* со зн. ’служба; богослужение‘, словен. *slûžba,* рус. *слу́жба* меѓу др. зн. и ’служење, должност, богослужение‘; укр. *слу́жба* ’служба‘, белорус. *слу́жба,* со исто зн. и во чеш. *služba,* и во слов. *služba,*

пол. *służba*, горлуж. *służba.* Ова добиено од праслов. **służьbā*, со наст. **-ьbā* од основата **slug-*.

Анализираниот материјал од картотеката на Македонскиот дијалектен атлас покажува дека во дел од северозападните, западните и централните говори регистрираме заедничка употреба на два назива: *сведен(сфеден)* и *п̄разник.* Интересно е тоа што во овие дијалекти забележавме и дистинкција во значењето на овие две лексеми: *сведен* се употребува само за верски празник, слава, куќна или селска, а називот *п̄разник*, пак, може да биде употребен и со споменатово значење но, и со значење државен празник, кога сите во државата празнуваат односно не работат. До ваквата дистинкција во значењето веројатно дошло во времето на социјализмот кога заради ограничените црковни прослави поради политички причини, кога преку образовниот систем била спроведувана атеизацијата, биле создавани или правени слави односно празници за кои бил одреден ден кој бил од големо значење за населението кога не се работело, се седело дома и се славело, празнувало (како на пр. денот кога било ослободено местото од окупација, и сл.). На оваа претпоставка во прилог ни оди и тоа што во дијалектните материјали од гореспоменатите говори од страна на информаторите до лексемата *сведен* честа е и забелешката дека се работи за постар збор, наспрема називот *п̄разник* кој е со забелешка понов збор. Сп.: во Слепче (Прилепско) забележан е називот *сведен – Еднаш г̄одишно се слави, дома во куќа.* // називот *п̄разник*; во Никодин го бележиме само називот *сведен*; во Тројаци *сведен* се толкува како ’слава, куќна, селска‘, а *п̄разник* ’општо за некој државен празник, кога не се работи‘.

Лексемата *сведен* е регистрирана и во современиот јазик со толкување ’ден што се празнува; празник, слава‘ (ТРМЈ V: 305–306), што веројатно е лексикализирано спојување од *свет̄* и *ден.* Односниов назив во македонските дијалекти е употребен самостојно во Гостиварско (Тумчевиште: *сведењ*; Маврово: *сведен*) и во Струшко (Ботун: *сведен*). Односниов назив е нотиран и во бугарските дијалекти во формата *свѐден* со значење ’ден за општа служба на цело село, маало‘ (БЕР VI: 537).

Називот *ден* за ’верски празник‘ е дистрибуиран во Дебарско (Голем Папрадник: *ден* ’слава‘ сп.: *Денеска ми е ден мене, зат̄’еа не работ̄а.*) и во Тиквешко (Марена: *ден – Ден’еска ни е денот̄: Велиг̄ден, Божиќ // п̄разник*).

Во охридскиот говор забележавме напоредна употреба на лексемата *п̄разник* со лексемите *свет̄ец* и *слава.* Сп.: Охридско – Рамне: *п̄разник // свет̄ец*; Лескоец: *п̄разник // слава.*

Интересна е заедничката употреба на називот *п̄разник* со двокомпонентните состави: *г̄ол’ем-ден*, *д’обар-ден, свет̄и ден, вакофски п̄разник* (овој исклучиво за селска слава), кои ги регистриравме во неколку пунктови во западните периферни говори. Сп.: во Охридско (Пештани: *п̄разник // г̄ол’ем-ден,* Трпејца: *п̄разник // д’обар-ден*) и во Ресенско (Претор: *п̄разник // свет̄и ден – свет̄и Никола, свет̄и Наум и др.,* Ресен: *п̄разник // вакофски п̄разник*).

Во долнопреспанските и во горнопреспанските говори за празнување на денот на светците е дистрибуиран и називот *орт̄ија* (во овие говори вака се именува и лепчето што се крши), а локално, и називот *п̄анаѓур* во заедничка употреба со *слава,*

п̄разник, ден. Аргировски (1998: 200; 203) го бележи називот *орт̄ија* како дијалектен збор со толкување ’мажи кои одат на гости по црковна линија на религиозни празници меѓу две села‘ од грчкото *ἑορτή* што значи ’празник‘; како и називот *п̄анаѓур* ’саем, пазар во определено годишно време‘ од стгр. *πανήγυρις,* дор. *πανάγυρις* 1. ’сенародно празнување‘, 2. ’многуброен собир‘, составено од *πᾶυ* ’сè‘ + *ἄγυρις* ’толпа, собир‘ од гл. *ἀγείρω* ’собира, составува.‘

На крајот би заклучиле дека *слава̄та* како народно-црковен празник на нашиот народ била и останува свеченост поврзана за култот кон еден светец. Оние кои држат до овој обичај го прославуваат денот на специјален начин и со специјални обреди пропратени со гозба и веселба; иако се востановени многу заеднички структурни елементи на славата на територијата на Македонија, сепак, во начинот на славењето постојат и некои локални разлики условени како од народно-црковната традиција така и од поширокиот (државни) и општествено-политички околности. Етнолошките истражувања се јасни во тоа дека славата спаѓа во трајно и наследно духовно и социјално добро.

Називите *п̄разник, слава, сведен, служба, именден,* кои беа интерес на ова истражување се застапени во Толковниот речник на македонскиот јазик со значења, меѓу другите, како со оние што ги регистриравме во македонските дијалекти. Тие како културни лексеми се општословенски. Ареално погледнато, пак, тие се општомакедонски. Називите *орт̄ија, п̄анаѓур, п̄ат̄ерица* како заемки од грчкот јазик се во употреба на македонската јазична територија, а првите два *орт̄ија* и *п̄анаѓур* ги нотираме само на периферијата на македонскиот дијалектен ареал.

Литература

Аргировски Мито. 1998. *Грцизмите во македонскиот јазик.* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Видоески Божидар. 2000. *Прашалник за собирање материјал за македонскиот дијалектен атлас.* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Вражиновски Танас. 2000. *Речник на народната митологија на Македонците*. Прилеп: Институт за старословенска култура – Скопје: Книгоиздателство „Матица македонска“.

Дробнаковић Боривоје. 1960. *Етнологија народа Југославије.* Први део. Београд: Научна књига.

Китевски Марко. 1996. *Македонски народни празници и обичаи.* Скопје: Менора.

Макаријоска Лилјана. 2014. *Лексиката на македонската традиционална култура.* Скопје.

Павковић Никола. 2015. „Слава или крсно име код Срба“. *Гласник Етнографског института САНУ LXIII,* Београд: 123–144.

Филиповић Миленко. 1985. „Слава, служба или крсно име у писаним изворима до краја 18. века“. *О крсној слави*, Београд: 151–192.

Филиповић Миленко. 1939. „Обичаји и веровања у Скопској Котлини“, Српски етнографски зборник, књ. 24, т. 1. ЕИ, СКА, Београд, 344–369.

Хаџи Василевић. 1930. *Скопље и његова околина – историска, етнографска и културно-политичка излагања*, Београд.

Христов Петко. 2004. *Общности и празници. Служби, слави, събори и курбани в южнославянското село през първата половина на XX век.* София.

Речници

Български етимологичен речник. I–VI, София: Издателство на Българската академия на науките, 1971–2002.

Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. Кирил Конески, I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003–2014.

Skok Petar. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika,* I–IV, Zagreb: Jugoslavenska akademija znanosti i umjetnosti, 1971–1974.

UDC 271.2-23=163.3

Вера СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ОД БИБЛИЈА ДО НАРОДЕН ТЕКСТ

Апстракт: Првичните обиди за составувањето на Стариот завет од Библијата потекнуваат околу 13-15 век пред н.е. По целосното оформување на Библијата следуваа преводи, од кои четвртиот по ред беше словенскиот, извршен од Свети Методиј и Свети Кирил во 9 век. Со овој превод се јавуваат ракописи од старословенскиот период, потоа од црковнословенскиот. Во нив постепено влегуваат јазични црти карактеристични за одредени државни формации или локалитети со своевиден развој. Така, и во 19 век во Македонија се јавуваат ракописи со примеси од црковнословенски и народен македонски јазик. Овде посебно го нагласувам развојниот пат на одредени библиски текстови, кои низ различните ракописни состојби влегуваат и во нивните народни творештва.

Клучни зборови: Библија, словенски превод, старословенски, црковнословенски, литературен македонски јазик, народно творештво.

Настанувањето на Библијата, Стар и Нов завет, во почетни периоди се смета дека се случува во 15 век пред новата ера. Во одредени извори се наоѓа податокот дека Стариот завет броел од 39 до 50 глави, што се огледува во различноста на нивниот број и во наредните преводи на Библијата. Новиот завет броел 27 глави. Се смета дека Библијата била комплетирана во 4 век н.е. Стариот завет ја предава историјата на номадскиот народ во 50 книги, кој се нарекува Израелци, кои се движеле околу Средоземното Море, Евроазија и Африка. Најстари се Мојсиевите пет глави со историска содржина, потоа се Поучните книги – од Книгата за Јов до „Песна над песните“ и Пророчките – од Исаија до Малахиј (Petefi 1969). Изворните ракописи се на хебрејски и арамејски јазик, додека тие на Новиот завет се пишувани на старогрчки јазик. Проучувачите на библиските текстови се сложуваат едногласно дека преводите на Библијата не се идеални, зашто зависат од повеќе услови, од природата на преводот, дали е тој буквален, објаснувачки или според познавањата на преведувачите. Во секој случај библиографите најчесто го споменуваат Александрискиот превод на Библијата (Септуагинта), потоа латинскиот превод познат како Вулгата и Кирилометодиевскиот словенски превод (Поп-Атанасов 1995: 5).

За нас е секако важен преводот на Библијата на современ македонски литературен јазик. Во 1990 година Обединетите библиски друштва кај нас ја издадоа Библијата со наслов „Свето Писмо – Библија“ со 11 девтероканонски книги. Во 2006 година

беше ревидирано изданието, кое во 2007 година беше објавено, едно – со девтероканонските книги и друго – без овие книги, а го презеде Библиското здружение на РМ.

Во 1999 година се појави изданието на д-р Душко Константинов (Еуролибер 1999) со спонзорство на фондацијата „Лукас“ од Холандија, без девтероканонските книги. Веќе во 2001 година излезе од печат „Библија за млади“ со парафразиран текст. (Библиско здружение на РМ, 2001).

За значењето на на јазикот за секој народ може да се примени запаметената мисла на македонскиот автор од 19 век – Партениј Зографски, кој оставил порака за сите нас: „Учи напред книга на свој јазик, после, ако имаш време учи и други јазици. Тој што учит книга на туѓ јазик, а не на својот, (како што прават некои од нашите Бугари) тој е еднаков со оној што ја отфрлјат мајка си и на место неја зема друга.“ Партениј говорел повеќе јазици: француски, руски, грчки, латински, хебрејски, старохалдејски, пишувал текстови на мијачки македонски дијалект, а го превел на македонски народен говор „Житието на Свети Климент Охридски“.

Меѓу бројните истражувачи на Библијата денес се вреднуваат и македонските автори. Посебно е интересно прашањето што го развива Ѓорѓи Поп-Атанасов за Библијата како извор на историјата (Поп-Атанасов: 1995).

За да се доживее нагледно влијанието на одредени библиски глави врз познати книжевни родови, од каде преоѓаат во усното народно творештво, ќе посочам еден таков карактеристичен пример:

Избравме мошне карактеристичен текст, кој се однесува на библиската личност Самсон (Свето Писмо 1990. Книга Судии и Израилеви: 13, 14, 15, 16). Настанот се случува кога Израилците биле под власта на Филистејците. Мажот Маној, со потекло од Дановото племе, кој со жена му немале пород. Нејзе еден ден ѝ се јавил Ангелот Божји, преправен во човек и ѝ прорекол дека ќе зачне дете:

„Ете, ти си неплодна и не раѓаш
„3. .....Ете. ти си неплодна и не раѓаш; но ќе и ќе зачнеш и ќе родиш син;
4. затоа пази се, не пиј вино и сикер и не јади ништо нечисто;
5. оти, ете, ќе зачнеш и ќе родиш
син, и брич нема да ја допре главата
негова, зшто од самата мајчина
утроба тоа младенчер ќе биде назорej
Божји, и ќе почне да го спасува
Израилот од рацете на Филистејците.“ (Свето Писмо 13: 284–285).

Жената му го раскажа случајот со Човекот Божји на сопругот Маној, кој му се помоли на Господа да го испрати повторно својот човек, за да им појасни како да постапуваат со новороденчето. Господ му го испратил , всушност, Ангелот Божји и тој им повторил дека и детето треба да се чува од опасноста на виното и сикерот.

Маној му понуди на гостинот да го нагости со печено јаре, но овој го посоветувал да го принесе јадењето како жртва. При принесувањето на месната и на лебната жртва од жртвеникот се издигна пламен, во кој исчезна Ангелот Божји. Потоа жената роди син и го крстиле Самсон.

Кога Самсон порасна посака да го женат за Филистејка, што било и желба на Господа. Непријателите Филистејци сакале да дознаат во што се крие силата на Самсон, кој успеал да ги победи. Неговата жена се обидела да дознае од него, но случајот бил откриен, таткото ја омажил ќерка си за друг човек. Како одмазда за целиот случај, Самсон успеа да ги надмудри и победи Фулистејците и да се ожени за убавата Филистејка Далида. Непријателите на Самсон ја молеле да ја открие тајната на неговата натчовечка сила.Таа трипати се обидувала да дознае, но Самсон ѝ раскажувал лажни тајни. Но, кога таа го измолила во името на нивната љубов да ѝ открие, Самсон попуштил, открил дека од неговото раѓање до тој ден бербер не посегнал по неговата коса, сплетена во седум перчини. Ако тоа се случи – тој ја губи силата. Овојпат Самсон згрешил, Далида довела бербер, тој ги пресекол седумте перчини, Самсон ослепел и ја изгубил силата. Меѓутоа, по години го пуштиле Самсон од затворот да биде присутен на една голема свеченост во палатата. Тој се сместил крај столбовите на куќата и во екот на веселбата ги затресол, палатата се срушила истиот момент, во која загинале разбеснетите Филистејци, но и силниот Самсон. (Свето Писмо 16: 287–289)

Накусо прераскажаната библиска содржина ја препознаваме во ракописен текст, Тиквешки ракопис од 15 век, навлезен во апокрифниот средновековен книжевен род, кој е дел од дисертацијата на Вера Стојчевска Антиќ (Стојчевска-Антиќ 1987). За да се види конкретното библиско влијание го даваме воведниот дел од ракописот, преведен на современ македонски јазик (Конески, Стојчевска-Антиќ 1987):

Слово за Сампсона

„Си беше човек Маное во земјата ...охиска и немаше пород. Секогаш жалеше за чеда. Еден ден дојде еден човек кон жената негова и ѝ рече: „Кажи му на мажот свој дека ќе родиш чедо од срцето свое, и ќе биде од Бога избрано“.Жената рече: „ Господине кој си ти?“ А тој рече: „ Јас сум ангел пратен од Бога да ви возвестам за тоа“. Рече жената: „ Не верувам и се плашам да не бидам соблазнета, како порано прабабата Ева. Туку, ако вистина зборуваш дојди кога ќе биде тука мажот ми“. Ангелот рече: „Добро велиш“, и си отиде“....

„...И дојде Маное кон ангелот и му рече: „Ти ли си доаѓал во домот мој?“ Ангелот му рече: „Да! Сум пратен да ти јавам дека дека ќе зачнеш и родиш син што ќе ја поваса вселената и во рацете ќе ја собере. Ниту од железо рани ќе го допрат, туку да се чува ОД ВИНО И МЕДОВИНА ДУРИ Е ЖИВ“. Маное рече: „ Господине поседи тука дури да донесам јаренце и да ти дадам да јадеш и најаден да си одиш“. ..

Натамошниот текст ги следи библиските епизоди, со што овој апокриф се јавува како најдоследен ексцерпатор на содржини од библискиот текст. Уште како младо момче прејавува невидена сила и потепува 300 силни Сарацени, а подоцна и многу повеќе. Се повторува поставената гатанка, која им ја открива на Сарацените жена му

Далида. И во овој случај жена му им открива на Сарацените во што се крие силата на Самсон. По повеќе надмудрувања таа го убедила Сампсона да ја открие тајната, која се криела во шесте златни влакна во неговата коса. Сарацените го опиле и му ја истрижија косата:

„Тие го опијанија и му ја остригоа косата. И тој ја загуби силата своја и стана како четиригодишно дете. И го фатија, го ослепија и го истераа. И зеде водач, и тој го однесе в планина и го чуваше. Поминаа шест години и пак му се врати силата и му рече на водачот: „Води ме кај што Далида се весели во кулата Сампсонова со неверниците“. Сампсон ја грабна кулата и рече :„Оди си и ти, душо моја, со неверниците, зашто тука – рече – жалоста на домот мој ме доведе“. И ја затресе кулата и сам се уби. На Бога слава!“ (Конески, Стојчевска Антиќ 1887: 17–19)

Библискиот текст е податен да се развие во расказ, кој би можел да се вклопи и во средновековните раскази, но со оглед на тоа што црпи материјал и тоа опсежен од Библијата, местото му е во апокрифната литература. Оваа пак, од своја страна може само врз еден библиски стих да развие широка содржина, особено ако таа е недоволно објаснителна во библискиот текст. Во случајов имаме евидентен пример кога содржината открива чиста апокрифна обработка. Токму заради овие особености оваа литература нашла своевиден широк простор во апокрифните широки обработки. Оваа содржина посебно се проширила во разни словенски редакции посебно во 15 и 16 век, засведочени во две руски Толковни палеи од 15 век. Не случајно и овој текст од Тиквешкиот ракопис следува по текстот „За петте лоши жени“ (Стојчевска Антиќ 1978: 37–104).

Тиквешкиот ракопис покажува јасни знаци ма полууставно писмо, кое се јавува со своите карактеристики и во втората половина на 15 век. Правописот покажува многу слаби траги од ресавското влијание. Се забележува отсуство на големиот ер (Ъ). Од интерпукциски знаци се јавува запирката, потоа кендемата. Обично се јавува акцент графис на последниот слог. Како карактеристики од 14 век се јавува десетирично (ї) пред вокал: ꙗ҆кшшїи, ꙁнамєнїєм, и҆тїа. Се јавува широкото є место ѥ : єсть, єсмь, ꙁнамєнїємь. Овде треба да се напомене дека во полууставното писмо се јавуваат нацрти на буквите со карактеристики од 15 век (Антиќ 1978: 15-6).

Ако се разгледа македонското народно творештво ќе забележиме повеќе примери на средновековно книжевно влијание во народните умотворби. Овој мотив нашол силен одраз во руското народно творештво, а во овој поглед не заостанува ниту македонското. Како најочевиден пример ја разгледуваме приказната забележана во село Старавина (Институт за фолклор, необјавен материјал): Една жена родила чудно дете, точно како што ја известил ангелот. Кога детето пораснало „не пиеше ниту вино ниту ракија, нито перчето си го стриже. Е па испадна да шета, па го начека еден змев, со голи раце го отепа“. Момчето станало голем пакосник, па го затвориле. „А дупна апсаната и сокрши портите, истепа чувачите, поjде во Битола, најде една магарешка глава, кој срети отепај, кој срети отепај. Што ќе отепа 300 души“. Повторно го затвориле пакосникот „Сам Том“. Потоа луѓето ја поткупиле жена му со пари и таа им открила дека силата му се крие во перчето. Таа му го отсекла перчето, и му викна

на тие пилистери. И дојдоа го фатија. И толку му беше силата, го фатија и му изврто очите“. По извесно време косата му пораснала и врзаниот Сам Том за една куќа колку „гимназијата“, ги скинал јажињата, ја затресол куќата и сите биле направени како „питулица“.“

Очевидни се сличните паралели на оваа приказна со библискиот и апокрифниот текст. Приказната ја раскажа Коста Т. Костовски, на 92 годишна возраст, во селото Старавина 1969 година. Се наоѓа во лента 454/I, необјавен материјал од Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје.

Мотивот за бесмртноста, имено дека душата може да се крие на скришно место, го среќаваме во повеќе народни приказни, како општопознат мотив. Според примитивните верувања душата можела да се скрие лесно, да се оддели од телото. Во една грчка приказна кралот на Мегара – Нис имал едно златно влакно, во кое се криела неговата сила. Ќерка му Скила му го искубала влакното, зашто се вљубила во неговиот непријател Минос. Споре друга приказна силата на јунакот му се криела во три златни влакна. Во друга руска приказна силата на јунакот Коштеј му се криела во едно јајце. Руските народни умотворби знаат за силата на Самсон. Повеќе македонски народни умотворби за Марко Крале наликуваат на Самсоновите обработки. Во една македонска народна приказна Марко Крале изјавува : „Ако би земјата имала ручка, ја би ја ванал и би ја обрнал“. Во друга приказна од Дебарско со наслов „Јунашчината на царскијот син и двојцата му другари“ (Шапкарев: 13) силата на Фрушче -бег се криела во фрушчето, и тоа ако него го извадел друг човек од неговиот џеб. Неговата жена ја дознала тајната од мажот си, но ја открила натерана од една баба. Во друга приказна од Велес со наслов „Изгубената царица и изнахождањето и от сина је“ (Шапкарев:155) животот на змејот се крие во три златни пилиња, кои се наоѓаат во друг змеј. Насловот на приказната од Битолско „Јунакот што умре и оживе“ (СбНУ:XIX:15) открива интересна епизода, која ја среќаваме во Тиквешкиот ракопис. Имено, и во двата компарирани случаи првиот пат сопругот ѝ открива лажно на жена си дека силата му се крие во дирекот. Тогаш и двете сопруги од посочените текстови го накитиле дирекот со цвеќе, сакајќи да истакнат колку се среќни со откритието.

Интересно е дека библиските текстови им служеле како книжевна или поетска основа за создавање на нови творби, во кои фантазијата или интересот на народот би била задоволена, како што тоа ни го откриваат разновидните апокрифни состави. Но истите тие добиваат простор на своевидни обработки, во кои народната имагинација доминира и се шири. Колку некои мотиви навлегле и во уметноста, да посочиме неколку примери со нашиот текст за Самсон.

Повеќе познати уметници дале успешни обработки на моменти од Самсоновиот живот. Рембрант дал изразит пример на барокна обработка преку своето дело „Самсоновото ослепување“. Сликарот Рубенс ја наслика успешната епизода „Самсон ги победува лавот и мечката“. Една минијатура од Хоре ја отсликува „Борбата меѓу Филистинците и Самсон“. Самсон е насликан и во делата на Ван Дајк. Во српската книжевност врз овој лик запрел писателот Лаза Костиќ. Тој го составил текстот „Самсон и Далила“. Во музиката Самсон живее и во делата на композиторот Сен Санс.

Со овие компарации за текстовите што се однесуваат на библиската личност на Самсон, посакав да дадам само пример за изведување на еден поопсежен проект кој би проследил три нивоа на развој на македонската книжевност и на македонскиот јазик:

1. Библијата е преведена во 9 век на старословенски јазик, во чија литературна основа влезе јужномакедонскиот дијалект од околината на Солун.

2. Да се издвојат специфични библиски глави кои се среќаваат како преписи или книжевни обработки во:

– Старословенскиот јазичен период

– Црковнословенскиот

– Ракописни текстови во 19 век

3. Македонски народни умотворби со содржини претходно апострофирани

Врз одбрани постојни примери од Библијата до македонското народно творештво се создава преглед на развојните патишта на македонскиот јазик и на македонската книжевност, од создавањето на нашата писменост – до денес.

Литература

Аничков Николаѝ. 1974. *Записки по Церковно-Библеѝской истории на Священныя книги Ветхого Завета.* Москва.

Антиќ Вера. 1978. *Средновековните текстови и фолклорот.* Скопје: Мисла.

Грозданоски Ратомир. 2001. *Библијата во делата на Свети Климент Охридски.* Скопје: Синод на МПЦ.

Група автори. 2006. *Македонскиот јазик и литература.* Скопје: Просветно дело.

Конески Блаже, Стојчевска Антиќ Вера. 1987. *Тиквешки зборник.* Скопје: Мисла.

Косидовски Зенон. 1965. *Библијске легенде.* Београд.

Лопухин А.П. 1889. *Библеѝская исторія, Ветхии Завет.* Санктпетербург.

Поп-Атанасов Ѓорги.1995. *Библијата за Македонците и Македонија.* Скопје: Менора.

Свето Писмо, Библија. 1990. Скопје: Синод МПЦ.

Стојчевска-Антиќ Вера. 1996. *Апокрифи.* Скопје: Табернакул.

Фрезер Џ. Џ. 1937. *Спољашња душа у народним причама.* Београд: Златна грана.

Шофман А.С. 1960. *История античноѝ Македонии. Казан.*

Petefi Sandor. 1969. *Sloboda i ljubav.* Beograd: Rad.

UDC 811.163.3’27

Лидија ТАНТУРОВСКА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Р Македонија

ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Во рамките на темата минатото на јазичниот свет – денес и утре ќе се обидеме да го поставиме македонскиот јазик на дијахрониска и на синхрониска оска со помош на општествено-политичките промени. Во оваа насока е неизбежно да се потсетиме и за идентитетските прашања на еден јазик, се разбира, преку македонскиот, во споредба со другите јазици на Балканот и во Европа. Општо гледано, можат да се издвојат три аспекти на идентитетот на еден јазик: генеалошки, типолошки и социолингвистички. Како што е познато, првите два се строго лингвистички, а во третиот игра улога: општеството, културната традиција, конфесионалноста или пак друг вид идентитет (колективен, политички итн.).

Во оваа насока се јавува и потреба да се спомене и релацијата на поимите на мајчин јазик наспрема билингвизам.

Без претензија за теориска или за друг вид исцрпност, по овој повод, ќе се обидеме да ги претставиме нашите јазични размислувања, како резултат на досегашните социолингвистички истражувања.

Клучни зборови: македонски јазик, јазици, општествени промени, идентитет.

1. Поставување на македонскиот јазик на дијахронска и на синхрониска оска (со помош на општествено-историските промени)

Македонскиот јазик е еден од факторите што го одржувале македонскиот народ низ вековите, што значи дека тој постоел и во периодот пред официјалната кодификација на македонскиот јазик. Во поновиот историски период, клучна година од историјата на македонскиот јазик и на македонскиот народ воопшто е 1903 година, во која останаа забележени повеќе датуми, меѓу кои е и печатењето на книгата „За македонските работи“ од Крсте Мисирков. Сите пет статии и особено последната, со наслов „Неколку зборови за македонскиот литературен јазик“, претставува(ат) основа за согледаните состојби на македонскиот јазик, како и основа за иднината на македонскиот литературен (стандарден) јазик. Од пишаните редови што ги остави зад себе, Мисирков (како филолог, лингвист) од една страна ја даде хронолошката и дијахрониската оска на македонскиот јазик (централно поставувајќи ја основата на литературниот јазик и тоа, како преку поделбата на јазикот на дијалекти, поддијалекти, така и преку дефинирањето на фонетскиот правопис, на збогатувањето на лексиката итн.), а од друга, ја постави кодификацијата на македонскиот јазик и преку сопствениот пример – пишувајќи ја книгата токму по приципите за кои се залагаше.

Неговиот пристап кон јазикот не е изделен од општествено-политичките услови на Македонија во тој период („Историско-културните прилики во создаајн'ето на литературни јазици господствуваа секоаш, госпоствуваат они и сега" – Мисирков 1903: 138). Оттука, социолингвистичкиот пристап на Мисирков го гледаме: прво, преку разгледувањето на македонскиот јазик во рамките на општествено-политичките услови во тој период во Македонија и второ, преку определувањето на трите принципи како основни за македонскиот литературен (стандарден) јазик – како пример за јазично планирање. Крсте Мисирков, на самиот почеток на 20 век, постави основа за натамошна разработка на македонскиот стандарден јазик, а со своето дело потпомогна да се определи визијата на неговите претходници.

Кодификацијата на македонскиот јазик (со истите принципи) се официјализира подоцна, во 1944, односно 1945 година, заедно со српскиот и со хрватскиот, односно со српскохрватскиот/хрватскосрпскиот и со словенечкиот јазик во рамките на југословенската заедница, што често, за жал, како факт се злоупотребува и се интерпретира (како од странски, така и од домашни, пред сè, политичари) како момент кога е „измислена" македонската држава[1], а со тоа и – македонскиот јазик.

2. За идентитетските прашања на еден јазик

Кога станува збор за идентитет на еден јазик, пред сè, се задржуваме на научните тези од лингвистички и од социолингвистички аспект.

Кога зборуваме за јазикот во општа смисла, ќе потсетиме дека за него постојат десетици дефиниции, а за потребите на ова истражување ќе се задржиме на неговото претставување *како средство со чија помош човекот го гради и го толкува светот во којшто живее, при што тој (јазикот) му е основно средство за комуникација и за интеракција, пред сè, со другите човечки суштества, што пак е предуслов за севкупно човечко творештво*.

2.1. Три аспекти на идентитет на еден јазик: генеалошки, типолошки и социолингвистички

Иако, навидум изгледа едноставно прашањето за јазичниот идентитет, кога ќе се почне со подетаљна анализа, ќе се забележи дека сме исправени пред едно сериозно прашање, кое нема еднозначен и општоважечки одговор. На почетокот ќе споменеме дека во него се вградени три основни компоненти, кои можат да го анализираат идентитетот на еден јазик од три аспекти, од кои два се лингвистички: 1) генеалошки и 2) типолошки или структурален; и 3) социолингвистички и социопсихолошки аспект. Ако се случи еден јазик да се оддели од другите по сите три критериуми, тогаш се

[1] „Македонската држава на крајот на Втората светска војна буквално е измислена во рамките на Југославија, основана за прв пат и во неа е еманципирана и македонската нација, и македонска култура, македонски јазик, сите македонски симболи, сите македонски уметнички достигнувања" (СКАНДАЛОЗНО) Грчев од СДСМ: Македонската нација е измислена во рамките на Југославија!
http://kurir.mk/makedonija/vesti/profesor-labroska-so-mokna-poraka-do-grchev-i-site-makedontsi/ посетено на 05.11.2017).

зборува за единствен идентитет и всушност таквите јазици се едноставни за броење. Наспроти ова, зборуваме за сложен идентитет, каде што многу јазични вариетети различно се третираат, што го усложнува броењето. За пример, често пати, се зема кинескиот јазик, кој се смета за еден јазик (според генеалошкиот и според социолингвистичкиот аспект) иако според структурниот аспект, зборуваме за 8 јазици (или поточно големи дијалектни групации), чии говорители не можат да се разберат при нивната меѓусебна комуникација.

Прашањето за јазичниот идентитет, всушност претставува „комплекс прашања“, во чија основа лежат повеќе компоненти. Најпрвин, ќе ја издвоиме „нејасноста“ во разликата меѓу „јазикот“ и „дијалектот“. Од лингвистички аспект дијалектот ги поседува истите обележја како и јазикот[2], со таа разлика што јазикот се смета за повисока категорија во квантитативна смисла, односно содржи повеќе дијалекти.

Како втора компонента што го компликува прашањето за идентитетот на јазикот го наведуваме именувањето на јазиците и на дијалектите, односно нивните имиња/називи. Јарцева (Ярцева 1982) наведува број од 30 000 лингвоними (имиња на јазици и на дијалекти), од кои половината се сметаат за дублети[3], а од преостанатата половина тешко се определува дали некое име/некој назив се однесува на група јазици, на група дијалекти или на одделен јазик, одделен дијалект. Јазиците, како и да се идентификувани, го менуваат бројот со текот на времето, односно од една страна тој број се зголемува, а од друга – се намалува.

Македонскиот јазик спаѓа во оние јазици што го препознаваат својот идентитет: како од генеалошки – во рамките на семејството на словенските (поточно: јужнословенските јазици), од типолошки – во рамките на балканскиот јазичен сојуз, така и од социолингвистички аспект. Што се однесува до социолингвистичкиот апсект ќе истакнеме дека македонскиот јазик претставува мајчин јазик за мнозинството/за две третини од населението во РМ и е втор јазик/јазик на средината за сите малцинства што живеат во државата[4]. Покрај македонскиот, во државата се зборуваат уште шест јазици[5]. Меѓутоа, она што се случува во последниве децении е намалувањето на говорителите од северозападниот дел од Република Македонија, поточно од дијалектите од овој регион.

Македонскиот јазик, покрај тоа што е национален, тој заедно со неговото кирилско писмо е службен (официјален) јазик во Репулика Македонија. Во општините

[2] Овде, под термнот „јазик“ мислиме на стандардниот јазик.

[3] Има и јазици за кои не се знае како се викаат навистина. Поточно, за нив знаат само нивните говорители, или пак, евентуално, нивните соседи, односно, научниците – антрополози и лингвисти, при што имињата/називите можат да не се совпаѓаат.

[4] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%88%D0%B0%D0%B7%D0%B8%D1%86%D0%B8_%D0%B2%D0%BE_%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0
Посетено на 5.10.2017.

[5] Според пописот од 2002 година, признати малцински јазици во Македонија се: албанскиот, босанскиот, влашкиот, ромскиот, српскиот и турскиот јазик. 19 241 македонски граѓанин се изјасниле дека зборуваат други јазици.

каде што малцинската заедница е застапена 20 %, јазикот на малцинската заедница е службен јазик, покрај македонскиот (што е дефинирано во Уставот на РМ, со членот 7):

Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Во единиците на локалната самоуправа во кои како мнозинство живеат припадниците на националностите, во службена употреба, покрај македонскиот јазик и кирилското писмо, се и јазикот и писмото на националностите на начин утврден со закон.

Во единиците на локалната самоуправа во кои како значителен број живеат припадниците на националностите, во службена употреба, покрај македонскиот јазик и кирилското писмо, се и јазикот и писмото на националностите, под услови и на начин утврдени со закон.

Според тоа, албанскиот, влашкиот, ромскиот, српскиот и турскиот (по азбучен ред) де јуре треба да се користат како службени во општините со 20 проценти: Албанци, односно Власи, односно Роми, односно Срби или Турци. Со најновите случувања, со Предлог-законот за јазиците, има обиди само еден јазик од горенаведените јазици на малцинствата (т.е. албанскиот) да биде службен на целата територија на Република Македонија.

Надвор од границите на РМ, македонскиот јазик официјално е признат како регионален службен јазик во Горица и во Пустец во Р Албанија, а како официјален и во Србија, во општините Јабука и Пландиште, каде што живее македонско население. Македонски се зборува и во: Австралија, Бугарија, Грција, Канада, САД, Црна Гора, на Косово, во Турција, во некои земји – членки на Европската унија, меѓутоа на ниво на дијалект.

Кога зборуваме за класификациите на јазиците во светот, важен фактор е и бројот на говорителите на еден јазик[6], со кој може да се разликува еден јазик од другите јазици. Одговорот на прашањето за бројот на говорителите на еден даден јазик е исто така тежок. Ова е условено од потпрашањето: што подразбираме под „говорител“, кое се врзува со поимот „мајчин јазик“.

Се јавува потреба да ги разлачиме проблематичниот поим – мајчин јазик, наспрема поимот – билингвизам.

Мајчиниот јазик, природно, му се припишува на секој човек и на неговото совладување, што значи откривање на светот и на себеси во тој свет, поради што се смета дека меѓу човекот и првоусвоениот мајчин јазик има голема спрега, наспрема јазиците што се учат подоцна. Но, мајчиниот јазик не е исто со јазикот на мајката, зашто во практиката мајчиниот јазик може да биде и јазик на таткото или на некое трето лице/на некои трети лица. Исто така, како во примерот со Индија, голем број луѓе зборуваат повеќе од еден мајчин јазик, од кои еден говорител не може да издвои ниту

[6] Вкупниот број на македонски говорници е тешко утврдлив поради несоодветни пописи, но бројката се движи од околу 2,5 до 3 милиони луѓе.

еден посебно. Потоа, еден јазик, во најраното детство, може да се усвои како мајчин, кој може да биде заменет со некој друг (на пр., поради промена на средината), па и со некој трет: и тој да биде подоминатен од првоусвоениот ... И повторно, образложението, да не кажеме одговорот, станува компликуван. За да се дефинира мајчиниот јазик, тој треба да се разложи на повеќе компоненти: 1. според потеклото; 2. според редоследот на усвојувањето (прв научен јазик); 3. според степенот на знаење (јазикот што најмногу се знае); 4. Според најчестата употреба; 5. според идентификација (јазикот што некој сам си го прифатил за мајчин, односно друг му го наметнал) ... итн. Врз основа на ова можеме да го дефинираме поимот – мајчин јазик, придржувајќи се на споменатите компоненти постепено: мајчин јазик е оној што е научен најпрво од едно лице (под услов да не е заменет со друг) и со кој се идентификува тоа лице. Ова дефинирање има и продолжение, кое се однесува на тоа дека не мора да биде само еден јазик, бидејќи и два можат да се усвојуваат како прв јазик, а ниту мора да остане ист јазик ако ја имаме предвид самоидентификацијата. Во ситуација на миграции се разликува мајчиниот јазик, од јазикот на татковината итн.

Каква е ситуацијата со билингвизмот, односно со типовите билингвизам? Има различни поделби, меѓутоа, кога зборуваме за индивидуалниот билингвизам, сметаме дека се основни два типа: 1. природен (за деца од двојазични семејства) и 2. образовен, од кој, пак, можат да се изделат два нерамноправни поттипа: 2.1. билингвизам во кој наспрема мајчиниот јазик, стои јазикот на средината за оние што го стекнуваат во континуиран образовен процес; и 2.2. билингвизам во кој, наспрема мајчиниот, стои оној што се усвојува во училиштата за странски јазик.

Прашањето за билингвизмот сè повеќе го зазема своето место во лингвистиката како резултат на приматот што го има комуникацијата, односно големиот степен на контактите итн. во современите општества. Ако индивидуалниот билингвизам е предмет на интерес на: педагогијата (учење и настава на други јазици), психолингвистиката (усвојување на две граматики) и невролингвистиката (сопоставување на два јазика во еден мозок), а општествениот билингвизам (постоење на два јазика во едно општество) е предмет на интерес на социолингвистиката и на социологијата на јазикот, со посебен осврт на јазичната политика и на планирањето на јазикот.

Во Република Македонија, македонскиот јазик е мајчин јазик на околу 1 300 000 Македонци[7], а е втор јазик за околу 700 000 граѓани во Македонија, односно припадници на малцинствата во државата (иако меѓу нив има голем број Македонци –муслимани, чијшто мајчин јазик им е македонскиот). Македонскиот јазик како мајчин го имаат и Македонците што живеат надвор од границите на Македонија, меѓутоа, како што е познато во голем број држави, за нив, мајчиниот јазик е во ограничена употреба.

[7] http://zase.mk/articles/148059/kolku-vkupno-makedonci-ima-vo-svetot пристапено на 5.10.2017: Според последниот попис на населението во 2002 година бројот на Македонци во државата е 1.297.981 (64,18%), односно Македонците се мнозинство во државата. Под овој број се сметаат сите Македонци по националност, без разлика на нивната вероисповед.

На крајот, за илустрација, наспрема признавањето на малцинските јазици во РМ, ќе покажеме неколку интернет-страници, каде што може да се види (не)постоењето на македонскиот јазик во определени графи.

На страницата за малцински јазици (во еден европски проект), во графите на соседните држави Бугарија и Грција не се евидентирани говорители на македонскиот јазик:

http://web.quipo.it/minola/
http://web.quipo.it/minola/minorities_in_bulgaria.htm
http://web.quipo.it/minola/minorities_in_greece.htm

ALBANIAN, GHEG	**1,000**	
CRIMEAN TURKISH(CRIMEAN TATAR)	**6,000**	
GAGAUZ *(GAGAUZI)*	**12,000**	**Varna coastal region**
GOTHIC	**296,000**	
MACEDONIAN	**===**	
ROMANIAN MACEDO(MACEDO-RUMANIAN, ARUMANIAN, AROMUNIAN, ARMINA)	**===**	
ROMANI **BALKAN (GYPSY) 187,900** **VLACH 500**	**188,400**	**Between Sofia and the Black Sea (Central dialect). The Tinsmiths dialect is in central and northwest Bulgaria; Arlija is in the Sofia region**
TURKISH (OSMANLI, TURKI)	**845,550**	**Kurdzhali Province and neighboring areas of South Bulgaria, along the Danube, and various regions of East Bulgaria**

Romani

ALBANIAN, ARVANITIKA(ARVANITIKA, ARVANITIC)	50,000 to 140,000	Attica (Attiki), Bocotia (Viotia), southern Euboea (Evia), and the island of Salamis (Salamina); Epyrus region and Athens.
	30,000	
GREEK, ANCIENT	===	
PONTIC (PONTIC GREEK)	200,000	Suburbs between Athens and Peiraeus Katerini
MACEDONIAN	===	
ROMANIAN **MACEDO** (MACEDO-RUMANIAN, ARUMANIAN, AROMUNIAN, ARMINA) 50,000 **MEGLENO**(MEGLENITIC, MEGLENITE) 12,000	62,000	**MACEDO:** Northwest Salonika, and northern Greece, Pindus Mts., around Trikala **MEGLENO:** Meglen region, north of Salonika
ROMANI **BALKAN** 40,000 **VLACH** (ROMANÉS, TSINGANI, ROM) 1,000	41,000	
ROMANO-GREEK(HELLENOROMANI)	===	Greek, Attic. Structured on Greek with heavy Romani lexicon. A Gypsy language.
SLAVIC (MACEDONIAN SLAVIC, MACEDONIAN)	41,017	Macedonia region in Greece
TSAKONIAN (TSAKONIA)	10,000	Towns of Kastanitas, Sitena, Prastos, Karakovonve, Leonidi, Pramatefti, Sapounakeida, Tyros; eastern coast of Peloponnesos. Isolated in summer in the mountains west of Leonidi in the eastern Peloponnesus; in winter they descend to Leonidi and neighboring towns
TURKISH (OSMANLI)	128,380	Thrace and Aegean region

Литература

Димитровски Тодор, Конески Блаже, Стаматоски Трајко. 1978. *За македонскиот јазик*, Посебни изданија, кн. 11. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Минова-Ѓуркова Лилјана. 2003. *Стилистика на современиот македонски јазик*, Скопје: Магор.

Мисирков Крсте. 1974. *За македонцките работи* (фототипно издание, 1903), Посебни изданија, кн. 8, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Тантуровска Лидија. 2014. *За идентитетот на македонскиот јазик*, Посебни изданија, кн. 77, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Устав на РМ, https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx (пристапено на 1.6.2018).

http://kurir.mk/makedonija/vesti/profesor-labroska-so-mokna-poraka-do-grchev-i-site-makedontsi/ (Посетено на 05.11.2017).

https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%88%D0%B0%D0%B7%D0%B8%D1%86%D0%B8_%D0%B2%D0%BE_%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0 (Посетено на 5.10.2017)

https://www.ethnologue.com/language/mkd (Посетено на 5.10.2017)

http://www.bbc.co.uk/languages/european_languages/languages/macedonian.shtml (Посетено на 5.10.2017).

http://www.helsinki.fi/~tasalmin/europe_index.html#Bulgaria (Посетено на 5.10.2017).

http://zase.mk/articles/148059/kolku-vkupno-makedonci-ima-vo-svetot (Посетено на 5.10.2017).

UDC 81:316.7

Свето ТОЕВСКИ
Тетово, Македонија

ПРОМЕНИТЕ ВО ЛИНГВАКУЛТУРИТЕ И НИВНИТЕ КОМПОНЕНТИ – ЈАЗИЦИТЕ И КУЛТУРИТЕ ВО СВЕТОТ ВО ГЛОБАЛНАТА ЕРА СО ОСВРТ НА МАКЕДОНСКАТА ЛИНГВАКУЛТУРА

Апстракт: Во овој труд поимно ја дефинираме лингвакултурата како темелна категорија на антрополошката лингвистика сочинета од две компоненти – јазикот и културата. Лингвакултурата ја анализираме на ниво на национална, колективна култура на еден народ, и на ниво на индивидуална, персонална лингвакултура. Потоа се осврнуваме на конкретните промени во лингвакултурите и нивните компоненти во глобалната ера, во 21-виот век, со посебен осврт на македонската национална лингвакултура. Транснационалните конекции во јазичните и културните практики можат да предизвикаат значителни промени во лингвакултурите, но, во националната лингвакултура се задржуваат блиската поврзаност и испреплетеност меѓу културата и јазикот, а промените можат да се случуваат на рамниште на индивидуалните лингвакултурни профили.

Клучни зборови: лингвакултура, јазик, култура, глобална ера, хибридизација.

1. Јазиците и културите во 21 век – развој и изумирања

Во периодот по Втората светска војна во светот започна да се случува едно неверојатно забрзано зголемување на контактите меѓу народите преку прогресивната „демонтажа“ на границите, било да се тие геополитички, културални, дури и лингвистички. Во веќе настапената глобална ера, во 21 век, човештвото веќе живее во драматично трансформирани услови за живот, во новиот глобализиран свет со засилена, сеопшта меѓуповрзаност и меѓузависност, во кој границите меѓу државите стануваат сè повеќе порозни, пропустливи, овозможувајќи им на луѓето, на народите и на нивните јазици и култури да стапуваат во интензивни и моментни контакти секој со секого. Светот се „згуснува“ сè позабрзано во просторот и времето, како последица на дејствувањето на глобалните медиуми, на техничко-технолошката и информатичко-компјутерската револуција, со еден збор, на глобализацијата. Станува збор за ера на лингвистичка и културна глобализација.

1.1.Културната глобализација како хетероген, а не хомоген процес

„Културната глобализација е пренесување на идеи, значења и вредности низ светскиот простор. Овој процес е обележан со заедничка потрошувачка на културите, кои се дифузирани (распространети) низ интернетот, популарната култура и меѓународните патувања. Циркулацијата на културите ги оспособува поединците да учествуваат во проширените општествени релации преку границите. Културната гло-

бализација вклучува формирање заеднички норми и знаења, со кои луѓето ги здружуваат своите индивидуални и колективни културални идентитети и ја зголемуваат меѓуповрзаноста на различните популации и култури“ – велат Џонатан Ксавиер Инда и Ренато Росалдо и појаснуваат: „Процесот на глобализацијата е премногу сложен, за да би се сметало дека е само прашање на вестернизацијата. Бидејќи, тој процес ги вклучува не само циркулацијата на содржините и мотивите на Западот, туку, исто така, и ширењето на незападните културни форми. Глобализацијата не може да биде сметана само како еднонасочно прашање, како западен империјализам. ... глобализацијата не може да се смета само како прашање на хомогенизацијата. Бидејќи, тоа е, исто така, на некое ниво и прашање на хетерогенизацијата. ... Идејата е преку примарниот ефект на периферизацијата на јадрото, или на обратниот процес во културата, просторите на Западот да се претворат во ’густи предели‘ на културната хетерогеност“ (Jonathan Xavier Inda, Renato Rosaldo, 2002: 21–22).

Македонскиот историчар на уметноста Емил Алексиев вака ги засегнува корелациите меѓу глобализацијата, културата и сопствениот идентитет, видени од македонски агол: „Македонската уметност се движи повеќе од еден век меѓу локалното и глобалното, националното и универзалното, меѓу потребата да се зачува сопствениот идентитет и потребата да се биде дел од големата културна синтеза на Запад ... од средината на 19 век македонската интелигенција го поставува прашањето: како да се зачуваме себеси од туѓиот јазик и култура, како да се биде дел од светот, а да се остане свој?“ (Емил Алексиев, 2004:1).

Американската теоретичарка Дајана Крејн, исто така, ги критикува стремежите за „вестернизација“ на поодделните национални култури: „...културната глобализација е критикувана врз основа на тоа што таа претставува ширење една хомогена. хегемонистичка форма на културата, одразувајќи ги ставовите и вредностите на западните капиталистички општества, посебно на американското општество. Културната хибридизација како теорија тврди дека културната глобализација е придружена со посакуван исход - хибридизација на националните култури… Ападураи (1990) тврди дека ‘централен проблем на глобалните интеракции на денешнината е тензијата меѓу културната хомогенизација и културната хетерогенизација’“ (Diane Crane, 2011: 2).

Кон отпорите кон културната хомогенизација го надоврзуваме и овој став на Алексиев, кој ја формулира македонската дилема каков одговор да ѝ се даде на културната и на севкупната глобализација: „Народното творештво во кое е сосредоточена смислата на нашето историско истрајување во времето, го добива значењето на источник, кон кој се свртува една цела генерација македонски просветители, писатели, поети и револуционери во потрага по сопствениот идентитет. Свеста дека тие вредности, кои овој народ ги создал и ги зачувал од уништување и заборав, го претставува неговото културно наследство – народниот бит, обичаите, усното предание ... На почетокот од 21. век ... како да се достигне Европа, а да се зачува сопствениот идентитет?“ (Емил Алексиев, 2004: 1).

Реномираните теоретичари на глобализацијата Дејвид Хелд и Ентони Мек Гру предупредуваат дека колку што една нација и држава треба да го штити својот етнич-

ки и културен идентитет таа во исто толкава мера треба да биде и во контакт со регионалниот и планетарниот амбиент, да биде отворена за сите прогресивни влијанија, никако со политика на затворање во „својот национален простор“: „Оние држави кои се стремат да ги следат политиките на ’затворени врати’ за информациите и културата сигурно се наоѓаат под закани од новите комуникациски процеси и технологии“ (David Held/ed, Anthony McGrew/ed, 2000:18).

1.2.Англолингвистичката глобализација ги менува лексичките и семантичките системи на другите јазици

Културната глобализација го вклучува ширењето на јазиците низ светот, бидејќи јазиците се составен дел на културите, па оттука културната глобализација се проткајува со процесот на лингвистичката глобализација. Сè повеќе угледни лингвисти говорат дека во 21 век ќе постојат не еден, туку повеќе светски јазици – кинескиот, јапонскиот, арапскиот, хинду-јазикот, бенгалскиот, францускиот, германскиот, шпанскиот и уште неколку други јазици, и поради бројноста на народите кои ги говорат, но и поради раширеноста на тие јазици во Африка, Латинска Америка и другите простори на некогашната колонизација во светот – но и оти англискиот ќе биде единствен глобален светски јазик. Во овој контекст Дејвид Кристал е сосема експлицитен: „Англискиот започнува да станува глобален светски јазик, достигнува еден глобален статус“ (David Crystal, 1997: 3).

Алисја Виталиж нагласува: „Лингвистичката глобализација, предизвикана од англискиот јазик ги менува лексичките и семантичките системи на јазиците, врз кои влијае англискиот како современ „лингва франка“ – јазик. ... Во политичките студии терминот ‘јазична глобализација’ е поврзан со ширењето на англискиот како алатка за глобална комуникација (Phillipson, 1992; Dua, 1994) меѓу луѓето што го користат како прв, втор или странски јазик. Во лингвистичките студии јазичната глобализација може да се смета како глобално интензивно лексичко позајмување од англискиот јазик од страна на јазиците чии говорители го користат англискиот како странски јазик, на пр. полски, шпански, кинески јазик. Процесот на лингвистичка глобализација е олеснет со меѓујазичното заемање, при што англискиот јазик е најистакнатиот давател на речникот и на сетот на изрази“ (Alicja Witalisz, 2011:1–2).

Глобализационото ширење на англискиот јазик, кое не мал број научници го нарекуваат и „лингвистички империјализам на англискиот јазик“, поради агресивноста која напати се манифестира на тој план, претставува не само ширење на англискиот јазик, на неговата граматика, речник и синтакса, туку и ширење, поточно наметнување на неговата лингвакултура, односно, на јазикот, културата и начинот на живеењето на Англичаните, Американците, Австралијците, Канаѓаните. Ова предизвикува се поголеми отпори од другите нации и држави во светот, посебно во Европската Унија, кои се решаваат во сè поголема мера да ги заштитат и да ги унапредуваат своите јазици наспроти англискиот јазик.

2. Дали англолингвистичката глобализација ги загрозува интегритетот и лексичкиот фонд на македонскиот јазик?

Што се однесува до македонскиот јазик, Снежана Веновска-Антевска укажува на сите можни и дел од нив веќе случени негативни последици од неговата незаштитеност во услови на стихијната лингвистичка глобализација, која пред сè носи предзнак „англолингвистичка“: „Имаме примери на неадаптирана лексика (без транскрипција, а да не стане збор за транслитерација) пишувана оригинално со латинично писмо (особено од англискиот јазик). Процесот на глобализација на полето на јазикот кај нас е оставен на стихија, што сведочи за неискористеност на постојните законски можности за решавање на ова прашање. Прашањето дали влезот на туѓите елементи (особено на лексичко ниво) значи збогатување на македонскиот речнички фонд, или осиромашување, и натаму останува отворено. Не треба да се поттурнува сопствената лексика ...за сметка на непотребно користење туѓи зборови од различни причини... Како последица на ова, во системот на еден јазик можат да се појават определени нарушувања и тоа: туѓо акцентирање, неправилен изговор на определени гласови; јазично мешање; погрешно изразување, несоодветна употреба, непознавање определени значења; несоодветно јазично заемање“ (Веновска-Антевска 2008: 10).

Симона Груевска-Маџоска е загрижена поради „преголемата агресивност на глобализациското влијание на англискиот јазик“ и дополнува: „..специфичноста на денешната ситуација е во глобализацијата во светот, во тоа што сега влијанието на водечкиот јазик е премногу големо и премногу агресивно... Дали треба да се дозволи толку голем наплив на англизми во јазикот? Дали треба индолентно да ѝ се препуштаме на стихијата? ... Неминовноста на глобализацијата и на моќта на англоамериканскиот јазик не можеме да ги спречиме. Но, затоа можеме да му посветиме поголема грижа на македонскиот јазик, и ние, лингвистите, и државата, но и секој поединец. Во тој случај никому нема да му паѓа на памет да води глупави дебати дали македонскиот јазик ќе постои за сто години, или не!“ (Груевска-Маџоска 2008: 26–27).

Снежана Велковска поставува прашања каква е состојбата со основниот лексички фонд на македонскиот јазик на почетокот на 21 век под влијанието на глобализацијата, какви се новите заемки и колку го загрозуваат македонскиот јазик, како и во врска со прогнозите за исчезнувањето на македонскиот јазик како јазик со мал број говорители. Потпирајќи се врз податоци од „Толковниот речник на македонскиот јазик“ во барањето одговори на претходните прашања, Велковска истакнува: „...огромниот број заемки од разни јазици, често многу далечни и егзотични, просто нема време да помине низ јазичниот филтер, па многу зборови остануваат такви какви што се, без адаптација и без или со минимална деривација. ... Резултати од истражувањето на речникот: Речник на македонскиот јазик: 13 отсто интернационална лексика, или околу 8800 интернационализми со нивните деривати. Се разбира дека бројот на интернационалната лексика е многу поголем во однос на периодот на објавувањето на Речникот на македонскиот јазик. Кирил Конески (1998) бележи поголем број интернационализми што не се регистрирани во РМЈ. Во најголем број се именки, а многу малку придавки и глаголи. ... Состојбата со основниот лексички фонд на ма-

кедонскиот јазик е стабилна. ... новите заемки, во суштина, сè уште не го загрозуваат основниот лексички фонд.“ (Велковска 2011, стр: 9, 11, 16), веќе започнува да им се заканува на интегритетот и лексичкиот фонд на македонскиот јазик?

Истакнатиот француски лингвист Клод Ажеж, кој има кажано дека „Европа едновремено останува отворена за англискиот јазик, но и зasидана во одбраната на своите лингвистички богатства“, говорејќи за позициите на англискиот јазик во Европа денес, нагласува: „Уделот на заемки од англискиот јазик во западните јазици е под 7 % во речникот … Сигурно, феноменот на заемките е конститутивен фактор во животот на јазиците, но, интегритетот на еден јазик е загарантиран само во онаа мера во која заемките не го преминуваат прагот на толеранцијата, а тој може да се процени на околу 15 % од лексиката“ (Claude Hagège, 2006: 40). Ако се има предвид оној од поодамна застарен податок дека Речникот на македонскиот јазик има 13 % меѓународна лексика, а денес, најверојатно, и значително повеќе од овој процент, сега по 40 години од неговото објавување, дојдено е време за аналитичко согледување дали интернационализмите, поточно англиските зборови, веќе предизвикуваат подлабоки нарушувања во интегритетот на стандардниот македонски јазик и во неговиот лексички фонд.

2.1. Хибридизација на јазиците во епохата на глобализацијата

Информациите патуваат со дотогаш невидена брзина, така одеднаш туѓите култури се достапни секаде во светот. Доаѓа до мешање на културите, а со тоа, неминовно, и до мешање на јазиците, особено на лексичко рамниште. Сè повеќе и повеќе луѓе стануваат добри говорители на повеќе од еден јазик, честопати на три и на четири јазици. Тие се толку многу што повеќејазичноста станува во многу земји повеќе норма, отколку исклучок. Дури и во земји, кои традиционално беа сметани како еднојазични, мултилингвализмот се шири со впечатливо темпо, како што е случајот со Велика Британија, која денес одделни лингвисти ја нарекуваат „општествено повеќејазична држава“. Важен факт е и тоа што преку лингвистичките интеракции во светот се создаваат и „мешаните јазици“, како што е канадскиот „franglais“ - комбинација на англискиот и францускиот јазик, кој се говори во франкофонската провинција Квебек.

Пример за „мешан јазик“ е јужноамериканскиот „portunbol“ - локални мешавини на португалскиот јазик со локалните јазици. Исто така, и северноамериканскиот „spanglish“ - композит на шпанскиот и амероанглискиот јазик. Иако лингвистите немаат меѓусебна согласност, во ваквите мешани јазици би можеле, навистина, со разбирлива воздржаност, да се сметаат и „danglish“ – комбинацијата на данскиот јазик, на неговата лексика и на англиската лексика, но и „serglish“ – мешавината на српскиот и на англискиот јазик. Сепак, ако се анализира построго, може да се каже дека овие последни случаи сè уште се повеќе социолекти, одошто вистински „мешани јазици“, но тенденцијата се движи во правец тие тоа и да станат.

Би можело да се укаже на развој кон слична ситуација и во македонскиот јазик, кој е веќе преплавен во англицизмите и влијанијата од морфологијата, правописот, зборообразувањето и редица други карактеристики на англискиот јазик. Значи, напоредно со постоењето на македонскиот јазик, во оваа глобализирана епоха тенден-

цијата се движи кон тоа да се оформи постапно и некоја „англизирана“ верзија на македонскиот јазик, како и да ја наречеме. Овие моментни случувања имаат огромно влијание, се одразуваат во огромна мера и врз самиот идентитет на тие поодделни јазици, како и врз говорителите на тие јазици

Значи, од една страна, во ова време на интензивни глобални интеракции се создаваат јазични хибриди, настануваат сложени јазични и културни влијанија и културно-лингвистичка доминација од страна на едни јазици, или потчинетост на други јазици. Меѓутоа, од друга страна, постоењето силни локални јазични традиции во плурилингвалниот европски простор влијае амортизирачки и врамнотежувачки наспроти таквата доминација, изразена пред сè преку глобализацискиот хегемонизам на англискиот јазик. Зашто, влијанието на англискиот јазик се доживува како опасност за постоењето на европската јазична разновидност, која е манифестирана преку постоењето на вкупно 275 различни јазици на европскиот континент.

Во врска со ова Саше Герасимоски и Весна Трајковска истакнуваат: „Попрво би можело да зборуваме за формирање јазични хибриди и зголемување на јазичната разновидност, отколку за тенденција на движење кон јазична унификација. Во време на глобализација се зголемува можноста од меѓујазични влијанија и позајмувања, иако е несомнено дека англискиот јазик тука предничи. Посебните културни и јазични традиции се толку силни на европскиот простор, што е прашање колку доминацијата на англискиот јазик во одредени сфери навистина може да доведе до некаква европска јазична унификација. ... Проширувањето на домените на влијание на англискиот јазик врз останатите, особено помалите јазици во Европа, на долг рок, може да доведе до опасност од значајна модификација и јазична хибридизација, па и до загрозување на идентитетот на овие јазици, иако историското искуство укажува дека е мала веројатноста тоа да се случи“ **(**Герасимоски, Трајковска 2011).

3. Стотици од постојните 7097 живи јазици во светот пред закана да изумрат

Глобалната ера означува период на зголемени надежи и шанси, но и зголемени опасности и закани за јазиците на „малите народи“, домородни племиња, или етнички групи. Според најновото 21 веб-издание на публикацијата на постојаниот активен меѓународен истражувачки проект „Ethnologue“ со центар во САД, заклучно со февруари 2018 година во целиот свет имало 7097 познати живи јазици: „Најчесто цитираната статистика од „Ethnologue“ е евиденцијата на живите јазици. Во ова издание се наведени вкупно 7097 живи јазици ширум светот – помалку за 2 живи јазика во однос на 20-тото издание, кое беше објавено пред една година. Ова е резултат на промените во статусот на исчезнување на некои јазици и ажурирање на „Ethnologue“, за да се одржи евиденцијата усогласена со инвентарот на јазиците ISO 639-3. Во ова 21 издание 19 јазици, кои беа наведени како живи во претходното издание, сега имаат променет статус и се водат како „изумрени јазици“ (Gary F. Simons/ed, Charles D. Fennig: 2018).

Поради негирањата на самото постоење на македонскиот јазик, пред сè, од страна на Грција и Бугарија, особено имајќи го предвид и „Преспанскиот договор“, спо-

ред кој македонски јазик воопшто нема во Егејска Македонија, во Северна Грција, а оти само во Република Македонија се говори јазик („јужнословенски јазик“), кој по евентуалната примена во сила на тој Договор би престанал да се именува како македонски, ние во овој труд пренесуваме концизни научни факти на американскиот 70-годишен истражувачки проект – центар „Етнолог“ за македонскиот јазик, кои како официјално потврдени, признати и широкоприфатени циркулираат низ сета научна и академска заедница – во научните институти, истражувачки центри, на факултетите и на универзитетите – ширум целиот свет.

Macedonian (Македонски)

A language of Macedonia (јазик од Македонија)

ISO 639-3 (Јазичен код)	**mkd**
Alternate Names (Алтернативни имиња)	Macedonian Slavic
Autonym (Автоним)	**македонски (Makedonski), македонски јазик (makedonski jazik)**
Population (Население)	1,380,000 (2015). Етничко население: 1.300.000 (2002 цензус).

Севкупно говорители во сите земји: 1.614.140.

Location (Локација)	Widespread (широкораспространет)
Language Maps (Јазични мапи – – каде се говори)	**Macedonia, Albania, Montenegro (Црна Гора), Bulgaria, Greece**
Language Status (Јазичен статус)	1 (National - национален). Statutory national language – уставно регулиран национален јазик (1991, Constitution, Article 7(1) (1991, Устав, член 7 (1).

Classification (Класификација)	Indo-European, Balto-Slavic, Slavic, South, Eastern Индоевропски, Балтословенски, Словенски, Југоисточен
Dialects (Дијалекти) Southeastern	Northern Macedonian (Северномакедонски), Macedonian (Југоисточномакедонски), Western Macedonian (Западномакедонски).
Standard dialect recognized in 1944	(Стандарден дијалект официјализиран во 1944)
Typology (Типологија) SVO	(зборoред; подмет-прирок-предмет), gender (род): masculine/feminine/neuter (машки/женски/среден).
Writing (Пишување)	Cyrillic script (кирилично писмо) [Cyrl], used since 1944 (се користи од 1944). (Gary F. Simons/ed, Charles D. Fennig/ed., 2018, https://www.ethnologue.com/language/mkd).

Пред да се осврнеме на судбината на јазиците, кои во овој 21 век ја немаат „привилегијата“ да бидат светски јазици и кои не се ниту развиени со оглед на низа елементи на нивната внатрешна структура, ќе фрлиме прво еден поширок поглед на светските јазици: и на оние што се светски, водечки, развиени, како и на оние што се „мали јазици“ – пред исчезнување. Пред сè, кога се говори за големите, или за малите јазици во светот најчесто се има на ум бројот на говорните претставници на некој јазик, при што кинескиот е убедливо најголемиот јазик. „Етнолог“ има регистрирано 13 дијалекти на кинескиот јазик, но тие поточно се евидентирани како посебни јазици и меѓу нив е водечки мандаринскиот кинески јазик, кој го говорат 1 милијарда и 74 милиони Кинези во оваа 2018 година. Научната литература бележи дека на спротивниот пол на истата скала се наоѓаат голем број јазици на кои зборуваат многу малку луѓе, како, на пример, на Алеутските Острови: таму 90-тина луѓе, раздвоени со планински гребен, говорат на два дијалекта на алеутскиот јазик, или сиреничкиот јазик од истото ескимско – алеутско семејство на полуостровот Чукчи, кој во 1988 година течно го говореле само уште двајца старци. Пред изумирање е и науканскиот јазик на народот кој го говори, присутен на крајниот североисток на Азија: со овој јазик во 1998 година говореа уште само околу 75 луѓе.

Јазиците се третираат како големи, средни, или мали и според раширеноста на употребата на определена државна територија. Во тој поглед, рускиот јазик е пред кинескиот, бидејќи Русија е држава со најголема територија во светот. Некои азиски јазици, на пример, бенгалскиот, индонезискиот и јапонскиот не се толку помали од рускиот според бројот на говорители, колку според големината на територијата на која тие јазици се говорат, покрај, секако, и некои други критериуми: културен престиж, политичко влијание итн. Големината на еден јазик се огледа и во функционалната раширеност на неговата употреба меѓу различните народи, при што современиот англиски јазик е пред другите јазици, што е донекаде слично на статусот кој го имале во минатото некои други јазици, на пример, класичниот грчки во античката

доба, или подоцна латинскиот јазик, но и старословенскиот јазик кај поголемиот дел на словенските јазици во средниот век.

Јазиците можат да се видат како големи и мали и според два други критериума, кои нам ни се чинат како веројатно најважни од аспект на антрополошката лингвистика и лингвистичката антропологија: според тоа колкав културен придонес имаат тие јазици дадено во севкупното цивилизациско наследство на човештвото и со оглед на тоа колку долго постојат тие јазици. Од ова стојалиште, грчкиот јазик, иако е денес релативно мал јазик, има долга и културно богата историја, која во тој поглед го прави многу голем јазик.

Кинескиот е во целиот свој историски период голем јазик не само поради бројот на луѓето, кои го говорат, туку и поради придонесот на културата создавана на кинески кон севкупната култура на човештвото. Исто така, и со оглед на фактот дека кинескиот е еден од јазиците со најдолг континуиран историски потврден развој.

Помалку се познати примерите на јазиците, кои се мали според бројот на своите говорни претставници, но кои се и големи според тоа колку долго траат, каков што е, на пример, сванскиот јазик на Кавказот, кого пред околу две децении го говореа околу 80 илјади жители, историски е посведочено неговото постоење уште од пред 2 илјади години! Разликувањето на јазиците според степенот на развиеноста на книжевнојазичниот израз е, исто така, една од димензиите на нивното разликување како големи, средни или мали јазици. Како што е утврдено во социолингвистиката, постојат повеќе фази низ кои минува еден јазик, додека не достигне статус на развиен книжевен и стандардизиран јазик: селекција, дескрипција, акцептуација, елаборација итн. И покрај минувањето на овие фази, еден јазик може да биде повеќе или помалку, подобро или послабо стандардизиран.

Таканаречените „големи јазици“ се истовремено и јазици со долга и богата книжевнојазична традиција, кои се релативно добро опишани во големиот број разновидни граматики и речници и тие се најблиски до поимот на оптимално стандардизираниот јазик. Тука и релативно малите јазици, меѓу кои и македонскиот јазик, врз основа на многу научни аргументи, можат да бидат според степенот на развиеноста на книжевнојазичниот израз и според стандардизираноста на нивото на таканаречените „големи јазици“. Во овој поглед на другата страна се јазиците, кои поради релативно слабата развиеност на книжевнојазичниот израз, не можат да се сметаат како големи, без оглед што на тие јазици зборуваат релативно голем број луѓе, на пример, бенгалскиот јазик, свахили – јазикот и хауса-јазикот во Африка. Но, повторно, овде може да се каже од аспектот на антрополошката лингвистика и лингвистичката антропологија дека и овие јазици на африканските племиња на азиските народи, иако немаат развиена пишана книжевност, располагаат со многу богата „усна книжевност“, народни преданија и приказни, кои се пренесуваат покрај племенските огништа и во нивните домови од една на друга генерација. Притоа, факт е дека е исклучително богат „лингвакултурниот багаж“ и на овие народи и племиња без развиен книжевнојазичен израз и без стандардизиран јазик. Исчезнувањето на нивните лингвистички идентитети во периодов на глобализацијата е загуба на сето човештво.

3.1. Глотофагија, но и лингвоцидална политика кон „малите јазици“ во 21 век

Доаѓаме до клучното прашање: што се случува со малите јазици, со лингвистичките идентитети на малите народи во оваа глобална ера? Познати се неколку појави, кои се нарекуваат смрт на јазиците, глотофагија, лингвоцид, „војна меѓу јазиците“ и слично. Во најголемиот број случаи се работи за односите меѓу малите и големите јазици. Во лингвистиката е позната појавата поголемите јазици да се „хранат“ со помалите јазици, зголемувајќи го бројот на своите говорни претставници, покрај другото, и со луѓето кои во процесот на асимилацијата се откажале од своите мајчини јазици како „мали“ и „непрестижни“. Ова е појава на глотофагија, како што ја нарекол во 1974 година Ж. Л. Калве, и таа претставува еден вид на колективен културен и духовен канибализам, кој не е насочен кон уништувањето на физичката супстанција на еден народ, туку кон она најбитното во неговата културна супстанција – кон уништување на јазикот. Судбината на многу „мртви јазици“ сведочи дека глотофагијата („јадењето“ на јазиците) е мошне стара појава, но и состојбата на многу современи мали јазици кои се на работ на опстанокот, говори дека растат „апетитите“ на глотофазите.

Еве некои примери. Од приближно 200 јазици на австралиските домородци, кои постоеле пред почетокот на колонизацијата на Австралија, во 1990 година помалку од 50 јазици имаат заедници во кои и децата ги говорат тие јазици. Слично е со индијанските јазици во САД. Еден од ретките исклучоци е јазикот на племето Навахо, за кој се смета дека низ историјата задржал главно ист број говорители. Во Европа келтските јазици се борат да преживеат покрај англискиот и францускиот.

Во Африка многу малцински јазици, на пример, јазиците на јазичните семејства Хои и Сан во Јужна Африка исчезнале, но, се забележува дека во нивното задушување, покрај јазиците на колонијалистите, учествувале и некои јазици престижни во локални рамки. Понекогаш природната изолираност и/или свесниот отпор кон туѓокултурната доминација им овозможуваат и на малите јазици да преживеат, како што е случајот со некои индијански јазици во пуеблата (населбите со специфично градени домови) и во кањоните на Аризона и на Ново Мексико.

Причините за смртта на јазиците се, пред сè, економски, демографски, институционални (отсуство на институционална поддршка на опстанокот на малиот јазик), психолошки (негативни ставови кон сопствениот, мајчин мал јазик), и статусни причини (иако истиот јазик со непрестижен статус во една средина може да има престижен статус во некоја друга средина, на пример, арапскиот јазик во Европа и арапскиот јазик на Блискиот Исток). Лингвоцидалната политика е понекогаш сосема отворена, каква што била американската јазична политика на островите на Пацификот, на пример, на Гуам во почетокот на 20-тите години на минатиот век. Денес за автохтоното население на Гуам нивниот некогаш мајчин јазик чаморо станал секундарен, втор јазик, со кој сразмерно малку, но и сè помалку луѓе течно зборуваат.

Кога се зборува за загрозеноста на малите јазици од страна на големите, денес е во фокусот англискиот како најраспространет јазик надвор од земјите во кои на мнозинството население им е мајчин јазик, како јазик на кој се одвива 75 отсто од кореспонденцијата во светот и на кој се разменуваат повеќе од 80 отсто од компју-

терските информации. Едно од прашањата кои се отвораат притоа е и прашањето на спонтаноста и прогресивноста на глобализацијата на англискиот јазик. Покрај повеќе научници кои овој процес го сметаат како исклучиво, или главно прогресивен, има и спротивни мислења. На пример, англискиот социолингвист А. Пеникок во својот труд „Англискиот во светот – светот во англискиот“ го оспорува мислењето за неутралноста на процесот на ширењето на англискиот јазик, за наводната природност и благотворност на тој процес.

Иднината ќе покаже дали актуелните глобални јазични, информатички, економски и други тенденции ќе ја претворат планетата во свет на еден јазик, на едно писмо, на една идеологија и други облици на општа унификација, како последица на глобализацијата. Многу примери од поблиската и подалечната историја покажуваат дека изразитата експанзија на некоја држава, идеологија, религија итн. може да биде следена со пукнатини во самиот центар на појавата, која наизглед се шири незапирливо. Фактите говорат дека тоа не мора да биде само хипотеза. Во САД има сè повеќе луѓе, кои не зборуваат, или слабо зборуваат англиски јазик и сè помалку има луѓе во САД , кои сакаат да научат англиски јазик, пред сè, затоа што расте бројот на американски граѓани од латиноамериканско потекло, како што се зголемува и нивната економска и општествена сила, но и од низа други причини. Слободно можеме да претпоставиме дека меѓу нив има одреден број кои претпочитаат да си го задржат својот мајчин јазик и лингвистички идентитет, својствен на нивната матична татковина од која емигрирале во САД.

Ниту јазиците, ниту народите не се и не можат да бидат исти во секој поглед. Имало, а ќе има и натаму и мали и големи јазици, при што малите јазици можат да бидат во нешто големи, како што и големите јазици можат да бидат во нешто мали. Природно е некои јазици постапно да исчезнат, како што е природно и да се настојува сите јазици и дијалекти колку е можно подолго да опстанат, а неприродно е дејствување, или со недејствување, да се поттикнува намалувањето на бројот на јазиците во светот во корист на помала група големи јазици, или во крајна линија само на еден јазик – англискиот.

Да се правда тоа со комуникативни функции не е само етички неосновано, туку е и лингвистички неосновано, бидејќи функцијата на разбирањето е само една од многуте функции на јазикот/јазиците. Таквиот лингвистички редукционизам би водел кон ампутирање на многуте културни, естетски, духовни и други димензии на постојните јазици. Ако бидат пуштени многуте мали јазици низ реката на заборавот, само заради побрзата комуникација во глобалната ера, во 21 век, или, едноставно, поради негрижата, тогаш човештвото премногу лесно би се откажало од немерливото културно и цивилизациско богатство содржано во тие јазици на малите народи, создавани и развивани низ милениумите на цивилизацискиот развој.

4 . Хибридизација и на културите како „значенски“, јазични структури кои патуваат низ светот

Поаѓајќи од рамковните определувања, меѓусобниот однос на културата и јазикот се набљудува како сложен сплет на јазично–културни проткајувања. Културата е незаобиколен чинител на јазикот. Сета култура настанала од човековата единствена способност за создавање и употреба на симболите. Јазикот е основниот симболички систем, кој тој го развил во текот на својата еволуција. Како општи категории, културата и јазикот заемно се подразбираат, бидејќи нема култура без јазичен израз, ниту постои јазик без културна содржина. Во антрополошката лингвистика безмалку е аксиоматски прифатен ставот дека јазикот е дел на културата. Културата е во суштина систем за организирање и насочување на човековото искуство, при што поединечните култури на различни начини го упростуваат, па со тоа, донекаде, и искривено го претставуваат вкупниот свет на реалноста. Така, секоја култура формира специфична рамка внатре во која се интерпретираат одбраните надворешни знаци на реалноста. А основниот механизам за оваа интерпретација е јазикот, кој, меѓутоа, има и битна дополнителна улога, која израснува од тоа.

Со јазикот човекот отсекогаш ја толкувал природата и ја вообличувал културата како свој сопствен, човечки свет. Притоа, меѓу јазикот и културата постои постојана интеракција на разни планови. Сета култура е создадена благодарејќи на јазикот, низ јазикот, а во голема мера и во јазикот. Јазикот не е само статичка референтна рамка на културата, систем за нејзина интерпретација, туку и нејзин динамички конститутивен принцип. На тој начин, нашите доживувања на светот се условени од културата, додека и таа самата е профилирана од јазикот. Од своја страна, како предуслов и создавач на културата, јазикот се обликува токму според мерата на нејзините потреби и можности. Така културата и јазикот во постојано содејство го формираат и го менуваат светот во кој живеат човечките заедници и самите се изградуваат во тој процес.

Јазикот е основното средство на кое се темели општествениот живот. Врската меѓу јазикот и културата е длабоко вкоренета на тој начин што јазикот ја одразува културата на определено општество и неговиот поглед на светот. Со јазикот се одржуваат и се пренесуваат културата и културните врски. Клод Леви Строс во своето дело „Структурална антропологија“ од 1958 година, во четвртото поглавје „Лингвистика и антропологија“, ги изнесува следниве размислувања за корелацијата јазик – култура: „Јазикот може најпрвин да се третира како производ на културата: јазикот со кој се служи едно општество ја одразува општата култура на населението. Но, во една друга смисла јазикот е дел од културата: тој сочинува еден од нејзините елементи, меѓу другите. Јазикот може да се третира и како услов на културата и од двојна причина: дијахрониски, бидејќи, пред сè, со помош на јазикот индивидуата ја здобива културата на својата група. Детето се подучува и се одгледува со помош на зборовите ... . јазикот се појавува како услов на културата, ако таа има архитектура слична како и архитектурата на јазикот. Културата функционира како јазична структура.“ (Claude Levi-Strauss 1958:78).

Исто така и македонскиот јазик се појавува како предуслов на македонската култура, која функционира, меѓу другото, и како негова јазична структура. Македонската лингвакултура е своевидна „креативната симбиоза“ на македонскиот јазик и култура, меѓусебно толку испреплетени. Корелациите меѓу јазикот и културата ги резимираме со следните тези на Клер Крамш, познати во антрополошката лингвистика: „1) јазикот ја изразува културалната реалност; 2) преку своите вербални и невербални аспекти јазикот ја оживотворува културалната реалност; 3) јазикот како систем на знаци, како симбол на социјалниот идентитет на заедницата, или групата, ја симболизира културалната реалност“ (Claire Kramsch 1998: 3).

Денес во 21 век, кога светот е во голема мера глобализиран, со забрзани и непрестајни процеси на своевидно компримирање на просторот и времето, кога самиот свет станува „глобално село“, и самата култура сè повеќе станува „глобална“, „универзална“, „светска“, или „космополитска“, културите се значенски структури, кои патуваат низ комуникациските мрежи ширум светот. Структурите никогаш не се наоѓаат на една територија. Тие кружат низ светот. Медиумите имаат улога на основен придвижувач во создавањето на современата култура. Светската култура се креира со поврзаноста на различните локални култури, како и со развојот на територијално одредените култури“ – истакнува Ханерц во обидот да го реафирмира концептот на културата и во својата студија „Текови, граници и хибриди“ нагласува: „Многу е забележливо дека културите не се ’ограничени‘, ’чисти‘, ’хомогени‘и ’безвременски‘... и доаѓаме до ставот за нивната хибридност.“ (Hannerz 1997:14). Во ист момент се одвиваат силни процеси и на спротивставување на унифицирањето на поодделните култури во еден амалгам, во една хибридна, сеопфатна глобална култура, која би ја поништила сета културна разновидност во светот. Појавата на исклучително зголемени контакти меѓу поодделните култури, до скоро ограничени само во националните држави, сега во глобализациската епоха доведува и до процес на „хибридизација на културата“, значи, мешање на различните култури кои доѓаат од различни географски територии преку растечката меѓукултурна размена, поттикната од глобализациските процеси. Културите се мешаат и се создаваат „двојни“ и „повеќекратни култури“ (dual culture, multiple culture). Исто како што постои и хибридизација на јазиците.

5. Лингвакултурата – поимно дефинирање

Во финалниот дел на овој труд доаѓаме и до категоријата на лингвакултурата. Глобалната ера го загатна повторно прашањето на поврзаноста меѓу културата и јазикот. Од една страна се наоѓа стојалиштето на многу научници дека јазикот и културата се во тесна врска, оти се тие испреплетени и како две категории се нераздвојливи една од друга. Од друга страна е позицијата на растечки број на лингвисти, културолози и други научници дека овие две категории, сепак, можат да бидат одвоени една од друга во оваа започната глобална ера. Во овој контекст ние го сместуваме и го анализираме концептот на лингвакултурата како нова категорија, која се наоѓа на квалитативно повисоко ниво одошто се само јазикот или само културата, разгледувани поединечно.

Американскиот антрополог Пол Фридрих во 1989 година го исковал терминот „лингвакултура“, со цел да ја покаже неодвојливоста на културата од јазикот и на јазикот од културата, значи, за да ја нагласи тесната врска меѓу двата феномена, со што најдиректно се занимава антрополошката лингвистика. Во ваков контекст тој ја дефинира лингвакултурата како: „... домен на искуство кој ги спојува и ги меша речникот, многу семантички аспекти на граматиката и вербалните аспекти на културата.“ (Friedrich, Paul. 1989: 306). Употребувајќи термин „languaculture“, американскиот антрополог Мајкл Агар во 1994 година го доразвил концептот на лингвакултурата, велејќи дека јазикот, културата и значењето претставуваат едно исто: „Јазикот во сите негови вариетети, на сите начини како се појавува во секојдневниот живот, го гради светот на значењата. ... Јазикот ги исполнува просторите меѓу нас со звук, културата ја создава човечката поврзаност низ него. Културата е во јазикот, а јазикот е содржан во културата. ... Поимот ’languaculture’ нагласува две релации: ’langua‘ во ’languaculture‘ се однесува и на дискурсот, а не само на зборовите и на реченициите. ’Cultur‘ во ’languaculture‘ се однесува на значењата, кои ги вклучува, но оди и уште понатаму, однесувајќи се и на она што го нудат речникот и граматиката“ (Michael H., Agar, 1996: 28)

Значи, според овој концепт, лингвакултурата би претставувала „јазик во културата – култура во јазикот“, при што тој холистички, целински феномен „лингвакултура“ би претставувал нешто трето, а не само јазик, или само култура. Тој концепт на Агар го споделува и авторот на овој труд. Лингвакултурата на одреден народ ги содржи во себе неговата лексика, граматика, синтакса и другите сегменти на јазикот, но, во исто време, ги содржи и елементите на културата на тој народ: народните традиции, обичаите, верувањата ... Говорејќи за „културалноста на јазикот“, данската теоретичарка на лингвакултурата Карен Рисагер најпрвин истакнува: „Концептот на лингвакултурата опфаќа три меѓуповрзани димензии: семантичко–прагматичка димензија, поетска димензија и димензија на идентитетот. ... Семантичко–прагматичката димензија е поврзана со постојаноста и променливоста во семантиката и прагматиката на посебните јазици. ... Поетската димензија се однесува на специфични видови значења во користењето на фонолошката и силабичката структура на јазикот за кој станува збор, за неговите рими, за неговите врски меѓу говорот и пишувањето – подрачја за кои од поодамна се заинтересирани книжевните теоретичари, фокусирајќи се на книжевната поетика, стилот, литерарноста и слично на тоа. ... Димензијата на идентитетот ... се однесува на општествената варијација на јазикот за кој станува збор: користејќи го јазикот на специфичен начин, со посебен акцент (на пример), вие се идентификувате на одреден начин и овозможувате и другите да ве идентификуваат во согласност со нивните претходни знаења и ставови“ (Caren Risager 2016: 40–41).

Потоа, Рисагер преоѓа конкретно на колективната и индивидуалната лингвакултура и ги објаснува на следниот начин: „Лингвакултурата, во својата конфигурација на вака опишаните три димензии, има едновремено и колективни и персонални аспекти. Од една страна, лингвакултурата на поединецот е споделена со другите лингва-

култури на народот во таа смисла што на сите им се заеднички истите структурални ограничувања и потенцијали на јазикот за кој станува збор... Од друга страна, лингвакултурата на поединецот е отелотворена и поврзана со неговиот, или нејзината, лична животна историја во посебните општествени, културални и историски околности. ... Секоја личност развива свој персонален лингвакултурен профил“ (Caren Risager 2016: 40–41).

5.1. Глобализациски „редефинирања“ на концептот на лингвакултурата

Карен Рисагер напоменува: „Треба да се разликуваат две различни димензии на врската меѓу јазикот и културата: културата како контекст и културата како содржина. И во двете димензии јазикот и културата можат да бидат одвоени“. Да го објасниме ова стојалиште на Рисагер, кое наоѓа своја поткрепа во лингвистичките практики во епохата на глобализацијата. Колку повеќе циркулираат јазиците во светот надвор од границите на матичните држави на народите, кои ги користат тие јазици, толку повеќе и културите на тие народи стануваат одвоени од нивните јазици низ таа транснационална употреба. На пример, англискиот јазик го користат стотици милиони луѓе во светот, кои не се Англичани, Американци, или Австралијци. Во тие глобални јазични текови бизисмените, студентите, политичарите и сите други луѓе од неанглиско потекло и не мора да знаат кој е Шекспир, додека комуницираат на англиски јазик. За овој драмски писател – еден од столбовите на англиската култура и лингвакултура треба да се очекува дека ќе знаат матичните говорители на англискиот, кои ја носат во себе индивидуалната и колективната англиска лингвакултура. Значи, во случаите кога англискиот јазик го користат неговите родени говорители останува тесната врска меѓу англискиот јазик и англиската култура, овде важи концептот на англиската лнгвакултура. Но, кога англискиот, или францускиот, или германскиот јазик ги користат и луѓето, кои не се нивни родени говорители, низ светот во глобалните комуникациски текови и во макроинтеракциите на планетарно ниво, тогаш во таквите случаи доаѓа до раздвојување на јазиците од културите. Во овие случаи постои раздвојување меѓу јазикот и културата како компоненти на лингвакултурата.

Рисагер ја означува глобализациската доба како „ера на глобални текови и на локална комплексност“ и во својот концепт на лингвакултурата го критикува нагласувањето на блиските врски меѓу јазикот и културата, велејќи дека „таквото тврдење не е далеку од концепцијата за затворен јазик, народ, култура, историја и менталитет“, означувајќи го сето ова како „национална парадигма“. Залагајќи се за воспоставување и јакнење на транснационалните конекции меѓу поодделните лингвакултури на народите, но и на персоналните лингвакултури на човечките индивидуи во светските глобални текови, Карен Рисагер ја истакнува својата „насоченост кон глобалното ниво“: „Ние треба да ја разгледаме решавачката улога на транснационалната мобилност при разбирањето на промената на пејзажот на јазиците во светот и треба да обрнеме посебно внимание на значенската страна (културалната страна) на јазиците, развивајќи го концептот на лингвакултурите – концепт кој ги става на прв план персоналните значенски ресурси и практики на поединецот во контекстите, кои се менуваат.“

(Caren Risager 2008: 2). Ова е уште еден став на Рисагер дека во глобалната ера доаѓа до раздвојување меѓу јазикот и културата како компоненти на концептот на лингвакултурата.

Меѓутоа, ние во овој труд се застапуваме за еден различен приод кон „транснационалните хоризонти“ за националните лингвакултури, следствено на тоа и за лингвакултурата на македонскиот народ, што значи дека не се согласуваме сосема со концепцијата на Рисагер. Имено, транснационалната мобилност на јазиците и културите во светот отвора нови, драматично зголемени можности и нови глобални хоризонти за јазичните и за културалните практики и на македонскиот народ, исто така и пред неговата лингвакултура во глобализациската доба се отвора транснационална перспектива.

Во македонската лингвакултура на ниво како колективна, национална лингвакултура, сепак, се одржува таа „национална парадигма“ и во 21 век, но, не и „концепцијата на затворена нација и култура“. Македонската национална лингвакултура едновремено продолжува дијалектички да кореспондира и да корелира со „транснационалната парадигма“. Тоа е, секако, случај и со другите национални лингвакултури: на англискиот, на францускиот и на другите народи. Македонската национална лингвакултура е далеку од позицијата на „затворен јазичен и културален универзум“. Напротив, македонската национална лингвакултура претпочита „отворен универзум на значења“, што јасно укажува дека постои позитивна корелација и кореспондирање со споменатите глобализациски концепции за транснационалната парадигма: македонскиот јазик и култура низ една блиска меѓуповрзаност се базираат и натаму врз концептот на националната парадигма, но, едновремено и се во голема мера отворени за транснационалните конекции со другите јазици и култури, со лингвакултурите на другите нации. Во прилог кон ова е и ангажманот на преводната книжевност, а ова е случајот со поезијата и професионалниот лингвистички ангажман на Блаже Конески, со поезијата и прозата на Гане Тодоровски, Петре. М. Андреевски, на Анте Поповски, со многу други македонски јазични и културни дејци, а во најново време ова е случај и со поезијата како лингвистичка практика и на најистакнатиот македонски поет Никола Маџиров. Поезијата на Маџиров е преведена досега на 40 светски јазици и тоа значи транснационални конекции на македонската национална лингвакултура и на неговата персонална лингвакултура со 40 други национални лингвакултури, односно, едно вистинско дијалектичко кореспондирање и корелирање со другите национални и персонални лингвакултури, бидејќи Маџиров постојано е во контакти и со други поети на поетските манифестации ширум Европа и светот.

Во оваа глобална ера може да дојде и доаѓа до делумни раздвојувања меѓу јазикот и културата само на ниво на персоналната лингвакултура, кај одделните припадници на еден народ, во случајов кај припадниците на македонскиот народ. Ова може да се однесува на оние припадници на македонскиот народ, кои преоѓаат во други држави и таму го продолжуваат својот живот, значи во дијаспората, а уште повеќе за втората и натамошните генерации произлезени од овие иселеници. „Колебања“ во индивидуалната, персонална дијаспора можат да се случат и кај оние припадници

на македонскиот народ, кои живеат во други земји во Европа, во САД, во Канада на еден „номадски“ начин, како и се поголем број европски и светски граѓани од различни нации: со постојани преселувања и мигрирања од една во друга држава поради карактерот на работните места и задачи. Тогаш тој поединец можеби и нема да загуби позначителен дел од својата национална македонска лингвакултура, но, секако, неа ќе ја надополнува, ќе ја „хибридизира“ со елементи од другите лингвакултури на кои е изложен, ќе доаѓа до „language shift“ – мешање во јазичните кодови, креирање јазични хибриди, „двојни“, или „повеќекратни културни идентитети“ и култури во менталниот склоп на таквите „транснационализирани поединци“.

Литература

Алексиев Емил. 2004. „Глобализација и идентитет“, списание „*Блесок*“ бр. 35. март – април, Скопје. Достапно на: http://archive.li/QlIMH Пристапено на: 15.9.2018.

Веновска-Антевска Снежана. 2008. „Јазиците во контакт – Патиштата на јазичното заемање се непредвидливи“, Зборник на трудови од научниот собир *„Јазиците во контакт некогаш и денес“*, одржан на 4-5 април 2007 година во Скопје. Едиција „Јазикот наш денешен“, книга 16. Издавач: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2008 година

Велковска Снежана. 2011. *Лексичкиот фонд на македонскиот јазик на прагот на XXI век*. Во: Студии од македонската лексикологија и лексикографија. Посебни изданија, книга 71. Издавач: Институт за македонски јазик, Скопје.

Герасимоски Саше, Трајковска Весна. 2011. *Доминантноста на англискиот јазик во европскиот повеќејазичен мозаик низ призмата на јазичниот идентитет.* Скопје

Груевска–Маџоска Симона. 2008. „Англоамериканскиот јазик како лингва франка на денешницата и неговото влијание врз македонскиот јазик од социолингвистички јазик“, Зборник на трудови од научниот собир *„Јазиците во контакт некогаш и денес“*, одржан на 4-5 април 2007 година во Скопје. Едиција „Јазикот наш денешен“, книга 16. Издавач: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2008 година

Diane Crane. 2011. *Cultural globalization: 2001–10*. Sociopedia.isa SAGE Publications. Достапно: http://www.sagepub.net/isa/resources/pdf/Cultural_Globalization.pdf
Пристапено на: 15.9.2018.

Jonathan Xavier Inda, Renato Rosaldo. 2002. *Introduction: A World in Motion*”. The Anthropology of Globalization. Wiley-Blackwell.

David Held (Editor), Anthony McGrew (Editor). 2002. *An Introduction to the Globalization Debate*. In: *The Global Transformations Reader*; Polity Press

Alicja Witalisz. 2011. *Linguistic Globalization as a Reflection of Cultural Changes*. Proceedings of the 19th Annual Conference of the Global Awareness Society International, May 2011, Jagiellonian University, Krakow, Poland.

Достапно на: http://orgs.bloomu.edu/gasi/pdf_documents/2010_Proceeedings_pdfs/Witalisz.pdf Пристапено на: 16.9.2018

David Crystal. 1997. *English as a global language.* Cambridge University press

Simons, Gary F. and Charles D. Fennig (eds.). 2018. Ethnologue: *Languages of the World*, Twenty-first edition. Dallas, Texas: SIL International. Достапно (online version) на: http://www.ethnologue.com/ethnoblog/gary-simons/welcome-21st-edition Пристапено на: 16.9.2018

Claude Levi – Strauss: „*Anthropologie structurale*“, p.78. Librairie Pion, Paris, France, 1958.

Ulf Hannerz. 1997. *Flows, boundaries and hybrids: keywords in transnational anthropology.* Published in Portuguese as ”Fluxos, fronteiras, híbridos: palavras-chave da antropologia transnacional”, Mana (Rio de Janeiro), 3(1): 7-39

Paul Friedrich. 1989. *Language, Ideology, and Political Economy*. American Anthropologist Volume 91, Issue 2

Michael H., Agar. 1996. *Language Shock: Understanding The Culture Of Conversation.* Publisher: William Morrow Paperbacks; 1 edition (December 16, 1996)

Caren Risager. 2016. *Lingua Francas in a World of Migrations*. In: *The Cultural and Intercultural Dimensions of English as a Lingua Franca*. (Languages for Intercultural Communication and Education) Reprint Edition. Prue Holmes (Editor), Fred Dervin (Editor). Publisher: Multilingual Matters; Reprint edition, Great Britain, USA, CANADA

Caren Risager. 2008. *Towards a Transnational Paradigm in Language and Culture Pedagogy.* Paper read at the AAAL Annual Conference, March 2008, Washington D.C, USA

UDC 811.163.3’373.611:613.2

Катица ТОПЛИСКА-ЕВРОСКА
Институт за македонски јазик, „Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ЗА ПРОДУКТИВНОСТА НА НЕКОИ МОТИВИРАЧКИ ОСНОВИ ВО ОБЛАСТА ’ХРАНА‘

Апстракт: Во овој реферат се осврнуваме на зборообразувањето во македонскиот јазик со фокус кон продуктивноста на некои мотивирачки основи на селективен корпус, кој се однесува на лексиката од областа *’храна‘*. Морфолошкиот, односно афиксниот начин на зборообразување, којшто е одлика на нашиот јазик, може да се проследува и во рамките на именската и во рамките на глаголската лексика. Во овој прилог ќе бидат изнесени согледби за глаголската лексика од тематската област *’храна‘*, мотивирана од именски основи.

Клучни зборови: продуктивни мотивирачки основи, афиксен начин на образување, глаголски лексеми, област ’храна‘.

Предмет на наш интерес по овој повод ќе бидат неколку именски мотивирачки основи кои претставуваат микросемантичко поле во рамките на пошироката област ’храна‘. Се работи за лексеми од општиот речнички фонд, а кои истовремено припаѓаат и на лексиката од областа ’храна‘. Целта на нашето проследување е да ја покажеме т.е. да ја потврдиме животворноста на селектираните мотивирачки основи, како и да ги истакнеме афиксите кои учествуваат при градењето на глаголи односно моделите при комбинирањето на повеќе префикси и/или суфикси. На крајот, како заклучок очекуваме да се истакнат определени суфикси/префикси како попродуктивни од други, а исто така да добиеме и определени сознанија за повеќезначноста кај новодобиените глаголски лексеми. Ќе се задржиме на именките (мотивирачки основи): **брашно, зачин, квас, леб, лој, масло, маст, мезе, сир, сол, урда, шеќер** кои имплицираат традиционална исхрана што е наша определба. Како што може да се забележи, во најголем дел се работи за именки, називи на материја, коишто деривирале бројни и семантички разновидни глаголски лексеми.

Ќе започнеме со суфиксот *-са,* (*-оса, -иса*). Со него се изведени глаголите: *брашноса, лојоса, маслоса, шеќердиса, урдоса*. Називите на конкретни поими со овој афикс им придава категоријално значење ’преминување во она што е означено со основата‘. Инаку, што се однесува до продуктивноста, познато е дека овој суфикс се архаизира, а неговата употреба носи стилска разговорна маркираност (и дијалектна) и отстапува пред другите суфикски.

Суфиксот *-и* е особено продуктивен на релација со мотивирачките основи на кои се фокусираме. Со помош на овој суфикс се образуваат глаголите: *брашни, зачини, кваси, лои, масти, мези, сири, соли, урди, шеќери*. Регуларноста во образувањето

на овие глаголски лексеми кај речиси сите именски мотивирачки основи не оди во прилог со нивната затврднатост во употребата. Всушност, глаголите *зачини* и *соли* со категоријалното значење ’додаде тоа што е означено со основата‘, се употребуваат најчесто, додека, пак, некои од низата глаголи со суфиксот *-и* лесно го отстапуваат своето место пред префиксираните глаголи. Најголемиот дел од глаголите изведени со суфиксот

-и служат како мотивирачки основи за второстепени деривати по пат на префиксација, со што се постигнува поголем степен на изразеност на значенските нијанси како резултат на глаголските префикси.

Претходно изнесеното наведува на актуелизација на друг префиксно-суфиксен зборообразувачки начин претставен преку модели, формули (Велева 2006) преку кои лесно се воочливи елементите што го градат дериватот, а од каде што потекнува општото категоријално значење.

Преку зборообразувачкиот тип *за-* + именка + суфикс се деривирани глаголите: *закваси, замасти, замези, засири, засоли, залеби, зашеќери* со категоријално значење ’добивање на она што е именувано со основата‘. Но, не секогаш категоријалното значење го покрива комплетно глаголското значење. Кај некои деривати, пр.: *засири, засоли, зашеќери*, префиксот му придава значење на свршеност на дејството (кај дериватот), додека кај *замези, заурди, залеби* е присутна дополнителната нијанса ’почеток на дејството‘.

Зборообразувачкиот модел *на-* + именка (мотивирачка основа) + суфикс се препознава кај глаголите: *набрашни, налои, намасти, намези, насири, насоли, нашеќери* со значење ’извршување на дејството со помош на поимот именуван во основата по некоја површина‘, но кај *намези* и *насири* е присутна и нијансата ’доволен или голем степен на извршување на глаголското дејство‘. Кај глаголите од овој тип е можна вторична префиксација, при што се развива деминутивност (*поднабрашни, поднамасти*) или аугментативност (*изнабрашни, изналои, изнашеќери*).

Кај глаголите *осоли* и *омези* е применет зборообразувачкиот модел *о-* + именка + суфикс со општо категоријално значење ’добивање, снабдување со поимот од основата‘ (кај *осоли*). Кај *омези, се,* меѓутоа, е можна и неутрализација на општото значење на сметка на едноставна свршеност на глаголското дејство.

Зборообразувачкиот модел *по-* + именка + суфикс е присутен кај глаголите *побрашни, посоли, помези*. Овде, категоријалното значење се изедначува со моделот *на-* + именка + суфикс (*набрашни, насоли*). Глаголот *помези* отстапува од општото значење со значенската нијанса ’извршување на дејството во мала мера‘ што го донесува префиксот *по-*.

Моделот *под-* + именка + суфикс се воочува кај глаголите: *подбрашни, подзачини, подмасти, поткваси, подурди*, кај кои тешко може да се дефинира општото категоријално значење. Имено, кај првите две глаголски лексеми (*подбрашни* и *подзачини*) би можеле да зборуваме за вршење на дејството по долната површина на поимот именуван со основата, кај *подзачини* – вршење на дејството во помал степен, обем со поимот означен во основата, кај *поткваси* – ’додаде тоа што е означено со поимот во основата‘, а кај *подурди* – ’стане, добие тоа што е означено со поимот од основата‘.

Категоријалното значење ’извршување на дејството во голема мера‘ го наоѓаме кај глаголите *пресоли* и *презачини*, образувани според формулата: *пре-* + именка + суфикс.

Од краткото проследување на деривираните глаголски лексеми од именски основи, можеме да заклучиме дека се позастапени префиксно-суфиксните образувања (кои се и одлика на глаголското зборообразување наспрема суфиксното зборообразување, кое, пак, е специфика на деривираната именска лексика). Што се однесува до учеството на префиксите во разгледуваните зборообразувачки модели, најзастапен беше моделот со префиксот *за-*, а потоа следуваат моделите со префиксите: *на-*, *по-* и *пре-*.

Во врска со прашањето за повеќезначноста кај новообразуваните лексеми од именски мотивирачки основи од областа ’храна‘, би можеле да кажеме дека таа не е особено изразена, но сепак е присутна.

Преносно значење развил глаголот *зачини* во своето второ, преносно значење: ...*Направи раскажување (текст) поинтересно, повпечатливо со внесување необични силни елементи, примеси. Тој ја зачини колумната со сарказам.* (Толковен речник на македонскиот јазик 2005: 169). Проширување на значењето има кај глаголот *засири* ... *2. За крв – се згрутчи. Крвта што му течеше од раната брзо се засири.* (Толковен речник на македонскиот јазик 2005: 139). Глаголот *зашеќери* развил исто така преносно значење: *Заслади, украси. Кога раскажуваше што се случило малку ја зашеќери приказната.* (Толковен речник на македонскиот јазик 2005: 175). Потоа, глаголот *насоли* развил преносно значење ... *3. (прен., разг.) а) Измами, изигра некого. Не насоли пријателот, туку ајде да си одиме. б) Изнакаже лаги некому за некого или за нешто. Кој знае што ќе му насолат за нас на директорот.* (Толковен речник на македонскиот јазик 2006: 292).

На крајот, ќе се задржиме на глаголската лексема *пресири*, којашто, како регуларно образување од мотивирачките основи што ги разгледуваме денес развила интересно значење нотирано во ТРМЈ: ... *За бебе – направи да повратi, исфрли засирено млеко од желудникот. Не думкај го детето, ќе го пресириш.* • се *Повратi, исфрли засирено млеко од желудникот.* (Толковен речник на македонскиот јазик 2008: 511).

На крајот, од сето претходно што беше изнесено, се наметнува заклучокот дека изведувањето на глаголски лексеми од именски основи е продуктивен процес. Тоа ја афирмира нашата определба токму за вакиот пристап кон прашањето на зборообразувањето и на непосреден начин уште еднаш го предочува богатството на зборообразувачки основи и модели во македонскиот јазик.

Литература

Велева Славица. 2006. *Тенденции во зборообразувањето на македонскиот јазик*. Штип: „2-ри Август С“.

Конески Кирил 1995. *Зборообразувањето во современиот македонски јазик.* Скопје: „БОНА“.

Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. Кирил Конески, I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003–2014.

091:003.349.8]:75.057

Катица ТРАЈКОВА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ЗА ИЛУМИНАЦИСКИТЕ СТИЛОВИ ВО МАКЕДОНСКИТЕ СРЕДНОВЕКОВНИ РАКОПИСИ

Апстракт: Во трудот се разгледани различните типови на илуминација во македонските средновековни ракописи. Имено, најстарите ракописи се карактеризираат со геометриски и со растителни мотиви, кои најмногу се преземени од предлошките. Геометрискиот мотив е прикажан преку преплетување ленти во една плетенка, која преку најразлични аглести или полукружни превиткувања формира правилни и неправилни геометриски форми, коишто се подредени во низа, а растителниот мотив го сочинуваат: палметите, полупалметите, испапчените делови во вид на пупка. Во ракописите што потекнуваат од крајот на 12 до крајот на 13 век се јавува поинаков начин на украсување, односно во декорацијата се јавуваат зооморфни и орнитоморфни мотиви, коишто укажуваат на еден пионаков стил, т.н. тератолошки. Третиот вид е неовизантискиот стил кај кој стеблата на буквите се пресечени со: јазли, точки, архитектонски колони, кои завршуваат со растителни мотиви, а понекогаш се извиваат и во арабеска.

Клучни зборови: илуминација, македонски црковнословенски ракописи, геометриско-растителен стил, тератолошки и неовизантиски стил.

Илуминацијата на средновековните ракописи ја сочинуваат два елементи: минијатурата и орнаментот (Мошин, 2009: 9). Минијатурата, како уметничка творба, го толкува текстот со помош на пластични ликови, фигури, пејзажи и симболи, додека, пак, орнаментот (заставките и иницијалите), служи за естетско украсување на текстот и е во тесна врска со неговата формална структура (Мошин 2009: 10). При проучувањето на илуминацијата на ракописите во текот на целото средновековие, несомнено ќе се воочат различни насоки во начинот на украсување, што секако се поврзува со различните уметнички тенденции што се појавувале заедно со општествените и политичките промени на овие простори. Имено, секоја доба носи свој белег кој се манифестира низ неговата уметничка страна.

Орнаментиката на најстарите ракописи од 10 и 11 век се карактеризира со геометриска структура, настаната под влијание на византиската ракописна орнаментика. Во геометрискиот стил како основни се јавуваат геометриските и растителните мотиви. Геометрискиот мотив најчесто го содржи византискиот архитектурен карактер којшто се одликува со геометриска правилност на линиите и природност на сликата, односно се одликува со класични архитектонски мотиви на мали столбови и плетенки, убаво исцртани орнаменти, како на пр. во Супрасалскиот кодекс (Мошин

2011: 284). Овој мотив понекогаш е прикажан и преку преплетување на лентите во орнаментиката, односно една плетенка преку најразлични аглести или полукружни превиткувања формира правилни и неправилни геометриски форми коишто се подредени во низа. Понекогаш, геометриските форми се јавуваат и како засебни мотиви, неретко украсени со растителни елементи, исцртани на нивните контури или во внатрешноста. Растителните мотиви се среќаваат во вид на класични форми – палмети, полупалмети, акантуси, лотоси, на пр. како кај Асеманово евангелие, или типични византиски заставки со правоаголна форма и иницијали со геометриско-растителен стил, на пр. во Зографското и Маринското евангелие. Во геометрискиот стил понатаму, според мотивот, може да се издели и геометриско-плетеничен стил, оформен од преплет на повеќе ленти кои образуваат различни геометриски фигури (квадрат, ромб, правоаголник, круг, триаголник и др.), како на пр. во заставките и буквите исцртани во Синајскиот евхологиј (Мошин 2011: 284–285 има слики на стр. 48 во кн. 7). Често во рамките на овој вид илуминација може да се забележат и зооморфни и орнитоморфни елементи приспособени кон геометриската хармонија, најчесто употребени при исцртување на иницијалите, на пр. во Савина книга (Мошин 2011: 285).

Во 11 и 12 век историските прилики (тоа е времето по падот на Самоиловото царство) наложиле поинаков стил на украсување, односно се појавила „примитивната фантастична орнаментална уметност“, која во основата го содржи византискиот стил, но се карактеризира со посебен начин на цртање. Во овој период многу локални книжевници се насочиле кон народната традиција, користејќи зооморфни елементи со едноставен колорит, монохромен или во комбинација со црвено, зелено, жолто и сино. Со ваква орнаментика се украсени Добромировото евангелие, Охридскиот апостол, Григоровичевиот паримејник, Григоровичевото евангелие, Слепченскиот апостол, Загрепскиот триод, Евангелието на поп Јован (Мошин 2011: 285).

Ракописите настанати од крајот на 12 до крајот на 13 век се карактеризираат со посебен стил, т.н. тератолошки. Почетоците на овој стил се наѕираат уште во примитивната фантастична орнаментална уметност, како што споменавме погоре, каде што може да се забележат мотиви кои во себе содржат тератолошки особености.

Тератологијата во словенските средновековни ракописи е мошне сложена појава, која главно вниманието на проучувачите го насочува кон прашањето за нејзиното појавување на словенска почва и нејзиниот стилски развој. Имено, тератолошкиот орнамент настанал на Балканот во 12 век како продолжение на народно-фантастичниот орнамент, кој се одликува со примитивни зооморфни и орнитоморфни мотиви исцртани во византискиот систем на прости плетенки. Буслаев за тератолошкиот стил вели дека е „небично плетење на ленти и гранки со разни фантастични животни, со птици што понекогаш имаат човечка глава, со ѕверови чијашто опашка завршува со гранка со лист на крајот, со дракони и змејови коишто од муцката пуштаат гранка и со својата опашка обвиткуваат ѕверови и други чудовишта или пак човечки фигури на коишто рацете и нозете им се преплетени во ленти и змејски муцки“ (Буслаев 1917: 9–10).

Во орнаментиката на јужнословенските кирилски ракописи тератолошкиот стил се развивал во три типа (Шчепкин 1918: 67; Мошин 2009: 84): народен, уметнички и технички. Народната тератологија се јавува првенствено во Македонија врз подлогата на народно-фантастичниот или преодниот тип, вториот тип – уметничката тератологија се јавува во западното српско подрачје (манифестирана преку декорацијата на Мирославовото евангелие), додека техничката се развила во Трновскиот скрипторски центар, а оттаму во почетокот на 13 век почнува да се шири кон Русија (Щепкин, *Русская палеография*, стр. 67).

Во почетниот развој на народната тератологија некои од македонските ракописи сè уште ја продолжуваат традицијата на примитивно-фантастичниот стил, следејќи го геометрискиот карактер на орнаментот, односно сè уште ги немаат симетричните шеми на заставките, ниту сложените разработки на буквите, а од старата орнаментика се разликува по тоа што се губи архитектурниот карактер на буквата и се спојува во еден мотив на плетење со sверски облици (Шчепкин 1918: 49). Елементи на тератолошки претстави се среќаваат кај иницијалите, на пр. во Слепченскиот апостол, со иницијали во форма на мачка од чиишто муцки излегува гранка и птици (Харисијадис 1966: 118), потоа иницијалите во Григоровичев паримејник, каде што се губат столбовите на буквите и се спојуваат во еден мотив од плетенки и sверски мотиви.

Примитивно-фантастичниот стил, понатаму, добивал сложени орнаментални разработки и се образувала техничката, уметничката тератологија. За овој стил е карактеристична композицијата на заставката, која е украсена со плетени чудовишни sверки или птици свртени со грб една кон друга (Мошин 1984: 215).

Фантастиката во илуминациите на ракописите од овој период е заснована врз постапката на создавање чудовишни комбинации, со необичен распоред на тератолошките мотиви, со спој на неспојливи реални битија и нивни делови, со мешавина на плетенки со делови од животински, птичји и човечки тела, притоа создавајќи нова реорганизирана фантастична целина. Многу често тератолошките мотиви од постарите предлошки служат како основа за формирање на орнаментиката на подоцнежните ракописи.

Од македонските ракописите што го содржат тератолошкиот стил би ги споменале: Болоњскиот псалтир, во кој се среќаваат „иницијали што ги формираат птици или четириножни животни околу чиишто нозе, односно шепи се преплетуваат ленти што почнуваат од нивните крилја или опашки“ (Харисијадис: 1966: 119), потоа во Орбелскиот триод, во којшто „фантазијата на илуминаторот создава сосема чудни форми, четириножно животно, го гризе уште пофантастичен sвер. Лентите завршени со птичја глава превиткувајќи се го формираат костурот на буквата, додека на разлистените гранки се насадени змиски тела“ (Харисијадис: 1966: 119). Од овој стил карактеристично по својата орнаментика е Радомировото евангелие, кое содржи интересни иницијали со комбинации на тератолошки и антропоморфни форми, Радомировиот псалтир и др.

Во текот на последната третина на 13 век, овој стил, тератолошкиот, постепено му го отстапува своето место на обновениот геометриско-флорален стил, украсен со

правоаголни заставки, декорирани со гранки, цветови, плетенки, вкрстени кругови, јазли и решетки. Во понатамошниот развој, односно во средината на 14 век, се јавуваат две стилски варијанти: „балканска“, карактеристична по системот на преплетени кругови или решетки, со брановидни ленти, преплети поврзани со јазли и други видови комбинации, како на пр. заставката на Вранешничкиот апостол украсена со верижни прстење (Харисијадис 1966: 122), или пак орнаментиката во Македонското четвороевангелие; и „неовизантиска“, со покомплициран преплет на лентите и стилизирани растителни елементи во геометриска рамка (Мошин 2011: 286). Такви мотиви се среќаваат во орнаментиката на Добрејшовото евангелие, Станиславовиот пролог, Лесновскиот паренезис.

Овој стил, кој започнал да се појавува уште во втората половина на 13 век, ќе се среќава до крајот на ракописниот период, кога е потиснат од западните орнаментални стилови, кои продираат заедно со печатените книги (Мошин 2009: 51).

Литература

Алтбауер Моше. 1971. *Синајски псалтир - глаголски ракопис од XI век од манастирот Св. Катерина на Синај*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Алтбауер Моше. 1973. *Добромирово евангелие - кирилски споменик од XII век*, т. I. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Васиљев Љупка. 1988. „Орнаментика Болоњског псалтира“. *Кирило-методиевскиот (старословенскиот) период и кирило-методиевската традиција во Македонија.* Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 225–231.

Васиљев Љупка. 1970. „Иницијали старословенских ћирлиских споменика“. *Симпозиум 1100-годишнина од смртта на Кирил Солунски (1969; Скопје, Штип)*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 85–95.

Джурова Аксиния. 1981. *1000 години българска ръкописна книга.* София.

Карский, Евфимий Фёдорович. 1928. *Славянская кирилловская палеография.* Санкт-Петербург: Академии наук.

Кондаков Н. П. 1903. *Зооморфические инициалы греческих и глаголических рукописей X-го – XI-го стол. в библиотеке Синайского монастыря.* С. Петербург: Библиотечный фонд.

Кульбакин Степан Михайлович. 1907. *Охридская рукопись конца XII века*, Книга по Требованию. Москва.

Мавродинова Лиляна. 1983. *Украса на Синайския псалтир, Сталобългарска литература*, кн. 13. София: Българска Академия на науките.

Мошин Владимир. 1984. *Илуминација на средновековни ракописи, Уметничкото богатство на Македонија.* Скопје: Македонска книга.

Мошин Владимир. *Избрани дела, кн.7*, 2009. приредил Ѓ. Поп-Атанасов, Скопје: Менора.

Мошин Владимир. *Избрани дела*, кн. 9, 2011. приредил Ѓ. Поп-Атанасов, Скопје: Менора.

Мошин Владимир. *Словенски ракописи во Македонија*. кн. 1, 1971. Скопје: Архив на Македонија.

Поп-Атанасов Ѓорѓи. 2003. *Палеографски албум – словенски ракописи од Македонија во странски ракописни збирки (X-XIV век)*, т.II, Скопје: Менора.

Стасовъ Владиміръ. 1887. *Славянскій и восточный орнаментъ по рукописямъ древняго и новаго времени*. Картографическое заведение А. А. Ильина, Санкт-Петербург.

Стоянов Маньо. 1978. *Букви и книги: Студии по история на българската писменост.* София: Наука и изкуство.

Турилов Анатолий А. 1984. *Сводный каталог славяно-руских рукописных книг, хранящихся в СССР (XI-XIII вв.).* Санкт-Петербург: Наука.

Щепкин Вячеслав. 1967. *Русская палеография.* Москва: Наука.

Badurina Anđelko, France Stelé, Mošin Vladimir, Janc Zagorka, Mihajlović Milica. 1983. *Umjetnost na tlu Jugoslavije - Minijatura.* Izdavački zavod Jugoslavija, Beograd, Spektar, Zagreb, Prva književna komuna, Mostar.

Velev Ilija, Makarijoska Liljana, Crvenkovska Emilija. 2008. *Macedonian Glagolitic and Cyrilic Manuscript*. Skopje: Institute for Macedonian Language – Krste Misirkov.

Steffler Alva William. 2002. *Symbols of the Christian Faith.* Michigan: Eerdmans Publishing Company, William B.

Илустрации

Минијатури во Добрејшовото евангелие

Евангелистот Јован со поп Добрејшо

Евангелистот Лука

Заставки во Евангелието на поп Јован

Иницијали во Карпинското евангелие

Супрасалски кодекс

Асеманово евангелие

Зографско евангелие

Синајски евхологиј

Савина книга

Добромирово евангелие

Слепченски апостол

Загрепски триод

Григоровичев паримејник

Слепченски апостол

Болоњски псалтир

Орбелски триод

Радомиров псалтир

Радомирово евангелие

Вранешнички апостол

Македонско четвороевангелие

Добрејшово евангелие

Станиславов пролог

Лесновски паренезис

UDC 811.163.3’243

Владимир ЦВЕТКОСКИ
Катедра за преведување и за толкување
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

УСВОЈУВАЊЕ ГЛАГОЛСКИ ПАРАДИГМИ ОД СТРАНСКИ УЧЕНИЦИ

Апстракт: Трудот предлага изучување видски парови и нивните особености како метод за полесно изучување и генерирање глаголски форми од странски изучувачи на македонскиот јазик. Ова станува возможно откако трудот возобновува едно одамна заборавено отфрлање на поимот *аористна основа* во класификацијата на глаголите од страна на Блаже Конески во неговата *Граматика...* (точка 324). Трудот го тврди спротивното, т.е., дека видските парови може да се класифицираат правилно само имајќи предвид еден таков концепт затоа што тој провејува не само во основните речнички форми на еден глагол туку и во целиот глаголски систем. Оттаму, бидејќи огромното мноштво глаголи може да се класифицираат во видски парови, методологијата предлага студентите да генерираат ограничен број основни глаголски деривати што ќе служат за генерирање на сите можни глаголски форми (прости и сложени) т.е., пред да ја разгрнат целата парадигма на еден глагол. Се начнува прашањето за највосприемливиот начин на изучување видски парови и се дискутира минималниот речнички податок доволен за развивање полна парадигма. Методологијата е тестирана и применета во најновата верзија на интернет конјугаторот *vigna.mk* (2017). По пат на изучување на видскиот пар како основен податочен влез во развивањето глаголска парадигма, студентите можат да ги имаат на располагање сите лексички податоци потребни за да состават каква-годе глаголска форма (проста и сложена) од огромно мноштво глаголи. Секако, постојат исклучоци (дефективни глаголи, некои модални и др.,) но се сведуваат на квантитативно занемарливи примероци.

Клучни зборови: глаголи, категории, усвојување, парадигми, видски пар, основни глаголски изводи (BVD), разгранување на влез (input stemming), аористен корен, сегашен корен.

1. Современата видска состојба во македонскиот глаголски систем

1.1 За да се предложи практична методологија за изучување на глаголскиот систем од странски изучувачи на македонскиот јазик, потребно е да се согледа неговата современа состојба во целост. Согледбата треба да гравитира околу видот како глаголска категорија од прв ред затоа што од него зависи разгранувањето на една глаголска парадигма. За таа цел, со помош на софтверски технологии, спроведовме истражување врз глаголски корпус, што ги опфати следните етапи: 1) собирање и етикетирање на корпусот, 2) глаголска класификација според видските односи во кои можат да влезат еден, два или повеќе глаголи, 3) анализа на резултатите со оглед на

споменатите видски односи и осмислување методологија за класификација и изучување на глаголски парадигми од страна на странски ученици.

1.2 Во првата фаза беа собрани 20706 глаголи од основниот и поширокиот глаголски фонд на македонскиот јазик и на секого од нив му беше етикетирана неговата видска припадност. Термините за етикетирање во оваа фаза беа: несвршен глагол (*ipf*), свршен глагол (*pf*), двовидски глагол (*bsp*, од *biaspectual*) и итеративен глагол (*iter* од *iterative*) како подмножество на несвршениот вид. Можните видски односи во коишто влегуваат еден или повеќе глаголи беа строго дефинирани со следните сценарија:

- несвршен глагол без апсолутен свршен видски парник (непарен *ipf, чита*),
- свршен глагол без апсолутен несвршен видски парник (непарен *pf, поверува*),
- видски пар (*pf* + *ipf,* апсолутен видски сооднос, *преведе* - *преведува*),
- двовидски глагол (*bsp,* образува пар самиот со себеси, *на пр. имитира, вечера*) и
- итеративна тројка (*pf* + *ipf* + *iter,* итеративни низи од типот *лежи – легне – легнува*, *падне – паѓа – паднува*).

1.3 По собирањето, етикетирањето и видската класификација на глаголите, преминавме на анализа на корпусот. Корпусот се собра во податочна база MySQL. За интеракција со серверот на податочната база го користевме графичкиот кориснички интерфејс phpmyadmin, дел од пакетот XAMPP. Резултатите од анализата ги добивме со помош на прашалници што ги пишувавме во програмскиот јазик SQL. За дел од прашалниците што се однесуваа на видските маркери и маркерите на глаголските групи користевме регуларни изрази (PCRE). Серверот на податочната база врати резултати од прашалниците што може да се видат преведени во следните неколку слики, започнувајќи со *слика бр. 1 – Преглед на обработените глаголи*:

Преглед на обработени глаголи (А–Ш)		
Вкупно глаголи	100 %	20 706
Вкупно парни	92,59 %	19 717
Вкупно непарни	7,25 %	1 502

Слика бр. 1 – Преглед на обработени глаголи

Од вкупно обработените 20706 глаголи од сите три глаголски групи (-а, -е, -и), 92,59 % или 19171 глаголи влегуваат во апсолутен видски сооднос (двочлен видски пар или се двовидски, т.е., прават пар самите со себе, или влегуваат во итеративна видска тројка – комбинација од свршен, несвршен и итеративен на пр. *падне – паѓа – паднува*). Под апсолутен видски сооднос ја сфаќаме способноста на два глаголи да стапат во чист видски однос без притоа да биде потребно да се користи префиксација

за да се добие ефектот на т.н. „празен префикс“ (*верува – **по**верува, чита – **про**чита*) и без да постои семантичка разлика меѓу самите членови на видскиот пар (со други зборови, и *прати* и *праќа* означуваат исто дејство; разликата е во начинот на извршувањето на дејството, *трајност* наспроти *свршеност*).

Најбројна подгрупа во оваа група се апсолутните видски парови (двочлени видски парови од типот *фати – фаќа, роди – раѓа, преведе – преведува* итн.) кои бројат 79,75 % или 16514 глаголи. Друга подгрупа се итеративните тројки (6,45 % или 1 395 глаголи), пред сè, затоа што нивната структура не само што го задоволува минималниот критериум за видски пар туку и од една итеративна тројка може да се генерираат два видски пара со променлива итеративна семантика. Од итеративната тројка *падне – паѓа – паднува*, на пример, може да се конструираат видските парови: 1) *падне – паѓа*, и 2) *падне – паднува*. Како подгрупа се вбројуваат и двовидските глаголи (6,09 % или 1 262 глаголи) за кои може да се тврди дека, поради двојната припадност кон свршениот и кон несвршениот вид, влегуваат во видски сооднос самите со себе. На пример, двовидскиот глагол *вечера* (*bsp*) може апстрактно да се претстави со формулата pf(*bsp*) – ipf(*bsp*), каде што истиот се реализира и како свршен и како несвршен глагол (на пр., *Вчера тој вечера слабо* (аорист) – *Вчера тој вечераше цела ноќ* (имперфект)). На слика бр. 2 е даден преглед на видските парови.

Преглед на видски парови		
Вкупно парни	92,59 %	19 171
Двочлени парови	79,75 %	16 514
Двовидски гл.	6,09 %	1 262
Итеративни тројки	6,74 %	1 395

Слика бр. 2 – Преглед на видски парови

Останатите глаголи, провизорно наречени непарни или беспарни, се глаголи што во јазикот не поседуваат свој апсолутен видски парник и не влегуваат во апсолутен видски сооднос со друг глагол. Такви се 7,25 % од анализираниот корпус или 1 502 глаголи меѓу кои има глаголи од сите глаголски групи (-а, -е, -и) како свршени така и несвршени по вид.

Оваа група е најинтересна за разгледување затоа што во неа може да се сретнат системски дефекти. Се разбира, нејзините членови влегуваат во видски сооднос со други глаголи но тој сооднос не е апсолутен туку релативен. Под релативен видски сооднос ја сфаќаме компатибилноста на еден глагол на влезе во псевдовидски сооднос (несвршеност – свршеност) со друг глагол, во којшто обично речнички не влегува, но со којшто може да влезе во контекстуален видски сооднос по пат на префиксна перфективација, или по пат на суплетивизам (на пример суплетивот *гледа => виде*,

или префиксна перфективација *копа* – ***ис****копа*). Го нарекуваме релативен или псевдовидски пар затоа што префиксите за перфективација никогаш не можат да генерираат чисто видска дистинкција, бидејќи се обременети со сопствена семантика што влече просторни, временски, трајни, отсечни и други семантички нијанси. На слика бр. 3 е даден пресекот на глаголи без видски парник во однос на вкупниот корпус обработени глаголи.

Глаголи без видски парник		
Вкупно глаголи	100 %	20 706
Вкупно непарни	7,25 %	1 502
Непарни -а глаголи	2,38 %	492
Непарни -е глаголи	0,95 %	196
Непарни -и глаголи	3,93 %	814

Слика бр. 3 – Глаголи без видски парник

Ќе започнеме со најмалубројната беспарна глаголска група: е-групата. Иако најмалубројни, овие глаголи се меѓу најчесто употребуваните глаголи во јазикот и како непрефиксирани несвршени глаголи влегуваат во најпродуктивните префиксно-дериваписки комбинации. Оваа нивна особина ги прави нив самата срж на глаголскиот систем. Нивната перфективна основа е во голем процент кодифицирана во *Правописниот речник на македонскиот јазик*. Формално се однесуваат како двовидските глаголи бидејќи од нивната сегашна основа може да се изведе нивната перфективна основа, па имајќи ги обете, од нив може да се развие полна парадигма. Но, дури и современите родени говорители ретко ги употребуваат самостојните аористни форми на оваа група глаголи. Наместо тоа, оваа група глаголи влегува во видски сооднос по пат на префиксна перфективизација (пр. брише => ~~бришав~~ – избрише (избришав)).

Она што е исто така интересно кај оваа група глаголи е што, иако употребата на нивните аористни форми е мошне ограничена, тие слободно се сретнуваат во рамки на други глаголи изведени со префиксна перфективизација: на пример, во стандардниот јазик не се употребува кодифицираната форма од минато свршено време од глаголот, на пример, *корне* со значење „1. Вади од корен“ – *Вчера корнав* голем корен во дворот.* Меѓутоа, основата ***-корна****в* нерестриктивно се користи во сите форми за минато свршено време од префиксираниот перфективизиран дериват *ис + корне* (искорнав, искорна, искорнавме, искорнавте, искорнаа*, Вчера искорнав голем корен во дворот)*, па и во сите други префиксни изведенки на глаголот *корне* (откорне => ***откорнав***). Ова е пример за релативен видски сооднос, во којшто влегол глаголот *корне* со глаголот *искорне* за да се создаде релативен (контекстуален) видски пар, *корне – искорне.*

Други примери за релативни видски парови од е-групата се: *мие – измие*, *пцуе – опцуе*, *сее – посее*, *стине – остине*, *пие – испие*, *мете – измете*/*смете*, *брише – избрише*[1] *итн.*

2. Кон една методологија за усвојување видски парови

Наспроти досегашната методологија на изучување и усвојување глаголски парадигми по принципот глагол-по-глагол, тврдиме дека *полнотата на глаголската парадигма се наоѓа во усвојувањето и разгранувањето на видскиот пар*. Зошто? Затоа што од статистиката најдобро се гледа дека видските парови превладуваат во глаголскиот систем на јазикот (над 90 %) и затоа што полнотата на глаголската парадигма најдобро се восприема преку видскиот пар а не преку поединечниот глагол. Ова, се разбира, може да ни се види радикално но еден банален пример многу јасно ќе ни ја отслика потребата од усвојување видски парови наместо поединечни глаголи.

Да си замислиме, како пример, дека еден странски изучувач на јазикот, Англичанец, Шпанец или Германец, започнал да го изучува македонскиот јазик и дека дошло време да научи еден најосновен глагол како *прати,* на пример. Тој дошол од јазична средина во која се користи една коренска морфема за изведување на сите форми од парадигмата на еден глагол (англиски *send*, шпански *enviar*, германски *senden*). Навикнат е дека само една коренска морфема заедно со еден или два помошни глаголи му се доволни за да разграни сè што му е потребно за да се изрази на својот јазик. Насетуваме како нашиот изучувач на македонскиот јазик се мачи да генерира просто сегашно време од само една научена форма – *купи* која, за негова несреќа, е свршена. А бидејќи сегашното актуелно време во македонскиот јазик се гради исклучиво од несвршени глаголи тој ќе мора да го посети речникот и да ја научи дополнително и несвршената форма *купува*, или по пат на видска деривација да научи да изведува несвршени од свршени глаголи со помош на наставка за несвршеност *-ува*.

А зошто едноставно да не научи дека концептот, означеното зад англиското *send,* шпанското *enviar* и германското *senden* се претставува на македонски со помош на видскиот пар *прати|и – праќ|а* и тука да завршат неговите маки? Видскиот пар *прати|и – праќ|а* е составен од свршениот глагол *прати* и несвршениот глагол *праќа*. Аористната (уште наречена перфективна или свршена) основа се наоѓа во свршениот парник *прати|и* и се добива со одземање на личната наставка –в од глаголската форма во прво лице еднина, во минато свршено време (*прати|в*) и со одземање на тематскиот вокал –*и*– (*прати*-), помнејќи го тематскиот вокал –и- како податок за свршениот раздел на којшто му припаѓа глаголот. Сегашната (имперфективна или несвршена) основа се наоѓа во несвршениот парник *праќ|а* и се добива само со одземање на тематскиот вокал од глаголската форма во трето лице еднина, во сегашно време (*праќ|а* => *праќ*-). Аористната основа *прати*- и имперфектната основа *праќ*- потоа служат за основите од кои се генерираат сите други прости и сложени глаголски форми со по-

[1] Обид за составување на релативни видски парови од непрефиксирани несвршени глаголи дава Кирил Конески (1999) во поглавјето *За семантичкиот сооднос на префиксните видски опозиции на глаголите во македонскиот јазик.*

мош на соодветните тематски вокали и личните наставки за соодветното време. При изведувањето на аористната и сегашната основа потребно е да се зачува податокот за тематскиот вокал бидејќи, кај свршените глаголи, тој ќе биде показателот на аористниот раздел на глаголот, додека кај несвршените глаголи, тој ќе биде показател за глаголската група на несвршениот глагол. Слика бр. 4 ја опишува постапката на изведување на аористната и имперфектната основа.

	Аористна	**Сегашна**
1. Речнички форми	прат|и	праќ|а
2. Изведување основа	прат|и|в	праќ|а
3. Основа	прат-	праќ-
4. Тематски вокал	-и раздел, -и гл. група	-а глаголска група

Слика бр. 4 – Постапка за изведување аористна и имперфектна основа

Пред да се решиме да аргументираме во прилог на оваа методологија на усвојување глаголски парадигми, разгледавме некои од учебниците по македонски јазик, како за Македонци (од основното и средното образование) така и за странци, и да воочиме дека многу малку, некаде и воопшто, им е посветено внимание на видските парови. Се разбира, македонистите знаат за нивната улога и видската релевантност но никој не се беше обидел да зачекори во насока на практично исползување на поимот за видски пар. За делумен виновник за ваквата состојба, донекаде, можеме да го сметаме самиот кодификатор Б. Конески, кој во својата *Граматика на македонскиот јазик* своевремено гледал на градивните елементи на видскиот пар, поимите „презентска или аористна или каква да е друга основа“, со неодобрување:

„Овде идеме до еден важен поим во однос на строежот на формите, тоа е поимот за *основниот вокал*. Уобичаено е да се говори за некои основи на глаголот, што претставуваат целост од општиот дел и основниот вокал. Се говори поправо за основа на сегашното време (презентска основа) и за основа на минатото свршено време (аористна основа). Но подобро е да се останува само на поимот на основниот вокал.[2] Зашто, ако говориме за презентска и аористна основа, тогаш со исто толку право треба да говориме за имперфектна и императивна основа, бидејќи само со натегање можеме да го сврзуваме образувањето на имперфектот и императивот со основите со кои обично се оперира (презентската и аористната). Од друга страна и кај секоја од овие основи треба да изделуваме „подоснови“ бидејќи, на пример во минато свршено време, едни лица се јавуваат со еден, други со друг вокал: *реко-в, рече*. Најпосле поимот основа нема никаква смисла во примена кон најбројната глаголска група во

[2] Во Grammar of the Macedonian literary language од H.G. Lunt (Скопје 1952) на стр. 68 се зема вокалот на кој завршува 3 л. сег. време како *примарен основен вокал*, а неговите замени како *секундарни основни вокали*. Предлогот на Lunt-а за форма-назив на глаголот да се употребува 3 л. сег. време е примен во оваа книга. (бел. на Б.К.)

нашиот јазик – а-групата. Тоа што тука би го нарекле презентска или аористна или каква да е друга основа всушност се сведува на само еден единствен дел: *вика-а, вика-в, вика-ј*. Сето ова ни сведочи дека е подобро да оперираме со терминот основен вокал одошто со терминот основа. Во таков случај фактичките разлики што се јавуваат при сврзувањето на општиот дел со наставката нема да се затемнуваат со називи што можат да побудат изглед на несварна единственост. И така, под основен вокал треба да го разбираме оној вокал што му се придава на општиот глаголски дел. Во извесни случаи формата станува граматички целосна само со прибавување на тој вокал (3. л. едн. сегашно време: *нос-и, каж-е, вик-а*, 2. л. едн. императив: *нос-и, каж-и*), но во повеќето случаи формата станува целосна само кога ќе се прибави и соодветната наставка“ (Конески 2004: 401–411).

Се чини дека премногу ригидниот став на Конески за градивните елементи на глаголскиот систем заедно со неговиот иконичен статус во македонската филологија ја затвориле сета натамошна дискусија за каква-годе глаголска основа „презентска или аористна или каква да е друга...“, па веројатно оттаму традиционалниот потход во предавањето и усвојувањето на македонскиот глаголски систем на странци па и на родени говорители се беше свел на принципот *глаго̄л-по̄-глаго̄л*.

Го поставуваме прашањето: Дали може да се развие целосна глаголска парадигма ако се користи само еден член од видскиот пар? Одговараме дека не може, затоа што во тој случај ќе може да се генерира само половична парадигма, т.е., само оној дел што потекнува од зададениот глагол наместо видски пар. Во еден претходен проект, ние развивме глаголски конјугатор – vigna.mk, којшто даде резултати врз база на еден зададен глагол. Резултатите беа слични како нашата замислена ситуација во која странскиот изучувач не можеше да произведе сегашно време ако му беше даден само свршен глагол, и обратно, не можеше да произведе аористни форми (минато свршено време, -л форма од аористна основа, аористна глаголска придавка и сл.) ако му беше дадена само несвршен глагол. Сликите бр. 5 и бр. 6 ги илустрираат резултатите од глаголскиот конјугатор во кој беше зададен само еден глагол како влез – „успее“.

Лице/Време	Сегашен (подреден)	Минато свршено	Минато неоп. перфект	Предминато	Идно	Минато-идно	Идно прекажано	Можен начин
Јас	(да) успеам	успеав	сум успеал/а/о	бев успеал/а/о	ќе успеам	ќе успеев	ќе сум успеел/а/о	би успеал/а/о
Ти	(да) успееш	успеа	си успеал/а/о	беше успеал/а/о	ќе успееш	ќе успееше	ќе си успеел/а/о	би успеал/а/о
Тој / таа / тоа	(да) успее	успеа	успеал/а/о	беше успеал/а/о	ќе успее	ќе успееше	ќе успеел/а/о	би успеал/а/о
Ние	(да) успееме	успеавме	сме успеале	бевме успеале	ќе успееме	ќе успеевме	ќе сме успееле	би успеале
Вие	(да) успеете	успеавте	сте успеале	бевте успеале	ќе успеете	ќе успеевте	ќе сте успееле	би успеале
Тие	(да) успеат	успеаја	успеале	беа успеале	ќе успеат	ќе успееја	ќе успееле	би успеале

Други форми	
Несвршен парник	успева
Заповеден начин:	успеј / успејте

Слика бр. 5 – Резултати со само еден зададен глаго̄л

Вие	(да) успеете	успеавте	сте успеале	беете успеале	ќе успеете	ќе успеавте	ќе сте успеале	би успеале
Тие	(да) успеат	успеаја	успеале	беа успеале	ќе успеат	ќе успеаја	ќе успеале	би успеале

Други форми	
Несвршен парник.	успева
Заповеден начин.	успеј / успејте
Нег. заповеден начин.	не успевај / не успевајте немој да успеваш / немојте да успевате
Нека-конструкција:	нека успее / нека успеат нека не успева / нека не успеваат
Глаголска л-форма:	успеел / успеал
Глаголска придавка:	успеен / успеена / успеено / успеени
Глаголска именка:	успевање
Глаголски прилог:	успевајќи

VIGNA – Конјугатор на глаголи® beta ver. 0.9
2016 - 2017 © Владимир Цветкоски, Скопје
Испратете коментари, сугестии или пријавете неточности кај:
info(at)vigna.mk

Слика бр. 6 – успее – други форми

Меѓутоа, врз основа на претходно изложеното истражување за современата состојба на глаголскиот систем, составните членови на *еден видски пар заснатуваат исто концепт за дејство, виден од различни страни (аспекти на восприемање)*. Глаголските видови, свршен и несвршен, ги сфаќаме како „различни начини на гледање на внатрешниот временски состав на дејството/ситуацијата“ (Comrie 1998: 3).

Бидејќи двете глаголски основи, аористната (свршената) и имперфектната (несвршената, сегашната), се основните составни делови на видскиот пар, при разграничувањето на глаголската парадигма, најпрво пристигаме пред генерирањето на основите глаголски форми. За пример, го земаме апсолутниот видски пар *прат|и – прак|а*.

Од аористната основа ги генерираме следните прости форми: сегашен субјунктив (прат|а|м), аорист или минато свршено време (прат|и|в), аористна (свршена) л-форма (прат|и|л), аористна субјунктивна л-форма (прат|е|л), свршен заповеден начин (прат|и), свршен заповеден начин – множина (прат|е|те), минат субјунктив (прат|е|в) и свршена глаголска придавка (прат|е|н / прат|е|на / прат|е|но/ прат|е|ни).

Од неговата сегашна (имперфектна / несвршена) основа ги генерираме следните прости форми: сегашно време (прак|а|м), имперфект или минато несвршено време (прак |а|в), несвршена л-форма (прак|а|л), несвршен заповеден начин (прак|а|ј), несвршен заповеден начин - множина (прак|а|јте), глаголски прилог (прак|а|јќи), несвршена глаголска придавка (прак|а|н / прак|а|на / прак|а|но/ прак|а|ни), и глаголска именка (прак|а|ње). Генерирањето на простите форми од видскиот пар *прати – пракa* може визуелно да се разгледа и проучи на Слика бр. 7.

	ПРАТИ (PF)	ПРАЌА (IPF)	ПЛЕТЕ (IPF)	МИЕ (IPF)	ОДИ (IPF)	ИМИТИРА (BSP)
	перф. корен	имп. корен	имп. корен	имп. корен	имп. корен	имп. корен
	прат-	**праќ-а**[3]	**плет-е**	**ми-е**	**од-и**	**имитир-а**
презент инд.	Ø	праќ-а-м	плет-а-м	ми-ј-а-м	од-ам	имитир-а-м
презент суб.	прат-а-м	праќ-а-м	плет-а-м	ми-ј-а-м	од-ам	имитир-а-м
аорист	прат-**и**-в[4]	Ø[3*]	плет-**о**-в	ми-**Ø**-в	од-**и**-в	имитир-а-в
имперфект инд.	Ø	праќ-а-в	плет-е-в	ми-е-в	од-е-в	имитир-а-в
имперфект суб.	прат-е-в	праќ-а-в	плет-е-в	ми-е-в	од-е-в	имитир-а-в
св. л-форма	прат-и-л	праќ-а-л	плел	ми-Ø-л	од-и-л	имитир-а-л
нсв. л-форма	прат-е-л	праќ-а-л	плет-е-л	ми-е-л	од-е-л	имитир-а-л
заповед	прат-и	праќ-а-ј	плет-и	ми-ј	од-и	имитир-а-ј
заповед мн.	прат-е-те	праќ-а-јте	плет-е-те	ми-јте	од-е-те	имитир-а-јте
гл. придавка	прат-е-н	праќ-а-н	плет-е-н	ми-е-н	од-е-н	имитир-а-н
гл. прилог	Ø	праќ-а-јќи	плет-е-јќи	ми-е-јќи	од-е-јќи	имитир-а-јќи
гл. именка	Ø	праќ-а-ње	плет-е-ње	ми-е-ње	од-е-ње	имитир-а-ње

Слика бр. 7 – Генерирање основни глаголски форми од обете основи

Се забележува дека кај генерираните имперфективни основни форми постои совпаѓање меѓу индикативните и субјунктивните форми за сегашност **праќ-а-м**, имперфект **праќ-а-в** и за л-форма, **праќ-а-л**, со што се објаснува можноста имперфективите да образуваат индикатив, имперфект и да-конструкција непречено. Кај перфективите, оваа можност е ограничена на субјунктивот, т.е., тие не можат да образуваат сегашен индикатив (прат-а-м е блокирана форма) и имперфект (прат-е-в се користи во минато-идно, додека можна е индикативна и субјунктивна л-форма (првата се користи во идно прекажано време а втората многу ретко во мината неопределена да-конструкција, на пр. *да сум прател*).

Откако сме ги добиле простите глаголски форми од обете основи, можеме да пристапиме кон генерирање на сложените глаголски форми од индикативот. За таа цел, ќе ни биде потребен помошниот глагол *сум* во сегашно време (сум, си, е, сме, сте, се) и во минато несвршено време (бев, беше, беше, бевме, бевте, беа), глаголската л-форма од простите форми добиено од обете основи и неменливата честичка *ќе*. Забележуваме дека меѓу основните форми генерирани од несвршената основа се сретнува само една л-форма (поради непроменливоста на вокалот -а) додека од аористната основа може да се генерираат две л-форми (*прат|и|л* и *прат|е|л*) првата се користи за минатите сложени времиња (минато неопределено и предминато време)

[3] Болдираниот вокал ја покажува глаголската група, во овој случај, а-група.

[4] Болдираниот вокал го покажува аористниот раздел, во овој случај, и-раздел.

* Имперфективен аорист (*imperfective aorist, т.е. аорист од несвршени глаголи*) е возможен и кодифициран кај непрефиксираните имперфективни глаголи од е-групата или и-групата, на пр. плете (плетов), дели (делив), живее (живеав). Меѓутоа, во современиот говор и пишана употреба, непрефиксираните имперфективни глаголи добиваат видски парови по пат на префиксација (*плете – исплете, дели – подели, живее – поживее, чита - прочита*).

додека втората за идното прекажано и минато-идното време. За минато-идното време користиме имперфектна конјугација од аористната основа она што Камри (Comrie 1998: 31) го нарекува *Perfective Imperfect* (перфективен имперфект) т.е., имперфект од свршени глаголи (*пра̄ше̄в, пра̄ше̄ше, пра̄ше̄ше, пра̄ше̄вме, пра̄ше̄ве̄ше, пра̄ше̄а*). Слика бр. 8, во која се употребени стрелки за да се покаже со која основа се создаваат соодветните глаголски времиња, визуелно ја опишува постапката за генерирање на индикативот. Иако е апстрактна, на неа веќе може да се насетат видските односи на ниво на временската граматикализација.

Слика бр. 8 – Генерирање гла̄голски времиња и начини од обе̄ше̄ основи

Веќе на сликата бр. 9, којашто претставува целосно развиена глаголска парадигма, може да се види начинот на којшто секое глаголско време и начин влече од аористната и имперфектната основа за да се создаде соодветното глаголско време и начин. Со црвена боја е означена имперфектната основа додека со сина е означена аористната. И двете основи влегуваат во градбата на сложените глаголски форми на минатото неопределено, предминатото, идното, минатото-идно, идното прекажано време и можниот начин. Кај простите и другите глаголски форми може да се види дека од свршените глаголи не може директно да се изведе глаголска именка, глаголски прилог, и проста одречна заповед (*не ӣраӣи* денес се смета за архаизам и не е во употреба во современиот говор). Сметаме дека вака претставената парадигма многу повеќе може да биде полезна на странскиот изучувач на македонскиот јазик затоа што тој ќе може многу полесно да го искористи токму оној дел од парадигмата кој му е потребен како при употребата на точната видска форма така и при употребата на точната временска референца.

ПРОСТИ ФОРМИ

Сегашно време (ipf)	Минато свршено (pf)	Минато несвршено (ipf)
праќам	**прат**ив	**праќ**ав
праќаш	**прат**и	**праќ**аше
праќа	**прат**и	**праќ**аше
праќаме	**прат**ивме	**праќ**авме
праќате	**прат**ивте	**праќ**авте
праќаат	**прат**ија	**праќ**аа

СЛОЖЕНИ ФОРМИ

Минато неопределено		Предминато		Идно	
свршено	***несвршено***	***свршено***	***несвршено***	***свршено***	***несвршено***
сум **прат**ил	сум **праќ**ал	бев **прат**ил	бев **праќ**ал	ќе **прат**ам	ќе **праќ**ам
си **прат**ил	си **праќ**ал	беше **прат**ил	беше **праќ**ал	ќе **прат**иш	ќе **праќ**аш
пратил	**праќ**ал	беше **прат**ил	беше **праќ**ал	ќе **прат**и	ќе **праќ**а
сме **прат**иле	сме **праќ**але	бевме **прат**иле	бевме **праќ**але	ќе **прат**име	ќе **праќ**аме
сте **прат**иле	сте **праќ**але	бевте **прат**иле	бевте **праќ**але	ќе **прат**ите	ќе **праќ**ате
пратиле	**праќ**але	беа **прат**иле	беа **праќ**але	ќе **прат**ат	ќе **праќ**аат

Минато-идно		Идно прекажано		Можен начин	
свршено	***несвршено***	***свршено***	***несвршено***	***свршен***	***несвршен***
ќе **прат**ев	ќе **праќ**ав	ќе сум **прат**ел	ќе сум **праќ**ал	би **прат**ил	би **праќ**ал
ќе **прат**еше	ќе **праќ**аше	ќе си **прат**ел	ќе си **праќ**ал	би **прат**ил	би **праќ**ал
ќе **прат**еше	ќе **праќ**аше	ќе **прат**ел	ќе **праќ**ал	би **прат**ил/а/о	би **праќ**ал/ а/о
ќе **прат**евме	ќе **праќ**авме	ќе сме **прат**еле	ќе сме **праќ**але	би **прат**иле	би **праќ**але
ќе **прат**евте	ќе **праќ**авте	ќе сте **прат**еле	ќе сте **праќ**але	би **прат**иле	би **праќ**але
ќе **прат**еа	ќе **праќ**аа	ќе **прат**еле	ќе **праќ**але	би **прат**иле	би **праќ**але

ДА-КОНСТРУКЦИИ

Време	Сегашно		Минато		Минато неопределено	
Лице/Вид	***свршено***	***несвршено***	***свршено***	***несвршено***	***свршено***	***несвршено***
Јас	да **прат**ам	да **праќ**ам	да **прат**ев	да **праќ**ав	да сум **прат**ел	да сум **праќ**ал
Ти	да **прат**иш	да **праќ**аш	да **прат**еше	да **праќ**аше	да си **прат**ел	да си **праќ**ал
Тој/таа/тоа	да **прат**и	да **праќ**а	да **прат**еше	да **праќ**аше	да **прат**ел	да **праќ**ал
Ние	да **прат**име	да **праќ**аме	да **прат**евме	да **праќ**авме	да сме **прат**еле	да сме **праќ**але
Вие	да **прат**ите	да **праќ**ате	да **прат**евте	да **праќ**авте	да сте **прат**еле	да сте **праќ**але
Тие	да **прат**ат	да **праќ**аат	да **прат**еа	да **праќ**аа	да **прат**еле	да **праќ**але

Други форми	**прат**и	**праќ**а
Заповеден начин	**прат**и / **прат**ете	**праќ**ај / **праќ**ајте
Одречна заповед	ø	не **праќ**ај / не **праќ**ајте
Одречна заповед „немој“	немој да **прат**иш немојте да **прат**ите	немој да **праќ**аш / немојте да **праќ**ате
л-форма	**прат**ел / **прат**ил	**праќ**ал
Глаголска придавка	**прат**ен / **прат**ена / **прат**ено / **прат**ени	**праќ**ан / **праќ**ана / **праќ**ано / **праќ**ани
Глаголска именка	ø	**праќ**ање
Глаголски прилог	ø	**праќ**ајќи

Слика бр. 9 – Полна парадигма за видскиот пар прати – праќа

Врз основа на горенаведените шаблони, изработивме конјугациски алгоритми за над 10000 видски парови, двовидски глаголи, итеративни тројки (со можност за конјугирање два динамични видски парови од секоја итеративна тројка), како и беспарни несвршени глаголи. Алгоритмите ги напишавме во програмскиот јазик PHP и од нив создадовме експериментален видски конјугатор којшто се наоѓа на веб-локацијата **asp.vigna.mk** и дава полна глаголска парадигма во согласност со тука претставените гледишта.

Литература

Димитровски, Тодор. *Речник на македонскиот јазик: со српско-хрватски толкувања*. Ред. Блаже Конески – [Фототипско изд.]. Скопје: Детска радост, 3 св., 1994.

Конески, Блаже. *Историја на македонскиот јазик*, Скопје: Детска радост, 1996.

Конески, Кирил. *За македонскиот глагол*, Скопје: Детска радост, 1999.

Конески, Блаже. *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Скопје: Просветно дело АД Детска радост, 2004.

Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. Кирил Конески, I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003–2014.

Comrie, Bernard. *Aspect – An Introduction to the Study of Verbal Aspect and Related Problems*, Cambridge University Press, 1998.

UDC 811.163.3’282

Доца ЦВЕТКОСКА
Охрид, Македонија

„НА-ПРЕДМЕТОТ“ КАКО СПЕЦИФИЧЕН БЕЛЕГ НА ОХРИДСКИОТ ГОВОР

Апстракт: Интересна иновација на македонските говори е појавата на директен *на*-предмет, кој посебно е изразен во говорот кај младите во Охрид во споредба со другите говори во Македонија. Оваа појава Блаже Конески ја забележал како иновација во неговите лингвистички истражувања во југозападните македонски говори, за која смета дека е тукушто отворен јазичен процес.

Од таа причина важно е да се направи едно подетално истражување за причините за појавата на овој белег и ширењето на неговата употреба во разговорниот јазик на охридската млада популација.

Клучни зборови: удвојување на предметот, директен предмет, директен *на*-предмет, индиректен предмет, предлошки предмет, специфичен белег.

Историјата на македонскиот јазик која го проучува дијахронискиот развој на македонскиот јазик, децидно потврдува дека тој е сроден со сите други словенски јазици и заедно со нив спаѓа во семејството на словенските јазици чие потекло е од еден прајазик наречен прасловенски. Поради заедничката етимологија со сите словенски јазици, македонскиот јазик покажува поголем број заеднички особености и тоа најмногу во фонетиката, зборообразувањето и лексиката. Со јужнословенските јазици македонскиот јазик покажува позначителен број јазични особености кои, пак, се должат освен на заедничкото потекло и на непосредните меѓусебни врски.

Меѓутоа, со оглед на централното место меѓу јазиците на Балканскиот Полуостров, во македонскиот јазик дошле до израз резултатите од заемните процеси во овие јазици. Тие карактеристики го вклучуваат македонскиот јазик во Балканскиот јазичен сојуз, а од нив ги издвојуваме следниве: замена на синтетичката деклинација со аналитичка (при што функцијата на именските зборови не се изразува со падежни наставки, туку со состави од предлози и именки) и удвојување на директниот и на индиректниот предмет.

Предметот (објектот) како второстепен развивачки член во реченицата се разгледува во сите индоевропски јазици Во словачката синтакса е посебно разработено прашањето за објектот (в. кај: Тантуровска 2005). Објектот е условен од рекцијата на предикатот (глаголот) и на него треба да се гледа од граматичка и од семантичка гледна точка. Од граматичка гледна точка предметите се делат на директни и на индиректни. Директните предмети стојат со преодни глаголи и можат да се јават сами или со индиректни објекти. Индиректните објекти стојат со преодни глаголи, како и со глаголите од интенционален тип. Од семантичка гледна точка, но и врз основа на

граматичките карактеристики се разликуваат пет вида предмети: (1) предмет (објект) што го означува директниот поднесувач на дејство; (2) предмет (објект) што е резултат на дејството; (3) предмет (објект) што е цел на дејството; (4) предмет (објект) содржински; (5) предмет (објект) кон кој е упатено дејството.

Во говорот на младината во Охрид е забележителна една појава што претставува, според нас, последица на „напредната балканизација“ на македонскиот јазик, а тоа е употребата на на-предметот како директен, појава која не е застапена во речта на повозрасните говорители. Токму за оваа појава ќе стане збор во овој прилог.

Средношколците се придржуваат на удвојувањето на директниот и на индиректниот предмет кој уште се нарекува и *на*-предмет. Меѓутоа, по примерот на *на*-предметот, т.е. на индиректниот предмет во кој задолжително е присуството на предлогот *на*, учениците средношколци го користат истиот предлог и при удвојувањето на директниот предмет, но само кога станува збор за лица како трпители на дејството од преодниот глагол.

За да ја објасниме оваа појава, најпрво, ја разгледуваме употребата на *на*-предметот и неговата функција во реченицата, како и видовите предмет во стандардниот македонски јазик, а потоа ќе наведеме примери од стандардниот јазик во споредба со примери од разговорниот јазик на средношколската младина.

Именските зборови (именки, заменки, броеви, придавки) во составот на реченицата во стандардниот македонски јазик имаат различни функции, и тоа: функција на подмет

(со која се покажува вршителот на дејството); функција на предмет-објект (што го претставува трпителот на дејството или адресатот), и функција на атрибут и апозиција со кои се дава дополнителна информација во реченицата (Минова-Ѓуркова 2000).

Во македонскиот стандарден јазик се разликуваат три вида предмет (објект):

–директен (акузативен) предмет,

–индиректен (дативен) предмет познат како *на*-предмет и

–предлошки предмет, т.е. предмет со предлог.

а) Директниот (акузативен) предмет е во директна, непосредна врска со прирокот во реченицата и тој секогаш се јавува без предлози. Овој предмет се јавува кај двовалентните преодни глаголи, во активните реченици и го означува трпителот на дејствотото, а се користи и кај глаголи кои именуваат предмети од емоционална и интелектуална сфера. Директниот објект (директен предмет) претставува именска група (ИГ) што се наоѓа во однос на директна, непосредна зависност од личноглаголската форма (прирокот во реченицата). Овој објект е единствената ИГ покрај независната (подметот) што се јавува секогаш без предлози (Л. М. Ѓуркова, 2000). Пр.1: Прочита книга. Тој ја почитува својата мајка. Удвојувањето на директниот предмет се врши кај определените именки, кај кои определувањето покрај со членските наставки се врши и со показни заменки.

Примери за директен предмет во разговорниот јазик на младите во Охрид:

Стефани јајт бурек. Во уџерено најдов колач.
Пиши ко ќе стигниш да не те мисљам.
Абер ќе ви сторам.

б) Индиректниот (дативен) објект (предмет) ја претставува индиректнозависната ИГ и со него се именува адресатот, или целта на дејството (Л. М. Ѓуркова 2000). Овој предмет редовно оди со предлогот *на* и затоа се нарекува уште и *на*-предмет. Пр: Му испрати покана на Никола. Предлогот *на* не се јавува во случаите на остатоци на синтетички падежни форми на некои заменки (нему, нејзе, кому, никому). Пр.1: Му испрати покана нему. Тој ѝ се восхитуваше нејзе. Тоа е така бидејќи тие самите претставуваат лични заменки за индиректен предмет.

Примери за индиректен предмет изразен со формите на личните заменки (долги и кратки или само кратки) од разговорниот јазик на средношколците:

Мене ми е жал за Кирил дека имат време да жалит за Деко.
Ми е жал за тебе, за то колку ти е досадно во животов.

в) Предлошкиот предмет (објект со предлог) е општозависна ИГ што се врзува за глаголското дејство (прирокот) со помош на предлозите употребени надвор од нивните примарни-конкретни значења, како и со предлозите кои немаат такви значења, па и со предлогот *на* кој е белег на индиректниот предмет, наречен и *на*-предмет. Се определува на прашањето составено од предлогот кој стои до предметот + /што/ или кого: *на што? на кого? со што? со кого ? за кого?* и др.

Мислеше *за своите деца* и *за работата*.

Примери за предлошки предмет од разговорниот јазик на средношколците:

Ми е жал за тебе.
Мене ми е жал за Кирил дека имат време да жалит за Деко.

Директниот и индиректниот предмет се јавуваат во удвоена форма која се прави со помош на кратките форми од личните заменки. Оваа појава се поврзува со тоа дали предметот е определен, или е неопределен. Кога објектот е определен има удвојување со кратки форми од личните заменки за директен предмет (*ме, те, ја, го – нè, ве, ги*) или кратки форми од личните заменки за индиректен предмет (*ми, ти, му, ѝ, – ни, ви, им*), кои редовно стојат пред глаголот во личноглаголска форма, т.е. пред прирокот.

Пр.: *Им испрати роденденски подарок на децата*. (индиректен удвоен предмет)

Го прочита нејзиното писмо. (директен удвоен предмет)

Кога станува збор за словенските јазици, појавата на удвојување на дативниот и на акузативниот предмет како најрегуларна, Миклошич (Miklosich 1861) за првпат ја забележува во македонските говори во Западна Македонија. Лопашов (Лопашов 1978, според Минова-Ѓуркова 2000: 207) дава најопширно сумирање за оваа појава во албанскиот, бугарскиот, грчкиот, македонскиот и ароманскиот јазик до неговото време и заклучува дека феноменот на удвојувањето на објектот во балканските јазици е ист. Така, на пример, во бугарскиот јазик удвојувањето е многу порегуларна појава кај разговорниот отколку во литературниот јазик. Во македонскиот стандарден јазик, според нормата (Конески 1967), сите индиректни и директни определени предмети треба да се удвојуваат; правилата се слични и во албанскиот јазик. (види поопширно во: Тантуровска 1998).

г) Постои уште една необична употреба на *на*-предметот во охридскиот говор карактеристична само кај младата популација која не е запазена кај повозрасната група говорители, која стои на границата меѓу предлошкиот и индиректниот предмет, а се врзува за акузативниот предмет, т.е. за директниот предмет.

Всушност, кога го користат овој вид предмет младите средношколци кои неправилно ја научиле граматиката прават грешки и при изразување на директниот предмет кога трпител на дејство е лице. Тие вршат изразување на директниот предмет со предлогот *на* и негово удвојување со кратката заменска форма за директен предмет која стои пред именката и која се однесува исклучиво на лица кои се трпители на дејството.

Реченици со примери со директен *на*-предмет:

Даниел не ја пофторви на Стефани!
Го видов на брат ми. Не го послушав на татко ми.
Ја удри со топка на сестра ми и таа сега плачит.
Го видов на професорот, нема да губиме економија.

Оваа појава на изразување на директниот предмет со предлогот *на* станува белег на разговорниот јазик на охридската младина, со кој таа се разликува од останатата македонска младина.

Треба да се потенцира дека удвоениот директен предмет се користи со додавање на предлогот *на* и кога предметот е лице или суштество од животинскиот вид: пр. *Го погали на кучето*.

Кога во функција на удвоен директен предмет се јавува некаков вид објект или некој растителен вид не се врши додавање на предлогот *на.*

Пр. *Ја удри топката. Ја избриша таблата. Го направи најубавиот букет.*

Од примерите се доаѓа до констатација дека со користење на предлогот *на* говорителите всушност прават разлика во тоа дали во функција на удвоениот директен предмет е лице, друго живо суштество или, пак, предметот е од растителниот свет или припаѓа на неживата природа. Со тоа се прави паралела со изразувањето на индиректниот предмет кое е исто така со предлогот *на*, а знаеме за него дека речиси секогаш изразува живо суштество. Оваа интересна дијалектна појава во Охрид, којашто Блаже Конески ја регистрирал и во југозападните македонски говори (Конески 1986: 93), можеби е поттикната од истиот начин на изразување во влашкиот јазик (в. Конески 1982), но секако не е без подлога во внатрешниот граматички систем на македонскиот јазик. Со овој прилог сакавме само да регистрираме едно многу интересна дијалектна јазична појава на типичен градски говор како што е охридскиот. Како понатаму ќе се развива процесот, останува да регистираме во понатамошните истражувања.

Литература

Бланат Силвана. „За некои сличности и разлики меѓу аналитичката и херменефтичката филозофија на јазикот“, *Филозофија* (филозофско списание) година 11 бр. 33 Скопје, 2012, 5-23.

Велковска Снежана. 1995. *Цртички за јазикот*. Скопје.

Веновска-Антевска Снежана. „Македонскиот јазик (состојби и перспективи)“, *Местото на Македонија на Балканот*, Конференција – Краков, 2003.

Видоески Божидар. 1998. *Дијалектите на македонскиот јазик*, том I, МАНУ, Скопје.

Видоески Божидар. „Основни дијалектни групи во Македонија“. *Македонски јазик* 1-2, XI-XII, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“,1960-61, 12-32.

Јованова-Грујовска Елена. „Фактори за употреба на колоквијалната лексика кај студентите“. *Втор научен собир на млади македонисти*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“,1995, 135-140.

Конески Блаже. 1981. *Граматика на македонскиот литераурен јазик*, Скопје: Култура.

Конески Блаже. 1982. *Историја на македонскиот јазик*, Скопје: Култура.

Конески Блаже. „Директниот на-предмет во македонските говори“, *Studia linguistica Polono-Jugoslavica* IV, Wrocław, Warszawa, Kraków, Gdańsk, Łódź: PAN, 1986, 93-96.

Лаброска, Веселинка, „Состојба со дијалектите пред и по кодификација на македонскиот јазик“, *Предавања на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 2015.

Љубаш В. „Суштината на градската дијалектологија“. *Македонски јазик*, XXXII-XXXII, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“,1982, 418-439.

Марковиќ Марјан. 2007. *Ароманскиот и македонскиот говор од охридско-струшкиот регион: (во балкански контекст).* Македонска академија на науките и уметностите, Скопје.

Минова Ѓуркова Л. „Јазичниот израз кај младите во Скопје“, *Литературен збор*, XXXV, 1988, 3-6.

Минова Ѓуркова Л. 2000. *Синтакса на македонскиот јазик*, Скопје: Магор.

Минова – Ѓуркова Лилјана, Бојковска С., Пандев Д., Цветковски Ж. 1998. *Македонски јазик за средно образование*, Скопје: Просветно Дело.

Спасов Људмил, *Бојата на јазикот*. Пулс,14.03. 1997.

Стоева-Денчова Еленка. 2009. *Именување на роднинските односи во македонските дијалекти од словенски и балканистички аспект*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Тантуровска Лидија. 1998. *Директниот и индиректниот јазик во јазикот на македонските автори од XIX век*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Тантуровска Лидија. 2005. *Директниот и индиректниот објект во македонскиот јазик* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

UDC 091:003.349]:81’373.7

Мери ЦУБАЛЕВСКА
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија

ГРЦИЗМИТЕ ВО ВАТАШКИОТ МИНЕЈ

Апстракт: Предмет на интерес во овој труд е застапеноста на грчката лексичка наслојка во Ваташкиот минеј. Грцизмите претставуваат составен дел на лексиката на црковнословенските текстови и за нив обично се смета дека спаѓаат во архаичниот слој на лексиката. Во македонските ракописи се среќаваат поголем број примери на нови грцизми, кои секако, укажуваат на блискиот однос со грчкиот јазик и на неговото добро познавање во македонските културни центри. Во ракописот е евидентно богатството на грцизмите, особено во паримејните читања. Меѓу нив се наоѓаат не само пошироко познатите грцизми, како што се на пр. ароматъ, вѹсъ, геона, демонъ, евангелистъ, катапетазма, олокавтома, талантъ, тѹмпанъ, туку и бројни термини поврзани со богослужбата: икосъ, ирмосъ, литиꙗ, литоѹргиꙗ, минеи, нафора, патикостаръ, стихологисовати, триодь, тропарь, но и некои поретки, како на пр. аргали, ектерионъ, истерна, кратирь, макелиꙗ, метафрена, мирсина, парамьватъ, паристрида, подиръ, стигма. Во химнографските дела е изразено присуството на ретки грцизми, но и на нови грчки заемки, на пр.: аналогъ агрипиꙗ, антифонъ, доместикъ, еклисархъ, ектениꙗ, ектерионъ, ектирионъ, канонархъ, катавасиꙗ, макелиꙗ, панахида, проскомидиꙗ, стигма, тетраподъ и др. Може да се забележи дека дел од грцизмите во Ваташкиот минеј со употребуваат паралелно со словенскиот еквивалент, што укажува на богатата синонимија што се среќава во текстот.

Клучни зборови: црковнословенска лексика, минеј, грцизми, синонимија.

Во македонските црковнословенски ракописи покрај лексика од словенско потекло, скоро во сите семантички сфери среќаваме и голем број лексеми од несловенско потекло. Тие се претставени преку стари заемки познати од канонските ракописи, но и понови, евидентирани пред сè во помладите ракописи. Оваа лексика, позната во славистичката наука како грцизми, латинизми, протобугаризми, германизми, семитизми е составен дел од лексиката на црковнословенските ракописи. Несомнено е грчкото влијание во првите словенски преводи на богослужбените книги. Грчкото влијание врз развојот на лексичкиот систем, кој бил изложен на постојан контакт со византиската култура, наоѓа одраз со активирањето на изразните можности на словенскиот јазичен систем, промените во семантичката структура на лексемите и во новите поими поврзани со христијанската и духовната култура. Првите преводи на старозаветните книги на старословенски јазик се, пред сè, преводите од грчки јазик. Значи, старословенскиот јазичен и стилски систем бил под силно влијание на грчкиот литературен јазик, врз чија основа се изградила и христијанската религија на овие простори (Шепард 1972: 183). Во преводите од овој период влијанието на грчкиот

јазик најмногу се огледа во лексиката на овие текстови. Соочувајќи се со потребата адекватно семантички да ги предадат содржините од грчкиот јазик, како јазик со долга книжевна традиција и со оформена христијанска терминологија, преведувачите на своевиден начин го збогатувале словенскиот лексички фонд. Но, неминовно во преводите се задржале голем број заемки од грчкиот јазик, со оглед на тоа што кога не биле во состојба точно да ги предадат туѓите поими или во случај на недоволно разбирање на туѓиот збор, пишувачите го оставале зборот од грчкиот оригинал. Во словенските преводи на библиските и на небиблиските книги се користи скоро сета христијанско-религиозна терминологија според грчкиот оригинал. Присуството на оваа лексика укажува на фактот дека често самите преведувачи морале да создаваат зборови за да се задоволат новонастанатите потреби. Позајмувањето од грчкиот јазик најчесто се вршело директно, но некогаш тој вршел улога на јазик посредник при позајмувањето. Ваквата ситуација е сосема разбирлива, бидејќи при преводот на Библијата на грчки јазик, а потоа на словенски, навлегле лексеми од семитските јазици во старословенските писмени споменици. Грчкото влијание е најсилно изразено во областа на лексиката, зборообразувањето, лексичката семантика и во областа на синтаксата.

Врз збогатувањето на старословенската лексика грчкиот јазик влијаел на три начини (Вечерка 1997; Десподова 1983). Преку заемки примени директно од грчкиот јазик или преку негово посредство. Присуството на овие заемки се забележува, пред сѐ, во сферата на христијанската и црковната терминологија, а голем дел од нив зазема и апстрактната лексика. Замената на грчката со словенска лексика одело постапно, така што во ракописите се забележува присуство и на позајмената и на преведената форма.

Вториот начин е калкирањето, односно образувањето на нови лексеми по аналогија на грчките обрасци со помош на соодветни домашни компоненти.

Третиот начин е семантичкото калкирање. Тоа всушност претставува семантичка адаптација на домашните лексеми според изворните грчки лексеми, и нив најчесто ги среќаваме кај апстрактната и терминолошката лексика. Од грчкиот јазик се презема и топонимиска, етнонимиска и микротопонимиска лексика. Грчките заемки во текстовите ги среќаваме неадаптирани или адаптирани во фонетски и морфолошки поглед. Фонетската адаптација, неопходна за вклопувањето на грцизмите во словенскиот граматички систем се движи во рамките на црковнословенската традиција, со присутните варирања и колебања меѓу грчкиот правопис на соодветното име и неговата фонетска транскрипција. Така на пример лексемата іордань се среќава и во форма іердань/іердань обично во апостолите, често во Григоровичевиот паримејник, во Стаматовото евангелие, наспроти другите евангелија во кои преовладуваат формите на іо-, додека во псалтирите речиси подеднакво се среќаваат и едните и другите (Бицевска 1976: 195–202, Поп-Атанасова 1989: 48). Во најголем број случаи грцизмите се вклопуваат во системот и од нив се изведувале зборови со словенски зборообразувачки формант: архангельскъ, архангельство, моусикиискъ, монастирьскъ, еретичьство, еретичьствовати и др. (Макаријоска 2009: 214).

Присуството на грцизмите се следи и од хронолошки аспект и од аспект на различната жанровска припадност на текстовите. Додека во едни текстови, во согласност со канонските ракописи, е зачуван грчкиот збор, во други е одразено постепеното словенизирање на текстот (Макаријоска 2009: 214).

Зачестената употреба на грцизмите во библиските текстови се објаснува со стремежот за верност кон кирилометодиевската традиција. Освен општопознатите грцизми уште од канонските ракописи и оние застапени во повеќето црковнословенски текстови: адъ, анґелъ, апостолъ, архангелъ, диꙗволъ и др., во коментарот кон Погодиновиост псалтир има и поретки и помалку познати грцизми како на пр.: метафрена, кротафъ, акротомъ, епигменосъ, фалакрома. Потврдени се поголем број грчко-словенски синонимни парови како на пр.: демонъ–бѣсъ, скандалъ–съблазнъ, власвимисати–хоулити (Цубалевска, Макаријоска 2013:110–116).

За грцизмите обично се смета дека спаѓаат во архаичниот слој на лексиката, но во македонските ракописи се среќаваат поголем број примери на нови грцизми, кои, секако, укажуваат на блискиот однос со грчкиот јазик и на неговото добро познавање во македонските културни центри. Грчкиот јазик одиграл голема улога и при посредување на лексика од друго потекло, особено на балканските латинизми.

Во Ваташкиот минеј се застапени повеќе жанровски разновидни целости: химнографски состави, старозаветни содржини во паримиите, житијни состави, делови од типикот. Секој од овие жанрови има свои специфичности поради што тие се разликуваат и во поглед на застапената лексика, меѓу која, секако, спаѓа и грчката лексичка наслојка, на која ќе го насочиме нашето внимание во натамошната анализа. Несомнено е влијанието врз лексиката од страна на авторитативните црковни средини, што го евидентираме врз јазичните норми на писменоста. Најсилен одраз овие состојби наоѓаат на правописно-јазичен план, а евидентно е и влијанието врз лексиката. Овие влијанија можат да најдат одраз на различни нивоа, текстолошко и јазично. Познато е дека во втората половина на XIV век во јужнословенските центри се воведува Ерусалимскиот типик што има за последица промени во структурата на службите (КЕ II :680). Покрај тоа се врши и ревидирање на текстовите според грчки предлошки. Такви ревизии, секако, наоѓаат одраз во текстот, особено во лексиката: се јавуваат побројни грчки калки и нови преводи на одделни места, поблиски до грчкиот текст.

Во ракописот е евидентно богатството на грчката лексичка наслојка. Во него се застапени општопознатите грцизми карактеристични за старословенскиот јазик, како и за македонските црковнословенски текстови како на пр: адъ, анґелъ, апостолъ, архангелъ, диꙗволъ, архистратигъ, аспида, трапеза, ароматъ, вусъ, геона, демонъ, евангелистъ, катапетазма, олокавтома, талантъ, тумпанъ, како и бројни термини поврзани со богослужбата: икосъ, ирмосъ, литиꙗ, литоургиꙗ, минеи, нафора, патикостаръ, стихологисовати, триодь, тропарь, но нотираме употреба и на некои поретки, како на пр. аргали, ектрионъ, истерна, кратирь, макелиꙗ, метафрена, мирсина, парамьбатъ, паристрида, подиръ, стигма и др., што секако е резултат на коегзистенцијата на повеќе жанровски разновидни целости. Секој од овие жанрови има свои специфичности поради што тие се разликуваат и во поглед на застапената лексика.

Така на пр. во *химнографскиот дел* е впечатлив богатиот лексички фонд, во чии рамки евидентиравме забележителна употреба на иновации, а поретко и употреба на архаична лексика. Во химнографските текстови е изразено присуството на ретки грцизми, но и нови грчки заемки, на пр.: аналогъ 15dVtš, агрипиꙗ 145rVtš, антифонъ 145vVtš, домєстикъ 94cVtš, єклисархъ 15c, 145rVtš, єктєниꙗ: єктєнїѥ 114cVtš, 145vVtš, єктєрионъ, єктирионъ 146rVtš, канонархъ 94cVtš, катавасиꙗ 10bVtš, литиꙗ 114cVtš, 143vVtš, макєлиꙗ 71cVtš, панахида 145rVtš, проскомидиꙗ 146rVtš, стигма 94cVtš, тєтраподъ 15bVtš и др.

Паримејните читања во Ваташкиот минеј се одликуваат со бројни подновувања, кои во некои случаи се употребуваат покрај нивните синоними што спаѓаат кон постариот лексички слој. На пр. пасти – пожировати, вьсєсъжєжєниє – олокавтома, свѧщєньникъ – иєрєи. Меѓу подновувањата се среќаваат и одделни ретки зборови за кои во нашата картотека не најдовме други потврди. Тие се познати само од Ваташкиот минеј и не се наоѓаат во речниците со кои вршевме споредба, на пр. домовъчѧдьцє, инородьць, а од грцизмите мирьсина, паристрида.

Познато е дека во паримејниот текст се употребуваат доста грцизми од различни семантички сфери (Рибарова 2005: 65–66, Миовски 1996: 168–172). Како што покажуваат и погоре приведените варијанти, некои од овие грцизми во текстот се заменети од словенски зборови, сп. на пр. свѧщєньникъ (место иєрєи), чаша (место кратирь), вьсєсъжєжєниє (место олокавтома), масло, точкъ (место олѣи). Дека ова заменување на грцизмите не е во текстот доследно, покажува на пр. паримејното читање Ez43,27 (130c6–10): боудєть ѿ ѡсмаго д‹ь›нє и проучєѥ сьтворєть їєрєиѥ на ѡлтари ѡлокавтом‹а›ти вашєє ꙗжє сп‹а›сєнїаа вашєго примоу ви г‹лаго›лєть г‹ospod›ь.

И покрај наведените промени, во паримејните читања грцизмите добро се застапени. Покрај грцизмите, како што се адъ, ангєлъ, архистратигъ, аспида, диꙗволъ, трапєза, чија употреба е вообичаена и пошироко позната, во паримејните читања во Ваташкиот минеј се употребуваат и следните: єлєи **elaion** Ex40,9; кєдръ **kedro~** Nu24,6; кивотъ **kibwto~** Ex40,3; 3Rg8,1.3.5.7.9 и др.; катапєтазма **katapetasma** Ex40,6; купарисъ **kuparisso~** Is55:13; милоть **mhlwth** 4Rg2,8.13; 3Rg19,13; мирьсина **mursinh** Is55:13; паристрида **eparustri~** Zch4,2; пєвъкъ **peukh** Is60,13; подиръ **podhrh~** Zch3,4; сикєръ/сикєра **sikera** Jdc13:5.7; скиниꙗ **skhnh** Ex33,11; Nu24,5; скумєнъ **skumno~** Nu24,9; финиковъ **twn foinikwn** Ex15,27.

Ќе ја споменеме и интересната грешка: писало **yalmo~** – и напиши вь нємь писалѡмь ч‹о›в‹ѣ›чьскимь єжє скоро плѣнєнїѥ сьтворити користємь настоит‹ь› бо Is8,1 97a1. Преводот во Библијата е: *И ми рече Господ: Земи си голем свиок и напиши на него со човечко писмо: брз на плен и ишар на грабеж*. Употребата на оваа лексема може да ја толкуваме како индивидуален, творечки пристап на писецот, но бидејќи се работи за ракопис од XV век постои голема веројатност дека во тој период е прифатен општопроширениот македонски изговор на зборот псалъмъ како ’псалом‘ и во контекст со глаголот ’написати‘ таа форма може да се протолкува како инструментал од народниот збор ’писало‘ (средство за пишување), па така од грцизмот псалъмъ можело да се добие домашниот збор писало.

За пролошките читања е карактеристична употребата на друг вид лексика, за разлика од лексиката во химнографскиот и паримејниот дел. Станува збор за лексика која е поблиска до секојдневниот живот, како на пример, лексеми со кои се опишува изгледот на човекот, се именуваат роднинските односи итн.

Во овој дел од ракописот нотиравме употребата на некои поретки грцизми:

истєрна **(gisterna)** – сьврьшаѥт сє сьборь ѥго вь с‹вє›тѣи вєлицѣи цр‹ь›кви и вь с‹вє›тих ап‹о›с‹то›лѣхь и вь б‹о›жствнѣи цр‹ь›кви вь *истєрни* вь новѣ 157c17,

кристальнъ **(kroustalo~)** – ꙗви жє ѥмоу крстъ вь ѡбразѣ *кристалнѣ* и глас быс‹т› ѿ креста гл‹аго›ющь 192c 9,

мраморѣнъ **(marmaro~)** – вьсадивь въ ковчєгь *мраморѣнъ* и пєчатєм ц‹а›рским запєчативь 189c 26.

Туѓата лексика богато се користи во називи на разни општествени функции:

моумєръ – да ꙗко доидошє тридєс‹є›тим прьпрыщь града апамискаго бывъ съпослѣдьствоующим ѥмꙋ и ѡбоимь *моумєрємъ* 192b33, 192d19

патрикии – въ ц‹а›рство льва и вирини! *патрїикїа* два имєни галвїє и кандидь сьродници ардавоурї анаспара любовїю изидошє ѿ византїѥ 188b23

синъклитикъ– патрїархоу жє коупно и ц‹а›рєвꙋ ѡ‹т›цоу *сиклитикоу* тамо приходєщим и б‹о›жствнїѥ таини сьврьшающє 157c18

тривоунъ – ꙗко видѣшє воини ѡбоих моумєри сь ѡбоини! *тривоуни* никостратъ и антїѡх вѣровашє вь х‹ри›с‹т›а 192d20.

Интересни се и називите на животни: аргали (**argolai**) (покрај аспида, змиꙗ) – аспиди прогна и вьвєдє змию г‹лаго›лємиє *аргали* ихжє ѿ аргоуса принєсє ѿноуд‹ь› имоущих имѣновании тамошнєѥ 153b2 крокодилъ, нєфодъ – изьмрѣшє и ѥжє вь водѣ звѣрїѥ и ѥжє наричєть ѥгупьтѣнє *нєфодь* єлин–є – жє *крокодили* 153a21.

Карактеристично за лексиката од типикот е изразеното присуство на грцизми, најмногу во сферата на литургиската терминологија, за означување на специјални литургиски дејствија или на црковни празници. Забележавме употреба на специфична лексика во однос на некои предмети што се користат во црковната богослужба. Покрај тоа, во типикарските упатства забележуваме поголема слобода на изразот, иако и тие имаат грчки предлошки. Меѓутоа, тие секогаш се приспособуваат кон конкретната ситуација, па поради тоа во нив често се среќаваат народни зборови и други подновувања.

Во рамките на типикот во Ваташкиот минеј евидентиравме бројни термини, од грчко и словенско потекло. Од грчките термини ќе ги наведеме:

аналогъ: и поставить крсть н–*а–налог* 15d10,

агрипиꙗ: сьврьшаѥт *агрїпїа* вь павєч‹є›рницꙋ и на трапєзѣ ꙗмїи рибоу и пиѥм вино на сл‹а›воу и чьсть прѣс‹вє›тоую б‹огороди›цꙋ 145r22

агрипьна(ꙗ): бл‹а›говѣщєнїє [в]ь· нєд‹ѣлю› вєч‹єр› [ц]вѣтноую *агрипны* [с]тих‹о›лог‹исамь› ·а҃· [а]нтифон бл‹а›жєнь моуж на гл‹а›с ·и҃· 102a11, 143v3, 143v8.9, 144r11, 144v16,

алилоуиꙗ: ащє нѣс‹ть› постьн д‹ь›нь по ѡтполоу вєлю вам *ал‹и›лоуїа* 114b12, 145r 4, 114a28, 144r16 и др.,

антифонъ: бл‹а›говѣщенїе [в]ь нед‹ѣлю› вечер‹ер› [ц]вѣтноую агрипны [с]тих‹о›лог‹исамь› ·а҃· *[а]нтифон* бл‹а›жень моуж на гл‹а›с ·и҃· 144v13, 145r9, 145v14,

апостоль: *ап‹о›ст‹о›ль* кь коринѳом ·а҃·го· посланїа [с]лав‹а› ·кг҃· свободь ѡ всѣх 114a25, 145r 6 и др.,

диѧконъ: аще ли нѣс‹ть› *дїаконь* гл‹агол›еть попь м‹о›л‹итвоу› 114b18

диѧконьство: и тако творить братїа поклоненїе їереи *дїаконьства* не г‹лаго›лем ны поють 15d12.13, 114a22, 114b9.14.20.22.24 и др.,

доместикъ: таж‹е› *доместикь* повтарает все ст‹и›х‹е›ре ѿ стигме до стигме 94c9

евангелие: вьход сь *еу‹ан›г‹е›лїемь* свѣте тих и прок‹имень› и учен‹ие› дневн‹о› 145r3, 145r6 и др.,

еклисархъ: и вьзвишаеть *еклисархь* гласом ꙗко разоумѣты 15c8, 145r31,

ектениꙗ: учен‹ие› б‹огороди›ци ї (е)у‹ан›г‹е›лїе дневн‹но› соущи поздѣ ї *ектенїе* спод‹о›би г‹оспод›и потѡм ст‹и›х‹и›ри пасцѣ 114c18, 115a16, 145v19,

ектерионъ: на ‹о›утрни великꙋю нед‹ѣлю› и аще ꙋбо *ектирїѡн* б‹огороди›ци вь нем сьврьшает се сл‹о›ужба б‹о›жственаа 145v12, 146r3, 146r4,

зaамбонъіи, зaамвонъіи: молитва зaамбонаꙗ/зaамвонаꙗ – їерев *зaамьбонꙋю* м‹о›л‹итвꙋ› и бывает оумивенїе по уинꙋ его дает се бл‹а›гос‹ло›венїе братїам 145r6, 114b1, 118c9,

игоуменъ: еще м‹о›лим се ѡ рабѣ б‹о›жиї ѡ *игоуменѣ* н‹а›шемь їме р‹ек› 15c21.

иереи: и тако творить братїа поклоненїе їереи дїаконьства нег‹лаго›лем ны поють 15d8, 15d12, 114b16, 145r9,

кадильница: прѣдходещеи їереи сь лоумбадою и *кадилнїицею* иже поем троп‹арь› гл‹а›с ·и҃· глас г‹о›с‹под›ны на водах вьпиет 114б3.4, 115a1,

канонархъ: таждь ставь на срѣд‹ѣ› *канонархь* проучитает же дньс раждает се ѿ д‹ѣ›вы 94c2,

келиꙗ: помльуим мало вь *келїах* нашим 114r4,

ламбада, лоумбада: кадилници и *лоумбадѣ* исходим ис цр‹ь›кве и п‹ри›ходимь на истоуникь водѣ поюще 114b3, 115a1.2, 145v3; сь *ламбадами* оуготованоу тетраподоу срѣд цр‹ь›кве сьврьшающе нам трыс‹ве›тое 15b21,

литиꙗ: поуинаем вечер‹е›рнѥ рекше слав‹а› вь вишних и творим ѡбиуноую *литїю* поюще глас ·д҃· самогласно 114c28, 144r40, 143v13, 143v32,

литоургиꙗ: вь пето на дес‹е›то лѣто вл‹а›д‹ы›уьствїа по уиноу б‹о›жственаа и *литоургїа* великаго василїа 114a32, 144r9, 144r 6, 144r 30, 144r40, 144v13,

минеи: и поем ст‹и›х‹и›ри вь пендикостарь и вь *минеи* 146a12,

монастирь: г‹лаго›леть ї еще м‹о›лим се ѡ вьсѣх о слоужещих и слоуживших вь с‹ве›тѣмь *монастирѣ* семь и ѡ здрави и ѡ сп‹а›сенїхь ꙋслиши ни 15d4, 143v22, 143v23, 144r29, 145v24 и др.,

нафора: вьходим вь црк‹о›вь славим глас ·ѕ҃· вьспоем вѣрни таждь ѱал‹мь› бл‹аго›с‹лов›лю г‹оспод›а дает се *нафора* бивает ѡтпоус‹ть› 114c7,

панахида: ꙗкоже велеть вь синаѯари великиѥ соуб‹оти› и поем же прѣжде на *панахидѣ* 145r28,

полиелео: ѡбиѵнаа ст‹и›х‹о›логїа по *полїелеѡ* степ‹ена› гл‹а›с ·д҃· 114d15, 143v14, 144v4, 144v33 и др.,

проскомидиѧ: походить їереи и творить *[про]проскомидїи* 114a15, 146r1,

пѧтикостарь: и поюм ст‹и›х‹и›ри вь *пендикостарь* и вь минеи 146a11,

синаксарꙑ: ꙗкоже велеть вь *синаѯари* великиѥ соуб‹оти› и поюм же прѣжде на панахидѣ 145r43; 145r28, 145v24,

стихологисовати: то вь пе‹то›к веѵ‹ерь› *не ст‹и›х‹о›лог‹и›соуем* нь по прьвом ѱса‹лмꙋ› на г‹осподь›и вьѯвах поюм самоглас‹но› 144r20,

стихологиѧ: аще ѥс‹ть› нед‹ѣлѣ› прѣдвараѥть вьскрѣсно веѵ‹е›рь ст‹и›х‹о›л‹о›гїа бл‹а›ж‹е›нь моуж на г‹осподь›и вьѯвах 102a13; 144v13, 144v16, 144r25 и др.,

стигма: таж‹е› доместикь повтарает все ст‹и›х‹е›ре *ѿ стигме до стигме* 94c10,

тетраевангель: и ѵтем же *тетраев‹в›а‹н›г‹е›ль* вь ·ѕ҃· ѵас клеп‹е›мь 144v22,

тетраподъ: оуготованоу *тетраподоу* срѣд цр‹ь›кве сьврьшающе нам трыс‹ве›тое и достаѥть же до великыхь врат сь ѵьстним крстѡм рещы конць 15b22,

типикъ: вьѯвративше с‹е› и поѵинаѥм л‹и›т‹о›ѵргїю поюм же› *типик* ꙗкоже прѣжде скаѯ‹а›на 144r16, 144v23, 144v8, 145v23, 143r10 и др.,

трапеѯа: вьходимь вь *трапеѯꙋ* ꙗми масло и пиюм вино 114c8, 143v6, 145r7, 145r23, 114c22 и др.,

триодъ: ст‹и›х‹и›ри вь *трїѡдь* ·г҃· и праѯ‹ниѵни› ·г҃· и арха‹н›г‹е›лꙋ ·г҃· ст‹и›х‹и›ри праѯ‹ниѵни› 143b14, 143v29, 145r12 и др.,

хероувимъ: л‹и›тѵргїа великаго василїа вь мѣс‹то› *херꙋвим* веѵери твои таи по ·г҃·ѱ· 145r4,

ѵпакои: *ипакои* гл‹а›с ·є҃· егда ꙗвленим своим просвѣтиль ѥсы всаѵьскаа тогда славноѥ невѣрїа море 121a17; 181d28; 82d31; 98c18, 114d23.

Карактерот на текстот на типикот и неговата содржина имаат влијание на изборот на лексиката. Се употребуваат бројни термини, грчки и словенски, а во некои случаи напоредно се употребува и грчки и словенски термин: ѵетвороногъ, ѵетвороножьць – тетраподъ, слоужьба – литоургиѧ.

Типикот содржи и примери за употреба на специфична лексика во однос на некои предмети, дејствија и др. поврзани со црковната богослужба и со манастирскиот живот, сп.: аналогъ, ламбада/лоумбада, кръстильница, кѫпѣльница, припрата, било, кадити, окроплениѥ.

Во бројни случаи во Ваташкиот минеј варира употребата на постарата и поновата лексика, така што можат да се изделат варијанти од различен вид. Тоа се варијанти во кои се редуваат туѓа лексема наспроти словенска: вусъ – ѵръвлениця, багрѣница, диѧконъ – слоуга, слоужитель, евангелиѥ – благовѣстиѥ, благовѣстованиѥ, благовѣщениѥ, икона – образъ, кринъ – цвѣтъ, цвѣтьць, олѣи, елеи – мастъ, тоукъ, трапеѯа – дъска и др., повеќе словенски лексеми, и тоа разнокоренски: гоумьно – токъ, гѫгъниѵъ – нѣмъ, елѣ–едва, женихъ–невѣстьникъ, ѯракъ–видѣниѥ, видъ, непьщевати, непьщовати–мьнѣти, повиновати сѧ, повинѫти сѧ–покарѣти сѧ, покорити сѧ, посълати–поустити, оукрѣпити–оутвръдити, коварьство, коварьствиѥ – хѫдожьство, цѣлъ – съдравъ и др., или истокоренски: варити – прѣдъварити, велии – великъ, ѥ҃ивотъ – ѥ҃изнь, играти – въѯиграти сѧ,

отъсѣщи – оусѣкнѫти, паства – паствина, свѧще(нь)никъ - свѧтитель, слоужьбьникъ – слоуга, и др.

Во рамките на овие варијанти се наоѓаат такви кои се пошироко познати од постарите ракописи: болѣзнь – недѫгъ, врътъпъ, врътъпа – пещь, пещера, вьінѫ – присно, грѧсти – ити, двьри, двьрь – врата; дивити сѧ – чюдити сѧ, демонъ – бѣсъ, жрътва – трѣба, игемонъ – воевода, иго – ярьмъ, ложе – одръ; наслѣдие – причастие, постъ – алканиє, скрьбь – печаль и др., но и такви кои содржат изразити подновувања, карактеристични за Ваташкиот минеј: инородьць – иноплеменьникъ, тлъща – дебель, оухапати – оуѩзвити, началопастьірь –пастьіроначальникъ, богоповѣдатель – богопроповѣдьникъ, звѣздоблюстель – звѣздословьць – звѣздочьтьць и др.

Од извршената анализа се гледа дека во ракописот покрај лексиката од домашно, словенско потекло богато се застапени и грцизмите, и тоа најчесто во паримејните читања. Меѓу нив се наоѓаат не само пошироко познатите грцизми, како што се на пр. ароматъ, бусъ, геона, демонъ, евангелистъ, катапетазма, олокавтома, талантъ, тумпанъ, и бројни термини поврзани со богослужбата: икосъ, ирмосъ, литиѩ, литоургиѩ, минеи, нафора, патикостаръ, стихологисовати, триодь, тропарь, но и некои поретки, како на пр. аргали, ектрионъ, истерна, кратирь, макелиѩ, метафрена, мирсина, парамьбатъ, паристрида, подиръ, стигма.

Во рамките на Ваташкиот минеј ги изделуваме следниве грцизми: агрипниѩ/агрипьнаѩ, адовъ, адъ, адьскъ, акротомъ, алилоуиѩ, алфавитъ, аналогъ, анатема, ангелъ, ангельскъ, ангельскъі, апостолъ, апостольскъ, апостольство, аргали, ароматъ, ароматьскъ, архангелъ, архиепископъ, архиереи, архисинагогъ, архистратигъ, архитектонъ, антифонъ, аспида, аспидовъ, асункритъ, варваръ, варварьскь, бусъ, геона, демонъ, диѩволъ, диѩконъ, диѩконьство, евангелие, евангелистъ, евангельскъ, евреи, евреискъ, еклисархъ, ектениѩ, ектрионъ, елинъ, елиньскъ, епигменосъ, епископъ, ересь, еретикъ, еретичьскъ, еретичьствовати, зѧамбонъіи/зѧамвонъіи, игемонъ, игемоньство, игоуменъ, идолъ, идольскъ, иерарха/иерархъ, иереи, иереискъ, иереовъ, иеросини, иеросиниѩ, икона, иконоборьць, икосъ, ирмосъ, истерна, канонархъ, канонъ, катавасиѩ, катапетазма, катисма, кедръ, келиѩ, кесаревъ, кесарь, кивотъ, китъ, клирикъ, кондакъ, кратирь, кринъ, кристальнъ, кумвалъ, купарисъ, куръ, ламъбада, левии, левиевъ, левитьскъ, лива, ливанъ, литиѩ, литоургиѩ, макелиѩ, манна, метафрена, милоть, минеи, мирсина, митрополиѩ, монастьірь, монахъ, мъниѫхъ, муро, муроносица, муроположьница, нафора, ноумерь, олокавтома, олѣи/елеи, органъ, охтаикъ, панахида, папа, парамьбатъ, параскевги, паремиѩ, паристрида, пасха, патрикии, патриѩрхъ, певъгъ, поганъ, полата, полиелеи, попъ, порфура, презвитеръ, прокименъ, псалмъ, псалъмьскъ, псалъмьскъі, патикостаръ, риторь, риторьскъ, сапфиръ, сатана, септѧврь, сикеръ, синъклитикъ, скинии, скиниѩ, скиптръ, скорпиѩ, скуменъ, стамьна, стигма, стихира, стиховьно, стихологисати, стихологисовати, стихологиѩ, стихъ, съупостасьнъ, талантъ, теологъ, тетраевангель, тетраподъ, типикъ, триоунъ, триодь, тропарь, трьстатъ, тьмиѩньскъ, тумпанъ, фараонитьскъ, фараоновъ, фараонъ, фараонь, фарисеи, фармаколитриѩ, февраль, февроуаръ, финиковъ, финикъ, херовимъ, херовимьскъ, херовимьскъі, христъ, упакои, упостасьнъ. Во овој список се наведени и латинизми кои се навлезени со грчко посредништво.

Литература

Аргировски Мито. 1998. *Грцизмите во македонскиот јазик*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Бицевска Кита. 1984. „Лексичките подновувања во Карпинскиот апостол“, *Македонски јазик XXXV,* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 373–380.

Бицевска Кита. 1989. „Од правописните особености на ракописите од северна Македонија“, *Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета*, Скопје: МАНУ, 25–31.

Бицевска Кита. 2000. *Правописни и фонетски особености во ракописите од северна Македонија од XIII и XIV век,* Скопје: Менора.

Десподова Вангелија. 1983. „Лексичкото и семантичкото влијание на грчкиот јазик во македонските библиски ракописи“, *Македонски јазик XXXIV*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков, 157–166.

Десподова Вангелија. 1981-1982. „Префиксни лексички варијанти на македонските средновековни евангелија“, *Македонски јазик* XXXII–XXXIII, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 188–192.

Досева Ценка. 2003. „Из лексиката на славянския Миней от XI−XIII в. (имена за лица, свързани с венчалния обред): пѣти достоитъ“. *Сборник в памет на Стефан Кожухаров,* София.

Кирилометодиевска енциклопедия. 2003. БАН: т. I (А–З) 1985, т. II (И–О) 1995, т. III (П–С) 2003, т. IV (Т–А) 2003, София.

Макаријоска Лилјана. 1995. „За префиксираните глаголи во македонските псалтири“, *XXI научна дискусија на XXVII Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура,* Скопје, 214–219.

Макаријоска Лилјана. 2009. *Студии од историското зборообразување,* Скопје: Посебни изданија, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Миовски Мито. 1996. *Хлудов паримејник – лингвистичка анализа*, Скопје.

Павлова Румина – Желязкова Веселка. 1999. *Станиславов (Лесновски) пролог от 1330 година*, Фабер: Велико Търново.

Поп-Атанасов Ѓорѓи. 1996. „Прилог кон проучување на таканареченото „Ваташки општ минеј“, *Македонскиот јазик од Мисирков до денес*, Скопје, 69–77.

Поп-Атанасова Стоја. 2003. *Лексиката на македонската црковна поезија*, Скопје: Посебни изданија, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Рибарова Зденка. 1989, „Формално диференцирани зборови со идентична семантичка структура и нивното место во Речникот“, *Советување врз работата врз редакциските речници на црковнословенскиот јазик во југословенските центри*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 67–72.

Рибарова Зденка. 2005. *Јазикот на македонските црковнословенски текстови*, Скопје: МАНУ.

Угринова-Скаловска Рада. 1960. *Значењата на глаголските префикси во македонскиот јазик*, Скопје: Посебни изданија, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Црвенковска Емилија. 1999. *Загребски триод*, Стари текстови VII, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Црвенковска Емилија. 2006. *Јазикот и стилот на триодот*, Скопје: Менора.

Цубалевска Мери. 2009. *Ваташкиот минеј (со посебен акцент врз лексиката),* Скопје: Посебни изданија, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Цубалевска Мери, Макаријоска Лилјана. 2013. *Лексиката на коментарот кон Погодиновиот псалтир,* Скопје: Посебни изданија, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Шепард Ф. 1972. *Византија, О културама*, Београд.

Večerka Radoslav. 1984. *Staroslověnština*, Praha.

Večerka Radoslav. 1999. „Počátky slovanského spisovného jazyka“, *Studie z dějin staroslověnského písemnictví a jazyka do konce 11. století*, Praha.

Речници

Аргировски Мито, Андријевска Наталија., Ѓуркова Александра. Ред. Аргировски Мито, *Речник на грчки-црковнословенски лексички паралели,* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003.

Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција. Ред. Рибарова Зденка, т. I, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2006.

Старославянский словарь (по рукописям X-XI веков), Ред. Цейтлин Р. М., Вечерка Р., Благова О., Москва, 1994.

Miklosich F., *Lexikon paleoslovenico-graeco-latinum,* Wiena 1963.

Slovník jazyka staroslověnského, I–IV, (red. Kurz Jozef, Hauptová Zoe), Praha, 1966–1997.

821.161.1-31:81’373.7

Емине ШАБАНИ
Универзитет во Тетово
Тетово, Македонија

СЕМАНТИЧКАТА ТИПОЛОГИЈА НА ФРАЗЕОЛОШКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО РОМАНОТ *МАЈСТОРОТ И МАРГАРИТА* НА МИХАИЛ БУЛГАКОВ

Апстракт: Романот *Мајсшорош и Марѓарија*, освен што е успешен поради уметничко естетските вредности во светската литература, тој е исто така богат со фразеолошки единици, кои претставуваат една семантичка типологија со лексички, граматички, идиоматски и емоционални огништа. Во овој труд се истражуваат и структуралните модели на фразеолошките единици и нивниот конструкт, елементите на микроконтекстот, синонимските варијанти и нивните промени од оригиналниот руски јазик, потоа англискиот, хрватскиот, албанскиот и македонскиот јазик. Во сите јазици наоѓаме фигуративни елементи, и многу од тие елементи имаат идентично или слично значење, но при преведување на одредените текстови многу фразеолошки и идиомски единици ја менуваат или ја губат сличноста и оригиналноста на јазикот на кој се напишани. Наша задача е да ги истражиме факторите и елементите до која граница се менува значењето и структурата на овие фразеолошки единици. Во овој труд, исто така, ќе бидат истражувани и патиштата на нивното формирање и нормите на нивната употреба во литературата.

Парадигматските форми се особености на фразеолошките единици со именки и со глаголи. Со нив се изразуваат формалните врски на фразеолошките единици во реченицата. Од ова потекнува и оформеноста на овие единици односно бројот на составните елементи (кога имаме стегање или проширување на структурата). Исто така ќе ги истражуваме и синонимските, хомонимските и антонимските фразеолошки единици во романот *Мајсшорош и Марѓарија*.

Клучни зборови: семантичка типологија, граници на фразеолошките единици, структурални модели и форми на фразеолошките единици, фразематски корпус.

Вовед

Романот *Мајсшорош и Марѓарија*, освен што е успешен поради уметничко естетските вредности во светската литература, тој е исто така богат со фразеолошки единици. Наша задача е да ги истражиме факторите и елементите до која граница се менува значењето и структурата на овие фразеолошки единици кога се преведува романот од оригиналот на други јазици. Јазиците што ќе бидат споредувани се руски, албански, македонски, англиски и хрватски, со тоа што не сите примери се дадени на сите јазици поради обемноста на материјалот. Во овој труд, исто така, ќе бидат истражувани и патиштата на формирање на фразеолошките единици и нормите на нивната употреба во литературата.

Што се фразеолошките единици?

Големата руска енциклопедија (1979), е едно од првите дела што зборува за два вида на фразеологизми и критериуми. Според оваа енциклопедија, објектот на фразеологијата е тесен кога фразеолошките изрази се одредуваат според критериумите на семантичката единица на значењето на фразата и еквивалентноста на фразата со еден единствен збор, од погледот на функцијата на именувањето, додека фразеологијата во поширока смисла се утврдува од критериумот на редовната употреба на една стабилна форма, независно од семантичката единица на фразата или делење на фразата во смислата на составните зборови.

Жан-Пиер Колсон (Jean-Pierre Colson 2008), на пример, прави едно концизно одредување на условите на делење на фразеологијата во тесна и широка смисла: „Фразеологијата во широка смисла, го исполнува критериумот на полилексикалитетот и издржливоста, додека фразеологијата во тесна смисла го бара дополнителниот критериум на некомпозиционалноста“ (според: Miçoni 2013: 17).

Според професор Јани Томај, на литерарен начин е дадено едно означување: “*Фразеологијата почнува таму каде што слободното лексичко значење на зборот се покрива од фигуративното значење на одржливата фразема.*“ (Томај 1999:7). Според Ј. Томај ова не е целосно објаснување на фразеологизмите, затоа што во него се објаснува само фигуративноста на фразеологизмите, а не и лексичката, граматичката, парадигматската и семантичката функционалност на фразеолошките единици. Исто така и нивните конструктивни елементи, елементите на микроконтекстот, како што се на пр. во албанскиот јазик: „***(Qeshi)*** *vesh më vesh* dhe ***(Vajti)*** *fjala vesh më vesh*“***(се смееше)*** *од уво до уво и* ***(се слушна)*** *зборот од уво до уво*“, каде што микроконтекстот претставува ***Qeshi*** и ***Vajti*** и ја врши разликата на значењето. Кога помошните зборови се дел од парадигматските форми, тие се особеност на фразеолошките единици со именки и со глаголи.

Границите на фразеолошките единици: разликувањето на елементите што ја сочинуваат една фразеолошка единица и одредувањето на почетната граница, во некои случаи не е лесно. Овој процес се комплицира од неколку фактори, кои ги изложуваме подолу: ниската одржливост на фразеолошките единици, промената на редот на составните компоненти, вклучувањето на други елементи, парадигматските форми, присуството на кратките форми (i, e, të, së – на/од), факултативните и контекстуалните елементи, граматичките и лексичките варијанти, присуството на управните зборови (*dikujt, dikë* некого, некому) итн. (Томај 1999: 17).

При споредба и анализа на фразеолошките единици, големо значење има наоѓањето на еквивалентноста. Според Ејсман (Eismann 1989:86 – 87), од споредбата направена на база на четири критериуми (лексиката, структурата, семантиката, стилот) резултираат четири типа на фразеологизми: 1. еквивалентни фразеологизми со потполна соодветност на сите нивоа. Овде се разликуваат а). Еквивалентни фразеологизми со потполна соодветност на сите нивоа и значења и, б). Со потполна соодветност на најмалку едно значење и со несовпаѓање со најмалку една смисла, при што на стилистичко ниво имаме а) Апсолутна еквивалентност, и б). Релативна евива-

лентност. 2. Фразеологизми што не се совпаѓаат на структурално и семантичко ниво и што може да се преведуваат само со парафразирање.3. Адекватни фразеологизми, што се совпаѓаат на семантичко ниво, но се разликуваат на лексичко и на граматичко ниво. 4. Структурални идентични фразеологизми или блиски, значи меѓујазични хомоними. (види Ќирјазати во: Thomai J. & Lloshi Xh. & Hristovo R. & Qirjazati K. & Melonashi A. 1999: 138).

Граматички варијанти на фразеологизмите во романот *Мајсторот и Маргарита*

"*The* ***tongue can conceal the truth****, but the* ***eyes never****! You're* ***asked*** *an unexpected question, you* ***don't even flinch****, it* ***takes*** *just a second* ***to get yourself under control****, you* ***know*** *just what you* ***have*** *to say* ***to hide the truth****, and you* ***speak very convincingly****, and nothing in your* ***face twitches to give you*** *away. But the truth, alas,* ***has been*** *disturbed by the question, and it* ***rises up*** *from the* ***depths of your soul*** *to* ***flicker in your eyes*** *and all is* ***lost.***"

Shvatite, ***jezik može sakriti istinu****, ali* ***oči nikad****! Netko vam iznenada* ***postavi*** *pitanje, vi čak ni ne trepnete, u sekundi* ***ovladate sobom*** *i znate što je potrebno reći da se* ***sakrije istina****, i* ***govorite sasvim uvjerljivo****, i* ***nijedan mišić*** *na vašem licu se ne* ***pomakne****, ali jao, istina, uznemirena pitanjem,* ***s dna duše u trenu skoči u oči,*** *i sve je gotovo. Primijećena je, a* ***vi ste uhvaćeni****!*

Поймите, что ***язык может скрыть истину****, а* ***глаза никогда****! Вам задаютвнезапный вопрос, вы даже не вздрагиваете, в одну секунду* ***овладеваете собой*** *и знаете, что нужно сказать, чтобы* ***укрыть истину****, и весьма* ***убедительно говорите****, и ни* ***одна складка*** *на вашем лице не* ***шевельнется,*** *но, увы, встрвоженная вопросом истина* ***со дна души*** *на мигновение* ***прыгает в глаза,*** *и все кончено. Она замечена, а* ***вы пойманы****!*

Запомнете, ***јазикот може да ја сокрие вистината****, но* ***очите никогаш****! Некој ненадејно ви* ***поставува*** *прашање, а вие* ***не трепкате со очи****, во секунда* ***преовладувате со себеси*** *и знаете што е потребно да ја* ***сокрие вистината*** *и зборувате* ***сосема уверени****, и* ***ниеден мускул*** *на вашето лице* ***не мрднува****, но* ***вистината е вознемирена*** *со прашањето,* ***од дното на душата****,* ***скокнува в окото,*** *и* ***сè е готово****. Забележена е и вие сте,* ***во стапица****.*

При споредба на фразеолошките единици, во дадените јазици, забележуваме дека присутноста на некои формални елементи, како што се споредбениот сврзник, укажува на промена на структурата на фразеолошките единици во четирите јазици што несомнено води кон нивни семантички промени.

Обично во уметничките дела фразеолошките единици имаат фигуративен карактер. Тие може да бидат „индивидуални, ограничени, при што, ако добијат фреквенција и подлога при употребата, тие стануваат автентични фразеолошки единици" (Thomaj, 1999:13). И во делата на авторите тие имаат индивидуален карактер, но ако се повторуваат од сите и претставуваат иновација, тие поминуваат во автентич-

ни, како што е случајот со фразеологизмите на Џорџ Орвел: *Big Brother*, *newspeak, doublethink, prole, minithrue* и др.

Кај *Мајсторот и Маргарита* имаме ***стилистички идиоми***: метафора, метонимија, хипербола, еуфемизам, иронија, сатира и сарказам; ***фонетски*:** алитерација, асонанца, ономатопеа; ***лексички***: репетиција, архаични конституенти, елементи на зборообразување; ***граматички***: паралелизам, екскламација, реторичко прашање; ***различни регистри на употреба***: формален, неформален, жаргон итн.

Структурални и синонимски варијанти. Професор Томај апострофира една значајна посебност на фразеологијата а тоа е следнава: "*sintezë e gjatë historike, e dy ose më shumë fjalëve që kanë humbur ose e kanë zvogëluar kuptimin e drejtpërdrejtë të parë dhe kanë fituar një kuptim të ri figurativ*." (долга историска синтеза на два или повеќе зборови што го изгубиле или намалиле нивнотото прво директно значење и добиле едно ново фигуративно значење) (Thomai, 1982: 125).

Синоними:*"**Is that vodka**?" Margarita asked weakly. The **cat jumped up** in his seat with indignation. "I beg pardon, **my queen**," he **rasped**, "Would I ever allow myself to offer vodka to a lady? **This is pure alcohol**!";'**Vodkë është kjo**? –pyeti me një fije zëri Margarita. I fyer **maçoku kërceu** mbi karrige. –Më falni **mbretëreshë**, -foli ai **zëngjirur**, -por si mund t'ia lejoj vetes të sajdis një zonjë me vodkë? **Ky është safi alkool**. (286); - Это **водка**?- Слабо спросила Маргарита. Кот **подпрыгнул** на **стуле от** обиды.- Помилуйте, **королева**, - **прохрипел** он, - разве я позволил бы себе налить даме водки? **Это чистый спирт!** (162); **Тоа е водка**?-праша Маргарита, премалено. **Мачорот потскокна** на столот од навреда. **Добога кралице**,-**просаска** тој, зар јас би си дозволил да ѝ турам водка на една дама? **Тоа е чист алкохол**! (313).*

Хомоними: *Unë po **fluturoj**, thirri Margarita, duke mbytur me zërin e vet tingujt e valsit. Jam e padukshme, jam e padukshme! –briti edhe më fort ajo dhe përmes degëve të panjës, që i fshikullonin fytyrë, kaptoi portën e oborrit dhe **fluturoi në rrugicë**. Dhe fill pas saj, **fluturuan** edhe **valët e shfrenuaratë valsit**. (240); **Я улетаю**, - кричала Маргарита, заглушаявальс.,- невидима, невидима, - еще громче крикнула она и между ветвям клена, хлестнувшими ее по лицу, перелетев ворота, **вылетела в переулок**. И вслед ей **полетел** совершенно **обезумевший вальс**.*

Антоними: *I përfytyroheshin **mobiljet e kuqe e të vjetëruara**, komodina me orën përsipër, që trokëllinte çdo tridhjetë minuta, stufa dhe librat, **nga dyshemeja e ngjyrosur** dhe **gjer te tavani i tymosur.** (147) **Красную по-тертую мебель**, бюро, на нем часы, звеневшие каждые полчаса, и книги, книги от **крашеного пола** до **закопченого потолка**, и печку.*

*"**Love** leaped out in front of us **like a murderer** in an alley leaping out of nowhere, and **struck usboth** at once. As **lightning strikes**, as a Finnish **knife strikes!** She, by the way, insisted afterwards that it wasn't so, that we had, of course, **loved each other** for a long, long time, without knowing each other, **never having seen each other**…."Dashuria u shfaq para nesh, ashtu **sikundër del në mes të rrugës një vrasës** dhe, na **rrëzoi të dyve**. Ashtu **godet rrufeja**, ashtu të **vret edhe shpata**! Më vonë ajo më tha, se kjo s'është kështu, se ne e*

kishim dashur shoqi-shoqin shumë kohë ***më parë se të njiheshim****, kur ajo bashkëjetonte me një tjetër, kurse unë me atë, e posi i thonë...”(145)*

Pas këtij afati më priti një vajzë, e cila edhe pse ***më ngopi me lugë të zbrazur****, një herë* ***s’ më pa drejt e në sy.*** *(149). Јас дојдов по две недели и бев примен од некојаси девојка* ***чии очи беа искривени кон носот*** *од* ***непрестајното лажење****.*

Етимолошките групи на фразеологизмите: етимолошки идиоми на рускиот јазик: а) со руски корени; б) со потекло од Библијата; ц) кои потекнуваат од грчката и од римската митологија; д) идиоми кои што се делумно или целосно преведени од другите јазици (Lubensky 2013:18). Во романот *Мајсторот и Маргарита* наоѓаме идиоми со руски корени, со потекло од Библијата (Јешуа, Ха Ноцри, Понтиј Пилат, Ерусалим, Хаифа, Синхедрин, Леви Матеј, Јуда), кои потекнуваат од грчката и од римската митологија итн.

Типологијата на фигуративното значење:

Метафора: *Ballkoni* ***i larë*** *me* ***dritën e hënës****.* (Bulgakov:147); *Балкон* ***вымывается лунным светом****; The balcony is* ***washed with moonlight****; Балконот* ***обложен со месечина.***

Sapo ***pelerina e bardhë*** *me* ***astar të purpurt****,* ***u dha*** *majë shkëmbit,* ***buzë detit njerëzor****, një* ***suvalë zërash*** *i shurdhoi veshët Pilatit me sytë gjysmë të mbyllura:* ***H a a a****...” (41); Штом се појави* ***белиот плашт*** *со* ***церевната постава*** *на возвишеноста на камен на крајот на* ***човечкото море****, Пилат што стоеше со затворени очи, го удри в уши звучниот бран: „****А а а ...****“ (41). Лишь только* ***белый плащ*** *с* ***багряной подбивкой*** *возник в высоте на каменном утесе над краем* ***человеческого моря****, незрячему Пилату в уши ударила звуковая волна: “****га-а-а...****” (18).*

Метонимија: *Qyteti* ***synonte të hynte*** *atje*. (Bulgakov:146). *Градот* ***намеруваше да влегува*** *таму.*

Në, ***do të pijë ujë Jerusalemi****,* paskëtaj, nga burimet e Solomonit, siç kisha bërë nijet, por për të mirën e tij. **Po, po do të pijë**. (f 39). ***Ќе пие вода Ершалајм*** *од сега, од изворите на Соломон, како што мислев, но за неговото добро.* ***Да, да ќе пие****.*

Метонимија комбинирана со фонетски и со синонимски елементи и со прашална реченица: ***do të pijë ujë Jerusalemi [...] Po, po do të pijë****.*

Алегорија: *Kështu foli Margarita****,*** *tek shkonin me mjeshtrin drejt* ***shtëpisë së tyre të përjetshme*** *dhe mjeshtrit iu bë se* ***fjalët e Margaritës rridhnin*** *siç* ***rridhte e mërmëriste, ai përroi*** *që kishin lënë pas dhe* ***kujtesën e mjeshtrit****, një* ***kujtesë e tronditur*** *dhe e* ***rrahur gjilpërash****, zu* ***të shuhej****. (401). Така говореше Маргарита, одејќи со мајсторот кон* ***нивниот вечен дом****, и на мајсторот му се чинеше дека* ***зборовите на Маргарита течат*** *исто како што* ***течеше и шепотеше поточето*** *што остана зад нив, и* ***паметењето на мајсторот****, немирното,* ***избоцкано со игли паметење****,почна* ***да згаснува.***

S’duhet ***bërtitur maleve****, sepse ata janë mësuar me* ***kësi shembjesh*** *dhe* ***nuk e prishin terezinë****. (398). Во* ***планините не треба да се вика****, тој и така е* ***свикнат на лавини*** *и* ***тоа нема да го вознемири****.*

Иронија: *Ndërkohë u desh të merreshin me ca* ***ngjarje jashtë teatrit*** *të Varietesë,* ***andej-këndej*** *Moskës. Pra, u desh të sqarohej edhe çështja e* ***pazakontë*** *me nëpunësit që kënduan "****Det o det****" (lidhur me këtë duhet thënë se profesor Stravinski mundi të* ***vinte rregull*** *aty vetëm për dy orë,* ***me anë injeksionesh hipodermike****), ashtu si edhe* ***meseleja*** *e disa individëve dhe zyrave* ***të ngatërruara me ca kartëmonedha*** *e që mandej ranë* ***viktimë*** *e po këtyre* ***kartëmonedhave të çuditshme.*** *(f.* 349). *Во тоа време мораа да се занимаваат со настани во другите* ***места надвор од театарот*** *Вариете. Требаше да се разјасни* ***необичниот случај*** *што пееја „Славно море" (впрочем професор Стравински требаше да ги* ***доведе во ред*** *во тек на два часа – по пат на* ***некакви поткожни инјекции****), со лицата што на други лица или установи им давале* ***којзнае што наместо пари****, а исто така и со лицата што* ***страдале од тоа****.*

Хипербола: *Të shikosh* ***njëzet mijë herë dritën e hënës*** *për shkak se një herë, dikur e ke parë atë? A nuk është kjo* ***pak si tepër****? Pyeti Margarita. (398).* ***Дванаесет илјади месечини*** *за една месечина некогаш,* ***зар тоа не е премногу****? –праша Маргарита.*

Антитеза: "*Once upon a time there* ***was a lady****. She had no children, and* ***no happiness*** *either.* ***And at first she cried for a long time****, but then she* ***became wicked****...". была на свете одна тетя. И у нее не было детей, и счастья вообще тоже не было. И вот она сперва много плакала, а потом стала злая...(132). Njëherë e një kohë* ***na ishte një zonjë****. Ajo nuk kishte fëmijë dhe as lumturi. Dhe* ***në fillim qau për një kohë të gjatë,*** *por më pas ajo* ***u bë e ligë****.(143). Еднаш одамна* ***беше една дама****. Таа немаше деца и* ***беше несреќна****.* ***Во почеток таа плачеше многу****, а потоа* ***стана лоша****...*

Антитезата е идентична со антонимите.

"*The tongue may* ***hide the truth*** *but the* ***eyes – never****!" «Язык может* ***скрыть правду****, но* ***глаза - никогда****!» Gjuha mund ta* ***fshehë të vërtetën****, por* ***sytë kurrë****! Јазикот може да ја* ***покрие вистината****, но* ***очите никогаш****!* Оваа реченица во сите четири јазици е иста во преводот и во фразеологизмите што ја сочинуваат, за разлика од другите реченици во кои се менува местото на глаголите, именките, препозициите и др.

Do ***shurdhohesh*** *ti atëherë, o kryeprift, nga rënkimet dhe* ***vajtimet e hidhura****. Mbase po atëherë do të të kujtohen* ***Bar-Rabani i liruar****, edhe ai* ***filozofi endacak****, që e* ***dënove me vdekje*** *për ca* ***predikime paqësore****! Së paku atëherë a do të pendohesh ti o kryeprift?(f 39). Придет под стены города полностью легион фульмината, подойдет арабская конница, тогда услышишь ты* ***горький плач и стенания****. Вспомнишь ты тогда спасенного* ***вар-равванаи пожалеешь****, что послал на* ***смерть философа*** *с его мирною проповедью!(17). Remember my words. High Priest: you are going to see more than one cohort here in Jerusalem! Under the city walls you are going to see the Fulminata legion at full strength and Arab cavalry too. Then the weeping and* ***lamentation will be bitter****! Then you will remember that* ***you saved Bar-Abba*** *and you will regret that* ***you sent that preacher of peace*** *to* ***his death****! (35).* ***Под судовите*** *на градот ќе пристигне целиот легион на Фулминат, ќе пристигне арапската коњица, тогаш ќе чуеш* ***горчлив плач и лелеци****! Ќе се сетиш ти тогаш на спасениот Вар-Раван и ќе зажалиш што си го* ***пратил во смрт*** *филозофот со неговата* ***мирна проповед****.*

Литота: *Në këtë e sipër Volandi bëri një* ***gjest nënvleftësimi*** *me dorë dhe* ***Jerusalemi u shua****. (399). At this Woland* ***waved his hand*** *towards* ***Jerusalem, which vanished****.(392). тут воланд* ***махнул рукой*** *в сторону* ***ершалаима, и он погас***. (226). *Во овој моменш, Woland* ***мавшаа со ракаша*** *кон Ерусалим,* ***кој исчезна.***(227).

Еуфемизам: *Një* ***qen bir qeni*** *më dha dhjetë rubla, unë i ktheva kusurin-katër e pesëdhjetë...Zbriti maskarai. Mbas pesë minutash ç'të shikoja: në vend të kartëmonedhave-një etiketë uji mineral!- Këtu shoferi* ***këputi një fjalë që nuk shkruhet në kartë****. Tjetri në Zubovka, një kartëmonedhë dhjetërubëlshe. I ktheva tre rubla kusur. Iku. Hapa portofolin e s' andejmi më doli një grerëzë që më thumboi gishtin. Dhe shoferi* ***sërish e prishi gojën*** *me disa fjalë që* ***nuk i mban dot letra****. S' mi dha paratë që më takonin. Dje në këtë Variete (****fjalë të ndyra****) një magjistar,* ***si një nepërkë****, dha një shfaqje me kartëmonedha dhjetërubëlshe (****fjalë të ndyra****). Kryellogaritari arriti,* ***u tulat*** *dhe* ***u shti*** *sikur edhe fjalën Variete po e dëgjonte për herë të parë. Me vete mendoi "****Hajde pikë e zezë, hajde*** *!" (193). Some* ***son of a bitch****gives me a tenner and I give him four-fifty change. Out he gets,* ***the bastard****! Five minutes later I look--instead of* ***a tenner*** *there's a* ***label off a soda-water*** *bottle! 'Here the driver* ***said several unprintable words****. 'Picked up another fare on Zaborskaya. Gives me a tenner-I give him three roubles change. Gets out. I look in my bag and out* ***flies a bee!*** *Stings me on the finger! I'll 'The driver* ***spat out more unprintable words****. 'And there was no tenner. There was a show on at* ***that (unprintable)*** *Variety yesterday evening and* ***some (unprintable)*** *conjurer did a turn with a lot of (****unprintable****) ten-rouble notes . . .' The accountant was* ***dumbstruck****. He hunched himself* ***up and*** *tried to look as if he was hearing the* ***very word*** *'Variety' for the first time in his life as* ***he thought to himself****: '****Well I'm damned****!' (192). Дает какой-то* ***сукин сын*** *червонец, я ему сдачи- четыре пять-десят... Вылез, сволочь! Ми нут через пять смотрю вместо* ***червонца бумажка*** *с* ***нарзанной бутылки****! -Туш шофер произнес несколько* ***непечатных слов****.-Другой за зубовской. Червонец. Даю сдачи три рубля. Ушел! Я полез в кошелек,* ***а оттуда пчела –тяп за палец!*** *Ах ты!..-Шофер опять вклеил* ***непечатные слова****, -а* ***червонца нету****. Вчера в этом варь ете* ***(непечатные слова)*** *какая-то гадюка фокусник сеанс с червон цами сделал* ***(непечатные слова).*** *Бухгалтер обомлел, с"ежился и сделал такой вид, как будто и самое слово "Варьете" он слышит впервые, а сам подумал:* ***„Ну и ну!.."****(109).*

Реторичко прашање: *E ç'punë kanë* ***djajtë në hotel****? Domethënë* ***as djaj s'paskeni*** *? (47)Что* ***делают дьяволы в отеле*** *? То есть, у вас даже нет дьявола?; What* ***the devils do in the hotel****? 'And the* ***devil doesn't exist either****, I suppose? (43). И* ***ѓаволош го нема****...-И го* ***поштврдуваше шоа дека го нема?***

